ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

ЗЛОСТОР И КАЗНА

ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

ЗЛОСТОР И КАЗНА

Наслов на оригиналот

Ф. М. ДОСТОЕВСКИЙ
ПРЕСТУПЛЕНИЕ И НАКАЗАНИЕ

Превел од руски
ДИМЧЕ БИЛЈАНОВСКИ

Лектура и коректура
ЛИЗА БАРСОВА
ЕЛИСАВЕТА БЕЖАНОВСКА

Ликовно обликување
ВОЈА МИЛИЌ

Уредувачки одбор
ВАСКО АНАСТАСОВ
СЛАВКО ЈАНЕВСКИ, претседател
БОЖИН ПАВЛОВСКИ
БРАНКО ПЕНДОВСКИ
ДУШКО ЦРВЕНКОВСКИ

Печат
Графички завод
„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Скопје

Ф. М. ДОСТОЕВСКИ

ЗЛОСТОР И КАЗНА

МИСЛА
МАКЕДОНСКА КНИГА
НАША КНИГА
КУЛТУРА
1980

ПРВ ДЕЛ

I

Во почетокот на јули, во извонредно жешко време, квечерина, еден млад човек излезе на улица од својата собичка, што ја држеше под наем кај жителите од С-ка уличка, и полека, нерешително, се упати кон К-в мост.

Тој успешно ја избегна средбата со својата станодавка на скалата. Неговата собичка се наоѓаше под самоти покрив на високата петкатна куќа и повеќе прилегаше на шифоњер, отколку на стан. Неговата станодавка, кај која беше пазарен и да руча и да користи нејзина послуга, живееше еден кат подолу, во одделен стан, и секогаш, кога ќе излегуваше на улица, тој бездруго мораше да минува покрај кујната на газдарицата, која речиси секогаш вратата ја држеше широм отворена. И секогаш младиот човек, поминувајќи покрај неа, чувствуваше некаков болен страв, од кој му беше срам и од кој се муртеше. Тој ѝ беше многу должен на станодавката и се плашеше од средбата со неа.

Не беше многу плашлив и збунет, дури напротив; од пред некое време тој беше раздразнет и во напрегната состојба, слична на хипохондрија. Толку се беше задлабочил во себе и живееше осамено, што се плашеше дури и од секоја средба, не само од средбата со станодавката. Него го мачеше сиромаштијата; но дури и таа во последно време престана да го измачува толку. Со своите секојдневни работи тој сосем престана да се занимава и не сакаше да се занимава со

ниѵ. Всушност, воопшто не се плашеше од станодавката, без обѕир што подготвуваше таа против него. Но да застанува на скалата, да слуша секакви глупости за секојдневни ситници, кои сега воопшто не го интересираа, сите тие настојувања да плати, заканувања, поплаки и притоа извлекувања, извинувања, лажења, – не, туку подобро е да шмугне некако како мачка под скалите и да скубне, за да не го ѵиди никој.

Впрочем, овој пат стравот од средбата со својата кредиторка дури и самиот го вчудовиди откако излезе на улица.

„Какво дело сакам да извршам а во исто време од какви ситници се плашам!“ си помисли со необична насмевка. „Хм... да... сѐ е во рацете на човекот, и сето тоа му бега од пред носот, само поради страшливоста... тоа е веќе аксиома... Интересно, од што се плашат најмногу луѓето? Од новиот чекор, од својот нов збор тие се плашат најмногу... Ах, впрочем, премногу дрдорам. Јас нема да сторам ништо, затоа што многу дрдорам. Впрочем, можеби е и така: дрдорам затоа што ништо не работам. Јас во последниов месец се научив да дрдорам, лежејќи по цели денови и ноќи во аголот и размислувајќи... за ланскиот снег. Добро, а зошто одам сега? Дали сум способен за *тоа?* Дали е *тоа* сериозно? Сосем не е сериозно. Така се тешам себеси само заради фантазија; играчки! Да, можеби тоа се играчки!“

На улицата беше премногу жешко и запуровина, мешаница, насекаде вар, дрвја, тули, прашина, и една посебна летна миризба, што му е толку позната на секој жител на Петербург, кој нема можност да изнајми некоја вила надвор од градот, – сето тоа наеднаш непријатно ги потресе и без тоа веќе растроените нерви на момчакот. Неподносливата миризба од крчмите, што во тој дел на градот ги има многу, и пијаниците, што поминуваа секој миг иако беше работно време, го дополнија одвратниот и тажен колорит на сликата. Чувство на длабоко гадење вчас светна во префинетите црти на младиот човек. Патем да речеме, тој беше забележливо убав, со прекрасни темни очи, темно рус, со повеќе среден раст, танок и виток. Но

наскоро западна во некаква длабока замисленост, дури, поточно речено, како во некаква збунетост, и тргна веќе без да ги забележува луѓето наоколу, а и не сакајќи да ги забележува. Само понекогаш си мрмореше нешто во себеси, поради својата навика за монолози, која сега самиот си ја призна. Овојпат и самиот сознаваше, дека неговите мисли одвреме-навреме се мешаат, и дека е физички многу слаб, веќе два дена како немаше ништо јадено.

Тој беше толку лошо облечен, што друг на негово место, дури и навикнат човек, би се посрамил денски да излезе во такви партали на улица. Впрочем, кварталот беше таков, што овде беше тешко да видиш некого облечен во костум. Близината на Сенскиот плоштад, изобилството на познати установи и претежно занаетчиското население, стеснето во тие средни петербуршки улички и сокаци, ја прошаруваа понекогаш општата панорама со такви субјекти, што беше чудно дури и да те изненади средбата со друга фигура. Но, толку злобен презир веќе беше насобран во душата на младиот човек, што без обѕир на сета негова, понекогаш многу млада чувствителност, тој на улица помалку од сѐ се срамеше од своите партали. Друга работа е кога ќе се сретне со некој познат или со поранешните другари, со кои воопшто не љубеше да се среќава . . . Меѓутоа, еден пијаница, кого којзнае зошто и каде го возеа во тоа време по улицата во огромна празна кола, во која беше впрегнат еден товарен коњ, наеднаш поминувајќи покрај него му викна: „Ej ти, германски клапуш!“ – и тоа викна до колку што го држеше гласот, покажувајќи го него со раката. Младиот човек наеднаш запре и загрижено се фати за својата шапка. Тоа беше висока тркалеста цимермановска паларија, но веќе сета износена, сосем измрсена, сета со дамки, без периферија и на најбезобразен начин искривена на главата. Но, не срам, ами некое сосем поинакво чувство, што повеќе личеше на исплашеност го обзеде целиот.

– Го знаев тоа! – мрмореше тој возбуден – така и си мислев! Ете го најлошото! Ете таква некоја глупост, некаква најпроста ситница може да ја расипе

сета замисла! Да, премногу забележлива е шапката... Смешна и поради тоа забележлива... Наспрема моите партали бездруго одговара каскет, макар и некоја стара погача, а не ваква грдотија. Никој не носи вакви, ќе те забележат уште од една врста, ќе те запаметат... Главно е потоа дека ќе те запаметат, и ете ти доказ. Тука треба да се биде колку што е можно понезабележлив... ситниците, ситниците се главни!... Ете, таквите ситници секогаш и расипуваат сè...

Немаше многу за одење; знаеше дури и колку чекори има од вратата на неговата куќа; точно седумстотини и триесет. Тој и ги изброи еднаш, тогаш кога беше многу потонат во мечтите. Во тоа време и самиот уште им веруваше на тие свои мечти и толку се дразнеше себеси со нивната безобразна, но соблазнувачка дрскост. Сега еден месец по тоа, тој веќе почна да гледа поинаку и без обѕир на сè пораздразнувачките монолози за сопствената бессилност и нерешителност, „безобразната" мечта некако дури и не сакајќи свикна да ја смета за потфат, иако сè уште самиот не се имаше уверено себеси. Тој дури сега одеше да прави *проба* на својот потфат, и со секој чекор неговата возбуда растеше сè повеќе и повеќе.

Со премрено срце и со нервна раздразнетост тој се доближи до огромната куќа која со едната страна излегуваше на каналот, а со другата – на улица. Таа куќа сета се состоеше од мали станови, и беше населена со секакви занаетчии – чевлари, дрводелци, готвачки, разни Германци, девојки, што живеат со своето тело, ситни чиновничиња и така натаму. Постојано влегуваа и излегуваа и протрчуваа низ обее врати и низ обата двора на куќата. Куќата имаше тројца или четворица вратари. Младиот човек беше многу задоволен, бидејќи не сретна ниеден од нив, и сега незабележано се измолкна низ вратата влево по скалата. Скалата беше споредна и тесна, „мрачна", но сето тоа веќе го знаеше и го имаше проучено, и тој распоред му се допаѓаше: во таква темница дури и љубопитниот поглед беше безопасен. „Штом се плашам сега, што ќе биде ако навистина некогаш се случи да дојде до са-

мото *дело?...*“ си помисли тој и не сакајќи, откако дојде на четвртиот кат. Овде му го попречија патот ислужени војници-амали, кои изнесуваа мебел од еден стан. Отпорано знаеше, дека во тој стан живее еден Германец, чиновник, со својата фамилија: „Изгледа, Германецот сега го напушта станот, и, веројатно, на четвртиот кат, по оваа скала и на ова одмориште, за некое време ќе остане зафатен само станот на старицата. Тоа е добро... За секој случај“... – си помисли тој пак и фати да ѕвони на станот од старицата. Ѕвончето задрнка слабо, како да беше направено од ламарина, а не од бронза. Во сличните мали станови на таквите домови речиси сите ѕвончиња се такви. Веќе го заборави звукот на тоа ѕвонче и сега тој посебен звук како наеднаш да го потсети и да му претстави нешто... Тој затрепери, толку му ослабнаа нервите овојпат. Не помина многу време и вратата се подотвори колку една мала пукнатина: станарката зиркаше од пукнатината во дојдениот со очигледна недоверба, се гледаа само нејзините светкави очи во темнината. Но, бидејќи на одмориштето виде многу луѓе, таа се охрабри и отвори сосем. Младиот човек го мина прагот и влезе во темното претсобје, преградено со завеса, зад која се наоѓаше тесна кујна. Старицата стоеше пред него молчејќи и прашално го гледаше. Таа беше слабичка, испиена старичка, на шеесетина години, со остри и лоши очи, со мал остар нос и гологлава. Русикавите, веќе малку побелени коси, ѝ беа намачкани со многу масло. На нејзиниот танок и долг врат, што прилегаше на кокошкина нога, имаше завиткано некаква фланелна крпа, а на рамениците, иако беше топло, ѝ се ширеше веќе искубаната и пожолтена крзнена јака. Старичката постојано поткашлуваше и шиштеше. Младиот човек изгледа ја погледна со некаков посебен поглед, поради што и во нејзините очи наеднаш ја сретна преѓешната недоверливост.

– Јас сум Раскољников, студент, бев кај вас пред еден месец, – побрза да измрмори младиот човек правејќи мал поклон и сеќавајќи се дека треба да биде пољубезен.

– Паметам, баќушка, многу добро паметам, дека бевте кај мене, – јасно проговори старицата сè уште не тргнувајќи ги своите прашални очи од неговото лице.

– Па, ете, така . . . јас пак, за иста работичка . . . – продолжуваше Раскољников, малку збунет и чудејќи се поради недоверливоста на старицата.

„Впрочем, таа можеби и секогаш е таква, а јас досега не сум го забележал тоа“ – си помисли тој со непријатно чувство.

Старицата помолчи, како да размислува, потоа се тргна настрана, и откако покажа кон вратата на собата, пуштајќи го гостинот пред себе рече:

– Влезете, баќушка.

Малечката собичка, во која влезе младиот човек, со жолти тапети, со герании, и со басмени завеси на прозорците, тогаш беше силно осветлена од зраците на зајдисонцето. „И *тогаш,* изгледа, исто така, ќе свети сонцето! . . .“ некако неочекувано му светна во умот на Раскољникова, и набрзина разгледа сè во собата, за да може да проучи и да го запамети распоредот на сè. Но во собата немаше ништо посебно. Мебелот, сиот многу стар и од жолто дрво, се состоеше од канабе, тркалеста маса со овални нозе што стоеше пред канабето, тоалет со огледалце покрај ѕидот, столови – два-три покрај ѕидот, евтини сликички во жолти рамки, што прикажуваа германски госпоѓици со птици во рацете, – тоа беше сиот мебел. Во аголот пред една мала икона гореше кандило. Сè беше многу чисто: и мебелот, и подот беа истриени до светнување; сè блестеше. „Лизабетина работа“, си помисли младиот човек. Ни прашинка не можеше да се најде во целиот стан. „Кај лошите и стари вдовици секогаш е толку чисто“, продолжуваше да си зборува во себе Раскољников, и со љубопитство се загледа во басмената завеса пред вратата во втората малечка собичка каде што се наоѓаше постелата на старицата и една комода, во која тој уште немаше ѕирнато. Сиот стан се состоеше од тие две соби.

– Што сакате? – строго рече старичката, влегувајќи во собата и како порано застанувајќи пред него, за да го гледа право во лицето.

– Донесов залог, еве – и тој измолкна од џебот еден стар сплескан сребрен часовник. На задната страна од часовникот имаше нацртано глобус. Синџирчето беше челично.

– Па му мина рокот и на стариот залог. Некни направи еден месец.

– Ќе ви донесам камата уште за еден месец; стрпете се.

– Баќушка, од мојата волја зависи дали ќе се стрпам, или вашиот предмет веќе ќе го продадам.

– А колку за часовников, Алјона Ивановна?

– Ми носиш ситници, баќушка, верувај, не вреди ништо. Минатиот пат за прстенот ви дадов две банки, а него нов можеш кај златар да го купиш за половина рубља.

– Дајте четири рубли, јас ќе го откупам, од татко ми е. Скоро ќе добијам пари.

– Рубља и пол и каматата однапред, ако сакате.

– Рубља и пол! – викна младиот човек.

– Како што сакате. – И старицата му го подаде назад часовникот. Младиот човек го зеде и толку се налути, што веќе сакаше да си оди, но вчас се премисли, откако се сети, дека веќе нема што да прави и дека е дојден и за нешто друго.

– Дајте! – рече тој грубо.

Старицата ја пикна раката во џебот по клучовите и влезе во другата собичка зад завесите. Младиот човек, кога остана сам во собата, љубопитно наслушнуваше и споредуваше. Слушаше како таа ја отклучува комодата. „Треба да е горната фиока“, определуваше тој. „Клучевите, веројатно, ги носи во десниот џеб . . . сите клучеви се заедно, на челична алка . . . А меѓу нив еден клуч е трипати поголем од сите, со запчеста брадичка, и, сигурно, тој не е од комодата . . . Веројатно таа има уште некој сандак . . . Ете тоа е интересно. Сите сандаци имаат такви клучеви . . . А впрочем, колку подло е сето тоа . . .“

Старицата се врати.

– Еве, баќушка: ако сметаме по гривеник на месец за една рубља, тогаш, за рубља и пол ќе пресметаме петнаесет копејки за еден месец однапред. Или за поранешните две рубли вам ќе ви пресметаме заедно однапред дваесет копејки. А вкупно, треба да биде триесет и пет. Сега излегува дека за вашиот часовник треба да добиете рубља и петнаесет копејки, еве, примете.

– Како! Значи, сега рубља и петнаесет копејки!

– Точно така.

Младиот човек не се расправаше и си ги зеде парите. Тој гледаше во старицата и не брзаше да си оди, како да сакаше да рече или да стори уште нешто, но како и самиот да не знаеше што всушност . . .

– Аљона Ивановна, јас деновиве можеби ќе ви донесам уште една работа . . . една сребрена . . . убава . . . табакера . . . само да ми ја врати пријателот . . . – тој се збуни и замолчи.

– Добро, тогаш ќе разговараме, баќушка.

– Простете . . . А вие постојано ли сте сама дома, немате ли сестричка? – праша тој, колку што беше можно послободно, излегувајќи во претсобјето.

– А, зошто ви е таа, баќушка?

– Ништо посебно. Само така прашав. Значи, вие сега . . . Збогом, Аљона Ивановна.

Раскољников излезе многу збунет. Таа збунетост стануваше сè поголема и поголема. Слегувајќи по скалите, тој неколкупати дури и подзастануваше, како да беше ненадејно вчудовиден од нешто. И, најпосле, веќе на улица, тој викна:

„О, господи! Колку одвратно е сето тоа! И зар јас, зар јас . . . не, тоа е срамно, тоа не е убаво! – додаде тој решително. – И како можеше да ми дојде во главата таков ужас? За каков гнас е способно, значи, моево срце! Пред сè тоа е: гнасно, пакосно, гадно, гадно! . . . А јас, цел месец . . .“

Но тој не можеше својата возбуда да ја изрази ни со зборови, ни со извици. Чувството на бескрајна одвратност, што започнуваше да го измачува и да му го

возбудува срцето уште тогаш кога одеше кај старицата, сега веќе достигна такви размери и стана толку јасно, што тој не знаеше што да прави од мака. Одеше по тротоарот како пијан, не забележувајќи ги минувачите и судирајќи се со нив, и се созеде дури во следната улица. Откако се обзрна, тој забележа, дека се наоѓа покрај крчма, во која се влегуваше откај тротоарот по скали што слегуваа надолу, во сутеренот. Од вратата, тогаш, во тој миг двајца пијани, држејќи се еден со друг и пцуејќи, излегуваа на улица. Без да размислува многу. Раскољников веднаш се спушти по скалите. Досега воопшто не влегол во крчма, но сега му се вртеше главата, а покрај тоа, го измачуваше голема жед. Тој посака да се напие студено пиво, дотолку повеќе што својата ненадејна исцрпеност, му ја припишуваше и на тоа дека беше гладен. Седна во еден темен и нечист агол, на една леплива масичка, порача пиво и жедно ја испи првата чаша. Наеднаш како да му олесни и мислите му се разбистрија. „Сето тоа е глупост“, си рече тој со надеж, „тука немаше зошто да се возбудувам! Просто физичко растројство! Само една чаша пиво, парче двопек, – и, еве, во еден миг, се разведрува умот, се разјаснува мислата, се зацврстува намерата! Пу, колку ништожно е тоа! . . .“ Но без обзир на тоа презриво плукање, веќе гледаше весело, како наеднаш да се ослободи од некакво ужасно бреме, и пријателски се загледа во присутните. Но дури и во тој миг нејасно претчувствуваше дека сета таа наклоност кон подобро, беше исто така нездрава.

Во крчмата тогаш беа останале малку луѓе. По двајцата пијани, што ги сретна на скалата, наеднаш излегоа цела толпа од пет луѓе со една девојка и со хармоника. Откако си отидоа тие, стана тивко и широко. Останаа: еден напиен, но не многу, што седеше со чаша пиво, навидум граѓанец; неговиот другар, дебел, огромен, во сибирка[1]) и со белузлава брада, многу пијан, задреман на клупата, одвреме навреме

---

[1]) Зимско палто со набори.

наеднаш се разбудуваше, пукнуваше со прстите, раширувајќи ги рацете, и потскокнувајќи со горниот дел од телото, но така што без да станува од клупата, и потпевнуваше нешто како песна присилувајќи се да се сети за стиховите:

Целата година жена милував,
це-ла година же-на ми-лу-вав . . .

Потоа пак, откако ќе се разбудеше, започнуваше:

Минав по Подјачевска
ја најдов мојата поранешна . . .

Но никој не ја делеше неговата среќа; неговиот молчалив другар сите тие изливи ги примаше непријателски и со недоверба. Тука имаше уште еден човек, што прилегаше на отпуштен чиновник. Седеше сам, пред својата чаша, одвреме-навреме потпивнуваше и разгледуваше наоколу. Тој, исто така, беше некако возбуден.

II

Раскољников не беше навикнат на многу луѓе и, како што веќе рековме, избегнуваше секакво друштво, особено во последно време. Но сега некако наеднаш почувствува потреба од луѓе. Во него како да се случуваше нешто ново, и притоа тој почувствува некаква жед за луѓе. Толку беше уморен во последниот месец од својата постојана мака и од мрачната возбуда, што макар една минута посака да воздивне во поинаков свет, без обѕир каков е тој, и, без обѕир на нечистотијата наоколу, сега со задоволство остана во крчмата.

Крчмарот седеше во другата соба, но често влегуваше во главната, слегувајќи оттаму по некакви скали, при кое најпрвин се покажуваа неговите фодулски светнати чевли со големи црвени врвци. Тој имаше на себе палто и многу нечист црн атласен елек, немаше вратоврска, а сето лице му беше намачкано со масло, како железна брава. Зад шанкот се наоѓаше момче на четиринаесетина години, а едно друго по-

младо момче ги носеше порачките. На шанкот имаше расечени краставици, црн двопек и риба исечена на парчиња; сето тоа многу смрдеше. Беше задушно, така што дури и не се седеше, и сè беше до таа степен заситено со вински пари, што се чинеше дека и од самиот воздух за пет минути човек може да се опијани.

Има средби, дури и со сосем непознати луѓе, што го предизвикуваат нашето интересирање, уште со првиот поглед, некако наеднаш, ненадејно, уште пред да речеме збор. Точно таков впечаток му остави на Раскољников гостинот што седеше подалеку од него и што прилегаше на отпуштен чиновник. Младиот човек потоа неколкупати се присетуваше за тој свој прв впечаток и дури му го припишуваше на своето претчувство. Тој непрекинато погледнуваше во чиновникот, и поради тоа што и овој упорно сè гледаше во него, и беше јасно, дека сака да заврзе разговор. Во другите, што се наоѓаа во крчмата, не исклучувајќи го ни крчмарот, чиновникот гледаше некако обично и дури со здодевност, а покрај тоа и со сенка на некакво надмено пренебрегнување, како во луѓе со пониска положба и развиток, со кои нема зошто да зборува. Тој беше човек на педесетина години со среден раст и цврсто граден, со белузлава коса и голема ќела, со отечено и жолто дури зеленикаво лице, поради постојаното пијанство, и со надуени јаболчници, зад кои светеа малечки, како пукнатинки, но одушевени црвеникави очички. На него имаше нешто многу чудно; во неговиот поглед како да светеше дури и свеченост, – можеби имаше и ум и разум, – но во исто време се распознаваше и некакво безумство. Тој беше облечен во стар, сосем ветов црн фрак, со испокинати копчиња. Имаше само едно копче и со него беше закопчан, очигледно сакајќи да изгледа прилегано. Под елекот од нанкинг sиркаше градник, сиот истуткан, извалкан и испрскан од јадење. Лицето му беше избричено, по чиновнички, но одамна, така што веќе беше почнала да му избива сива брада. И во манирите имаше нешто навистина солидно чиновничко. Но тој беше неспокоен, ги бушавеше косите и одвреме-на-

време со обете раце во маката си ја потпираше главата, ставајќи си ги искинатите лакти на влажната и леплива маса. Најпосле, тој прво го погледна Раскољников и гласно и цврсто проговори:

– Ќе смеам ли, милостив господару, да ви се обрнам со прилеган разговор? Иако вие немате важен изглед, моето искуство открива во вас образован човек што не е навикнат на пиење. Самиот секогаш сум ја почитувал образованоста, соединета со срдечни чувства, а, покрај тоа, јас сум титуларен советник. Мармеладов – тоа ми е презимето; титуларен советник. Ќе се осмелам да дознам, дали вие сте биле некогаш службеник?

– Не, учам . . . – одговори младиот човек, зачуден делумно од посебно накитените зборови, а делумно и од тоа што толку директно му се обрна нему. Без обѕир на неодамнешната моментна желба за друштво со каков и да било човек, тој уште на првиот навистина нему упатен збор, наеднаш го сети вообичаеното непријатно и раздразливо чувство на одвратност кон секое туѓо лице, што се допира или што посакува да се допре до неговата личност.

– Студент си, значи, или бивш студент! – викна чиновникот, – така и си мислев! Искуство, милостив господару, многукратно искуство! – и како да се фали тој си го стави прстот на челото. – Сте биле студент или сте имале работа со учени луѓе! А дозволете . . . – тој стана, се затетерави, си ја зеде чашата, и приседна покрај младиот човек, малку косо од него. Тој беше пијан, но зборуваше гласно и разбирливо, одвременавреме само збунувајќи се и пелтечејќи. Тој му се нафрли на Раскољников дури и со некаква жедост, како цел месец, исто така, да не зборувал со никого.

– Милостив господару, – почна тој речиси свечено, – сиромаштијата не е порок, тоа е вистина. Јас знам дека и пијанството не е добродетел, особено пијанството. Но, голтарството, милостив господару, голтарството – е порок. Во сиромаштијата вие уште го чувате вашето благородство од непријателски чувства, во голтарството, пак, никогаш и никој. Голтарството

го тераат од човечкото општество не со стап, туку со метла, за да биде уште понавредливо; и праведно е, зашто во голтарството првин јас самиот се навредувам себеси. Оттука и пиењето! Милостив господару, пред еден месец, мојата сопруга ја натепа господин Лебезјатников, а мојата сопруга не е тоа што сум јас! Сфаќате ли? Дозволете уште да ве прашам, така просто од љубопитство, дали сте повелиле да ноќевате на Нева, на чуновите за сено?

– Не, не ми се случило, – одговори Раскољников. – А зошто?

– Па, јас оттаму доаѓам, веќе петта ноќ . . .

Тој си ја наполни чашката, ја испи и се замисли. Навистина, на неговата облека, па дури и на косата, понекаде можеше да се видат влакна сено. Многу беше веројатно тој пет дена веќе да не се слекол и не се измил. Рацете му беа посебно нечисти, мрсни, црвени, со црни нокти.

Неговиот разговор, се чинеше, предизвика општо, иако мало внимание. Момчињата на шанкот фатија да се смеат. Крчмарот, изгледа, нарочно слезе од горната соба, за да го слуша „забавувачот", и седна понастрана, мрзливо, но важно прозевајќи се. Очигледно, Мармеладов овде беше одамна познат. А и наклоноста кон украсување на зборот ја беше придобил, веројатно, поради навиката на чести разговори по крчмите со различни непознати луѓе. Таа навика кај некои пијаници се претвора во потреба и тоа првенствено кај оние, со кои дома се однесуваат строго и со кои се подбиваат. Поради тоа, во друштво со пијани луѓе тие секогаш се стремат да си издејствуваат оправдување, а ако е можно, дури и почит.

– Забавувач! – гласно проговори крчмарот. – А зошто не работиш, зошто не служиш, како чиновник?

– Зошто не служам, милостив господару? – прифати Мармеладов, обрнувајќи му се само на Раскољников, како тој да му го постави прашањето, – зошто не служам? Зарем не ме боли срцето поради тоа што се лигавам овде? Кога господин Лебезјатников, пред еден месец, со свои раце ја истепа мојата сопруга, а јас лежев пијан, да не мислите дека не страдав? До-

зволете, млад човеку, дали ви се случувало . . . хм . . . да, да барате пари на заем безнадежно?

– Ми се случувало . . . тоест како тоа безнадежно?

– Тоест, сосем безнадежно, однапред знаете, дека од тоа нема да излезе ништо. Еве вие, на пример, однапред и со сигурност знаете дека овој човек, овој најимашлив и најполезен граѓанин, по никоја цена нема да ви даде пари, а јас прашувам и зошто и да ми даде? Бидејќи тој знае дека нема да ги вратам. Поради сожалување? Но господин Лебезјатников кој ги следи новите мисли, некни ми објасни дека во наше време сочувствувањето дури и со науката е забрането, и дека така се прави дури и во Англија, каде што е политичката економија. Зошто, прашувам јас, зошто да ви даде? И, ете, знаејќи однапред, дека нема да ви даде, вие сепак одите таму и . . .

– А зошто да одам таму? – додаде Раскољников.

– Ако немате кај кого, ако веќе не знаете каде да одите! Би требало секој човек да може да оди некаде. Зашто понекогаш ти доаѓа да мораш да одиш каде и да било. Кога мојата единица ќерка првпат отиде со жолта книшка, е тогаш јас отидов . . . (зашто мојата ќерка живее со жолта книшка, господине . . .) – додаде тој патем, некако заплашено гледајќи во момчакот. – Ништо, господине, ништо! – побрза веднаш да изјави очигледно мирен, кога двајцата луѓе зад преградата се раскикотија, а и самиот крчмар се насмеа. – Ништо, господине! Не ме буни што климаат со главите, зашто тоа веќе сите го знаат, и секоја тајна се открива; и сето тоа јас не го гледам со презир, туку смирено. Добро! Добро! „И тоа ми е човек!“ Ве молам, момче, можете ли вие . . . но не, тоа треба да се искаже посилно и посликовито; значи, не е добро: можете ли вие, туку дали се осмелувате вие, гледајќи ме сега мене, да кажете и да потврдите, дека јас не сум свиња?

Момчакот, не рече ни збор.

– Ама господине, – продолжи говорникот сериозно и секако со уште посилно достоинство, откако попричека малку, за да престане кикотењето, кое пак се слушна во собата. – Добро, па дури и да сум свиња,

а таа нека биде дама! Јас имам животински лик, а Катерина Ивановна, мојата сопруга е образована личност и од раѓањето офицерска ќерка. Дури и да сум подлец, а таа и има високо срце и полна е со чувство облагородено од воспитувањето. А сепак... само таа да ми се сожали! Господине мој, господине, та секој човек треба да има барем едно место, каде што и него ќе го жалат! А Катерина Ивановна вистина е великодушна дама, но е неправедна. Вистина, знам и самиот, дека таа, и кога ми ја скубе ќелата, ја скубе само затоа што ме жали од срце, (затоа што таа мене, повторувам од жалење, ми ја скубе ќелата, момче, – потврди тој со двојно поголемо достоинство, кога повторно слушна кикотење), но, жити бога, барем еднаш... но не! Не! Сево ова е напразно, и не вреди да се зборува!... зашто веќе често се случувало, како што сакам, и често веќе ме жалеле, но... таква е веќе мојата нарав, јас сум роден скот!

– Секако, – додаде крчмарот прозевајќи се.

Мармеладов силно удри со тупаница по масата.

– Таква ви е мојата нарав! Знаете ли, знаете ли вие, господине мој, дека јас ги испив и нејзините чорапи? Не чевлите, зашто тоа донекаде би било во редот на нештата, туку чорапите, чорапите нејзини ги испив. Нејзиниот шал од козји влакна, исто така, го испив, иако порано ѝ го подарив, тој беше нејзин, а не мој; а живееме во студено дувло и таа зимоска настина и фати да кашла, веќе фрла и крв. Имаме три дробни дечиња, а Катерина Ивановна работи од утро до мрак, трие и пере и ги мие децата, зашто е навикната на чистота од мали години, а има слаби гради и е склона кон туберкулоза, а јас го чувствувам тоа? Зарем не го чувствувам? И колку повеќе пијам, толку посилно чувствувам. Пијам, зашто во пијачката барам сожалување и сочувство... пијам, зашто сакам двојно повеќе да страдам!

И тој ја наведна главата на масата како во очај.

– Момче, – продолжи тој, исправајќи се пак, на вашето лице читам некаков јад. Штом влеговте, го прочитав и затоа веднаш ви се обрнав вам, зашто кога ви ја кажувам историјата на својот живот, немам

намера да се посрамувам себеси пред овие безделници кои и така знаат сè, ами барам чувствен и образован човек. Знаете, значи, дека мојата сопруга е воспитана во отмен губерниски благороднички институт, а при завршувањето играла пред губернаторот и пред други личности, па затоа добила златен медал и пофалница. Медалот . . . да, медалот го продадовме . . . веќе одамна . . . хм! . . . пофалницата и денеска ѝ се наоѓа во сандакот и до неодамна ѝ ја покажуваше на газдарицата. Вистина, таа со газдарицата постојано се кара, но сакаше барем пред некого да се пофали и да раскажува за своите некогашни среќни денови. И не ја кудам, не ја кудам, зашто само тоа ѝ преостана во спомените, а сè друго исчезна без трага! Да, да, жестока дама, горда и непокорна. Самата го мие подот и живее со црн леб, но не дозволува да биде непочитувана. Затоа, и на господин Лебезјатников му замери поради неговата простота, а кога господин Лебезјатников поради тоа ја натепа легна в постела, но не толку од тепањето, колку од повреденото чувство. Ја зедов како вдовица, со три деца, сите кое од кое помали. За првиот маж, за пешадискиот офицер, беше отишла од љубов и поради него ја напуштила родителската куќа. Прекумерно го сакала својот маж, но тој фатил да се коцка, па дошол под суд, и така умрел. Пред крајот на животот и ја тепал; вистина, таа не му простувала за тоа, кое јас го знам во подробности и документирано, но и денеска се сеќава за него со солзи во очите и мене ме прекорува со него, а јас го сакам тоа, го сакам, зашто таа барем во фантазијата ја гледа својата некогашна среќа . . . По него таа остана со три малолетни деца во една далечна дива околија, каде што јас тогаш бев, и остана во таква очајна голотија, што не знам ни да ја опишам, иако сум видел различни случаи. А роднините сите се откажаа од неа. А и горда беше, премногу горда . . . и, ете, тогаш, господине мој, тогаш јас, кој, исто така, бев вдовец и имав четиринаесетгодишна ќерка од првата жена, ја побарав за жена неа, зашто не можев да ја гледам толкавата неволја. Размислете и самиот во каква беда беше западната, кога таа, образована, и

убаво воспитана, со познато име, се согласи да се омажи за мене. Но се омажи! Плачеше и липаше и рацете си ги кршеше, но се омажи! Зашто не знаеше ни каде да оди ни што да прави... Разбирате ли вие, разбирате ли вие, годподине, што значи тоа, кога немаш веќе каде! Не! Вие уште не го разбирате тоа... и цела една година својата должност ја вршев чесно и свето и не го гибнав ова (тој покажа со прстот во чашата), зашто јас имам чувство. Но, ни со тоа не можев да ѝ угодам. Потоа ја изгубив службата, но пак не по своја вина, ами ги променија прописите, и сега фатив да пијам!... ќе има година и пол како, најпосле, по лутање и недобројни неприлики, пристигнавме во оваа убава престолнина, украсена со недобројни споменици. И тука јас добив служба... Добив и пак ја изгубив. Сфаќате ли? Сфаќате ли? Сега ја изгубив по своја вина, зашто дојде до израз мојот ќуд... Сега живееме во дувло, кај газдарицата Амалија Фјодоровна Липевехзел, а од што живееме и со што плаќаме не знам. Таму живеат и многу други, покрај нас... Тоа е Содома на најбезобразни... хм!... да... А дотогаш порасте и ќерка ми од првата жена, а колку таа, мојата ќерка, страдаше од маќеата, додека растеше, тоа подобро да го премолчам. Зашто Катерина Ивановна, иако е полна, преполна со највеликодушни чувства, таа е жестока и огорчена и знае да искара... Да господине! Но зошто да го спомнувам и тоа! Како што можете и да си замислите, Соња немаше никакво воспитание. Се обидов пред четири години, да ја минам со неа географијата и светската историја, но бидејќи ни самиот не бев посебно вешт, а и нема згодни прирачници за тоа, зашто какви се тие книги, што ги имав... хм! Но, веќе ги нема ни тие книги, па така заврши сета наука. Застанавме кај Кир Персиски. Тогаш таа, кога веќе порасна, прочита неколку книги романи, и неодамна, благодарение на господин Лебезјатников една книга, филозофија од Левес[1]) можеби ја знаете? – ја прочита

[1]) Се мисли на „Физиологија на секојдневниот живот“ од Георг Левес, каде што се популаризираат идеите на позитивизмот.

со големо интересирање. Дури и нам ни прочита на глас некои одломки: ете, тоа ви е сета нејзина образованост. А сега јас ви се обрнувам вам, господине, сам од себе, со приватно прашање: дали може, според вашето мислење, многу да заработи сиромашна а чесна девојка со чесна работа? . . . Петнаесет копејки на ден, господине, таа нема да заработи, ако е чесна и ако нема особена дарба, а и тука мора арно да запне! Па потоа државниот советник Клопсток, Иван Иванович – можеби сте слушнале за него? Не само што до денеска нема платено за шиењето на половина дузина холандски кошули, ами уште и ја навреди и истера, затупка со нозете и ја нарече со погрдно име, зашто, божем, јаката на кошулата не била сошиена по мерата, а, освен тоа, и косо. А таму дечињата гладуваат . . . А Катерина Ивановна шетка по собата, си ги крши прстите, а по образите ѝ избиле црвени дамки, како што обично се случува при таа болест. „Живееш, – вели, – кај нас, ти небиднице, јадеш и пиеш и се грееш“, а баш многу јаде и пие, кога ни децата немаат по три дена корка леб. Тогаш јас лежев . . . добро, па што? лежев пијан како земја и слушав како зборува мојата Соња (таа е покорна и има многу кротко гласче . . . страшливка е таа, лицето постојано ѝ е бледо, мршаво) вели: „Што, Катерина Ивановна, зарем јас да се фатам со таква работа?“ А Дарја Францовна, лоша жена, и на полицијата предобро позната, трипати веќе се распрашувала кај господарката. „Па што, – одговара Катерина Ивановна подбивно, – а зошто да се чува? Тоа е богатство?“ Но немојте да ја обвинувате, немојте да ја обвинувате, милостив господине, не обвинувајте ја? Тоа не е изречено при здрав ум, туку во возбуда, во болест и при плачењето на гладните деца, а и речено е повеќе заради навреда, отколку во вистинската смисла . . . зашто Катерина Ивановна веќе има таков карактер, па штом ќе се расплачат децата, макар и од глад, таа веднаш почнува да ги тепа. И гледам јас некако во шест часот, стана Соњичка, се забради со шамијата, го облече мантилот и отиде надвор, а се врати во девет часот. Дојде и право кај Катерина Ивановна, па мол-

чејќи остави на масата триесет сребрени рубли. Не рече ни збор, ниту се загледа во некого, туку ја зеде нашата голема, зелена полуплатнена шамија (имаме ние таква заедничка полуплатнена шамија) ја покри со неа целата своја глава и лицето и легна на постелата, лицето си го сврти кон ѕидот и само ѝ трепереа рамениците и целото тело . . . а јас, како и пред малку само лежам таков . . . и видов јас тогаш, момче, видов, како Катерина Ивановна, исто така, без ниеден збор, пристапи кон постелката на Соњичка и целата нок преклечи до нејзините нозе, ѝ ги бацуваше нозете и не сакаше да стане, а потоа двете заспаа заедно, прегрнати . . . двете . . . двете . . . а јас . . . лежев пијан како земја.

Мармеладов замолкна, како да му се прекина гласот. Потоа наеднаш брзо си ја наполни чашата, ја испи и застенка.

– Оттогаш, господине, – продолжи тој по малку молчење – оттогаш поради една немила згода и поради пријавата од страна на злобниот свет, за која особено помогна Дарја Францовна, божем затоа што не сме ѝ искажувале почит, која ѝ припаѓа, – оттогаш мојата ќерка Софја Семјоновна, мораше да земе жолта книшка, па поради тоа веќе не можеше да остане кај нас. Бидејќи ни господарката Амалија Фјодоровна не сакаше да дозволи, (а порано и самата ѝ помагаше на Дарја Францовна) па и господин Лебезјатников . . . хм! . . . поради Соња и се случи она меѓу него и Катерина Ивановна. Отпрвин самиот се вртка околу Соњичка, а потоа наеднаш: „Зошто, вели, јас ваков образован човек, да живеам во еден стан со таква и таква?“ А Катерина Ивановна не дозволува, ами брани . . . па така и дојде до она . . . сега Соњичка ни доаѓа најмногу квечерина, ѝ помага на Катерина Ивановна и носи, колку што може . . . Живее кај шивачот Капернаумов, кај нив има стан, а Капернаумов е куц и пелтечав и сета негова неброена фамилија е пелтечава. И жена му пелтечи . . . живеат во една соба, а Соња има за себе соба со преграда . . . хм! . . . да . . . гола сиромаштија и пелтечи . . . да . . . Тогаш штом станав изутрината, си ги облеков парталите, ги

дигнав рацете кон небото и тргнав кон неговата превозвишеност Иван Афанасјевич. Неговата превозвишеност Иван Афанасјевич го познавате?... Не го познавате? Добро, тогаш не познавате светец! Тој е восок... восок пред лицето господово... како што се топи восокот!... И се расплакаа вистина, откако повелија да слушнат сè. „Добро, – вели, – Мармеладове, еднаш ти веќе ги изневери моиве надежи... ќе те земам уште еднаш на своја лична одговорност“ – така рекоа, – „памети, – ми вели, – оди!“ Му го бацив правот под незете, во мислите, а, всушност, тоа ни тој не би го дозволил, зашто се достоинствени и човек со нови државни и образовни мисли; се враќам дома, а кога реков дека пак сум примен во служба и дека добивам плата, господи, што беше тогаш...

Мармеладов застана пак силно возбуден. Во тој миг од улицата влезе цела чета пијаници, веќе и сега пијани, а од вратата екна свирката на изнајмен вергл и детско, пискливо, седумгодишно гласче кое ја пееше „Хуторок“. Настапи врева. Крчмарот и послугата се зафатија со новодојдените. Мармеладов, пак, и не обзирајќи се на нив, продолжи да раскажува. Се чинеше дека веќе е многу изморен, но колку посилно се опиваше, толку позборлив стануваше. Спомените за неодамнешниот успех во службата како да го оживија и, секако, му се одразија на лицето со некаков блесок. Раскољников го слушаше внимателно.

– Тоа беше, господине, пред пет недели... да... штом дознаа тие двете, Катерина Ивановна и Соњечка, господи јас како да се преселив во царството божје. Понекогаш лежев како мрша и само пцости се слушаа, а сега се движеа на прсти, ги смируваа децата. „Семјон Захарич се уморил во службата, се одмара, пст?“ Ми даваа кафе пред службата, вареа шуруп? Вистински шуруп почнаа да набавуваат, слушате ли? А од каде скрпија пари за пристоен мундир, единаесет рубли и педесет копејки, не знам. Чевли, прекрасни градници од памучно платно, обичен мундир, сè за единаесет и пол рубли скрпија, тие најубавите. Утредента, се враќам јас првпат од работа, гледам: Катерина Ивановна приготвила две јадења, супа и суво

месо со рен, за кое досега не сме ни сонувале. Таа нема никакви фустани . . . сосем никакви, а сега се дотерала како за на гости, се облекла, и тоа не како било, зашто тие знаат од ништо да создадат сè: се исчешлале, па некакви чисти јаки, манжетни и, ете, сосем друга личност, се подмладила, се разубавила. Соњичка, гулапчето мое, помогна само со парите, а мене самата, вели, не ми прилега сега да доаѓам кај вас често, освен квечерина за да не ме види никој. Слушате ли, слушате ли, дојдов јас попладне за да предремам, а што мислите, Катерина Ивановна не можеше да издржи: до пред една недела жестоко се караше со газдарицата, со Амалија Фјодоровна, а сега ја покани на филџан кафе. Два часа преседоа и постојано шепотеа: „Семјон Захарич сега е во служба и добива плата, и самиот отишол кај неговата превозвишеност, а превозвишениот излегол самиот, им наредил на сите да чекаат, а Семјона Захарича пред сите го одвел за рака во кабинетот". Слушате ли, слушате ли? „Јас, се разбира, – вели, – се сеќавам за вашите заслуги, Семјоне Захарич, и макар што вие се држевте за таа лекомислена слабост, сега давате збор, а освен тоа, кај нас кон лошо тргнаа работите без вас (слушате ли, слушате ли?), затоа, – вели, – јас сега ви верувам и се надевам во вашиот чесен збор", а, ви велам, сето тоа го исцица од прстите, но дали поради лекомисленост, или само за да се пофали? Не, господине, туку самата верува во сè, со сопствените зборови се теши себеси, жими бога? И не ѝ се лутам; не, не ѝ се лутам за тоа! . . . А кога пред шест дена мојата прва плата дваесет и три рубли и четириесет копејки ја донесов целосна ме нарече „чедо мое". И насамо, разбирате ли? Ех, јас сум ти некаков убавец и на изглед згоден маж. Но што да правиш, таа ме штипна за образот и рече: „чедо мое!".

Мармеладов застана, сакаше да се насмевне, наеднаш му затрепери подбрадокот. Но сепак се стаписа. Крчмата, развратниот лик, петте ноќи на чуновите со сено и шишенцето, а воедно болната љубов спрема жената и семејството го збунуваа неговиот

слушател. Раскољников го слушаше напрегнато, но со болно чувство. Му беше одвратно што намина овде.

– Милостив господине, милостив господине? – викна Мармеладов, откога дојде на себеси – ох господине, вам можеби ви е смешно сево ова, како и на другите, па само ве вознемирувам со глупоста на сите тие бедни ситници од својот домашен живот. Но мене не ми е до смеење! Зашто јас сето тоа можам да го чувствувам . . . И целиот тој рајски ден на мојот живот и целата таа ноќ јас ги минав во живи мечтаења; т.е. дека јас сето тоа ќе го уредам, и дека ќе ги облечам децата, и неа ќе ја смирам, и единицата ќерка ќе ја вратам од срамот во пазувите на семејството . . . и многу, многу . . . тоа се простува, господине. Да, господине, (Мармеладов наеднаш некако затрепери, ја дигна главата и го управи погледот во својот слушател), да, но утредента по сите тие мечтаења (т.е. токму пред пет дена, вечерта јас како ноќен крадец вешто ѝ го украдувам на Катерина Ивановна клучот од сандакот, го вадам она што преостанало од донесената плата, не се сеќавам уште колку имаше, и, еве, погледајте ме, сè изгори! Петти ден веќе не сум дома, а таму ме бараат, и службата заврши, и мундирот го оставив во крчмата кај Египетскиот мост, а во замена за него ја добив оваа облека . . . и на сè му дојде крајот!

Мармеладов се удри со тупаница по челото, си ги стисна забите, ги затвори очите и цврсто се потпре на масата со лактите. Но за миг лицето наеднаш му се промени, па со некаква божемна итрина и со божемна дрскост го погледна Раскољникова, се насмевна и рече:

– А денеска бев кај Соња, ја молев да ми даде пари за пиење? Хе-хе-хе?

– А ти даде ли? – викна некој од оние што влегоа, викна и фати силно да се смее.

– Еве и ова шишенце ракија го купив за нејзините пари – рече Мармеладов, обрнувајќи му се само на Раскољников. – Со свои раце ми даде 30 копејки, последните, што ги имаше, самиот видов . . . не рече

ни збор, само ме гледаше молчејќи. Вака таму . . . не, на земјава, туку таму вака . . . се мачат поради луѓето, плачат, а не прекоруваат, пак не прекоруваат? . . . но тоа е уште поболно, поболно е кога не прекоруваат? . . . триесет копејки, да господине. А и нејзе сега би ѝ биле потребни, нели? Што мислите, господине? Та таа сега мора да внимава на чистотата. Чистотата бара пари, разбирате ли? Разбирате ли? Па, мора да купува помади, не може без нив; колосани здолништа, чевлички, убави, заносни, за да си го покаже ноженцето, кога ќе ѝ се случи да пречекори преку локва. Разбирате ли, разбирате ли, господине, што значи таа чистотата? Да, а, ете јас, нејзиниот татко, ја излажав триесетте копејки да ми ги даде за пиење! И пијам! И веќе сè испив! Не, на кого би му било жал за ваков каков што сум јас, нели? Дали вам господине, сега ви е жал за мене или не? Зборувај, господару, ме жалиш или не ме жалиш? Хе-хе-хе!

Сакаше пак да си ја наполни чашата, но веќе немаше. Шишето беше празно.

– А зошто треба тебе да те жалат? – викна крчмарот, кој пак се најде покрај нив.

Се разнесе смеа, па и пцости. Се смееја и пцуеја и оние што слушаа и оние што не слушаа, ами само го гледаа ликот на отпуштениот чиновник.

– Да ме жалат? Зошто да ме жалат мене! – викна наеднаш Мармеладов, станувајќи со протегнати раце, очигледно одушевен, како да ги очекуваше само тие зборови, – зошто да ме жалат, велиш ти? Да! нема зошто да ме жалат мене! Треба да ме распнат, да ме распнат на крст, а не да ме жалат! Распни ме, значи, судијо, – распни ме, но кога ќе ме распнеш, жали ме! И тогаш самиот ќе дојдам кај тебе, за да ме распнеш, зашто јас не сум жеден за веселба, туку за маки и за солзи! . . . зарем ти, продавачу, мислиш, дека твојава ракија мене ми беше слатка? Јас барав јад на дното од чашата, јад и солзи – и ги најдов; а ќе се сожали над нас оној што се сожалил над сите, што ги разбрал, тој единствениот, тој што е и судија. Ќе дојде во тој ден и ќе праша: „А каде е ќерката што се жртвува себеси за лошата маќеа што има туберкулоза, и

за туѓите малолетни деца? Каде е ќерката, што му се сожали на својот земски татко, лош, пијаница, не навредувајќи се од неговите sверства?“ а потоа рече: „Дојди! јас веќе ти простив еднаш . . . еднаш ти простив . . . ти се простуваат и сега многуте твои гревови, зашто многу љубеше . . .“ и ќе ѝ прости на мојата Соња, ќе ѝ прости, јас знам дека ќе ѝ прости . . . тоа неодамна го почувствував во срцево, кога бев кај неа! . . . и на сите ќе им пресуди и ќе им прости, и на добрите, и на лошите и на премудрите, и на мирните . . . а кога ќе заврши со сите, тогаш ќе ни рече и нам: „Излезете, – ќе рече, – и вие! излезете пијани, излезете слаби, излезете срамотни!“ И ние сите ќе излеземе и ќе застанеме без срам. И ќе рече тој: „Вие сте свињи, со sверски лик и белег; но дојдете и вие!“ А премудриот, а разумниот ќе рече: „Господи, зошто ги примаш овие?“ А тој ќе рече: „Ги примам, премудар, ги примам разумен, зашто ниеден од нив не се сметаше себеси достоен за тоа . . .“ и ќе ги подаде кон нас своите раце и ние ќе паднеме ничкум . . . и ќе заплачеме . . . и сè ќе разбереме и . . . тогаш ќе разбереме сè! и сè ќе разбере и Катерина Ивановна . . . и таа ќе разбере! Господи, нека дојде царството твое!

И тој се спушти на клупата, измачен и изнемоштен, никого не гледајќи, како да ги заборавил сите околу себе и длабоко се замисли. Неговите зборови им оставија некаков впечаток, за миг завладеа молчење, но набргу пак се разнесе поранешната смеа и пак се слушнаа пцости.

– Мудруваше!

– Лажеше!

– Чиновник!

И така со ред.

– Ајде, господине, – рече наеднаш Мармеладов, дигајќи си ја главата и обрнувајќи му се на Раскољников, – одведете ме до дома . . . Коселовата куќа, во дворот. Време е . . . да одам кај Катерина Ивановна . . .

Раскољников одамна имаше намера да си оди, а и самиот сакаше да му помогне. Мармеладов беше многу послаб во нозете отколку во зборувањето, па цврсто се потпре на момчакот. Имаа двесте-триста

чекори пат. Збунетост и страв го исполнуваа пијаницата сè повеќе и повеќе, колку што се приближуваа кон куќата.

– Јас сега не се плашам од Катерина Ивановна – мрмореше тој возбуден – а не се плашам поради тоа што ќе ми ја скубе косата. Не ми е многу грижа за косата! . . . Косата е глупост! јас не се плашам од тоа . . . јас . . . се плашам од нејзините очи . . . да . . . од очите . . . и од црвените дамки на образите се плашам . . . и се плашам уште – од нејзиното дишење . . . си видел ли како дишат болните од таа болест . . . кога се возбудени? и се плашам од детскиот плач . . . затоа што ако не ги нахранила Соња, тогаш . . . и не знам како е! Не знам! а од тепањето не се плашам. Знај, господару, дека тепањето не ме боли, туку ми претставува задоволство . . . зашто без тоа и јас не можам да бидам. Подобро е така. Нека ме истепа, нека си го испразни срцето . . . подобро е така . . . А еве го домот. Коселовиот дом. Бравар, богат Германец . . . води ме!

Влегоа во дворот, во куќата, и се качија на третиот кат. Скалите погоре беа помрачни. Беше речиси единаесет часот и макар што во тоа време во Петербург не е вистинска ноќ, горе на скалите беше црна темница.

Малата исчадена врата на крајот од скалите, сосем горе, беше отворена. Една гламја ја осветлуваше многу сиромашката соба, долга десетина чекори; целата соба се гледаше од ходникот. Во неа сè беше расфрлано и во неред, особено разни детски партали. Пред задниот агол беше послана издупчена крпа. Зад неа веројатно се наоѓаше кревет. Во самата соба пак имаше само два стола и диван, со навлака од восочно платно, сета испокината, а пред него стара кујнска маса од чамово дрво, необоена и непокриена. На крајот на масата догорува во железен свеќник свеќа од лој. Беше очигледно, дека Мармеладов живее во посебна соба не во аголот, но низ неговата соба се поминуваше. Вратата од другата просторија или преградка на која беше разделен станот на Амалија Лепевехзел беше подотворена. Таму беше бучно и се викаше. Се дереа како да се коцкаат и пијат чај. Од-

време-навреме оттаму долетуваа најслободни зборови.

Раскољников веднаш ја позна Катерина Ивановна. Беше многу исушена. Прилично висока и ставеста жена, со сè уште убава темно руса коса и навистина со образи што беа поцрвенети од дамки. Шеткаше по својата собичка со раце притиснати на градите, со подуени усни, и нервозно, испрекинато дишеше. Очите ѝ блескаа како да има оган, но погледот ѝ беше остар и неподвижен. Болен впечаток оставаше тоа туберкулозно возбудено лице, осветлено од последните зраци на догорената свеќа. На Раскољников му се стори, дека има 30 години, а и навистина не му одговараше на Мармеладов . . . Кога влегоа, не ни слушна, ниту се разѕика, се чинеше како да дреме, па ниту слуша нешто, ниту гледа. Во собата е задушно, но таа не го отворила прозорецот; откај скалите се чувствува смрдеа, но вратата на скалите не е затворена. Од внатрешните простории низ подотворената врата се тркалаат бранови тутунски чад и таа кашла, но вратата не ја затвора. Најмладото девојче од шест години, спие на подот, некако седечки, згрчено, а потпрено со главата на диванот. Детенцето, една година постаро од неа, сето трепери во аголот и плаче. Веројатно пред малку го истепала. Поголемкото девојче, од девет години, повисоко и танко како клечка, во сиромашка кошулка и наполно испокината, во стара полуплатнена наметка, префрлена така преку голите раменици, а сошиена веројатно пред две години, зашто сега не ѝ допираше ни до колениците, стоеше во аголот покрај малиот брат, го имаше прегрнато околу вратот со својата долга рака, сува како клечка кибрит. Се чини дека таа го смируваше, нешто му шепотеше, секако го стивнуваше, за да не заплаче пак, а воедно уплашено ја следеше својата мајка со своите крупни темни очи, што изгледаа уште покрупни на нејзиното ослабнато, расплакано лице. Мармеладов не влезе во собата, туку на вратата клекна, а Раскољникова го турна напред. Жената, кога го забележа непознатиот, растреперена застана пред него, вмиг се прибра и како да почна да размислува: зошто влезе овој? Но сигурно веднаш ѝ се сторило, дека тој влегува во другите соби, зашто

низ нивната соба се минува. Откако го смисли тоа, веќе не се грижеше за ништо, па отиде кон вратата од ходникот за да ја подзатвори, но тогаш наеднаш го забележа својот маж, како клечи на самоти праг и врисна.

– Аха – викна таа сета збеснета – се врати ли! Ти робијашу! ѓубре . . . а каде се парите? што имаш во џебот, покажувај! Ни облеката не е твоја! каде ти е облеката? Каде ти се парите? кажувај! . . .

И таа почна да го пребарува. Мармеладов веднаш послушно и покорно си ги рашири рацете, за да ѝ го олесни барањето по џебовите. Пари немаше ни копејка.

– Каде се парите? – викна таа. – Ох, господи, сè ли испи? Та дванаесет рубли беа останати во сандакот! . . .

И наеднаш збеснета го зграпчи за косата и го повлече кон себе. Мармеладов самиот ѝ ја олесни работата понизно ползејќи на колениците.

– И тоа е за мене уживање! Ни тоа не ми претставува болка, туку ужи-вање, ми-ло-сти-в гос-поди-не – викна тој додека го тресеше за косата, така што еднаш сигурно удри со челото од подот.

Детето што спиеше на подот се разбуди и заплака. Детенцето во аголот не издржа, ами затрепери, фати да вика и се спушти кон сестра си многу уплашено, како да добило напад на некаква болест. – Постарото девојче исто така сонливо трепереше како лист на вода.

– Си испил сè! Сè си испил! – викаше таа кутрата очајна жена. – Ни облеката не е твоја, а гладни се, гладни! (Кршејќи ги прстите покажуваше кон децата.) Оф, проклет животе! а вас, вас не ви е срам – наеднаш му се обрна на Раскољников. – Во крчмата ти си пиел со него! ти си пиел со него! надвор!

Момчето не одговори ни збор, ами набрзина зачекори да си отиде. Притоа, внатрешната врата ширум се отвори, па оттаму ѕирнаа неколку љубопитни станари. Оттаму се протегнаа дрски, насмеани глави со цигари и лулиња, со капи. Се јавија фигури во ноќни облеки и сосем раскопчани, во летни сосем

непристојни кошули, некои со карти во рацете. Особено слатко се смееја, кога Мармеладов, влечен за косата, викаше дека тоа му е уживање. Фатија да влегуваат и во собата; а, најпосле, се слушна злокобно викање: се туркаше лично Амалија Липевехзел, за по својот обичај да воспостави ред и по стоти пат да ја уплаши кутрата жена со бесната наредба: утре веднаш да се сели од станот. При заминувањето Раскољников уште успеа да си ја стави раката во џебот, собра колку што можеше таму да зграпчи бакарни пари, од тоа што му беше вратено во крчмата, кога ја раситни рубљата, и без да го забележи некој ги остави на прозорецот. Подоцна веќе на скалите се премисли и сакаше да се врати.

„А каква лудост направив – си помисли тој – тие ја имаат Соња, а мене и така ми требаат.“ Но потоа размисли дека веќе не може да ги земе парите, а и така не би ги зел, па мавна со раката и си отиде во својот стан. – „Па и на Соња ѝ треба помада, – продолжи тој, одејќи по улицата и пркосно се насмевна, – за таа чистота се потребни пари... хм! а Соњичка денеска можеби и самата ќе банкротира, зашто тоа е ризик како и ловот на животни со крзна... како копањето злато... значи би останале сите со празни раце, да не беа моите пари... е Соња! Сепак каков бунар знаеле да ископаат! и црпат! па црпат! и се навикнале. Пуштиле по некоја солза и се навикнале. На сè се навикнува подлецот!“

Тој се замисли.

– Добро, а ако излажав – завика наеднаш не сакајќи – ако навистина не е *подлец* човекот т.е. воопшто целиот човечки род, тогаш тоа значи, дека сè друго е предрасуда, само божемни страшила, дека нема никакви прегради, и така мора да биде!...

III

Утредента се разбуди доста доцна, по немирниот сон, но сонот не го закрепна. Се разбуди налутен, раздразлив, пакосен, и со омраза ја разгледа својата собичка. Тоа беше малечка собичка шест чекори

долга, многу бледа со своите жолтеникави, испрашени тапети, кои насекаде беа испоодлепени од ѕидот, и толку ниска, што малку повисок човек не може да стои исправен во неа, зашто непрестајно му се чини дека ќе удри во таванот. Каков што е станот таква е и покуќнината: три стари стола, прилично разнишани, во аголот бојадисана маса, на која лежеа неколку тетратки и книги; по тоа колку прав имаше на нив се гледаше дека одамна веќе не ги допрела ничија рака; и, најпосле, огромниот несмасен диван, што зафаќаше скоро цел ѕид и половина од ширината на собата, некогаш со навлака од басма, но сега во крпи и кој на Раскољников му служи како постела. Често спиеше на него таков каков што е, без да се слече, без покривач, покривајќи се со стариот свој испокинат студентски шинел, со една мала перница, под која ги ставаше своите долни облеки, и чистите и извалканите, за да му биде зглавјето повисоко. Пред диванот стоеше мало масиче.

Тешко би можело да се биде позапуштен, толку небрежен; но на Раскољников во сегашната душевна расположба тоа му беше и пријатно. Сосем беше повлечен од сите, како желка во својата коруба, па пукаше од мака и се прпелкаше во грчеви, дури и кога ќе го видеше лицето на слугинката што треба да го служи и која понекогаш му ѕирка во собата. Така се случува кај понекои мономани, кои сите мисли ги насочуваат кон едно. Газдарицата веќе две седмици престана да му дава јадење, а тој и не мисли да оди кај неа и да се објасни, иако остануваше без јадење. Настасја, готвачка и единствена слугинка на газдарицата, донекаде и беше задоволна со таквата расположба на станарот, такашто сосем престана да му суредува и мести, и само понекогаш ненадејно, по еднаш во неделата, поминуваше низ собата со метла. Таа и сега го разбуди.

– Стани, што спиеш! – викна таа над него. – Десет е часот. Ти донесов чај; сакаш ли чај? секако веќе си изгладнет?

Станарот ги отвори очите, затрепери и ја позна Настасја.

– Од газдарицата ли е чајот? – праша, исправајќи се и со изглед на болен човек.

– Како од газдарицата?

Го стави пред него својот сопствен напукнат чајник, со веќе подиспразнет чај, и стави внатре две жолти парчиња шеќер.

– Ајде, Настасја, еве ти, те молам – рече тој, откако пребара по џебот (спиеше облечен) и извади во раката бакарни пари, – оди и купи ми лепче. И во месарницата купи малку колбаси, од поевтините.

– Лепче веднаш ќе ти донесам, а дали наместо колбас не би можело шчи? Чорбата е добра, вчерашна. Ти оставив да ја пробаш уште вчера, но доцна дојде, тоа е добар шчи.

Откога донесе шчи и тој фати да јаде, Настасја седна до него на диванот и се расприкажа. Таа беше од село, малку дрдорлива жена.

– Прасковја Павловна сака да те тужи кај полицијата, – рече таа.

Тој многу се намурти.

– Кај полицијата? Што би сакала таа?

– Пари, не плаќаш, а на работа не одиш. Ете, што сака.

– Ех, уште и тој бес – промрмори тој и чкртна со забите. – Не, тоа за мене сега . . . е во незгоден час . . . луда е таа! – додаде тој гласно. – Уште денеска ќе одам кај неа да поразговарам.

– Дали е луда или не, таква е, како мене, а зошто ти, умен човеку, си се одвалил како вреќа, и никогаш ништо од тебе не излегува? Порано, велиш, си учел деца, а зошто сега ништо не работиш.

– Работам . . . – одговори Раскољников нерасположено и возбудено.

– Што работиш?

– Па работам . . .

– Каква работа?

– Мислам! – одговори тој сериозно по кратко молчење.

Настасја се засмеа. Таа лесно се засмејува, а кога ќе се засмее се смее тивко, се нишка и се тресе со целото тело, сè додека не ѝ се смачи.

– А многу ли пари имаш смислено? – изговори најпосле.

– Без чевли, не можеш да учиш деца. А и плукам јас на тоа.

– Не плукај во бунар!

– За деца плаќаат со ситни пари. Што ќе направиш со копејки? – продолжи тој мрзливо, како да им одговара на своите сопствени мисли.

– Ти веднаш би сакал цел капитал?

Тој чудно ја погледна.

– Да, цел капитал, – одговори решително, по кратко молчење.

– Само полека, инаку ќе ме уплашиш; тоа е многу страшно. Да, да одам по лепче или не?

– Како што сакаш.

– Да, навистина, заборавив! Вчера пристигна писмо за тебе, кога не беше дома.

– Писмо? За мене? Од кого?

– Не знам од кого. Му дадов на поштарот три мои копејки. Дали ќе ми ги вратиш?

– Ама донеси го, жити бога! – викна Раскољников сиот возбуден, – господе боже!

За миг се појави писмото. И навистина: од мајка му, од Р-ска губернија. Тој побледна кога го прими. Одамна веќе не добивал никакви писма; но сега ненадејно нешто друго му го стисна срцето.

– Настасја, оди си, жити бога; еве ти ги твоите три копејки, само, жити бога, оди си побрзо.

Писмото му трепереше во рацете; не сакаше да го отпечатува пред неа, сакаше да биде *насамо* со тоа писмо. Кога Настасја излезе го доближи брзо до усните и го баци; потоа уште долго време го гледаше ракописот на адресата, тој познат, мил, ситен, кос, ракопис на мајка му, која некогаш го учела да чита и да пишува. Исчекуваше; дури како да се плашеше од нешто. Најпосле го отпечати; писмото беше големо, дебело два лота[1]), два големи табака беа ситно, ситно испишани:

[1]) Тежината на писмата се мерела со лоти (1 лот = 13 гр.) – нормално писмо било од еден лот; од два лота се плаќало двојно повеќе.

„Мил мој Родја, – му пишуваше мајка му, – еве веќе има два и повеќе месеца како не сум разговарала со тебе писмено, поради кое страдав и дури по некоја ноќ не спиев, размислувајќи. Но ти сигурно нема да ме обвинуваш поради таа моја ненамерна молчаливост. Ти знаеш колку те сакам; ти си ни единствен, мене и на Дуња, ти си ни сè, сета надеж и нашата вера. Како ми беше мене кога дознав дека пред неколку месеци си го напуштил универзитетот, бидејќи си немал од што да се издржуваш и дека ги снемало часовите и другите твои средства! Како можев јас да ти помогнам со моите 120 рубли годишна пензија? Петнаесетте рубли што ти ги испратив пред четири месеци, ги зедов на заем, како што знаеш и самиот, на сметка на пензијата, од овдешниот трговец Василиј Иванович Вахрушин. Тој е добар човек и му беше пријател на татко ти. Но, бидејќи му го отстапив правото, наместо мене да ја прима пензијата, морав да чекам, долгот да се исплати, а исплатен е дури сега, така што за сето тоа време не можев ништо да ти испратам. Но, сега, фала му на господа, ми се чини дека можам уште да ти испратам, а и воопшто сега можеме да се пофалиме со добра среќа, па брзам и за тоа да ти јавам. Најпрвин ти и не сонуваш мили Родја, сестра ти, еве, веќе месец и пол живее кај мене, па ние веќе и нема да се разделуваме. Фала ти господе, завршија нејзините маки, но јас сè по ред ќе ти раскажам, за да дознаеш како беше сè и што криевме од тебе досега. Кога ми јави пред два месеца, дека си дознал од некого, оти Дуња многу страда од простотилакот во куќата на Свидригајлови, па побара од мене точно да те известам, што можев да ти одговорам? Ако ти ја кажев целата вистина, ти можеби сè ќе оставеше, и макар пеш ќе дојдеше кај нас, зашто јас го знам твојот карактер и твоите чувства, ти не би дозволил да ти ја навредуваат сестрата. Јас и самата очајував, но што можев? Тогаш уште ни самата не ја знаев сета вистина. А пак главната незгода беше во тоа што Дуњечка, кога ланската година стапи во нивната куќа како гувернанта, зеде однапред цели сто рубли, со спогодба месечно да ѝ се одбива од платата,

па, значи, не можеше да го остави местото додека не го исплати долгот. А таа сума, сега можам сè да ти објаснам, премил Родја, ја зеде на заем повеќе за да може тебе да ти испрати 60 рубли, оние што тебе тогаш толку ти требаа, па и ги доби лани. Ние тогаш те излажавме и ти напишавме, дека е од поранешната заштеда на Дуњечка, но тоа не беше така, а сега ти ја кажувам сета вистина, зашто сега со волјата господова сè тргна кон подобро, па ти мораш да знаеш колку те сака Дуња и какво златно срце има. Господин Свидригајлов отпрвин со неа постапуваше навистина многу грубо, па беше неучтив ѝ се подбиваше на маса . . . но, нема да ги споменувам тие немили подробности, за да не те возбудувам без потреба, зашто сето тоа сега е завршено. Накратко, на Дуњечка, и покрај сета добра и благородна постапка на Марфа Петровна, сопругата на господин Свидригајлов и на сите домашни, ѝ беше многу тешко, особено тогаш кога господин Свидригајлов, според својата стара навика уште од полковничкиот живот, беше под власта на Бахус. Но што стана подоцна? Замисли си, тој будалата одамна веќе беше зацапан во Дуња, но тоа го прикриваше со божемен простотилак и со презир спрема неа. Можеби и самиот се срамеше и се вцашуваше, кога ќе сфатеше дека веќе е човек во напреднати години и татко на семејство, а има толку лекомислени надежи, па и затоа не сакајќи ѝ се лутеше на Дуња. А, можеби, тој со простотилакот во своето држење и со подбивањата сакаше само да ја скрие вистината од другите. Но, најпосле, тој не можеше да се воздржи ами се осмели да пристапи со отворен гнасен предлог, ветувајќи ѝ секакви награди, а и тоа, дека сè ќе остави и со неа ќе оди во друго село или во странство. Лесно можеш да ги замислиш сите нејзини маки! Не можеше веднаш да го остави местото, не само поради долгот, туку и од обзири спрема Марфа Петровна, која би можела наеднаш да се посомнева, така што во семејството тогаш веднаш би пламнала расправија. А и за Дуњечка тоа би било голем скандал, зашто тоа не би минало лесно. Имаше и многу други причини, така што Дуња никако не

можеше да смета дека пред шест недели ќе се ослободи од тој ужасен дом. Најпосле, ти ја знаеш Дуња, знаеш колку е разумна и колку цврст карактер има. Дуњечка знае многу да страда, па и во најтешките случаи да најде во себе толку великодушност, да не ја изгуби својата цврстина. Често се допишувавме, а таа дури ни мене за ништо не ми јавуваше, само за да не ме возбуди. До расплетот дојде неочекувано. Марфа Петровна случајно прислушнувала, кога нејзиниот маж ја наговарал во градината Дуњечка, па сè разбрала наопаку, си помислила, дека Дуњечка е причина за сè, и врз неа ја фрлила вината за сè. Во градината тука веднаш се одиграла страшна сцена: секако, Марфа Петровна и ја удрила Дуња и не сакала ништо да чуе, ами викала цел час, и, најпосле, наредила Дуња веднаш да ја довезат кај мене в град, на проста селска кола, во која ги изнафрлала сите нејзини пљачки, долните облеки, фустаните, како што ги нашле, ниту врзани, ниту здиплени. А потоа, фатило силно да врне, и Дуња навредена и посрамена, морала со селанецот да пропатува во непокриена кола цели седумнаесет врсти. Замисли си сега, што можев јас да ти одговорам на твоето писмо, што го добив пред два месеца, и за што можев да ти пишувам? Јас бев очајна; не смеев да ти ја напишам вистината, зашто ти ќе беше многу несреќен, ќе беше огорчен и налутен, а и што ќе можеше да помогнеш? Само и себеси да се запустиш, – а и Дуњечка не ми дозволуваше; а пак писмото да го исполнам со неважни ситници, а на душата носам толкав јад, не можев така. Цел месец кај нас низ градот се шириа озборувања за тој случај, па веќе стигна толку далеку, што од презирните погледи и шепотења не можев со Дуња ни в црква да одам, а и пред нас гласно разговараа за тоа. Сите познати ни се отуѓија, сите секако, почнаа и да не нè поздравуваат, а како што дознав со сигурност, трговските помошници, а и некои писари, имаа намера многу да нè навредат, ни ја премачкаа со катран куќната врата, така што и сопствениците на куќата бараа, да се иселиме од станот. За сето тоа виновна е Марфа Петровна, која успеа по сите куќи да ја на-

вредува и да ѝ го расипе угледот на Дуња. Таа кај нас е позната со сите и во тој месец постојано доаѓаше в град, па бидејќи е малку дрдорлива и си љуби да прикажува за своите фамилијарни работи, и на секого да му се поплакува на мажот, што никако не е добро, таа за кратко време го разгласи целиот случај, не само по градот, туку и по околијата. Јас се разболив, но Дуњечка беше поцврста од мене, и да ја видеше, како сето тоа таа го трпеше, а и мене ме тешеше и ме охрабруваше! Таа е анѓел! Но, со милоста божја нашите маки завршија: господин Свидригајлов се премисли, се покаја, и се сожали веројатно на Дуња и ѝ даде на Марфа Петровна целосни и јасни докази за невиноста на Дуњечка, и тоа: писмото, што Дуња уште порано, пред да ги затече во градината Марфа Петровна, морала да го напише и да му го даде нему, за да ги избегне личните објаснувања и тајните состаноци, кои тој со сета сила ги барал, а тоа писмо, по заминувањето на Дуњечка, останало во рацете на господин Свидригајлов. Во писмото таа многу жестоко и со силно негодување го прекорува него, дека држењето спрема Марфа Петровна му е толку неблагородно, па му укажува дека е татко и дека има семејство, и дека, најпосле, е одвратно да мачи и унесреќува девојка, која и така е несреќна и без заштита. Со еден збор, мил Родја, писмото е напишано толку благородно што јас липав, кога го читав, а ни денеска не можам да го читам без солзи. Освен тоа, во корист на Дуња сведочеле и слугинчињата, кои виделе и знаеле многу повеќе, отколку што мислел и самиот господин Свидригајлов, како што се случува секогаш. Марфа Петровна била сосем вчудовидена и „повторно убиена“, како што ни призна самата, но затоа наполно се уверила во невиноста на Дуњечка, па веднаш утредента, во неделата, дошла право во катедралната црква и таму клечејќи со солзи, ја молела Богородица да ѝ даде сили да го поднесе ова ново искушение и да ја изврши својата должност. Потоа, од катедралната црква, не обѕирајќи се кон никого, дојде право кај нас, ни раскажа сè, горчливо се изнаплака, па во искрено каење ја прегрнуваше Дуња и ја молеше да ѝ

прости. Уште таа изутрина, ни малку не исчекувајќи, право откај нас отиде по сите куќи во градот, па секаде со најласкави зборови за Дуњечка, ронејќи солзи, ја воскреснуваше нејзината невиност и благородноста на нејзиното поведение и нејзините чувства. Нешто повеќе, на сите им го покажуваше и на глас им го читаше писмото од Дуњечка до господин Свидригајлов и го даваше да го препишуваат. (Тоа е, ми се чини, веќе премногу.) Така неколку дена со ред ги посетуваше сите во градот, зашто некои фатија да се навредуваат, оти на други им дала предност, па сега воведе ред и во секоја куќа однапред ја очекуваа, и сите знаеја дека тој и тој ден Марфа Петровна таму и таму ќе го чита писмото, а за таквото читање пак се собраа и оние што писмото веќе го слушнале неколку пати по ред и кај себе дома и кај други познати. Јас мислам, дека тука имаше многу, многу излишни нешта, но Марфа Петровна веќе има таква нарав. Но, барем сосем ѝ ја врати честа на Дуњечка и сета гнасотија на тоа падна, како неизбришлива срамота врз нејзиниот маж, како врз главен виновник, така што и јас го сожалувам; преостро постапија со тој луничав човек. Дуња пак веднаш почнаа да ја викаат да подучува во некои куќи, но таа одби. Воопшто сите фатија наеднаш да ѝ искажуваат особена почит. Сето тоа најмногу ѝ помогна за овој неочекуван случај што ја менува, може да се каже, сета наша судбина. Знај, значи, мил Родја, дека на Дуња ѝ предложија брак, и дека таа веќе се согласи, па тоа и брзам да ти го јавам што побрзо. Иако тоа заврши и без твој совет, секако, нема да ми се лутиш ни мене ни на сестра ти, бидејќи и самиот од сево ова ќе сфатиш, дека не можевме да чекаме и да одлагаме до твојот одговор. А ти не би ни можел сè добро да оцениш штом не си тука. А еве како се случи. Тој веќе е дворски советник, Петар Петрович Лужин, а ѝ е далечен роднина на Марфа Петровна, која многу помогна во тоа. Започна со тоа што прво нејзе ѝ порача дека би сакал да се запознае со нас, па е примен како што прилега, на филџан кафе, а утредента испрати писмо, во кое многу учтиво го изнесува својот предлог за свршу-

вачка и моли скоро и решително да му се одговори. Тој е работлив и деловен човек, и сега брза да оди во Петербург, зашто секој час му е скапоцен. Ние, се разбира, отпрвин, бевме многу вчудовидени, зашто сето тоа се случи пребрзо и одненадеж. Размислувавме заедно целиот тој ден. Тој е добар и осигурен човек, служи на две места и веќе има свој капитал. Вистина веќе има 45 години, но има прилично пријатна надворешност и уште може да им се допаѓа на жените, па и воопшто солиден е и пристоен, само малку намуртен и некако горд. Но тоа можеби така само се чини, на прв поглед. А и те предупредувам, мил Родја, кога ќе се состанеш со него во Петербург, што ќе се случи многу скоро, немој за него да судиш пребрзо и премногу жестоко, каква што е твојата природа, ако на прв поглед нешто не ти се допадне кај него. Тоа го велам за секој случај, иако сум уверена, дека тој и тебе ќе ти остави пријатен впечаток. Освен тоа, за да запознаеш некој човек, спрема него мораш да бидеш внимателен и претпазлив, за да не паднеш во грешка и во предрасуда, зашто после со тешки маки ќе можеш да ја исправиш и изгладиш. А како што може да се суди по многу знаци, Петар Петрович е мошне чесен човек. Уште при првата посета ни изјави дека тој е позитивен човек, но многу е наклонет, како што вели самиот, „кон начелата на нашите најмлади поколенија“ и е непријател на сите предрасуди. Тој кажуваше уште за многу работи, зашто по малку е и суетен и многу сака да го слушаат, но тоа, најпосле, и не е недостаток. Јас, се разбира, сосем малку сфатив, но Дуња ми објасни, дека тој, вистина, нема големо образование, но дека е умен човек, а се чини и добар. Ти Родја, го знаеш наравот на сестра ти. Таа е цврста, разумна, и великодушна девојка, иако има пламено срце; јас тоа добро го имам забележано кај неа. Се разбира, дека ни кај неа ни кај него нема особена љубов, но Дуња не е само умна девојка, туку е и суштество благородно како ангел, па ќе смета дека ѝ е должност да го усреќи мажот, а тој пак ќе се грижи за нејзината среќа, а во последново засега немаме големи причини да се сомневаме, иако

работата заврши пребрзо, мора да се признае. Освен тоа, тој е многу разумен човек, така што, се разбира, и самиот ќе увидува, дека неговата среќа во бракот е дотолку посигурна, доколку Дуњечка е посреќна со него. А што се однесува до некакви си нееднаквости во наработ, некакви си стари навици и дури извесно несогласување во мислите (без кое не може да биде ни во најсреќните бракови), за тоа самата Дуњечка ми рече, дека верува во себеси; не треба тука да се вознемируваме, зашто таа може многу да поднесе, само ако сè инаку биде чесно и праведно. Тој, на пример, и мене отпрвин ми се стори некако остар, но, можеби, затоа што е простодушен, па така веројатно и е. При втората посета, на пример, кога веќе ја доби согласноста, рече во разговорот, дека порано, уште кога не ја знаел Дуња, решил да земе чесна девојка, но без мираз, и секако таква, што веќе ја искусила бедата, бидејќи мажот, вели тој, не треба со ништо да биде обврзан спрема жената, туку дека е многу подобро, жената да го смета мажот за свој добротвор. Тој тоа, веднаш да додадам, го изрече малку помеко и полубезно, отколку што напишав јас, зашто го заборавив вистинскиот израз, а се сеќавам само за мислата, а, освен тоа, воопшто не го рече намерно, туку очигледно се зазборува, во живиот разговор, па подоцна уште и се трудеше да го исправи и ублажи; но мене сепак ми се стори некако остро и јас тоа подоцна ѝ го реков на Дуња. Но Дуња дури налутено ми одговори, дека „зборовите уште не се дело“, и, се разбира, тоа е вистина. Пред да се реши, Дуња цела ноќ око не затвори, ами мислејќи дека јас уште спијам, стана од постелата, па цела ноќ шеташе горе долу по собата; најпосле клекна, па долго време пламено се молеше пред иконата, а изутрината ми соопшти дека се решила.

Веќе спомнав, дека Петар Петрович сега тргнува за Петербург. Таму има многу работа, а има намера во Петербург да отвори адвокатска канцеларија. Одамна веќе се занимава со секакви тужби и парници, и неодамна доби некаква важна парница. А во

Петербург мора да се задржи уште и затоа што има некаква важна работа во Сенатот. Така тој може и тебе мил Родја, да ти биде од корист во сè, а јас и Дуња веќе заклучивме, дека ти од денеска навистина би можел да ја започнеш твојата идна кариера и да ја сметаш својата судбина за наполно определена. Ех, да биде така! Би било тоа таква среќа, што не би можело да се смета за нешто друго, туку само за милост на севишниот. Дуња само за тоа мечтае. Веќе се осмеливме за тоа да му навестиме на Петар Петрович со неколку збора. Тој одговори внимателно и рече, дека, се разбира, не може да биде без секретар, па дека, се разбира, подобро е да плаќа роднина, отколку туѓ човек, само ако овој биде способен (како ти да не си способен!), но веднаш изрази сомневање дали ќе имаш време да работиш во неговата канцеларија. Тогаш работата заврши со тоа, но Дуња сега за ништо друго и не мисли. Веќе неколку дена е како во треска, па има направено и цел план, како ти подоцна ќе му бидеш компањон на Петар Петрович во неговите парнични работи особено затоа што ти и така си на правниот факултет. Јас, Родја, сосем се согласувам со неа, ги одобрувам нејзините планови и надежи и ги сметам за сосем веројатни; и покрај сите сегашни стеснувања на Петар Петрович, кои лесно можат да се објаснат (затоа што тој тебе уште не те познава), Дуња е цврсто уверена, дека од својот иден маж со добрината ќе постигне сè, таа е сигурна во тоа. Ние, се разбира, внимаваме, пред Петар Петрович да не испуштиме некој збор за тие наши натамошни мечтаења, во прв ред за тоа дека ти ќе му бидеш компањон. Тој е разумен човек и, можеби, тоа би го примил многу студено, зашто сè би му се чинело голо фантазирање. Исто така, ни јас ни Дуња ни збор не му рековме за нашата цврста надеж, дека тој ќе ни укаже помош и тебе ќе ти помага со пари, додека си на универзитетот; не зборуваме за тоа првин затоа што тоа само по себе ќе си дојде подоцна и тој со сигурност и самиот ќе се понуди, без излишни зборови (па како би ја одбил Дуњечка!), особено каде што ти можеш да му бидеш десна рака во канцеларијата и таа помош

да не ја добиваш како знак на добродетелство, туку како заслужена плата. Дуњечка сака така да го уреди тоа, а јас сосем се согласувам со неа. Инаку за тоа не зборувавме уште и затоа што јас посебно сакав ти да бидеш со него на еднаква нога, кога ќе се состанете наскоро. Дуња со занес му зборуваше за тебе, а тој вели дека секој човек треба најпрвин да го разгледаш со своите очи одблизу, па потоа да судиш за него, а тој има намера да создаде за тебе мислење, откако ќе те запознае. Знаеш ли што, мил мој Родја, мене ми се чини поради некакви причини (впрочем, воопшто не поради Петар Петрович, туку, ете, така, поради некои мои сопствени, можеби и женски своеглавости) – ми се чини, дека ќе биде подобро ако јас, откако ќе се земат тие, останам да живеам сама, како што живеам и сега, а не заедно со нив. Јас сум наполно уверена, дека тој ќе биде толку благороден и учтив, па и самиот ќе ме покани и ќе ми понуди веќе да не се разделувам од ќерката, а тој досега уште не зборувал за тоа, зашто секако тоа се подразбира само по себе; но ќе одбијам, јас често сум гледала во животот дека тештите не им се многу мили на мажите, а не само што не сакам никому да му претставувам ни малку товар, туку сакам и самата да бидам сосем слободна, сè додека имам каков-таков свој залак и такви деца какви што сте и ти и Дуњечка. Ако можам, ќе си земам стан во вашата близина, затоа што Родја, за на крајот од писмото го оставив она што е најпријатно: знај, значи, мое мило чедо, дека можеби пак ќе се состанеме сите и сите тројца ќе се прегрнеме за првпат по три години. Веќе е сосем решено јас и Дуња да дојдеме во Петербург, не знам кога, но, секако, многу, многу брзо, можеби веќе по една недела. Сè зависи од решението на Петар Петрович, кој ќе ни јави веднаш штом ќе се снајде во Петербург. Тој би сакал поради некои причини венчањето да се изврши што побрзо, и дури свадбата да се одржи, ако биде можно, во текот на месопосната недела, а ако не успее поради краткоста на рокот, тогаш веднаш по богородични пости. Ох, колку ќе бидам среќна кога ќе те доближам до моево срце. Дуња е сета возбудена од

радост, што ќе се сретне со тебе, па еднаш на шега рече, дека веќе и поради тоа би се омажила за Петар Петрович. Ангел е таа! Таа ништо не допишува во ова писмо, ами само ми наредува, јас да напишам, дека има многу да разговара со тебе, толку многу, што не ѝ се сака да го земе перото в раце, зашто во неколку реда не можеш да напишеш, ами само се возбудуваш; туку те прегрнува од срце и ти испраќа безбројни бакнежи. Но и покрај тоа што ние, можеби, многу бргу ќе се сретнеме, јас деновиве ќе ти испратам пари, колку што можам повеќе. Сега, кога дознаа сите дека Дуњечка се мажи за Петар Петрович, и мојот кредит наеднаш порасна, така што јас знам со сигурност дека сега Афанасиј Иванович ќе ми даде на заем, на сметка на мојата пензија, дури и 75 рубли, па веднаш ќе ти испратам 25 рубли, а можеби и 30 рубли. Би ти испратила и повеќе, но се плашам за нашите патни трошоци; Петар Петрович, вистина, беше толку добар, па презеде еден дел од трошокот за нашиот пат во престолнината, т.е. предложи самиот, на свој трошок да го испрати нашиот багаж и големиот сандак (некако по познати), но мораме да мислиме и на одењето во Петербург, зашто не можеме таму без скршена пара, барем во првите денови. Впрочем, јас со Дуњечка пресметав сè до ситница, па излезе дека патот нема да биде скап. До железницата откај нас има само 90 врсти, а ние веќе за секој случај се погодивме со еден наш познат, селанец возач; а потоа јас и Дуњечка убаво ќе се возиме во трета класа. Значи, можеби нема да ти испратам 25 рубли, туку, по сè изгледа, триесет. Па доста е; два табака сосем испишав и веќе немам место; целата наша историја; па и навистина се натрупале многу настани! А сега, мил мој Родја, те прегрнувам до скорото наше видување и те благословувам со мајчински благослов. Сакај ја Дуња, твојата сестра, Родја; сакај ја така како што те сака таа тебе, и знај дека таа тебе те сака бескрајно, повеќе отколку себеси. Таа е ангел, а ти, Родја, ти си ни сè – сета наша надеж и сета верба. Само ти биди среќен, па и ние ќе бидеме среќни. Му се молиш ли ти на бога Родја, како некогаш, и веруваш ли ти во

милоста на создавачот и нашиот спасител? Се плашам во срцево, дали и тебе не те зафатило тоа ново модерно безверие? Ако те има, јас му се молам на бога за тебе. Сети се, мил мој, како уште во детството, кога беше жив татко ти, ги искажуваше со детската уста своите молитви за мене на колеици и колку среќни бевме ние! Збогум, или подобро: *до гледање!* Те прегрнувам од сè срце и те целивам безброј пати.

Твоја до гроб
Пулхерја Раскољникова"

Скоро целото време, додека читаше, уште од самиот почеток на писмото, лицето на Раскољников му беше влажно од солзи; но кога дочита, му беше бледо, искривено од грч, жолчен, лош насмев му трепереше на усните. Ја спушти главата на танката излижана перница и фати да размислува, долго време да размислува. Срцето силно му тупкаше и мислите му се роеја. Најпосле, му се смачи и му стана лошо во таа жолта собичка, што прилегаше на шкаф или на сандак. Погледот и мислата му бараа простор. Ја зграпчи шапката и излезе, но сега без страв дали ќе сретне некого на скалите: сега заборави за тоа. И се упати накај Василевскиот остров, преку В-скиот проспект, како да брза таму по некоја работа, но според својот обичај одеше без да забележува каде оди, шепотејќи сам со себеси, па и разговарајќи со себеси, што многу ги зачудуваше минувачите. Мнозина сметаа дека е пијаница.

IV

Писмото од мајка му го измачи. Но за најважната работа кај него немаше колебање ни еден миг, дури ни тогаш, кога го читаше, јатката на целата работа во неговата глава беше решена, и конечно решена. „До тој брак нема да дојде, дури сум жив, и господин Лужин нека оди по ѓаволите!"

„Зашто работата е очигледна – мрмореше во себеси, смешкајќи се и восхитувајќи се злобно однапред од успехот на својата одлука. – Не, мамо, не, Дуња, вие нема мене да ме излажете..." и уште се прав-

даат, оти не ме прашале за совет, ами без мене ја решиле работата! Глупости! Тие си мислат дека сега веќе не може да се раскине; да видиме дали може или не може! Прекрасен изговор: „Толку е работен човек Петар Петрович, толку работен човек, што не може поинаку дури ни да се ожени, туку на дилижанса или дури во воз". Не, Дуњечка, јас гледам сè и знам сè за што имаш намера да разговараш со мене; јас знам и за што си размислувала цела ноќ, шетајќи по собата и за што си се молела пред Казанска богородица, што се наоѓа во спалната соба на маса. Тешко е да се искачуваш по Голгота. Хм! Значи, конечно е решено: за работлив и разумен човек повелате да се омажите вие Авдотја Романовна, за човек што има капитал (веќе има капитал, тоа е посолидно и посилно се впечатува), кој служи на две места, и е наклонет кон начелата на нашите најмлади (како што пишува мама) *и се чини* добар, како што забележува самата Дуњечка. Тоа *се чини* е попрекрасно од сè! И навистина Дуњечка се мажи за тоа *се чини!* Прекрасно! . . . Прекрасно! . . . А да можам сепак да знам, зошто мама ми пишува за тие „најмлади поколенија"? Дали само за да ја окарактеризира личноста или со сосем поинаква цел: мене да ме придобие за господин Лужин? Ох, колку се итри. Да можам да разјаснам само уште еден факт: колку биле тие искрени една спрема друга, во тој ден и во таа ноќ, и за целово последно време? Дали сите з б о р о в и што ги разменила се отворено изречени, или и двете сфатиле, дека и кај едната и кај другата едно има во срцето и во мислите, така што не треба сè да кажуваат на глас и залудно да разговараат за тоа. Изгледа дека донекаде и така било; од писмото се гледа; на мама ѝ се сторил м а л к у остар, а наивната мама веднаш ѝ се нафрлила на Дуња со своите забелешки. А таа, се разбира, се налутила и „одговорила раздразнето". Секако! А кој не би се налутил, кога работата е разбирлива и без наивни прашања, и кога е така решена, што не треба веќе ништо да се зборува. И што ми пишува таа мене: „Сакај ја Дуња, Родја, а таа тебе те сака повеќе од себеси"; дали неа самата кришум не ја гризе совеста поради

тоа што се согласила да ја жртвува својата ќерка? „Ти си нашата надеж, ти си ни сè!“ О, мамо!...“ Сè посилно и посилно вриеше бесот во него, па во овој час да го сретнеше господин Лужин веројатно ќе го убиеше!

„Хм!... вистина е – продолжи тој следејќи го виорот на мислите, што му беснееше во главата, – вистина е дека на човека треба да му „пристапиш внимателно и претпазливо, за да го запознаеш“; но господин Лужин е јасен. Главно тој е деловен човек и „*се чини* добар“, секако, не е шега, се погрижил за багажот, големиот сандак го транспортира на своја сметка! Е, па тогаш не е ли добар? А тие двете, с в р ш е н и ц а т а и мајка ѝ, земаат селска кола со покрив од рогожа. (И јас сум патувал така!) Ништо! ама само деведесет врсти, „а потоа убаво ќе се возиме во третата класа“ триста врсти. И умно е: пуштај ги нозете колку што ти е долг покривачот. Зарем така, господине Лужин? Па таа е ваша свршеница... не можевте ли да знаете дека мајка ми патниот трошок го плаќа со заем на сметка на својата пензија? Се разбира, тоа е ваша заедничка трговска работа, претпријатие, кое на двете страни им донесува еднаква корист и еднакви долгови, значи и расходите одат по половина: брат за брата – сирењето со пари, како што вели поговорката. Но и тука деловниот човек малку ги изиграл; багажот ќе биде транспортиран поевтино отколку што чини нивниот пат, а можеби и бесплатно ќе му го пренесат. Значи, зарем тие двете, или не го гледаат или намерно не го забележуваат тоа? И задоволни се, ете, задоволни! А кога уште ќе помислиш, дека ова се само цветови, а дека плодовите доаѓаат допрва! Еве што е тука важно; не е важна скржавоста, ни стегнатоста, туку т о н о т на сето тоа. Та таков ќе биде и тонот по свадбата, пророку... а каде талка мама? Со што ќе оди таа во Петербург? Со три рубли или со две „банкички“, како што вели таа... старичката. Хм! Од што мисли таа да живее во Петербург? Та таа и самата некако се сетила дека кај Дуња не ќе може да живее по нејзиното мажење, дури ни во почетокот! Тој мил човек, секако, некако се

испуштил, иако мама со двете раце се брани од тоа: „самата ќе одбијам“, вели. Значи, во што и во кого се надева таа; во оние сто и дваесет рубли пензија, од кои треба да се одбие за долгот спрема Афанасиј Иванович? Таа таму плете зимски шалови, везе навлаки за ракави, си ги расипува старите очи. Но шаловите донесуваат само 20 рубли во годината, покрај оние сто и дваесет рубли, знам јас. Значи, сепак тие се надеваат во благородните чувства на господин Лужин: „самиот ќе понуди, ќе моли“, си мислат, ами како! Така се случува тоа секогаш во тие шилеровски прекрасни души: до последниот час го украсуваат човекот со паунски пердуви, до последниот час очекуваат добро, а не зло; значи, насетуваат дека ќе се сврти кон зло, но никако не сакаат побрзо да го кажат пред себе вистинскиот збор, ги жеже, штом ќе помислат за тоа; со двете раце се бранат од вистината сè додека човекот, кого во звездите го ковале, самиот не се тресне по носот. Да можам да знам, дали господин Лужин има некакви ордени; би се обложил дека носи обесен орден од редот на Ана и дека тој го става на себе кога оди на ручек кај набавувачите и трговците. Ќе го стави на себе секако и за својата свадба. Ѓаволот да го носи! . . .“

„Добро . . . на мама не ѝ се чудам, господ да ѝ биде на помош, таа веќе е таква, но; Дуња? Дуњечка мила, та јас ве познавам вас! Имаш дваесет години, кога се видовме последен пат: го сфатив вашиот карактер. Мама, ете, пишува дека „Дуњечка може многу да поднесе“. Тоа го знаев и јас. Тоа го знаев уште пред две и пол години, и оттогаш две и пол години размислувам за тоа дека „Дуњечка може многу да поднесе“. Штом веќе може да го поднесе господин Свидригајлов со сите последици, тогаш навистина може многу да поднесе. А сега смислила заедно со мама дека може да го поднесе и господин Лужин, кој ја изнесува теоријата за предноста на жените од сиромашните слоеви, на кои им прават добро дело со тоа што ги земаат, и кој тоа го излага речиси уште на првиот состанок. Добро, да речеме, „му се испуштило“, иако тој е разумен човек (така што можеби и не

му се испуштило, туку дека имал намера што побргу да го разјасни тоа), но Дуња, Дуња! Та таа го сфатила тој човек, а сепак ќе живее со него! Та таа ќе се храни со сув леб и ќе пие вода, а својата душа нема да ја продаде и нема да ја даде својата душевна слобода за конфор, нема да ја даде за целиот Шлезвиг-Холштајн, а камоли за господин Лужин. Не, Дуња не беше таква, колку што ја познавам јас, и... се разбира, и сега не се има изменето! ... што да правиш! тешки се Свидригајлови! Тешко е целиот живот да талкаш по губерниите како гувернанта за двесте рубли, но јас сепак знам, дека сестра ми побргу ќе оди меѓу црнците кај некаков плантажер или меѓу Летонците, кај некој балтиски Германец, отколку својот дух и своето морално чувство да го извалка со врска со човек, кого не го почитува и кој не ја заслужува, — засекогаш, само поради лична корист! Дури господин Лужин целиот да е направен од суво злато или од вистински брилјант, ни тогаш таа не би се согласила да му биде законита заложница! А зошто се согласува сега? Значи, во што е работата? Каде е одговорот? Работата е јасна: поради самата себеси, поради конфорот, таа не би се продала дури ни за да се спаси од смрт, но, ете, за друг ќе се продаде. Поради милиот, обожуван човек ќе се продаде! Во тоа и е целата работа: за братот, за мајката ќе продаде сè! Сè ќе продаде! О, кога ќе излезе погоден случај, ние ќе го придушиме и нашето морално чувство, слободата, мирот, па и совеста. Сè ќе изнесеме на панаѓурот на ветошини. Нека го земе ѓаволот и животот! Само да бидат срекни тие наши саканѝ суштества! И не само тоа, туку ќе измислиме и своја сопствена казуистика, ќе научиме од језуитите, па можеби и самите себеси ќе се смириме за некое време, ќе се увериме себеси дека така треба да биде, навистина, така треба да биде, заради благородна цел. Ние и сме такви, и сè е јасно како ден. Јасно е дека тука не се работи за никој друг, туку за Родион Романович Раскољников и дека тој тука се наоѓа во прв план. Ами како, може да го усрекѝ, може да го издржува на универзитетот, да го направи компањон во канцеларијата, да му ја осигури

сета иднина; можеби подоцна ќе стане богат, угледен, почитуван, а можеби дури и животот ќе го заврши како почитуван човек! А мама? Та тука се работи за Родја, за милиот Родја, првенецот! Како може ваквата ќерка да не ја жртвува за ваков првенец! О, мили и неправедни срца! Ами како: тука ние нема да се откажеме, можеби, ни од судбината на Соњичка! Соњичка, Мармеладова, вечната Соњичка, додека постои светот! А жртвата, дали вие две сосем сте ја оцениле жртвата? Дали? Дали одговара на вашите сили? Има ли корист од неа? Дали е разумно? Знаете ли вие Дуњечка дека судбината на Соњичка по ништо не е погадна од животот со господин Лужин? „Тука не може да има љубов", пишува мама, а што ќе биде ако освен љубов не може да има ни почитување, туку напротив веќе постои гадење, презир, омраза, што ќе биде тогаш? А, ете, излегува така дека пак треба „*да се внимава на чистотата*". Не е ли вистина тоа? Сфаќате ли, сфаќате ли вие што значи таа чистота? Сфаќате ли вие, дека лужинската чистота е истото што и чистотата на Соњичка, а можеби е и полоша, погадна, поподла, зашто вие, Дуњечка, сепак очекувате голем конфор, а таму не се работи за ништо друго, туку за смрт од глад! Скапа е, скапа е таа чистота, Дуњечка! Но ако тогаш останете без сили, ако се покаете? Колку јад, тогаш проколнувања, колку солзи, криени од сите зашто вие не сте Марфа Петровна? А потоа што ќе стане со мама? Па таа уште сега е неспокојна, се мачи. Што ќе прави тогаш, кога ќе види сè самата? А што ќе стане со мене? . . . А, всушност, што сте мислеле вие за мене? Јас не ги сакам вашите жртви, Дуњечка, не ги сакам, мамо! Нема да дојде до тоа додека сум жив, нема да дојде, нема! Јас не го примам тоа!"

Наеднаш се созеде и застана.

„Нема да дојде? А што ќе направиш ти за да не дојде до тоа? Ќе го забраниш ли тоа? А какво право имаш? Што можеш да им ветиш од своја страна за да имаш такво право? Дека нив ќе им го посветиш целиот свој живот, својата иднина, *откако ќе го завршиш учењето и ќе добиеш место?* Сме го слушале

тоа, а тоа е *свирка без звук*, а сега? Сега веднаш треба да се направи нешто, сфаќаш ли? А што правиш ти сега? Уште и ги ограбуваш. А тие набавуваат пари на сметка на пензијата од сто рубли и од Свидригајлови со залог! Штом ти нив ќе ги зачуваш од Свидригајлови, од Афанасиј Иванович Вахрушин ти иден милионеру, ти Зевс, што располага со нивната судбина? По десет години? Но по десет години твојата мајка ќе ослепи од шаловите, а можеби од солзи; ќе се исуши од постењето; а сестра ти? Добро, ајде смисли, што може да стане со сестра ти по десет години, или за време на тие десет години? Дали ти текнува?"

Така тој се мачеше себеси и се дразнеше со прашања, дури со некаква наслада. Впрочем, сите тие прашања не беа нови, не беа ненадејни прашања, туку стари прашања што го измачуваат одамна. Веќе одамна го измачуваат и сето срце му го раскинаа. Одамна, преодамна, се зачна во него сегашниот јад, растеше, се натрупуваше, па во последно време узреа и се концентрира, се претвори во ужасно, луто, фантастично прашање, што му го измачи срцето и умот, барајќи решение со сета сила. А сега писмото од мајка му како гром удри во него. Јасно е дека сега не е добро да се тагува, ниту пасивно да се страда, и само да се размислува за тоа, оти тие прашања не можат да се решат, туку, секако, треба да се стори нешто и тоа веднаш, што побрзо. Треба да се реши по секоја цена за нешто, или . . .

„Или сосем да се откажам од животот", – викна тој ненадејно, бесно, – „понизно да ѝ се покорам на судбината, без обзир каква е таа, еднаш засекогаш, да ја придушам во себе, да се откажам од секакво право, да работам, да живеам и да љубам! . . ."

„Сфаќате ли, сфаќате ли вие, милостив господине, што значи тоа, кога веќе не можете никаде да одите?" – му дојде во умот вчерашното прашање на Мармеладов. – „Бидејќи секој човек треба да има каде да оди . . ."

Наеднаш се стресе, во главата му светна мисла, и тоа пак една вчерашна. Но не се стресе затоа што во главата му светна мислата. Знаеше, претчувствуваше,

дека, секако, ќе му „светне“, и дури и ја очекуваше; а таа мисла воопшто не беше вчерашна. Но разликата беше во тоа, што пред еден месец, па сè до вчера, беше само фантазија, а сега . . . сега му се јави однеодненадеж, но не како фантазирање, туку како во некаков нов, грозен и сосем непознат облик и тој наеднаш ја позна . . . му светна во главата и пред очите му се стемни.

Набрзина се обврна, нешто бараше. Сакаше да седне, бараше клупа. Сега поминуваше по С-скиот булевар. Клупа забележа на едно сто чекори пред себе. Отиде таму колку што можеше побрзо, но по патот доживеа нешто што неколку мига му го ангажира сето внимание.

Обврнувајќи се по клупата, забележа дека на дваесетина чекори пред него, оди некаква жена, но отпрвин ја гледаше невнимателно, како што гледаше досега сè што минуваше пред него. Често, на пример, ќе дојдеше дома, без да може некако да се сети по кој пат дошол, па веќе се научи така да се движи. Но, на женава што одеше пред него, имаше нешто необично, што веднаш паѓа в очи, па таа почна по малку да го ангажира сето негово внимание, отпрвин несакајќи и некако со сила, а потоа сè посилно и посилно. Му дојде желба, да дознае, што е тоа необичното во таа жена? Во прв ред, таа е сосем млада девојка, а по жештината оди гологлава, без чадор и без ракавици, и некако смешно мавта со рацете. На неа има фустан од лесна свила, но некако чудно го има облечено, одвај е закопчан, а одзади во половината, на горниот крај од здолништето, скинат. Цело парче се истргнало, па виси и се мафта. Мала шамија има префрлено преку голиот врат, но и таа стои некако накриво. А потоа, девојката гази несигурно, се сопина и се тетерави. Таа средба најпосле, му го привлече сето внимание на Раскољников. Девојката, ја стаса токму крај клупата, но кога таа дојде до клупата, се спушти врз неа на едниот крај, си ја потпре главата на потпирачот и си ги затвори очите, очигледно од голем замор. Тој ја погледна и веднаш сфати дека е наполно пијана. Му беше необично и непријатно да ја гледа оваа сцена.

Нешто повеќе, си помисли дали не се лаже. Пред него е сосем младо лице од шеснаесет години, можеби од петнаесет, – малечкаво, бело, убавко, но сосем зацрвенето и како надуено. Девојката се чини, речиси и не е при свест; ја префрли едната нога преку другата и откри повеќе отколку што требаше, и како што се гледа, не е сосем свесна дека е на улица.

Раскољников не седна, но не сакаше ни да си оди, ами нерешително стоеше пред неа. Таа улица секогаш е пуста, а сега во два часот и по ваква жештина, тука немаше речиси ни жива душа. Но настрана, на едно петнаесетина чекори понатаму на крајот од булеварот, се наоѓаше некој господин кој, судејќи по сè, сакаше, исто така, да ѝ пристапи на девојката со некаква намера. И тој, се чини, ја гледал оддалеку и одел по неа, но во тоа го спречил Раскољников. Го стрелнуваше со пакосните погледи, настојувајќи, меѓутоа, Раскољников да не ги забележи, и нестрпливо чекаше, тој непријатен парталко да се тргне оттука, и да му дојде нему редот. Работата беше јасна. Господинот имаше триесетина години, беше крупен, дебел, бел и црвен во лицето, со црвени усни, со мустачиња, облечен како конте. Раскољников многу се налути; одеднаш му дојде желба да го навреди тоа дебело конте. За миг ја остави девојката и му пристапи на господинот.

– Еј, вие, Свидригајлове, што сакате вие овде? – викна тој стискајќи ги тупаниците и смеејќи се, а усните му беа фатиле пења од бес.

– Што значи тоа? – остро праша господинот, собирајќи ги веѓите и зачудено.

– Губете се!

– Како се осмелуваш ти, гаде! . . .

И тој замавна со корбачот. Раскољников се спушти по него со дигнати тупаници и не мислејќи дека тој крупен господин би можел да смачка и двајца такви како него. Но во тој миг некој одназад го зграпчи силно: меѓу нив застана чуварот на редот.

– Успокојте се, господа, не тепајте се на јавно место! А зошто? Кој сте вие? – му се обрна тој на Раскољников, откако ги забележа неговите партали.

Раскољников го погледна внимателно. Тоа беше чесно полициско лице со белузлави мустаќи и зулуфи, со разумен поглед.

– Вие ми требате, – викна фаќајќи го чуварот на редот за рака, – јас сум бивш студент Раскољников... и да знаете... – му се обрна на господинот. – А вие дојдете со мене, ќе ви покажам нешто...

И како што го фати полицаецот за раката, го повлече кон клупата.

– Еве видете, наполно пијана, пред малку одеше по булеварот; кој ја знае каква е, но не ми изгледа дека е од тој занает. По сè, се чини, дека некаде се опиле и ја излагале. Првпат... разбирате ли?... па така ја пуштиле на улица. Гледајте, како ѝ е скинат фустанот, гледајте како е облечена: та неа ја облекувал друг. Самата таа не се облекла, ами ја облекувале невешти раце, машки. Тоа се гледа. А сега погледајте ваму: ене оној конте, со кој за малку ќе се степав, јас не го познавам, првпат го гледам; и тој неа ја забележа патем, пред малку, пијана, без свест, па и нему сега му се присакало да ѝ пристапи, да ја зграпчи, зашто е во таква состојба, – и да ја одведе некаде... Така е тоа сосем, верувајте, јас не се лажам. Јас самиот видов како ја следеше и ја гледаше, но јас го спречив и сега тој чека, витка цигара... секако нема да му ја дадеме! да ја испратиме дома? Што мислите?

Полицаецот веднаш сфати. Што се однесува до дебелиот господин, сè е јасно, останува уште девојчето. Стариот полицаец се наведна над неа за да ја разгледа одблизу, и искрено жалење му се јави на лицето.

– Ех, кутрата! – рече, нишнувајќи со главата, – речиси уште вистинско дете. Ја излагале, како дете! Слушајте, госпоѓице, – ѝ се обрна тој, – каде живеете?

Девојката ги отвори уморните, заматени очи, тапо погледна во луѓето што ја прашуваа, и одмавна со раката.

– Слушајте, – рече Раскољников, – еве, (тој побара во џебот и извади дваесет копејки; толку најде), земете, најдете кола и наредете му на коларот да ја

одвезе во станот. Само да дознаеме каде се наоѓа нејзиниот син.

– Госпоѓице, ама госпоѓице! – започна пак полицаецот, откако ги прими парите, – веднаш ќе најдам кола и сам ќе ве испратам. Каде сакате? А? Каде живеете?

– Одам . . . силуваат! – промрмори девојката и пак одмавна со раката.

– Ах, ах, не чини така! Ах, срамота е тоа госпоѓице, многу срамота! – пак тој почна да нишка со главата, срамејќи се, жалејќи ја и сиот вчудовиден. – Тешко е тоа! – му се обрна тој на Раскољников и сега пак бегло го погледа од главата до петиците. Секако и тој му дојде чуден: во такви партали, а дава пари!

– Далеку ли ја најдовте? – го праша.

– Ви велам: одеше пред мене, се тетеравеше, овде на булеваров. Кога дојде до клупава веднаш се спушти на неа.

– Ах, каков срам настапи денеска на светов. Господе боже! Толку млада, и ете се опила! Ја излагале, така е! Еве и фустанчево ѝ го скинале . . . ах каква расипаност настапи сега! . . . а можеби е од благороднички семејство, од некое сиромашно . . . сега има многу такви. Навидум е некако нежна, како вистинска госпоѓица.

И пак се наведна над неа.

„Можеби и тој има исти вакви ќерки – „како вистински госпоѓици и нежни“ – со навики на образовани деца и со секакво помодарско подражување . . .“

– Главно е, – рече по малку Раскољников, – да не му ја препуштиме на подлецов! Та тој уште ќе ја осрамоти! Јасно е како ден што сака тој; ене, не си оди, подлец ниеден!

Раскољников зборуваше гласно и со раката покажуваше токму кон него. Тој, пак, го слушна и веќе сакаше повторно да се разбесни, но се премисли, па само го погледна со презир. Потоа полека се оддалечи уште десетина чекори и пак застана.

– Да не му ја препуштиме, – одговори полицаецот размислувајќи, – само да каже каде да ја одвеземе,

зашто инаку . . . Госпоѓице, ама госпоѓице! – почна тој пак.

Таа ненадејно си ги отвори сосем очите, погледна внимателно, како да разбрала нешто, стана од клупата и пак тргна по истиот пат откаде што дојде.

– Пих, бесрамници, силуваат! – рече таа и пак одмавна со раката.

Фати да оди побрзо, тетеравејќи се како порано. Контето појде по неа, но од другата страна на улицата, не тргнувајќи ги очите од неа.

– Не грижете се, нема да дозволам, – рече мустаклијата горделиво и тргна по нив. – Уф, каква расипаност настапи сега! – повтори тој гласно, воздивнувајќи.

Тогаш како нешто да го боцна Раскољникова; во еден миг, како нешто да се преврти во него.

– Слушајте, еј! – викна тој по мустаклијата. Овој се сврти.

– Оставете! зошто? оставете го сето тоа! нека се забавува! (Тој покажа на контето.) Што ви е грижа?

Чуварот на редот не го разбра, па ги ококори очите. Раскољников се насмеа.

– Е – ех! – рече стариот полицаец, одмавна со раката и појде по контето и по девојката, помислувајќи дека Раскољников или е луд или – нешто полошо.

„Ги зеде моите дваесет копејки," – изговори Раскољников пакосно, кога остана сам. – „Добро нека земе и од другиот, па нека ја пушти девојката да оди со него, и така сè ќе заврши . . . и зошто се замешав во тоа! Зарем јас да помагам во тоа? Имам ли јас право да помагам? Живите нека се голтаат, што ми е мене грижа за тоа, како смеев да ги дадам тие дваесет копејки, та тие не се мои!"

И покрај сите тие чудни зборови, му беше многу тешко. Седна на напуштената клупа. Мислите му се разбегаа . . . а воопшто му беше тешко во тој час да размислува за нешто. Сакаше сега сосем да потоне во сон, да заборави сè, а потоа да се разбуди и сè да започне одново . . .

„Кутрото девојче!" – рече откако погледна во празниот агол на клупата. – „Ќе се свести, ќе заплаче,

потоа ќе дознае мама . . . најпрвин ќе ја кара, потоа ќе ја измава, налутено и срамотно, можеби и ќе ја истера . . . а и ако не ја истера, пак ќе намирисаат дарјите францовни и девојченцето ќе започне да се повлекува којзнае каде . . . Потоа, ете ја веднаш болницата, (а тоа секогаш се случува со оние што живеат кај многу чесни мајки и се расипуваат кришум од нив), а потоа . . . потоа пак в болница . . . вино, . . . крчми . . . и пак в болница . . . за две три години – инвалид. Па ако поживеат само деветнаесет или осумнаесет години . . . зарем не сум гледал такви! А зошто станале такви? Па, еве, сите на ваков начин . . . Пхи! Добро! Велат, така мора да биде. Олкав процент, велат, мора секоја година да исчезнат . . . некаде . . . по ѓаволите, веројатно за да закрепнат другите и да не им пречат. Процент! Навистина прекрасни се тие нивни зборови: толку смирувачки, научни. Рекоа: процентот не треба, значи, да вознемирува. Да има друг збор, но тогаш . . . можеби би било понезгодно . . . а што ќе стане ако и Дуњечка некако влезе во тој процент! . . . Ако не во тој, тогаш во другиот!“

„Каде ли одам јас?“ – си помисли ненадејно. – „Чудно, па јас поради нешто излегов, откако го прочитав писмото, тргнав . . . на Василевскиот остров, јас сега одев, ете, кај Разумихин . . . се сеќавам, но зошто тргнав? и како токму сега ми дојде на ум мислата, дека одам накај Разумихин? Тоа е многу важно.“

Се чудеше самиот со себеси. Разумихин му беше еден од поранешните другари на универзитетот. Додека Раскољников беше на универзитетот, за чудо, немаше другари, од сите се тргаше настрана, не одеше кај никого и не сакаше да доаѓаат кај него. Впрочем, набргу се оттргнаа сите од него. Не учествуваше ни во општите состаноци, ни во разговорите, ни во забавите, ниту во нешто друго. Учеше грижливо и затоа го почитуваа, но никој не го љубеше. Беше многу сиромашен, а некако надуено горд и недружељубив, како нешто да крие во себе. На некои негови другари им се чинеше дека сите ги смета за деца, дека ги гледа одвисоко, како сите да ги претекол и по развитокот, и

по знаењето и по начелата а нивните начела и интереси ги смета за нешто пониско.

Со Разумихина некако се здружи, или може да се каже и не се здружи, туку со него беше поразговорлив и поотворен. Но со Разумихина никој и не можеше да биде поинаков. Тој беше необично весел и дружељубив момчак, добар и простодушен. Но под таа простодушност се криеше сериозност и достоинство. Неговите најдобри другари, го сфаќаа тоа и сите го сакаа. Беше многу бистар, иако навистина малку простичок. Имаше забележлива надворешност: висок, мршав, секогаш лошо избричен, црнокос. Понекогаш знаеше да се раскара и го биеше глас дека е силен човек. Еднаш ноќе во друштво со еден замав собори стражар, висок четириесет и две вршки.[1]) Можеше да пие без крај, но можеше и воопшто да не пие; можеше да изведува ѓаволштилаци колку што сака, но можеше да биде и сосем мирен. Разумихин беше посебен и по тоа, што никогаш не го збунуваа никакви незгоди, и никакви лоши околности, се чини, не можеа да го скршат. Можеше да живее и на покрив, можеше да трпи и најтешка глад, и најголем студ. Беше гол сиромав и сосем сам се издржуваше себеси, заработувајќи пари со секакви работи. Знаеше небројени извори од кои можеше да црпи заработувачка. Еднаш цела зима не си ја загреа собата, и тврдеше дека така е и попријатно, бидејќи подобро се спие во студена соба. Сега и тој беше присилен да го напушти универзитетот, но не за долго време, ами со сета сила настојуваше да си ги поправи условите и да го продолжи школувањето. Раскољников не бил кај него веќе четири месеци, а Разумихин не го ни знаеше неговиот стан. Еднаш, пред два месеца, се сретнаа на улица, но Раскољников ја сврти главата на другата страна и дури мина на другата страна на улицата за да не може овој да го забележи. А Разумихин, иако го забележа, го продолжи патот не сакајќи да го збунува пријателот.

---

[1]) стара мера за должина; 1 вршка = 44.45 мм

V

„Навистина, јас неодамна сакав да го замолам Разумихин да ми најде работа или часови, или нешто што било . . .“ – се сеќаваше Раскољников, – „но со што може да ми помогне сега? Дури и да ми најде часови, дури и да ја подели со мене последната копејка, ако ја има, па дури и да купам чизми и да ја поправам облекава, како би можел да држам часови . . . хм . . . да, а понатаму? што ќе правам со петаците? Та сега мене не ми треба тоа! Смешно е, навистина, што тргнав кон Разумихин . . .“

Прашањето, зошто сега тргнал кон Разумихина, го вознемируваше посилно, отколку што му се чинеше, и возбудено бараше некое злокобно значење во таа своја постапка, која навидум беше сосем обична.

„Што, зарем сакав сè да поправам само со Разумихин и зарем за сè излез ќе најдам кај Разумихин“ – се прашуваше зачуден.

Размислуваше и си го триеше челото, и, ете, чудно, некако ненадејно, одеднаш речиси сосем само од себе му светна во главата, по долго размислување, сосем необична мисла.

„Хм . . . кај Разумихин,“ – рече тој наеднаш сосем спокојно, како да е тоа конечно решение, – „кај Разумихин ќе одам, се разбира . . . но – не сега . . . кај него ќе одам . . . утре по о н а, откако ќе биде свршено тоа и кога сè ќе тргне по ново“.

И наеднаш се сепна.

„По о н а“, – викна тој станувајќи од клупата, – „а зарем ќе се случи тоа? Навистина дали ќе се случи?“

Ја напушти клупата и тргна, речиси трчајќи; отпрвин сакаше да се врати дома, но наеднаш му се виде страшно одвратно да се врати во својата куќа: во тој агол, во таа ужасна дупка, токму таму и дозрева сево ова, еве, веќе еден месец и подолго; и тој појде каде што го водеа очите.

Нервозното треперење му се претвори во некаква треска; почнаа да му лазат и морници; голема жештина е, а нему му студи. Некако сосила, речиси несвесно, од некаква внатрешна потреба, започна да се

загледува во сè на што ќе наидеше, како со сета сила да настојува да се забавува, но не успеваше, па постојано остануваше замислен. А кога ќе се освестеше, ја дигаше главата и се обрнуваше наоколу, веднаш забораваше, за што размислувал пред малку, па дури и тоа, каде одел. Така тој го мина целиот Василевски остров, излезе на Мала Нева, го мина мостот и скршна кон островчињата. Зеленилото и свежината отпрвин им се допаднаа на неговите уморни очи, научени на градска прашина, на вар и на големи куќи, што притискаат и задушуваат. Тука нема запуровина, ни смрдеа, ни крчми. Но набргу и тоа ново пријатно чувство му се претвори во болка и раздразливост. Подзастануваше пред некоја од вилите, украсени со зеленило, па гледаше низ оградата, и се загледуваше подалеку, на балконите и на терасите, во наконтените жени и деца, како трчаат по градините. Особено го интересираше цвеќето и него најмногу го разгледуваше. Сретнуваше и блескави кочии, јавачи и жени што јаваа; ги следеше љубопитно со очите и ги забораваше побргу отколку што му исчезнуваа од пред очите. Еднаш застана и си ги изброи сите пари: имаше околу 30 копејки: „Дваесет на полицаецот, три на Настасја за писмото, – значи вчера на Мармеладови сум им дал четириесет и седум или педесет копејки“ – си помисли, сметајќи којзнае зошто, но набргу го заборави дури и тоа, зошто ги извади парите од џебот. Се сети тогаш кога поминуваше покрај некаква гостилница, еден вид локал за општествена исхрана, и почувствува дека е гладен. Влезе во гостилницата се напи чашка вотка и изеде некаков филуван колач. Всушност, го дојаде надвор. Веќе одамна немаше пиено вотка и таа веднаш си го стори своето, иако испи само една чашка. Нозете веднаш му стежнаа и почувствува дека го обзема голема дремка. Отиде дома; но кога веќе беше дојден до Петровскиот остров застана целиот изнемоштен, скршна од патот, влезе меѓу грмушките, се истркала на тревата и вчас заспа.

Кога е човек болен напати соништата му се необично изразити, јасни и извонредно слични на јавето.

Понекогаш се создава стравотна слика, но рамките и целиот процес на нејзиното настанување се толку веројатни и придружени со толку фини подробности, кои, навистина, се ненадејни, но толку уметнички одговараат на полната целост на таа слика, што најаве не би ги смислил истиот тој сонувач, дури и да е таков уметник како Пушкин или Тургенев. Таквите соништа, болните соништа секогаш се паметат долго време и му оставаат силен впечаток на растроениот и возбуден организам на човекот. Раскољников сони страшен сон. Го сонуваше своето детство уште во нивното гратче. Тој има седум години а празник е и предвечер со татко си шета надвор од градот. Времето е матно, денот запурен, местото сосем онакво какво што се зачувало во неговиот спомен: во сеќавањето, секако, многу повеќе му избледило, отколку што сега му се прикажува на сон. Градчето е пред него како на дланка, наоколу нема ни врба; некаде далеку, сосем на крајот на небото, се црнее шумичка. На неколку чекори од последниот градски плет стои крчма, голема крчма, од која тој секогаш непријатно се оттргнувал и се плашел, секогаш кога со татко си, при прошетка поминувал покрај неа. Секогаш таму имало толпа, таму се дереле, се кикотеле, пцуеле, пееле со одвратни, зарипнати гласови и често се тепале; околу крчмата везден се врткале пијани и страшни муцки . . . кога ќе ги сретнел, ќе се прилепел до татко си и целиот треперел. Покрај крчмата има една патека секогаш полна со прав и тој прав на неа секогаш е црн. Таа патека се кривуличи понатаму, па на триста чекори оттаму ги заобиколува вдесно градските гробишта. Среде гробиштата има камена црква со зелена купола, каде што двапати во годината со татко си и со мајка си одел на служба, кога имало задушници за неговата баба, која е веќе одамна умрена и која тој никогаш не ја видел. Тогаш со себе носеле поскури во бела чинија, завиткана во шамија, а поскурата била со шеќер, од ориз и суво грозје, кое во оризот било наредено во облик на крст. Таа црква без стариот свештеник со треперлива глава и старинските икони во неа без рамките, ја сакаше најмногу. До гробот на

баба му, на кој има плоча, беше и гробот на помладиот негов брат, што умрел кога имал шест месеци, и кого, исто така, не го познаваше и не можеше да го памети; но му рекле дека имал помлад брат, така што секогаш, кога ќе дојдел на гробиштата, побожно и понизно се крстел на гробчето, му се клањал и го целивал. Е, еве, сега му се сони: одат со татко му по патот кон гробиштата и минуваат покрај крчмата; го држи тој татко си за рака и со страв со обрнува кон крчмата. Нешто особено му го привлекува вниманието; како тука да има некаква забава, толпа гиздаво облечени граѓанки, жени, нивни мажи и секаков цган. Сите се пијани, сите пеат, а пред влезот на крчмата стои кола, но чудна кола. Тоа е една од оние големи коли, во кои впрегнуваат големи товарни коњи, па на нив превезуваат стоки и бочви. Секогаш љубеше да ги гледа тие големи товарни коњи, со долги гриви, а со крупни нозе, како одат спокојно, со одмерен чекор и влечат зад себе цело брдо, а воопшто не се напрегнуваат, како да им е полесно со колата отколку без колата. Но сега, чудно, во таква голема кола е впрегната мала, мршава, лисеста, селска маска, една од оние, – тоа често го гледал – што се напрегнува со некаков товар од дрва или сено, особено кога колата ќе се заглиби во кал и тогаш селаните толку силно, толку бездушно ги маваат со камшиците, понекогаш и по муцката и по очите, а нему му е тешко, толку тешко да гледа, што му се плаче, па мајка му секојпат го отстранува од прозорецот. Но сега, наеднаш настанува голема врева: од крчмата излегуваат викајќи и пеејќи, со балалајки, некакви големи селани пијани – земја, во црвени и модри рубашки, со наметнати палта. „Седнувајте, седнувајте сите!“ – вика еден од нив уште млад, со дебел врат, со месесто лице, црвено како морков, – „сите ќе ве одвезам, седнувајте!“ Но наеднаш се разнесува смеа и извици:

– Вакво коњиште, ќе нè одвезело!

– Ама имаш ли ум, Миколка; ваква кобилка впрегнуваш во ваква кола?

– Ама овој, лисестиов, секако има дваесет години, браќа!

– Седнувајте, сите ќе ве одвезам! – вели пак Миколка, скокнувајќи прв во колата, ги фаќа уздите и застанува простум напред во колата. – Доријата отиде со Матвеј, – вика тој од колата, – а оваа кобилка само ме лути; јас мислам, најдобро е да ја убијам, бадијала ја хранам. Велам – седнувајте! Ќе ја терам во галоп, ќе галопира таа!

И тој го зема во рацете камшикот, со уживање готвејќи се да ја тепа лисестата кобилка.

– Ама седнувај, што има! – се кикотат во толпата. – Слушаш ли, во галоп.

– Таа нема трчано сигурно веќе десет години.

– Ќе трча!

– Не жалете, браќа, секој нека си го земе својот камшик, пригответе се!

– И ќе се приготвиме! Удри!

Сите се кикотат и шегувајќи се се качуваат на колата од Миколка. Се качуваат шест луѓе а има уште место. Земаат со себе една жена, полничка и румена. Таа е во црвен басмен фустан, на главата има капа украсена со мониста, на нозете цокули; таа крши орев и се смешка. Наоколу, во толпата, исто така, се смеат, а и како да не се смеат: таа кутра кобилка, да влече во галоп ваков товар! Две момчиња во колата веднаш ги земаат камшиците, за да му помогнат на Миколка. Се слуша: „Ди!“ Маската тргнува со сета сила, но не само што не може да трча галоп, туку одвај со сета сила оди со обичен чекор, само се сопина со нозете, збива и потклекнува под ударите на трите камшика што пукаат врз неа како дожд. Смеата на колата и во толпата расте, но Миколка се лути и бесно замавнува, ја мава кобилката сè почесто, како навистина да мисли дека таа ќе фати да трча.

– Дозволете ми и мене, браќа! – вика од толпата еден разбеснет момчак.

– Седнувај! Седнувај! Седнувајте сите – вика Миколка, – сите ќе ве одвезе! Ќе ја претепам! – Ја мава и ја мава и не знае повеќе од бес со што да ја удри.

– Татенце, татенце, – му вика тој на татко си, – татенце, ама што прават оние? Татенце, го тепаат кутрото коњче.

– Ајде да си одиме! – одговара татко му – пијани се, беснеат, глупаци, ајде, не гледај ги! – и сака да го одведе, но тој му се оттргнува и целиот надвор од себеси трча кон коњчето. Но, на кутрото коњче му е лошо. Го губи здивот, подзапира, пак тргнува, готово да падне.

– Удри, да го дотепаме – вика Миколка – штом не оди поинаку. Ќе го претепам!

– Ама да не не си докрстен, ѓаволе! – му вика некој старец од толпата.

– Кај се видело олкацко коњче да влече олкав товар! – додава друг.

– Ќе го убиеш – вика трет.

– Не грижи се, мој е! Што сакам ќе му правам. Седни и ти! Качете се сите! Да, бездруго, сакам да трча! . . .

Наеднаш се разнесе смеа како плотун, посилна од сите викотници: кобилката не можеше да го поднесе толкавото мавање, па во немоќта почна да клоца. Ни старецот не издржа, па се насмевна. И навистина: толку мала кобилка и уште клоца!

Уште две момчиња од толпата зедоа камшици и стрчнаа кон кобилката за да ја маваат отстрана: едниот од едната, другиот од другата страна.

– По муцката, по очите удри, по очите, – вика Миколка.

– Песна, браќа! – вика некој од колата и сите на колата прифаќаат. Се разнесува распуштена песна, удираа во барабан, наместо припев свиркаат. Жената грицка ореви и се смешка.

. . . Тој трчка околу коњчето, излегува пред него, гледа како го тепаат по очите, токму по очите! Плаче. Му се надига срцето, му течат солзи. Еден од тие што тепаат, го фаќа за лицето, но тој не чувствува; си ги крши прстите, вика. Се спушта кон белобрадиот старец кој нишка со главата и сето тоа го осудува. Една жена го фаќа за раката и сака да го одведе, но тој се оттргнува и пак бргу се враќа кон коњчето. А коњчето веќе е изнемоштено, но уште еднаш се обидува да клоца.

– Ѓавол да те земе! – вика Миколка бесен. Го фрла камшикот, се наведнува и оздола извлекува долга и дебела ластегарка, ја фаќа со обете раце за крајот и со сета сила мавта врз кобилката.

– Ќе ја здроби! – викаат наоколу.

– Ќе ја убие!

– Моја е! – вика Миколка и со полн замав ја спушти ластегарката. Одекнува тежок удар.

– Удри ја, удри! зошто престанавте! – викаат гласови од толпата.

Миколка замавнува по вторпат и вториот удар со сиот замав паѓа врз грбот на кутрото коњче. Тоа потклекнува со задниот дел, но потоа отскокнува и со последната сила запнува де на едната де на другата страна за да повлече; но од двете страни го пречекуваат шест камшика, а ластегарката пак се крева и паѓа по третпат, потоа по четвртпат, одмерено, со замав. Миколка се разбеснува дека не може со еден удар да го убие.

– Жилаво е! – викаат наоколу.

– Сега мора да падне, браќа, готов е! – вика од толпата еден занесен човек.

– Удрете со секира, ами како! Треба одеднаш да се дотепа, – вика трет.

– Уф, комарците те изеле, да би! Ајде, мрдни! – вика Миколка бесно, ја фрла ластегарката, пак се наведнува во колата и извлекува железна прачка. – Чувајте се! – вика и со сета сила замавнува врз своето кутро коњче. Ударот треснува; кобилката се затетеравува, седнува, сака да тргне, но стапот пак со сета сила ѝ се струполува врз грбот, па таа паѓа наземи, како наеднаш да ѝ се пресекле сите четири нозе.

– Дотепајте ја! – вика Миколка и скокнува од колата, како да е надвор од себеси. Неколку момчиња, сите црвени и пијани, фаќаат сè што им доаѓа до рака, камшици, стапови, ластегарката, и ѝ се нафрлаат на кобилката, што умира. Миколка застанува отстрана и удира по грбот потамина. Коњот ја истегнува муцката, тешко дише и пцовисува.

– А зошто не трчаше!

– Моја е! – вика Миколка, со железото во рацете, а очите му се крвјосале. Стои и како да му е жал, оти нема веќе никој друг да ја тепа.

– Но, ти навистина не си докрстен! – викаат веќе многу гласови од толпата.

Но, кутрото момче веќе не е при себе. Викајќи се турка низ толпата кон маската, ја прегрнува нејзината мртва, раскрвавена муцка и ја бацува, ѝ ги бацува очите, устата . . . Потоа наеднаш отскокнува, и бесно се нафрла со своите тупанички на Миколка. Во тој миг, најпосле, го фаќа татко му, кој веќе одамна трчаше по него, и го изнесува од толпата.

– Да си одиме, да си одиме, – му вели – да си одиме дома.

– Тато! Зошто го убија . . . кутрото коњче? – плаче тој, но здивот му се запира и зборовите што ги изговара со викање му се кинат од стиснатите гради.

– Пијани се . . . лудуваат . . . не е наша работа, да си одиме, – вели таткото. Тој го прегрнува татка си, но во градите го притиска, го задушува. Сака да здивне, да подвикне, и – се разбудува.

Се разбуди сиот испотен, со влажна коса, без здив, и се подисправи целиот вцашен.

– Фала му на господа, тоа било сон! – рече, седнувајќи под дрвото и длабоко дишејќи. – Ама што е ова? Да не ме фаќа температура: многу глупав сон.

Целото тело му е како здробено, а во душата неред и мрак. Се потпре на колениците и со раце ја поткрепи главата.

„Господи!“ – викна тој – „зарем јас навистина ќе можам да земам секира, да удирам по глава, и да здробам череп . . . кришум да газам во лепливата, топла крв, да ја скршам бравата да крадам и да треперам; да се кријам, целиот облеан во крв . . . со секира . . . Господи, дали навистина можам такво нешто?“

Трепереше како лист, кога го зборуваше тоа.

– Ама што ми е! – продолжи станувајќи пак и како многу зачуден, – ама јас знаев дека не ќе можам да го поднесам тоа, зошто, значи, сè досега се мачев себеси? Та уште вчера, вчера, кога отидов, да направам . . . проба, та вчера јасно сфатив дека нема да

издржам... А што ми е сега? Зошто досега се сомневав? Та вчера, кога слегував по скалите, јас самиот реков, дека тоа е подло, гадно, ниско, ниско... Та мене од самата мисла најаве ми се згади и ме обзеде ужас...

– Не, јас не можам да го издржам тоа, не можам да го издржам! Дури, дури и да нема никакво сомневање во тие сметки, дури и сето што е решено во овој месец, да е јасно како ден, точно како аритметика. Господи! Та јас сепак нема да се решам! та нема да издржам, нема да издржам!... Зошто, зошто сево ова досега...

Стана, зачуден се обѕрна околу себе, како да се чуди и поради тоа зошто дошол ваму, па отиде накај Т-виот мост. Беше блед, очите му гореа, и рацете и нозете му беа изнемоштени, но наеднаш почна полесно да дише. Почувствува, дека веќе го фрлил од себе страшното бреме, што го притискаше толку долго, и во душата му стана лесно и спокојно. „Господи!“ – се молеше – „покажи ми го твојот пат, а јас се откажувам од проклетата... моја фантазија!“

Преминувајќи преку мостот гледаше мирно и спокојно во Нева, во силно осветлениот запад, во зајдисонцето. Беше слаб, но сепак не чувствуваше умореност. Како сега наеднаш да му се дупнал чирот, што му гноел еден месец. Слобода, слобода! Се ослободи сега од тие маѓии, волшепства и сеништа!

Подоцна, кога се сети за ова време и за сè што му се случи тие денови, час по час, точка по точка, црта по црта, се чудеше речиси суеверно поради една работа која, всушност, не беше многу необична, но подоцна секогаш му се чинеше како определена од судбината.

Се работеше за ова: никако не можеше да сфати ни да си објасни себеси, зошто вака уморен и измачен не се врати дома по најкраткиот пат, откаде што ќе му беше најзгодно, ами се врати преку Сенскиот плоштад, преку кој воопшто не мораше да оди. Заобиколувањето не беше големо, но забележливо и сосем непотребно. Се разбира, веќе десетина пати се враќаше дома без да се сеќава, по кои улици дошол.

Но зошто (се прашуваше секогаш), заошто толку важна, за него решавачка и воедно наполно случајна средба на Сенскиот плоштад (преку кој немаше зошто да оди) се случи токму сега, во тој час, во тој миг од неговиот живот, во таква душевна расположба и во токму такви околности, во кои само и можеше таа средба најрешавачки и најконечно да дејствува врз сета негова судбина? Како таму намерно да го очекуваше!

Беше околу девет часот кога минуваше по Сенскиот плоштад. Сите трговци на маси, на клупи и по дуќаните и дуќанчињата веќе затвораа или ја симнуваа и ја прибираа својата стока, и си одеа дома, исто како и нивните купувачи. Покрај гостилниците, по приземјата, по нечистите и смрдени дворови и куќи на Сенскиот плоштад, а најмногу пред крчмите, вриеше од секакви занаетчии и парталковци. Раскољников најмногу ги сакаше тие места и сите тие улички во близината, секогаш кога излегуваше на улица бесцелно. Овде неговите партали не го привлекуваа вниманието на никого, и можеше да оди облечен како било, без да се згрози некој од тоа. Токму на аголот на К-на уличка еден граѓанин и жена му тргуваа со стоки на две маси: конци, кончени ленти, басмени шалови итн. И тие се прибираа, да си одат дома, но се задржаа разговарајќи со една позната, што им беше пристапила. Таа позната беше Лизавета Ивановна, помлада сестра на старицата Аљона Ивановна, колешка регистраторка и лихварка, кај која вчера беше Раскољников, кога дојде за да го заложи часовникот и да направи *проба* . . . Веќе одамна знаеше сè за Лизавета, а и таа донекаде го знаеше него. Беше висока, несмасна, срамежлива и тивка девојка, речиси идиотка, на едно триесет и пет години, целосна робинка на својата сестра, пред која трепери и од која дури добива и ќотек. Стоеше нерешително, со врзулец во раката, пред граѓанинот и жената, и внимателно ги слушаше. Тие ѝ објаснуваа нешто многу живо. Кога ненадејно ја забележа, Раскољникова го обзеде некое необично чувство, слично на силно чудење, иако во таа средба немаше ништо чудно.

– Решете за тоа вие самата, Лизавета Ивановна – ѝ велеше гласно граѓанинот. – Дојдете утре во седум часот, ќе дојдат и тие.

– Утре? – развлече Лизавета замислено, како да не може да се реши.

– Зарем Аљона Ивановна ви втерала страв во коските? – рече трговката, силна женичка. – Ве гледам, сосем сте како мало дете. Не ви е ни родена сестра, туку полусестра, а ете, како ве свиткала.

– Само вие немојте сега да ѝ кажете ништо на Аљона Ивановна, – ја прекина мажот, – ве советувам, а дојдете кај нас, немојте да ве молиме. Тоа е доходна работа. Тогаш и вашата сестра ќе го сфати тоа.

– Да дојдам?

– Во седум часот изутрина; ќе дојдат и тие, па решете самата.

– И самовар ќе ставиме, – додаде жената.

– Добро, ќе дојдам – рече Лизавета, сè уште размислувајќи, и фати полека да се оддалечува.

Раскољников тогаш веќе ги одмина и не слушна ништо понатаму. Поминуваше тивко, незабележано, и внимаваше, ни еден збор да не пропушти. Неговото првобитно чудење малку по малку се претвори во ужас како мраз да му се истркала по грбот. Тој дозна, тој наеднаш, ненадејно и сосем неочекувано дозна дека утре, точно во седум часот вечерта Лизавета, сестра ѝ на старицата и нејзината единствена состанарка нема да биде дома и дека сигурно старицата точно во седум часот вечерта *ќе биде сама дома.*

До станот му останаа уште неколку чекори. Влезе во својот стан како човек осуден на смрт. Не размислуваше за ништо а и не можеше да размислува; само со целото свое битие во еден миг почувствува дека во него нема веќе ни слобода на размислување, ни волја, и дека сè наеднаш конечно е решено.

Се разбира, дури и со години да бараше згодна прилика за својата намера, ни тогаш не ќе можеше да смета со сигурност на поочигледен чекор кон успехот на таа замисла, од овој што сега изникна одненадеж. Во секој случај би било тешко да се дознае последниот ден и сигурно, со поголема точност и што помал

ризик, без некакво опасно распрашување и извидување, дека утре, во тој и тој час, таа и таа старица, на која ѝ кројат план да ја убијат, ќе биде дома сосем сама.

VI

Подоцна Раскољников случајно дозна, зошто граѓанинот и жената ја повикувале Лизавета. Работата беше најобична и тука немаше ништо особено. Некое новодоселено, сиромашно семејство, продава пљачки, облека и друго, сè женско. Бидејќи немаат сметка да продаваат на плоштадот, бараат трговка, а Лизавета се занимава со тоа: препродава ветошини, склучува договори и има голема практика, бидејќи е чесна и секогаш ја кажува крајната цена: што цена ќе определи, така мора да биде. А воопшто малку зборува, тивка е и страшлива, како што е веќе речено . . .

Но, Раскољников во последно време стана суеверен. Траги на таа суеверност останаа во него и многу подоцна и речиси не можеа да се избришат. А подоцна во сето тоа тој беше секогаш склон да гледа некаква необичност, некаква тајна, речиси присуство на некакви особени влијанија и совпаѓања. Уште зимоска неговиот познат студентот Покорев, кој одеше во Харков, еднаш во разговор му ја соопшти адресата на Аљона Ивановна, за ако му се укаже потреба нешто да заложи. Долго време не одеше кај неа, бидејќи држеше часови и некако минуваше. Пред месец и пол се сети за адресата; имаше две работи, погодни за заложување: стариот татков сребрен часовник и малиот златен прстен со некакви три црвени камчиња, што му го подари за спомен сестра му при разделбата. Реши да го однесе прстенот; ја најде старицата, и веднаш, на прв поглед, иако уште не ја познаваше добро, почувствува некаква незадржлива одвратност спрема неа. Доби од неа две „банчиња“ и патем намина во некоја бедна крчма. Порача чај, седна, и длабоко се замисли. Необична мисла фати да му клука во главата, како пиле во јајце, и таа мисла необично го окупира.

Скоро сосем до него, на едно друго масиче, седеа студентот кој воопшто не го познаваше, ниту се сеќаваше за него од некаде, и еден млад офицер. Тие имаа одиграно партија билјард и фатија да пијат чај. Тогаш тој слушна, како студентот му зборува на офицерот за лихварката Аљона Ивановна, колешка секретарка, и му ја соопштува нејзината адреса. Веќе самото тоа на Раскољников му се стори некако чудно: само што дојде оттаму, а тие токму за неа зборуваа. Се разбира, тоа е случај, но тој сепак не можеше да се ослободи од сосема необичниот впечаток, а во тој миг, еве, пак како некој намерно да му се приближува: студентот започнува да му кажува на другарот секакви подробности за таа Аљона Ивановна.

– Прекрасна е таа – вели – од неа секогаш можеш да добиеш пари. Богата е како Евреин, може веднаш да ти исплати пет илјади, а не одбива ни залог, што вреди една рубља. Многу од нашите оделе кај неа. Само е многу лакома . . .

И тој се расприкажа, дека била лоша, и капризиозна, дека само еден ден ако задоцниш ти пропаѓа залогот. Дава четирипати помалку, отколку што вреди предметот, а зема по пет и по седум проценти камата на месец итн. Студентот се раззборува, па го кажа и тоа дека бабата има сестра Лизавета, што таа, таква малечка и бедна секој час ја тепа и ја држи во полно ропство, како мало дете, иако Лизавета е висока најмалу осум вршки.

– Тоа исто така е феномен! – викна студентот и се закикоти.

Фатија да зборуваат за Лизавета. Студентот раскажуваше за неа со некакво посебно уживање, и постојано се смееше, а офицерот со големо интересирање слушаше и потоа го замоли студентот да му ја испрати таа Лизавета за да му ги искрпи долните алишта. Раскољников не испушти ни еден збор и наеднаш дозна сè: Лизавета ѝ е помлада сестра на старицата, полусестра, од друга мајка, и веќе има триесет и пет години. Таа ѝ работи на сестрата и дење и ноќе во куќата и како готвачка и како перачка, освен тоа, шие за продавање, па и за пари оди да

мие подови, а сета заработувачка ѝ ја дава на сестрата. Никаква порачка и никаква работа не смее да прими без дозвола на старицата. Старицата веќе го има составено тестаментот, а тоа го знае и Лизавета, на која по тестаментот не ѝ останува ни скршена пара, ами само од подвижниот имот, столови и такви работи; сите пари беа наменети за манастирот во Н-ска губернија, за вечен спомен на нејзината душа. А Лизавета беше од граѓанскиот сталеж, а не од чиновничкиот, ужасно несмасна девојка, со необично висок раст, со некако долги, подвиткани ножишта секогаш во подгазени чевли од јарешка кожа, но внимаваше на чистотата. Студентот, меѓутоа, најмногу се чудеше и се смееше поради тоа што Лизавета постојано била бремена.

– Нели велиш дека е грда? – забележа офицерот.

– Па, црна е, како преоблечен војник, но да знаеш, воопшто не е грда. Таа има многу добро лице и очи. Многу. На мнозина им се допаѓа – тоа е доказ. Толку е мирна, кротка, покорна, задоволна, задоволна со сè. А насмевката ѝ е дури многу убава.

– Ама таа и тебе ти се допаѓа? – се насмеа офицерот.

– Поради својата необичност. Но, еве, што ќе ти речам. Јас таа проклета баба би ја убил и би ја ограбил, и те уверувам, не би ме гризела совеста, – додаде студентот запалено.

Офицерот пак се закикоти, а Раскољников истрпна. Колку необично беше тоа!

– Те молам, јас би сакал сериозно да те прашам – се налути студентот. – Јас сега, се разбира, се пошегував, но внимавај; од една страна е глупава таа, бесмислена, ништожна, пакосна, болна старичка, која не му е потребна никому, туку напротив им е штетна на сите, која и самата не знае зошто живее, а утре и така ќе умре. Сфаќаш ли? Сфаќаш ли?

– Да, сфаќам, – одговори офицерот, внимателно загледувајќи се во својот другар, кој сè повеќе се палеше.

– Слушај понатаму! Од друга страна млади, свежи сили, што пропаѓаат залудно без помош, и тоа

илјадници, и тоа насекаде! Стотици, илјадници добри дела и работи би можеле да се извршат и да се исправат со парите на бабата, што таа ги определила за манастирот! Стотици илјади луѓе би можеле да се изведат на добар пат; неколку десетици семејства би можеле да се спасат од сиромаштво, од распаѓање, од пропаст, од венерични болници, и сето тоа со нејзините пари. Да ја убиеш и да ѝ ги земеш парите, па потоа со нив да се посветиш на служење на целото човештво и на општото добро: што мислиш, зарем тоа малечко злосторство не би било избришано од илјадниците добри дела? а еден живот – илјада животи, спасени од гнилеж и од распаѓање. Една смрт а сто животи во замена – та тоа е аритметика! А и што значи на општата теразија животот на таа офтичава, глупава и злобна баба? Ништо повеќе до животот на некаква вошка, лебарка, а не вреди ни толку, зашто таа баба е штетна. Таа на другите им го јаде животот: неодамна од пакост ѝ го гризна прстот на Лизавета; за малку ќе ѝ го пресечеа!

– Се разбира, не е корисна да живее, – забележа офицерот, – но што да правиш, таква е природата.

– Ех, брате, таа природа ја поправаат и со неа управуваат, а да не е така, би потонале во предрасуди. Да не е така, не би имало ни еден великан. Велат: „должност, совест“ – нема ништо да речам против должноста и совеста – но како ги сфаќаме ние? Чекај, ќе те прашам уште нешто. Слушај!

– Не, чекај ти; јас ќе те прашам тебе. Слушај!

– Слушам!

– Еве, ти овде зборуваш и раскажуваш, а ајде кажи ми: дали ти ќе ја убиеш бабата или нема да ја убиеш?

– Се разбира, нема! Тоа го зборувам така заради праведност . . . Не се работи за мене . . .

– А, според моето мислење, ако не можеш самиот да се решиш, не зборувај за некаква праведност . . . Да одиграме уште по една партија!

Раскољников го обзеде силна возбуда. Тие разговори, се разбира, беа најобични и најчести младешки разговори и мисли, какви што веќе толкупати имаше

слушано, само во поинаков облик и за други теми. Но зошто му се случи токму сега да слуша токму ваков разговор и вакви мисли, кога и во неговата глава се зачнаа... *токму вакви мисли?!*... И зошто токму сега, кога токму откај бабата излезе со веќе зачната мисла, наидува токму на таков разговор за бабата?... Секогаш му се чинеше чудно тоа совпаѓање. Тој безвреден, крчмарски разговор извонредно силно влијаеше врз натамошниот развиток на работите: како навистина тука да имаше некакво предопределување и упатство...

Кога се врати од Сенскиот плоштад, се фрли на диванот и преседе цел час без да се мрдне. Во меѓувреме веќе се стемни. Свеќа немаше, а и не му текнуваше да запали. Никогаш не можеше да се сети: дали за тоа време размислуваше за нешто? Најпосле, пак, како порано, почувствува треска, морници, па со задоволство се сети дека на диванот може и да легне. Набргу го совлада, речиси некако го пригмечи, цврст, оловен сон.

Спиеше необично долго време и ништо не сонуваше. Настасја, кога влезе во неговата соба во десет часот утредента изутрина, малку го заниша. Му донесе чај и леб. Чајот пак беше преварен и пак во нејзиниот сопствен чајник.

– Еве го, спие! – викна таа налутено. – Секогаш спие!

Тој со тешка мака потстана. Го болеше главата; стана простум, се обзрна по својата собичка и пак се фрли на диванот.

– Пак ли ќе спиеш? – викна Настасја. – Да не си нешто болен?

Тој не ѝ одговори.

– Сакаш ли чај?

– Подоцна – рече тој сосила, затворајќи ги очите и свртувајќи се кон ѕидот.

Настасја уште малку постоја кај него.

– И навистина можеби е болен, – рече, па се сврти и си отиде.

Во два часот пак влезе со чорба. Тој лежеше како порано. Чајот не го имаше гибнато. Настасја се навреди и налутено го разниша.

– Зошто пцовисуваш! – викна, гледајќи го со гадење.

Тој потстана и седна. Но ништо не одговори, само се загледа во земјата.

– Да не си болен? – праша Настасја, и пак не доби одговор. – Би можел да излезеш на улица – рече таа по кратко молчење, – барем да те дувне ветрот. Сакаш ли да јадеш?

– Подоцна – одговори тој расеано. – Оди си!

И ѝ мавна со раката.

Таа постоја малку, со жалење го погледа и излезе.

По неколку мига тој ги подигна очите и долго време гледаше во чајот и во чорбата. Потоа го зеде лебот, ја зеде лажицата и почна да јаде.

Касна малку, без апетит, три-четири лажици, некако махинално. Малку го болеше главата. Откако руча, пак се протегна на диванот, но веќе не можеше да заспие, ами лежеше неподвижен, ничкум, со лице во перницата. Постојано фантазираше и гледаше некакви необични привиденија: сè почесто му се присторуваше дека е некаде во Африка, во Египет, на некоја оаза. Карванот се одмора, камилите мирно лежат; наоколу израснале палми; сите ручаат. А тој постојано пие вода од поточето, што веднаш тука до него тече и жубори. Тука е сенка, а прекрасната, прекрасната модра студена вода брза низ шарените камења и низ чистиот песок полн со златни зрнца . . . Притоа јасно слуша како отчукува часовник. Истрпнува, се стаписува, ја крева главата, погледнува низ прозорецот, определува кое време е, па сосем се освестува и наеднаш скокнува, како нешто да го отфрлило од диванот. На прсти дојде до вратата, ја подотвори тивко и фати да прислушнува долу по скалите. Срцето силно му тупкаше. Но на скалите сè беше тивко, како сите да спијат . . . Му се стори чудно и необично, дека можеше да преспие од вчера во таков сон, и дека ништо не направи, ништо не подготви . . . А можеби е веќе шест часот. Наместо сонот и

тапоста го обзеде необична, трескава и безглава брзаница. Впрочем, нема многу подготовки. Ги напрегна сите сили, за да смисли сѐ и ништо да не заборави, а срцето постојано му тупка така што тешко може и да дише. Најпрвин треба да се направи јамка и да се зашие на палтото, – за таа работа треба малку време. Побара под перницата и извлече од алиштата што беа тука спикани, една своја стара, неисперана кошула, веќе сосем испокината. Од тој партал скина една широка лента, долга осум вршки. Потоа ја удвои, го слече своето широко здраво, единствено летно палто од памучен штоф, и почна двата краја на лентата да ги шие под левата пазува, од внатрешната страна. Рацете му се тресеа, додека шиеше, но се совлада, па ги сошти така, што однадвор ништо не се забележуваше, кога повторно го облече палтото. Иглата и конецот веќе одамна беа приготвени, така што се наоѓаа на масичето, во хартија. Што се однесува пак до јамката, тоа беше негов сопствен итар изум: јамката беше за секирата. Секако, не може по улицата да ја носи секирата в раце. А ако ја скрие под мантилот сепак мора да ја придржува со рака, па би било забележливо. Но сега, кога ја има јамката, ќе ја протне рачката на секирата во неа, па таа цел пат ќе виси мирно под пазувата, однатре. А кога ја стави раката во страничниот џеб на палтото, можеше и да го придржува крајот на рачката од секирчето, за да не се нишка; палтото беше многу широко, вистинска вреќа, така што однадвор не можеше да се забележи оти низ џебот нешто придржува. Јамката ја смисли уште пред две недели.

Кога го заврши тоа, ги пикна прстите во малата пукнатина, помеѓу неговиот „турски“ диван и подот, избара во левиот агол и го извлече одамна приготвениот и скриен *залог*. Тој залог, впрочем, воопшто не беше залог, туку штичка, мазно истругана, голема и дебела колку сребрена табакера. Таа штичка случајно ја најде при една своја прошетка, во некој двор, каде што на крајното крило имаше некаква работилница. Потоа на штичката залепи една мазна, танка железна плочка, – секако парче скршено од нешто, – кое, исто

така, го најде тогаш на улица. Ги сложи двете плочки, (железната беше помала од дрвената) па цврсто ги врза со конец накрст, потоа убаво и уредно ги завитка во чиста, бела хартија и ги изврза со тенка врвца, пак накрст, со јазол, така што прилично тешко беше да се одврзе. Тоа го направи за да може некое време да ѝ го оттргне вниманието на бабата, додека се занимава со врзулецот, па така тој да добие малку време. Железната плочка ја додаде заради тежината, за бабата барем во првиот час да не се сети дека „предметот" е дрвен. Сето тоа го чуваше под диванот, додека не дојде вистинскиот час.

Само што го извади залогот, одеднаш некаде во дворот слушна нечие викање:

– Веќе одамна е минат седум часот!

– Одамна! Господи!

Се спушти кон вратата, наслуша, ја зграпчи шапката и фати да слегува по своите тринаесет скалила, претпазливо, тивко, како мачка. Мора да сврши уште една најважна работа – да ја украде од кујната секирата. Дека тоа мора да го изврши со секира, имаше веќе одамна решено. Тој има и градинарски нож што се склопува, но во ножот нема доверба, а особено не во својата сила, па затоа се реши за секира. Патем ќе споменеме една особеност во поглед на сите конечни решенија што ги имаше веќе усвоено во овој потфат. Тие решенија имаа необично својство: колку што стануваа поконечни, воедно во неговите очи тие стануваа погрди и побесмислени. И покрај сета своја тешка внатрешна борба, тој не можеше ни за миг, во целото тоа време да верува оти е способен да ги изврши своите намери.

И ако некогаш се случеше да испланира и реши сè, конечно, до последната ситница, без да се сомнева во нешто – тогаш, се чини, ќе се откажеше од сè како од нешто грдо, чудовишно и невозможно. Но нерешени работи и ситници имаше уште голем број. Што се однесува, пак, до тоа каде ќе најде секира, за тоа не се грижи, бидејќи тоа е најлесно. Настасја, имено, секој час излегува од куќата, особено навечер: или ќе отрча до кај соседите, или во дуќанот, а вратата е

ширум отворена. Господарката само поради тоа секогаш и се кара со неа. Треба, значи, само кришум да влезе во кујната кога ќе дојде моментот, и да ја земе секирата, а потоа по еден час, кога ќе биде свршено сè, пак да влезе и да ја врати секирата. Но се јавуваа и сомневања. Да речеме, по еден час, тој ќе дојде за да ја врати секирата, а Настасја, ете, веќе се вратила. Се разбира, мора да мине и да причека додека таа не си оди пак. Но ако таа дотогаш ја побара секирата, и почне да вика – ете ти сомневање или барем повод за сомневање.

Но, тоа уште беа ситници, за кои тој уште и не започнуваше да размислува, а и немаше кога. Размислуваше за главното, а ситниците ги одлагаше за она време *кога самиот ќе се увери во сè*. Но тоа се чинеше наполно неостварливо. Така барем му се чинеше нему. Никако, на пример, не можеше да поверува дека еднаш ќе престане да размислува, па ќе стане и – просто ќе оди таму . . . Дури и својата неодамнешна *проба* (т.е. посетата со намера конечно да го разгледа местото) само некако се обиде да ја направи, но, всушност, не ја изведе докрај, туку само така си рече: „Ајде да одам и да се обидам; што има да размислувам!“ – но не издржа, ами се згади и веднаш побегна, налутен на себеси. А, меѓутоа, кога веќе ја заврши анализата, што се однесува до моралното решение на прашањето: казуистиката му се изостри како брич, во себе веќе не наоѓаше свесни приговори. Но најпосле, просто не си веруваше себеси, па тврдоглаво, ропски бараше приговори однадвор, ги пипаше, како некој да го присилува и тера на тоа. Последниот ден, кој дојде толку ненадејно и наеднаш реши сè, врз него дејствуваше речиси сосем механички: како некој да го фатил за раката и го повлекол со себе, незадржливо, слепо, со натрпродна сила, на која не може да ѝ се спротиви. Како еден дел од облеката да му се закачил за запчаникот во некаква машина и овој сега почнува да го вовлекува во себе.

Отпрвин, впрочем, веќе одамна, го интересираше едно прашање: зошто толку лесно се пронаоѓаат и се откриваат скоро сите злосторства и толку јасно се

наоѓаат трагите речиси на сите злосторници? Дојде до по малку различни и интересни заклучоци и, според неговото мислење, главната причина не е во материјалната невозможност да се скрие злосторството, туку повеќе во самиот злосторник; речиси на секој злосторник во часот на злосторството в миг му спласнуваат волјата и еланот, кои се заменуваат со детска, феноменална лекомисленост, и тоа токму тогаш кога се најпотребни разумноста и претпазливоста. Според неговото мислење, тоа помрачување на разумот и спласнувањето на волјата го обезземаат човека како болест, се развиваат постепено и го достигаат врвот кратко време по тоа, што веќе зависи од индивидуата; потоа поминуваат, исто така, како што поминува секоја болест. Но сè уште не чувствуваше сили во себе да го реши прашањето: дали болеста го раѓа злосторството, или самото злосторство, некако поради својата посебна природа, секогаш е придружено од нешто што прилега на болест?

Кога дојде до тие заклучоци, утврди дека нему лично, во неговата работа, не можат да му се случуваат слични пресврти, дека нема да ги изгуби ни разумот ни волјата, сè додека ја извршува замислата, само затоа што замисленото – „не е злосторство . . .“ Не го спомнуваме сиот пат по кој дојде до тој заклучок; и вака отидовме предалеку напред . . . Ќе додадеме само, дека фактичките, чисто материјалните пречки, во неговиот ум воопшто играа најневажна улога. „Треба само над нив да се чува волјата и разумот, и сите тие ќе бидат совладани во соодветниот час, кога ќе биде потребно, за до најмалата ситница да се сфатат сите подробности на делото . . .“ Но делото никако не започнуваше. Сè помалку им веруваше на своите конечни решенија па кога удри часот, сè се случи сосем поинаку, некако ненадејно, речиси скоро неочекувано.

Само една сосема обична околност го вчудовиди, уште пред да слезе по скалите. Кога беше пред вратата на кујната, која беше широм отворена, како секогаш, внимателно, под око погледна во неа, за најпрвин да се увери, да не е таму, додека ја нема На-

стасја, самата газдарица, а ако не е, дали е добро затворена вратата од нејзината соба, за да не се случи некако да sирне оттаму кога тој ќе влезе по секирата. Но, многу се зачуди, кога забележа дека Настасја сега е дома, во својата кујна, и дури работи: вади од кошницата долна облека и ја простира на јаже! Кога го забележа него, престана да простира, се сврти и гледаше во него, додека поминуваше. Тој го сврти погледот настрана и мина, како да не забележува ништо. Но, ништо не направи: ја нема секирата! Тоа страшно го потресе.

„А по што оценував" – си мислеше кога дојде до вратата – „по што оценував, дека таа во тој час воопшто нема да биде дома! Зошто, зошто тоа го заклучив толку сигурно?" Беше здробен и дури некако понижен. Со најголемо задоволство тој сега од бес би се смеел себеси . . . Тап, sверски бес зовре во него . . .

Замислен застана кај вратата. Да излезе на улица и божем да шета, му беше одвратно; да се врати дома, уште поодвратно. „Каков случај пропуштив засекогаш!" – мрмореше, стоејќи бесцелно кај вратата, точно пред мрачната собичка на чуварот на куќата, која, исто така, беше отворена. Наеднаш се стресе. Во собичката на чуварот, која беше на два чекора од него, му блесна нешто пред очите под клупата на десната страна . . . Се обsрна, – нема никого. Пријде на прсти до станот на чуварот, слезе по две скалила, и викна со тивок глас. – „Навистина, не е дома! Впрочем, веројатно е некаде во близината, во дворот, штом е вратата ширум отворена!" Потрча кон секирата (тоа беше секира) и ја извлече од под клупата, каде што лежеше помеѓу две цепаници; веднаш тука, не излегувајќи ја обеси на јамката, си ги стави обете раце во џебовите и излезе од станот на чуварот; никој не го забележа. „Ако ова не е разум, тогаш е ѓавол!" помисли смешкајќи се чудно. Тој случај необично го охрабри.

По патот одеше полека и сериозно, не брзаше за да не излезе сомнителен. Ретко се загледуваше во минувачите, дури и настојуваше да не им ги гледа лицата и да биде што помалку забележан. Сега се

сети за својата паларија. – „Господи! завчера имав пари, а не си купив каскет!“ Клетва му се истргна од душата.

Зирна случајно, со едно око, во дуќанчето, па забележа, дека таму на ѕидниот часовник веќе е седум часот и десет минути. Мораше да брза а воедно да оди наоколу: на куќата да ѝ пријде заобиколно, од другата страна . . .

Кога порано си го претставуваше ова во фантазијата, напати си мислеше многу, дури воопшто не се плашеше. Во тој миг го окупираа некои споредни мисли, само не долго време. Кога минуваше покрај Јусуфовиот парк, многу го ангажира мислата, дека би требало да се постават фонтани и дека тие прекрасно би го разладувале воздухот по сите плоштади. Малку по малку почна да се уверува, дека би било корисно и прекрасно за градот, летниот парк да се прошири на целото Марсово Поле и да се соедини со дворскиот Михајловски парк. Тогаш наеднаш почна да го интересира: зошто човекот во сите големи градови не само што е принуден, ами и некако посебно склон да живее и да се населува токму во оние градски делови, каде што нема ни паркови, ни водоскоци, каде што има кал и смрдеа и секакви гадости. Сега се сети за својата прошетка по Сенскиот плоштад и вчас се стаписа. „Голема бесмислица“, – си помисли – „подобро е ништо да не се мисли!“

„Оние што ги водат на губилиште, веројатно така се лепат со мислите за сите работи што ги среќаваат патем“, – му дојде во главата, но само му светна како секавица; самиот брзо ја угасна таа мисла . . . Но, еве, веќе е близу, еве ја и куќата, еве ја и вратата. Тогаш некаде часовникот отчука еднаш. „Што е тоа, зарем седум и пол? Не може да биде, сигурно часовникот оди напред!“

За голема среќа, на вратата пак сè мина добро. И не само тоа, ами како порачано токму во тој момент во вратата внесуваа една кола со сено, која сосем го прикриваше, додека минуваше низ вратата, а кога колата се тргна и се движеше по дворот, тој наеднаш се шмугна вдесно . . . Таму, од другата страна на ко-

лата со сено, се слушаше како неколку гласа викаат и се расправаат, но него никој не го забележа и никој не го сретна. Многу прозорци, што гледаат во тој огромен четвртест двор тогаш беа отворени, но тој не ја креваше главата, немаше сила. Скалите што водеа кон бабата беа блиску, веднаш до вратата вдесно. Веќе беше на скалата . . . Подзеде воздух, си го стисна со рака срцето кое му затупка, веднаш таму ја напипа и уште еднаш ја принамести секирата, па почна внимателно, полека да се качува по скалата, постојано наслушнувајќи. Но на скалата во тој миг немаше никого, сите врати беа затворени; никого не сретна. Во првиот кат вистина еден празен стан беше ширум отворен и во него работеа молери, но тие не го погледнаа. Застана, размисли и тргна понатаму. „Се разбира, би било подобро, кога не би биле овде, но . . . над нив има уште два ката".

Но, еве го и четвртиот кат, еве ја и вратата, еве го и станот отспротива; тој е оној празниот. Се чини дека е празен и станот во вториот кат, токму под станот на бабата: тргната е плочката со името на станарот, што беше закована на вратата со клинци – се иселиле! . . . Се задиши. За момент му светна во умот мислата: „дали да се вратам?" Но не си одговори на прашањето, ами почна да наслушнува уште еднаш долу по скалите, и слушаше долго време внимателно. Потоа, разгледа наоколу за последен пат, се прибра, си ја дотера облеката, и уште еднаш ја пипна секирата во јамката. „Да не сум многу блед?" – си помисли. – „Да не сум премногу возбуден? Таа е недоверлива . . . Дали не е подобро да причекам додека не ми се смири срцево? . . ."

Но срцето не престануваше, туку како намерно чукаше сè посилно, посилно, посилно ... Не издржа, па полека ја протегна раката кон ѕвончето и ѕазвони. По половина минута ѕазвони пак, уште посилно.

Нема одговор. Нема смисла да се ѕвони напразно, а и не е таков моментот. Старицата сигурно е дома, но е сомнежлива и сама. Знае, донекаде, какви се нејзините навики . . . па уште еднаш го допре увото сосем до вратата. Дали сетилата му беа изострени, (тешко е

и да се замисли тоа), или навистина многу добро се слушаше, но тој наеднаш чу шушкање на рака што внимателно ја допира кваката, и шум од триење на фустан од вратата. Некој кришум стоеше до самоти брава и исто вака, како него надвор, притаено прислушнуваше однатре, со уво, исто така, допрено до вратата . . .

Тој намерно се размрда и нешто промрмори погласно за да не се помисли дека се крие; потоа засвони и по трет пат, но полека, мирно и без никаква нестрпливост. Кога подоцна се сеќаваше за тоа, тој час, сосем јасно му се беше врежал во умот засекогаш. Не можеше да сфати од каде собра толкава итрост, особено со оглед дека умот на моменти некако му се стемнуваше, а телото речиси не го ни чувствуваше . . . По малку слушна како се тргнува резето.

VII

Вратата, како и тогаш, се подотвори само како мала пукнатина, и пак во него беа вперени две остри, недоверливи очи. Раскољников се збуни и направи голема грешка.

Сметајќи, дека старицата ќе се уплаши, оти се сами, а и не надевајќи се дека ќе ја разубеди неговиот изглед, тој ја фати вратата и ја поттргна накај себе, така што и да сакаше бабата не можеше пак да се заклучи. Кога го забележи тоа таа вистина не ја тргна вратата накај себе, но не ја ни испушти кваката, така што за малку ќе ја извлечеше на скалите заедно со вратата. Но кога виде, дека се испречи на вратата и дека не го пушта внатре, се управи кон неа. Таа потскокна уплашена, сакаше нешто да рече, но како да не можеше, па го гледаше со ококорени очи.

– Здраво, Аљона Ивановна – започна тој, колку што можеше послободно, но гласот не го послуша, ами му се закина и затрепери – јас ви . . . донесов нешто . . . но подобро да одиме онаму . . . на светлина . . .

Ја остави и, без да биде поканет, влезе во собата. Старицата потрча кон него; јазикот ѝ се одврза.

– Господи! Што мислите вие? Кој сте вие? Што сакате?

– Ама, ве молам, Аљона Ивановна . . . Јас сум ваш познат . . . Раскољников, еве, донесов залог, како што ветив неодамна . . . – И ѝ го подаде залогот.

Старицата го погледна залогот, но веднаш ги управи своите очи право во очите на неканетиот гостин. Гледаше претпазливо, злобно, недоверливо. Мина приближно една минута; нему му се стори дека во нејзините очи има нешто како подбив, како веќе сè да прозрела. Чувствуваше, дека се губи, дека го фаќа ужас, голем ужас; и му се чинеше, дека ако го гледа уште малку вака без збор, ќе побегне откај неа.

– Ама што ме гледате така, како да не ме познавате? – рече и тој злобно. – Ако сакате земете, ако не сакате – ќе одам кај друг, немам време.

Тој не мислеше да го каже тоа, но самото така му се откачи.

Старицата се снајде, решителниот тон на посетителот очигледно ја охрабри.

– А, зошто ти, баќушка, доаѓаш ненадејно . . . што е тоа? – го праша, гледајќи го залогот.

– Сребрена табакера: за неа ви зборував последниот пат.

Тој ѝ ја подаде.

– А, зошто сте толку блед? и рацете ви треперат? Многу си се растреперил, баќушка?

– Имам треска – одговори тој испрекинато. – И да нејќеш ќе побледиш . . . кога немаш што да јадеш – додаде тој одвај изговарајќи ги зборовите. Пак почувствува дека нема сили. Но, одговорот излезе уверлив; старицата го зеде залогот.

– Што е ова? – праша таа, откако уште еднаш претпазливо го изгледа Раскољникова, па почна залогот да го мерка во рацете.

– Предмет . . . табакера . . . сребрена . . . видете.

– Ех, како да не е сребрена . . . их, колку си ја завиткал.

За да ја одврзе кутијата, таа се сврти кон прозорецот, кон светлината (кај неа сите прозорци беа затворени, иако беше запурнина, па за неколку мига се оддалечи од него и му го сврти грбот. Тој го откопча палтото и ја извлече секирата од јамката, но не ја извади сосем, ами ја држеше со десната рака под облеката. Рацете му беа страшно исцрпени; чувствуваше дека во секој миг сè повеќе му се здрвуваат. Се плашеше да не ја испушти секирата... а одеднаш некако му се заврти умот.

– Ихи, колку испозавиткал! – викна налутено старицата и почна да се свртува кон него.

Повеќе не смееше да губи ни миг. Сосем ја извади секирата, замавна со двете раце, одвај знаејќи за себе, па речиси без напор, речиси махинално, ѝ ја спушти врз главата. Како воопшто да не употреби сила. Но штом еднаш ја спушти секирата, во него се јави сила.

Старицата како секогаш, беше гологлава. Нејзината светла веќе побелена коса по обичај беше намачкана со многу масло, сплетена во ситна плетеница и закачена со парче чешел од рог, што и стрчеше во тилот. Бидејќи беше ниска, ударот ја погоди во самото теме. Фати да вика, но многу слабо и наеднаш се спушти на подот, успевајќи сепак да ги крене обете раце спрема главата. Во едната рака сè уште го држеше „залогот". Сега тој со главата на секирата со сета сила ја удри еднаш, па уште еднаш, и тоа по темето. Крв бликна како од скршена чаша и телото ѝ се струполи ничкум. Тој се повлече еден чекор, ја остави да се одвали наземи, и веднаш се наведна над неа; веќе беше мртва. Очите ѝ беа ококорени, како да сакаа да летнат, а челото и целото лице избрчкано и искривено во грч.

Ја остави секирата на подот до мртвата и веднаш ѝ зацбара во џебот внимавајќи да не се намачка од крвта, што течеше – токму во десниот џеб, од кој последниот пат ги извади клучевите. Беше сосем присебен, главата не му беше заматена и не му се вртеше умот, но рацете сè уште му трепереа. Подоцна се сеќаваше дека беше дури и внимателен, претпазлив и постојано настојуваше да не се извалка... клучевите

ги извади веднаш; тука беа сите, како тогаш, нанижани на челична алка. Отрча веднаш со нив во спалната соба. Тоа беше многу малечка собичка, на едниот ѕид имаше едно големо орманче со икони, а крај другиот ѕид голем кревет, многу чист, со свилен памучен покривач, составен од парчиња. Покрај третиот ѕид имаше комода. Чудно, штом фати да ги доближува клучевите кон комодата и го слушна нивното ждринготење, како да доби грч. Пак му дојде желба, сè да фрли и да си оди. Но тоа траеше само еден миг; веќе беше предоцна да си оди. Си се насмевна, но тогаш во главата му светна страшна мисла. Одненадеж му се стори дека старицата божем уште е жива и дека би можела да се освести. Ги остави клучевите на комодата, па отрча назад, покрај телото, ја зграпчи секирата и замавна со неа над бабата, но не ја спушти. Немаше сомневање, таа беше мртва. Се наведна и одблизу пак почна да ја гледа, па јасно сфати дека черепот ѝ е здробен, дури и искривен настрана. Сакаше да пипне со прстот, но си ја врати раката назад; и вака се гледаше јасно. Дотогаш имаше истечено крв цела бара. Наеднаш на вратот од бабата забележа некаква врвца, ја потргна, но таа беше јака и не можеше да се скине, а освен тоа, и беше натопена со крв. Се обиде да ја извлече под нејзините пазуви, но нешто пречеше, запнуваше. Од нестрпливост пак замавна со секирата, за да удри по врвцата, а со тоа и по телото, одозгора, но не се осмели, и со извесно исчекување, тој ја пресече врвцата, без да ја допре секирата до телото, и ја извлече. Не се излажа, тоа беше портмоне. На врвцата се наоѓаа два крста, едниот од кипарис, а другиот од бакар, и емајлирано иконче, а веднаш до него висеше мало, извалкано портмоне од еленска кожа со челични рабови и прстен. Портмонето беше преполно. Раскољников го стави во џебот, без да го разгледа а крстовите ги фрли врз градите на старата, па откако овој пат ја зграпчи и секирата брзо се врати назад во спалната.

Многу брзаше. Ги зеде клучевите и пак почна да се мачи со нив. Но никако не успеваше: клучевите не влегуваа во клучалката. Не затоа што му трепереа

рацете, туку затоа што непрестајно грешеше; ќе виделе, на пример, дека не го држи вистинскиот клуч а тој сепак него го буткаше. Наеднаш се сети дека големиот клуч со запчеста брада што виси крај другите мали клучеви, никако не може да биде од комодата (како што си помисли минатиот пат), ами од некаков сандак, а во тој сандак можеби е скриено сè. Ја остави комодата и веднаш се пикна под креветот, зашто знае дека бабите обично сандаците ги чуваат под креветот. И навистина: таму имаше големко сандаче, подолго од аршин, со подуен капак, обложен со црвен сафијан искован со челични клинци. Запчестиот клуч наеднаш влезе и отклучи. Внатре во сандачето, најодозгора се наоѓаше бундичка од зајачка кожа, со црвен пораб, покриена со бел чаршав; под неа се наоѓаше свилен фустан, потоа шал, а подолу како да имаше само парталчиња. Најпрвин, тој почна да си ги брише крвавите раце од црвениот пораб. „Ова е црвено, а на црвеното најслабо се забележува крвта“, му текна, но наеднаш се стаписа: „Господи! Да не го губам разумот?“ си помисли уплашен.

Но откако пребара низ парталчињата, од под бундичката се лизна еден златен часовник. Почна побрзо да превртува сè. И навистина, во крпите беа испомешани златни предмети – веројатно сите заложени, откупени и неоткупени – белегзии, синџирчиња, обетки, брошеви и друго. Некои работи беа во футроли, други само завиткани во хартија од весник, но грижливо и внимателно, во по два листа, и изврзани со врвци. Ни малку не исчекувајќи, почна да ги пика во џебовите од панталоните и од палтото, без да одбира и без да ги одвиткува и сосе футроли; но, не стаса, да собере многу . . .

Ненадејно слушна како некој се движи по собата, каде што беше старицата. Застана и се притаи како мртовец. Но сè беше тивко, значи, така му се сторило. Наеднаш јасно слушна тивок крик, или како некој тивко испрекинато да зајачка, и замолкна. Потоа, пак мртва тишина неколку мига. Клекна покрај сандачето, и чекаше одвај дишејќи, но потоа скокна наеднаш, ја зграпчи секирата и истрча од спалната.

Среде собата стоеше Лизавета, со голем врзулец во рацете и вчудовидена ја гледаше својата убиена сестра, бледа како смрт и како да нема сили да викне. Кога го забележа него, сета затрепери како лист, целото лице ѝ се искриви од грч. Таа ја дигна раката, ја отвори устата, но пак не викна, ами почна полека да отстапува пред него наназад во аголот, со поглед управен во него, но без никаков крик, како да го изгубила здивот, па не може да викне. Тој се нафрли на неа со секирата; таа ги напрчи усните жално, како малите деца, кога ќе се уплашат од нешто, па ќе ги вперат очите во тоа што ги плаши и се готват да викнат. Толку тапа беше несреќницата Лизавета, неснаодлива и исплашена што не ја ни крена раката, за да си го заштити лицето, а тоа барем би било, секако, најприроден гест во овој час, зашто секирата беше дигната токму кај нејзиното лице. Сосем малку ја поткрена својата слободна лева рака, и полека ја протегна пред себе накај него, како да сакаше да го тргне настрана. Ударот ја погоди точно во черепот, со острицата, и во еден миг ѝ го расече горниот дел од челото, речиси до темето. Веднаш се струполи. А Раскољников отпрвин целиот се збуни, го грабна нејзиниот врзулец, потоа го фрли и отрча во претсобјето.

Сè повеќе и повеќе го обземаше страв, особено по ова второво, сосем неочекувано убиство. Посака да може побрзо да избега одовде. И ако во тој час беше во состојба повистинито да гледа и да размислува, ако можеше да си ја замисли сета тежина на својата положба, сиот очај, сета безобразност и одвратност, и да сфати колкави маки, а можеби и злосторства уште ќе мора да истрпи и да изврши, за да се извлече оттука, и да стигне дома, – можеби ќе го напуштеше сето тоа, и веднаш ќе отидеше да се пријави, но не од страв за себе, туку само од ужас и од одвратност спрема тоа што го стори. Одвратноста му се зголемуваше со секој миг. За ништо на светот сега не би отишол кај сандачето, дури ни во собите.

Но, по малку почна да го совладува некаква расеаност и дури речиси замисленост; напати некако се забораваше, или подобро речено, ги забораваше

главните работи, а се зафаќаше со ситници. Откако sирна во кујната, и на клупата забележа ведро, до половина наполнето со вода, се сети дека би било добро да си ги измие рацете и секирата. Рацете уште му беа крвави и му се лепеа. Секирата ја стави со острицата во водата, го зеде парченцето сапун, што лежеше на една скршена чинија на прозорецот и фати да си ги мие рацете во ведрото. Кога ги измi, ја извади секирата, го измi железото, и речиси три минути ја миеше дршката, триејќи ги окрвавените места и со сапун. Избриша сè со алиштата, што се сушеа на јаже, оптегнато во кујната, а потоа долго време внимателно ја гледаше секирата покрај прозорецот. Траги немаше, само дрвената дршка уште беше влажна. Внимателно ја закачи секирата во јамката под палтото. Потоа, колку што можеше во мрачната кујна го разгледа палтото, панталоните, чевлите. На прв поглед, како да нема ништо, само на чевлите имаше дамки. Накваси крпа и ги избриша чевлите. Знаеше, впрочем, дека не гледа добро, па дека можеби ќе остане нешто, што паѓа во очи, а тој не го забележува. Замислен застана среде собата. Во него започна да се јавува мачна, нејасна мисла – мисла дека се мрднува од умот, дека во овој миг не е во состојба ниту да размисли, ниту да се заштити себеси, дека можеби воопшто не требаше да го прави ова што го прави сега . . . „Господи! Треба да бегам, да бегам!“ промрмори и отрча во претсобјето. Но таму го очекуваше таков ужас, каков што тој досега никогаш не почувствувал.

Застана, се обsрна и не им поверува на сопствените очи: вратата, надворешната врата од претсобјето на скалите, истата врата на која пред малку sвонеше и низ која влезе, беше отклучена и подотворена во ширина на една дланка: ниту беше ставено резето, ниту беше заклучена целото време! Старицата не ја затвори кога влезе тој, можеби поради претпазливост. Но господи, подоцна ја виде Лизавета! И како, како не се сети, дека морала да влезе однекаде! Секако, не преку sидот!

Се спушти кон вратата и ја затвори.

– Та не, пак не тоа! Треба да си одам, да си одам . . .

Долго време прислушнуваше. Некаде многу долу, веројатно во влезот, викаа нешто два гласа, се караа и пцуеја. „Зошто? . . .“ Почека нестрпливо. Најпосле, сè стивна, како пресечено; се разотидоа. Веќе сакаше да излезе, но тогаш на катот под него бучно се отвори некоја врата покрај скалата и некој почна да слегува, потпевнувајќи си некаква мелодија. „Зошто сите вреват?“ му мина во умот. Пак ја подзатвори вратата и почека. Најпосле, сè стивна, немаше ни жива душа. Веќе зачекори на скалите, но притоа пак слушна чекори.

Тие чекори доаѓаа многу оддалеку, откај почетокот на скалите, но тој многу добро и јасно паметеше дека уште од првиот звук, којзнае зошто почна да насетува, дека тие чекори бездруго доаѓаат ваму, на четвртиот кат, кон старицата. Зошто? Дали тие чекори беа посебни, со посебен звук? Чекорите беа тешки, еднакви, бавни. Еве, *тој* веќе го мина приземјето, еве, се качи погоре; сè подобро и подобро се слушаше! Се слушаше веќе и тешкото збивање на тој што се качуваше. Еве го веќе и третиот кат. Ваму иде! И наеднаш му се стори, како да се здрвил, како сето тоа да е сон, како да сонува, дека го стасуваат, близу се, сакаат да го убијат, а тој стои како закопан и не може ни со раката да мрдне.

Најпосле, кога човекот што доаѓаше фати да се качува на четвртиот кат, нему по целото тело му полазија морници, но брзо и вешто шмугна од ходникот во станот и зад себе ја затвори вратата. Потоа го фати резето и тивко, нечујно го намести. Инстинктот му помогна. Кога заврши сè, се притаи покрај вратата не дишејќи. И непознатиот гостин веќе беше пред вратата. Сега тие стоеја еден спроти друг, како пред малку тој спроти старицата, кога ги разделуваше вратата, и прислушнуваше.

Новодојдениот издивна тешко неколку пати. „Веројатно е дебел и крупен“, си помисли Раскољников, стискајќи ја секирата во раката. Сето тоа му изгле-

даше како сон. Новодојдениот се фати за ѕвончето и силно заѕвони.

Штом се слушна ѕвончето, со неговиот лимен глас, му се стори дека некој се помрдна во собата. Неколку моменти, прислушнуваше сериозно. Непознатиот заѕвони уште еднаш, пак причека, а потоа фати нестрпливо со сета сила да ја тресе кваката на вратата. Раскољников целиот потонат во ужас, гледаше како скока резето во куката, па со тап страв го очекуваше моментот, кога ќе скокне резето. Се чинеше, дека тоа навистина и може да се случи; толку силно тресеше човекот. Во еден момент си помисли да го задржи резето со рака, но *оној* би можел да се сети. Пак како да фати да му се врти умот. „Еве сега ќе паднам!“ му мина во умот, но непознатиот проговори и тој пак се созеде.

– Ама пцовисуваат ли тие таму или некој ги има задавено? Проклети да бидат! – викна тој како од буре. – Еј, Аљона Ивановна, стара вештице! Лизавета Ивановна, убавино неопишана! Отворајте! Уф, проклетите, спијат ли, што ли им е?

И пак тој целиот бесен го поттргна ѕвончето десетпати со ред со сета сила. Се чини, тој човек е познат во куќата, штом смее да го прави тоа.

Токму во тој час на скалите, не толку далеку, се слушнаа ситни, забрзани чекори. Доаѓа уште некој. Раскољников отпрвин и не слушна.

– Зарем, нема никого? – јасно и весело викна новодојдениот, обрнувајќи му се право на првиот посетител, кој сè уште ѕвонеше. – Здраво, Кох!

„Судејќи по гласот, треба да е многу млад“, си помисли сега Раскољников.

– Ѓаволот знае, речиси ја скршив бравата, – одговори Кох. – А од каде повелате да ме познавате?

– Ете ти! Та зарем завчера кај Гамбринус не добив од вас три партии билјард едноподруго?

– А-а-а . . .

– Зарем не се тука? Чудно. Глупаво, впрочем, ужасно. Каде ли отишла старицата? Јас имам работа.

– Па и јас имам работа, баќушка!

– Тогаш што ќе правиме? Значи да се вратиме? Е – ех! А јас си мислев дека ќе добијам пари! – викна момчакот.

– Се разбира, ќе се вратиме, но зошто тогаш ми определи да дојдам во ова време? Самата вештица ми кажа во колку часот да дојдам. Мене ваму ми е отпатно. А не знам ни каде се движи таа. По цела година седи, не мрднува, нозете ја болат, а сега наеднаш шетнала!

– Не е ли добро да го прашаме чуварот?

– Што?

– Каде отишла и кога ќе се врати?

– Хм! . . . по ѓаволите . . . да го прашаме . . . та таа не оди никаде . . . – и тој уште еднаш ја затресе кваката на бравата. – По ѓаволите, нема што, да си одиме!

– Стојте! – викна сега момчакот – Гледајте: гледате ли, како се одвојува вратава кога ја тресете?

– Што значи тоа?

– Значи дека не е заклучена, туку е затворена со резе, да со резе! – слушате ли, како тропка резето?

– Добро, а што покажува тоа?

– Ама зарем вие не сфаќате? Од тоа може да се заклучи дека има некого дома. Ако излегле двете, ќе заклучеле однадвор, а не со резето однатре. А, еве, слушате ли, како тропка резето? А штом затвориле со резето однатре мора да се дома, разбирате ли? Значи, седат дома а не отвораат!

– Вистина! точно така! – викна зачудениот Кох. – Тогаш што им е?

И тој фати бесно да ја тресе вратата.

– Чекајте! – пак викна момчакот – не тресете! Тука не е нешто во ред . . . вие звоневте, ја тресевте вратата, а не отвораат; или и двете се онесвестени, или . . .

– Што?

– Еве што: да одиме по чуварот; тој нека ги разбуди.

– Вистина! – И двајцата тргнаа да одат долу.

– Чекајте! Вие останете овде, а јас ќе отрчам долу по чуварот.

– Зошто да останам?

– Којзнае што е!

– Па, добро . . .

– Јас се готвам за судски иследник! Очигледно е, о-чи-глед-но е дека тука нешто не е во ред! – викна запалено момчакот и трчаница се спушти по скалите.

Кох остана, го повлече звончето уште еднаш и тоа засвони еднаш; а потоа почна тивко, како да размислува и да разгледува, да ја помрднува кваката на вратата, да ја притиска и да ја пушта, за уште еднаш да провери, дали вратата е затворена само со резето. Потоа збивајќи се наведна и фати да гледа низ клучалката, но од внатрешната страна беше ставен клуч и ништо не се гледаше.

Раскољников стоеше и ја стискаше секирата. Беше како во бунило. Готов беше и да се степа со нив, кога ќе влезат. Додека тропаа и се договараа, неколку пати му доаѓаше мислата сè да заврши наеднаш и да им викне од зад вратата. Понекогаш пак му идеше да пцуе и да се подбива, сè додека не ја отворат вратата! „Само нека се случи побрзо!“ – му светна во главата.

– Па сепак, ѓавол . . .

Времето минува, една, две минути, – никој не доаѓа. Кох почна да се вртка.

– Сепак, ѓавол! . . . – викна тој нестрпливо, па се откажа од своето стражарење и тргна да оди долу брзајќи и тропкајќи со чевлите по скалите. Чекорите стивнаа.

– Господи, што да се прави!

Раскољников го откачи резето, ја подотвори вратата, ништо не се слушаше; потоа, веќе ништо не мислејќи, набрзина излезе надвор, ја затвори вратата зад себе, колку што можеше подобро и брзо се спушти по скалите.

Веќе беше слегол три скалила, кога слушна силна викотница долу. Каде да се скрие? Нема каде да се скрие! Трчајќи пак се врати назад, во станот.

– Еј, бесу, ѓаволе! Држи го!

Некој викајќи истрча од некој стан долу и не да речеш дека трчаше, туку просто се лизна по скалите, и викна до колку што го држеше гласот:

– Миќка! Миќка! Миќка! Миќка! Миќка! Ѓаволот те-од-раа-л.

Викотницата заврши со свиреж; последните гласови што се слушнаа веќе доаѓаа од дворот; сè замолкна. Но во тој миг прилично бучно почнаа да се качуваат по скалите неколку човека, кои разговараа гласно и често. Беа тројца или четворица. Тој го позна металниот глас на момчакот. „Тие се!“

Целиот во очај им тргна право во пресрет: што сака нека биде! Ако го запрат, сè е пропаднато. Ако го пуштат пак сè е пропаднато: ќе го запаметат. Тие веќе беа многу блиску; меѓу нив беа само уште едни скали, – и, ненадејно, еве, спас! Неколку скалила под него, вдесно, празен и ширум отворен стан, станот на вториот кат, во кој работат молери, кои сега како нарочно беа отидени. Сигурно тие пред малку трчаа викајќи. Подот штотуку беше намачкан, среде собата стојат леген, сад со боја и четка. За миг се шмугна низ отворената врата и се притаи зад ѕидот, и крајно време беше: тие веќе беа на одмориштето. Потоа, продолжија горе и минаа покрај него кон четвртиот кат, гласно разговарајќи. Тој причека, излезе на прсти и отрча надолу.

Никого нема на скалите. Ни во влезот. Брзо излезе низ врата и скршна лево по улицата.

Многу добро знаеше, извонредно добро знаеше, дека тие во овој час се веќе во станот, дека многу се зачудени, кога имаат видено, оти е отворен, иако пред малку беше затворен, и сега веќе ги гледаат телата и нема да мине ни една минута, ќе се сетат и наполно ќе сфатат дека пред малку убиецот бил тука, но дека успеал некаде да се скрие, да се шмугне покрај нив, и да избега; ќе се сетат, можеби и за тоа, дека стоел во празниот стан, додека тие се качуваа горе. А тој сепак воопшто не смееше да го забрза чекорот, иако до првото скршнување имаше уште сто чекори. „Не е ли подобро да се скријам во некој влез и да почекам во

некои непознати скали? Не, лошо е тоа? А дали не е добро да ја фрлам некаде секирава? Дали да земам кочија? Не! И тоа воопшто не чини!“

Најпосле, еве ја уличката; скршна во неа полумртов; тука веќе беше наполно спасен и го сфаќаше тоа: овде е помалку сомнителен, а, освен тоа, овде поминуваат многу луѓе, па меѓу нив ќе исчезне како зрно песок. Но сите тие маки силно го исцрпуваа, така што одвај се движеше. Пот капеше од него; вратот сосем му беше влажен. „Ама си накиснал!“ – му викна некој, кога излезе кај каналот.

Дури сега почувствува дека му е лошо, а колку што продолжуваше да оди, толку полошо му стануваше. Сепак беше толку свесен, што кога излезе кај каналот, наеднаш се уплаши оти има малку луѓе и дека полесно паѓа во очи, па сакаше да се врати во уличката. Нозете му беа капнати, но сепак заврти и се врати дома од спротивната страна.

Речиси избезумен влезе во вратата на својата куќа; кога веќе беше дојден до скалите се сети за секирата. Му претстоеше многу важна задача: да ја врати секирата, и тоа така што никој да не забележи. Се разбира, веќе немаше сили да сфати, оти многу подобро ќе му беше да не ја враќа секирата на поранешното место, ами кришум да ја фрли во некој туѓ двор.

Но сè заврши среќно. Вратата на станот од чуварот беше затворена, но не беше заклучена, чуварот значи веројатно беше дома. Но тука веќе толку ја беше изгубил способност за да оцени нешто, па направо отиде во станот на чуварот и ја отвори вратата. Ако го прашаше чуварот: „Што барате?“ – тој, можеби, едноставно ќе му ја дадеше секирата. Но чуварот пак го немаше тука, такашто успеа да ја врати секирата на поранешното место, под клупата; дури и ја покри со цепаница, како што стоеше кога ја зеде. Не сретна ни жива душа сè до својата соба;

вратата на газдарицата беше затворена. Кога влезе во собата се фрли на диванот, таков каков што беше. Не заспа, туку беше во некаква затапеност. Тогаш, да му влезеше некој во собата, тој ќе скокнеше и ќе фатеше да вика. Парчиња и делови од некакви мисли му се роеја во главата; но ниедна не можеше да сфати и на никоја не беше во состојба да се запре, иако се трудеше . . .

ВТОР ДЕЛ

I

Така лежеше долго време. Се случуваше малку и да се разбуди, но тогаш забележуваше дека одамна е стемнето, а воопшто не мислеше да стане. Најпосле, забележа дека веќе светлината е денска. Лежеше ничкум на диванот, уште здрвен од поранешната затапеност. До него јасно допираа страшни, очајни, молбени извици откај улицата, кои, впрочем, секоја ноќ во три часот, ги слушаше под својот прозорец. Тие го разбудија и сега: „А! ете веќе излегуваат и пијаниците од крчмите“, си помисли тој — „веќе е три часот“, и ненадејно скокна како нешто да го отфрли од диванот. — „Што! веќе три часот!“ — седна на диванот — и сега се сети за сè! Одеднаш, во еден миг се сети за сè.

Отпрвин си помисли, дека ќе полуди. Му стана многу студено, но му студеше и поради треската, што го имаше фатено уште во сонот. Сега одненадеж толку силно му пролазија морници по телото, што дури му се разнишаа забите и сè се размеша во него. Ја отвори вратата и фати да прислушнува: во куќата сите тврдо спиеја. Зачудено се прегледуваше себеси и сè околу себе по собата, и не сфаќаше: како можел вчера кога дојде, да не ја затвори вратата, и да се одвали врз диванот, не само неслечен, туку и сосе шапка: паларијата му паднала од главата и лежеше на подот, близу до перницата. — „Ако влезел некој, што ќе си помислел? Дека сум пијан? но...“ Наеднаш дотрча до прозорецот. Беше прилично виделно

и тој почна забрзано да се прегледува себеси од главата до петиците, сета своја облека: да не има траги? Не можеше вака: треперејќи од студ почна да соблекува сè од себе и пак да разгледува од сите страни. Испреврти сè, секоја ситница, и парталче, но не си поверува ни себеси, ами прегледот го изврши трипати. Се чини, нема ништо, нема никакви траги; само долу, каде што панталоните, беа искинати, и висеа распарани реси, на ресите се гледаа дебели траги на засирена крв. Тој го зграпчи големиот нож на расклопување и ги пресече ресите. Сè чинеше дека нема на друго место. Тогаш се сети дека портмонето и другите предмети што ги зеде од сандачето на бабата, сè уште му се по џебовите. Досега и не мислеше да ги извади, и да ги скрие! Не се сети за нив ни тогаш, кога ја разгледуваше облеката! Та што е тоа? Почна брзо да ги вади и да ги фрла на масата. Кога извади сè, ги преврти и џебовите за да провери да не останало нешто во нив, а потоа целиот тој куп го однесе во аголот. Во аголот, долу беа искинати и одлепени тапетите од ѕидот; тука имаше дупка: во таа дупка под тапетот тој фати да пика сè: – „Може!“ – „Сè да се тргне од пред очи, и портмонето!“ — си мислеше радосно, кога потстана и тапо се загледа во дупката, која сега беше проширена. Но ненадејно целиот се стресе од ужас: — „Господи“, — си шепотеше во очај, — „што станува со мене? Зарем ова е скриено? зарем вака се крие?“

Всушност тој не се надеваше дека ќе земе и предмети; мислеше дека ќе има само пари, „а сега, сега што ќе правам?“ — си мислеше. „Вака ли се крие? Навистина ме напушта разумот!“ Седна изнемоштен на диванот и пак почувствува неподнослива треска. Махинално го повлече од столот покрај себе своето некогашно студентско зимско палто, но сега веќе испарталено, се покри со него, и пак потона во сон и бунило. Се изгуби.

По нецели пет минути тој скокна повторно и веднаш, целиот бесен, пак отиде кај својата облека. „Како можев да заспијам, без да уредам сè! Навистина, навистина: јамката под пазувата уште не ја тргнав!

Заборавив, такво нешто заборавив! Таков доказ!“ Ја тргна јамката, и почна брзо да ја кине на парчиња и да ја сместува под перницата меѓу облеките. — „Парчиња испокинато платно воопшто нема да подбудат сомневање; се чини вака е добро, вака е добро!“ — си повторуваше, стоејќи среде собата, и со внимание напрегнато до болка пак почна да разгледува наоколу, по подот и насекаде, за да види да не има заборавено нешто? Увереноста дека сè му се губи, и свеста, па дури и обичната способност да размислува, почна неподносливо да го мачи. Што, зарем веќе започнува, зарем веќе настапува казната? Види, види, така е!“ Навистина парчиња од ресите што ги пресече од панталоните, лежеа на подот, среде собата и секој можеше да ги забележи веднаш! — „Ама што ми е мене!“ — викна пак како изгубен.

Сега му дојде во умот необична мисла: можеби и сета облека му е крвава, можеби по неа има многу дамки, но тој не ги гледа, не ги забележува, зашто веќе не е способен да расудува, дека умот веќе му е растргнат... помрачен... Наеднаш се сети дека и портмонето беше окрвавено. — „Ех! па тогаш мора да има крв и во џебот, зашто јас тогаш портмонето уште влажно го ставив во џебот!“ Бргу го преврти џебот и — навистина — на поставата во џебот имаше траги, дамки! — „Ете уште не сум го изгубил сосем умот, ете, можам да размислувам и се сеќавам, штом се сетив за ова!“ — си помисли радосен и воздивна длабоко со полни гради, — „ова е само немоќ од треската, моментално бунило“ — и тој ја испара сета постава од левиот џеб на панталоните. Во тој миг сончев зрак му го осветли левиот чевел: на чорапот, што му sиркаше од чевелот, како да забележи траги! Го слече чевелот: „навистина траги! чорапот кај прстите е натопен со крв“; значи, не внимавал, туку тогаш невнимателно загазил во локвата... „А што ќе правам сега со ова? Каде да го ставам чорапот, ресите, џебот?“

Го собра сето тоа во раката и стоеше среде собата. — „Во печката? Но во печката најпрвин ќе почнат да чепкаат. Да ги изгорам? А со што да ги запа-

лам? Немам ни кибрит. Не, најдобро е да одам каде било и сè да фрлам. Да! Најдобро е сè да се фрли“ — повторуваше седнувајќи пак на диванот — „и тоа веднаш, во овој час, не исчекувајќи...“ Но наместо тоа главата пак му се спушти на перницата; пак му пролазија студени, неподносливи морници; пак го префрли преку себе палтото. И долго време, неколку часа, му се меткаше мислата дека „треба веднаш, без одлагање да се оди каде било и сè да се фрли, за да не биде пред очи, што побрзо, што побрзо!“ Потстануваше од диванот неколку пати, сакаше сосем да стане, но веќе не можеше. Најпосле, го разбуди силно тропање на вратата.

— Ама отвори! жив ли си, или не? И везден пцовисува! — викаше Настасја, тропајќи со тупаницата на вратата. Цел божји ден пцовисува како куче. Куче и е. Ајде отвори! Часот е единаесет.

— Можеби и не е дома, се јави машки глас.

„Ех, ова е гласот на чуварот... Што бара тој?“

Скокна и седна на диванот. Срцето му тупкаше толку силно, што го заболи.

— А, зошто си се заклучил? — викаше Настасја, — уф, почна да се заклучува? Да не мислиш дека ќе те украдат? Отвори, главо, разбуди се!

„Што сакаат тие? Што бара чуварот? Сè се знае. Да отворам или да не отворам? Пропаднав...“

Потстана, се пресегна и го откачи резето.

Собичето му беше толкаво, што можеше резето да го откачи и без да стане од постелата.

И навистина: пред вратата стоеја чуварот и Настасја.

Настасја го погледна некако необично. Тој се загледа во чуварот предизвикувачки и очајно. А чуварот молчејќи му подаде сива хартија, здиплена на две, запечатена со восок.

— Покана, од канцеларија — рече тој подавајќи му ја хартијата.

— Од каква канцеларија?

— Еве, те викаат во полицијата, во канцеларијата. Се знае каква канцеларија.

— Во полицијата... зошто?...

— А од каде да знам јас! штом те викаат, оди. — Го погледна внимателно, се обрна наоколу и се сврти да си оди.

— Како сосем да си се разболил! — забележа Настасја, не тргнувајќи ги очите од него. И чуварот наеднаш се обрна. — Од вчера има оган — додаде таа.

Тој не одговараше; во рацете ја држеше хартијата, но не ја отпечатуваше.

— Ама немој да стануваш! — продолжи Настасја, која го сожалуваше, кога виде дека ги спушта нозете од диванот. — Ти си болен, па не оди таму; нема да ти избегаат. Што ти е тоа во раката?

Тој погледна: во десната рака му беа исечените реси, чорапите и крпите од распараниот џеб. Ете, со нив и спиел. Подоцна, кога размислуваше за тоа, се сеќаваше, дека се подразбудувал во треската, но секогаш со сета сила го стискал сето тоа во раката и пак потонувал во сон.

— Их, какви партали насобрал и спие со нив, како со некое богатство...

И Настасја се засмеа со својата болно-нервозна смеа.

Тој брзо сето тоа го стави под палтото и ги впери очите во неа. Иако сосем малку можеше во тој час за сè разумно да расудува, чувствуваше дека нема да постапуваат вака со човек по кој доаѓаат да го одведат. — „Добро... а полицијата?“

— Да се напиеш чај! Сакаш ли? Ќе ти донесам; има останато...

— Не, не сакам... одам; одам веднаш; — мрмореше станувајќи.

— Ама не Ќе можеш ни да слезеш по скалите.

— Ќе одам...

— Како што сакаш.

Таа си отиде по чуварот, а Раскољников отрча на светлина, за да ги разгледа чорапите и ресите. — „Има дамки, но не се забележуваат многу; се засириле, се растриле, и веќе се избледени. Оној што не знае од-

напред, нема да забележи ништо. Значи, Настасја ништо не можела да забележи оддалеку, фала му на господа!“

Потоа треперејќи ја отпечати поканата и фати да ја чита; долго време ја читаше и најпосле сфати. Тоа беше обична покана од квартот, да дојде денеска во девет и пол часот, во канцеларијата на квартовскиот надзорник.

„Ама зошто? Никаква работа немам лично со полицијата! И зошто токму денеска?“ — размислуваше во тешко сомневање. „Господи, нека дојде што побрзо!“ Клекна и така некое време стоеше сакајќи да се моли, но дури и самиот се насмеа, не поради молитвата, ами поради себеси. Веднаш фати да се облекува. „Ако пропаднам, ќе пропаднам! Треба да си го облечам чорапот!“ — помисли ненадејно. — „Уште подобро ќе се растрие во правот, па ќе исчезнат трагите.“ Но само што го облече, веднаш го слече со гадење и ужас. Го слече, но заклучи, дека поинаку не може, го зеде и пак го облече, и пак се насмеа. „Сето тоа е условно, сето тоа е релативно, сето тоа се само формалности“, — му светна во главата, само еден крај од мислата, а целото тело му трепереше, — „па, еве, пак го облеков. Најпосле, го облеков!“ Но смеата пак му се претвори во очај. „Не, немам доволно сили . . .“ — си помисли. Нозете му трепереа. „Од страв“ — промрмори во себе. Главата му се вртеше и го болеше, поради температурата. — „Тоа е итрост. Сакаат со итрост да ме излажат и одненадеж да ме збунат во сè“ — продолжуваше во себе, слегувајќи по скалите. — „Лошо е што сум речиси во бунило . . . би можел да истресам некаква глупост . . .“

На скалите се сети, дека сите работи ги остави така во дупката зад тапетот. „А ако направат претрес намерно тогаш кога тој не е тука?“ — се сети и застана. Но наеднаш го совлада таков очај и таков, ако може да се рече, цинизам на пропаста, што одмавна со раката и продолжи.

„Само нека биде што побрзо!“

На улицата беше неподносливо жешко; тие денови не падна ни капка дожд. Пак прав пак тули и вар, пак смрдеа од дуќанчињата и крчмите, пак постојано пијаници, амали-Финци и испокршени фијакери. Сонцето силно му светна во очите, така што го болеа од гледање и главата сосем му се заврти — обично чувство на човек што има треска, кој по светол сончев ден наеднаш ќе излезе на улица.

Кога дојде до местото, каде што скршна во *вчерашната* улица, со мачна возбуденост погледна кон неа, кон *куќата*... и веднаш ги тргна оттаму очите.

„Ако ме прашаат, можеби и ќе кажам“, — си помисли приближувајќи се кон канцеларијата.

Канцеларијата беше оддалечена едно четврт врста; квартот скоро се имаше преслено во нови простории, во нова куќа, на третиот кат. Во поранешните простории еднаш имаше влезено, за малку, но тоа беше многу одамна. Кога се најде во влезот, од десната страна забележа скали по кои слегуваше селанец со книга во раката: — „Служител, значи; значи тука е канцеларијата“, и тој наврапито почна да се качува. Не сакаше никого за ништо да праша.

„Ќе влезам, ќе клекнам и ќе раскажам сè“... си помисли, качувајќи се на четвртиот кат.

Скалите се тесни, стрмни, извалкани. Сите кујни од становите на сите четири ќата излегуваат на тие скали и така се отворени речиси цел ден. Затоа тука воздухот е многу задушлив. Нагоре и надолу се качуваат и слегуваат служители со книги под мишките, разнесувачи на покани и секакви луѓе, мажи и жени — странки. Вратата на канцеларијата, исто така, е ширум отворена. Тој влезе и застана во претсобјето. Тука стојат и чекаат некакви селани. И тука воздухот е многу задушлив, а, освен тоа, смрди и ти се лоши од свежата уште неисушена боја и од смрдливиот лак на штотуку бојадисаните соби. Почека малку, а потоа реши, да отиде понатаму во следната соба. Сите тие соби се малечки и ниски. Голема нестрпливост го влече понатаму и сè понатаму. Никој и не го гледа. Во другата соба седат и пишуваат некакви писарј,

само малку подобро облечени од него, навидум сите некаков чуден свет. Му се обрна на еден од нив.

— Што сакаш?

Му ја покажа поканата од канцеларијата.

— Вие сте студент? — праша тој, откако ја виде поканата.

— Да, бивш студент.

Писарот го разгледа, но без некаква љубопитност. Тој беше некаков посебно наострен човек, здрвен, со тап поглед.

„Од овој нема да дознаеш ништо, зашто нему сè на светот му е сеедно“, — си помисли Раскољников.

— Одете онаму кај деловодителот, — рече писарот и покажа со прстот кон последната соба.

Тој влезе во таа соба, четврта по ред, тесна и преполна со странки — луѓе, малку попристојно облечени, од оние во другите соби. Меѓу странките има и две госпоѓи. Едната во црно, сиромашки облечена, седи на масата, спроти деловодителот, и нешто пишува, а тој ѝ диктира во перото. Друга госпоѓа, пак, многу дебела и темно-црвена, со дамки, видна жена и некако многу раскошно облечена, со брош колку мало чиниче на градите, стоеше настрана и нешто чекаше. Раскољников му ја предаде својата покана. Деловодителот го погледна бегло, рече: „почекајте!“ и повторно се зафати со госпоѓата во црно.

Раскољников здивна послободно. — „Сигурно не е тоа!“ По малку почна да се охрабрува, а и самиот со сите сили настојуваше да се обо̀дри и да се соземе.

„Само една мала глупост, само некаква ситна невнимателност, па можам сосем да се откријам! Хм!... За жал, овде нема воздух“ — додаде тој — „запуровина... Главата сè повеќе ми се врти... а и умот...“

Чувствуваше страшен неред во себе. Се плашеше дека не ќе може да се совлада. Настојуваше да се зафати со нешто и да мисли на тоа, макар и да е тоа нешто сосем периферно, но не успеваше сосем. Деловодителот, впрочем, многу го заинтересира: сè би дал да може нешто да прочита од неговото лице, да открие. Тој беше многу млад човек, на дваесет и две

години, црномурест, со живо лице, што изгледаше постаро отколку што беше, облечен по модата, како конте, со патец до тилот, исчешлан и намачкан со помада, со голем број прстени, со камења и без камења, на белите, истанчени прсти, и со златно синџирче на елекот. Со еден непознат човек, кој се најде тука, тој прозборува два три збора на француски, и тоа сосем добро.

— Луиза Ивановна, повелете седнете, — ѝ рече тој бегло на наконтенатa, темно-црвена дама, која уште стоеше, простум, како да не се осмелува да седне самата, иако столот беше до неа.

— Ich danke[1]) — одговори таа и тивко се спушти на столот при што зашушка нејзината свила. Нејзиниот отворено-син фустан, порабен со бели тантели, се рашири како балон покрај масата и зафати скоро половина од собата. Замириса на парфем. Но на дамата очигледно ѝ беше незгодно затоа што зафати половина од собата и затоа што од неа се шириле толкав мирис, иако се смешкаше истовремено плашливо и безобразно, но со јасен немир,

Дамата во црно, најпосле, заврши и почна да станува. Притоа прилично бучно во собата влезе еден офицер, многу пристојно и некако особено мрдајќи ги рамениците при секој чекор, ја фрли на масата капата со кокарда и седна на фотељата. Наконтенатa дама веднаш отскокна од столот штом го забележа, па почна со некакво посебно одушевување да мрда во знак на поздрав; но офицерот ни најмалку не ѝ обрнуваше внимание, а пак таа не се осмелуваше да седне пред него. Тој беше поручник, помошник на квартовскиот надзорник, со црвеникави мустаќи, кои право стрчеа на обете страни, со многу убави црти, но тие црти не искажуваа ништо особено освен некаква дрскост. Тој го погледна Раскољникова подоко, донекаде со негодување: на него облеката беше сосем бедна, но сепак неговото држење не се слагаше

[1]) Благодарам — герм.

со облеката; Раскољников од невнимателност го погледна премногу отворено и долготрајно, така што тој се навреди.

— Што сакаш ти? — викна тој, чудејќи се, секако, зошто еден ваков партало не мисли да се прибере пред неговиот силен поглед.

— Имам покана... со покана... — одговори Раскољников небрежно.

— Тоа е во врска со тужбата поради неплатени пари, против студентот, — побрза да одговори деловодителот потстанувајќи од над списите. — Еве ви? — му дофрли тој на Раскољников еден список и му го покажа местото — прочитајте!

— „Пари? какви пари" — си мислеше Раскољников — „но,... секако, не е она!" и тој затрепери од радост. Во еден момент силно, неискажливо силно му олесни. Товарот му падна од раменицте.

— А во колку часот ви е напишано да дојдете, милостив господине? — викна поручникот, кој кој-знае зошто сè повеќе се лутеше. — Ви пишува во девет, а сега веќе е дванаесет!

— Мене ми го дадоа, само пред петнаесет минути — одговори гласно и слободно Раскољников, кој наеднаш и ненадејно се налути на себеси, дури и наоѓајќи некакво уживање во тоа. — Доволно е што дојдов вака болен, со треска.

— Не повелајте да викате!

— Јас не викам, туку сосем мирно зборувам, ами вие мене ми викате; јас сум студент и не дозволувам, да ми викате.

Поручникот толку пламна што отпрвин не можеше ништо да каже, ами само прскаше со устата. Отскокна од местото.

— Повелете да мол-чи-те! Вие сте во канцеларија. Не изведувајте простачки работи, господине!

— Па и вие сте во канцеларија, — викна Раскољников; — но не само што викате, туку и пушите цигара. Значи, нè навредувате сите нас.

Кога го рече тоа, почувствува неискажливо задоволство.

Деловодителот ги гледаше и се смешкаше. Запаленият поручник очигледно беше вчудовиден.

— Тоа не е ваша работа — викна тој најпосле некако неприродно гласно, — ами вие повелете да дадете изјава што се бара од вас. Покажете му, Александар Григорјевич. Има тужба против вас! Не сакате да плаќате! Ете, јасен соколе, каков сте вие!

Но Раскољников веќе и не слушаше, туку лакомо го дофати списокот, за што побрзо да ја открие загатката. Прочита, еднаш и уште еднаш, и не сфати.

— Што е ова? — го праша тој деловодителот.

— Од вас се бара да платите долг врз основа на меница, со налог за извршување. Или морате да платите со сите трошоци, заостатоци и друго, или писмено да дадете изјава, кога ќе можете да платите, а воедно да се обврзете дека нема никаде да излегувате од градот, додека не платите, и дека нема да го продавате ниту криете вашиот имот. А заемодавецот има право да го продаде вашиот имот, а пак со вас да постапи според законот.

— Ама јас... јас не му должам никому!

— Тоа не нè интересира. Нам ни е врачена вашата меница на стопетнаесет рубли, што сте ѝ ја дале пред девет месеци на колешката асесорка Зарницина, а од вдовицата Зарницина, со исплата, минала во рацете на дворскиот советник Чебаров, бидејќи на меницата ѝ минал рокот и таа е законски протестирана, ве повикуваме, да дадете изјава.

— Ама таа ми е газдарица!

— Па што ако е така, ако ви е газдарица?

Деловодителот го гледаше со милостива и сожалителна насмевка, а воедно гордо, како новак, кој веќе започнуваат да го малтретираат: „Е, како се чув ствуваш сега?“ Но, што му е грижа сега за меницата и за налогот за исплата. Зарем вреди да се возбудува сега за тоа од своја страна, да му посветува некакво внимание на тоа! Стоеше, читаше, слушаше, одговараше, па и самиот потпрашуваше, но сето тоа го правеше махинално. Победничко чувство, дека се зачувал, дека се спасил од опасноста, што му се закануваше — во овој миг му го исполни сето битие, без

предвидувања, без анализа, без идно поставување загатки и наоѓање решенија, без сомневања и без прашања. Тоа беше момент на целосна, блиска, вистинска животна радост. Но, токму во тој момент се случи нешто во канцеларијата — како да удри гром и секавица. Поручникот, уште целиот возбуден поради таквото непочитување, сиот разлутен и очигледно со желба да го одржи својот углед, кој му беше повреден, со сите сили се нафрли на несреќната гиздава дама, која гледаше во него и многу глупаво се смешкаше од моментот кога влезе тој.

— А ти, ваква-таква, — викна тој ненадејно многу силно (госпоѓата во црно веќе си отиде), што станало кај тебе ноќеска? А? Пак создаваш срамота, разврат, ја соблазнуваш целата улица. Пак тепање и пијанчење. Да не ти се допаѓа казниениот завод! Нели ти веќе кажував, нели десет пати веќе те предупредував, дека единаесеттиот пат нема да ти простам! А ти, пак, ваква-таква!

Раскољников ја испушти хартијата од раката, толку збунето се загледа во наконтенатa госпоѓа, што ја караа без стеснување. Но брзо му текна во што е работата и веднаш фати да му се допаѓа целиот тој случај. Слушаше со задоволство, така што дури и му доаѓаше да се кикоти, да се смее, да се смее... Веќе му потскокнуваа сите жили.

— Иља Петрович! — започна внимателно деловодителот, но запре зашто запалениот поручник не можеше да го смири поинаку освен да го фати за рака, а тоа тој го знае од сопствено искуство.

Што се однесува, пак, до наконтенатa госпоѓа, отпрвин таа затрепери од громот и од секавицата; но, чудно: колку помногубројни и посилни беа навредите, толку пољубезен стануваше нејзиниот лик, толку попривлечна нејзината насмевка, со која му се обрнуваше на бесниот поручник. Се врткаше и постојано тропкаше со ногата, нестрпливо очекувајќи, најпосле и нејзе да ѝ дозволат да го каже својот збор, и дочека.

— Никаков мешаница и тепаница кај мене немал, господин капетане, — се раздрдори таа наеднаш, како да истура грав, со силен германски акцент, но со расипан руски јазик, — и никаков никаков скандал, и тие дојде пијан, и тоа јас сè кажам, господин капетан, а јас не сум крив... Мојот куќа е пристоен, и поведението пристојно, господин капетан, и јас постојано ни самата не сум сакал скандал. А тие, ете, дојде пијан и потоа пак порача три шише, а потоа, едното дигна нозе и фати на клавир игра со нозе, и тоа сосем не добро во пристојна куќа, и потоа ганц[1]) клавирот скршил и сосем, сосем нема никакви манири, јас велам. А тој зема шише и фати се мава одзади. А потоа јас брзо викам чувар и Карл дојде и тој зема Карл и во око удрил, и Хенриета удри исто во око, и мене пет пати на образ удри. И тоа е толку неделикатно во пристоен куќа, и јас викав. А тој отвори прозорец кон канал и фати на прозорец како мала свиња квичи; и тоа срамота. И како може на прозор на улица како мала свиња квичела? Пи, пи, пи, пи! И Карл одзади него за фрак влече од прозорец и тогаш, вистина, господин капетан, скинала зајн рок.[2]) И тогаш тој вика, дека петнаесет рубли треба да му платила. И јас, господине капетан, платила за зајн рок и тоа е, непристоен гостин господин капетан, и секаков скандал правела. Јас реков за вас голем сатир гедрукт[3]) ќе биде, зашто јас во сите весници можам за вас сè напишам.

— Значи писател е?

— Да, господин капетан, и колку непристојна гостин, господин капетан, во пристојна куќа...

— Добро, добро, добро! Доста е! Јас веќе ти реков, ти реков, јас веќе ти реков...

— Иља Петрович — повторно важно проговори деловодителот. Поручникот брзо го погледна: деловодителот нишна со главата.

---

[1]) Сè — герм.

[2]) Неговото палто — герм.

[3]) Напечатен — герм.

— ...Еве, значи, најпочитана *Лавиза* Ивановна, ова е мојот последен збор, и тоа за последен пат — продолжи поручникот. — Ако кај тебе, во твојата пристојна куќа, се случи само уште еден единствен скандал, јас тебе арно ќе те посолам, како што се вели убаво. Слушна ли? Значи, на писателот, на литератот да му се платат пет рубли во „пристојната куќа" за полата од палтото? Гледај ги ти нив, тие писатели! — и го стрелна Раскољникова со презирен поглед. — И завчера во гостилницата имаше сличен случај: ручал а не сакал да плати; „јас за тоа ќе ве опишам во сатира", вели. А пак на парабродот минатата недела еден таков со срамотни имиња нарече една чесна фамилија на државен советник, жена и ќерка. Неодамна еден таков исфрлија од слаткарницата. Ете, какви се тие писатели, литерати, студенти, викачи... Пи! А ти оди си! Јас ќе наминам кај тебе... тогаш внимавај! Слушна ли?

Луиза Ивановна фати забрзано љубезно да се клања на сите страни и така клањајќи се се повлече до вратата; но на вратата одејќи назадечки се судри со еден виден офицер, ведар, со здраво лице, со прекрасни, густи, руси зулуфи. Тоа беше Никодим Фомич, квартовскиот надзорник. Луиза Ивановна се поклони уште побрзо, наведнувајќи се речиси до подот, па скоро со трчање излезе од канцеларијата, правејќи ситни чекори, потскокнувајќи.

— Пак кршење, пак гром и секавица, вијулица, ураган, — љубезно и пријателски му се обрна Никодим Фомич на Иља Петрович, — пак сте го збуниле срцето, пак сте пламнале! Слушав дури на скалите!

— Ами како! — рече Иља Петрович со отмена небрежност (а и не вели: ами како, туку некако: амиии какооо), преминувајќи со некои хартии на друга маса и сликовито мрдајќи ги при секој чекор рамениците; чекорот ваму и рамото таму — еве, повелете да погледате: господин писателот, значи, студент, т. е. бивш, не сака да плаќа, издал меница, не се сели од станот, постојано пристигаат тужби против него, а повели да протестира оти пред него запалив

цигара! А подлости прават, повелете да ги погледате: еве го сега неговиот најинтересен изглед!

— Сиромаштијата не е срамота, пријателче, што од тоа! Се разбира, бидејќи е како барут, не можеше да ја издржи навредата. Вие сигурно нешто сте му забележале, не сте се совладале; — продолжи Никодим Фомич, љубезно обрнувајќи му се на Раскољников — но тоа е излишно, изгледа. Јас ќе ви речам: тој е нај-бла-го-ро-ден човек. Но е барут, барут! Се запали, вивна, изгори — и го нема! И мина сè! А остана само златното срце! Него и во полкот го викаа: „поручник-барут . . .“

— А каков п-п-полк беше тој! — викна Иља Петрович многу задоволен, што толку пријатно го погалија, но сè уште муртејќи се.

На Раскољников одненадеж му дојде желба на сите да им рече нешто необично пријатно.

— Ама, молам, господин капетане, — започна многу слободно, обрнувајќи му се веднаш на Никодим Фомич — замислете се во мојата положба. — Јас сум готов да ги замолам за прошка, ако сум ги навредил со нешто. Јас сум сиромашен, болен студент, пригмечен (токму така рече: „пригмечен“) од сиромаштијата. Јас сум бивш студент, зашто сега не можам да се издржувам, но ќе добијам пари . . . јас имам мајка и сестра во — ска губернија . . . ќе ми испратат и . . . ќе платам. Мојата газдарица е добра жена, но многу се налути, дека ги изгубив часовите и не плаќам веќе четири месеца, па не ми носи веќе ни јадење . . . а јас воопшто не знам каква е таа менича. Сега таа бара, да го платам долгот! А како да платам, оценете самиот! . . .

— Тоа не нè интересува нас . . . — пак забележа деловодителот.

— Дозволете, дозволете, сосем се согласувам со вас, но дозволете да објаснам — продолжуваше Раскољников, не обрнувајќи му се на деловодителот, туку сè уште на Никодим Фомич, настојувајќи со сета сила, да му се обрне и на Иља Петрович, иако тој, оставаше впечаток како да копа по списите, па поради презир и не му обрнуваше внимание нему, — дозво-

лете, и јас да објаснам дека кај неа живеам околу три години, откако дојдов од провинција, а порано... порано, впрочем, зошто да не признам и јас, јас веднаш од првиот момент ветив, дека ќе ја земам нејзината ќерка, ветив со збор, сосем слободно... таа беше девојка... впрочем, и ми се свиќаше... иако не бев заљубен... со еден збор, младост, т. е., јас велам, дека газдарицата тогаш многу ми даваше на доверба и јас донекаде имав живот... бев многу лекомислен...

— Никој од вас, господине, не бара да изнесувате вакви интимности, а и немаме време — грубо го прекина гордиот Иља Петрович, но Раскољников загреано го запре, иако му беше извонредно тешко да зборува.

— Ама дозволете, дозволете донекаде да ви раскажам... беше... и јас... иако е излишно да се раскажува, се согласувам со вас, — но пред една година девојката умре од тифус, а јас останав да живеам во тој стан, газдарицата, кога се досели во сегашниот стан ми рече... и ми рече пријателски... дека таа сосем има доверба во мене, и сè... но сепак да ѝ дадам меница за сто и петнаесет рубли, за сè, колку што смета таа, дека сум должен. Дозволете, господине: таа посебно рече, дека штом ќе ѝ ја дадам таа хартија, пак ќе ме кредитира колку што сакам, а дека никогаш, никогаш — тоа се нејзини зборови, нема да се послужи со тој документ сè додека не платам самиот... а, еве, сега, кога ги изгубив часовите, и немам што да јадам, таа ме тужи и ме присилува. Што да речам сега?

— Сите тие чувствени подробности не нè интересираат, милостив господине — пресече сурово Иља Петрович — вие сте должен да дадете изјава и обврска, а тоа дека таму сте биле заљубен и сите тие трагични настани не се наша грижа.

— Ама ти... жестоко... — промрмори Никодим Фомич, кој седна на масата и зеде, исто така, да потпишува. Како да му беше срам.

— Значи, пишувајте — му рече деловодителот на Раскољников.

— Што да пишувам? — праша тој некако особено грубо.

— Јас ќе ви издиктирам.

На Раскољников му се стори, дека деловодителот сега по исповедта е понебрежен и попрезрив спрема него, но чудно, и нему самиот му стана сеедно за тоа кој што мисли, и таа промена се изврши наеднаш за еден момент. Ако посакаше да размисли малку, тој, се разбира, ќе се зачудеше поради тоа, како можеше до пред малку вака да зборува со нив, дури и да им се наметнува со своите чувства. А и од каде кај него тие чувства? Та дури и кога би се наполнила сета соба не со квартовски чиновници, туку со најблиски пријатели: ни тогаш веројатно не би можел да им каже ни еден човечки збор, толку многу му опусте срцето наеднаш. Мрачно чувство на тешка, бескрајна осаменост, отуѓеност, наеднаш му се јави јасно во душата. Срцето вака одненадеж не му го преобрази ни нискоста на срдечното исповедање пред Иља Петрович, ни нискоста на победата на поручникот над него. Ех, сега не му е до сопствена подлост, до сите амбиции, поручниците, германките, до барањата за плаќање на долговите, навредите, итн. итн.! Дури и да го осудат, во овој момент да биде изгорен, ни тогаш не би бил трогнат, а дури и пресудата којзнае дали би ја ислушал внимателно. Во него се случуваше нешто сосем непознато, ново, ненадејно, што никогаш порано го немало. Не, не само што сфаќаше, туку јасно со сета сила на чувствувањето, дека не само со чувствени исповеди, како пред малку, туку воопшто со ништо веќе не може да им се обрнува на тие луѓе во квартовската канцеларија, дури и да му се родени браќа и сестри, а не квартовски поручници, ни тогаш не би имал зошто да им се обрнува ним воопшто, во никаков случај во животот; никогаш до овој миг не почувствувал вакво необично, страшно чувство. А најсилно го мачи тоа дека се работи повеќе за чувство, отколку за свест, отколку за мисла; токму чувство, најмачно чувство од сите чувства што ги доживеал во својот живот.

Деловодителот почна да му ја диктира формата на изјавата, вообичаена за таков случај, тоест: не можам да платам, се обврзувам дека ќе платам тогаш и тогаш (кога било), од градот нема да излегувам, сопственоста нема да ја продавам ни подарувам, итн.

— Ама вие не можете да пишувате, перото ви испаѓа од раката, — забележа деловодителот, љубопитно загледувајќи се во Раскољников. — Да не сте болен?

— Да... ми се врти главата... кажувајте понатаму!

— Тоа е сè; потпишете се!

Деловодителот ја зеде изјавата и се зафати со другите.

Раскољников го врати перото, но не стана и не си замина, туку со обата лакта се потпре на масата и со рацете си ја стегна главата. Како да му заковуваа клинец во темето. Страшна мисла му светна во главата: веднаш да стане, да му пристапи на Никодим Фомич и да му раскаже за тоа што се случи вчера, сè до последната ситница, потоа да оди со него во станот и да му ги покаже предметите во аголот, во дупката. Внатрешниот притисок му беше таков, што тој веќе стана за да го изврши тоа — „Не е ли подобро малку да поразмислам?“ — му светна во главата. „Не, подобро е без размислување, само да истресам сè!“ Но тогаш застана како здрвен: Никодим Фомич запалено му зборува на Иља Петрович и до него долетаа зборовите:

— Не може да биде, и двајцата ќе ги пуштат. Прво, сè противречи; размислете: зошто би го викнале чуварот, ако го извршиле делото тие? За да се обвинат себеси? Или можеби од итрост? Не, тоа веќе би било премногу итро! А студентот Пестрјаков го виделе на вратата двајцата чувари и граѓанката, токму во тој час, кога влегувал: одел со тројца пријатели и се разделил од нив токму пред вратата, а уште пред пријателите го прашал чуварот за станот. А тој Кох, пред да тргне накај бабата, седел по-

ловина час долу кај златарот и точно во осум без петнаесет станал откај него, за да оди горе кај старицата. Е, сега размислете...

— Ама дозволете, откаде кај нив ваква противречност: самите тврдат дека тропале и дека вратата била заклучена, а по три минути, кога дошле со чуварот, излегува дека вратата била отворена.

— Токму тоа е мајсторијата: убиецот, всушност, бил внатре и ја затворил вратата со резето; тие, всушност, таму и ќе го затечеле, ако Кох не направел глупост и не одел и самиот накај чуварот. А тој токму за тоа време ја искористил можноста, да слезе по скалите и да се измолкне некако покрај нив. Кох се крсти со обете раце: „Ако останев таму, тој ќе излезеше и ќе ме убиеше со секирата", вели. Сака и в црква да му отслужат руски молебен за благодарност, — хе, хе!...

— А убиецот не го видел никој?

— Како можел да го види! Таа куќа е ноев ковчег, — забележа деловодителот, кој седеше на својата маса.

— Работата е јасна, работата е јасна! — повтори пламено Никодим Фомич.

— Не, работата е многу нејасна, — тврдеше Иља Петрович.

Раскољников си ја крена паларијата и тргна кон вратата но не дојде до вратата...

Кога се освести сфати, дека седи на стол, од десната страна го држи некој човек, од левата страна му стои друг човек, со жолта чаша, полна со жолта вода, а Никодим Фомич стои пред него и се цари. Станува од столот.

— Што ви е, да не сте болен? — прилично остро прашува Никодим Фомич.

— И кога се потпишуваше, одвај го држеше перото — забележа деловодителот, седнувајќи на своето место и пак зафаќајќи се со списите.

— А одамна ли сте болен? — викна од своето место Иља Петрович, прелистувајќи ги пак, хартиите.

Се разбира и тој го гледаше болниот, кога беше во несвеест, но веднаш се повлече, штом се освести.

— Од вчера... — промрмори Раскољников, одговарајќи.

— А излеговте ли од дома вчера?

— Излегов.

— Болен?

— Болен.

— Во колку часот?

— Во осум часот вечерта.

— А каде, ве молам?

— На улица.

— Кратко и јасно.

Раскољников одговараше јасно, отсечно, целиот блед како крпа и не спуштајќи ги своите пламнати црни очи пред погледот на Иља Петрович.

— Одвај стои на нозете, а ти... — забележа Никодим Фомич.

— Н-ништо! — изговори некако посебно Иља Петрович.

Никодим Фомич сакаше да додаде уште нешто, но го погледна деловодителот, кој, исто така, се имаше загледано во него, па замолчи. Сите наеднаш замолчија. Беше чудно.

— Па, добро, господине — заврши Иља Петрович — ние не ве задржуваме.

Раскољников излезе.

Тој можеше да слушне како по неговото излегување настапи жив разговор во кој најсилен беше гласот на Никодим Фомич, кој како да прашуваше... На улицата сосем се расвести.

„Претрес, претрес, веднаш ќе прават претрес!“ — повторуваше во себе, и брзаше, да стигне дома. — „Разбојници! Се сомневаат!“ Стравот од пред малку сега го исполни целиот, од главата до петиците.

II

„Ами ако веќе направиле претрес? И, што ќе правам ако сега ги затечам во собата?“

Но, еве, ја неговата соба. Нема ништо и никого, никој не ни sирнал. Всушност, тука не гибнала ништо ни Настасја. Ох, господи! Како можеше предмалку сите тие работи да ги смести во таа дупка?

Стрчна кон аголот, ја пикна раката под тапетот, и фати да ги извлекува работите и да ги пика во џебовите. Имаше само осум парчиња: две кутичиња со обетки или нешто слично — не ни разгледа како што треба, потоа четири футроли од сафијан. Едно синџирче беше завиткано само во хартија од весник. И уште нешто во хартија од весник; се чини, орден...

Сè изнапика во разни џебови, во палтото и во останатиот десен џеб на панталоните трудејќи се тоа да не се забележува. И портмонето го зеде заедно со другите предмети. Потоа излезе од собата а вратата ја остави ширум отворена.

Чекореше брзо и цврсто, и иако чувствуваше дека целиот е скршен, беше при свест. Се плашеше од потера, се плашеше, дека по половина час а можеби и по четврт час ќе биде издаден налог да го следат; значи, мора по секоја цена да ги отстрани трагите со време. Мора да среди сè додека има сили и барем некаква способност да расудува... Но каде да оди?

Одамна имаше решено „сè да фрли во каналот, да ја замачка трагата, и тоа е крај на сè.“ Така реши уште во ноќта, кога беше во бунило, во оние часови, кога неколку пати (се сеќава) се обидуваше да стане и да дојде: „побрзо, побрзо, и сè да се фрли“. Но, се покажа дека е многу тешко да се фрли.

Талкаше по брегот на Екатеринскиот канал, веќе половина час, а можеби и повеќе, и неколку пати погледна во скалите што слегуваа во каналот. Но, до самите скали стоеја сплавови на кои перачки переа алишта, или беа приврзани чунови, а насекаде вриеше од луѓе, па можеше да се забележи отсекаде од бре-

гот, од сите страни: сомнително е, човек намерно да слезе, да застане и да фрла нешто во водата. А ако футролите не потонат и почнат да пливаат? Сигурно ќе пливаат. Секој ќе види. И така веќе сите го гледаат и се загледуваат во него, како само за него да водат грижа. — „Зошто, или, можеби, мене само ми се чини така?“ си мислеше.

Најпосле, му дојде на ум: нема ли да биде подобро, да оди некаде на Нева? Таму има помалку луѓе, и не е толку забележливо, и, секако, е позгодно, а, што е најважно — подалеку е одовде. И се зачуди: како можел цел половина час да талка загрижен и возбуден на опасни места, а да не се сети за ова. Изгуби цел половина час за една неразумна работа, само затоа што така имаше решено на сон, кога беше во бунило! Стануваше страшно расејан и заборавен, и го знаеше тоа. Секако, треба да се побрза!

Се упати кон В-скиот проспект на Нева; но патем одеднаш му се јави една мисла: „Зошто на Нева? Зошто во вода? Не е ли подобро да оди некаде далеку, макар на островите и таму некаде, на некое скришно место, во шумата, под некоја грмушка да го закопа сето тоа и можеби да го обележи дрвото?“ Вистина, чувствуваше дека во овој час не е во состојба јасно и здраво да размисли за сè, но таа мисла му се стори погрешна.

Но ни на островите не му беше судено да оди, ами се случи нешто друго: кога од В-скиот проспект излегуваше на плоштадот, одненадеж, од левата страна забележа еден влез во двор, опкружен со слепи ѕидови. Од десната страна, веднаш до влезот во дворот, се протегаше слеп, неваросан ѕид од соседната четирикатница. Од левата страна, паралелно со слепиот ѕид и исто така, веднаш до вратата имаше дрвена ограда долга дваесетина чекори, која вртеше влево. Тоа беше засолнето, заградено место, во кое лежеше некаков материјал. Понатаму, одзади во дворот, зад оградата, се гледаше еден дел од ниска, исчадена камена визба, очигледно дел од некаква работилница. Тоа беше, веројатно, некаква коларска или браварска

работилница, или нешто слично; насекаде речиси уште од вратата се црнееше јаглена прашина. „Еве каде би можел да ги фрлам и да си одам!“ — си помисли наеднаш. Во дворот не забележа никого, така што се провлече низ вратата и веднаш до вратата покрај самоти ограда виде ископан ендек (какви што копаат обично во таквите куќи, каде што има многу работници, надничари, колари итн.), а над ендекот, веднаш тука на оградата, беше напишано предупредување, што е вообичаено на таквите места: „Овде се забранува да се стои со кола!“ Изгледа, добро и затоа што воопшто нема да се посомневаат во него, оти скршнал ваму и застанал. Овде сè наеднаш да се испофрли каде било на куп и да се замине!“

Разгледа наоколу уште еднаш и ја стави раката во џебот, но тогаш дури го забележа крајот на надворешниот ѕид, меѓу вратата и ендекот, каде што растојанието не е пошироко од еден аршин, голем неизделкан камен, тежок можеби пуд и половина, а до самиот каменен уличен ѕид. Зад тој ѕид беше улицата, тротоарот, се слушаше како минуваат минувачите, што тука ги има секогаш многу, но зад вратата никој не може да го забележи, ако не скршне од улицата ваму, што, впрочем, може лесно да се случи, па затоа требаше да се брза.

Се наведна над каменот, го зграпчи цврсто, со обете раце за горниот дел, ги напрегна сите сили и го преврти. Под каменот се отвори неголема длапка: таму тој фати веднаш да фрла сè што имаше во џебот. Ќесето дојде одозгора, а сепак во дупката уште имаше место. Потоа пак го зграпчи каменот, еднаш го заврти и го одвали на поранешната страна, така што каменот пак легна на поранешното место, само што изгледаше малку повисок. Но тој поткопа малку земја и нагази наоколу со нозете. Ништо не се забележуваше.

Потоа излезе и тргна кон плоштадот. Пак, како пред малку во канцеларијата, го исполни голема речиси неподнослива радост. „Ги отстранив трагите! Кој,

ќе се сети да бара под тој камен? Тој тука лежи, можеби, од деновите кога е градена куќата, и уште толку време ќе лежи. Па дури и да ги најдат: кој ќе си помисли за мене? Сè е свршено! Нема докази!“ И тој се насмевна. Да, подоцна се сеќаваше дека се насмеал со нервоза, тивка, и нечујна, долга насмевка, и непрекинато се смееше целото време додека минуваше по плоштадот. Но кога стапи на К-скиот булевар, каде што завчера се сретна со девојката, наеднаш му се тргна насмевката. Други мисли му дојдоа во главата. Му се стори уште, дека му е сега страшно одвратно да поминува крај таа клупа, на која тогаш, по заминувањето на девојката, седеше и размислуваше а ќе му биде ужасно тешко, ако пак го сретне тој мустаклијата, на кој тогаш му даде дваесет копејки: „Ѓаволот да го земе!“

Чекореше, и разгледуваше наоколу расеано и налутено. Сите мисли сега му се вртеа околу една главна точка, — тој чувствуваше дека навистина постои таква главна точка, и дека сега токму сега останува насамо со таа главна точка, — и дека ова сега е дури првпат по тие два месеца.

„Ѓаволот да земе сè!“ си помисли тој целиот исполнет со лутина. „Започна, започна, ѓаволот да го земе, новиот живот! Колку глупаво е тоа господи!... А колку лаги изнакажав денеска и колку подлости направив! Колку одвратно се умилкував и се тегавев пред малку пред оној гад Иља Петрович! Всушност, и тоа е глупост! Плукам јас на сите нив, па и на тоа што се умилкував и се тегавев! Но не е тоа, воопшто не е тоа!“

Наеднаш застана; ново, сосем ненадејно и извонредно просто прашање го збуни и жално го изненади:

„Ако сето тоа го направи свесно, а не како глупак, ако навистина имаше определена и цврста цел, зошто досега не ѕирна во портмонето и не знаеш до што си дошол, поради што ги истрпи сите маки, и свесно се определи за вакво подло, гадно, долно дело? Та ти пред малку сакаше да го фрлиш во водата порт-

монето, заедно со другите предмети, кои, исто така, уште не си ги ни видел... како тоа?

Да, така е, сè е така. Тоа, впрочем, го знаеше и порано и тоа воопшто не е ново прашање; и во ноќта кога реши сè да фрли во вода, решението го донесе без секакво колебање и спротивставување, како да мора така да биде... Да, сето тоа го знаеше и го сфаќаше; зарем тоа не беше решено така вчера, токму во оној момент, кога беше наведнат над сандачето, и ги извлекуваше од него кутичињата... беше!...

„Тоа е така, зашто сум болен", — заклучи тој најпосле намуртен — „целиот се изнамачив и се здробив себеси, а не знам што правам... И вчера, и завчера и во сето тоа време се измачував себеси. Ќе оздравам и нема да се мачам. А ако не оздравам воопшто? Господи колку ми е здодевно сево ова!..." Чекореше не запирајќи се. Многу сакаше некако да се расее, но не знаеше што да направи и за што да се фати. Ново незапирно чувство фати да го исполнува сè посилно и посилно; тоа беше некакво бескрајно, речиси физичко гадење од сè што сретнува и што го опкружува, тврдо, злобно, омразено. Гадни му беа сите што ги среќаваше, гадни му беа нивните лица, нивното движење, нивните гестови. Просто би го плукнал, би го гризнал му се чини, оној што би сакал да зборува со него...

Кога излезе на брегот на Мала Нева на Василевски остров, крај мостот наеднаш запре. „Еве тој живее овде во оваа куќа" — си помисли: „Што е ова, зарем јас навистина дојдов кај Разумихин! Пак ист случај, како неодамна... А сепак би сакал да знам: дали дојдов намерно, или просто така одев, па скршнав ваму? Сеедно; јас реков... завчера... дека кај него ќе дојдам утредента по тоа; па што, ќе одам кај него! Како да не можам сега да влезам кај него...

Се искачи кај Разумихина на петтиот кат.

Тој беше дома, во својата собичка, а во тој миг работеше, пишуваше, и самиот му отвори. Не се имаа видено четири месеци. Разумихин дома седеше во до-

машно палто што беше испарталавено, во влечки, облечени на боса нога, разбушавен, небричен, немиен. На лицето му се појави чудење.

— Како така? — викна, разгледувајќи го од глава до петици, другарот што влезе; потоа замолчи и потсвирна. — Зарем веќе толку ти е лошо? Та ти брате, по наконтеноста ме надмина и мене, — додаде разгледувајќи ги парталите на Раскољников. — Ајде седни, сигурно си уморен.

А кога овој се одвали на турскиот диван, покриен со мушама, кој беше уште полош од неговиот, Разумихин сфати дека гостинот му е болен.

— Ама ти си сериозно болен, знаеш ли? — почна да му го пипа пулсот; Раскољников му ја тргна раката.

— Не треба! — рече — јас дојдов... еве, немам никакви часови... сакав, значи... впрочем и не ми требаат часови...

— А знаеш ли што? ти, всушност, бладаш! — забележа Разумихин, кој го испитуваше со погледот.

— Не, не, бладам...

Раскољников стана од диванот. Додека се качуваше накај Разумихина, не ни помисли за тоа, дека, ете, мора да се сретне со него лице в лице. А сега наеднаш сети и сфати, дека во овој момент ни најмалку не е расположен да се сретне лице в лице со никого. Сета жолчка му зовре. Почна речиси да се гуши од бес против себеси: затоа што го пречекори прагот на Разумихин.

— Збогум! — пресече наеднаш и тргна кон вратата.

— Ама чекај, запри, чудаку!

— Зошто... — повтори тој, извлекувајќи ја пак раката.

— Поради каков ѓавол си дошол тогаш? Да не си побудалил, што ти е. Та тоа е... речиси навредливо. Не те пуштам вака.

државно, — и, еве ти три рубли: јас зедов однапред за целиот превод, за првиот и за вториот табак што значи дека за твојот дел ти припаѓаат точно три рубли. А кога ќе го завршиш тој табак, ќе добиеш уште три. И уште нешто: немој да сметаш дека сум ти направил некаква услуга. Напротив, штом влезе веднаш ми текна, со што ќе ми бидеш полезен. Прво, јас во правописот сум слаб, а второ, во германскиот јазик, овде-онде просто сум швах, па сето тоа најмногу го смислувам самиот, а единствена утеха ми е дека така е уште и подобро. Но којзнае, можеби не е подобро, ами полошо... Сакаш или нејќеш?

Раскољников молчејќи ги зеде табаците со германската статија, ги зеде трите рубли и тргна да си оди без ниеден збор. Разумихин со чудење гледаше во него. Но, кога веќе дојде до првата линија, Раскољников наеднаш се врати, пак се качи кај Разумихин, ги остави на маса и германските табаци и трите рубли, па пак излезе, без да рече збор.

— Да не те фатило белото лудило, што ти е? — силно викна Разумихин, кој, најпосле, се разбесни. — Што си запнал да правиш комедии! Веќе и мене ме збуни... тогаш зошто дојде, ѓаволе?

— Не ми е потребен превод... промрмори Раскољников слегувајќи веќе по скалите.

— А, тогаш што ѓавол ти треба, — викна одозгора Разумихин.

Овој пак, молчеше и слегуваше.

— Еј, ти! Каде живееш?

Не слушна одговор.

— Тогаш нека те земе ѓаволот!

Но Раскољников веќе излегуваше на улица. На Николаевски мост уште еднаш сосем се истрезни, бидејќи му се случи нешто непријатно. Силно го мавна со кампшикот по грбот кочијашот од некоја кочија, бидејќи му беше влезен речеси под коњите, иако кочијашот му викна три-четири пати. Тој удар толку го разбесни, што отскокна накај оградата (којзнае зошто одеше по средината на мостот, кадешто врват коли, а не пешаци), и бесно зачкрипи со забите. Наоколу, се разбира, се разнесе смеа.

— Па, слушај: дојдов кај тебе затоа што освен тебе не познавам никого, што би можел да ми помогне... да почнам... зашто ти си подобар од сите нив, т. е. поумен и знаеш да оцениш... А сега гледам, дека не ми треба ништо, слушаш ли, сосем ништо... никакви услуги, ни сочувство... Јас сум сам... Па, доста е! Оставете ме на мир!

— Ама почекај малку, оџачару! Сосем си полудил! Не ти бранам; прави што сакаш. Еве, гледаш, ни јас немам часови, па и не се грижам за нив, но на Толкучиј плоштад има еден книжар Херувимов, а тој во извесна смисла е извор на хонорари. Сега јас не би го дал ни за пет инструкции во трговските куќи. Тој печати некакви изданијчиња, издава книшки од природните науки, — и да видиш како се распродава тоа! Самите наслови вредат злато! Ете, ти постојано тврдеше дека сум глупав: жими бога, брате има поглупави од мене! И тој сака да има правец, а разбира како магаре од музика. Но, јас уште и го подбуцнувам. Еве, гледај, нешто повеќе од два табака германски текст, — според моето мислење, најглупаво шарлатанство; со еден збор, се расправа за тоа, дали жената е човек или не е? Да, а потоа се разбира свечено се докажува дека е човек. Херувимов тоа го подготвува за женското прашање; јас му преведувам, тој тие два и пол табака ќе ги развлече на шест табака, ќе склепаме премногу убав наслов од половина страница и ќе го продаваме по половина рубља. Ќе се разграба! За преводот ми плаќа по шест рубли на табак, значи, за сето ќе добијам петнаесет рубли, а шест рубли зедов однапред. Откако ќе го свршиме тоа, ќе започнеме да преведуваме нешто за китовите, потоа во вториот дел на Confessions[1]), пронајдовме некои здодевни штогодилаци па ќе ги преведеме; на Херувимов некој му кажал дека Русо е нешто како Радишчев. Јас, се разбира, не му приговарам, нека го земе ѓаволот! Па, сакаш ли да го преведеш вториот табак: *Дали жената е човек?* Ако сакаш, еве ти го веднаш текстот, еве ти пера, хартија, сето тоа е

[1]) „Исповед" (од Ж. Ж. Русо) — фр.

— Има право!

— Некаква фина птица!

— Се знае, со опијанил и нарочно влегува под тркалата, а после ти одговарај за него!

— Таков им е занаетот, пријателе, таков им е занаетот...

Но во тој миг, додека стоеше до оградата, и сè уште бесмислено, налутено гледаше по кочијашот, кој се оддалечуваше и си го триеше грбот, наеднаш почувствува дека некој му пика во раката пари. Погледна: една постара трговка, со шамија на главата и со чевли од сафијан на нозете, а со неа девојче, со шапка и со зелен чадор, веројатно, нејзина ќерка.“ Земи, баќушка, заради Христоса!“ Тој ги зеде, а тие продолжија. Дваесет копејќи. Според облеката и ликот, лесно можеа да заклучат дека е питач, вистински собирач на пари по улицата, а му дадоа цели дваесет копејки, затоа што ги трогна што беше удрен со камшик.

Тој ги стисна тие дваесет копејки во раката, поди десет чекори и се сврти со лице кон Нева, во правец на дворецот. Небото беше без облаци, а водата речиси сина, што е ретко на Нева. Куполата на Соборната црква, која од ниедна друга точка не изгледа поубаво, отколку кога се гледа одовде, од мостот, на дваесет чекори од капелата, силно блескаше, а низ чистиот воздух на неа јасно можеше да се распознае секој украс. Болката од камшикот му стивна, и Раскољников го заборави ударот; сега целиот го исполни една неспокојна мисла, која и не му беше сосем јасна. Стоеше и гледаше во далечината долго, упорно; тоа место посебно го познаваше. Обично кога одеше на универзитет, — а уште почесто кога се враќаше, можеби стотици пати, му се случуваше да застане токму на овој мост, загледан во таа навистина величествена панорама и речиси секојпат се чудеше поради еден свој нејасен и неразбирлив впечаток. Некакво необјасниво студенило преминуваше во него од таа величествена панорама; таа светла слика за него беше чист, нем и глув дух... Секојпат се чудеше поради својот мрачен, загадочен впечаток и барањето одговор на таа загадка го одлагаше за во иднина, не

верувајќи во себеси. А сега ненадејно јасно се сети и за тие свои поранешни прашања и сомневања, па му се стори, дека сега не случајно се сетил за нив. Му се стори и необично и чудно и тоа, што застана на истото место, како порано, како навистина да веруваше, дека и сега ќе може да размислува за тоа како порано, дека ќе го интересираат истите теми и слики, кои го интересираа... до неодамна. Речиси му беше смешно, а воедно чувствуваше притисок и болка во градите. Во некаква длабочина, долу, некаде одвај забележливо под нозете сега му се јавуваше тоа некогашно минато, и некогашните мисли, и некогашните проблеми, и некогашните теми, и некогашните впечатоци, и сета таа панорама, и самиот тој, и сè, сè.. Како да лета некаде нагоре, и сè му исчезнува пред очите... Не сакајќи мрднува со раката и чувствува дека во стиснатата тупаница има дваесет копејки. Ја раширува раката, се загледува во парите, замавнува и ги фрла во водата; потоа се свртува и си оди дома. Му се чини дека во тој миг со ножици се пресекол себеси од сите и од сè.

Се врати дома во квечеринатa, значи шеташе шест часа. Каде и како мина кога се враќаше, за тоа воопшто не се сеќаваше. Се расоблече и целиот треперејќи, како преморен коњ, легна на диванот, ја префрли преку себе студентската шинела и веднаш задрема.

Се разбуди дури пред стемнување од ужасно викање. Господи, какво е тоа викање! Толку неприродни гласови, такви лелеци, барање помош, солзи, удари, дотогаш никогаш немаше ни чуено, ни видено. Не ни мислел, дека може да има вакво sверство, ваков бес. Преплашен потстана и седна на постелата, постојано премирајќи и измачувајќи се. Но, тепаницата, лелеците и пцостите стануваа сè посилни и посилни. И сега, што го зачуди најмногу, наеднаш го позна гласот на својата газдарица. Таа цимолеше, пискаше, тажеше, брзо, наеднаш, истурајќи зборови, што не можеше да се разберат и молеше за нешто, — се разбира, да престанат да ја тепаат, зашто без милост ја тепаа на скалите. Гласот на оној што ја тепаше,

веќе беше страшен од злоба и бес, и само крескаше, но и тој што тепаше, кажуваше нешто исто така брзо, неразбирливо, и со прекинување. Наеднаш Раскољников се растрепери, како лист: тој глас го позна; тоа беше гласот на Иља Петрович. Иља Петрович е овде и ја тепа газдарицата! Ја клоца со нозете, ѝ ја удира главата од скалите, тоа е јасно, тоа се чувствува по звукот, по лелеците, по ударите! Што е ова, да не се превртил светот, што станало? Се слушаше, како по сите агли, по целите скали се собираат луѓе, се слушаа гласови, извици, луѓе се качуваа, тропаа по вратите, се собираа. „Но зошто, зошто, и како е можно тоа!“ — повтори тој, сериозно размислувајќи, за тоа дека е мрднат од умот. Но не е, тој слуша премногу јасно!... а штом е така, значи, веднаш ќе дојдат и кај него — „зашто... веројатно сето тоа е поради истото... поради вчерашното... — господи!“ Сакаше да го стави резето на вратата, но не можеше да ја дигне раката... а и немаше корист од тоа! Стравот, како мраз му се залепи на душата, го измачи, го здрви... но, ете, сега таа викотница, што траеше веројатно десетина минути, по малку почна да стивнува. Газдарицата јачка и лелека, Иља Петрович сè уште закачува и пцуе... но сега, најпосле, се чини и тој е смирен; веќе не се слуша. Можеби си отишол? Господи!“ Да, еве, си оди и газдарицата со јачкање и плачење... еве, и нејзината врата сега е тресната... луѓето се разидуваат од скалите во своите станови, — вреват, се расправаат, си довикуваат, зборуваат час гласно, час со шепотење. Веројатно, имало мнозина; речиси целата куќа дотрчала тука. „Можно ли е тоа, господи! и зошто, зошто дошол овде!“

Раскољников изнемоштен се спушти на диванот, но веќе не ги затвораше очите; полежи така речиси половина час измачувајќи се од толку неподнеслив и бескраен страв, каков што досега не почувствувал. Притоа, ненадејно, силна светлина му ја осветли собата: влезе Настасја со свеќа и со чинија чорба. Го погледна внимателно, а кога виде дека не спие, ја

остави свеќата на масата и го нареди донесеното: леб, сол, чинија, лажица.

— Сигурно, од вчера немаш јадено. Цел ден си скитал, а сега те тресе треска.

— Настасја... зошто ја тепаа газдарицата?

Таа го впери погледот во него.

— Кој ја тепаше газдарицата?

— Пред малку... пред половина час, Иља Петрович, помошникот на надзорникот, на скалите... зошто ја тепаше толку и зошто дојде?

Настасја молчејќи и намуртено гледаше во него и долго време остана така. Од тоа му стана непријатно и страшно.

— Настасја, зошто молчиш? — срамежливо рече тој најпосле со слаб глас.

— Ова е крв, — одговори најпосле таа, тивко и како да зборува со себеси.

— Крв!... каква крв?... — промрмори тој, пребледнувајќи и повлекувајќи се накај ѕидот.

Настасја, и овој пат го гледаше молчејќи.

— Никој, никој не ја тепаше газдарицата, — промрмори таа потоа со остар и решителен глас.

Раскољников ја гледаше и одвај дишеше.

— Јас самиот слушнав... не спиев... јас седев, — рече тој уште повеќе стеснувајќи се. — Долго време слушав... дојде помошникот на надзорникот... сите истрчаа на скалите, од сите станови...

— Никој не дојде. Во тебе гори крвта; штом таа нема каде да оди, се засирува, па потоа сешто ти се привидува... Ќе јадеш или нема да јадеш, а?

Раскољников не одговори. Настасја сè уште стоеше покрај него, непрестајно го гледаше и не си одеше.

— Дај ми да се напијам... Настасјушка!

Таа слезе и се врати по две минути со вода во бела земјена стомна; но тој не се сеќаваше што станало понатаму. Се сеќаваше само дека голтнал една голтка студена вода и водата му се истурила од стомната на градите. Потоа се онесвести.

III

Сепак целото време додека беше болен не беше во несвест; тоа беше состојба на треска, со бладање и полусвест. Тој подоцна се сети за многу нешта. Или му се чинеше, дека околу него се собираат многу луѓе, сакаат да го грабнат и да го однесат некаде, па за него се расправаат и се караат. Или, пак, стоеше сам во собата, сите излегле надвор и се плашат од него, а само понекогаш ги подотвораат вратите, за да го видат, му се закануваат, се договараат за нешто, се смеат и го дарзнат. За Настасја се сеќаваше, дека често седеше покрај него; распознаваше само уште еден човек, што му се чинеше многу познат, но кој е, никако не можеше да се сети, па поради тоа му беше тешко, дури и плачеше. Еднаш, му се стори дека лежи веќе еден месец, еднаш пак — дека сè уште е истиот ден. Но, за *тоа*, — за *тоа* сосем заборави; постојано си мислеше, дека нешто има заборавено, што не смее да се заборави, а се мачеше да се сети, па го обземаше бес или ужасен неподнеслив страв. Тогаш тој ги напрегнуваше силите да стане, сакаше да бега, но секојпат некој сосила го запираше и тој пак запаѓаше во немоќ и несвестица. Најпосле, сосем се освести.

Тоа се случи изутрина во десет часот. Во тие утрински часови, кога е времето ведро, сонцето секогаш му влегува, како долга лента на десниот ѕид и го осветлува аголот покрај вратата. До постелата стоеше Настасја и уште еден човек, кој многу љубопитно го гледаше и му беше наполно непознат. Тој човек беше млад, во кафтан,[1]) со брадичка, според надворешноста прилегаше на артелски[2]) работник. Низ подотворената врата ѕиркаше газдарицата. Раскољников потстана.

---

[1]) Зимско палто

[2]) Артел — здружение на работници или занаетчии за водење на работи околу заработувачките или за помагање од заедничка каса.

— Кој е овој, Настасја? — праша тој, покажувајќи го младиот човек.

— Еве, се разбуди! — рече таа.

— Се разбудија, — се јави артелскиот работник.

Газдарицата која сиркаше низ вратата, сфати дека се разбудил, па веднаш ја подзатвори вратата и исчезна. Таа секогаш се стеснуваше, тешко поднесуваше разговори и објаснувања. Имаше четириесет години, беше дебела, со црни веѓи и црни очи, блага поради дебелината и мрзливоста, а всушност и многу убавичка. Но, прекумерно срамежлива.

— Кој сте вие? — продолжи тој да испитува, обрнувајќи му се право на артелскиот работник.

Но во тој миг пак ширум се отвори вратата, и влезе Разумихин, малку подведен, зашто е висок.

— Каква е оваа морска кајута, — викна тој влегувајќи — секогаш удирам со челото; и ова се вика стан! А се разбуди ли, брате? — пред малку слушнав од Пашенька.

— Пред малку се разбуди — рече Настасја.

— Пред малку се разбудија, — пак повтори артелскиот работник со насмевка.

— А кој сте пак вие, ве молам? — праша сега Разумихин, обрнувајќи му се нему. — Јас сум да повелете да знаете, Вразумихин; не сум Разумихин, како што ме крстуваат сите, туку Вразумихин, студент, благороднички син, а овој ми е пријател. Добро, а вие, значи, кој сте?

— Јас сум работник во артелот, јас сум откај трговецот Шехопеев и дојден сум по работа.

— Повелете седнете на столов! — Разумихин седна на другиот стол, од другата страна на масичето. — Добро си направил, брате, што си се разбудил, — продолжи тој, обрнувајќи му се на Раскољников. — Четири дена веќе одвај јадеш и пиеш. Навистина, ти дававме чај со лажица. Јас двапати ти го доведов Зосимова. Се сеќаваш ли за Зосимова? Те прегледа

детално и веднаш рече, дека не ти е ништо, — те удрило нешто во главата. Некаква нервна глупост, лошо јадење, вели, малку пиво и рен ти давале, па оттаму дошла болеста. Но ништо, вели, ќе мине, ќе се извлече. Јуначиште е тој Зосимов! Запна да те излекува. Но јас не ве задржувам, тој пак му се обрна на артелскиот работник — дали сакате да објасните, за каква работа сте дошле? Знаеш, Родја, од нивната канцеларија веќе доаѓаат по вторпат; само порано не дојде овој, ами друг, па разговарав со него. Кој беше тој што дојде пред вас?

— Веројатно завчера, господине, да. Беа Алексеј Семјонович; и тие се кај нас во канцеларијата.

— Ама тој како да е побистар од вас; што мислите?

— Да, господине; посолиден.

— Убаво од вас; тогаш продолжете!

— Еве, преку Афанасиј Иванович Вахрушин, за кого, мислам, почесто сте слушале, по молба од вашата мајка, пристигна за вас, преку нашата канцеларија парична пратка, — започна артелскиот работник обрнувајќи му се право на Раскољников. — Во случај веќе да сте при свест, да ви врачам триесет и пет рубли, зашто Семјон Семјонович добија известие од Афанасиј Иванович, како порано, по молба на вашата мајка. Повелете да знаете, молам?

— Да... се сеќавам... Вахрушин... — рече Раскољников замислено.

— Слушате ли, трговецот Вахрушин го знае! — викна Разумихин. — Како да не е при свест? Впрочем, јас сега гледам дека и вие сте бистар човек. Ете! пријатно е да се слуша она што е умно.

— Да токму тие, Вахрушин, Афанасиј Иванович, по молба од вашата мајка, која по нив на истиот начин веќе ви испрати еднаш; ни сега не се откажа од тој начин и деновиве од своето место го известиле Семјон Семјонович, да ви предаде триесет и пет рубли, со надеж дека другпат ќе може повеќе.

— Тоа „со надеж дека другпат“ ви излезе најзгодно; не е лошо ни она „вашата мајка“. Добро, што мислите: дали е сосем при свест, или не е, — а?

— А што да правам јас! Ете, мене ми треба само потврда.

— Ќе настрада! Што имате, книга?

— Книга, еве, молам.

– Дајте ја! Ајде, Родја потстани! Јас ќе те придржам; начкртај му го ти нему Раскољников, земи го перово, па, ете, за нас, брате, пари, како песок.

— Не треба, — рече Раскољников, тргнувајќи го перото.

— Што не треба?

— Нема да потпишам.

— Ех, ѓавол, како можеш, жити бога, без потврда?

— Не ми требаат... пари...

— Зарем пари не требаат! Ама ти, брате, лажеш, јас сведочам! Не грижете се вие, тој само така... пак лета. Впрочем, нему тоа му се случува, и кога е буден... вие сте разумен човек, па ќе го раководиме, т.е. просто ќе му ја водиме рака и тој ќе потпише. Ајде фаќајте, молам...

— Впрочем јас можам да дојдам и друг пат.

— Не, не; зошто да се мачите. Вие сте разумен човек... Ајде, Родја, не задржувај го гостинов... гледаш дека чека, — и тој сериозно се приготви, да му ја придржува раката на Раскољников.

— Остави ме, јас самиот... — проговори Раскољников, го зеде перото и потпиша во книгата.

Артелскиот работник ги исплати парите и си отиде.

— Браво! А сакаш ли сега, брате, да јадеш?

— Сакам — одговори Раскољников.

— Имате ли супа?

— Има од вчера — одговори Настасја, која за сето време стоеше тука.

— Со компир и гриз?

— Со компир и гриз.

— Знам напамет. Донеси чорба, дај и чај!

— Ќе донесам.

Раскољников сето тоа го гледаше многу зачуден и исполнет со бесмислен тап страв. Реши да молчи и да чека: што ќе биде понатаму? „Ми се чини дека не бладам“, си мислеше, „се чини дека ова е навистина“ . . .

По две минути се врати Настасја со супата и јави дека веднаш ќе донесе и чај. Покрај супата беа ставени две лажици, две чинии и сиот прибор: соларник, сад за црн пипер, сенф за говедското и друго, нешто што порано во ваков ред, веќе одамна немало. Чаршавот беше чист.

— Не би било лошо, Настасјушка, ако Прасковја Павловна нареди да донесат две шишенца пиво. Да се напиеме.

— Уф, ти, препреденко! — промрмори Настасја и отиде да ја изврши заповедта.

Раскољников и понатаму гледаше намуртено и напрегнато. Разумихин се премести кај него на диванот, невешто како мечка, со левата рака му ја гушна главата, иако Раскољников и самиот можеше да се подисправи, а со десната му ја доближи до устата лажицата со супа, откако неколку пати дувна за да не го изгори. Но, чорбата беше само млака, Раскољников голтна лакомо една лажица, потоа втора, трета. Но, откако му даде неколку лажици, Разумихин наеднаш застана и изјави дека треба да се посоветува со Зосимов што да прави понатаму.

Влезе Настасја и донесе две шишиња пиво.

— А сакаш ли чај?

— Сакам.

— Побргу донеси и чај, Настасја, зашто кога се работи за чај тоа може да се знае и без факултет. Но еве го и пивцето! — пак седна на својот стол, ја привлече кон себе чорбата и говедското и почна да јаде со таков апетит, како да не јал веќе три години.

— Јас, брате, Родја, сега кај вас овде јас ручам секој ден, — промрмори тој, колку што му дозволуваше устата полна со говедско, — а сето тоа го уредува Пашенка, твојата газдарица, со сета душа ме чести. Јас, се разбира, не барам, но и не одбивам. А еве, ја и Настасја со чајот. Многу е брза! Настенка, ќе се напиеш ли пиво?

— Ама остави, обесенику!

— А чај?

— Чај, некако оди.

— Тури! Чекај, јас самиот ќе ти турам; седни на маса.

Тој веднаш се зафати за работа, тури, потоа наполни уште една чаша, го остави својот појадок и пак седна на диванот. Пак го опфати со левата рака болниот, го подигна и почна да му дава да пие чај со лажица, и пак, непрестајно и некако особено загрижено дуваше во лажицата, како тоа дување да беше најважната и најспасоносната работа, од која ќе оздравеше. Раскољников молчеше и не се противеше, иако во себе чувствуваше доста сили, и да владее со рацете, и да ја држи лажицата и чашата, па можеби и да оди. Од некаква чудна, скоро sверска итрост, наеднаш му дојде во умот мислата, засега да ги скрие своите сили, да се притаи, ако треба да се затвори, како сè уште да не разбира сè, но притоа да слуша и да гледа, што се случува тука. Впрочем, своето гадење не можеше да го совлада; откога исрка десетина лажици чај, наеднаш ја извлече главата, капризиозно ја одби лажицата и пак се одвали на перницата. Под главата сега имаше вистински перници — наполнети со пердуви и со чисти навлаки; и тоа го забележа, па и за тоа фати да размислува.

— Пашенка мора уште денеска да ни испрати малинов сок, за да му направам пијалак, — рече Разумихин, откако седна на своето место и почна пак да срка од чорбата и да пие пиво.

— А каде ќе најде малини? — праша Настасја, држејќи ја чинијата на раширените пет прсти и цедејќи го од неја во устата преблажениот чај.

— Драга моја, малините ќе ги купи в дуќан. Гледаш ли, Родја овде се случува сешто, а ти не знаеш. Оној пат кога ти глупаво избега откај мене, а не ми кажа каде живееш, толку многу се налутив, што решив бездруго да те најдам и да те казнам. Уште дента фатив да те барам. Одев, се изнаодев, прашував, се изнапрашав! Твојов сегашен стан го имав заборавено; впрочем, не се сеќавав за него, зашто и не го знаев. Знаев само за поранешниот стан, дека е кај петте агли, куќата на Харламов. Ја барав, ја барав таа куќа на Харламов, а потоа излезе дека куќата воопшто не е од Харламов, туку од Бух, — ете, што станува кога ќе те известат неточно. Да, и тогаш се налутив. Се налутив, и утредента наврапито отидов во пријавната канцеларија и претстави си: таму ми те најдоа за два часа. Ти си запишан таму.

— Запишан.

— Се разбира; а, ете, генералот Кобелев воопшто не можеа да го најдат. Но, би можел многу да ти раскажувам. А штом се бапнав таму, веднаш се запознав со сите твои работи; со сите, брате; со сите, јас знам сè; ете, и таа виде: и со Никодим Фомич се запознав, ми го покажаа и Иља Петрович, и со чуварот на куќата, и со господин Замјотов, и со Александар Григорјевич, деловодител во таа канцеларија, а, најпосле, и со Пашенка — тоа е круна на сè; ете, и таа знае.

— Многу е благ! — промрмори Настасја итро смешкајќи се.

— Вие би сакале само шеќер, Настасја Никифоровна.

— Види го ти, куче! — викна Настасја и силно се засмеа. — Та јас сум Петрова, а не сум Никифорова, — додаде таа брзо, откако преѕтана да се смее.

— Ќе го почитуваме тоа. Значи, брате, да не ти зборувам премногу, отпрвин јас сакав насекаде овде да пуштам електрична струја, да ги искоренам сите предрасуди на тоа место, но Пашенка победи. Јас не очекував, брате, дека е толку... авенантна...[1]) А што мислиш ти?

---

[1]) Привлечна — фр.

Раскољников молчеше, но ни за момент не го симнуваше од него својот заплашен поглед, па и сега гледаше во него.

— Дури, многу — продолжи Разумихин, ни најмалку не бунејќи се дека овој молчи, ами како да се надоврзува на добиениот одговор — вистина, многу е згодна, во секој поглед.

— Уф, животинче ниедно! — пак викна Настасја, на која овој разговор очигледно ѝ беше некакво необјасниво блаженство.

— Лошо беше, брате, што ти од почетокот н знаеше да се зафатиш со тоа. Не требаше така да се однесуваш спрема неа. Ама таа ти е, така да се изразам, најнеочекуван карактер! Но за карактерот после... Само како си дотерал, на пример, дотаму, па се осмелила да не ти испраќа јадење? Или на пример меницата? Да не си се мрднал од умот, или нешто слично, па потпишуваш меници? Или на пример, бракот, што сте го договориле, кога уште беше жива ќерка ѝ, Наталија Егоровна... сè знам! Впрочем, гледам дека тоа е нежна жица и дека јас сум магаре; прости ми! Но кога станува збор за глупоста: Прасковја Павловна, брате, не е воопшто толку глупава, како што би можело да се помисли на прв поглед, нели?

— Да... — процеди Раскољников, гледајќи настрана, но сфаќајќи дека му е покорисно да го поддржува разговорот.

— Зарем не е вистина? — викна Разумихин, очигледно зарадуван, што му одговори — но не е ни умна, нели? Карактер каков што воопшто никој не би очекувал! Јас, брате, малку се бунам, те уверувам... Секако, има четириесет години. Таа вели... триесет и шест, и сосем со право. Впрочем, јас ти се колнам, дека за неа судам повеќе со умот, само со метафизика; тука брате е создаден вистински амблем, — што е твојата алгебра! Ништо не разбирам! Но, сето тоа се глупости; само таа веднаш се уплашила, кога видела дека ти веќе не си студент, дека веќе немаш

ни хонорарни часови, ни униформа, а по смртта на госпоѓицата таа немала зошто да постапува со тебе, како со роднина; а бидејќи ти си се пикнал во аголов и не си подржувал ништо од поранешното, таа решила да те истера од станот. Таа одамна имала таква намера, но ѝ било жал за меницата. Освен тоа, ти си ја уверувал дека мајка ти ќе плати...

— Тоа јас го велев поради својата подлост... Мајка ми речиси и самата бара милостиња... а јас лажев за да ме држат во станов и да ми даваат храна, — рече Раскољников гласно и јасно.

— Да, тоа е разумно. Само незгодата е во тоа што тука се погодил господин Чебаров, дворски советник и деловен човек, без него Пашенка не би смислила ништо, зашто многу е срамежлива, но деловниот човек не е срамежлив и прва работа му е, се разбира, да праша: дали има надеж меницата да биде платена? Одговорот бил: има надеж, зашто тој има мајка, која од сто дваесет и пет рубли пензија ќе го спаси веќе Родјенка, макар и самата да гладува, а има и таква сестричка, што за братот ќе оди и во ропство. Тој верувал во тоа... Што се мрдаш? Јас, брате, ги дознав сите твои тајни; не без причина си бил искрен со Пашенка, кога си бил роднина со неа; а сега ти зборувам од љубов... Еве, како ти е: чесниот и чувствен човек ја отвора душата, а деловниот човек слуша и јаде, а потоа и изедува. Значи, таа му ја отстапила меницата на тој Чебаров, за да му плати со неа свој долг, а тој поднесол формално барање за присилна наплата, не се збунил. Кога го дознав сето тоа, сакав и нему да му пуштам струја, за да ми олесни во душава, но притоа се зближив со Пашенка, па ѝ наредив, да ја прекрати целата работа, значи, во самиот извор, и ѝ гарантирав, дека ќе платиш. Јас, брате, гарантирав за тебе, слушаш ли? Го повикаа Чебаров, го поткупија со десет рубли, му го зедоа документот и имам чест да ви го покажам — сега ви веруваат на збор — еве, земете го, малку е поткинат како што треба.

Разумихин го стави на маса договорот за заемот; Раскољников го погледна, и без да одговори ни збор се сврти кон ѕидот. Се стресе и самиот Разумихин.

— Гледам, брате, — проговори тој по една минута — дека пак бев будала. Сакав да те забавам и развеселам со дрдорење, а само како да ти го разбранував гневот.

— Тебе ли не те познавав кога бев во несвест? — праша Раскољников, откако и тој малку помолчи, но без да се обрнува.

— Да, мене; и толку се лутевте поради тоа, особено кога еднаш го донесов Замјотова.

— Замјотова? . . . деловодителот? . . . зошто?

Раскољников наеднаш се сврти и ги управи очите кон Разумихин.

— Ама зошто ти вака . . . зошто си исплашен? Сакаше да се запознае со тебе; самиот изрази желба, бидејќи многу разговарав за тебе со него . . . Инаку, од кого ќе дознаев олку работи за тебе? . . . Тој е згодно човече, брате, прекрасен . . . на свој начин, се разбира. Сега сме пријатели; речиси секој ден се состануваме . . . Па јас се преселив во овој крај. Ти уште не го знаеш тоа? Веднаш се преселив. Заедно со него бев двапати кај Лавиза. Се сеќаваш ли за Лавиза. Лавиза Ивановна?

— Дали бладав нешто?

— Се разбира! Не знаевте за себе.

— Што бладав?

— Ете ти! Што бладав? Знаеш што се блада . . . но сега, брате, да не губиме време, туку на работа!

Тој стана и си ја зеде капата.

— За што бладав?

— Ама настојува! да не ти е страв за некаква тајна? Не плаши се: за грофицата ништо не кажуваше. Но за некаков булдог, за обетки, за некакви синџирчиња, за Крестовски остров, за некојси чувар, Никодим Фомич, па за Иља Петрович, помошник на надзорникот, зборуваше многу. Освен тоа, премногу повеливте да се занимавате со вашиот сопствен чорап, многу! се жалевте: дајте ми го чорапот, и сè та-

ка. Замјотов и по сите агли ги бараше вашите чорапи и ви ги даваше тие партали со своите раце, измиени во миризлива вода, со прстени. Тогаш вие сосем се смиривте, па ден и ноќ тие партали ги држевте во рацете: не можевме да ви ги истргнеме. Веројатно и сега ти лежат некаде под покривачот. И уште ги бараше ресите од панталоните, и тоа уште некако плачливо! Си ја чукавме главата: какви ли се тие реси? Но, ништо не можевме да откриеме... значи на работа! Еве, овде има триесет и пет рубли; од нив земам десет, а по два часа ќе положам сметка за нив. За тоа време ќе порачам по Зосимова, но тој и така би требало да биде овде, зашто е дванаесет часот. А вие, Настенка, почесто прашувајте го кога јас не ќе бидам тука, дали сака да се напие нешто, или веќе што ќе посака. А на Пашенка и самиот веднаш ќе ѝ кажам како што треба. До гледање!

— Тој неа ја вика Пашенка! Ах, лисицо препредена! — рече по него Настасја. Потоа ја отвори вратата и фати по него да прислушнува, но не издржа, ами и самата отрча долу.

Многу е љубопитна за тоа што разговара тој со нејзината газдарица, а и воопшто се гледаше, дека е сосем восхитена од Разумихина.

Штом ја затвори вратата зад себе, болниот го фрли покривачот од над себе и скокна од постелата, како будала. Со пламена, грчевита нестрпливост тој очекуваше што побргу да си одат, за кога не ќе бидат тие тука веднаш да се фати за работа. Но, зошто, за каква работа да се фати? — тоа сега го имаше заборавено, како за инает.

„Господи, кажи ми само едно: дали тие знаат сè или уште не знаат? Но, ако веќе знаат а само се преправаат, ме дразнат додека лежам, а потоа наеднаш ќе влезат и ќе речат дека одамна е познато сè и дека тие само така... Што да правам сега? Ете, заборавив; одеднаш заборавив, а пред малку ми беше во умот!

Стоеше среде собата, и во мачителна нерешителност разгледуваше наоколу; дојде до вратата, ја отвори и фати да прислушнува; но не е тоа она што му треба. Наеднаш како да се сети, отрча во аголот,

каде што беше дупката под тапетот, почна сè да разгледува, ја пикна раката во дупката, пребара, но ни тоа не е она што му треба. Отиде до печката, ја отвори и фати да прета во пепелот: таму парчињата од ресите од панталоните и крпите од распарањот џеб, еве, стојат така како што ги фрли, значи, никој не ги забележал! Тогаш се сети за чорапите, за кои пред малку раскажуваше Разумихин. Вистина е, еве, едниот лежи на диванот, под покривачот, но оттогаш веќе толку се истрила што Замјотов, се разбира, не можел ништо да забележи.

„Ех, Замјотов!... канцеларијата... а зошто ме викаат во канцеларијата! Каде е поканата? Ех... јас изметкав сè: тогаш ме викаа! И тогаш го гледав чорапот, а сега... сега бев болен. А зошто дошол кај мене Замјотов? Зошто го довел Разумихин...“ мрмореше бессилен, седнувајќи пак на диванот. — „А што е ова, дали сè уште сум во несвест, или е навистина... Аха, се сетив; да бегам! Што побргу да бегам, секако, секако да бегам! Да... а каде? А каде ми е облеката, немам чевли! Ги скриле! Ги ставиле некаде! Разбирам! Ах, еве го палтото, — го заборавиле! Еве, ги и парите на масава, фала му на господа! Еве ја и меницата... Ќе ги земам париве и ќе одам, ќе земам под наем друг стан, тие не ќе можат да ме пронајдат. Да, а пријавната канцеларија? Ќе ме најдат. Разумихин ќе ме најде. Подобро е сосем да избегам далеку... во Америка, па не ми е грижа за нив! Да ја земам и меницата... Таму ќе ми треба... А зошто да ја носам со мене? Тие мислат дека сум болен. Тие не знаат дека јас можам да одам, хе-хе-хе! Им прочитав во очите, дека знаат сè! Само да можам да слезам по скалите! Ами ако таму стојат нивните стражари, чувари! Што е ова, чај? А, еве, останало и пиво, половина шише, студено!“ Го зеде шишето, во кое беше останало уште една чаша пиво, и слатко го испи наеднаш, како да гаси оган во градите. Но не мина ни секунда а пивото му удри во главата и по грбот бавно му пролазија пријатни морници. Легна и го префрли преку себе покривачот. Неговите мисли, и така болни и несигурни, почнаа да се мешаат сè посилно и

посилно, и набргу го совлада лесен, пријатен сон. Со наслада тој со главата најде место на перницата, поцврсто се завитка со мекиот памучен покривач, кој сега беше на него наместо поранешната искината шинела, воздивна тихо и потона во длабок, цврст, лековит сон.

Се разбуди кога слушна дека некој му влегол во собата, ги отвори очите и го забележа Разумихина, кој ја беше отворил ширум вратата и стоеше на прагот, како да се колеба дали да влезе или не. Раскољников брзо потстана на диванот и се загледа во него, како да сака сосила да се сети за нешто.

— А, не спиеш, е, па, еве, ме мене! Настасја, ајде донеси го врзулецот! — Викна Разумихин долу. — веднаш ќе добиеш сметка.

— Колку е часот? — праша Раскољников, неспокојно обрнувајќи се.

— Убаво се наспа, брате: надвор е ноќ, ќе има шест часот. Си преспал шест часа, и повеќе.

— Господи, ама што е ова!...

— Зошто што има тука? Нека ти е наздравје! За каде брзаш? Да не одиш на состанок? Сето време сега е наше. Јас те чекам веќе три часа; дојдов двапати — ти уште спиеше. Двапати го побарав Зосимов не беше дома, ете, што можеш! Па ништо ќе дојде!... И вршев свои работи. Денеска се преселив, сосем се преселив, со стрико ми. Со мене е сега стрико ми... Но, по ѓаволите на работа!... Ајде, дај го ваму врзулецот, Настенка! Веднаш ќе почнеме. А како се чувствуваш, брате?

— Здрав сум; јас не сум болен... Разумихине, одамна ли си овде?

— Ти велам, те чекам три часа.

— Не те прашувам за тоа, туку за порано.

— Што за порано?

— Од кога доаѓаш ваму?

— Ама јас пред малку ти кажав; не се сеќаваш ли?

Раскољников се замисли. Она се случи пред малку, му се чинеше дека го сонил. Не можеше сам да се сети, па го погледна Разумихина, прашувајќи го со погледот.

— Хм — рече Разумихин, — си заборавил. Мене пред малку ми се стори, дека уште не си присебен... Сега те закрепил сонот... Да, многу подобро изгледаш. Како момче! А сега на работа! Веднаш ќе се сетиш. Ајде погледни ваму, драги мој!

Фати да го разврзува врзулецот, кој, очигледно, многу го интересираше.

— Ова, брате, верувај ми, особено ми лежеше на срце. Затоа што треба да направиме човек од тебе. Да почнеме одозгора! Го гледаш ли овој каскет? — почна тој, вадејќи од врзулецот прилично убава, но и сосем обична евтина капа, — дозволи да ти ја пробам!

— Подоцна, подоцна, — проговори Раскољников, одмавнувајќи со гадење.

— Ама немој, брате, Родја, немој да се противиш, зашто подоцна ќе биде премногу доцна; а и јас нема цела ноќ да склопам очи, зашто сè купив без мера, одоко. Како да е за тебе правена! — викна тој победнички, откако му ја проба капата, — како по мера! Покривалото на главата, ти е, брате, главно нешто во облеката, и како некаква препорака. Мојот пријател Толстјаков мора да си го тргне капакот, секогаш кога ќе дојде во друштво, кадешто сите стојат со паларии и каскети на главите. Сите мислат, дека тоа го прави од понизност, а, всушност, не, ами се срами од своето птичјо гнездо: срамежлив си е човекот. Па, Настенка, еве, две покривала за главата: палмерстонов (ја зеде од аголот истутканата тркалеста паларија на Раскољников, која тој којзнае зошто ја нарече палмерстон) и ова скапоцено предметче! Сега процени, Родја, што мислиш, колку платив? А ти Настасјушка? — ѝ се обрна тој ңејзе, кога виде дека таа молчи.

— Дваесет копејки си дал, сигурно, — одговори Настасја.

— Дваесет копејки? будала! — викна навреден; — денеска не би можел за дваесет копејќи ни тебе да те купам, — осумдесет копејки! Затоа што е ветво. Но затоа е со договор: кога ќе ја износиш оваа за една година ќе добиеш друга бесплатна. Жими бога! А сега преминуваме на Соединетите Американски Држави, како што го наречуваа тоа во гимназијата. Предупредувам, — се гордеам со панталоните! — и тој пред Раскољникова рашири сиви панталони од лесна, летна волнена материја, — на нив нема ни дупче, ни дамка, ами се сосем пристојни иако се ветви; таков е и елекот, во една боја, како што бара модата! А тоа што е носено, всушност, е и подобро, зашто е помеко, понежно... гледаш, Родја, за да постигнеш кариера во светот, според моето мислење, доста ти е секогаш да водиш сметка за сезоната; ако во јануари не бараш спарги, ќе зачуваш во портмонето некоја пара. Така ти е тоа и со купувањето. Сега е летна сезона, па купив облека за лето, зашто есенската сезона и така ќе бара потопол материјал, па ова ќе мора да се фрли... особено затоа што ова дотогаш ќе се распадне, ако не од раскош, тогаш од постојано носење. Па, ајде процени! Колку мислиш? — две рубли и дваесет копејки! И да знаеш, пак по поранешната спогодба: кога ќе го износиш ова, идната година бесплатно ќе добиеш друго! Во дуќанот на Федаев не продаваат поинаку: штом ќе платиш еднаш, тоа ти е за цел живот, зашто по вторпат нема ни да дојдеш. Е, сега да минеме на чевлите. — како ти се допаѓаат? Се гледа, дека се износени, но ќе послужат два месеца, зашто тоа е странска стока и странска работа: минатата недела ги продаде секретарот на англиското пратеништво на Толкучиј плоштад; ги носел само шест дена, зашто му требале пари. Цената е рубља и педесет копејки. Поволно, нели?

— А, можеби, не му се токму на нозете, — забележа Настасја.

— Не му се токму? А што е ова? — и тој го извади од џебот стариот, поткорен, искинат чевел на Раскољников, целиот излепен со сува кал, — јас зе-

дов мустра, па според ова чудовиште ја најдовме мерата. Сето тоа се работеше од срце. А за долни облеки се договорив со газдарицата. Еве, прво, три кошули, платнени, но со модерни јаки... Еве, значи: осумдесет копејки капа, две рубли дваесет и пет копејки други облеки, заедно три рубли и пет копејки, рубља и педесет чевлите, — бидејќи се, ете, многу добри, — вкупно четири рубли педесет и пет копејќи, а пет рубли сета долна облека, — кутурица погодивме, — вкупно значи, всушност, девет рубли и педесет и пет копејки. Четириесет и пет копејки кусур. Во бакарни петаци, еве, повелете да примите, — значи, ете, така, Родја, ти се поднови со облека, зашто твоето палто, јас мислам не само што уште може да се употребува, ами како да има на него дури и некое посебно достоинство: така е кога порачуваш кај Шармер! Што се однесува до чорапите и до сè друго, тоа ти го препуштам тебе: ни преостануваат уште дваесет и пет рублички, а за Пашенка и за кирија за станот не грижи се; јас ти реков: кредитот е најнеограничен. А сега, брате, дај да ја преслечеме долната облека, а, можеби, болеста ти е само во кошулата...

— Остави го тоа! Не сакам! — одмавнуваше Раскољников, кој со одвратност го слушаше тоа што требаше да биде сосила шеговен извештај на Разумихин за купувањето на облеката.

— Не може така, брате; а зошто си ги кинев чевлите! — настојуваше Разумихин. — Настасјушка не срамете се, туку помогнете, — ете, значи! — и без обзир на отпорот на Раскољников, тој сепак му ја преслече долната облека. Раскољников се одвали на перницата и две минути не проговори ни збор.

„Долго време нема да ме напуштат!“ Си мислеше.

— За какви пари е купено сето тоа? — праша најпосле гледајќи во ѕидот.

— Пари? Еве ти! Па за твоите сопствени пари. Пред малку тука беше артелскиот работник на Вахрушин, мајка ти испратила; или и тоа го заборави?

— Сега се сеќавам... — рече Раскољников по краткотрајна, мрачна замисленост.

Разумихин го гледаше намуртен и вознемирен.

Вратата се отвори и влезе висок, дебел човек, кој Раскољников, исто така, некако го познаваше од видување.

– Зосимов! Ете, најпосле! – викна Разумихин зарадуван.

IV

Зосимов беше висок, дебел човек, со надуено, безбојно — бледо, избричено лице, со бела, наежавена коса, со очила, со голем, златен прстен на прстот подуен од дебелина. Имаше дваесет и седум години. Тој имаше широк, моден мантил, лесен, и светли летни панталони, а сè воопшто на него беше широко, контешко и сосем ново; за кошулата нема приговор, синџирчето на часовникот масивно. Гестовите му се бавни, некако тромави, но воедно намерно слободни; меѓутоа, изнасилено криената претензија, сепак често се забележуваше. На сите познати им се чини дека е тежок човек, но велат дека си ја разбира работата.

— Јас, брате, двапати дојдов кај тебе... — гледаш, се разбуди! — Му рече Разумихин викајќи.

— Гледам, гледам; е па како ни е сега, а? — му се обрна Зосимов на Раскољников, ги управи очите во него, седна до него на диванот и се рашири колку што можеше.

— Секогаш е ќудлив, — продолжи Разумихин. — Одвај му ја преслеков кошулата, а тој речиси заплака.

— Чудна работа; кошулата можело да се преслече и после, штом не сакал... Пулсот е многу добар. Главата уште те боли малку. Нели?

— Јас сум здрав, јас сум сосем здрав! — проговори Раскољников решително и раздразнето, се подигна на диванот, светна со очите, но веднаш пак легна на перницата и се сврти кон ѕидот. Зосимов, внимателно го гледаше.

— Многу добро... сè е како што треба, — рече тој тромаво. — Дали има јадено нешто?

Му кажаа и го прашаа што да му даваат.

— Сè можете да му давате... чорба, чај. Печурки и краставици, се разбира, не давајте му. Но не треба ни говедско и... ама зошто дрдорам!... — тој и Разумихин се погледнаа. — Фрлете ја микстурата, и сè. А јас ќе видам утре... Можеби и денеска... па, да...

— Утревечер ќе го одведам на прошетка! — пресече Разумихин. — Ќе одиме во Јусофовиот парк, а потоа во „Пале-де-кристал".

— Јас утре него не би го ни мрднал, но впрочем... малку... но, ќе видиме.

— Колку одвратно, денеска го прославувам вселувањето во нов стан, на два чекора одовде; па би можел и тој. Макар и да лежи на диванот меѓу нас! Ќе дојдеш ли ти? — му се обрна Разумихин на Зосимов; — немој да заборавиш, ми вети.

— Само подоцна, можеби, а што имаш приготвено?

— Па, ништо: чај, ракија, нешто слатко. Ќе има и пирошки: ќе се соберат само свои.

— А кој, точно?

— Сите се овдешни и речиси сите нови, вистина — освен стариот стрико, а и тој е нов: вчера допатува во Петроград, поради некакви работи, во пет години еднаш се гледаме.

— Кој е тој?

— Целиот живот го протуркал како околиски поштар... добива мала пензија, има шеесет и пет години, не вреди ни да се зборува... Јас, впрочем, го сакам. Ќе дојде Порфириј Петрович: овдешниот пристав-иследник... правник. Ама ти го знаеш...

— И тој да не ти е некаков роднина?

— Некаков далечен; а зошто се муртиш? Зарем затоа што еднаш се испцувте со него, не сакаш да дојдеш?

— Не ми е грижа за него...

— Ете, тоа е најдобро. Добро, потоа студенти, еден учител, еден чиновник, еден музичар, офицер, Замјотов...

— Кажи ми, те молам, што заедничко може да имаш ти или овој, — Зосимов нишна со главата покажувајќи го Раскољникова, — со некојси Замјотов?

— Ех, вие избирачи? Принципи!... Ти сиот стоиш врз принципи, како на федери; не смееш ни да се мрднеш кога сакаш. Јас мисилам дека тој е добар човек, — ете, тоа е приниципот, а за друго не се грижам. Замјотов е прекрасен човек.

— И си ги полни рацете.

— Па, нека си ги полни, што ми е грижа! Што ако си ги полни! — викна Разумихин некако необично раздразнет. — Та затоа ли ти го фалев дека граба? Јас ти велев дека тој е само добар на свој начин! А пак, ако сакаме сè да разгледаме, од сите страни, дали ќе останат многу добри луѓе? Јас сум уверен дека тогаш за мене целиот, заедно со утробата, ќе дадат само една печена кромитка, и тоа само тогаш, ако ти идеш заедно со мене бесплатно!...

— Тоа е малку; јас за тебе ќе дадам две...

— А јас за тебе само една! Ајде сега да се надмудруваме! Замјотов уште е детиште, јас и за коса ќе го тргнам, зашто тој треба да се привлекува, а не да се одбива. Ако го оттурнеш човека, нема да го поправиш, особено ако е дете. Со детето мораш да бидеш двапати повнимателен. Ех, вие, прогресивни тапанари, вие ништо не разбирате! Човекот не го почитувате, себеси се навредувате... А ако сакаш да знаеш, можеби ние двајца имаме заедничка работа.

— Би сакал да знам каква.

— Само во врска со молерот, тоест со бојаџијата... Ние ќе го извлечеме! Впрочем, сега не е ни опасно. Работата е сосем, сосем јасна! Ние само ќе ја подгрееме.

— А за каков молер се работи.

— Што, не сум ти кажувал? Зарем не сум ти кажувал? Да, навистина, само започнав... тоа е во врска со убиството на онаа бабата, чиновничката вдовица, што давала пари со залог... Ете, таму е замешан молерот...

— Јас слушнав за тоа убиство уште пред да ми кажеш ти, и за тоа дело дури се интересирам... донекаде... поради еден случај... читав и во весниците! Па, ете...

— Елизавета ја убиле! — се уфрли сега Настасја, обрнувајќи му се на Раскољников.

Сето време таа седеше во собата, стисната на крајот од вратата и слушаше.

— Лизавета? — промрмори Раскољников, сосем тивко.

— Ама, Лизавета, ветошарката, зарем не знаеш? Доаѓаше и овде долу. Дури и кошулата ти ја има крпено.

Раскољников се сврти кон ѕидот и таму на нечистиот тапет со бели цветчиња одбра еден искривен бел цвет, со некакви кафени црти и почна да го разгледува: колку ливчиња има, какви се запците на ливчињата и колку цртички има. Чувствуваше дека му се здрвени и рацете и нозете, како да е фатен, но не се ни обиде да се помрдне, ами неподвижно гледаше во цветот.

— И, што станало со молерот? — некако подналутено го прекина Зосимов дордорењето на Настасја.

Таа воздивна и замолкна.

— И него го ставиле меѓу убијците — продолжи Разумихин запалено.

— Има ли некакви докази?

— Какви ѓаволски докази! Доказите не се докази ако не се докажат! Тоа ти е исто онака, како што отпрвин ги грабнаа и ги усомнија оние, како се викаат... Кох и Пестрјаков! Пих! Колку глупаво се работи сето тоа, ти се згадува, дури и кога не се однесува на тебе! Пестрјаков, можеби, денеска ќе дојде кај мене... Навистина, Родја, ти веќе го знаеш тој случај, се случи уште пред да се разболиш, токму спроти твоето онесвестување во канцеларијата, кога раскажувале за тоа...

Зосимов љубопитно го погледна Раскољникова, а тој не се ни мрдаше.

— Знаеш ли што, Разумихине? Те гледам јас, многу зборуваш — забележа Зосимов.

— Ако, сепак ќе ги извлечеме! — викна Разумихин и тупна со десната рака на масата. — Знаеш ли, што навредува тука најмногу? Не тоа оти лажат; лагата секогаш може да биде простена, лагата е нешто мило, зашто води кон вистината. Не тоа, туку ме лути оти лажат и ѝ се клањаат на сопствената лага. Јас го почитувам Порфириј, да... А што ги збунило, на пример, најпрвин? Вратата била затворена, а кога дошле со чуварот, била отворена. Значи, ги убиле Кох и Пестрјаков! Ете ти ја нивната логика!

— Не пали се; нив само ги притворија; не може... навистина: јас сум го среќавал Кох; тој, како што се покажа, купувал од старицата заложени предмети на кои им поминал рокот!

— Да, некаков неранимајко! Тој купува и меници. Од тоа живее. Ѓавол да го земе! Знаеш ли што ме лути мене? Нивната рутина, застарена, излижана, закоравена, ете, тоа ме лути... А, ете, во самата таа работа може да се пронајде цел нов пат. Само психолошките податоци може да покажат, како да се дојде до вистинската трага. „Ние имаме факти", велат. Но фактите не се сè; барем половината работа е во тоа, колку си вешт да се служиш со фактите.

— А знаеш ли ти да се служиш со фактите?

— Та не можеш да молчиш ако чувствуваш, со пипање сеќаваш, дека би можел да помогнеш во делото, кога би... Ех!... Ја знаеш ли работата подробно?

— Го чекам тоа за молерот.

— Да, навистина! Слушај ја, значи, приказната: токму на третиот ден по убиството, изутрината, кога тие таму се натегале со Кох и Пестрјаков, — иако и двајцата јасно како ден го докажале секој свој чекор, — наеднаш се јавил сосем ненадеен факт. Некојси селанец Душкин, сопственик на крчма, спроти таа куќа, дошол во канцеларијата и донесол златарска футрола со златни обетки и раскажал цела историја: „Завчера дотрча кај мене, приближно по осум часот" — денот и часот! сфаќаш? — „работникот-молер Миколај, кој пред тоа доаѓаше дење, и ми го донесе ова кутиче со златни обетки со камења, па ме замоли да

ги земам во залог за две рубли, а кога го прашав: од каде му се? — рече дека ги нашол на тротоарот. Не го испитував повеќе за тоа“ — така вели Душкин — „туку му дадов банка“ — тоест рубља — „зашто ако не ги заложи кај мене, си мислев, ќе ги заложи кај друг, а, секако, ќе ги испие, па подобро е, работата да е кај мене. Тој што чува не губи, а ако се слушне нешто јас ќе ги предадам!“ Се разбира, тој кажува бабини приказни, лаже како да е поткупен, зашто јас го знам Душкин, тој самиот работи со залози и крие украдени работи, и не ги здиплил од Миколај обетките што вредат триесет рубљи, за да ги „предаде“. Просто се уплашил. Но, по ѓаволите, слушај, како продолжува Душкин: „а селанецот Миколај Дементјев, го знам уште од мали години, тој е од мојата губернија, од Зарајска околија, бидејќи ние сме од Рјазанска губернија. Миколај, вистина, не е пијаница, но пие, а знаев дека работи токму во таа куќа, бојадисува заедно со Митреј, а тој и Митреј, се од едно место. Кога ја доби банката, веднаш ја раситни, наеднаш исипи две чашки, го зеде кусурот и си отиде, а Митреј тогаш не го видов со него. Утредента слушнав дека Аљона Ивановна и нејзината сестричка Лизавета Ивановна биле убиени со секира. Ги познавав, а сега ми дојде сомнително поради обетките, — бидејќи знаев, дека покојницата даваше на заем пари со залог. Јас отидов кај нив и почнав внимателно да испитувам, скришум, и најпрвин прашав: дали е тука Миколај? А Митреј рече дека Миколај се фатил со пиење, се вратил дома во зорите, пијан, дома останал едно десетина минути и пак си отишол, а Митреј подоцна не го видел, па самиот ја довршува работата. Работата им е на исти скали, каде што се убиените, но на вториот кат. Кога го слушнав тоа, на никого ништо не му кажав“, — така вели Душкин — „а за убиството испитав, сè што можев, и се вратив дома сè уште полн со сомневање. А изутрина во осум часот“ — тоест задутредента, разбираш ли? — „Гледам, доаѓа кај мене Миколај, не е трезен, но не е ни многу пијан, може да го разбере разговорот. Седнува на клупата, молчи. А, освен него, тогаш во крч-

мата имаше само уште еден човек туѓинец, а на една клупа спиеше друг човек, познат, и уште две мои деца. — Дали си го видел Митреја? — Не, вели, не сум го видел. — И не си бил таму? — Не, вели, од завчера. — А каде преноќи синоќа? — Па на Песоците кај луѓето од Коломна. — Тогаш каде ги најде обетките? — Ги најдов на тротоарот? — а зборува така, како што не прилега, и не ме гледа. — А дали си чул, велам, дека тоа и тоа, истата вечер и час, се случи на тие скали? — Не, вели, не сум чул — па слуша, ги ококорил очите и побледил како креда. Значи, јас му кажувам, го гледам, а тој ја зема капата и станува. Сакав да го задржам: чекај. Миколај, велам, сакаш ли да се напиеме? На детиштето му намигнувам да ја придржи вратата, а јас излегувам од зад преградата: Но кога летна да бега од крчмата, па на улица, со трчање, па во една друга уличка, и поштукот се стори. Тогаш јас веќе не се сомневав дека тој во себе го носи гревот за...

— Се разбира!... проговори Зосимов.

— Стој! Слушни го крајот! Се разбира, се растрчавме, колку што нè носеа нозете, да го бараме Миколај; го фативме Душкина, го распитавме и му направивме претрес, Митреј, исто така; ги испрашавме и луѓето од Коломна, а потоа задутредента го приведоа Миколај: го фатиле близу -ската царинарница, кајшто преноќувал. Дошол таму, си го симнал од себе сребрениот крст и за крстот побарал чашка ракија. Му дале. По неколку минути жената отишла во шталата кај кравите и гледа низ пукнатина: таму, во шталата, покрај сламата на една греда си го врзал појасот, направи јамка; стои на еден пен и сака јамката да ја намести на вратот; жената гласно викнала, се собрале луѓе: „Значи таков си ти!“ — „Водете ме, вели, во тој и тој кварт; ќе признам сè“. Значи него го одвеле, како што прилега, во милиционеската станица, еве, ваму. Го прашуваат: што е, како е, кој е и колку години има — „дваесет и две“, итн., итн. Прашуваат: „Кога работеше со Митреј, дали виде некој да слегува по скалите, во толку и толку часот?“ Одговара: „Се разбира, минуваа некои луѓе, но не

внимавав". — „А да не слушна нешто, некаква врева или нешто друго?" — „Ништо особено". — „А дали знаеше, Миколај, дека токму во тој и тој ден, тој и тој час, ја убија и ограбија таа и таа вдовица и нејзината сестра?" — „Ниту знаев, ниту сонував. Чув само од Афанасиј Павлич, завчера во крчмата". — „А каде ги зеде обетките?" — „Ги најдов на тротоар" — „Зошто утредента не дојде на работа со Митреј?" — „Затоа што фатив да пијам". — „А каде пиеше?" — „Таму и таму". — „Зошто побегна од Душкина?" — „Затоа што тогаш многу се уплашив". — „Од што се уплаши?" — „Дека ќе бидам осуден." — „Зошто да се плашиш, ако знаеш дека не си виновен за ништо?" . . . Верувал или не верувал, Зосимове, еве вака го прашале и токму со овие зборови, знам со сигурност, дека точно ми е пренесен разговорот! Што ќе речеш?

— Ама не, сепак тука има докази.

— Јас сега не зборувам за доказите, туку за прашањата, за тоа како го сфаќаат тие јадрото на самата работа! Така тие го притискале, го притискале, додека не признал: — „Не, не ги најдов на тротоарот, туку во станот, каде што работев со Митреј", рекол. — „Како тоа?" — „Па, ете, така: јас и Митреј бојадисувавме цел ден до осум часот, и се готвевме да си одиме, а Митреј ја грабна четката и ме намачка со боја по лицето, ме намачка така со боја по лицето и фати да бега, а јас по него. Трчам по него и викам гласно, а кога дојдов до влезот, така задишен од трчањето наидов на чуварот и на господа, но колку господа имаше со него не се сеќавам, а чуварот нè опцу поради тоа а и другиот чувар ни се развика, потоа излезе жената на чуварот, па и таа, исто така, и еден господин тогаш влегуваше со госпоѓата и тој ни се развика, затоа што јас и Миќка бевме легнале попречно; јас го зграпчив Миќка за косата го соборив и го мавав, а Миќка под мене ме грабнал мене за косата, па и тој ме мава, а тоа не го правевме од злоба, туку само од љубов, така си игравме. Тогаш Миќка се ослободи и трчаница излезе на улицата, а јас по него, но не го стигнав, ами сам се вратив во станот,

бидејќи беше време да си одиме. Јас зедов го прибирам алатот и чекав Митреј да дојде. Ете така зад вратата во претсобјето, во аголот, згазнав едно кутиче, гледам, лежи завиткано во хартија, ја одвиткувам хартијата, гледам: некакви малечкави копчиња, ги откопчав, кога внатре во кутијата обетки..."

— Зад вратата ли? Зад вратата ли стоела? Зад вратата? — викна наеднаш Раскољников, гледајќи го Разумихина со матен заплашен поглед, и полека се подисправи, потпирајќи се со рака на диванот.

— Да... а зошто? Што ти е тебе? Зошто прашуваш?

И Разумихин стана.

— Ништо!... — одговори Раскољников, така што одвај се слушна, па пак се спушти на перницата и пак се сврти кон ѕидот. Сите некое време молчеа.

— Сигурно беше задреман, па во сонот, — проговори, најпосле, Разумихин гледајќи го Зосимова прашално.

Зосимов ништна со глава одречно.

— Добро, продолжи понатаму — му рече Зосимов; — што има понатаму?

— Што да има понатаму! Штом ги забележал обетките заборавил веднаш и за станот и за Микка, ја зграпчил капата, отрчал кај Душкина и — како што знаеш, — од него добил рубља, а го излажал, дека ги нашол на тротоарот, па веднаш фатил да пие. А за убиството везден тврди само едно: „Ниту знам, ниту сум сонувал, за тоа слушнав задутредента." — „А зошто досега не си се јавувал?" — „Од страв" — „А зошто си сакал да се обесиш?" — „Од помислата." — „Од каква помисла?" — „Дека ќе ме судат." — Ете, тоа е целата приказна. Што мислиш сега: што извлекле тие од тоа?

— Што да мислам! Трага постои, без обѕир каква е. Факт. Сигурно дека нема до го пуштат на слобода твојот молер.

— Ама тие веќе него го имаат пикнато меѓу убијците! Кај нив веќе нема никакво сомневање.

— Што бладаш и зошто се лутиш? А што се обетките? Признај самиот: штом во истиот ден и час обетките од сандачето на старицата се наоѓаат во рацете на Николај — признај и самиот, дек тие некако морале да му дојдат во рацете. Тоа не е ситница при таква истрага.

— Како му дошле! Како му дошле в раце! — викна Разумихин. — Зарем ти, докторе, ти што си должен, пред сè, да го проучуваш човекот, и си во попогодни услови од секого, да ја проучиш човечката природа, — зарем ти не гледаш од сите овие податоци, каква природа е Николај? Зарем не гледаш уште од првиот момент, дека сè што кажал на сослушувањето сè е најсвета вистина? Токму така и му дошле во рацете, како што кажал. Го згазил кутичето и го кренал!

— Најсвета вистина! А сепак и самиот призна дека отпрвин излажал!

— Слушај ме, слушај ме внимателно: и чуварот, и Кох, и Пестрјаков и другиот чувар, и жената на чуварот и граѓанката, што тогаш седела со неа во станот на чуварот, и дворскиот советник Крјуков, кој токму тогаш слегол од кочијата, и влегол со дама подрака — сите тие — тоест осум или десет сведоци, даваат едногласни искази, дека Николај го имал притиснато Дмитрија наземи и лежел врз него мавајќи го, а овај му ја држел косата, па и тој го мавал. Така лежеле попречно на патот и го затвориле преминот: ги пцуеле од сите страни, а тие „како мали деца“ (буквално така велат сведоците) лежеле еден врз друг, врискале, се тепале, се кикотеле, лицата им биле искривени од смеење, а потоа како деца истрчале на улица и се бркале. Слушаш ли? А сега убаво внимавај: горе лежат уште топли тела, слушаш ли, топли, како што ги нашле! Ако ги убиле тие, или само Николај, па го отклучиле сандачето и украле, или ако само учествувале некако во грабежот, тогаш дозволи да ти поставам само едно прашање: се согласува ли ваквото душевно расположение, тоест врискањето, кикотењето, детското тепање на вратата, — со секирите, со крвата, со злосторничката итрина,

претпазливоста, грабежот? Штотуку ги убиле штотуку пред пет-шест минути, — така е, бидејќи телата уште биле топли, а тие, еве, веќе ги оставиле телата, го оставиле станот отворен, иако знаеле дека пред малку покрај нив минале луѓе за таму, го оставиле пленот, па како мали деца се тркалале по патот, се кикотеле, го привлекувале врз себе општото внимание, а за тоа има десет едногласни сведоци!

— Навистина, чудно е! Се разбира, невозможно, но...

— Не, брате, не *но*, меѓутоа, ако обетките, што истиот ден и час се нашле во рацете на Николај претставуваат важен факт за сомневање (иако тој може да се објасни со неговиот исказ, значи, уште е *несигурен*), тогаш треба да се почитуваат и фактите што го правдаат, особено со оглед дека тие факти се *непобитни*. А што заклучуваш ти според карактерот на нашата јуриспруденција, дали тие ќе прифатат, или дали се способни да прифатат таков факт, — заснован само врз психолошката невозможност, единствено врз душевното расположение, — како непобитен факт, кој ги урива сите суштествени обвинувачки факти, што, без обзир какви се? Не, нема да прифатат, нема да прифатат по никоја цена, бидејќи ете, го нашол кутичето и човекот сакал да се обеси, „што не би можело да го има, ако не се чувствувал виновен!“ Тоа ти е главното прашање и затоа се лутам! Разбери!

— Па гледам дека се лутиш. Запри, заборавив да те прашам: со што е докажано дека кутијата со обетки навистина е од сандакот на старицата?

— Тоа е докажано, — одговори Разумихин, муртејќи се сосила. — Кох го препознал предметот и кажал кој го заложил, а тој со сигурност докажал, дека тој предмет е токму негов.

— Тоа е лошо. Сега уште нешто: дали некој го видел Николај во времето кога Кох и Пестрјаков отишле горе и не може ли тоа да се докаже со нешто?

— Во тоа и е работата: никој не видел, — одговори Разумихин, лошо расположен, — тоа е лошото;

дури ни Кох и Пестрјаков не ги забележале кога се качувале горе, иако нивното сведоштво сега не би значело многу. „Видовме дека е станот отворен, дека во него веројатно работат, но при поминувањето не обрнавме внимание и не се сеќаваме точно, дали имаше или немаше работници тогаш внатре.“

— Хм! Значи, целото оправдување им е тоа што се мавале и што се кикотеле. Да речеме дека тоа е силен доказ, но... те молам сега: како го објаснуваш ти целиот случај? Како го објаснуваш наоѓањето на обетките, ако тој навистина ги нашол таму, како што кажува?

— Како го објаснувам? Што има тука за објаснување: работата е јасна! Барем патот, по кој треба да биде поведено делото, е јасен и докажан, а го докажа точно таа кутија. Вистинскиот убиец ги изгубил тие обетки. Убиецот бил горе, кога тропале Кох и Пестрјаков, а вратата ја затворил со резето. Кох направил глупост и отишол долу, а потоа убиецот истрчал и слегол, исто така, долу, зашто немал друг излез. На скалите тој засолнувајќи се од Кох, Пестрјаков и чуварот влегол во празниот стан токму во моментот кога Димитриј и Николај истрчале од станот, постојал зад вратата додека чуварот и другите се качувале горе, чекал да стивнат чекорите, па потоа долу слегол сосем мирно, точно во моментот кога Димитриј и Николај биле истрчани на улица, и сите биле растурени, а во влезот немало никого. Можеби и го виделе, но не го забележале; зарем малку луѓе поминуваат? А кутијата нему му испаднала од џебот, кога стоел зад вратата, а не забележал дека ја изгубил, зашто не му било до неа. Кутијата, пак, јасно докажува дека стоел токму таму. Ете, тоа ти е целата мајсторија!

— Итро! Навистина итро, брате. Тоа е поитро од сè.

— А зошто, зошто?

— Па затоа што сè излегло премногу згодно... и се заплеткало... како на сцената.

— Е-ех! — викна Разумихин, но во тој миг се отвора вратата и влегува ново лице, кое никој од присутните не го познаваше.

V

Тоа беше господин во години, дотеран, ставест, претпазлив и со израз на лутина на лицето. Застана веднаш на вратата, па разгледуваше со навредливо и нескриено чудење и како да прашува со погледот: „каде ли сум попаднал?“ Недоверливо и дури преправајќи се, како да е малку е заплашен, па дури и навреден, ја разгледуваше тесната и ниска „бродска кајута“ на Раскољников. Исто така, зачуден тој ги сврти очите и ги запре на самиот Раскољников, кој расоблечен, бушав, неизмиен, лежеше на својот сиромашен, нечист диван, па и самиот здрвено гледаше во него. Потоа почна, исто така, полека да го гледа неуредниот, неизбричен, неисчешлан лик на Разумихин, а пак тој дрско, како да прашува, му гледаше право во очите и не се ни мрднуваше од местото. Напнатото молчење траеше цела минута, а, најпосле, како што можеше и да се очекува, настана мала промена на декорацијата. Господинот што влезе, веројатно по нешто оцени, впрочем, по многу јасни факти, дека овде, во оваа „бродска кајута“, нема ништо да постигне со претерана достоинственост, па малку омекна и пристојно, но сепак некако строго проговори, обрнувајќи му се на Зосимов, и јасно сечејќи го секој слог во своето прашање:

— Родион Романович Раскољников, господин студент или бивш студент?

Зосимов полека се помрдна, па можеби и ќе одговореше, да не го претечеше веднаш Разумихин, кого никој не го прашуваше:

— Ене го, лежи на диванот! А што сакате вие?

Тоа фамилијарно „а што сакате вие?“ го пресече дотераниот господин, и тој за малку ќе му се обрне-

ше на Разумихин, но сепак се воздржа современе и бргу пак се сврти кон Зосимов.

— Еве го Раскољников! — промрмори Зосимов и му го покажа со глава болниот, потоа се проѕевна, а притоа некако необично многу зина и необично долго време остана во таа положба. Потоа полека ја стави раката во џебот од елекот, извлече голем, часовник, со издаден капак, го отвори, погледна во него, па фати пак полека и мрзливо да го става во џебот.

Раскољников за сето тоа време лежеше молчејќи, на грб и неподвижно гледаше во дошлакот, но ништо не мислеше. Неговото лице, што сега не беше свртено кон интересното цветче на тапетот, беше бледо и изразуваше необично страдање, небаре во овој миг претрпил болна операција или како штотуку да го пуштиле од мачилиште. Но господинот што дојде по малку почна да разбудува во него сè поголемо и поголемо внимание, потоа сомневање, а потоа недоверливост и, најпосле, нешто како некаков страв. А кога Зосимов покажа на него и рече: „еве го Раскољников", наеднаш потстана, небаре потскокна, па седна на постелата и изговори со предизвикувачки, но испрекинат, слаб глас:

— Да! Јас сум Роскољников! Што сакате?

Гостинот го погледна претпазливо и изговори строго:

— Петар Петрович Лужин. Се надевам дека моето име не ви е сосем непознато.

Но Раскољников, кој очекуваше нешто сосем друго, го погледна тапо, замислено и не одговори ништо, како воопшто првпат да го слуша името Петар Петрович.

— Како тоа, зарем досега не сте повелиле да добиете никаква вест? — праша Петар Петрович, некако превиткувајќи се.

Наместо да одговори на прашањето, Раскољников полека се спушти на перницата, си ги стави рацете под главата и се загледа во таванот. На Лужин му се

јави тага на лицето. Зосимов и Разумихин фатија уште полубопитно да го гледаат, па тој, најпосле, очигледно се збуни.

— Јас мислев и сметав, — пропелтечи тој, — дека писмото, што е испратено пред десет дена, ако не и пред две седмици...

— Слушајте, зошто вие постојано стоите до вратата? — го прекина Разумихин. — Ако сакате нешто да соопштите, седнете, зашто таму е тесно за двајца, за вас и за Настасја. Настасја тргни се, пушти го човеков! Минете, еве ви стол овде! Ама провлечете се!

Тој го тргна својот стол откај масата, направи малку место меѓу масата и своите коленици, и почека во некаква напрегната состојба, гостинот да се „провлече" низ пукнатината. Моментот беше така одбран, што гостинот никако не можеше да одбие, па се промолкнуваше низ тесниот простор, брзајќи и сопинајќи се. Кога дојде до столот, седна и недоверливо погледна во Разумихин.

— Впрочем, вие немојте да се збунувате — истресе Разумихин — Родја е болен веќе пет дена, три дена беше во несвест, но сега се освести, па и јадеше со апетит. Еве овде е и неговиот доктор, штотуку го прегледа, а јас сум му другар на Родја, исто така, бивш студент, сега го тешам; значи не грижете се за нас и не чувствувајте се незгодно, ами кажете понатаму што сакате.

— Ви благодарам. Само нема ли да го вознемирувам болниот со своето присуство и со разговорот? — му се обрна Петар Петрович на Зосимов.

— Не-не, — пропелтечи Зосимов — можеби и ќе го разонодите — и тој пак се проѕевна.

— О, тој одамна е освестен, уште од изутрина! — продолжи Разумихин, чија фамилијарност, беше толку искрено простодушна, што Петар Петрович се премисли и започна да се охрабрува, можеби донекаде и затоа што се покажа дека тој парталко и безобразник сепак е студент.

— Вашата мајка... — започна Лужин.
— Хм! — гласно изговори Разумихин.
— Лужин го погледна како да прашува.
— Ништо, јас само така; продолжете...
Лужин собра раменици.

— ...Вашата мајка, кога бев кај нив, започна да ви пишува писмо. Кога пристигнав ваму, намерно почекав неколку дена и не дојдов кај вас, за да бидам сосем сигурен, дека сте известен за сè; но сега, ме чуди...

— Знам, знам! — проговори ненадејно Раскољников нестрпливо и онерасположено. — Вие ли сте тој, младоженецот? Добро, знам... доста е!

Петар Петрович длабоко се навреди, но премолчи. Со сета сила сакаше побрзо да открие, што значи сето тоа. Молчењето траеше една минута.

Раскољников беше малку свртен накај него, кога му одговараше, па сега пак почна внимателно да го гледа, со некакво посебно љубопитство, како пред малку да не стигнал да го разгледа целиот, или како да го изненадило нешто ново на него, па дури посебно се подигна над перницата. Во фигурата на Петар Петрович навистина изненадуваше нешто посебно, тоест нешто што го оправдуваше името „младоженец", кое штотуку му беше дофрлено безобзирно. Најпрвин се гледаше и премногу се забележуваше дека Петар Петрович со сета сила брзал да ги искористи овие неколку дена во престолнината, за да се уреди и дотера, за да ја пречека свршеницата, што е, впрочем, сосем добро и дозволено. Дури и сопствената, може да се каже премногу самозадоволната совест за пријатната промена кон подобро би можела да му се прости овој пат, бидејќи Петар Петрович беше свршеник. Сета облека штотуку ја зел од шивач и на неа сè е убаво, само сè е преново и премногу искажува некаква цел. Дури, и неговата контешка, сосем нова, тркалеста паларија сведочеше за таа цел: Петар Петрович со преголема почит се однесува спрема таа паларија и премногу внимателно ја држи во рацете. Дури и прекрасните нараквици, вистински Жу-

веневски нараквици, со боја на јоргован, сведочат за истото со самото тоа, што не ги облекува, ами само за парада ги носи во рацете. Во облеката на Петар Петрович доминираат светли момчешки бои. На него има убаво летно палтенце со отворено кафена боја, лесни светли панталони, ист таков елек, штотуку купен, убава кошула, лесна батистена врска со црвеникави лентички. А што е најважно: сето тоа и убаво му стои на Петар Петрович. Лицето му е многу свежо и дури убаво, па и така изгледа помлад од четириесетипет годишен. Темните зулуфи му даваат сенка на лицето од обете страни како две шницли и многу убаво се згуснуваат на крајот на избричената брада, која блести. Дури и косата, која, впрочем, само малку е побелена, а која ја исчешлал и искадрил фризер, поради тоа воопшто не изгледаше ниту смешно, ниту глупаво, како што обично се случува со накадрената коса, зашто бездруго тогаш лицето прилега на лице на Германец, кој оди на венчавање. Ако на тоа прилично убаво и солидно лице има нешто што е навистина непријатно и што одбива, за тоа има други причини. Кога Раскољников без стеснување го разгледа господин Лужин, злобно се насмевна, пак се спушти на перницата, и како преѓеска се загледа, во таванот.

Но господин Лужин се прибра, па како да решил засега да не ги забележува сите тие настраности.

— Многу, многу жалам, што ве затеков во ваква состојба, — започна пак, со тешка мака прекинувајќи го молчењето. — Да знаев дека боледувате, и порано ќе наминев, но знаете, грижи!... Освен тоа, во сенатот имам една многу важна адвокатска работа. А и не ги споменувам грижите, за кои ќе се сетите и вие. Вашите, тоест мајка ви и сестра ви, ги очекувам секој час.

Раскољников се помрдна и сакаше нешто да каже; на лицето му се јави возбуда. Петар Петрович запре, причека, но бидејќи не уследи ништо, продолжи:

— ... Секој час. Им најдов стан за прво време...

— Каде? — рече Раскољников со слаб глас.

— Не е далеку одовде, куќата на Бакалеев...

— Тоа е на Вознесенскиот, — го прекина Разумихин, — таму има два ката со соби за издавање под наем, а ги држи трговецот Јушин; сум бил таму.

— Да, соби...

— Премногу гадно, нечистотија, смрдеа а и сомнително е местото: сешто се случувало; а и ѓаволот знае, кој не живее таму!... И јас бев таму поради еден скандалозен случај. Впрочем, евтино е.

— Јас, се разбира, не можев да се информирам толку, зашто и самиот сум нов овде, — одговори Петар Петрбвич раздразнет, — но тие две собички се многу, многу чисти, а тоа за многу кратко време... Јас веќе најдов еден, тоест еден стан за нас во иднина, — му се обрна тој на Раскољников, — сега го уредуваат, а сега и јас сум стеснет во соба под наем на неколку чекори одовде, кај г-ѓа Липевехзел, во станот на еден мој млад пријател, Андреј Семјонич Лебезјатников; а тој и ми ја посочи куќата на Бакалеев...

— Лебезјатников? — рече полека Раскољников, како да се сеќава за нешто.

— Да, Андреј Семјонич Лебезјатников, чиновник во министерството, го познавате ли?

— Да... не... — одговори Раскољников.

— Извинете, мене така ми се стори со оглед на вашето прашање. Јас некогаш му бев тутор... многу мило момче... учи... Љубам да се состанувам со млади луѓе... од младите дознаваш по нешто ново.

Петар Петрович со надеж ги изгледа сите присутни.

— Во која смисла? — праша Разумихин.

— Во најсериозна, така да се изразам, во самата суштина на работата, — прифати Петар Петрович, како да беше зарадуван од прашањето. — Јас, еве, веќе десет години не сум бил во Петроград. Сите наши новости, реформи, идеи, сето тоа е допрено и до кај нас, во провинцијата; но за да видиш појасно и да видиш сè, мораш да дојдеш во Петроград. Да, а јас, еве, гледам, дека најмногу ќе забележиш и ќе дознаеш ако го гледаш нашето младо поколение. Признавам: се зарадував...

— А зошто?

— Вашето прашање е прешироко. Можеби се лажам, но ми се чини дека наоѓам појасен поглед, — така да се изразам, — повеќе критика, повеќе претприемчивост.

— Вистина е, — процеди Зосимов.

— Лажеш, тука нема претприемчивост, — се замеша Разумихин. — Претприемчивоста тешко може да се стекне, таа не паѓа од небото, а веќе има речиси двесте години, како сме се одвикнале од секаква претприемчивост... Идеи, можеби, има, — му се обрна тој на Петар Петрович, — има и желби за добро, макар и детски; и чесност може да се најде, и покрај тоа што се појавија огромен број слепци, но воопшто нема претприемчивост! Претприемчивоста не е лесна работа.

— Не се согласувам со вас — одговори Петар Петрович со очигледно уживање. — Се разбира, има занес, има и неправилности, но треба да се гледа и низ прсти, занесот сведочи за жарот, за запаленоста за делото и за неправилните надворешни услови, во кои се наоѓа делото. Малку е направено, но и немало многу време. За средствата и не зборувам. Според мојата лична оценка, пак, ако сакате, нешто и е направено; се раширија нови, корисни мисли, се раширија некои нови корисни дела, наместо поранешните фантазии и романи; литературата придобива позрел лик; искоренети и исмеани се голем број штетни предрасуди... со еден збор, ние себеси засекогаш се пресековме од минатото, а, според моето мислење, и тоа е успех...

— Фати да се инаети! Се претставува, — ненадејно проговори Раскољников.

— Што е, молам? — праша Петар Петрович, кој не слушна добро, но не доби одговор.

— Сето тоа е вистина, — додаде брзо Зосимов.

— Нели! — продолжи Петар Петрович, погледнувајќи го љубезно Зосимова, — кажете и самиот, — продолжи тој обрнувајќи му се на Разумихин, но сега веќе по со некаква нијанса на триумф и надмоќност;

па за малку ќе речеше и: „момче!“ — дека постои напредок или, како што велат сега, прогрес, дури и ако е во името на науката и економската вистина...

— Фраза!

— Не, тоа не е фраза, господине! Ако досега, на пример, ми велеа: „љуби“ и јас љубев, што излегуваше од тоа? — продолжи Петар Петрович, можеби и премногу брзо, — излегуваше тоа, што јас си го кинев кафтанот на две половини и го делев со ближниот, така што и на двајцата по едната половина ни остануваше гола, според руската поговорка: „Ако бркаш два зајака наеднаш, ни еден нема да стигнеш“. А науката вели: најпрвин сакај се себеси, зашто сè во светов е засновано врз личниот интерес. Ако се сакаш себеси, и твоите работи ќе ги вршиш, како што треба, и твојот кавтан ќе остане цел. Економската вистина, пак, додава уште: колку повеќе средени лични прилики има во човечкото општество и, така да се изразам, цели кафтани, толку поцврсти се неговите темели и толку подобро се уредуваат и општите работи. Кога јас, значи, стопанисувам единствено и само за себе, со тоа, имено, на некој начин стопанисувам, исто така, и за сите и придонесувам ближниот да добие нешто поискинат кафтан, но тој не го добива него од личната, поединечната штедрост, туку од општиот напредок. Таа мисла е проста, но, за несреќа, долго време не се јавуваше, ами беше скриена под занесот и мечтаењето, а како да не е потребна голема остроумност да се сетиш...

— Извинете, ни јас не сум остроумен — остро го прекина Разумихин — затоа да престанеме! Јас, вистина, разговорот го започнав намерно, но мене во овие три години ми здодеа сето тоа дрдорење, тешење на себеси, сите тие непрестајни фрази, сево ова едно и исто, па жими бога црвенеам, кога пред мене ќе започнат таков разговор и други луѓе, не само јас. Вие, јасно, сакавте набрзина да се претставите со вашето знаење, но сето тоа може да се прости, јас не ве осудувам. Сакав само да дознам, каков човек сте вие, бидејќи, еве, гледате, со општествена работа, во последно време, се занимаваат толку многу секакви шпе-

куланти кои така искривоколчиле во своја корист сè до што се допреле, што воопшто го загадиле целото дело. Но доста е.

— Господине — започна господин Лужин, правејќи со телото некаква необично достоинствена извивка — вие, секако, немате намера вака безобзирно да изјавите, дека и јас...

— О, молам, молам... Како би можел јас!... Ама, доста е! — пресече Разумихин, се сврти наеднаш и со Зосимов го продолжи поранешниот разговор.

Петар Петрович, како разбран човек, веднаш поверува во објаснувањето. Но, реши, по некоја минута да си оди.

— Се надевам, дека нашето познанство, што го склопивме сега — му се обрна тој на Раскољников, — уште повеќе ќе зацврсне кога ќе оздравите, особено со оглед на околностите, кои вие ги знаете... Ви пожелувам, пред сè, да оздравите...

Раскољников дури ни главата не ја сврти. Петар Петрович почна да станува од столот.

— Секако, ги има убиено некој залагач, — тврдеше Зосимов.

— Секако, залагач! — му потврди Разумихин. — Порфириј не кажува што мисли, но сепак ги распитува залагачите...

— Ги распитува залагачите? — праша гласно Раскољников.

— Да, а зошто?

— Ништо.

— Каде ги пронаоѓа?

— За некои му кажа Кох; на другите имињата им биле напишани на обвивките на предметите, а некои и самите дошле, кога слушнале...

— Но, среќен и искусен е тој гад, навистина! Тоа е смелост! Тоа е решителност!

— Работата е во тоа што не е! — го прекина Разумихин. — Тоа на сите ви ги замачка очите. А јас велам: тој е невешт, неискусен и дека тоа, всушност, му бил прв чекор. Ако помислиш дека пресметал дека е вешт гад, ќе излезе неверојатно. Но ако помислиш,

дека е невешт, тогаш ќе излезе дека само случајот го спасил од незгодата, а што не создава случајот? Те молам, та тој, можеби, не ги ни предвидувал пречките! И види како постапува? ги зема предметите од по десетина-дваесетина рубљи, ги наполнува со нив џебовите, чепка по крпите во сандачето на бабата, а во горната фиока на комодата, во кутија, најдоа илјада и петстотини готови пари, а покрај тоа и вреднос-ни хартии. Не знаел да ја ограби, туку само да ја убие! Прв чекор, ти велам, прв чекор, се збунил! И не се извлекол, според некаков план, ами благодарение на случај!

— Ама вие, ми се чини, зборувате за неодамнешното убиство на старицата, чиновничиката вдовица? — се замеша Петар Петрович, обрнувајќи му се на Зосимов, држејќи си ги во рацете и паларијата, и нараквиците, и сакајќи пред заминувањето да дофрли уште неколку умни зборови. Очигледно настојуваше да остави пријатен впечаток, па суетата му го надвлада разумот.

— Да. Сте чуле?

— Како не, во соседството сум . . .

— Ги знаете ли подробностите?

— Не можам да речам дека ги знам; но мене во тоа ме интересира нешто друго, би рекол: целото прашање, и не зборувам за тоа, дека во последниве пет години се зголемија убиствата во нижата класа: не зборувам за непрестајните грабежи и палежи на сите страни; мене ми е најчудно, што злосторствата и во вишите класи исто така се множат, и би рекол, паралелно. Еве, се слуша, ваму некојси бивш студент на улица ја ограбил поштата; онаму луѓе, со висока општествена положба, фалсификувале пари; а во Москва фаќаат цела дружина, што фалсификувала обврзници од последниот заем со лотарија, — меѓу главните учесници е и еден лектор по општа светска историја; во странство пак го убиваат нашиот секретар, поради некаква парична, загадочна причина . . . И ако овде старицата ја убил некој залагач, тој сигурно е човек од повисокото општество, бидејќи селаните не залагаат златни предмети. Со што да ја објасниме

оваа, на некој начин, расипаност на образованиот дел од нашето општество?

— Има многу економски пресврти... — се јави Зосимов.

— Со што да ја објасниме? — се надоврза Разумихин. — А со што ако не со безделничењето кое премногу се има закоренето.

— Тоест, како тоа?

— А, што одговори вашиот лектор во Москва на прашањето зошто ги фалсификувал хартиите: „Сите се збогатуваат на секакви начини, па и јас сакав да се збогатам што побрзо". Не се сеќавам точно за зборовите, но смислата е: арамолепски, побрзо, без труд! Научени сме да живееме на готово, да користиме туѓа помош, да јадеме туѓ залак. А кога ќе чукне решавачкиот час, тогаш секој се покажува што е и каков е...

— А моралот? И тие, така да ги наречам: начелата...

— Ама што зборувате штогоде? — ненадејно се замеша Раскољников. — Тоа е извршено според вашата теорија!

— Како тоа: според мојата теорија?

— Изведете заклучок од она, што го раскажувавте пред малку, па ќе излезе дека е дозволено да убиваш луѓе...

— Ве молам! — викна Лужин.

— Не, не е така! — се јави Зосимов.

Раскољников лежеше блед, тешко дишеше, а горната усна му трепереше.

— Сè има своја мера, — продолжи Лужин со занес — економската идеја не е повик кон убиство, — и ако се претпостави...

— А вистина ли е, дека вие — наеднаш го прекина Раскољников, со глас што трепереше од бес и во кој како да се слушаше радоста на навредувањето, — вистина ли е, дека вие сте ѝ рекле на вашата свршеница... токму тогаш, кога сте ја добиле нејзината согласност, дека најмногу ве радува... тоа оти таа е сосем сиромашка... дека ви е подобро да се ожените со сиромашка, за после да господарите со

неа... и да ја прекорувате со тоа дека сте ја опсипале со добродетелство?...

— Ама, господине! — викна Лужин злобно и раздразнето, целиот пламнат и збунет, — ама господине... вие многу ја искривоколчивте мојата мисла! Простете ми, но јас морам да ви кажам, дека гласовите што допреле до вас, или подобро да се изразам што ви се пренесени вам, немаат ни сенка здрава основа, и јас... насетувам, кој... со еден збор... таа стрела... со еден збор, вашата мајка... Таа и така ми се стори, и покрај своите одлични особини, со малку занесени мисли, како во романите... Но сепак бев на илјадници врсти од претпоставката, дека таа би можела да ја сфати и да ја прикаже работата во ваква форма, изобличена од фантазијата... и најпосле... најпосле...

— А, знаете што? — викна Раскољников, подигајќи се на перницата и вперувајќи го во него својот прониклив, блескав поглед. — Знаете ли што?

— Што?

Лужин застана и чекаше со навреден и предизвикувачки израз. Неколку мига траеше молчењето.

— Па тоа, ако вие уште еднаш... се осмелите, да кажете каков и да било збор... за мајка ми... јас главечки ќе ве фрлам по скалите надолу!

— Што ти е тебе? — викна Разумихин.

— А, така значи! — Лужин побледна и си ја гризна усната. — Слушајте ме мене, господине, — започна тој, подзапирајќи во зборувањето и продолжувајќи со сета сила, но сепак збивајќи, — јас уште пред малку, уште во почетокот, погодив дека вие не сте ми наклонет, но намерно останав овде, за да дознам нешто повеќе. Јас би можел многу да му простам на болен човек и роднина, но сега... вам... никогаш...

— Јас не сум болен! — викна Раскољников.

— Дотолку повеќе...

— Одете по ѓаволите!

Но Лужин веќе и самиот тргна да си оди, без да се доискаже, па почна да се провлекува помеѓу ма-

сата и столот; Разумихин притоа стана за да му направи пат. Лужин не гледаше никого, не му нишна со глава ни на Зосимова, кој веќе одамна со мавтање му даваше знак да го остави болниот, и да излезе, — а кога се наведна за да мине низ вратата внимателно ја дигна паларијата до рамениците. И неговиот подведен грб, како во тој миг да покажуваше колку ужасна навреда носи со себе.

— Како може, како може така? — зборуваше вчудовидениот Разумихин, мавтајќи со главата.

— Оставете ме, оставете ме сите! — викна Раскољников бесно. — Ама дали еднаш, најпосле, ќе ме оставите, вие мачители! Не се плашам од вас! Од никого, од никого не се плашам сега! Одете си откај мене! Јас сакам да бидам сам, сам, сам!

— Да си одиме! — рече Зосимов и му мавна на Разумихин.

— Те молам, зарем ваков да го оставиме!

— Ајде! — повтори пак Зосимов и излезе.

Разумихин поразмисли и отрча по него, за да го стигне.

— Би можело да биде и полошо, ако не го послушаме, — рече Зосимов веќе на скалите. Не треба да го дразниме...

— Што му е?

— Нема што да го покрене, пред малку имаше сила... Знаеш, тој носи нешто во умот! Нешто постојано, тегобно... Од тоа многу се плашам; навистина!

— Па, можеби, тоа е господинот Петар Петрович. Од разговорот се гледа дека тој ја зема неговата сестра и дека Родја токму пред својата болест добил писмено известување за тоа...

— Да; ѓаволот го донесе сега; можеби тој расипа сè. А дали забележа, дека тој е рамнодушен кон сè и молчејќи преминува преку сè, освен преку една работа, која веднаш го растројува: убиството...

— Да, да — прифати Разумихин — уште како забележав! Се интересира, се плаши. Веројатно кај надзорникот во канцеларијата го заплашиле дента, кога се разболи; се онесвестил.

— Раскажи ми за тоа поопширно вечерва, а јас потоа ќе ти кажам нешто. Тој многу ме интересира! Ќе наминам по половина час... Впрочем, не ќе има воспаление.

— Ти благодарам! А дотогаш јас ќе причекам кај Пашенка и ќе го надгледувам преку Настасја...

Кога Раскољников остана сам, ја погледна Настасја нестрпливо и раздразнет, но таа сè уште не си одеше.

— Да не сакаш сега да се напиеш чај, — го праша таа.

— Подоцна! Сакам да спијам! Остави ме...

Тој наеднаш се сврти кон ѕидот; Настасја излезе.

VI

Но штом излезе таа, тој стана, го стави резето на вратата, го одврза врзулецот со алиштата, што го донесе пред малку Разумихин, па фати да се облекува. Чудно: како наеднаш да се смири; го немаше ни полусвесното бладање од пред малку, ни паничниот страв, што го исполнуваше во последно време. Тоа беше прв миг на необичен, ненадеен мир. Движењата му беа точни и јасни, од нив избиваше цврста намера. „Уште денеска, уште денеска!...“ — мрмореше во себе. Вистина, чувствуваше дека е исцрпен, но силната душевна напрегнатост што го доведе до спокојство, до неподвижна идеја, му даде сила и самоувереност; впрочем, се надеваше дека нема да падне на улица. Откако се облече во новата облека, ги погледна парите што лежеа на масата, размисли и си ги стави во џебот. Имаше дваесет и пет рубли. Ги зеде и сите бакарни петаци, кусурот од десетте рубли, што му ги потроши Разумихин за облеката. Потоа тивко го подигна резето, излезе од собата, слезе по скалите и ѕирна во ширум отворената кујна: Настасја стоеше свртена со грб кон него, и откако се наведна, фати да дува во самоварот на газдарицата. Ништо не слушна. А и кој би помислил дека тој ќе си оди. Наеднаш се најде на улица.

Беше осум часот, сонцето заоѓаше. Запуровина како порано; но тој желно вдиши од тој смрдлив, прашлив воздух, загаден од градот. Умот малку му се заврти; некаква дива енергија наеднаш блесна на неговото запалено, исушено и бледожолто лице и во пламнатите очи. Не знаеше каде да оди, а и не размислуваше за тоа; знаеше само: „дека *сето тоа* мора да заврши уште денеска, наеднаш, веднаш; дека инаку нема да се враќа дома, бидејќи *не сака да живее така*“. Како да заврши? Со што да заврши? Тој немаше ни поим за тоа, а не сакаше ни да размислува. Ја тераше од себе мислата: мислата го мачеше! Чувствуваше само и знаеше дека треба сè да се промени, било вака било така, „како и да било“, повторуваше со очајна, постојана самоувереност и решителност.

Според стариот обичај, се упати по патот на своите поранешни прошетки, право кон Сенскиот плоштад. Непосредно пред Сенскиот плоштад, на калдрмата пред дуќанот за ситници, стоеше млад, црнокос верглаш и свиреше некаква многу чувствена песна. Тој придружуваше една девојка од петнаесет години, што тоеше пред него на тротоарот, облечена како госпоѓица во кринолин, со мантил, нараквици и сламена шапка со пердув со боја на пламен; сето тоа беше старо и излитено. Со уличен, крескав, но прилично пријатен и силен глас ја пееше песната и чекаше од дуќанот да ѝ дадат две копејки. Раскољников се запре покрај двајца-тројца слушатели, послуша, извади еден петак и ѝ го стави на девојката во раката. А таа наеднаш го прекина пеењето во најчувствената нота, и му викна на верглашот: „доста е!“ и двајцата се одвлекоа понатаму, до другото дуќанче.

— Сакате ли вие улично пеење? — му се обрна Раскољников ненадејно на еден минувач во понапреднати години, што стоеше до него покрај верглот и прилегаше на скитник. Тој намуртено го погледна и се зачуди. — Јас сакам — продолжи Раскољников, но со таков израз, како воопшто да не зборува за уличното пеење, — јас го сакам пеењето со придружба на вергл во студена, темна, влажна есенска ноќ,

бездруго во влажна ноќ, кога на сите минувачи лицата им се бледи, зелени, болни; или уште подобро, кога врне снег, сосем право, без ветар, знаете, а низ него блескаат фенерите на гас.

— Не знам... извинете... — промрмори господинот, вчудовиден и од прашањето и од необичниот изглед на Раскољников, па се префрли на другата страна од улицата.

Раскољников продолжи право и стигна на аголот од Сенскиот плоштад, на местото на кое тогаш продаваа граѓанинот и жената, и разговараа со Лизавета; но сега не беа таму. Кога го позна местото се запре, се обзрна и му се обрна на младото момче во црвена кошула, што зинато гледаше во вратата на бравнарскиот дуќан.

— Овде на аголов има сергија еден граѓанин со жената, сопругата, нели?

— Мнозина отвораат тезги — одговори момчето и го измери Раскољникова одвисоко.

— Како се вика тој?

— Како што го крстиле, ете, така се вика.

— Да не си и ти од Зарајскиот крај? Од која губернија си?

Момчето пак го погледна Раскољникова.

— Светол господине, ние немаме губернија, ами околија, а брат ми бил таму и знае, а јас седев дома, па не знам... извинете великодушно, светол господине.

— А она горе ашчилница ли е?

– Тоа е гостилница, има и билјард; ќе се најдат и принцези... иха!

Раскољников го мина плоштадот. Таму на аголот беше собрана толпа само од селани. Се истурка во мешаницата и фати да се загледува во лицата на луѓето. Некако го влечеше срцето, со сите да завржува разговор. Но селаните не му обрнуваа внимание, ами се групираа и вревеа. Тој постоја неколку мига, поразмисли и тргна вдесно, по тротоарот, во правец на В-ом. Го мина плоштадот и се најде во уличката...

И порано често минувал по таа кратка уличка, што прави свиок и од плоштадот влегува во Парков-

ската улица. Во последно време, се разбира, го влечеше и желбата да талка ваму, секогаш кога ќе му беше згадено, „за уште повеќе да му се згади". Сега, пак, влезе овде, без да мисли на нешто. Тука има една голема куќа, во која се сместени само крчми и други локали, каде што се јаде или се пие. Од нив секој миг истрчуваат де жени облечени како за кај „соседите", гологлави и само по фустани. На две-три места се насобрале тие на тротоарот, особено кај скалите на долниот кат, каде што по две скалила можеш да слезеш во разни многу забавни локали. Од едниот од нив сега се одгласува викотница и врева веројатно, дрнка гитара, се пеат песни, голема веселба. Голема група жени се насобрала пред влезот; некои седат на скалилата, други на тротоарот, трети стојат простум и разговараат. По патот покрај нив се метка и доколку го држи гласот пцуе еден пијан војник со цигара; се чини дека сакал некаде да влезе, но дека заборавил каде. Еден парталко пцуе друг парталко, а пак некој пијаница, пијан како земја, се стркала и попреку на улицата. Раскољников застана до една поголема група жени. Разговараа со зарипнати гласови; сите беа во басмени фустани, со чевли од сафијан и гологлави. По некои имаа веќе по четириесет години, но имаше и такви со по седумнаесет години, а сите имаа модри кругови под очите.

Го интересираше некако тоа пеење и сета таа врева и викотница таму долу... Оттаму низ кикотењето и врисокот, можеше да се чуе како некој придружуван од гитара и една послободна песна, пеена со танок, писклив глас, бесно игра и со петиците го отчукува тактот; се наведна над влезот и фати внимателно, мрачно и замислено да слуша и љубопитно да sирка од тротоарот во ходникот.

„Еј стражару, прекрасен,
„Не тепај ме, напразно!"

се разнесуваше танкиот глас на пејачот. Раскољников беше обземен од голема желба да разбере што се пее, како тоа да му беше најголема грижа.

„Дали не е добро малку да влезам“ — си помисли тој. — „Се кикотат! Пијани се. А како би било и јас да се опијам?“

— Нема ли да влезете, мил господине? — го праша една жена со прилично звонлив глас, кој уште не беше зарипнат.

Беше млада, а не беше ни грда — единствена во сета толпа.

— Види ја ти неа, колку е убавка! — одговори тој, кога ја дигна главата и ја погледна.

Таа се насмевна; се гледаше, дека комплиментот ѝ се допаднал.

— Вие, исто така, сте многу згоден, — рече таа.

— Колку сте мршав! — забележа друга со бас. — Како да сте излегле од болница!

— Прилегаат на генералски ќерки, а сите имаат тапи носови. — Додаде наеднаш еден селанец што дојде сега, натрескан, со раскопчано палто и со подбивна насмевка на лицето. — Ама веселба!

— Влегувај, штом си дошол!

— Ќе влезам! Уживање!

И тој се свлечка долу.

Раскољников продолжи понатаму.

— Слушајте, господине! — викна по него девојката.

— Што има?

Таа се збуни.

— Јас, мил господине, секогаш со вас би го поминувала времето, но сега некако се плашам. Подарете ми, пријатен кавалеру, шест копејки, да се напијам.

Раскољников извади, колку што фати во раката: три петаци.

— Ах, колку добрордечен господин!

— Како се викаш?

— Па, прашајте за Дуклида.

— А што е тоа, — забележа сега една од групата, мавтајќи ѝ со главата на Дуклида.

— Не знам, како можеш така! Јас, мислам, би пропаднала вземи од срам...

Раскољников ја погледна љубопитно таа што зборуваше. Таа беше девојка од триесетина години, сета со модрици, со отечена горна усна. Зборуваше и прекоруваше спокојно и сериозно.

„Некаде, некаде, сум читал", — си помисли Раскољников заминувајќи си — „како некаков човек, осуден на смрт, неколку мига пред смртта си вели или си мисли: ако мора да живее некаде на некоја височинка, на некој рид, на толку тесен простор, каде што одвај може да застане на обете нозе, — а околу него да се бездни, океан, вечен мрак, вечна самотија, и вечна бура, — па вака на простор од еден аршин, да го престои целиот живот, илјада години, вечност, — подобро е да живее и така, отколку да умре веднаш! Само да може да живее, да живее, да живее! Без обзир како живее, — само да живее!... И тоа е вистина! Господи, голема вистина! Човекот е подлец!... И подлец е оној кој поради тоа го вика подлец" — додаде тој по малку.

Излезе на друга улица: „Аха! „Кристалниот дворец!" Пред малку Разумихин зборуваше за „Кристалниот дворец". Само зошто го барав јас? Да, за да прочитам... Зосимов вели, дека читал во весниците"...

— Има ли весници? — праша, откако влезе во една многу широка и дури чиста гостилница со неколку соби, кои впрочем беа прилично празни. Двајца-тројца гости пиеја чај, а во последната соба седеше една група од четири човека, и пиеја шампањско. На Раскољников му се стори дека меѓу нив е и Замјотов. Но оддалеку не можеше да го познае.

„Па добро!" — си помисли.

— Да не сакате ракија? — праша келнерот.

— Дај ми чај. И донеси ми стари весници, за пет дена едноподруго, ќе ти дадам бакшиш.

— Молам! Повелете, еве ги денешните. А ракија сакате?

Се појавија старите весници и чајот. Раскољников седна и почна да бара: „Излер" — Излер — Ацтеки-Ацтеки-Излер-Бартола-Максимо — Ацтеки — Из-

лер...[1]) Пих! Ѓаволот да те... А, еве пишува: падната по скалите — граѓанин изгорел од вино — пожар на Песоците — пожар на Петербуршка — пак пожар на Петербуршка — Излер — Излер — Излер — Максимо... А, еве“...

Најпосле го најде тоа што го бараше, и зеде да чита; редовите му играа пред очите, но сепак го прочита целиот „извештај“ и фати како споулавен да бара во наредните броеви други податоци. Рацете му трепереа и му се грчеа од нестрпливост, додека прелистуваше. Наеднаш седна некој на масата до него. Погледна, — тоа беше Замјотов, истиот Замјотов и ист таков, со прстени и синџирче, со патец во црната, кадрава, со помада намачкана коса, со контешки елек, но со малку излитено палто и нечиста кошута. Беше весел, барем се смешкаше весело и добродушно. Неговото црномурно лице беше малку црвено од испиеното шампањско.

— Што? Вие сте тука? — започна тој зачудено и со таков тон, како да е одамна познат со него. — А вчера ми велеше Разумихин, дека уште не сте осветен. Тоа е чудно, а јас бев кај вас...

Раскољников знаеше дека тој ќе му се доближи. Го остави весникот настрана и се сврти кон Замјотов. На усните имаше насмевка и некаква нова, раздразлива нестрпливост избиваше од таа насмевка.

— Јас знам дека бевте, — одговори, — слушна. Чорапот сте го барале... а знаете, Разумихин ви се лути, вели, дека со него сте биле кај Лизавета Ивановна, кај онаа, за која тогаш сте се грижеле вие, па сте му намигнувале на поручникот Барут, а тој како да не разбирал, се сеќавате? А како да не разбере, — работата е јасна... нели?

— Их, каков кавгација е тој!

— Барут?

— Не туку вашиот пријател Разумихин...

---

[1]) Децата на ацтеките (Индијците) Максимо и Бартола; ги покажувале во Петербург во летото 1865 година; Излер — сопственик на минерален извор во Петербург.

— Ама вие убаво живеете, господине Замјотов; и на најпријатни места минувате без трошок. Кој ве честеше пред малку со шампањско?

— Па ние... пиевме... никој не честеше?

– Хонорар! Од сè користите! – Раскољников се насмевна. — Сеедно, добро момче, сеедно — додаде и го тупна Замјотова по рамото. — Јас не зборувам од злоба, туку само од љубов, играјќи си, како што велеше вашиот работник, кога го маваше Микка, во случајот со бабата, де.

— А од каде знаете вие?

— Па јас знам, можеби, повеќе од вас.

— Некако сте чуден... Всушност, уште сте болен. Ненадејно сте излегле...

— Чуден ли ви изгледам?

— Да. А што правите вие, читате весници?

— Весници.

— Многу пишуваат за пожари.

— Не, јас не читам за пожарите. — Сега тој го погледна Замјотова загадочно: подбивна насмевка пак му ги искриви усните. — Не, не читам за пожарите, — продолжи намигнувајќи му на Замјотов. — Признајте, мило момче, нели многу би сакале да знаете што читав?

— Воопшто не сакам; прашав само така. Зарем не смее да се праша? Зошто вие само...

— Слушајте, вие сте образован човек, ја сакате книгата, нели?

— Јас имам завршено шест класа гимназија, — одговори Замјотов со некакво достоинство.

— Шест! Е, врапче мое! Со патец во косата, со прстени — богат човек! Пих, колку мило момче сте! — Раскољников нервозно се засмеа, токму пред лицето на Замјотов. Замјотов се повлече малку, но не се навреди, ами многу се зачуди.

— Их, колку сте чуден! — повтори Замјотов, многу сериозно. — Ми се чини дека уште сте во бунило.

— Во бунило! Лажеш, врапченце!... јас сум, значи, чуден? А, дали сум ви интересен, дали сум интересен?

— Да.

— Тоест: затоа што читав, затоа што барав? Еве, колку броеви побарав, да ми донесат! Сомнително, нели?

— Ама остави!

— Треба да се напрегнат ушите!

— Како тоа, да се напрегнат?

— Подоцна ќе ви кажам, како да се напрегнат, а сега, миличок, ви изјавувам... не, подобро е: „признавам“... не, и тоа не чини: „давам исказ, а вие правите записник“, — ете, тоа е! Значи, давам исказ дека читав, се интересирав, барав и исипитував... — Раскољников замижа и чекаше. — Барав, а затоа и наминав овде — за убиството на бабата, вдовицата на чиновникот, — изговори најпосле, речиси шепотејќи, а лицето сосем го доближи до лицето на Замјотова. Замјотов го впери својот поглед право во неговото лице, и не се мрдаше, и не го тргаше своето од неговото лице. На Замјотов најчудно му се стори тоа што токму цела една минута вака молчеа и токму цела една минута вака се гледаа еден со друг.

— А зошто да ме интересира што читавте? — викна тој ненадејно во недоумица и нестрпливо. — Што ме интересира мене? Што има во тоа?

— Тоа е истата баба, — продолжи Раскољников, сè уште така шепотејќи, без да биде трогнат од извикот на Замјотов, — онаа поради која се онесвестив — се сеќавате ли, кога почнаа да раскажуваат во канцеларијата. Па, сфаќате ли сега?

— Ама што значи тоа: Па... „сфаќате ли“? — изговори Замјотов.

Неподвижното, сериозно лице на Раскољников наеднаш се преобрази и тој ненадејно пак се засмеа нервозно, како пред малку, небаре воопшто не можеше да се воздржи. Во еден миг му дојде во умот, со извонредно јасно чувство, неодамнешниот момент, кога стоеше зад вратата, со секирата во раката, резето потскокнуваше, тие пред вратата, ја тресеа и пцуеја, а него одеднаш го исполни желбата, да им подвикне, да почне да им се подбива, да им се излигави со ја-

зикот, да ги дразни, да се смее, да се кикоти, кикоти, кикоти!

— Вие сте или луд, или... — рече Замјотов и застана, како да го вчудовиди мислата, што наеднаш му светна во главата.

— Или? Што „или?“ Е, што? Ајде, кажете!

— Ништо! — одговори Замјотов лут. — Сето тоа се глупости.

И двајцата замолчија. По ненадејната смеа, што го обзеде наеднаш, Раскољников сега се замисли и се намурти. Се потпре со лактите на масата и со рацете ја стегна главата. Се чинеше како сосем да го заборавил Замјотова. Молчењето траеше прилично долго време.

— Зошто не пиете чај? Ќе ви се олади, — го потсети Замјотов.

— А? Што? Чајот?... веројатно...

Раскољников голтна од чашата, стави во устата еден залак леб, погледна во Замјотов, па како наеднаш да се сети за сè и некако се стресе; на лицето пак му се појави поранешната подбивност. Продолжи да си го пие чајот.

— Многу се имаат појавено такви неранимајковци, — рече Замјотов. — Еве штотуку читав во „Московски вједомости“, дека во Москва фатиле цела чета фалсификатори на пари. Тоа била цела дружина. Фалсификувале банкноти!

— О, тоа беше одамна! Јас за тоа читав пред еден месец — одговори Раскољников спокојно. — Значи, според вас, тие се неранимајковци! — Додаде тој смешкајќи се.

— Зарем не се неранимајковци?

— Како? Тие се деца, пилиштарци, а не се неранимајковци! Педесетина луѓе се собираат за ваква работа! Можно ли е тоа? За тоа премногу се и тројца, само ако си веруваат еден на друг поцврсто отколку себеси. Само еден да се испушти во пијанството сè ќе пропадне! Пилиштарци! Земаат под наем несигурни луѓе, за во банките да им ги разменуваат парите: таква работа не можеш да му довериш секому, на кого ќе наидеш? Па дури и да речеме да успееле

тие пилиштарци и секој да разменел за себе по милион, а после? Зарем вака цел живот? Секој да зависи од друг, сè додека е жив? Та подобро е да се обесиш! А тие не умееле ни да разменат: зел во банката да менува, добил пет илјади и му затреперале рацете. Четирите ги пребројил, а петата ја зел небројена, поверувал, само колку да ја стави во џебот и да побегне што побргу. Така разбудил сомневање. И сè пропаднало поради еден глупак! Може ли така?

— Зарем му затреперале рацете? — се надоврза Замјотов, — не, тоа е можно. Јас сум цврсто уверен, може. Се случува, да не можеш да издржиш.

— Такво нешто?

— А вие би издржале? Не, јас не би можел! За сто рубли награда да се оди на таков страв! Да одиш со фалсификувани книжни пари, — и каде! — во банката, каде што се печени во тие работи, — јас навистина би се збунил. А вие не би сте се збуниле?

На Раскољников му дојде голема желба пак да се „излигави со јазикот". По грбот наеднаш му пролазија морници.

— Јас не би направил така, — започна тој оддалеку. — Еве јас како би почнал да менувам: би ја пребројил првата илјада, вака, четирипати, од сите страни би ја разгледал секоја банкнота, а потоа би се зафатил со втората илјада; би започнал да ја бројам, би избројил до половина, па би извадил една банкнота од педесет рубли, би ја sирнал на светлината, би ја превртувал и пак на светлината — да не е лажна? „Јас, еве, се плашам: една моја роднина неодамна вака изгуби дваесет и пет рубли"; и сега би го раскажувал тој случај. А кога би почнал да ја бројам третата илјада, — не, дозволете: ми се чини, јас таму во втората илјада неточно ја избројив седмата стотка, ме обзема сомневање, па би ја оставил третата илјада, и пак би ја фатил втората — и така сите пет илјади. А кога би завршил, би извлекол од петтата и од втората илјада по една банкнота, па пак на светлината, и пак сомнително, „менете ми ги, молам" — сто маки би му предизвикал на благајникот, такашто тој не би знаел како да се ослободи од мене! Најпосле,

би завршил сè, би тргнал, би ја отворил вратата, но не, простете, пак би се вратил, за да прашам нешто, за да добијам некакво објаснување, — еве, како би направил јас!

— Пих, колку страшни работи, зборувате вие — рече Замјотов смеејќи се. — Но сето тоа е само разговор, а навистина вие сигурно би се сопнале. Во ваква работа, според моето мислење, не можеме да гарантираме за себеси ни јас ни вие, дури ни некој препреден, дрзок човек. Но, што да одиме подалеку, — еве пример: во нашиот квартал е убиена старица. Би рекле, смел крадец, среде бел ден ризикувал, само со чудо се спасил, — а сепак рацете му затрепериле: не знаел да ја изврши кражбата, не издржал; се гледа по предметите...

Раскољников како да се навреди.

— Се гледа! Е, ајде фатете го сега! — викна, злорадо дразнејќи го Замјотова.

— Па ќе го фатат.

— Кој? Вие ли? Вие ли ќе го фатите? Ќе се изнаскокате! Еве, што е најважно за вас: дали човекот троши пари или не троши? Порано немал пари, а потоа наеднаш почнува да троши. — Тогаш, како да не е тој? И детето може да нè излаже во тоа, само ако посака!

— Работата е во тоа што сите тие постапуваат така — одговори Замјотов. — Тој убива итро, животот го става на коцка, а потоа — в крчма и ќе го фатат. При трошењето ги фаќаат. Не се сите толку итри како вас. Вие, се разбира, не би влегле в крчма?

Раскољников ги собра веѓите и го впери погледот во Замјотов.

— Ми се чини, вие сакате да чуете, како би постапил јас, — праша тој нерасположен.

— Би сакал — одговори овој цврсто и сериозно.

Тој фати да зборува и да гледа некако премногу сериозно.

— Многу ли сакате?

— Многу!

— Добро. Еве, како би постапил јас. — Раскољников пак го приближи своето лице до лицето на За-

мјотов, пак го впери погледот во него и му шепотеше така што Замјотов се наежи. — Еве, како би направил јас: би ги зел парите и предметите, а кога би отишол, не би влегол никаде, ами би се упатил на некое скришно место, каде што има само плетови и каде што нема речиси никого — во некаква градина, или нешто слично. Таму во дворот би нашол некој камен, тежок еден пуд или пуд и половина, во некој агол, покрај ограда, каде што лежи можеби од времето кога се градела куќата; би го подигнал каменот, под него мора да има длапка, во таа длапка би ги наредил сите предмети и парите. Би ги наредил и би го наместил каменот, така како што стоел порано, би ја нагазил со нога земјата околу него и би си отишол. Една, две години не би ги земал, три години не би ги земал, па потоа барајте! Бев, но наполно се извлеков!

— Вие сте луд — прошепоти Замјотов, којзнае зошто, и некако се повлече малку назад од пред Раскољникова.

На Раскољников му светнаа очите; многу побледна; горната усна му затрепери. Се наведна накај Замјотов, колку што можеше поблиску и почна да ги мрда усните, но ништо не изговараше; тоа траеше приближно половина минута; знаеше што прави, но не можеше да се воздржи. Страшен збор му скокаше на усните, како тогаш резето на вратата: само што не излезе од лежиштето; еве, сега ќе го испушти, во овој миг ќе проговори!

— А што ќе биде, ако сум јас убиецот на бабата и на Лизавета? — рече тој одненадеж и — се созеде.

Замјотов го погледна вчудовиден и побледна како крпа. Лицето му се искриви во насмевка.

— Можно ли е тоа? — рече тој така што одвај се слушна.

Раскољников го погледна пакосно.

— Признајте, дека поверувавте!... Да, нели? Нели поверувавте?

— Не, воопшто! Сега помалку верувам, отколку порано! — викна брзо Замјотов.

— Најпосле, се фати во стапица! Фатено е врапчето. Значи порано верувавте, а сега „помалку верувате, отколку порано?“

— Ама не, воопшто! — викаше Замјотов, очигледно збунет. — Значи вие ме плашите, за да ме натерате на тоа?

— Значи, не верувате? А зошто зборувавте, кога јас не бев тука, кога излегов од канцеларијата? А зошто поручникот Барут ме распитуваше по несвестицата? — Еј, ти — му викна на келнерот, станувајќи и земајќи си ја капата, — колку треба да земеш од мене?

— Само триесет копејки, — одговори келнерот кој дојде со трчање.

— Еве, за тебе уште дваесет копејки бакшиш. Уф, колку пари, — ја протегна тој кон Замјотов својата треперлива рака со банкноти, — црвеникави, синкави, дваесет и пет рубли. Од каде? А од каде дојде новата облека? Та вие знаете дека немав ни копејка? Газдарицата сигурно веќе сте ја распитале... но доста е! Assez causè![1]) До гледање... најпријатно.

Излезе, целиот треперејќи од некое необично, хистерично чувство, во кое, впрочем, имаше и малку неподносливо задоволство, но мрачен, премногу уморен. Лицето му беше искривено, како по напад на болест. Умореноста постојано му растеше. Сега силите му се будеа и му се јавуваа брзо, со првиот поттик, со првото чувство, исто така пак наеднаш слабееја, како што ослабнуваше чувството.

Кога Замјотов остана сам, тука седеше замислен уште долго време. Раскољников случајно му ги измени сите мисли за познатата работа и најпосле, му го формира мислењето.

„Иља Петрович е глупак“ — рече тој најпосле.

Само што ја отвори вратата за да излезе на улицата, Раскољников се судри со Разумихина, кој влегуваше. И двајцата направија по еден чекор без да се забележат и речиси се удрија со главите. Некое

---

[1]) Поразговаравме, а сега доста — фр.

време се меркаа еден со друг. Разумихин беше извонредно вчудовиден, но наеднаш вистински гнев блесна во неговите очи.

— Значи, ти си овде! — викна тој многу силно. — Од постела избегал. А јас таму го барам дури и под диванот! Па и на таванот се качивме. Настасја поради тебе само што не ја истепав... А, еве, каде е тој! Родја! Што значи ова? Кажи ја сета вистина! Признај! Слушаш ли!

— Значи дека сите ми здодеавте до смрт, и дека сакам да бидам сам — одговори Раскољников.

— Сам? А не можеш ни да се движиш, лицето ти е бледо како крпа, немаш доволно здив! Глупак! Што правеше во „Кристален дворец?“ Кажувај веднаш!

— Остави ме! — одговори Раскољников, и сакаше да мине покрај него. Тоа го разбесни Разумихина и тој цврсто го фати за рамото.

— Пушти ме? Смееш ли ти да речеш: „остави ме?“ А знаеш ли ти што ќе направам сега со тебе? Ќе те земам на раце, ќе те врзам како врзулец, подмишка ќе те одведам дома и ќе те заклучам!

— Слушај, Разумихине — започна Раскољников тивко и очигледно сосем спокојно — не гледаш ли дека јас не го сакам твоето добротворство? И каква ти е таа желба да им правиш добро на оние што... плукаат на тоа? Најпосле, на оние на кои навистина им е тешко да го поднесат тоа? А зошто ме бараше кога се разболив? Можеби сакав да умрам! Зарем не ти назборував доволно денеска, дека ме мачиш, дека... ми здодеа! И тоа е некакво задоволство, да ги мачиш луѓето! Те уверувам, сето тоа навистина го попречува моето оздравување, бидејќи непрестајно ме раздразнува. Еве, пред малку Зосимов си отиде, само за да не ме дразни! Остави ме, жити бога, и ти! На крајот на краиштата, со какво право ме задржуваш сосила? Не гледаш ли ти, дека јас сега зборувам сосем разумно? Кажи, најпосле, со што би требало да те молам да не ми се наметнуваш и да не ми изразуваш добротворство? Нека бидам неблагодарен, нека бидам подал, само оставете ме сите вие, живи бога, оставете ме! Оставете ме!

Започна спокојно, однапред радувајќи се, поради отровот што се готвеше да го излее, а заврши бесен и збивајќи, како пред малку со Лужин.

Разумихин постоја малку, поразмисли и му ја пушти раката.

— Тогаш, оди по ѓаволите! — рече тивко и речиси замислено. — Стој! — викна ненадејно, кога Раскољников веќе тргна, — слушај ме! Ти изјавувам дека сите вие со ред сте дрдорковци и фалбации! Ќе ве снајде некаква ситна мака, — и веднаш ќе се раскрекате како кокошката кога ќе снесе јајце! Па и тука крадете од другите писатели. Ни трошка самостоен живот нема во вас. Вие сте направени од спермацет а наместо крв во вас имате сиратка. Јас не му верувам на никого од вас! Прво вам, секако, — зашто не прилегате на човек! Сто-о-ој! — викна тој со двојно поголем бес, кога виде дека Раскољников пак си тргнува, — слушај докрај! Ти знаеш, кај мене денеска ќе се собере друштво, за да го прославиме преселувањето, можеби, веќе се дојдени, но јас таму го оставив стрико ми, — сега идам оттаму — да ги пречекува гостите. Да не си глупак, прост глупак, вистински глупак, да не ги имитираш туѓинците... види, Родја, јас признавам, дека имаш ум, но си глупав! — зашто да не беше глупав, подобро ќе ти беше да дојдеш денеска кај мене да ја минеш ноќта, отколку така бесцелно да скиташ. Штом веќе си излегол од дома, што можам! Јас ќе ти дадам мека фотелја, има кај газдата... чај, друштво... а ако не сакаш, ќе те ставам на диванот — па сепак ќе лежиш меѓу нас... Ќе дојде и Зосимов. Ќе дојдеш или не?

— Не доаѓам.

– Лаж-ж-жеш! – викна Разумихин, нестрпливо, — од каде знаеш? Ти не можеш да одговараш за себе! И ништо не сфаќаш... Јас илјадапати исто вака сум се карал со луѓе и пак сум доаѓал назад... Ќе ти е срам — и ќе се вратиш кај човекот! Значи, запамети: куќата на Починков, третиот кат...

— Тогаш вие, господин Разумихине, ќе дозволите да ве тепаат, само за да уживате изразувајќи добротворство.

— Кого? Мене ли? Само и да помисли некој, носот би му го скинал. Куќата на Починков, број 47, станот на чиновникот Бабушкин...

— Нема да дојдам, Разумихине.

Раскољников се сврти и си отиде.

— Се обложувам, дека ќе дојдеш! — викна по него Разумихин. — Инаку... инаку не ќе сакам да знам за тебе! Стој, еј, таму ли е Замјотов?

— Да.

— Го виде ли?

— Да.

— И разговараше со него?

— Разговарав.

— За што? По ѓаволите, немој ни да кажуваш! Починкова 47, Бабушкин. Памети!

Раскољников дојде до Садова и сврти кон аголот. Разумихин замислено гледаше по него. Најпосле, одмавна со раката, влезе во куќата, но застана среде скалите.

„По ѓаволите"! Продолжи тој речиси гласно, — „зборува разумно, а како да е... ама и јас сум глупак! А зарем не зборуваат разумно и лудаците? Ми се чини, дека Зосимов токму од тоа и се плаши!" — Се чукна со прстот по челото. — „А што, ако... како сега да го пуштам сам? Уште и ќе се удави.... Ех, јас само го подбуцнав! Не требаше! — и тој отрча назад, за да го стигне Раскољникова, но од него веќе немаше трага. Плукна и со брзи чекори се врати во „Кристален дворец", за брзо да го праша Замјотова.

Раскољников отиде право на -скиот мост, застана на средината, до оградата, се потпре со лактите од обете раце на неа и почна да гледа во далечината. Кога се раздели од Разумихин, толку се почувствува изнемоштен, што со тешка мака се довлечка довде. Посака некаде да седне или да легне на улица. Се наведна над водата, и махинално гледаше во последниот црвен одблесок на сончевиот запад, потоа во куќите наредени една до друга кои се завиткуваа во сè погуст мрак, и во едно далечно прозорче, некаде на мансардата, на левиот брег, кое блестеше, како за-

палено од последниот сончев зрак, што биеше во него, во сè помрачната вода во каналот и, се чинеше, внимателно гледаше во водата. Најпосле, пред очите му се завртија некакви црвени кругови, се размрдаа куќите, минувачите, бреговите, кочиите, сето тоа се заврти и заигра наоколу. Нагло се стресе, можеби спасен од несвестица од некаква необична дрска појава. Почувствува дека е некој застанат до него од десната страна; погледна — и забележа висока жена, со шамија на главата, со жолто, долгнавесто, испиено лице, со црвеникави, пропаднати очи. Гледаше право во него, но очигледно ништо не забележуваше. Наеднаш таа се потпре со лактот од десната рака на оградата, ја подигна десната нога, ја префрли преку решетката, потоа левата, и скокна во каналот. Нечистата вода зина и наеднаш ја голтна жртвата, но наеднаш, исто така, таа исплива на површина и водата ја понесе полека: главата и нозете ѝ беа во водата, грбот на површината, а фустанот ѝ беше собран и подуен над водата како перница.

— Се удави! — се удави! — викнаа неколку десетици гласови, луѓе се собираа од двата брега се нижеа гледачи, на мостот околу Раскољников се собраа многу луѓе, и се туркаа и го притискаа одзади.

— Ама луѓе, та тоа е нашата Афросињушка! — се слушна некаде далеку плачлив женски глас. — Помогнете, баќушки! луѓе божји, спасете ја!

— Чун! Чун! — викаа . некои.

Но чунот веќе не беше потребен: полицаецот се спушти по скалите во каналот, си го слече палтото и чевлите, и скокна во водата. Немаше многу работа: водата ја носеше удавената на два чекора од скалите, па тој со десната рака ја зграпчи за фустанот, со левата се фати за стапот, што му го подаде друг, и веднаш удавената беше извадена. Ја легнаа на гранитните плочи до скалите. Таа набргу се освести, потстана, потоа седна, и фати да кива и бесмислено да си го трие влажниот фустан. Ништо не зборуваше.

— Пијана како земја, баќушки, како земја, — виеше истиот женски глас, сега веќе покрај Афросињушка, — и тогаш сакаше да се обеси, од јажето ја

симнавме. Сега отиде в дуќан, ја остави девојката да ја чува, па еве ти несреќа и неволја! Граѓанка е, баќушка, наша граѓанка, живееме ене онде, втората куќа од крајот, ене, онде...

Луѓето почнаа да се разотидуваат, полицајците уште се занимаваа со удавената, некој ја спомна полициската канцеларија... Раскољников сето тоа го гледаше со чудно чувство на рамнодушност и апатија. Му стана одвратно. — „Ама сето тоа е гадно... водата... не чини", — мрмореше во себе. — „Ништо нема да биде", — додаде — „што да чекам! Каква е таа канцеларија... А зошто Замјотов не е в канцеларија? Канцеларијата е отворена во десет часот..." се сврти со грб кон оградата и се обзрна околу себе.

„Добро, тогаш што да правам!" — рече тој решително, тргна од мостот и се управи кон страната на која се наоѓаше канцеларијата. Срцето му беше пусто и глуво. Не сакаше да мисли. Му помина и маката, а немаше ни трага од поранешната енергија, што го исполнуваше кога тргна од дома со решението „сè да заврши!" Неа ја замени целосна апатија.

„Што можеш, и тоа е некаков излез!" — си мислеше, чекорејќи покрај брегот, полека, тромаво. — „Сепак ќе завршам, бидејќи сакам... само, дали е тоа излезот? Па сеедно! Ќе има еден аршин простор, — хе! Но каков е тој крај! Навистина ли е крај? Дали да им кажам, или да не им кажам? Е... по ѓаволите.. а премалев; да можам побрзо да легнам или да седнам каде било! Најсрамно е, што е многу глупаво. Плукам и на тоа. Пих, какви глупости ми доаѓаат на ум!"...

За во канцеларијата требаше да се оди право, а на вториот агол да се скршне лево: оттаму имаше два чекора. Но кога дојде до првиот агол, застана, размисли, скршна во уличката и заобиколи, преку две улици, — можеби без некаква цел, а можеби за да одолжи барем уште малку и да добие време. Чекореше и гледаше вземи. Наеднаш како некој да му шепна нешто во увото. Ја крена главата и забележа, дека стои пред *таа* куќа, токму пред вратата. Од *таа* ноќ, тука не поминувал.

Незадржлива и необјаснива желба го повлече. Влезе во куќата, мина низ тремот, потоа низ првиот влез десно, и фати да се качува по познатите скали на четвртиот кат. На тесните, стрмни скали е многу темно. Подзастануваше на секое одмориште и љубопитно се обѕрнуваше. На одмориштето во приземјето беше изваден прозорецот. „Тоа го немаше тогаш", си помисли. Еве го и станот на вториот кат, каде што работеа Николашка и Миќка. „Затворен; и вратата е повторно бојадисана; значи се издава." Еве го и третиот кат... и четвртиот... „Тука е!" Застана вчудовиден: вратата од станот беше ширум отворена, внатре имаше луѓе, се слушаа гласови: тоа воопшто не го очекуваше. Почна малку да се колеба, но потоа се качи до последното скалило и влезе во станот.

Во тој стан вршеа реновирање; работеа работници; тоа како да го вчудовиди. Некако му се чинеше дека сè ќе затекне сосем така како што остави тогаш, па можеби и труповите ќе бидат на истите места на подот. А сега голи ѕидови, нема никаква покуќнина; некако чудно! Се доближи до прозорецот и седна на штицата.

Имаше само двајца работници, и двајцата млади едниот постар, а другиот многу помлад. Лепеа на ѕидот нови тапети, бели со виолетови цветчиња, наместо поранешните жолти, испокинати и излижани. На Раскољников тоа ни малку не му се допадна; ги гледаше тие нови тапети со омраза, како да жали што се промениле вака.

Работниците очигледно се беа задржале, па сега брзо-брзо ја свиткуваа хартијата и се готвеа да си одат дома. Кога дојде Раскољников, речиси воопшто не го забележаа. Разговараа за нешто. Раскољников си ги прекрсти рацете и фати да слуша.

— Таа дојде кај мене изутрината, да — му велеше постариот на помладиот, — во рани зори, сета наконтена. „А зошто се лутиш и се муртиш пред мене?" — ѝ велам јас. „Тит Василич, отсега сакам да бидам сосем според вашата волја". Ете ти! А колку е наконтена: журнал, просто журнал!

— А што е тоа журнал, чичко — праша младиот. Тој очигледно учеше од „чичкото".

— Журнал ти е, братче, тоа се, некакви слики, шарени, и тие доаѓаат ваму кај шивачите секоја сабота по пошта, од странство, за да знаат, тоест кој како ќе се облекува, и мажите, а, исто така, и жените. Значи, цртежи. Мажите се насликани најмногу во бундички, а женските се некако искитени, за да не можеш да го купиш тоа, дури и да се продадеш целиот!

— Што ли нема во тој Питер? — викна помладиот занесено. — Освен татко и мајка, сè има тука!

— Освен нив, братче, има сè! — поучно додаде постариот.

Раскољников стана и отиде во другата соба, каде што порано се наоѓаше сандачето, постелата, и комодата; собата му се стори многу мала без покуќнината. Тапетите беа истите; во аголот на нив остро е означено местото, каде што висеше орманчето со иконите. Погледна и се врати на својот прозорец. Постариот работник го гледаше подоко.

— Што сакате вие? — праша тој наеднаш, обрнувајќи му се.

Наместо да одговори Раскољников стана, излезе во ходникот, се фати за ѕвончето и тргна. Истото ѕвонче, истиот лимен звук! Тргна и по втор и по трет пат, па слушаше и се сеќаваше, почна сè појасно и сè поживо да се присетува за тогашното болно, страшно, дрско чувство; при секое зазвонување затреперуваше и му стануваше сè попријатно и по пријатно.

— Ама што сакате вие? Кој сте вие? — викна работникот и излезе пред него.

Раскољников пак влезе низ вратата.

— Сакам да го земам станов под наем, го разгледувам — одговори.

— Станот не се зема под наем ноќе; освен тоа треба да разговарате со чуварот на куќата.

— Подот е измиен; дали ќе го мачкаат? — продолжи Раскољников. — Нема ли крв?

— Каква крв?

— Ама убиена е бабата и нејзината сестра. Тука имаше цела локва.

— Ама каков човек си ти? — викна работникот исплашено.

— Јас ли?

— Да.

— Ти ли сакаш да знаеш?... да одиме во канцеларијата, таму ќе кажам.

Работниците го погледнаа во недоумица.

— Време е да си одиме, се задржавме. Ајде, Аљошка. Треба да затвориме — рече постариот работник.

— Значи, да си одиме — одговори Раскољников рамнодушно, излезе прв и фати полека да слегува по скалите. — Еј, чувару! — викна, кога излезе на тремот.

Неколку човека стоеја тука на влезот и гледаа во минувачите, двајцата чувари, една жена, еден граѓанин во долг домашен мантил и уште некој. Раскољников тргна право кон нив.

— Што сакате вие? — се јави едниот од чуварите.

— Дали си бил во канцеларијата?

— Пред малку бев. А зошто?

— Дали има таму некого?

— Има.

— А помошникот дали е таму?

— Беше некое време. А зошто?

Раскољников не одговори, ами застана до него и се замисли.

— Дошол, да го види станот, — рече постариот работник, доаѓајќи поблизу.

— Кој стан?

— Оној каде што работиме? „Зошто сте ја измиле крвта“, вели. „Тука се случи убиство, а јас дојдов да го земам станов под наем“. И на звончето почна да звони, скоро ќе го скинеше. „Па, да одиме, вели, во канцеларијата, таму ќе кажам сè“. Се наметнува.

Чуварот беше нерешителен и намуртено го гледаше Раскољникова.

— А кој сте вие? — викна тој многу остро.

— Јас сум Родион Романич Раскољников, бивш студент, а живеам во куќата на Шиљ, овде во уличкава, не е далеку одовде, број 14. Прашај го чуварот... ме знае.

Раскољников сето тоа го изговори некако полека, замислено, а не се ни сврти, ами гледаше кон улицата, која се стемнуваше.

— А зошто дојдовте во станот?

— Па, да го разгледам.

— Зошто да го разгледате?

— Море треба да го фатиме и да го однесеме в полиција — се замеша наеднаш граѓанинот, па замолкна.

Раскољников го погледна преку рамото, го изгледа внимателно, па рече тивко и мрзливо:

— Да одиме!

— Изгледа, треба да го одведеме! — повтори граѓанинот, кој се охрабри. — Зошто доаѓа поради *тоа*: што има тој во главата, а?

— Дали е пијан или не е, господ знае, — промрмори работникот.

— Ама што сакате вие? — пак викна чуварот, кој почна сериозно да се лути, — што си се залепил овде?

— Препреден никаквец! — викна жената.

— Што има да се расправаме со него — рече другиот чувар, голем селанец, со раскопчано палто и со клучови на појасот. — Оди си... а навистина изгледаш како препреден никаквец... оди си!...

Тој го фати Раскољникова за рамото и го исфрли на улица. Раскољников се затетерави, но не падна ами се исправи, молчејќи ги изгледа сите гледачи и продолжи понатаму.

— Чуден човек — рече работникот.

— Чудни се сега луѓето, — рече жената.

— Сепак требаше да го одведеме во полицијата — додаде граѓанинот.

— Нема што да се мешаме — рече големиот чувар. — А навистина е препреден никаквец! самиот се лепи, се разбира, но колку за замешување, јас не би се замешувал... Знам јас!

„Значи дали да одам, или да не одам?“ Си мислеше Раскољников, а застана среде улица на раскрсницата и се обрнуваше наоколу, како да го очекува од некого решавачкиот збор. Но ништо не се одзиваше одникаде, сè беше глуво и мртво, како камењата, по кои газеше, кои беа мртви за него, само за него... Притоа тој во далечината, на дваесет чекори од него, на крајот на улицата, во мракот, што стануваше сè погуст распозна една толпа луѓе, што разговараа, викаа... Меѓу луѓето стоеше некаква кочија... Среде улицата трепереше светилка. „Што е тоа?“ Раскољников сврти на десната страна и се упати накај народот. Тој просто се лепеше за сè и студено се насмевна кога си го помисли тоа, студено се насмевна, зашто веќе имаше цврсто решено, да оди во канцеларијата, па со сигурност знаеше дека веднаш ќе заврши сè.

VII

Среде улицата стоеше наконтена господска кочија, во која беа впрегнати два пргави коња; во кочијата немаше никого, а и самиот кочијаш беше слезен од седиштето и стоеше покрај кочијата; коњите ги држеа за уздите... наоколу се собрал свет, пред сите полицајци. Едниот од нив во рацете држи запален фенер; тој се наведнува и нешто осветлува на патот, токму кај тркалата. Сите зборуваат, викаат, вреват; кочијашот како да е во незгода, и одвреме навреме повторува:

— Несреќа! Господи, каква несреќа!

Раскољников се втурна, колку што можеше, и најпосле го забележа она што го предизвика целиот тој метеж и љубопитноста. На земјата лежи човек, што го прегазиле коњите, онесвестен, и очигледно многу лошо облечен, но во „господска облека“, целиот во крв. Од лицето и од главата му течеше крв; лицето му беше исчукано, издупено, искривено. Се гледаше, дека сериозно е повреден.

— Баќушки! — се плачеше кочијашот — како да внимаваш! да трчав силно, или да не му викав, — но јас возев полека, сосем рамномерно. Сите видоа: ако лажат луѓево, лажам и јас. Се знае колку внимава пијан човек, се знае! Го гледам, ја минува улицата, се тетерави, само што не падне, — му викнав еднаш, потоа двапати и трипати, и ги запрев коњите, а тој право под нозете на коњите и падна! Или намерно, или толку многу беше пијан... Коњите се млади, плашливи, — повлекоа, а тој викна — тие уште повеќе... и ете ја несреќата.

— Токму така беше! — се јави некој свидетелски глас од луѓето.

— Тој викаше, вистина е, трипати му викна, — се јави друг глас.

— Токму трипати, сите слушнавме! — викна и трет.

Кочијашот, впрочем, не беше многу тажен, и исплашен. Се гледаше, дека кочијата е од богат и виден сопственик, кој некаде го чека нејзиното доаѓање; затоа полицајците се зафатија, се разбира, да го уредат тоа. Прегазениот требаше да биде упатен во полицијата и во болницата. Никој не му го знаеше името

Дотогаш Раскољников се истурка и се наведна блиску. Притоа фенерот јасно го осветли лицето на несреќникот: Раскољников го позна.

— Јас го познавам, го познавам! — викна тој, туркајќи се да излезе сосем напред. — Тој е чиновник, бивш титуларен советник во оставка, Мармеладов! — тој живее наблизу, во куќата на Козељ... Бргу викнете доктор! Јас ќе платам, еве!

Ги извади од џебот парите и почна да му ги покажува на полицаецот. Беше чудно возбуден.

Полицајците беа задоволни оти дознаа кој е прегазениот. Раскољников го кажа и своето име, ја даде својата адреса, па почна да ги наговара, како да се работи за сопствен татко, што побрзо онесвестениот Мармеладов да го пренесат во неговиот стан.

— Ене онде, зад три куќи, — рече тој, — куќата на богатиот Германец Козељ... Тој сега сигурно е пијан, си одел дома. Јас го познавам, тој е пијани-

ца... има семејство, жена, деца, има ќерка. Зошто да го носите в болница, тука во куќата сигурно има доктор! Јас ќе платам... Сепак неговите ќе го гледаат, веднаш ќе му помогнат, а до болницата ќе умре...

Успеа незабележано да ги извади парите во раката; всушност, работата беше јасна и во ред, а помошта тука секако беше поблиска. Го кренаа прегазениот и фатија да го носат; се најдоа помагачи. До куќата на Козељ има триесет чекори. Раскољников тргна по нив, придржувајќи му ја внимателно главата и покажувајќи го патот.

— Ваму, ваму! по скалите треба да се носи со главата нагоре; свртете го... ете така. Јас ќе платам, ќе ви заблагодарам, — мрмореше.

Катерина Ивановна, како и секогаш, штом имаше слободно време, шеткаше ваму-таму по својата мала собичка, од прозорецот до печката и назад со раце цврсто прекрстени на градите, и си зборуваше сама со себе и кашлаше. Во последно време фати сè почесто и почесто да разговара со постарата ќерка, со десетгодишната Поленка, која, вистина, уште не разбира многу, но сфати дека ѝ е потребна на мајка си, па постојано ја следеше со своите крупни, умни очички и со сета сила настојуваше да изгледа како да разбира сè. Сега Поленка го слекуваше малиот брат, кој цел ден беше болен, за да го смести в кревет да спие. Малиот чекаше, да му ја преслечат кошулката, зашто таа кошулка ноќеска ќе му ја исперат, па седеше на столот молчејќи, со сериозно лице, право и неподвижно, а ножичките ги испружил пред себе, цврсто ги стиснал, петиците ги составил, а прстите ги раздвоил. Тој слуша што ѝ велеше мајка му на неговата сестричка, па ги беше напрчил усните, ги напрегнал очичките и не се мрдаше, токму така како што треба да седат сите умни дечиња, кога ги слекуваат за да легнат да спијат. Девојченцето беше уште помало од него, сето во партали, стоеше пред потпирачот и чекаше, и нејзе да ѝ дојде редот. Вратата на скалите беше отворена, за барем некако да се зачуваат од брановите тутунски чад, што се провлекуваа ваму од другите соби, па кутрата офтичава

жена постојано долго и болно кашлаше. Катерина Ивановна во текот на оваа недела, се чини, уште повеќе ослабнала и црвените дамки на образите и светеа уште појасно отколку порано.

— Ти нема да веруваш, Поленка, ти не можеш ни да замислиш, — велеше таа, шеткајќи по собата, — колку весело и убаво живеевме ние дома, кај татко ми, а колку ме запусти мене и сите вас овој пијаницава! Татко ми беше цивилен полковник и речиси веќе губернатор; требаше само уште еден чекор да направи; веќе сите доаѓаа кај него и му велеа: „Ние, Иване Михајлич, веќе вас ве сметаме за наш губернатор". Кога јас... кхе! кога јас... кха-кха-ха... оф! Проклет бил животот! Викна таа, плукна и се фати за градите. — Кога јас... ах, кога на последниот танц... кај благородничкиот предводник... ме виде кнегинката Беземељнаја — која подоцна ме благослови, кога се омажив за татко ти, Поленка, — веднаш праша: „Не е ли ова милото девојче, што на шега играше на матурската свеченост?... (Дупката треба да се закрпи; веднаш да земеш игла и да ја закрпиш, како те учев... Оти инаку утре... Кха! Утре... кха-кха-кха! Уште полошо ќе се доскине! — викна таа, напрегајќи се) — токму тогаш беше пристигнал од Петербург камер-јункерот кнезот Шчегољски... Одигра со мене мазурка, а утредента сакаше да дојде и да ме побара за жена; но јас му се заблагодарив со ласкави зборови и му реков, дека одамна веќе сум му го подарила срцето на друг. Тој друг беше татко ти, Поља; татко ми... А водата готова ли е? Добро, ајде, кошулчето; а чорапчињата?... Лида, — ѝ се обрна таа на малата ќерка, — ти ноќва спиј без кошулка, како било... а чорапчињата стави ги онаму... да се исперат заедно... Ама зошто го нема тој парталко, пијаница! Кошулата му е износена како некаква крпа, сета ја испокинал... сакав да исперам сè заедно, за да не се мачам две ноќи едно-подруго! Господи! Кха-кха-кха! Пак! Што е ова? — викна таа, кога ги виде луѓето во ходникот, во сенките и во луѓето што носеа нешто и влегуваа кај неа во собата. — Што е тоа? Што ли носат? Господи!

— Каде да го оставиме? — праша полицаецот, обрнувајќи се наоколу, кога веќе го влечкаа во собата окрвавениот и онесвестен Мармеладов.

— На диванот! Ставете го само на диванот, со главата ваму! — покажуваше Раскољников.

— Го прегазиле на улица! Пијан! — викна некој од ходникот.

Катерина Ивановна стоеше сосем бледа, и тешко дишеше. Децата се исплашија. Малата Лидочка списка, се спушти кон Поленка, ја прегрна и сета затрепери.

Откако го положи Мармеладова, Раскољников се спушти кон Катерина Ивановна.

— Живи бога, смирете се, не плашете се! — зборуваше брзо и збунет. — Ја поминуваше улицата, го прегази кочија, немојте да се вознемирувате, ќе се освести... јас наредив, да го донесат ваму... Јас веќе бев кај вас, се сеќавате... ќе се освести; јас ќе платам!

— Си го доби своето! — очајно викна Катерина Ивановна, и се спушти кон својот маж.

Раскољников сфати брзо дека таа не е од оние жени, што веднаш се онесвестуваат. Под главата на несреќниот веднаш се најде перница, на која никој не помислуваше; Катерина Ивановна почна мажот да го слекува и да го прегледува; се фати за работа, не губејќи ја главата, заборави за себе; си ги гризеше растреперените усни и го потиснуваше крикот што ѝ се кинеше од градите.

Дотогаш Раскољников замоли некого, да отрча по доктор. Лекарот живее, како што се дозна, во соседната куќа.

— Испратив по лекар — ѝ повторуваше на Катерина Ивановна. — Не грижете се вие, јас ќе платам. Има ли вода? И дајте побрзо пешкир, крпа, што било; уште не се знае, како е ранет... ранет е, но не е убиен, бидете уверена... Што ќе рече лекарот!

Катерина Ивановна се спушти кон прозорецот; таму на еден искршен стол стои земјен мијалник со вода, подготвена за ноќно перење на долната облека на децата и на мажот. Катерина Ивановна вака ноќе

пере самата барем двапати во неделата, а понекогаш и почесто, зашто веќе работата им е таква, што речиси и немаат никакви долни алишта за промена, ами секој член на семејството има само по едно парче; но Катерина Ивановна не поднесува нечистотија, па повеќе сака да се мачи ноќе, кога спијат сите, иако нема доволно сили за тоа, за да може до изутрина алиштата да се исушат, отколку да гледа нечистотија во куќата. Таа го зеде мијалникот да го донесе, како што побара Раскољников, но за малку ќе падне со товарот. Дотогаш Раскољников најде крпа, ја потопи во водата и фати да го брише раскрвавеното лице на Мармеладов. Катерина Ивановна стоеше до него, болно дишеше и се држеше со рацете за градите. И нејзе ѝ беше потребна помош. Раскољников почна да сфаќа дека можеби направил лошо што ги наговори прегазениот да го донесат овде; и на полицаецот му беше незгодно.

— Поља, — викна Катерина Ивановна. — Побрзо оди кај Соња. А ко не ја затечеш дома, тогаш кажи тамо дека татко ѝ го прегазиле коњи и веднаш нека дојде... штом ќе се врати. Побрзо, Поља! На, завиткај се со шамијава!

— Трчај колку што можеш побрзо! — викна детенцето што седеше на столот, а кога го рече тоа, пак се смири како преѓеска, и седеше здрвен на столот, со ококорени очи, испружени нозе, и разделени прсти.

Собата дотогаш толку се наполни што ни јаболко не можеше да падне на подот. Сите полицајци си заминаа, освен еден, кој остана извесно време, и настојуваше да ги истера луѓето назад на скалите. Но од внатрешните соби испоизлегоа речиси сите станари на госпоѓа Липевехзел; отпрвин се туркаа на вратата, но потоа како толпа навлегоа и во собата. Катерина. Ивановна се разбесни.

— Оставете го барем да умре спокојно! — викна таа обрнувајќи им се на сите. — Сте нашле сцена, за гледање! Со цигари! Кхаа-Кхаа-Кхаа! Влезете уште и со паларии! Еден има и со паларија! Надвор! Почитувајте го барем мртовецот!

Кашлицата ја задуши, но заканувањето беше корисно. Се гледаше, дека од Катерина Ивановна некако се плашат: станарите еден по еден се истуркаа назад накај вратата со она чудно внатрешно задоволство, што се забележува секогаш и кај најблиските луѓе, кога ќе се случи да се најде во несреќа нивниот најблизок, и без кое не е ни еден единствен човек на светов и покрај сето свое најискрено чувство на жалење и сочувство.

Од зад вратата, се слушнаа гласови што префрлаа дека болниот треба да се однесе в болница и дека не е добро да се вознемируваат овде без потреба сите станари.

— Не е убаво да се умира! — викна Катерина Ивановна, и отиде да ја отвори вратата и да им се развика најжестоко, но на вратата се судри со самата госпоѓа Липевехзел, која, штом слушна за несреќата, дотрча да направи ред.

Таа беше Германка, извонредно склона кон расправање и несмасна.

— Ах, бог мој! — плесна таа со рацете. — Ваш маж пијан коњ згазил. Во болниц треба! Јас сум газдарица!

— Амалија Лудвиговна! ве молам, внимавајте што зборувате, — започна Катерина Ивановна горделиво (со газдарицата таа секогаш зборува со горделив тон, за да „знае каде ѝ е местото", па ни сега не можеше да се откаже од тоа свое задоволство) — Амалија Лудвиговна...

— Јас ви речам еднаш за порано, дека вие никогаш не смее зборувате мене Амаљ Лудвиговна: јас сум Амаљ-Иван.

— Вие не сте Амаљ-Иван, туку Амалија Лудвиговна, па бидејќи јас не спаѓам меѓу вашите подли ласкавци како што е господин Лебезјатников, кој сега се смее зад вратана (зад вратата навистина се слушна смеење и извик: „се фатија!"), затоа јас секогаш ќе ве викам Амалија Лудвиговна, иако воопшто не можам да сфатам, зошто вам не ви се допаѓа тоа име. Вие гледате и самата, што му се случи на Семјон Захарович; тој умира. Ве молам, веднаш затворете ја

вратата и никого не пуштајте ваму. Оставете барем спокојно да умре! Инаку, ве уверувам, за вашата постапка ќе дознае уште утре самиот генерал-губернатор. Кнезот знаеше за мене, уште кога бев девојка, и многу добро се сеќава за Семјон Захарович, на кого често му правел добри дела. Сите знаат, дека Семјон Захарович имаше многу пријатели и покровители, кои самиот ги напушти од благородна гордост, зашто ја чувствуваше својата несреќна слабост, но сега (таа го покажа Раскољникова) ни помага еден великодушен млад човек, кој има средства и врски, а Семјон Захарович го познаваше уште од детство и верувајте, Амалија Лудвиговна . . .

Сето тоа го изрече извонредно брзо, и на крајот најбрзо, но кашлицата ненадејно ја прекина зборливоста на Катерина Ивановна. Тогаш онесвестениот се разбуди и зајачка, па таа отрча кај него. Болниот ги отвори очите, па без да распознава и не сфаќајќи почна да гледа во Раскољников над себеси. Дишеше тешко, длабоко и ретко, на усните на краиштата му беше излезена крв, а челото му беше испотено. Раскољникова не го позна, па почна да го мерка неспокојно со очите. Катерина Ивановна го гледаше со тажен, но остар поглед, а од очите ѝ течеа солзи.

— Господи! Градите му се сосем изгазени! Колку крв, крв! — проговори таа очајно. — Треба да му се соблечат горните алишта! Сврти се малку, Семјоне Захарович, ако можеш, — му рече таа.

Мармеладов ја позна.

— Свештеник! — изговори тој со зарипнат глас.

Катерина Ивановна отиде до прозорецот, си го допре челото до черчевето и викна очајно:

— Ох, трипати да си проклет, животе!

— Свештеник! — проговори пак човекот кој умираше, по кратко молчење.

— Оти-до-а-а по поп — му викна Катерина Ивановна; тој го слушна нејзиниот крик и замолчи. Со немирен, жален поглед ја бараше со очите; таа пак се врати кај него и застана покрај перницата. Тој се смири, но не за долго време.

Набргу очите му се запреа на малата Лидочка, неговата љубимица, која во аголот трепереше, како да е болна, и го гледаше со зачудените, детски уморни очи.

— А... а... — покажуваше тој неспокојно кон неа.

— Сакаше нешто да рече.

— Што сакаш? — викна Катерина Ивановна.

— Боса е! — боса! — промрмори тој, покажувајќи ги со споулавениот поглед босите ножички на девојчето.

— Молчи! — викна Катерина Ивановна раздразнета. — И самиот знаеш дека е боса!

— Фала му на бога, доктор! — викна израдуван Раскољников.

Влезе докторот, постар човек, Германец; разгледувајќи наоколу недоверливо, се доближи до болниот, му го фати пулсот, внимателно му ја испипа главата, и со помош на Катерина Ивановна му ја раскопча кошулата, сета натопена со крв, и му ги отвори градите на болниот. Градите му беа сосем осакатени, изгазени, испокршени, скршени му беа неколку ребра на десната страна. Од левата страна, токму на срцето, имаше една кобна, голема, жолтеникаво — црна дамка, од силниот удар со копито. Лекарот се намурти. Полицаецот му раскажа дека прегазениот го зафатило тркалото, па го влечело и го вртело триесетина чекори по патот.

— Чудно е дури и што се разбудил, — тивко му шепна лекарот на Раскољников.

— Што мислите вие? — праша Раскољников.

— Веднаш ќе умре.

— Зарем нема никаква надеж?

— Ни најмалку! Тој умира... Освен тоа, и главата му е опасно ранета... хм!... па можам да му пуштам крв... но... нема да користи... По пет или десет минути секако ќе умре.

— Тогаш најдобро е, да му пуштите крв!

— Молам... Впрочем, однапред ви кажувам, дека од тоа не ќе има корист.

Тогаш пак се слушнаа чекори, луѓето во ходникот се растргнаа, а на прагот се појави беловлас старец, свештеник со причесна. Него го придружуваше полицаец. Лекарот веднаш му направи место и се погледнаа еден со друг разменувајќи си јасен поглед. Раскољников го молеше лекарот да остане барем уште малку. Овој собра раменици и остана.

Сите се повлекоа. Исповедта траеше сосем кратко време. Човекот што умираше тешко да разбираше нешто, а можеше да изговара само испрекинати, нејасни гласови. Катерина Ивановна ја зеде Лидочка, го тргна малиот од столот, отиде во аголот до печката, клекна, а децата ги намести пред себе да клечат. Девојчето постојано трепереше, а детенцето клечеше на голите коленици, одмерено го дигаше раченцето, се крстеше, се клањаше до земјата, удираше со челото на подот и се гледа, тоа му претставуваше задоволство. Катерина Ивановна си ги гризеше усните и ги стискаше солзите; и таа се молеше, одвреме навреме му го наместуваше кошулчето на детето, а на девојчето успеа преку голите раменици да му префрли шал, што го зеде од комодата, без да стане и молејќи се. Љубопитните луѓе почнаа да ги отвораат вратите од внатрешните соби. Во ходникот се насобраа гледачи, сите станари од тие скали, но не го пречекоруваа прагот. Целата сцена ја осветлуваше само една догорена свеќа.

Во тој миг низ ходникот меѓу луѓето се истурка Поленка, која беше отрчала да ја викне сестра си. Влезе, одвај дишејќи од брзото трчање, ја тргна шамијата, ја најде со очите мајка си, ѝ пристапи и ѝ рече: „Иде! ја сретнав на улица!“ Мајка ѝ ја намести на коленици до себе. Низ толпата тивко и внимателно се истурка девојка и необична беше нејзината ненадејна појава во таа соба, среде сиромаштијата, парталите, смртта и очајот. И таа беше во партали; облеката ѝ беше евтина, но искитена според уличниот обичај, според вкусот, и правилата што се создале во тој засебен свет, со цел, што се читаше јасно и срамотно. Соња остана во ходникот на самиот праг, но прагот не го пречекори, ами гледаше збунета, се чини

не сфаќајќи ништо, па како да заборави и за својот шарен, свилен фустан со предолга, смешна опашка, прекупена од четврта рака сега овде непристојна, и за кринолинот, што ја затвораше целата врата, и за светлите чевлички, и за чадорот што не ѝ требаше ноќно време, а таа го зела со себе и за смешната, сламена, тркалеста шапка, на која се црвенееше пердув. Под таа детска, накривена шапка sиркаше мршаво, бледо, исплашено лице, со отворена уста и со очи здрвени од ужас. Соња беше ниска, имаше осумнаесет години, беше прилично мршава, но убавка русокоса, со особено сини очи. Го впери погледот кон постелата, во свештеникот; и таа беше задишена од брзото движење. Најпосле, до неа веројатно допреа некои зборови од шепотењето на луѓето. Ги спушти очите, го пречекори прагот и застана во собата, но пак до самоти врата.

Исповедта и причесната завршија. Катерина Ивановна пак дојде до постелата на мажот. Свештеникот се повлече, а при заминувањето се сврти, за да ја посоветува и да ја утеши Катерина Ивановна.

— А каде да одам со овие? — остро и раздразнето му одговори таа, покажувајќи ги малите.

– Господ е милостив, верувајте во неговата помош, — започна свештеникот.

— Е — ех! Милостив е, но не и спрема нас!

— Тоа е грев, госпоѓо, грев, — рече свештеникот, кимнувајќи со главата.

— А зарем ова не е грев? — викна Катерина Ивановна, покажувајќи го човекот што умираше.

— Тие, што направиле грешка не сакајќи, можеби ќе ви го надоместат барем доходот, што го изгубивте . . .

— Не ме сфаќате вие мене! — викна Катерина Ивановна раздразнето и мавна со раката. — А зошто да надоместуваат? Ама тој самиот пијан истрчал под коњите! Каков доход? Од него немаше никаков доход, туку само мака. Та тој беше пијаница и сè испиваше! Крадеше откај нас и сите пари ги носеше в крчма, и на овие овде и мене — ни го уби животот во

крчмата! И фала му на господа дека умира! Тоа е помала штета!

— Треба да се прости во претсмртниот час, а ова е грев, госпоѓо, ваквите чувства се голем грев!

Катерина Ивановна се врткаше околу болниот, му даваше да пие, му ја бришеше потта и крвта од главата, му ги наместуваше перниците и разговараше со свештеникот, но бидејќи имаше многу работа, одвај успеваше да се сврти кон него. Но сега му се нафрлаше ненадејно, речиси, бесна.

— Ех, баќушка! Само зборови и зборови! Извини! Тој, ете, денеска ќе се вратеше пијан, ако не го прегазеа, на него има само една кошула, сета износена, испарталена, па ќе се одвалеше да пцовисува, а јас до зори ќе плискав по водата, ќе ги перев неговите и детските партали, ќе ги исушев потоа пред прозорецот, а кога ќе се разденеше, ќе седнев да крпам, — ете ви ги моите ноќи! Тогаш зошто да се зборува за прошка! Па и му простив!

Длабока, страшна кашлица ѝ го прекина зборувањето. Плукна во шамиче и му го покажа на свештеникот, а со другата рака се фати за градите што ја болеа. Шамичето беше сето окрвавено.

Свештеникот ја наведна главата и ништо не одговори.

Мармеладов беше во претсмртна агонија; не ги тргнуваше очите од лицето на Катерина Ивановна, која пак се наведна над него. Тој сакаше нешто да ѝ каже; и започнуваше, се мачеше, го мрдаше јазикот и изговараше нејасно некакви зборови, но Катерина Ивановна сфати дека има намера да ја моли за прошка, па му викна:

— Молчи! Не треба!... знам, што сакаш да кажеш...

Болниот замолчи, но во тој миг неговиот поглед ја забележа Соња кај вратата.

Досега не ја забележуваше: таа стоеше во аголот, во сенка.

— Која е онаа? Која е онаа? — проговори наеднаш со зарипнат и задишен глас, сиот возбуден, со

ужас покажувајќи со очите кон вратата, каде што стоеше неговата ќерка, и мачејќи се, да потстане.

— Лежи! — Лежи! — му викна Катерина Ивановна.

Но тој ги напрегна сите сили и се потпре на раката. Некое време ја гледаше ќерка си со необичен поглед, како да не ја познава. А никогаш досега не ја видел во ваква облека. Наеднаш ја позна, понижена, убиена, наконтена, посрамена, како понизно очекува и нејзе да ѝ дојде редот да се прости со татко си што умираше. Бескрајна мака му се јави на лицето.

— Соња! Ќерко! Прости! — викна и сакаше да ѝ ја подаде раката, но бидејќи ја изгуби потпората, се слизна од диванот и падна со лице на подот; притрчаа да го дигнат, го легнаа пак но тој веќе издивнуваше. Соња списка тивко, дотрча, го прегрна и така се онесвести во неговата прегратка. Тој ѝ умре на рацете.

— Го доби своето! — викна Катерина Ивановна кога го забележа лешот на својот маж. — А јас што ќе правам сега! Со што ќе го закопам! Со што, со што ќе ги нахранам утре?

Раскољников се доближи до Катерина Ивановна.

— Катерина Ивановна — ѝ рече — минатата недела вашиот покоен маж ми го раскажа сиот свој живот и сите околности... Верувајте дека за вас зборуваше со занесна почит. Од вечерта, кога дознав, колку ви е оддаден на сите и колку ве почитува и ве сака, особено вас, Катерина Ивановна, и покрај сета своја несреќна слабост, од таа вечер се спријателивме... Дозволете ми, значи, сега... јас да помогнам... и да му вратам на мојот покоен пријател. Еве ви... дваесет рубли, ми се чини, — ако тоа може да помогне, јас... Со еден збор, — јас ќе дојдам, секако, ќе дојдам... можеби ќе дојдам и утре... Збогум...

И тој со брзи чекори излезе од собата, туркајќи се колку што можеше меѓу луѓето на скалите, но во толпата одеднаш се судри со Никодим Фомич, кој дозна за незгодата и сакаше лично да среди сè. Од

сцената во канцеларијата не се имаа видено, но Никодим Фомич веднаш го позна.

— А, вие сте? — го праша.

— Умре, — одговори Раскољников. — Тука беше и докторот, и свештеникот дојде, сè е во ред. Немојте многу да ја вознемирувате бедната жена; и така е болна од туберкулоза. Охрабрете ја, ако можете со нешто...! Ама вие сте добар човек, јас знам... — додаде тој со насмевка, гледајќи го право во очите.

— А вие многу сте се измачкале со крв! — забележа Никодим Фомич, кога со фенерот го осветли Раскољникова и му виде на елекот неколку влажни дамки.

— Да, се измачкав... јас целиот сум во крв! — рече Раскољников некако посебно, потоа се насмевна, кимна со главата и тргна по скалите надолу.

Слегуваше полека, целиот во треска, но не знаејќи за тоа, целиот окупиран само со едно ново, бескрајно чувство на бујниот, силниот живот што го плисна наеднаш. Тоа чувство можеби прилегаше на чувството на човек осуден на смрт, на кој наеднаш му објавуваат ненадејно дека е помилуван. Среде скалите го настигна свештеникот, кој се враќаше дома; Раскољников го пушти да излезе пред него и се поздрави со него молчејќи, со поклон. Но кога веќе слегуваше по последните скали, зад себе слушна брзи чекори. Некој го стигна. Тоа беше Поленка; трчаше по него и го викаше:

— Слушајте! Слушајте!

Тој се сврти кон неа. Таа трчаше низ последните скали и застана сосем пред него, за едно скалило повисоко од него. Матна светлина паѓаше откај дворот. Раскољников го позна мршавото, но мило лице на девојчето, што му се смешкаше и весело го гледаше по детски. Дотрча со порака, која и нејзе самата очигледно многу ѝ се допаѓаше.

— Слушајте, како се викате? И уште: каде живеете? — праша таа брзајќи, задишена.

Раскољников ѝ ги стави обете раце на раменицте, па ја гледаше со некакво уживање. Му беше пријатно да ја гледа, — а и самиот не знаеше зошто.

— А кој ве испрати?

— Ме испрати сестричката Соња, — одговори девојчето, уште повесело насмевнувајќи се.

— Јас знаев, дека ве испратила сестричката Соња.

— И мама, исто така, ме испрати. Кога ме праќаше сестричката Соња и мама дојде кај мене и ми рече: „Трчај побрзо, Поленка!“

— Ја сакаѓе ли сестричката Соња?

— Најмногу ја сакам од сите! — изговори Поленка некако особено решително, а насмевката наеднаш ѝ стана сериозна.

— А дали ќе ме сакате мене?

Наместо да чуе одговор тој гледаше како му се доближува лицето на девојченцето и неговите полнички усни наивно се напрчија за да го бакнат. Нејзините раце танки како клечки, го прегрнаа со сета сила, главата ѝ се спушти на неговото рамо и девојчето заплака тивко, сè посилно и поцврсто припивајќи се со лицето кон него.

— Многу ми е жал за татко ми! — рече таа по малку, дигајќи си го уплаканото лице и бришејќи си ги солзите со рака. — Сега започнаа само несреќи, — додаде таа ненадејно, со оној особено сериозен израз, што кај децата се јавува намерно, кога сакаат наеднаш да зборуваат како „големи“.

— А татко ви ве сакаше?

— Тој најмногу ја сакаше Лидочка, — продолжи таа сериозно и не смеејќи се, сосем онака како што зборуваат големите — ја сакаше затоа што е мала, и уште затоа што е болна, и секогаш ѝ донесуваше слатки, а нас нè учеше да читаме, а мене ме учеше по граматика и веронаука — додаде таа гордо, — а мама не велеше ништо, но ние знаевме, дека таа го сака тоа, а и тато знаеше, а мама сака да ме учи француски, зашто мене ми е веќе време за учење.

— А знаете ли да се молите?

— Како да не знаеме, знаеме! Јас веќе одамна како голема се молам за себе, а Коља и Лидочка се молат на глас заедно, со мама; најпрвин ѝ се молат на Богородица, потоа кажуваат уште една молитва: „господи прости ѝ и благослови ја сестричката Соња“, а потоа и „господи прости му и благослови го нашиот

втор татко", зашто нашиот постар татко веќе умре, а овој ни е втор татко, а ние се молиме и за него.

— Полечка, јас се викам Родион; понекогаш помолете се и за мене „и за работ Родион" ништо повеќе.

— Додека сум жива, ќе се молам за вас — изговори девојчето со жар, па пак се насмевна, и повторно му се фрли и цврсто го прегрна.

Раскољников ѝ го кажа името, ѝ ја даде својата адреса и се заколна дека утре секако ќе намине кај нив. Девојчето си отиде, наполно одушевено од него. Беше единаесет часот, кога излезе на улица. За пет минути пак се најде на мостот, на истиот мост, од кој пред малку се фрли жената.

„Доста е!" — рече тој решително, и свечено; — „подалеку од глупостите, од лажните страшила, од сеништа!... постои животот! Зарем јас пред малку не живеев? Мојот живот сепак не умре заедно со старата баба! Нека оди во царството небеско, па, — доста е, мајчичке, време е да се смирам! Сега настапи царството на разумот и на светлината! И... на волјата, и силата... и да видиме сега! Сега да си ги одмериме силите!" — Додаде тој со гордост, како да ѝ се обрнува на некоја мрачна сила и ја предизвикува. — „А јас, ете, веќе сакав да живеам на еден аршин простор!"

„...Во овој час јас сум многу исцрпен, но... се чини, болеста ми помина. Јас и самиот знаев дека ќе мине, кога пред малку излегов од дома. Навистина: куќата на Починков, дотаму има неколку чекори. Ќе одам кај Разумихин: дури и да не се два-три чекори... нека го добие облогот! И тој нека се израдува, — зошто да не, ако!... сила, сила треба без сила нема да направиш ништо; а пак силата мора да ја стекнуваш со сила, ете, токму тоа тие не го знаат", — додаде тој со гордост и сосем прибран, па тргна од мостот, одвај дигајќи ги нозете. Гордоста и самоувереноста растеа во него со секој миг; по една минута тој веќе не беше оној човек од претходната минута. А што се случи толку посебно што го преврти вака? Не знаеше ни самиот. Нему, како и на оној што се

фаќа за сламка, наеднаш му се стори дека „може да живее, дека уште постои животот, дека неговиот живот не умрел заедно со старата баба“. — Можеби пребрзо донесе заклучок, но не размислуваше за тоа.

„А сепак замолив, да го спомнат во молитвата работ Родион“, — ненадејно му светна во главата. — „Добро, тоа е... за секој случај!“ — додаде, па веднаш и самиот си се насмевна на тој детски потег. Беше извонредно расположен.

Разумихина го најде лесно; во куќата на Починков веќе го познаваа новиот станар и чуварот на куќата веднаш му покажа каде да оди. Уште на половина скали веќе се слушаше врева и жив разговор на големо друштво. Вратата на скалите беше ширум отворена; се слушаше викање и расправање. Собата на Разумихин беше голема, а беа собрани петнаесетина луѓе. Раскољников застана во предсобјето. Тука, зад преградата двете слугинки на газдарицата работеа нешто околу два големи самовара, околу шишињата, чиниите, слатките и мезињата, донесени од кујната на газдарицата. Раскољников испрати да го викнат Разумихина, а тој дотрча сиот возбуден. На прв поглед можеше да се забележи дека има многу пиено, па иако Разумихин никогаш не се опиваше сега сепак малку го имаше фатено пијачката.

— Слушај — побрза да му рече Раскољников, — јас дојдов само за да ти речам дека го доби облогот и дека никој не знае што може да му се случи. Но не можам да влезам; толку многу сум исцрпен што ми се чини веднаш ќе паднам. Значи, здраво и збогум, а утре дојде кај мене...

— Знаеш што? Ќе те испратам до дома! Штом веќе и самиот велиш дека си изнемоштен, потоа...

— А гостите? Кој е оној разбушавенион, што сега sирна ваму?

— Тој? Ѓаволот го знае! Сигурно некој познајник на стрико ми, а можеби е дојден и самиот... Со нив ќе го оставам стрико ми: тој ти е многу добар човек; штета, што не можеше сега да се запознаеш со него. Впрочем, ѓавол нека ги земе сите! Тие сега нема да ме бараат мене, а и морам да се освежам; значи, дојде

во погодно време, брате; за малку ќе се степав, жими бога. Секакви глупости дрдорат... Ти не можеш ни да си претставиш, што сè може да блада човек! Впрочем, како не би можел да си претставиш? Зарем не бладаме и ние самите? Па нека бладаат: барем подоцна нема да бладаат... седни малку, ќе ти го доведам Зосимова.

Зосимов му се нафрли на Раскољников, како споулавен; на него се забележуваше некаква посебна љубопитност; лицето наеднаш му се разведри.

— Веднаш да спиеш — определи тој, откако го прегледа пациентот, колку што можеше, — а ноќеска да земете една работа. Ќе земете ли? Јас пред малку приредив... Еден прашок.

— Дури и два — одговори Раскољников.

Веднаш го зеде прашокот.

— Многу е добро што ќе го одведеш ти — забележа Зосимов, обрнувајќи му се на Разумихина; — што ќе биде утре, ќе видиме, а денеска воопшто не е лошо: значителна промена од пред малку. Човек учи дури е жив...

— Знаеш ли што ми шепна пред малку Зосимов, кога излегувавме? — рече Разумихин, штом излегоа на улицата. — Јас, брате, нема да ти кажам сè, зашто тие се глупаци. Зосимов ми нареди, со тебе да разговарам по пат и да те натерам да зборуваш што било, а потоа за сè да му раскажам, зашто тој мисли... дека ти си... луд, или дека си блиску до лудило. Ете, гледаш ли? Прво, ти си трипати поумен од него, второ, ако не си мрднат зошто да обрнуваш внимание на тоа оти нему му дошла во умот таква глупост, а трето, тоа парче месо, чија струка е — хирургијата, сега се има занесено со душевни болести, што се однесува пак до тебе, конечно го убеди твојот денешен разговор со Замјотов.

— А Замјотов тебе сигурно ти раскажа сè?

— Сè, и добро направи. Сега разбрав сè до подробности, а и Замјотов разбра сè... но, да, со еден збор, Родја... работата е во тоа... јас сега малку сум поднапиен... но тоа... нема врска... работата е во тоа што таа мисла... сфаќаш ли, навистина се

јавуваше кај нив... дали сфаќаш? Тоест, никој од нив не смееше да каже гласно, зашто тоа е најгадна глупост, а особено откако го фатија молерот, сè се распадна и згасна засекогаш. А зошто се глупави? Јас оној Замјотов малку го истепав — нека остане меѓу нас, баќушка; немој ни да се обидуваш да кажеш некому; јас забележав, дека тој е чувствителен; тоа беше кај Лавиза, — но денеска, денеска сè е јасно. Најважен е Илја Петрович! Тој тогаш се фати за твојата несвестица во канцеларијата, но подоцна и нему му беше срам од тоа; ама јас знам...

Раскољников жедно слушаше. Разумихин издрдори сè во пијанството.

— Јас тогаш се онесвестив, зашто беше задушно, а и смрдеше маслената боја — рече Раскољников.

— Уште и објаснува! Ама не е само бојата: ти беше наклонет кон воспаление веќе еден месец; еве го овде Зосимов! А колку е разочаран тој момчак, не можеш ни да си замислиш! „Не вредам ни колку малиот прст на тој човек!“ — вели тој, мислејќи на тебе. Кај него, брате, понекогаш се јавуваат добри чувства. А лекцијата што си му ја одржал денеска во „Кристален дворец“ ти е најголемо совршенство! Толку си го заплашил, што се тресеше! Речиси си го натерал пак да поверува во сета онаа дрска бесмислица, а потоа наеднаш — си му се излигавил со јазикот како да му велиш: „Еве ти, што си започнал?“ Нешто совршено. Тој сега е згазен, уништен! Ти си вешт, жими бога, така им треба! Ех, што не бев таму јас! Сега те чекаше нестрпливо. И Порфириј сака да се запознае со тебе...

— А... и тој веќе... А зошто фатија да ме сметаат за лудак?

— Тоест, не за лудак. Јас, брате, ми се чини, премногу работи ти изнакажав... Гледај, тогаш го вчудовиди оти тебе те интересира само таа работа; сега, кога се знаат сите околности јасно е зошто те интересира... и зошто тогаш се збуни и оти сè ти се измеша со болеста... Брате, јас сум малку напиен, но

тој, ѓаволот знае, има некаква сопствена идеја... Јас ти велам: се има занесено со душевните болести. Но ти плукни на тоа...

И двајцата молчеа некое време.

— Слушај, Разумихине — рече Раскољников — сакам да ти ја кажам вистината: јас што туку бев кај еден мртовец, умре еден чиновник... Таму ги дадов сите мои пари... А, освен тоа, пред малку ме бацуваше едно суштество, кое дури и да сум убил некого, исто така... со еден збор, таму видов уште едно суштество... со огнено перо... впрочем, јас дрдорам празни работи; многу сум исцрпен, поткрепи ме... еве ги скалите...

— Што ти е! Што ти е? — го праша подисплашениот Разумихин.

— Малку ми се врти умот, но не се работи за тоа, ами за тоа дека ме има обземено тага, како да сум жена... навистина! Гледај, што е тоа? Гледај! Гледај!

— Што е?

— Зарем не гледаш? Светлост во мојата соба, гледаш ли? Низ пукнатината...

Стоеја пред последните скали, до вратата на газдарицата, и навистина одоздола се забележуваше дека во собата на Раскољников има светлост.

— Чудно! Да не е внатре Настасја? — забележа Разумихин.

— Таа никогаш не доаѓа во мојата соба во ова време, а и спие одамна, но... мене ми е сеедно! Збогум!

— Што ти е? Ќе те испратам, заедно ќе влеземе!

— Знам дека ќе влеземе заедно, но овде сакам да ти ја стиснам раката и овде да се простам со тебе. Па, дај ја раката, збогум!

— Што ти е тебе, Родја?

— Ништо... Да одиме... ти ќе бидеш сведок...

Продолжија да се качуваат по скалите и на Разумихин му текна дека можеби Зосимов има право. „Ех! го збунив со моето дрдорење!“ — си рече тој во себе. Кога се приближија до вратата одеднаш во собата слушнаа гласови.

— Ама што е тоа? — викна Разумихин.

Раскољников прв се фати за вратата и ја отвори ширум, ја отвори и застана на прагот како здрвен.

Мајка му и сестра му седеа во собата и го чекаа веќе час и половина. Зашто тој нив најмалку ги очекуваше, и за нив најмалку мислеше, иако денеска повторно му беше јавено дека тргнуваат на пат, патуваат, и дека пристигнуваат за кратко време? Сето тоа време, час и половина тие де едната де другата ја прашуваа Настасја, која и сега стоеше пред нив, и која веќе успеа да им ги раскаже сите подробности. Тие пресвиснаа од страв, кога слушнаа дека „денеска побегнал“ болен, а, како што се гледаше од раскажувањето, секако, во бунило! „Господи, што ли му е?“ Заплакаа и двете и претрпија голема мака во тие час и половина чекање.

Радосен, одушевен извик го пречека Раскољникова, кога се појави. Обете се спуштија кон него. Но тој стоеше како мртов; неподносливата, ненадејната вистина го удри како гром. Ни рацете не му се креваа за да ги прегрне; не можеа. Мајка му и сестра му го стискаа во прегратка. Го бацуваа, се смееја, плачеа... Тој направи еден чекор, се затетерави и се струполи онесвестен на подот.

Тревога, извици од исплашеност, лелеци... Разумихин, кој стоеше на прагот, втрча во собата, го фати болниот со своите силни раце и овој за миг се најде на диванот.

— Ништо, ништо! — им рече Разумихин на мајката и на сестрата — ова е несвестица, ова не е ништо! Пред малку докторот рече дека му е многу подобро, да, сосем е здрав! Вода! Вода! Но еве веќе се освестува, да, еве се разбуди!

Ја фати Дуњечка за раката толку цврсто, што речиси ѝ ја шина раката, и ја повлече, за да види, дека „еве, се разбуди“. И мајката и сестрата гледаа во Разумихина како во провидение, трогнати и благодарни. Од Настасја тие веќе имаа чуено што значеше за нивниот Родја за време на неговото боледување тоа „прграво момче“, како што го нарече уште таа вечер, во интимниот разговор со Дуња, самата Пулхерја Александровна Раскољникова.

ТРЕТ ДЕЛ

I

Раскољников потстана и седна на диванот. Тој му мавна слабо на Разумихина, за да ги остави тие збркани пламени зборови, што му течеа од устата, како поток, и со кои сакаше да ги утеши мајката и сестрата, па ги фати и двете за рацете и така молчејќи едно две минути се загледуваше де во едната, де во другата. Мајка му се уплаши од неговиот поглед. Во тој поглед блестеше силно, дури болно чувство, но воедно во него имаше и нешто неподвижно, дури и нешто улаво. Пулхерја Александровна заплака.

Авдотја Романовна беше бледа, раката ѝ трепереше во раката на братот.

— Одете си дома... со него — изговори тој со испрекинат глас, покажувајќи на Разумихина, — до утре; утре сè ќе... одамна ли сте дојдени?

— Вечерва, Родја — одговори Пулхерја Александровна, — возот многу задоцни. Но јас сега по никоја цена не си одам откај тебе, Родја! Јас ќе преспијам овде, покрај тебе...

— Не мачете ме! — рече тој, и раздразнето мавна со раката.

— Јас ќе останам кај него! — викна Разумихин — и нема да го напуштам ни за миг; нека одат по ѓаволите сите мои таму, дури и нека пцовисаат од мака! Таму претседава стрико ми.

— Како, како да ви се заблагодарам — започна Пулхерја Александровна, стискајќи му ги пак рацете на Разумихина, но Раскољников пак ја прекина.

— Јас не можам, јас не можам — повторуваше раздразнето; — не мачете ме! Доста е, одете си... Не можам!...

— Да си одиме, мамо, барем од собава да излеземе за малку, — ѝ шепна заплашено Дуња, — очигледно ние го убиваме.

— Ама, зарем по три години да не можам дури ни да го погледам, — заплака Пулхерја Александровна.

— Стојте — ги запре тој пак — сите вие ме прекинувате, а мене ми се мешаат мислите... Дали се видовте со Лужин?

— Не, Родја, но тој веќе знае дека сме пристигнале. Слушнавме, Родја, дека Петар Петрович бил толку добар, па те посетил — додаде Пулхерја Александровна малку вознемирено.

— Да... беше толку добар... Дуња, јас штотуку му реков на Лужин дека ќе го истркалам по скалите, и го пратив по ѓаволите...

— Родја, ама што велиш! Секако... не сакаш да кажеш... — започна Пулхерја Александровна заплашена, но запре откако ја погледна Дуња.

Авдотја Романовна цврсто се загледа во братот и го чекаше продолжението. За расправијата веќе имаа разбрано од Настасја, така како што можеше таа да им каже, па затоа сега ги измачуваше недоумицата и исчекувањето.

— Дуња — продолжи Раскољников со напор — јас не го сакам тој брак; значи, утре, штом ќе се стретнете, ти мораш да го одбиеш Лужина, така што да се изгуби без трага.

— Господи! — викна Пулхерја Александровна.

— Размисли, брате, што зборуваш! — започна Авдотја Романовна, жестоко, но веднаш се воздржа. — Сега можеби не си прибран, уморен си — рече таа кротко.

— Во бунило? Не сум... Ти се мажиш за Лужина *поради мене.* А јас не прифакам жртви. И затоа, уште утре, напиши му писмо... Одбиј го... Изутрина дај ми го да го прочитам, и — крај на сè!

— Јас не можам да направам такво нешто! — викна навредената девојка. — Со какво право...

— Дуњечка, и ти си жестока, остави сега, остави сега, утре... Зарем не гледаш... — се престраши мајката и се спушти кон Дуња. — Ах, да си одиме, подобро е!

— Тој блада! — викна напиениот Разумихин. — Инаку како би се осмелил! Утре ќе му испари сета таа глупост... А денеска навистина го истера. Така беше. Да, а тој се налути... Истресе некакво говорче, се фалеше со своето знаење, и си отиде, си ја свитка опашката...

— Значи, вистина е? — писна Пулхерја Александровна.

— До утре, брате — рече Дуња со жалење. — Да си одиме, мамо... збогум, Родја!

— Слушај, сестро, — повтори тој по неа, напрегнувајќи си ги последните сили, — јас не сум во бунило; тој брак е подлост. Дури и да сум јас подлец, ти не треба да бидеш... Кој и да било... Дури и да сум подлец, таквата сестра нема да ја сметам за сестра. Или јас, или Лужин! Одете си...

— Ама ти си полудел, деспоту, — викна силно Разумихин.

Но Раскољников веќе не одговараше, а можеби и немаше веќе сили да одговара. Легна на диванот и наполно изнемоштен се сврти кон ѕидот. Авдотја Романовна го погледна љубопитно Разумихина; црните очи ѝ светнаа; Разумихин затрепери од тој поглед. Пулхерја Александровна стоеше вчудовидена...

— Не можам воопшто да си одам! — му шепна таа на Разумихина речиси во очај. — Јас ќе останам овде, каде било... испратете ја Дуња...

— И сè ќе расипете! — ѝ шепна Разумихин, целиот избезумен. — Да излеземе барем на скалите! Настасја, посвети ни! Ви се колнам — продолжи тој со полушепот, кога веќе беа на скалите, — неодамна ќе нè истепаше, мене и докторот! Сфаќате ли: докторот! Тој, ете, се повлече за да не го дразни, и си отиде; јас слегов долу да поседам малку, но тој овде

си се облекол и — се измолкна. И сеѓа ќе се измолкне, ако го дразните, ноќеска, а може и нешто да си направи себеси...

— Ах, што зборувате!

— А и не може Авдотја Романовна да спие сама во преноќиштето! Замислете си каде живеете вие! Зарем тој подлец Петар Петрович не можеше да ви најде стан... впрочем, знаете, јас сум поднапиен и затоа... опцув; не обрнувајте внимание...

— А јас ќе одам кај неговата газдарица — се надоврза Пулхерја Александровна, — ќе ја молам, мене и на Дуња да ни даде некакво катче, да се сместиме ноќеска. Јас не можам да го оставам вака, не можам.

Додека го зборуваа ова, стоеја на скалите, на одмориштето точно пред вратата на газдарицата. Настасја им светеше од подолните скали. Разумихин необично се возбуди. До пред половина час, кога со Раскољников идеше ваму, вистина беше премногу дрдорлив, за кое беше свесен, но беше сосем бодар, и речиси свеж, иако вечерта испи многу вино. Но сегашната состојба му прилегаше на некој занес, а воедно како сето вино што го испи, наеднаш да му удри пак во главата со двојно поголема сила. Стоеше со дамите, ги беше фатил за обете раце и ги убедуваше изнесувајќи ги причините со чудесна искреност, а, веројатно за да ги убеди подобро, речиси при секој збор им ги стискаше рацете, како во менгеме, со сета сила, до болка, и ја голташе со очите Авдотја Романовна ни малку не стеснувајќи се. Тие понекогаш од болка се обидуваа да си ги извлечат рацете од неговите огромни, ковчести рачишта, но тој не забележуваше за што се работи всушност, ами уште посилно ги влечеше кон себе. Да му заповедаа, за нивна љубов да се истркала по скалите, веднаш ќе ги послушаше, без да размислува и без да се колеба. Пулхерја Александровна, вознемирена од мислата за својот Родја, иако чувствуваше дека момчето е многу ексцентрично и дека премногу болно ѝ ја стиска раката, бидејќи тој во овој момент за неа беше како провидение не сакаше да обрне внимание на сите тие ексцентрични

подробности. Но и покрај сета таа возбуденост Авдотја Романовна, иако не беше страшлива по природа, зачудена и речиси уплашена ги среќаваше погледите на пријателот на нејзиниот брат, што жежеа како оган, и само бескрајната доверба што ѝ ја влеаја зборовите на Настасја за тој чуден човек, ја здржуваше, за да не направи обид да се повлече а мајка си да ја повлече по себе... Таа го сфаќаше и тоа дека сега и не можеа веќе каде да побегнат од него. Впрочем по десетина минути прилично се смири; Разумихин имаше особеност веднаш да соопшти сè, без обзир во какво расположение се наоѓа, па така сите веднаш дознаваат со кого имаат работа.

— Не можете кај газдарицата, тоа е најужасната бесмислица! — викна тој, уверувајќи ја Пулхерја Александровна. — Иако сте му мајка, вие ќе го разлутите, ако останете, а потоа ѓаволот знае што ќе стане! Слушајте, што ќе направам јас: сега кај него ќе поседи Настасја, а јас ќе ве испратам до вашиот стан, зашто не можете сами да одите по улиците; кај нас во Петроград во тој... но по ѓаволите!... Потоа откај вас со трчање ќе дојдам ваму и по четврт час, најчесен збор, ќе ви донесам известување: како е, дали спие или не спие, и за сè друго. Потоа, слушајте, потоа за малку ќе одам во мојот стан, кај мене има гости, сите се пијани, ќе го земам со мене Зосимова, — тој е докторот што го лекува, тој сега живее кај мене, не е пијан; тој не е пијан, тој никогаш не се опива! Ќе го довлечкам кај Родја и потоа веднаш ќе дојдам кај вас; за еден час значи ќе добиете два извештаја за него — и од докторот, сфаќате ли, од самиот доктор; тоа што ќе го каже тој не е исто со она што сум го рекол јас! Ако биде лошо, ви се колнам, јас ќе ве доведам овде, а ако биде добро, тогаш легнете, и спијте. А јас ќе преноќам овде, во ходников, нема ни да ме чуе, а на Зосимов ќе му наредам, да преспие кај газдарицата, за да биде прирака. Па, што е сега подобро: вие или докторот? Ама докторот е покорисен, покорисен. Значи, ајде да ве одведам дома! Кај газдарицата не можете; јас можам, но вие не можете: нема да ви дозволи, бидејќи... бидејќи е бу-

дала... Поради мене ќе биде љубоморна на Авдотја Романовна, а да знаете, и на вас... но на Авдотја Романовна секако... Таа има сосем, сосем необичен карактер! Впрочем, и јас сум глупав... по ѓаволите! Да одиме! Ми верувате или не ми верувате?

— Да одиме, мамо — рече Авдотја Романовна — тој сигурно ќе направи така како што ветува. Тој веќе го спасил брат ми, па ако докторот навистина се согласи да преноќи овде, нема ништо подобро од тоа.

— Ете, вие... вие ме разбирате... зашто вие сте — ангел! — викна Разумихин во занес. — Да одиме! Настасја, веднаш горе и седи таму покрај него, со светлост; јас ќе дојдам по четврт час...

Пулхерја Александровна вистина не беше сосем уверена, но веќе не се спротивставуваше. Разумихин ги фати обете подрака и ги повлече по скалите. Впрочем, и тој ја вознемируваше: „Навистина, прав е и добар, но дали е способен да го изврши тоа што го ветува? Та во каква состојба се наоѓа!...“

— А, сфаќам, вие мислите дека сум во таква состојба! — откако ги погоди нејзините мисли, Разумихин ги прекина, одејќи со своите големи чекоришта по тротоарот, така што дамите одвај можеа да го стасуваат, но тој не го ни забележуваше тоа. — Глупости! Тоест... јас сум пијан како дрво, но не се работи за тоа; јас не сум пијан од виното. Ами мене ми удри во главата, кога ве видов вас... но многу важно за мене! Не обрнувајте внимание: јас бладам, јас не сум ви достоен!... Јас не сум ви достоен ни малку!... А штом ќе ве испратам, веднаш овде на каналов ќе си турам на главата две ведра вода, и готово... Само да знаете колку ве сакам двете! Немојте да се смеете ниту да се лутите!... На секого лутете му се, но мене немојте да ми се лутите! Јас сум му пријател нему, а тоа значи и ваш пријател. Јас, ете, така... јас го очекував тоа... ланската година, имаше еден таков момент... впрочем, воопшто не очекував, зашто вие како да паднавте од небо. А јас можеби ноќеска ни око нема да склопам... Тој,

Зосимов неодамна изрази страв, дека овој можеби ќе се мрдне од умот. Ете, затоа не треба да го возбудуваме...

— Ама што зборувате... — викна мајката...

— Зарем докторот рече такво нешто? — праша Авдотја Романовна заплашена.

— Рече, но тоа не е точно, воопшто не е точно. Му даде и лек, прашок, видов, а вие дојдовте токму тогаш... Ех!... подобро ќе беше да допатувавте утре! Добро е што си заминавме. А по еден час Зосимов ќе ве извести за сè. Тој не е вака пијан! Тогаш ни јас нема да бидам пијан... А зошто се натрескав? Затоа што ме натераа да се карам, проклетите! Та се заколнав, дека нема да се карам... тие дробат сешто! Само што не се степав! Таму го оставив стрико ми да претседава... Нема да верувате: сакаат целосна безличност, ним тоа им е најсуштественият живот! Да не бидеш тој што си, ами што помалку да прилегаш на себеси! Ете, тоа тие го сметаат за најголем напредок. И барем да лажат на свој начин, ами тие...

— Слушајте! — го прекина возбудено Пулхерја Александровна.

Но тоа уште повеќе го распали.

— Ама што мислите вие? — викна Разумихин со уште посилен глас, — да не мислите, дека зборувам вака затоа што лажат? Бесмислица! Јас љубам кога лажат! Лажењето е единствената привилегија на човекот што ја немаат другите организми. Излажи, па ќе дојдеш до вистината! Јас сум човек затоа што лажам. До никоја вистина луѓето не допреле, ако најпрвин не излагале четиринаесет пати, а можеби и стоичетиринаесет пати. Тоа е некако и за чест, но ние не знаеме ни да излажеме со својот мозок! Лажи ме ти мене, но лажи на свој начин, и јас тогаш ќе те бацам. Да излажеш на свој сопствен начин, тоа ти е речиси подобро од вистината, од секогаш еднаквата туѓа вистина; во првиот случај ти си човек, а во вториот си само слика! Вистината нема да побегне, а животот можеш да го победиш; имало примери. Добро, што ќе правиме сега? Сите ние, сите до еден, што се однесува до науката, образованието, мислењето, про-

најдоците, идеалите, желбите, либерализмот, разумот, искуството до сè, сè, сè, сè, ние сè уште седиме во првиот подготвителен гимназиски клас! Ни се допаѓа да се фалиме со туѓ ум, — сме навикнале! Вистина ли е тоа? Дали е вистина ова што го кажувам? — викаше Разумихин, и се тресеше и им ги стискаше на дамите рацете. — Вистина ли е?

— О, господи, јас не знам — изговори бедната Пулхерја Александровна.

— Вистина е, вистина... иако не се согласувам со вас во сè — додаде сериозно Авдотја Романовна и веднаш потоа писна, зашто сега толку силно ѝ ја стисна раката.

— Вистина? Вие велите дека е вистина? Добро, тогаш по тоа вие... вие... — викна тој во одушевување, — вие сте извор на добрина, чистота, разум и совршенство! Дајте ми ја раката, дајте ми ја... и вие дајте ми ја вашата, сакам да ви ги бацам рацете овде, веднаш, клечејќи!

И тој клекна среде тротоарот, кој за голема среќа, тогаш беше празен.

— Ама ве молам оставете го тоа, што правите? — викна Пулхерја Александровна, многу исплашена.

— Станете, станете! — се насмеа, се вознемири и Дуња.

— По никоја цена, додека не ми ги дадете рацете! Ете така, доста, еве станав, да одиме! Јас сум несреќен глупак, јас не сум ви достоен, и пијан сум, и се срамам... не сум достоен да ве љубам, но да се наведнам пред вас, тоа му е должност на секој што не е сосем скот! Јас се наведнав... Еве го и вашиот конак, поради кој Родион имаше право што неодамна го истера вашиот Петар Петрович! Како смеел да ве смести во ваков конак? Тоа е скандал! Знаете ли вие, кој зема преноќиште овде? А, ете, вие сте му свршеница! Вие сте му свршеница! Ете поради ова и ви велам, дека вашиот свршеник е подлец!

— Слушајте, господине Разумихине, вие заборавате... — започна Пулхерја Александровна.

— Да, да, имате право, јас се заборавам, ми е срам! — се стресе Разумихин — но... но... вие не можете да ми се налутите дека зборувам вака! Зашто јас зборувам искрено, а не поради тоа што... хм! тоа би било подло, и со еден збор, не поради тоа што јас во вас... хм!... Но, добро, не треба, нема да кажам, зашто, не смеам!... А сите ние пред малку сфативме штом влезе, дека тој човек не е за нашето друштво. Не затоа што дојде со накадрена коса, не затоа што веднаш фати да се фали со својот ум, ами затоа што тој е душкало и шпекулант, затоа што е скржавец и лицемер, а тоа се гледа... Да не мислите дека е умен? Не, тој е глупав, глупав! Па, тој не е спроти вас! О, господи! — гледајте, госпоѓо, — застана тој, качувајќи се веќе по скалите кон собите, — гостите кај мене вистина се пијани, но затоа пак се чесни; иако лажеме, зашто, еве, и јас лажам, сепак ние со лажењето, најпосле, ќе дојдеме до вистината, зашто сите сме на благороден пат, а Петар Петрович... не е на благороден пат... Јас, вистина, пред малку ги пцуев до пцуење, но јас сите ги почитувам; се разбира, и Замјотова, ако не го почитувам, барем го љубам, зашто тој е куче! Се разбира, и оној скот Зосимов, зашто е чесен и ги разбира работите... Но, доста е, сè е речено, и простено. Простено? Нели? Па да одиме! Јас го познавам овој ходник, сум бил овде; ене, онде, во третана соба, се случи скандал... добро, а каде живеете вие? Кој број? Осум? Значи, ноќе заклучувајте се, никого не пуштајте! По четврт час ќе се вратам со вести, а пак по половина час — со Зосимов, ќе видите! Збогум, јас брзам!

— Господи, Дуњечка, што ќе стане? — рече Пулхерја Александровна, обрнувајќи ѝ се на ќерка ѝ збунета и заплашена.

— Смирете се, мамо, одговори Дуња, симнувајќи си ги шапката и палтото; — самиот господ ни го испрати господинов, иако дојде право од некаква пијанка. Во него можеме да имаме доверба, ве уверувам. И сè што направил за брат ми...

— Ах, Дуњечка, господ знае, дали ќе дојде! И како можев јас да се решам, да го оставам Родја!... Не можев ни да претпоставам дека ќе го затекнам вака! Колку беше суров, како да не се радува...

Солзи ѝ надојдоа во очите...

— Не, не е така, мамо. Вие не сте сфатиле, вие само плачете. Тој е многу исцрпен од тешката болест, таа е причина за сè.

— Ах, таа болест! Нешто ќе се случи, нешто ќе се случи! И како разговараше со тебе, Дуња — рече мајката, вознемирено гледајќи ја ќерка си во очите, за да прочита сè што мисли оваа, веќе наполу утешена со тоа што самата Дуња го брани Родја, а сигурно и му простува. — Јас сум уверена, дека тој утре ќе се прибере — додаде, испитувајќи докрај.

— А јас сум уверена, дека тој и утре ќе зборува како денеска... за тоа — пресече Авдотја Романовна.

Се разбира, тоа беше крај на разговорот, бидејќи тоа беше тема, за која Пулхерја Александровна премногу се плашеше сега да разговара. Дуња дојде до мајка си и ја бацн. Мајка ѝ молчејќи ја прегрна. Потоа седна, возбудено очекувајќи да се врати Разумихин и фати неспокојно да ја следи со поглед ќерка си, која со скрстени раце, исто така, во исчекување, почна да шетка по собата, размислувајќии во себе. Тоа замислено движење од агол во агол е обична навика на Авдотја Романовна, и мајка ѝ постојано се плашеше во таквите моменти да ја тргне од размислувањата.

Разумихин, се разбира, беше смешен, со својата ненадејна страст, што во пијанството пламна кај него спрема Авдотја Романовна; но и да не беше таа негова екцентрична состојба мнозина веројатно ќе му простеа штом ќе ја видеа Авдотја Романовна, особено сега, кога замислена, изморена со скрстени раце, шеткаше по собата. Авдотја Романовна е многу убава, висока, со прекрасна става, цврста, самоуверена. Тоа ѝ избиваше од секое движење, без да е со тоа нарушена ни мекоста ни привлечноста. Во лицето прилегаше на брата си, но можеше да се каже дека е убавица. Косата ѝ беше темно-руса, малку посветла от-

колку на брат ѝ, очите скоро црни, светли, горди, а воедно понекогаш, во одделни мигови, необично благи. Таа беше бледа, но бледилото не ѝ беше болно и лицето ѝ светеше од свежина и здравје. Устата ѝ беше малку малечка, а долната усна свежа и црвена, малку издадена напред, со брадата, — една неправилност на тоа прекрасно лице, која впрочем, му даваше посебен изглед и некаква небрежност. Лицето секогаш ѝ беше повеќе сериозно, отколку весело и замислено; но, колку му прилегаше насмевката на тоа лице, колку му прилегаше насмевката, весела, млада, слободна! Не е ни чудно, што запалениот, искрен, простичок, чесен, силен како џин, пијаниот Разумихин, кој не видел никогаш нешто слично, од првиот поглед ја изгуби главата. Притоа случајот како намерно му ја покажа Дуња првпат и тоа во прекрасниот миг на љубовта и радоста при средбата со братот. Тогаш виде како ѝ затрепери долната усна, негодувајќи поради дрските и неблагодарно свирепи наредби на братот — и не можеше да се соземе.

Впрочем, вистина беше тоа што го рече кога во пијанството дрдореше на скалите дека ексцентричната газдарица на Раскољников, Прасковја Павловна ќе биде љубоморна поради него, не само на Авдотја Романовна, туку можеби и на самата Пулхерја Александровна. Вистина, Пулхерја Александровна веќе имаше четириесет и три години, но нејзиното лице уште ги чуваше остатоците од некогашната убавина, и изгледаше многу помлада отколку што беше навистина, како што речиси секогаш се случува со жените, кои до старост го зачувале ведриот дух, свежината на впечатоците и чесната, чиста топлина на срцето. Патем да кажеме: да се зачува сето тоа е единствено средство да не се изгуби убавината и во староста. Косата веќе беше започнала да ѝ побелува и да се разретчува, ситни брчки одамна ѝ се беа насобрале околу очите, образите ѝ беа пропаднати и исушени од грижи и од јадови, а сепак тоа лице беше убаво. Тоа беше копија на лицето од Дуњечка, но по дваесет години, и без ваква долна усна, која кај неа не беше издадена напред. Пулхерја Александровна беше чув-

ствена, но не до здодевност, тивка и попустлива, но само донекаде; многу можеше да дозволи, со многу работи можеше да се согласи, дури и со она, што беше спротивно на нејзиното уверување, но секогаш постоеше една линија на честа, на начелата и на крајните уверувања, преку која никакви околности не би можеле да ја присилат да пречекори.

Токму дваесет минути по заминувањето на Разумихин, се слушнаа два тивки, но брзи удари на вратата; се врати тој.

— Не, нема да влезам, немам време! Брзо, рече тој, откако му ја отворија вратата. — Спие како заклан, прекрасно, спокојно, и да даде бог, да преспие десет часа. Кај него е Настасја; ѝ наредив да не си оди додека не дојдам јас. Сега ќе го довлечкам Зосимова. Тој ќе ви рапортира, а потоа легнете и вие; многу сте уморени, гледам...

И тој трчаница си замина низ ходникот.

— И пргав, и... верен момчак! — викна Пулхерја Александровна извонредно зарадувана.

— Доверлив е, се чини! — одговори Авдотја Романовна со некаков жар и пак фати да шетка по собата.

Речиси по еден час пак се слушнаа чекори во ходникот и пак тропање на вратата. И двете чекаа, верувајќи сега сосем во ветувањата на Разумихин: и навистина успеал да го довлечка Зосимова. Зосимов веднаш се согласил, да ја напушти веселбата и да го посети Раскољникова; но кај дамите дојде сосила и со големо неверување, зашто не можеше да му верува на пијаниот Разумихин. Но самољубивоста веднаш му се смири, а му беше дури и поласкана, кога разбра, дека навистина го очекувале како пророк. Поседи токму десет минути и сосем успеа да ја увери и смири Пулхерја Александровна. Зборуваше со необично сочувство, но прибрано и некако сосила сериозно, сосем како лекар од дваесет и седум години на важна консултација, со ниеден збор не се оддалечи од предметот и не искажа ни најмала желба со дамите да стапи во поличен и поблизок однос. Кога уште при доаѓањето забележа колку занесно убава е Авдотја Романовна,

веднаш се погрижи за време на целата посета воопшто да не ја забележува, па ѝ се обрнуваше само на Пулхерја Александровна. Сето тоа му правеше необично внатрешно задоволство. За болниот, пак, рече, дека сега, како што мисли тој, е во состојба, што сосем задоволува. А според неговото забележување за таа болест, освен лошата материјална состојба и лошиот живот во последните месеци причина биле и некои морални мотиви, „па болеста, може да се каже, е производ на голем број заплеткани, морални и материјални поими, расправи, страв, грижа, некои идеи... итн.“. Кога пак бегло забележа дека Авдотја Романовна почна особено внимателно да слуша, Зосимов поопширно почна да расправа за таа тема. А на возбуденото и неспокојно прашање на Пулхерја Александровна за тоа „дека божем се сомнева во лудило“, одговори со спокојна и искрена насмевка, оти неговите зборови ги надувале; кај болниот вистина се забележува дека нешто си има врзано во главата, што прилега на мономанија — зашто тој, Зосимов, сега се занимава со таа интересна гранка на медицината — но треба да се сетиме, дека болниот речиси до денешниот ден беше во бунило, и.. и, се разбира, доаѓањето на неговите роднини ќе го закрепне, ќе го растресе, и спасоносно ќе подејствува врз него, — само ако можат да се избегнат особени нови возбудувања“ додаде тој важно. Потоа стана, учтиво и љубезно се поклони, испратен со блогослов, врела благодарност, со молби и дури со рачичката на Авдотја Романовна, која не ја ни побара, ами таа самата му беше подарена, па излезе извонредно задоволен со својата посета и уште позадоволен со себеси.

— А утре ќе разговараме пак; секако, легнете веднаш! — заврши Разумихин, заминувајќи со Зосимов. — Утре ќе дојдам со извештај, колку што можам порано.

— Ама интересно девојче е Авдотја Романовна! — рече Зосимов, кога излегоа на улица, и речиси се оближа.

— Занесна! Ти велиш: занесна! — викна Разумихин, му скокна на Зосимова и го зграпчи за грлото.

— Ако ти некогаш се осмелиш... Сфаќаш ли? Сфаќаш ли? — викна тој, го стресе за јаката и го притисна до ѕидот... Слушна ли?

— Ама пушти ме, пијан ѓаволе, — се бранеше Зосимов.

А потоа, кога веќе го пушти, го погледна внимателно и наеднаш силно се засмеа. Разумихин стоеше пред него, со спуштени раце, намуртен, во сериозна недоумица.

— Се разбира, јас сум магаре, — рече тој, мрачен како облак — но... и ти си исто така.

— Јас, брате, не сум воопшто. Јас не фантазирам за глупости.

Продолжија, молчејќи а дури кога се приближија до станот на Раскољников, Разумихин, многу загрижен, го прекина молчењето.

— Слушај, — му рече тој на Зосимов, — ти си допадливо момче, но ти, покрај сите твои лоши својства, уште си и женкар, знам јас, и тоа гнасен. Ти си нервозно, слабо ништожество, ти си глупав, си се згоил и од ништо не можеш да се откажеш — а тоа јас го викам гнас, зашто води до гнасотија. Ти си толку разнежнет, што јас признавам воопшто не разбирам, како можеш да бидеш добар, дури и пожртвуван лекар. Спие на пердуви (докторот) а ноќе станува поради болни! По три години веќе нема да стануваш поради болни... Но по ѓаволите, не се работи за тоа, туку за ова: ти денеска ќе ноќеваш во станот на газдарицата (одвај ја убедив!), а јас во кујната; ете ви можност, да се запознаете одблиску! Но јас не мислам на она на кое си мислиш ти! Од тоа нема ни трага, брате...

— Па јас и не мислам.

— Тука ќе сретнеш, брате, срамежливост, молчаливост, тивкост, чиста невиност, а покрај сето тоа, — воздивнувања, и се топи како восок, се топи! Спаси ме од неа, жити сите ѓаволи на светот! Премногу е занесна!... До небото ќе ти благодарам.

Зосимов пак се засмеа, уште послатко.

— Што ти текна! Зошто ми е таа?

— Те уверувам: не е тешко; нешто смисли и зборувај, само седи покрај неа и зборувај, покрај тоа ти си и доктор, па земи да ја лекуваш од нешто. Ти се колнам, нема да се покаеш. Кај неа има клавир и ти знаеш, дека јас по малку дрнкам; знам една песничка, современа руска: „Солзи врели ќе ронам“... Таа љуби современи песни — па така со песната и започна; а ти си виртуоз на клавир, мајстор, Рубинштајн... Те уверувам, нема да се покаеш!

— Ама да не си ѝ ветил којзнае што, кажи? Писмено? Можеби си ветил дека ќе ја земеш...

— Ништо, ништо, ништо од сето тоа! А и воопшто не е таква; нејзе Чебаров...

— Па, тогаш остави ја!

— Ама не можам тукутака да ја оставам!

— Зошто не можеш?

— Некако не можам, па ете! Тука има една интересна причина.

— А зошто си ја залажувал?

— Јас воопшто не ја залажував, туку можеби бев излажан од својата глупост, а нејзе ќе ѝ биде сеедно дали ќе си ти или јас, само да има некој да седи покрај неа и да воздивнува. Тука ти е, брате... Не можам да ти го кажам тоа, тука ти е — но, ете, ти знаеш добро математика, и сега уште се занимаваш со неа, знам... Значи, ти почни нејзе да ѝ нижеш интегрална сметка, жими бога, не се шегувам, зборувам сериозно, сосем сеедно ќе ѝ биде: таа ќе те гледа и ќе воздивнува, и така цела година без престанок. Јас, помеѓу другото, ѝ зборував и толку долго, два дена едноподруго, за пруската господска палата (инаку, за што друго би зборувал со неа?) — а таа само воздивнуваше и се топеше! Само да не ѝ спомнеш за љубовта — бргу се возбудува, веднаш скокнува — и преправај се, дека не можеш да се оттргнеш од неа — тоа е доста. Страшно удобно, сосем како дома: читај, седи, лежи, пишувај... Можеш и да ја бациш, само внимателно...

— Ама зошто ми е таа?

— Ех, не можам никако да ти објаснам! Гледаш: вие двајца сте создадени еден за друг! Јас и порано

размислував за тебе... ама ти и ќе завршиш вака! Зарем не ти е сеедно: дали порано или подоцна? Тука, брате, ќе се сретнеш со едно пердувесто потекло, — ех, и не е само тоа! Тука е привлечно; тука е крајот на светот, котва, тивко пристаниште, папокот на земјава, основата на светот од три риби, есенцијата на палачинките, на мрсните паштети, на вечерниот самовар, на тивките воздивнувања, и топлите гушкања, на згреаното легло — да, како веќе да си умрел, а, всушност, уште си жив, двете убавини воедно! Но, по ѓаволите, јас, брате, многу ти дрдорам, време е да се спие! Слушај; јас ноќе се будам, па ќе одам кај него за да го погледам. Но ништо, глупости, сè е добро. Немој многу да се вознемируваш а ако сакаш дојди и ти некој пат. А штом ќе забележиш нешто. на пример, бладање, или температура, или нешто, веднаш разбуди ме. Впрочем, не е можно...

II

Загрижен и сериозен, Разумихин се разбуди утредента во осум часот. Многу нови и неочекувани недоумици му се јавија во тоа утро. Порано не ни мислеше дека ќе се разбуди вака. Се сеќаваше до последната ситница на сè од вчера, па сфаќаше, дека му се случило нешто, што не е секојдневно, дека во себе има впечаток, што досега не му беше познат и ни малку не прилегаше на сите поранешни. Воедно му беше јасно дека фантазирањето што му вриеше во главата е неостварливо до крајност — толку неостварливо, што дури и му беше срам, и брзо мина на другите, секојдневните грижи и прашања, што му останаа во наследство од „проклетиот вчерашен ден“

Најстрашно му е сеќавањето за тоа дека вчера се „покажа низок и гаден“, не само затоа што беше пијан, ами затоа што ја искористи положбата на девојчето, па во глупавата брзоплета љубоморност го исмејуваше нејзиниот свршеник, а всушност, не го знае нивниот однос, ниту нивните обврски, ниту го знае добро самиот човек. А и какво право има, да су-

ди за него толку брзо! И кој го повикал да биде судија! И зарем ваквото суштество како Авдотја Романовна, би му се подавало за пари на безвреден човек! Значи, и во него има нешто што вреди. Пренокиштето! А од каде можел тој навистина да знае дека е такво? Та тој подготвува стан... Пих, колку ниско е сето тоа! И какво оправдување е тоа дека беше пијан? Глупав изговор, што го понижува уште повеќе! Во виното е вистината, а, ете, сета вистина е изречена, „тоест, кажана е сета гнасотија на неговото завидливо, грубо срце!“ И зарем тој, Разумихин, смее барем малку да мечтае за тоа? Кој е тој во споредба со девојката — тој, пијаниот викач, вчерашниот фалбаџија? „Зарем може да има таква цинична и смешна споредба?“ Разумихин поцрвени очајно од таа мисла и, ненадејно, како патем, токму во тој миг, јасно се сети, како вчера стоеше на скалите и им велеше ним, дека газдарицата поради него ќе биде љубоморна на Авдотја Романовна... тоа веќе беше неподнесливо. Замавна со сета сила, па тресна со тупаницата на кујнската печка, си ја повреди раката и скрши една тула.

„Се разбира — промрмори тој во себе по малку, со некакво чувство на самопонижување, — се разбира, сето тоа, сите тие гадости не можат веќе никогаш да се разубаваат ниту да се збришат... значи, не вреди ниту да се мисли на тоа, ами треба да се јавам со молчење и да ги извршам своите должности... исто така со молчење и... да не молам за прошка и ништо да не зборувам, и... и сега, се разбира, сè пропадна!

А сепак, кога се облекуваше, повнимателно отколку обично си ја разгледа облеката. Друга облека и немаше, а и да имаше, можеби немаше да ја облече — „така нарочно немаше да ја облечам“. Но пак не смееше никако да остане циник и гаден намќор: нема право, да им ги навредува чувствата на другите, особено кога им е потребен и кога самите го викаат кај себе. Внимателно ја исчетка облеката. Кошулата пак секогаш му е пристојна; тој секогаш внимава на чистотата.

Изутрината убаво се измѝ — најде сапун кај Настасја — си ја измѝ косата, вратот и особено рацете. А кога се јави прашањето: дали да си ја избричѝ козината или не (Прасковја Павловна имаше прекрасни бричови, што ѝ беа останале од покојниот Зарницин), тоа прашање беше решено со негација, и дури со лутина: „Нека остане вака! Можат да си помислат, дека сум се избричил поради... секако ќе си помислат. По никоја цена!“

„И... што е најважно тој е толку груб, нечист, поведението му е крчмарско, и... и да речеме, знае и самиот дека сепак е чесен човек... но, зошто да се гордее со тоа, што е чесен човек? Секој треба да биде чесен човек, а освен тоа, што почист и... и сепак (се сеќаваше) имаше кај него такви работи... не се сосем нечесни, но сепак!... А какви замисли имаше! Хм!... И сето тоа да го споредува со Авдотја Романовна! По ѓаволите! Па, добро! Ете нарочно ќе бидам толку гнасен, недотеран, крчмарски, плукам јас на тоа! И уште повеќе ќе бидам!...“

Во такви монолози го затече Зосимов, кој преспа во гостинската соба на Прасковја Павловна.

Си оди тој дома и на заминување сака да го погледа болниот. Разумихин му соопшти дека спие како мртов. Зосимов нареди да не го разбудува додека не се разбуди самиот. А тој вети, дека ќе се врати во единаесет часот.

— Само ако биде дома — додаде тој. — Уф, по ѓаволите! Како ќе го лекуваш пациентот ако немаш власт над него! Да знаеш, или *тој* ќе оди кај нив, или *тие* ќе дојдат ваму?

— Мислам, тие ќе дојдат — одговори Разумихин, кој сфати за што станува збор — и ќе разговараат, се разбира, за своите семејни работи. Јас ќе си одам. Ти, како доктор, имаш поголемо право од мене.

— Јас не сум исповедник, ќе дојдам и ќе си одам; имам доста работа и без нив.

— Ме вознемирува една работа, — го прекина Разумихин намуртен — вчера, како што бев пијан, патем, му издрдорив секакви глупости... секакви... ме-

ќу другото и тоа дека ти се плашиш да не е тој... наклонет кон лудило...

— Ти тоа си им го издрдорил и на дамите...

— Знам, дека е глупаво! Ако сакаш тепај ме! А, навистина, цврсто веруваше ли во тоа?

— Тоа е бесмислено, ти велам; како цврсто верување! Самиот ти рече за него дека е мономан, кога ме доведе кај него... Да, а вчера уште го подбуцнавме, тоест; ти со твоето раскажување... за молерот, прекрасен разговор, зашто тој од тоа можеби и се мрднал од умот. Да знаев што се случило тогаш во канцеларијата и дека таму некаков гад го навредил со сомневањето... Хм... јас вчера немаше да дозволам таков разговор. Ама ваквите мономани од капката прават океан, а најаве гледаат бајка... Колку што го сфатив вчерашното зборување на Замјотов, мене ми е јасна половината работа. Па, да! Јас знам еден случај како еден хипохондар од четириесет години не можел да поднесе, што секој ден на масата му се подбивало едно детенце од осум години, па го заклал. А овој, сиот во партали, безобразноста во квартот, болеста во почетната фаза, и такво сомневање! И тоа на бесен хипохондар. При таква лута, неискажлива суета! Поради тоа можеби и пламнала сета болест! Но, по ѓаволите! Навистина, тој Замјотов е мило момче, само, хм!... не мораше тоа да го кажува вчера. Голем дрдорко.

— Па, на кого му го кажуваше! Мене и тебе.

— И на Порфириј.

— Па што ако му кажуваше на Порфириј?

— Навистина, дали ти можеш нешто да влијаеш врз мајката и сестрата? Тие би морале денеска да бидат повнимателни со него...

— А зошто тој се однесува така спрема оној Лужин? Човекот има пари, изгледа, нејзе не ѝ е одвратен... а тие немаат ни скршена пара? Нели?

— А зошто прашуваш? — викна Разумихин раздразнет. — Од каде да знам јас, дали имаат или немаат? Прашај ги самиот, можеби ќе дознаеш...

— Их, колку глупав си понекогаш! Уште си мамурен од вчера... Догледање; благодари ѝ на твојата

Прасковја Павловна од мое име за преноќиштето. Се има заклучено, кога ѝ реков доброутро не ми одговори од зад врата, а станав во седум часот, самоварот ѝ го донесоа преку ходникот од кујната... Не бев удостоен, да ѝ го видам лицето...

Токму во девет часот дојде Разумихин во преноќиштето на Бакалеев. Дамите веќе одамна го чекаа во хистерична нестрпливост. Станале во седум часот или уште порано. Тој влезе мрачен како ноќ. Невешто им се поклони и веднаш се налути во себе поради тоа; но претера во сметката: Пулхеерја Александровна веднаш се спушти, го фати за двете раце и речиси му ги бакна. Тој вознемирено ја погледна Авдотја Романовна, но и на тоа занесено лице во тој час имаше благодарност и пријателство, целосно и неочекувано почитување (наместо божемните подбивни погледи и небрежниот, лошо прикриван презир), па ќе му беше полесно да го пречекаа со лутина, зашто ова го збуни повеќе. За голема среќа, темата за разговор беше готова и тој брзо се зафати со неа.

Кога Пулхерја Александровна слушна дека „уште не е разбуден", но дека „сè е одлично", рече дека тоа е подобро, „зашто таа многу, многу, многу сака претходно да поразговара". Следуваше прашањето за чајот, и поканата да пие со нив: тие уште не пиеле, ами го чекале Разумихина. Авдотја Романовна зазвони, па на таа покана се јави еден парталко. Порачаа чај и, најпосле, тој им беше сервиран, но толку нечисто и непристојно, што дамите се засрамија. Разумихин жестоко опцу на сметка на станот, но потоа се сети за Лужина, замолчи, се збуни и многу се израдува кога Пулхерја Александровна фати да реди прашања без прекин.

Одговарајќи на прашањата зборуваше четириесет и пет минути, постојано прекинуван и препрашуван, па им ги раскажа сите понеопходни и поважни моменти, што ги знаеше од последните години на животот на Родион Романович, а на крајот опширно им ја опиша и неговата болест. Впрочем, многу изостави, а и мораше да изостави, меѓу другото, и сцената во канцеларијата со сите нејзини последици. Неговото

раскажување беше жедно слушано, но кога си помисли, дека веќе завршил и ги задоволил слушателките, излезе дека, според нивното мислење, всушност, уште нема ни почнато.

— Кажете ми, кажете ми, што мислите вие... ах, извинете, уште не ви го знам името, — брзо-брзо зборуваше Пулхерја Александровна.

— Дмитриј Прокофјич.

— Јас, значи, Дмитриј Прокофич, многу, многу сакам да знам... како гледа... сега на работите воопшто тоест, како да ви кажам за да ме разберете, тоест, подобро да речам: што сака а што не сака? Дали тој секогаш е вака раздразлив? Какви се неговите желби и, така да се изразам, мечти, ако може така да се каже? Што го интересира најмногу, еве, токму сега? Со еден збор, јас би сакала...

— Ах, мамо, зарем може да се одговори на сето тоа, вака наеднаш! — забележа Дуња.

— Ах, господе, ама јас воопшто не очекував, Дмитриј Прокофјич дека ќе го затечам ваков.

— Тоа е сосем природно — одговори Дмитриј Прокофјич. — Јас немам мајка, а стрико ми секоја година доаѓа ваму и речиси секојпат не ме познава, дури ни по надворешноста, а е паметен човек; да, а за три години, колку што не сте заедно, многу вода има истечено. А и што да ви речам? Родиона го познавам година и пол: нерасположен е, мрачен, занесен, горделив; во последно време (а можеби и многу порано) е недоверлив и хипохондар. Великодушен е и добар. Своите чувства не љуби да ги искажува, па помило му е да биде суров, отколку со зборови да каже што има во срцето. Но понекогаш воопшто не е хипохондар, ами просто е студен и бесчувствен до нечовечност, како во него со ред да се менуваат два спротивни карактера. Понекогаш е сосем неразговорлив! Постојано нема време, сите му пречат, а таму тој лежи, ништо не работи. Не е подбивен, но не затоа што нема дух, туку како да нема време за такви глупости. Не слуша докрај, што му се зборува. Никогаш не се интересира за она, за кое во тој миг се интересираат други. Многу високо се цени себеси и, се

чини, како да има донекаде право за тоа. Уште што да ви кажам?... Ми се чини дека вашето доаѓање ќе дејствува врз него спасоносно.

— Ах, да даде господ! — викна Пулхерја Александровна, измачена со тоа што го раскажа Разумихин за Родја.

А Разумихин, најпосле, похрабро ја погледна Авдотја Романовна. Често погледнуваше во неа додека разговараа, но бегло, само мигновено, и пак го тргнуваше погледот. Авдотја Романовна де седнуваше на масата и внимателно слушаше, де стануваше и пак почнуваше по својот обичај да шетка од едниот до другиот агол, со скрстени раце, стиснати уснички, и поретко прашуваше, не прекинувајќи го шеткањето, замислена. И таа имаше обичај, да не го слуша докрај тоа што ѝ се зборува. Беше облечена во некаков темен фустан од лесна материја, а околу вратот имаше бел, прозирен шал. Според многу знаци, Разумихин веднаш забележа, дека состојбата на обете жени е многу бедна. Да беше Авдотја Романовна облечена како кралица, сигурно немаше од ништо да се плаши; но сега, можеби, токму затоа што е вака сиромашки облечена и затоа што ја виде сета таа бедна состојба, срцето му се исполни со страв и тој почна да се плаши од секој свој збор, од секој гест што беше срамно за човек што и без тоа немаше доверба во себе.

— Вие ни раскажавте многу интересни работи за карактерот на брат ми и... раскажавте непристрасно. Тоа е добро; јас мислев дека вие се стеснувате од него, — забележа со насмевка Авдотја Романовна. — Се чини, и веројатно е така, дека покрај него се наоѓа некоја жена — додаде таа замислена.

— Јас не реков така, впрочем, можеби имате право во тоа, само...

— Што?

— Та тој не сака никого; можеби и никого нема да засака — дофрли Разумихин.

— Тоест, не е способен да засака?

— Па знаете, Авдотја Романовна, и вие многу прилегате на брат ви, дури во сè! — истресе тој на-

еднаш, ненадејно дури и за себеси, но веднаш се сети, за тоа што ѝ рече, всушност, за брат ѝ, па се зацрвени, како рак, и целиот се збуни.

Авдотја Романовна мораше да се насмее.

— Што се однесува до Родја, веројатно се лажете и двајцата — се замеша во разговорот Пулхерја Александровна, малку засегнато. — Јас не зборувам за ова што е сега, Дуња. Она, што го пишува Петар Петрович во писмово... и што го мислевме јас и ти — можеби не е вистина, но вие не би можеле ни да замислите, Дмитриј Прокофјич, колку фантастичен, и како да речам, колку своеглав е тој. Никогаш не сум можела да се потпрам на неговиот карактер, ни тогаш, кога имаше само петнаесет години. Јас сум уверена дека тој и сега би можел одеднаш да направи со себе нешто што никогаш никој не би помислил да го направи... Еве веднаш ова: знаете ли вие, колку ме вчудовиди, возбуди и речиси сосем ме уби, пред една година кога имаше решено, да ја земе онаа, како се вика, — ќерката — на таа Зарницина, својата газдарица?

— Знаете ли вие нешто повеќе за таа работа? — праша Авдотја Романовна.

— Вие мислите — продолжи Пулхерја Александровна запалено, дека тогаш него би го задржале моите солзи, моите молби, мојата болест, мојата смрт, нашата сиромаштија? Со мирна душа би ги пречекорил сите тие пречки. А зарем нè сака, зарем нè сака?

— За таа работа тој самиот никогаш ништо не зборувал со мене — одговори Разумихин претпазливо — но јас нешто имам слушнато од самата Зарницина, која, исто така, на свој начин, не е многу зборлива, а тоа што го слушнав е накако навистина необично.

— А што, што сте слушнале? — прашаа заедно двете...

— Впрочем ништо што може да биде особено. Дознав само дека ни на самата госпоѓа Зарницина не ѝ бил по волја тој брак, кој веќе бил договорен и до кој не дошло само поради смртта на свршени-

цата... Освен тоа, велат, свршеницата не била воопшто убава, тоест велат, дека била дури и грда... и многу болна, и... и чудна. Впрочем, се чини, дека имала некои добри особини. Секако имала некои добри особини; инаку ништо не би можело да се сфати... немала ни мираз, но тој не би ни сметал со мираз... Во таквата работа воопшто тешко е да се дава оценка.

— Јас сум уверена, дека била добра девојка, — забележа кратко Авдотја Романовна.

— Господ да ми прости, а јас тогаш сепак се радував со нејзината смрт, иако не знам, кој кого би го запустил: тој неа, или таа него? — заврши Пулхерја Александровна, а по малку пак започна да прашува за вчерашната сцена помеѓу Родја и Лужин, претпазливо, подзастанувајќи и непрестајно погледнувајќи ја Дуња, на која поради ова очигледно ѝ беше многу непријатно. Тој случај, ја вознемируваше повеќе од сè, така што се плашеше и се тресеше. Разумихин сè ѝ раскажа одново, подробно, но сега го додаде и своето мислење: тој отворено го обвини Раскољникова, дека намерно го навредил Петар Петровича, притоа сосем малку оправдувајќи го со болеста.

— Така тој мислеше уште пред да се разболи, — додаде.

— И јас мислам така, — рече Пулхерја Александровна очаена. Но многу ја изненади тоа што Разумихин за Петар Петрович се изразуваше внимателно и дури како со некакво почитување. Тоа ја изненади и Авдотја Романовна.

— Значи, што мислите вие за Петар Петрович? — не можеше да се воздржи да не праша Пулхерја Александровна.

— За идниот маж на вашата ќерка јас не можам да имам поинакво мислење, — одговори Разумихин решително и пламено, — и ова не го велам само поради вообичаената учтивост, туку затоа... затоа што... па, макар и само затоа што Авдотја Романовна самата, доброволно, се удостоила да го одбере тој човек. А вчера јас се карав со него затоа што бев

премногу пијан и уште... луд, да луд, мрднат од умот, сосем... и денеска се срамам!...

Поцрвени и замолчи. Авдотја Романовна пламна, но не го прекина молчењето. Од моментот кога започнаа за Лужин, таа не рече ни збор.

Меѓутоа, Пулхерја Александровна, очигледно чувствувајќи се незгодно, бидејќи таа не ѝ помагаше. Најпосле, постојано запирајќи во зборувањето и погледнувајќи во ќерката, рече дека сега многу ја загрижува една работа.

— Гледајте, Дмитриј Прокофјич, — започна. — Јас ќе бидам сосем искрена со Дмитриј Прокофјич, Дуњечка?

— Па, се разбира, мамо — ѝ одобри Авдотја Романовна.

— Еве, што е, — побрза да рече таа, како да паднало од неа некакво бреме, затоа што ја кажува својата мака. — Изутрина, многу рано, добивме од Петар Петрович писмо, како одговор на нашата вчерашна вест за доаѓањето. Гледајте, вчера требаше да нè чека на станицата, како што вети. Наместо тоа, на станицата дојде да нè чека некаков лакеј, кој ни ја даде адресата на ова преноќиште, и ни го покажа патот, а Петар Петрович ни порача, дека овде ќе дојде денеска изутрина. Наместо него, изутринава ни пристигна, еве, овој лист... Најдобро е самиот да го прочитате, тука има една точка која многу ме вознемирува... Веднаш ќе видите, каква е таа точка, и... искрено кажете ми го вашето мислење, Дмитриј Прокофјич! Вие подобро од сите знаете каков карактер има Родја, и подобро од сите можете да го посоветувате. Ви велам однапред дека Дуњечка веќе се има решено, од првиот момент, но јас, јас уште не знам како да постапам и... ве чекав само вас.

Разумихин го отвори листот, обележан со вчерашен датум, и го прочита ова:

Милостива госпоѓо. Пулхерја Александровна, имам чест да ве известам, дека ненадејно бев спречен, и не можев да ве пречекам на перонот, па затоа ви испратив еден многу вешт човек. Исто така, не ќе

имам чест ни утре изутрина да се сретнам со вас, поради неодложна работа во сенатот и за да не ви ја попречам роднинската средба, вам со вашиот син, а на Авдотја Романовна со нејзиниот брат. Ќе ми биде многу чест, да ве посетам, и да ве поздравам во вашиот стан дури утре, точно во осум часот попладне, при кое се осмелувам да ја додадам мојата уверлива и притоа непопустлива молба, на нашата заедничка средба да не присуствува Родион Романович, бидејќи тој мене нечуено и непристојно ме навреди при мојата посета кај него, кога беше болен, а, освен тоа, треба со вас подробно да објаснам некои работи, за кои би сакал да го дознам вашето сопствено толкување. Освен тоа, имам чест да ве известам однапред, дека јас, ако, спротивно на мојата молба, таму го сретнам Родион Романович, ќе бидам присилен, веднаш да се оддалечам, па потоа обвинувајте се себеси. Ова го пишувам, имајќи на ум дека Родион Романович, кој при мојата посета изгледаше толку болен, по два часа наеднаш оздрави, па штом излезе од дома, може да дојде и кај вас. За тоа се уверив со своите сопствени очи, во станот на еден пијаница, кого го прегазија коњи, па од тоа умре, а на неговата ќерка, девојка со лошо поведение, тој вчера ѝ даде дваесет и пет рубли, под изговор дека е за закоп, што мене многу ме зачуди, бидејќи знам со колкава мака ја собравте таа сума. Притоа како доказ за мојата посебна почит спрема уважената Авдотја Романовна, молам, да повелите да ги примите чувствата на почит и оданост,

од вашиот покорен слуга
П. Лужин“

— Што да правам сега, Дмитриј Прокофјич? — праша Пулхерја Александровна, речиси плачејќи. — А како да му речам на Родја да не доаѓа? Тој вчера со сета сила настојуваше да го одбиеме Петар Петрович, а сега ни се наредува да не го примиме него! А тој, нарочно, ќе дојде кога ќе дознае, и... што ќе стане?

— Постапете така, како што решила Авдотја Романовна — веднаш и мирно одговори Разумихин.

— Ах, господи? Таа вели... кој знае што вели таа, а не ми ја објаснува целта! Таа вели дека ќе биде подобро, тоест, не подобро, ами дека, секако, треба да биде, дека Родја нарочно денеска треба да дојде во осум часот и тие секако да се состанат... А јас немав намера да му го покажувам ни писмово, ами некако итро да уредам, со ваша помош, да не дојде... зашто тој е од оние што многу лесно се лутат... А и ништо не знам за тоа каков пијаница умрел, и каква е ќерка му, и како можел на таа ќерка да ѝ ги даде своите последни пари... што...

— Што ги собравте со тешка мака, мамо, — додаде Авдотја Романовна.

— Тој вчера не беше при свест — тивко рече Разумихин. — Да знаете вие што направил вчера во една гостилница, вистина умно... Хм! Вчера, кога се враќавме дома, тој ми зборуваше нешто за некој си умрен и за некоја девојка но јас не разбрав ни збор... Впрочем, и јас вчера...

— Најдобро е, мамо, ние да одиме кај него; ве уверувам таму веднаш ќе видиме што треба да правиме, а веќе е и време! Господи! единаесет часот, — викна таа откако погледна на својот прекрасен златен, емајлиран часовник, што ѝ висеше на вратот на танко венецијанско синџирче и никако не се согласуваше со нејзиниот изглед.

„Подарок од свршеникот", си помисли Разумихин.

— Ах, време е!... Време е, Дуњечка, време — се растревожи Пулхерја Александровна. — Уште ќе помисли дека ние се лутиме поради вчерашното, штом толку долго време не доаѓаме. Ах, господи!

Кога го зборуваше тоа, веќе набрзина го облекуваше палтото и си ја местеше шапката; се облече и Дуњечка. Нараквиците ѝ беа ветви и испокинати; Разумихин го забележа тоа, па сепак таа очигледна сиромаштија на облеките им даваше на двете дами

некаква посебна достоинственост, како што се случува секогаш кај оние, што знаат дека носат сиромашка облека. Разумихин со почит гледаше во Дуњечка, и се гордееше дека тој ќе ја води.

„Кралицата“, — си мислеше во себе — „што си ги крпела чорапите в затвор, во тој момент повеќе прилегала на вистинска кралица, отколку за време на блескавите свечености и паради.“

— Господи! — викна Пулхерја Александровна — зарем сум сонувала јас, дека ќе ми е страв од средбата со синот, милиот Родја, како што се плашам сега!... Јас се плашам, Дмитриј Прокофјич, — додаде таа, вознемирено погледнувајќи го.

— Не плашете се, мамо, рече Дуња бацувајќи ја — туку верувајте во него! Јас верувам.

— Ах, господи! И јас верувам, но са ноќ не мигнав со око... — лелекна кутрата.

Излегоа на улица.

— Знаеш, Дуњечка, кога пред зори малку дремнав, сонував дека ја гледам покојната Марфа Петровна... И сета во белина... Ми пристапи, ме фати за рака, и си ја нишка главата, и толку остро, остро, како да ме кара... Дали ќе излезе на добро? А, господи, Дмитриј Прокофјич, вие уште не знаете: Марфа Петровна умре!

— Не не знам; а која Марфа Петровна?

— Наеднаш! И замислете си...

— Подоцна, мамо — се замеша Дуња, та господинот уште и не знае, која е Марфа Петровна.

— Ах, не знаете? А јас мислев, дека веќе знаете сè. Извинете, Дмитриј Прокофјич, мене деновиве просто ми се мати умот. Навистина ве сметам за наше провидение, затоа бев толку уверена, дека вие веќе знаете сè. Јас ве сметам за свој роден... Немојте да се лутите што го велам ова. Ах, господи, што ви е тоа на десната рака? Сте се повредиле?

— Да, се повредив, — промрмори Разумихин зарадуван.

— Јас понекогаш зборувам премногу од срце, така што Дуња ме поправа... Но, господи, во каква собичка живее тој! И таа жена, неговата газдарица, тоа го смета за соба? Слушајте, вие велите, дека тој не љуби да поткажува, што му лежи на срцето, па можеби јас ќе му здодеам со своите... слабости?... Не можете ли да ме поучите, Дмитриј Прокофјич, како да постапам со него? Знаете, јас сум сета збунета.

— Немојте премногу да го прашувате за ништо, ако забележите дека се мурти; особено немојте многу да го прашувате за здравјето: тој не го сака тоа.

— Ах, Дмитриј Прокофјич, колку е тешко да се биде мајка! Но, еве, ги и скалите... Колку страшни се скаливе!

— Вие, мамо, побледнавте; смирете се, драга — рече Дуња умилкувајќи ѝ се. — Треба да биде среќен, што ве гледа, а вие вака се нервирате — додаде и очите ѝ светнаа.

— Почекајте, јас најпрвин ќе sирнам дали е разбуден?

Дамите тргнаа полека по Разумихин, кој по скалите се качуваше пред нив, а кога стигнаа на четвртиот кат пред вратата на газдарицата забележаа дека нејзината врата е подотворена, и дека од темнината ги гледаат две остри, црни очи. Но кога им се сретнаа погледите, вратата со тресок се затвори така што Пулхерја Александровна викна од страв.

III

— Здрав е! Здрав! — весело им викна Зосимов кога влегуваа. Тој дошол пред десетина минути, па седеше во својот вчерашен агол на диванот. Во спротивниот агол седеше Раскољников, сосем облечен, дури и грижливо измиен и исчешлан, што веќе одамна не го правеше. Веднаш собата се наполни, но Настасја сепак се втурна зад посетителите за да слуша.

Раскољников навистина беше речиси сосем здрав, особено кога ќе се спореди со вчерашниот ден, само многу блед, расеан и мрачен. По надворешноста прилегаше на ранет, или на човек што трпи страшна физичка болка: ги беше собрал веѓите, усните и ги беше стиснал, очите му гореа. Зборуваше малку и сосила, како по должност, а во гестовите понекогаш се забележуваше немир.

Уште да имаше завој на раката, или капче од тафт на прстот, сосем ќе прилегаше на човек на кој му гнои прстот, или на кој му е повредена раката, или нешто слично.

Но и на тоа бледо, мрачно лице наеднаш блесна некаква светлина, кога влегоа мајката и сестрата, но таа на неговиот израз место поранешната мрачна расеаност, му придаде само уште пососредоточна мака. Блесокот брзо му се угасна, но маката му остана, така што Зосимов кој го гледаше и го проучуваше својот пациент со сосем младешки жар на новопечен лекар, за чудо кога му дојдоа роднините, наместо радост, забележа на него некаква тешка, скриена решителност, да издржи некоја минута мачење од кое не може да побегне. Потоа забележа дека секој збор во разговорот му засегнува во некаква рана и му ја повредува; но воедно и му се восхити донекаде на мономанот кој вчера за секој збор паѓаше во бес, а денеска умееше да владее со себеси и да ги прикрива своите чувства.

— Да, сега и самиот гледам, дека сум речеси сосем здрав — рече Раскољников, љубезно бацувајќи ги мајка си и сестра си, така што Пулхерја Александровна веднаш светна од радост — а, еве, веќе не зборувам *како вчера* — додаде тој, обрнувајќи му се на Разумихин и пријателски стискајќи му ја раката.

— Јас дури и се зачудив денеска, — започна Зосимов, кој многу се зарадува со доаѓањето на гостите, бидејќи за десет минути веќе беше пресушил неговиот разговор со болниот. — По три-четири дена, ако оди вака, ќе биде сосем, како што си беше, тоест, како што беше пред еден месец, или пред два... или

можеби и три? Та тоа одамна почнало да му се подготвува... Нели? Признавате ли сега, дека сте можеби и самиот виновен? — додаде тој со внимателна насмевка, како сè уште да се плаши, дека може со нешто да го раздразни.

— Можеби — одговори Раскољников студено.

— Ова го велам — продолжи Зосимов кој беше занесен — затоа што од самиот вас зависи дали ќе оздравите наполно. Сега, кога веќе може да се разговара со вас, сакам да ви внесам во главата, дека секако мора да се отстранат првите, така да ги наречам: основните причини, што влијаеја, да се разболите; потоа ќе се излекувате, а ако не биде така, ќе ви биде уште полошо. Јас не ги знам првите причини, но вам, секако, ви се познати. Вие сте умен човек, па, секако, сте се посматрале себеси. Мене ми се чини, дека вашето растројство започнало, донекаде, кога сте го напуштиле универзитетот. Вие не смеете да останувате без работа, така што, ми се чини, работата и цврсто поставената цел би можеле многу да ви помогнат.

— Да, да, имате право... јас што побрзо ќе се запишам на универзитет, а потоа сè ќе мине... како подмачкано...

Зосимов, кој своите умни совети почна да ги дава донекаде и заради ефект пред дамите, пак прилично се вчудовиди кога го заврши зборувањето и го погледна својот слушател, зашто на лицето му забележа решителна насмевка. Впрочем, тоа траеше само еден миг. Пулхерја Александровна веднаш фати да му благодари на Зосимов, особено за тоа дека синоќа ги посетил во преноќиштето.

— Што, тој синоќа беше кај вас? — праша Раскољников и како да се подналути. — Значи, ни вие не сте спиеле по патувањето.

— Ах, Родја, ама тоа беше до два часот. Јас и Дуња дома никогаш не си легнуваме пред два часот.

— Ни јас не знам, како да му заблагодарам, — продолжи Раскољников, па наеднаш се намурти и се

наведна. — А и да не зборувам за парите — извинете што го споменувам тоа (му се обрна тој на Зосимов) — јас не знам, со што сум заслужил што ми изразувате толку големо внимание? Просто не сфаќам... и, искрено ви велам дури ме мачи, зашто ми е неразбирливо.

— Ама немојте да се лутите — се насмеа Зосимов сосила; — помислете, дека вие сте мојот прв болен, а лекарот, кој штотуку ја започнал практиката, ги сака своите први пациенти како сопствени деца, а по некој и се заљубува во нив. А, ете, јас не сум богат со пациенти.

— За него и не зборувам — продолжи Раскољников, покажувајќи на Разумихина, — но ни тој од мене нема видено ништо друго, освен навреди и грижи.

— Еве како лаже! Зошто си денеска вака чувствено расположен? — викна Разумихин.

Да беше попрониклив, ќе видеше, дека тука воопшто нема чувствено расположение, ами нешто спротивно. Но Авдотја Романовна го забележа тоа. Таа беше возбудена и остро го посматраше својот брат.

— О вам, мамо, не смеам ни да ви зборувам — продолжи тој, како да кажува изутрина научена лекција. — Денеска некако сфатив, колкава мака сте виделе вчера овде, очекувајќи го моето освестување.

Кога го изговори тоа, одеднаш ѝ ја подаде раката на сестра си, молчејќи и смешкајќи се. Но во таа насмевка сега светна вистинско, неизвештачено чувство. Дуња веднаш му ја подзеде раката и топло му ја стисна, зарадувана и благодарна. Нејзе ѝ се обрнуваше првпат по вчерашната расправија. На мајката ѝ светна лицето од восхит и среќа, кога го виде ова конечно и молчаливо помирување на братот со сестра си.

— Ете, поради ова го сакам него — шепна Разумихин, кој претеруваше во сè, и енергично се сврти на столот. — Има тој вакви гестови!

„И колку убаво излегува кај него сè“ — мислеше мајка му во себе. — „Колку благородни чувства

има во него и како едноставно, нежно ја заврши сета таа вчерашна незгода со сестра си — само со тоа, што во погоден момент ѝ ја подаде раката и убаво ја погледна... А колку му се убави очите и колку му е убаво целото лице!... Тој е поубав од Дуњечка... но, господи, каква му е облеката, колку лошо е облечен!... Разнесувачот во дуќанот на Афанасиј Иванович, Васја, подобро е облечен!... И би сакала само да му се фрлам и да го прегрнам и... да заплачам, — но се плашам, се плашам... каков е тој, господи!... еве, зборува љубезно, но јас се плашам! а од што се плашам!..."

— Ах, Родја, нема ни да поверуваш, — проговори таа наеднаш, за да одговори брзо на неговата забелешка, — колку несреќни... бевме вчера јас и Дуња! Но сега кога мина и заврши сè и кога пак сме среќни сите, можам да ти раскажам. Замисли си, ние дојдовме, да те прегрнеме, скоро право од вагонот, а таа жена — но, еве ја неа! Здраво, Настасја!... Таа наеднаш ни вели дека имаш пијанско лудило, и дека кришум си побегнал откај лекарот на улица, во бунило, па отрчале да те бараат. Ти не ќе поверуваш, како ни беше нам! Мене веднаш ми се јави пред очи трагичното загинување на поручникот Потанчиков, наш познат, пријател на татко ти — Родја, ти не го паметиш — и тој во пијанско лудило, исто така, истрча на улица и надвор падна в бунар, утредента го извадија. А ние, сфаќате ли, си помисливме и нешто полошо. Сакавме да излеземе, да го побараме Петар Петрович, па барем со негова помош... Та ние бевме сосем сами — развлече таа со жален глас, а потоа наеднаш запре, зашто се сети дека уште е прилично опасно да започнува разговор за Петар Петрович, иако „сите пак се сосем среќни".

— Да, да... се разбира, сето тоа е гадно... — промрмори Раскољников, кој беше толку расеан и невнимателен, што Дуњечка го погледна вчудовидено.

— Што сакав јас? — продолжи тој, мачејќи се да се сети — да: ве молам, мамо, и ти Дуњечка, немојте да мислите дека јас денеска немав намера прв

да дојдам кај вас, и дека чекав вие да дојдете кај мене.

— Ама што зборуваш, Родја! — викна Пулхерја Александровна, исто така зачудена.

„Што прави тој, како по некаква должност ни одговара?“ — си помисли Дуњечка — „и се помирува, и моли за простување, како да држи богослужба, или како да повторува научена лекција“.

— Јас штотуку се разбудив и сакав да дојдам кај вас, но ме задржа облеката; заборавив вчера да ѝ речам... на Настасја... да ја измие крвта... сега дури стигнав да ја облечам.

— Крв! Каква крв? — се растревожи Пулхерја Александровна.

— Тоа е... немојте да се возбудувате! Крвта е оттаму што вчера кога шетав, некако во бунило, наидов на еден прегазен човек... чиновник...

— Во бунило? Па, еве, ти се сеќаваш за сè — го прекина Разумихин.

— Вистина е — му одговори Раскољников, некако посебно загрижен, — се сеќавам за сè, до најмалата подробност, но, ете: зошто го направив тоа, и зошто отидов таму, и зошто го велев тоа, не знам добро да објаснам.

— Премногу позната појава — се замеша Зосимов — извршувањето на делото понекогаш е мојсторско, премногу итро, но управувањето со постапките, нивната основа е растроена и зависи од разни болни впечатоци. Како на сон.

„А и добро е што тој ме смета за речиси луд човек“, — помисли Раскољников.

— Тогаш и здравите се исти такви — забележа Дуњечка, вознемирена гледајќи го Зосимова.

— Прилично добро забележавте — одговори тој — во таа смисла, навистина сите ние многу често сме речиси луди, само со мала разлика, зашто „болните“ се малку поулави од нас; затоа тука треба јасно да се определи границата. Но хармоничен човек, тоа е вистина, речиси и нема; на десетици, а можеби и на многу стотици илјади се наоѓа по еден, но и тоа е прилично слаб примерок...

Сите се намуртија при зборот „луди", што непретпазливо го употреби Зосимов, кога се расприкажа за својата сакана тема. Раскољников седеше, како да не му обрнува внимание на тоа, замислен, со чудна насмевка на бледите усни. Постојано нешто размислуваше.

– И што стана со прегазениот? Јас те прекинав! — викна Разумихин.

— Што? — се стресе Раскољников, како да се разбуди. — Да... се извалкав со крв, кога помагав, да го пренесеме во неговиот стан... Навистина, мамо, вчера направив нешто непростиво: како навистина да немав ум во главата. Вчера јас ги дадов сите пари што ми ги испративте... и ги дадов на неговата жена... за закоп. Сега туберкулозната жена е за жалење... има три ситни сирачиња, гладни... куќата и е празна... а има и уште една ќерка... Можеби и вие самата ќе дадевте, ако видевте... Впрочем, признавам дека немав никакво право, особено кога знаев како сте ги собирале тие пари. Ако сакаш да помагаш, најпрвин треба да имаш право за тоа, а инаку: „Crevez chiens, si vous n'êtes pas contents!"[1]) — тој се насмевна. — Така ли е, Дуња?

— Не, не е така — одговори Дуња тврдо.

— Ех! Па и ти... намерно!... — промрмори тој, ја погледна скоро со омраза, и подбивно и се насмевна. — Морав да го имам предвид тоа... што можеш, и за пофалба е; а пак за тебе е и подобро... зашто ќе дојдеш до таква граница, која ако не ја пречекориш, ќе бидеш несреќна, а ако ја пречекориш, можеби уште понесреќна... Но сето тоа се глупости! — додаде тој нерасположен, лутејќи се, што се испушти без да сака. — Сакав само да речам, дека ве молам за прошка. — заврши тој отсечно.

— Немој, Родја! Јас сум уверена дека сè што правиш ти, сè е прекрасно! — рече мајка му зарадувана.

---

[1]) Умирајте, кучиња, ако не сте задоволни — фр.

— Не верувајте — одговори тој и устата му се искриви во насмевка.

Сите молчеа. Имаше нешто затегнато во целиот разговор, и во молчењето и во измирувањето, и во простувањето, и сите го чувствуваа тоа.

„Како да се плашат од мене“, си мислеше во себе Раскољников, гледајќи ги подоко мајка си и сестра си. Пулхерја Александровна, навистина, сè повеќе се плашеше.

„Додека не бев со нив, ми се чини, ги сакав“, му дојде во главата.

— Знаеш, Родја, умре Марфа Петровна! — наеднаш проговори Пулхерја Александровна.

— Која Марфа Петровна?

— Ах, господе, ама Марфа Петровна Свидригајлова! Толку многу ти напишав за неа.

— А-а-а, да, се сеќавам... Значи, умрела? Ах, навистина ли? — се стресе тој наеднаш, како да се разбуди. — Зарем умрела? А од што?

— Ете, така, наеднаш! — бргу-бргу рече Пулхерја Александровна, охрабрена од неговото љубопитство. — И токму тогаш, кога ти го испратив писмото, истиот ден! Замисили си, оној страшен човек, како да беше виновен и за нејзината смрт. Велат, дека безмилосно ја истепал!

— Зарем така живееја тие? — праша Раскољников, обрнувајќи ѝ се на сестра си.

— Не, напротив. Со неа тој секогаш беше стрплив, дури и пристоен. Многупати попушташе пред нејзиниот карактер, цели седум години... Некако наеднаш ја изгубил стрпливоста.

— Веројатно, значи, тој воопшто не е толку страшен, штом издржал седум години? Дуњечка, ми се чини, ти го оправдуваш него.

— Не, не, тој е ужасен човек! Поужасен човек не би можела да си замислам — одговори Дуња, и речиси истрпна, ги намурти веѓите и се замисли.

— Тоа кај нив се случи изутрина — продолжи Пулхерја Александровна, брзајќи. — Потоа таа нареди веднаш, да ги впрегнат коњите за веднаш да

отиде в град, зашто таа во такви случаи секогаш оде-ше в град; велат, на ручекот, јадела со голем апе-тит...

— Така, истепана?

— Впрочем, отсекогаш таа имаше таква... нави-ка, а штом се наручала, веднаш отишла во бањата, за да не задоцни за на пат... Знаеш, таа таму некако се лекувала со бањање; тие имаат студен извор и таа во него се бањала секој ден, па само што влегла во во-дата, добила удар!

— Глупости! — забележа Зосимов.

— А многу ли ја истепал?

— Ама тоа е сеедно — се јави Дуња.

— Хм! Впрочем, зарем имате желба, мамо, да раскажувате вакви одвратности — рече Раскољников раздразнет и некако не сакајќи.

— Ах, мил мој, па јас не знаев за што да збо-рувам, — рече Пулхерја Александровна.

— Зарем сите вие се плашите од мене, или што ви е? — праша тој, искривувајќи ја устата во на-смевка.

— Тоа е вистина — одговори Дуња, гледајќи го брата си остро во лицето. — Кога се качувавме по скалите, мама се крстеше, се разбира, од страв.

Лицето ѝ се искриви како од грч.

— Ах, што зборуваш Дуња! Родја, немој да се лутиш, те молам... Зошто, Дуња! — проговори Пул-херја Александровна. — Вистина, јас по патов за на-ваму, постојано си мечтаев во вагонот за тоа, како ќе се состанеме, како ќе си раскажете еден на друг за сè... бев многу среќна, така што не го почувствував патот! Но, што ми е! И сега сум среќна... Зошто Дуња... јас сум среќна и само со тоа што те гледам тебе, Родја...

— Немојте, мамо — промрмори тој збунет, не гле-дајќи ја, ѝ ја стисна раката — има време, ќе разгова-раме!

Кога го рече тоа, ненадејно се збуни, побледна; пак едно скорешно ужасно чувство му мина по душа-та, како студени морници и пак наеднаш му стана сосем јасно и разбирливо, дека во овој миг кажа ужас-

на лага, бидејќи не само што никогаш не ќе има време, да се изнаприкаже, ами тој сега за ништо, веќе, никогаш и со никого не може да *разговара*. Толку силен беше впечатокот на мислата што го мачеше, па речиси сосем се занесе; стана и не гледајќи никого тргна да излезе од собата.

— Што ти е? — викна Разумихин фаќајќи го за раката.

Тој пак седна, и почна молчејќи да разгледува наоколу; сите го гледаа зачудени.

— А зошто сте вие олку здодевни — викна наеднаш, сосем ненадејно, — кажете нешто! Зошто да седиме вака! Ајде, почнете! Ајде да разговараме... Сме се собрале и молчиме... Ајде, нешто!

— Фала му на бога! А јас мислев дека го фаќа вчерашното! — рече Пулхерја Александровна прекрстувајќи се.

— Што ти е, Родја? — праша недоверливо Авдотја Романовна.

— Така, ништо, се сетив за една работа — одговори тој и наеднаш се насмеа.

— Ако е работа, тогаш е добро! А и јас веќе си помислив... — промрмори Зосимов, станувајќи од диванот. — Јас веќе треба да си одам; можеби ќе наминам пак... Ако најдам...

Се поклони и си отиде.

— Многу добар човек! — забележа Пулхерја Александровна.

— Да, прекрасен, прекрасен, образован, умен, — рече наеднаш Раскољников, некако ненадејно и бргу-бргу, и со некоја дотогаш необична живост; — веќе не се сеќавам каде сум го среќавал порано... Ми се чини, сум го среќавал некаде... Еве, и овој, исто така, е добар човек! — мавна тој со глава кон Разумихин. — Ти се допаѓа ли тебе, Дуња? — праша тој ненадејно и којзнае зошто се насмеа.

— Многу — одговори Дуња.

—Уф, каква свиња... си ти... — изговори Разумихин силно збунет, па се зацрвени и стана од столот.

Пулхерја Александровна тивко се насмевна, а Раскољников силно се закикоти.

— Ама каде ќе одиш?

— И јас треба . . . морам.

— Воопшто не мораш, остани! Зосимов си отиде, па сега си морал и ти. Не оди си . . . А колку е часот? Има ли дванаесет? Колку е убав твојот часовник, Дуња! Ама зошто замолчивте пак? Постојано само јас зборувам, и само јас! . . .

— Ова е подарок од Марфа Петровна, — одговори Дуња.

— А часовникот е скапоцен, — додаде Пулхерја Александровна.

— А-а-а? Колку е голем, речиси и не е женски часовник.

— Јас сакам таков — рече Дуња.

„Значи, не е подарок од свршеникот“ — си помисли Разумихин и поради нешто се зарадува.

— А јас си мислев, дека тој е подарок од Лужин — забележа Раскољников.

— Не, тој ништо не ѝ подарил на Дуњечка.

— А-а-а! Се сеќавате ли, мамо, јас бев заљубен и сакав да се оженам — рече тој ненадејно, гледајќи ја мајка си, која беше вчудовидена и од неочекуваниот пресврт и од тонот со кој зборуваше за тоа.

— Ах, мил мој, да!

Пулхерја Александровна ја погледна Дуњечка а потоа и Разумихина.

— Хм! . . . Да! А што да ви раскажувам? И јас слабо се сеќавам. Таа беше едно болно девојче — продолжи тој, и како пак да се замисли и се повлече — секогаш болежливо; имаше обичај на питачите да им дава милостиња и секогаш мечтаеше за манастирите, а еднаш, кога започна да ми зборува за тоа дури и се расплака; да, да . . . се сеќавам . . . добро се сеќавам. Таа беше мало будалче . . . Навистина, не знам зошто ја засакав, веројатно затоа што постојано боледуваше . . . Да беше уште и куца, или грбава, јас веројатно уште посилно ќе ја сакав . . . (се насмевна мрачно) Да . . . тоа беше некаква пролетна фантазија . . .

— Не, не се работи само за пролетна фантазија — викна Дуњечка.

Тој внимателно и напрегнато ја погледна сестра си, но не ги слушна или не ги разбра нејзините зборови. Потоа длабоко замислен стана, дојде до мајка си, ја бацi, се врати на своето место и седна.

— Уште ли ја сакаш неа? — праша трогнато Пулхерја Александровна.

— Неа? Сега? Ах... вие зборувате за неа! Не ја сакам. Како сево ова сега да е на тој свет... и многу далеку. Па како сево ова околу нас и да не се случува овде...

Ги погледна внимателно.

— Еве и вас... како да ве гледам од далечина од илјадници врсти... А, ѓаволот знае, зошто зборуваме за тоа! И зошто прашуваме за тоа! — додаде тој налутено, па замолкна, грицкајќи си ги ноктите и пак потонувајќи во мисли.

— Колку ти е лош станов, Родја, вистински мртовечки сандак — проговори Пулхерја Александровна, прекинувајќи го непријатното молчење. — Јас сум уверена, дека половината причина што си станал ваков меланхоличар е во ваквиов стан.

— Во станов?... — одговори тој расеано. — Да, станот многу припомогна... и јас така си мислев... А да знаете само, мамо, каква необична мисла, искажавте, еве, сега — додаде тој и чудно се насмевна.

Уште малку требаше, па да му стане неподнесливо и друштвото, и роднините, иако три години не се имаше видено со нив, и роднинскиот тон во разговорот, на кој не можеш да зборуваш за ништо. Но тој имаше една неодложна работа, која мораше по секоја цена да ја сврши денеска — така реши пред малку, кога се разбуди. Сега тој се зарадува поради таа *работа*, зашто претставуваше излез од сегашната ситуација.

— Знаеш што, Дуња — започна тој сериозно и суво — јас, се разбира, те молам, да ми простиш за вчерашното, но јас сметам дека ми е должност да ти напомнам, оти не отстапувам од своето главно барање. Или јас, или Лужин. Ако сум подлец јас, ти не

треба да бидеш. Едниот од нас двајца. Ако се омажиш за Лужин, од тој момент јас веќе не ќе те сметам за сестра.

— Родја, Родја! Та ова е исто, како вчера! — викна намуртена Пулхерја Александровна. — А тоа што ти постојано се викаш себеси подлец, јас не можам да го поднесам! И синоќа правеше така!

— Брате — одговори Дуња решително и, исто така, суво — во сето тоа ти се лажеш. Јас ноќеска размислив и открив во што се лажеш. Сè е во тоа што, ми се чини, сметаш дека божем јас се жртвувам за некого и пред некого. Но воопшто не е така. Јас се мажам, просто заради себеси, зашто мене самата ми е тешко, а потоа, се разбира, ќе сакам, ако можам да им бидам од корист на своите роднини, но тоа не е главниот повод на мојата решителност...

„Лажеш!“ — си мислеше Раскољников во себе и од бес си ги гризеше ноктите. „Горда е! нејќе да признае дека сака да биде добротворка! Занесеност! О, ниски карактери! И кога љубат, како да мразат... О, колку ги мразам... сите нив!“

— Со еден збор, јас се мажам за Петар Петрович — продолжи Дуња — затоа што од две зла го одбирам помалото. Јас имам намера чесно да извршам сè, што очекува тој од мене, значи, јас не го лажам... Зошто се насмевна сега?

И таа пламна, а во очите ѝ блесна гнев.

— Сè ќе извршиш? — праша тој, смешкајќи се зајадливо.

— До извесна граница. И манирот и начинот на кој ми предложи брак Петар Петрович, веднаш ми покажаа што сака тој. Се разбира, можеби тој се цени премногу, но јас се надевам дека ќе ме цени и мене... Зошто се смееш пак?

— А зошто ти пак црвенееш? Сестро, ти лажеш, ти намерно лажеш, само поради женската тврдоглавост, за да биде по твоето, а не по моето... Ти не можеш да го почитуваш Лужина: јас го видов и разговарав со него. Значи, ти се продаваш за пари, значи, секако постапуваш ниско, а мене ми е драго, што можеш барем да црвенееш!

— Не е вистина, јас не лажам!... — викна Дуњечка, губејќи ја сета своја ладнокрвност. — Јас не би се мажела за него да не сум уверена дека ме почитува; и уште како ме цени; јас не би одела за него, да не сум цврсто уверена, оти и јас можам да го ценам него. За среќа, јас можам за тоа да се уверам со сигурност уште денеска. Таквиот брак, значи, не е подлост, како што велиш ти! Дури и да имаш право, дури и да сум се решила за подлост, — зарем не е безмилосно од тебе што зборуваш вака со мене? Зошто бараш од мене херојство, кое, можеби, ни самиот ти го немаш? Тоа е деспотизам, тоа е насилство! Ако јас запустувам некого, се запустувам само себеси... јас уште никого не сум заклала!... Зошто ме гледаш така? Зошто пребледна така? Родја, што ти е? Мил, Родја!...

— Господи! — го онесвести! — викна Пулхерја Александровна.

— Не, не.... глупости... Не е ништо!... Малку ми се заврти умот. Воопшто не е несвестица... Постојано вие со таа несвестица... Хм! Да... Што сакав јас? Да: како ќе се увериш денеска, дека можеш да го почитуваш и дека тој тебе... те цени, или, како рече? Ти рече, ми се чини денеска? Или лошо слушнав?

— Мамо, покажете го писмото од Петар Петрович — рече Дуњечка.

Пулхерја Александровна со треперливи раце му го даде писмото. Тој го зеде со големо љубопитство. Но пред да го отвори, ненадејно ја погледна Дуњечка зачуден.

— Чудно е тоа — проговори тој полека — како наеднаш да го вцаши нова мисла — а зошто јас толку сум упорен? Зошто сето тоа викање? Омажи се за кого што сакаш!

Го велеше тоа, како да си зборува сам со себе, но го изговори гласно и некое време ја гледаше сестра си, како вчудовиден.

Најпосле, го отвори писмото, сè уште така необично зачуден; потоа полека почна да чита внима-

телно и го прочита двапати. Пулхерја Александровна многу се обеспокои, а и сите очекуваа нешто необично.

— Ова ми е чудно — почна тој, откако поразмисли малку, враќајќи ѝ го писмото на мајка си, но без да му се обрнува некому посебно — та тој води парници, тој е адвокат, и разговорот му е дури таков... жив, — а види, колку неписмено пишува!

Сите се возбудија; ова воопшто не го очекуваа.

— Ама сите тие пишуваат вака — развлечено рече Разумихин.

— Да не си го прочитал и ти?

— Да.

— Ние му го покажавме, Родја, ние... се советувавме пред малку — започна збунето Пулхерја Александровна.

— Тоа е, всушност, судски стил — ја прекина Разумихин. — Судските списи секогаш се пишуваат вака.

— Судските? Да, токму судските, деловните... Не е толку неписмено, но не е ниту многу литературно; деловно!

— Петар Петрович и не крие, дека се школува сиромашки, па и се фали, дека самиот си пробил пат — забележа Авдотја Романовна, малку навредена од новиот тон на брата си.

— Па штом се фали, има и со што, јас не порекнувам. Сестро, ми се чини, ти се навреди, што од целото писмо извлеков таква фриволна забелешка, па мислиш, дека јас намерно започнав да зборувам за такви ситници, за тебе да ти се нафрлам со лутина. Напротив, мене сега тој стил ме потсети на една забелешка, која воопшто не е излишна во овој случај. Таму има една реченица: „Се обвинувате себеси", ставено е со посебно значење, јасно, а, освен тоа, има и заканување, дека веднаш ќе си оди ако дојдам јас. Тоа заканување, дека ќе си оди, всушност, значи дека и двете ќе ве остави, ако бидете непослушни, и тоа ќе ве остави сега, иако веќе ве поканил во Петроград. Е, па, што мислиш: дали таквата реченица на Лужин може да навреди исто онака, како да ја на-

пишал еве овој (покажа на Разумихина) или Зосимов, или кој било од нас?

— Н-не може — одговори Дуњечка живнувајќи — јас добро сфатив дека тоа е премногу наивно искажано и дека тој можеби само не е вешт да напише... Ти добро го оцени тоа, брате. Дури и не очекував...

— Тоа е изречено судски, а судски и не може да се напише поинаку, па излегло погрубо, отколку што можеби сакал тој. Впрочем, морам во нешто да те разочарам; во тоа писмо има уште една реченица; една клевета против мене, и тоа прилично подла. Јас вчера парите ѝ ги дадов на една вдовица ужалена и туберкулозна, а не ги дадов „под изговор дека се за закоп", туку имено за закоп, и не ѝ ги дадов в раце на ќерката, на девојката со „лошо поведение", како што пишува тој (а јас вчера ја видов првпат), туку токму на вдовицата. Во сето тоа јас ја откривам желбата што побрзо да ме оцрни и да ме скара со вас. Тоа е пак судски речено тоест со прејасно искажана цел и со многу наивна брзина. Тој е умен човек, но за умна постапка — не е доволен само умот. Сето тоа го слика човекот и... јас не би рекол, дека тој тебе те цени многу. Ова ти го велам само за да те посоветувам, зашто искрено ти пожелувам добро...

Дуњечка не му одговори; така реши пред малку и чекаше да дојде вечерта.

— Значи, Родја, што реши? — праша Пулхерја Александровна, уште повознемирена, отколку порано, од неговиот неочекувано нов, *деловен* тон во зборувањето.

— Што е тоа: „што реши"?

— Ама, ете, пишува Петар Петрович, да не дојдеш вечер кај нас и дека тој ќе си оди... ако дојдеш ти. Значи, што ќе правиш... Ќе дојдеш ли?

— За тоа не треба да решам јас, се разбира, туку најпрвин вие, ако не ве навредува таквото барање на Петар Петрович, а потоа Дуња, ако неа, исто така, не ја навредува. А јас ќе постапам, како што ви е подобро вам — додаде тој суво.

— Дуњечка веќе реши, и јас се согласувам со неа — побрза да додаде Пулхерја Александровна.

— Јас решив, да те поканам, Родја, срдечно да те поканам, секако, да дојдеш на таа средба — рече Дуња, — дали ќе дојдеш?

— Ќе дојдам.

— А ве молам и вас, да дојдете во осум часот — му се обрна таа на Разумихин. — Мамо, јас го поканувам и господинов.

— Убаво, Дуњечка. Значи, како што ќе решите вие таму — додаде Пулхерја Александровна — така дека биде. А и мене така ми е полесно; не љубам да се преправам и да лажам; најдобро е да ја кажеме сета вистина... без обѕир дàли сега ќе се лути или нема да се лути Петар Петрович.

IV

Во тој миг вратата тивко се отвори и во собата влезе, срамежливо гледајќи во сите, некоја девојка. Сите се свртија накај неа зачудени и љубопитни. Раскољников отпрвин не ја позна. Тоа беше Софја Семјоновна Мармеладова. Вчера ја виде првпат, но во таков час, во такви околности и во таква облека, што во умот му остана сликата на сосем поинакво лице. Сега овде беше скромна и дури бедно облечена девојка, уште сосем млада, речиси девојченце, со скромно и пристојно поведение, со јасно, но по малку заплашено лице. На неа имаше сосем простичко домашно фустанче, на главата старомодно капче, во рацете држеше чадор како вчера. Кога ненадејно виде полна соба луѓе, не само што се збуни, туку се збрка, се исплаши како детенце, па дури и се повлече, за да се врати.

— Ах... тоа сте вие!... — викна Раскољников извонредно зачуден, па и тој се збуни.

Веднаш му дојде во умот, дека мајка му и сестра му веќе знаат по нешто од писмото на Лужин, за некаква девојка со „лошо“ поведение. Пред малку зборуваше против клеветата на Лужин и спомна, де-

ка таа девојка првпат ја видел, а, ете, сега наеднаш влегува токму таа. Се сети и за тоа, дека воопшто не протестираше против зборовите: „лошо поведение“. Сето тоа нејасно и за момент му дојде во главата. Но откако погледна повнимателно, веднаш сфати, дека тоа суштество е толку понижено, што и самиот фати да го жали. А кога се поврати за од страв да избега, како нешто да се разбунтува во него.

— Воопшто не ве очекував — брзо-брзо рече тој, задржувајќи ја со погледот. — Повелете седнете! Вие, секако, доаѓате со порака од Катерина Ивановна. Молам, не таму, седнете ваму...

Кога дојде Соња, Разумихин стана од едниот од трите стола на Раскољников, веднаш до вратата, за да може таа да влезе. Раскољников отпрвин ѝ покажа место на крајот од диванот, каде што седеше Зосимов, но потоа се сети, дека тој диван е премногу интимно место и дека му служи како постела, па брзо ѝ го покажа столот на Разумихин.

— А ти седни ваму — му рече на Разумихин, покажувајќи му го аголот, каде што седеше Зосимов.

Соња седна, речиси треперејќи од страв, и срамежливо ги погледна двете дами. Се гледаше, дека ни самата не сфаќа, како може да седне до нив. Кога го забележа тоа, толку се уплаши, што одненадеж пак стана и сосем збунета му се обрна на Раскољников.

— Јас... јас дојдов... за малку, извинете, што ве вознемирив — рече таа запирајќи. — Јас идам откај Катерина Ивановна, таа нема кого да испрати... Катерина Ивановна многу ве моли, да повелете утре да дојдете на опелото, изутрината... За време на службата... на Митрофаниевските гробишта, а потоа кај нас... кај неа... да земете нешто за заду-ша... да ѝ искажете чест... Моли, да повелете.

Соња запелтечи и замолчи.

— Секако ќе настојувам... секако — одговори Раскољников, кој, исто така, беше станат, па и самиот почна да пелтечи и да не го довршува своето зборување — повелете седнете — рече тој — морам

да разговарам со вас. Но, можеби, вие брзате, ве молам само некоја минута...

И тој ѝ го подаде столот. Соња седна пак, и пак срамежливо, збунето, набрзина ги погледна обете дами а потоа се наведна.

На Раскољников му пламна бледото лице; како целиот нешто да го потресе; очите му светнаа.

— Мамо, — рече тој цврсто и решително — ова е Софја Семјоновна Мармеладова, ќерката на оној несреќен господин Мармеладов, што вчера пред мои очи го прегазија коњи и за кого ви зборував...

Пулхерја Александровна ја погледна Соња и малку подзамижа. И покрај сета своја збунетост пред упорниот, предизвикувачки поглед на Родја, воопшто не можеше да го напушти тоа задоволство. Дуњечка го впери сериозно и цврсто погледот во лицето на кутрата девојка и почна да ја гледа двоумејќи се. Соња, пак, кога слушна, дека ја претстави, пак ги дигна очите, но пак се збуни уште повеќе од преќеска.

— Сакав да ве прашам — ѝ се обрна Раскољников — како минавте денеска? Дали ве вознемируваа?... На пример, од полицијата?

— Не, сè мина... Та премногу е јасно, како загина; не нè вознемируваа; само се лутат станарите.

— Зошто?

— Зашто телото лежи многу долго време... Сега е жешко, смрди... па денеска, за време на вечерната служба, ќе го пренесат на гробиштa, за утре, во капелата. Отпрвин Катерина Ивановна не сакаше, но сега и самата гледа, дека не може...

— Значи денеска?

— Таа ве моли, да повелите утре да дојдете на опелото, а потоа кај неа, на задуша.

— Задуша ли приредува таа?

— Да, закуска; ми нареди, многу да ви благодарам, што ни помогнавте вчера... без вас не би имале со што да го закопаме. — И затреперија усните и брадата, но таа се совлада и се созеде, па веднаш ги наведна очите кон земјата.

Додека разговараа Раскољников ја гледаше внимателно. Тоа беше мршаво, сосем испиено, бледо лице, прилично неправилно, некако шилесто, со шилесто мало носле, и брада. Не би можела да се нарече ни убавка, но сините очи ѝ беа толку јасни, па кога ќе оживееја тие очи, лицето ѝ беше толку добро и простодушно, што привлекуваше и не сакајќи. На нејзиното лице, а и на целата нејзина фигура, имаше уште една посебно црта: и покрај своите осумнаесет години изгледаше како девојченце, многу помлада, отколку што беше навистина, речиси сосем дете, и тоа понекогаш дури смешно избиваше во некои нејзини гестови.

— Зарем Катерина Ивановна можеше сè да намири со толку малу пари, па уште и закуска да приреди? — праша Раскољников, упорно продолжувајќи го разговорот.

— Сандакот ќе биде простичок... и сè ќе биде просто, па не е скапо... Јас со Катерина Ивановна пред малку пресметав сè, ќе остане уште за да го споменеме... а Катерина Ивановна многу сака да биде така. Таа не може... ќе ја утеши... таа е таква, вие ја познавате...

— Разбирам, разбирам... Секако... Што, вие ја разгледувате мојава собичка? И мама вели дека прилега на мртовечки сандак.

— Вие вчера ни ги дадовте сите пари! — рече Соњичка наместо да одговори, некако многу брзо и шепотејќи, и пак сета се собра.

Усните и брадата пак ѝ затреперија. Одамна ја вцаши сиромашниот мебел на Раскољников, а сега зборовите ѝ се откинаа сами. Настапи тишина. Очите на Дуњечка, како да се разведрија, а Пулхерја Александровна дури љубезно ја погледна Соња.

— Родја, — рече таа станувајќи — ние, се разбира, заедно ќе ручаме. Дуњечка, ајде да си одиме!... А ти, Родја, оди и прошетај малку, па потоа одмори се, легни, па дојди што побргу... Се плашам да не те уморивме...

— Да, да, ќе дојдам — одговори тој станувајќи и не знаејќи што да прави. — Впрочем, јас имам работа...

— Секако, нема и да ручате одвоено? — викна Разумихин, гледајќи го зачудено Раскољникова. Што ти е?

— Да, да, ќе дојдам, сигурно, сигурно!... А ти остани малку! Секако, тој вам не ви е потребен веднаш, мамо? Или, можеби, ви го одземам веднаш?

— Ох, не, не! А вие, Дмитриј Прокофјич ќе дојдете на ручек, ќе бидете толку добар?

— Повелете да дојдете — го покани Дуња.

Разумихин се поклони и целиот светна. За малку сите некако беа необично збунети.

— Збогум, Родја, тоест до гледање; не љубам да велам „збогум". Збогум, Настасја... Ах, пак реков „збогум"!...

Пулхерја Александровна сакаше да ја поздрави и Соња, но некако не успеа во тоа, па побрза да излезе од собата.

Но, Авдотја Романовна, како да чекаше, да ѝ дојде редот нејзе, па кога покрај мајка си поминуваше до Соња, ја поздрави со внимателен, пристоен, целосен поклон. Соњичка се збуни се поднаведна некако набрзина и заплашено, и некакво болно чувство ѝ се јави на лицето, како внимателноста и пристојноста на Авдотја Романовна да ѝ беа тешки и мачни.

— Збогум, значи, Дуња! — викна Раскољников веќе во ходникот — дај ја раката!

— Ама веќе се ракувавме; зарем заборави? — одговори Дуња, љубезно и невешто свртувајќи се кон него.

— Ако, ајде уште еднаш!

И тој силно ѝ ги стисна прстињата. Дуњечка му се насмевна, поцрвени, бргу ја извлече раката, и појде по мајка си, и самата некако сета среќна.

— Да, тоа е прекрасно! — ѝ рече тој на Соња, кога се врати во собата, и ја погледна со јасен поглед, — од бога мир на мртвите, а живите треба да живеат! Така ли е? Така ли е? Ама дали е така?

Соња зачудено гледаше, како наеднаш му се разведри лицето; некое време ја гледаше молчејќи, упорно; сè што му беше раскажувал за неа нејзиниот покоен татко, во тој миг му мина низ главата...

— Господи, Дуњечка! — рече веднаш Пулхерја Александровна, штом излегоа на улица — сега ми е речиси и помило што излеговме; некако ми олесна. Зарем јас вчера во вагонот можев да претпоставам дека ќе се радувам и поради тоа.

— Пак ви велам, мамо, дека уште е тешко болен! Зарем не гледате? Можеби и се уништи страдајќи поради нас. Треба да бидеме добри и многу, многу да му простиме.

— А токму ти не беше добра! — ја прекина веднаш жестоко и љубоморно Пулхерја Александровна. — Знаеш, Дуња, јас ве гледав двајцата; ти сосем прилегаш на него, и во лицето, но уште повеќе во душата: и двајцата сте меланхолици, двајцата сте мрачни и импулсивни, и двајцата сте горди, и двајцата великодушни... Па не може тој да е егоист, Дуњечка, нели?... А кога ќе си помислам, што ќе стане вечер кај нас, срцево ми се стега!

— Не грижете се, мамо; ќе биде, така како што мора да биде.

— Дуњечка! Размисли само, во каква положба сме ние сега! Добро, ако Петар Петрович се откаже? — рече непретпазливо кутрата Пулхерја Александровна.

— Па што ќе значи тој по тоа? — пресече Дуњечка со презир.

— Добро направивме што отидовме, — веднаш ја прекина Пулхерја Александровна, — тој брзаше да оди некаде по работа; нека оди, барем нека се надише воздух... кај него е многу задушно... а како може овде да се надише воздух? Овде и на улица е како во соба без прозорец. Господи, и ова ти е град!... Стој, тргни се, ќе те згмечат, нешто носат! А, пренесуваат клавир, навистина... колку се туркаат... И многу се плашам, исто така, од онаа девојка...

— Од која девојка, мамо?

— Ама од онаа, Софја Семјоновна, што дојде сега...

— А зошто?

— Имам некакво претчувство, Дуња. Не знам дали ќе веруваш, но во моментот кога таа влезе, веднаш си помислив, дека, еве, тука се крие главното...

— Тука не се крие ама сосем ништо! — викна Дуња подналутена. — Што започнавте, мамо, со тие ваши претчувства! Та тој ја познава од вчера, а денеска дури не ја ни позна, кога влезе.

— Добро, ќе видиш!... Таа мене ме буни; ќе видиш, ќе видиш! Многу се уплашив: таа ме гледа мене, ме гледа, има чудни очи, а штом седна на столот, веднаш фати да ја претставува, се сеќаваш ли? И се чудам; Петар Петрович така пишува за неа, а тој ни ја претставува, дури и тебе! Значи, драга му е!

— Што ли не пишува тој! И за нас зборуваа, па и пишуваа, зарем заборавивте? А јас сум уверена, дека таа е... прекрасна и дека сето тоа се глупости!

— Да даде господ!

— А Петар Петрович е никаквец и сплеткар, — наеднаш пресече Дуњечка.

Пулхерја Александровна се стаписа. Разговорот се прекина.

— Еве, еве што сакам јас од тебе... — рече Раскољников, водејќи го Разумихина кон прозорецот.

— Значи, јас ќе ѝ речам на Катерина Ивановна, дека ќе дојдете... — брзо рече Соња, клањајќи се, со намера да си оди.

— Веднаш, Софја Семјоновна, ние немаме тајни, вие не ни пречите... Би сакал да ви кажам уште два-три збора... Знаеш што — се сврти тој кон Разумихин; без да доврши, како да прекина. — Ти го познаваш оној... како се вика!... Порфириј Петрович?

— Како не сум го познавал! Тој ми е роднина. Па што — додаде тој, и во него се возбуди љубопитство.

— Ама, тој сега го води она... делото за убиството, де... вчера сте разговарале...

— Па... што? — Разумихин ги ококори очите.

— Тој ги сослушувал оние што имале давано залог, а и јас таму имам залог, така нешто, ситници, меѓутоа, сепак, прстенот од сестра ми, што ми го подари за спомен, кога доаѓав ваму, и сребрениот часовник од татко ми. Сето тоа вреди пет-шест рубли, но мене ми е скапоцен спомен. Значи, што да правам сега? Не би сакал да пропаднат предметите, особено часовникот. Пред малку целиот треперев, да не ги побара мајка ми, да не посака да го види часовникот, кога почнавме да зборуваме за часовникот на Дуњечка. Единствен предмет што е зачуван од татко ми. Ако пропадне часовникот, мајка ми ќе се разболи! Жени! Значи, што да правам, ајде, советувај ме! Знам дека би требало да пријавам во квартот. А дали не ќе биде подобро да му речам на самиот Порфириј, што мислиш? Побргу да се сврши. Ќе видиш, дека мајка ми ќе праша уште пред ручек!

— Никако во квартот, секако најдобро е на Порфириј! — викна Разумихин со некаква необична возбуда. — Да, тоа ми е многу драго! Зошто да чекаме, да одиме веднаш, одовде има два-три чекори, сигурно ќе го најдеме таму.

— Па... да одиме...

— А нему ќе му биде, многу, многу, многу мило, што ќе се запознае со тебе! Често сум му расправал за тебе, повеќепати... И вчера му расправав. Да одиме!... Значи ти си ја познавал бабата? Така е!... Сето тоа излезе... — Ве-ли-че-стве-но... Ах, но... Соња Ивановна...

— Софја Семјоновна — го поправи Раскољников. — Софја Семјоновна, ова е мојот пријател Разумихин, тој е добар чвек...

— Ако морате сега да си одите... — започна Соња, без да го погледа Разумихина, и притоа уште повеќе се збуни.

— Па да одиме! — Реши Раскољников. — Јас уште денеска ќе дојдам кај вас, Софја Семјоновна, само кажете ми каде живеете?

Не се збунуваше, ами некако брзаше, и ги избегнуваше нејзините погледи. Соња му ја кажа својата адреса и притоа се зацрвени. Излегоа сите заедно.

— Зарем ти не заклучуваш? — праша Разумихин, слегувајќи по нив по скалите.

— Никогаш!... Впрочем, еве, веќе две години купувам катанец — додаде тој небрежно. — Зарем не се среќни оние што не мораат ништо да заклучуваат? — ѝ сео брна на Соња, смеејќи се.

Кога дојдоа на излезот застанаа..

— Вие ќе одите на десната страна, Софја Семјоновна? Навистина: како ме пронајдовте? — праша тој некако, како да сака да ѝ каже нешто сосем друго. Постојано сакаше, да гледа во нејзините тивки, јасни очи и сè некако не успеваше...

— Та вие вчера ѝ ја дадовте адресата на Полечка.

— Поља? Ах, да... Полечка! Таа е... малата... таа е ваша сестра? Значи, нејзе сум ѝ ја дал адресата?

— Па зарем сте заборавиле?

— Не... Се сеќавам...

— А јас за вас слушнав уште тогаш од покојникот... само тогаш уште не го знаев вашето презиме, а и тој не го знаеше... а сега дојдов... вчера го дознав вашето презиме... денеска прашав: дали живее овде некаде господин Раскољников?... Јас и не знаев дека вие сте потстанар... Збогум, господине... Ќе одам кај Катерина Ивановна...

Ѝ беше многу мило, што најпосле си отиде; тргна со наведната глава, брзајќи за што побрзо да се изгуби од пред нивните очи, што побрзо да ги мине дваесетината чекори до скршнувањето вдесно во улицата, за да биде најпосле сама, па да оди, да брза, никого да не гледа, ништо да не забележува ами да мисли, да се сеќава, да го оценува секој изречен збор, секоја околност. Никогаш, никогаш досега не чувствувала нешто слично. Целиот нов свет влезе несвесно, нејасно во нејзината душа. Наеднаш таа се сети дека Раскољников, уште денеска сака да дојде кај неа, или можеби изутрина, можеби веднаш!

— Само да не дојде денеска, само не денеска! — промрмори и срцето ѝ премре, како да му се моли на

некого, небаре е заплашено дете. — Господи! Кај мене . . . во онаа соба . . . тој ќе види, ох, господи!

И, се разбира, таа не можеше во тој момент да забележи еден непознат господин, што ја следеше будно и во чекор. Тој одеше по неа уште од моментот кога излезе од вратата. Во моментот, кога сите тројца, Разумихин, Раскољников и Соња застанаа на тротоарот за да разменат по неколку збора, минувачот ги обиколи и како да се стресе, кога случајно, патемно, ги слушна зборовите на Соња: „И прашав: дали живее овде некаде господин Раскољников?“ Наеднаш, но внимателно тој ги разгледа сите тројца, особено Раскољникова, на кого му се обрна Соња; потоа погледна во куќата и ја запамети. Сето тоа се случи за миг, во движење, а минувачот се направи сосем невешт и продолжи понатаму, но со побавен чекор и како да почекува нешто. Тој ја чекаше Соња; виде дека се разделуваат и дека Соња ќе оди кон својот стан.

„А каде ли живее таа? Сум го видел некаде ова лице — си мислеше тој, сеќавајќи се за лицето на Соња — морам да разберам“.

Дојде до аголот и мина на другата страна, па се сврти и виде дека Соња оди токму по него, по истиот пат, но дека ништо не забележува. Кога дојде до аголот и таа сврти во уличката. Тој тргна по неа, гледајќи постојано од тротоарот на другата страна, а кога мина педесетина чекори, пак се префрли на другата страна, по која одеше Соња, ја стигна и појде по неа, оддалечен само пет чекори.

Тој беше човек на педесетина години, со раст повисок од среден, дебел, со широки плеќи, стрмни раменици, така што изгледаше малку подгрбавен. Беше облечен како конте и убаво, се чини, пристоен господин. Во раката имаше убав стап од трска, со кој на секој чекор чукаше по тротоарот, а на рацете имаше нови нараквици. Неговото широко лице, беше прилично пријатно, а имаше свежа боја, која не беше петербуршка. Косата уште му беше многу густа, сосем светла, само малку побелена, а широката густа брада, што му паѓаше како лопата, му беше посветла

и од косата на главата. Очите му беа сиви и гледаа студено, упорно, замислено. Усните му беа црвени. Општо земено, тој беше човек, што многу добро се одржал, и што изгледаше многу помлад, отколку што беше навистина.

Кога Соња излезе на Каналот, тие двајца се најдоа сами на тротоарот. Тој успеал да забележи дека е замислена и расеана. Кога стигна до својата куќа, Соња скршна кон влезот, а тој отиде по неа, малку зачуден. Таа влезе во дворот, сврти на десната страна, во аголот, каде што се скалите, што водат во нејзиниот стан. „Хе!“ — промрмори непознатиот господин и фати да се качува по скалите по неа. Соња дури сега го забележа. Се качи на вториот кат, скршна во ходникот и заѕвони на собата број 9, на чија врата беше напишано со креда: *„Капернаумов, шивач.* „Хе!“ рече пак непознатиот, чудејќи се поради необичното совпаѓање и заѕвони до таа врата, на број 8. Тие две врати беа приближно на шест чекори една од друга.

— Вие живеете кај Капернаумов! — рече тој, гледајќи ја Соња и смеејќи се. — Тој вчера ми го преправи елекот. А јас сум овде, веднаш до вас, кај мадам, Реслих, Гертруда Карловна. Колку е добро тоа!

Соња го изгледа внимателно.

— Соседи — продолжи тој некако посебно весело. — Та јас сум само три дена во градов. А засега, до гледање.

Соња не му одговори; ѝ ја отвориј вратата и таа се шмугна во својот стан. Некако ѝ беше срам и малку се подисплаши...

Разумихин кога одеа кај Порфириј беше многу возбуден.

— Тоа ти е прекрасно, брате, — повторуваше неколку пати, — и мило ми е! Мило ми е!

„Што ти е мило?“ — си помисли во себе Раскољников.

— Јас знаев, дека и ти имаш давано предмети кај бабата. И... и... одамна ли беше тоа? Тоест, одамна ли си бил кај бабата?

„Колку наивен глупак!“

— Кога? — запре Раскољников размислувајќи! — Три дена пред нејзината смрт бев кај неа, ми се чини. Впрочем, сега не одам, за да ги откупам предметите — додаде тој брзо, со некаква посебна грижа, за предметите. — Па јас пак имам само една рубља во сребро... Поради проклетото вчерашно бунило!...

Тоа за бунилото тој го изговори особено уверливо.

— Па да, да, да, — брзо почна да му одобрува Разумихин, без да знае зошто. Ете, зошто тогаш... те вчудовиди донекаде... а знаеш, ти и во бладањето постојано споменуваше некакви прстени и синџирчиња... Па да, да... тоа е јасно, сега е сè јасно.

„Ете, како се раздвижила кај нив таа мисла! Тој човек ќе биде распнат наместо мене, а, ете, драго му е, дека се *разјаснило,* зошто јас во бладањето сум ги споменувал прстените! Сите веруваат во тоа!...“

— А дали ќе го најдеме таму? — праша гласно.

— Ќе го најдеме, ќе го најдеме — побрза да одговори Разумихин. — Тој е, брате, убав момчак, ќе видиш! Малку е невешт, тоест, тој е светски човек, но во друга смисла велам дека е невешт. Тој е бистар, бистар, дури и сосем умен, само кај него има некаков посебен ред на мислите... Недоверлив е, скептик, циник... Љуби да надувува; тоест, не да надувува, туку да прави глупости... А и стариот материјален метод... Но својата работа си ја знае, ја знае... Ланската година, расветли една ваква работа, некакво убиство, каде што немаше речиси никаква трага! Многу, многу, многу сака да се запознае со тебе!

— А зошто толку многу?

— Тоест, не, за да... гледај, во последно време, кога се разболи, многупати те споменував... Да, тој слушаше, и кога дозна дека си на правниот факултет, а не можеш да ги завршиш студиите поради околностите, рече: штета! Значи, јас заклучив... тоест, сето тоа заедно, и не само тоа; вчера Замјотов... ви-

ди, Родја, вчера во пијанството зборував нешто, кога се враќавме дома... Значи, брате, се плашам да не претераш, гледај...

— Во што? Зарем во тоа што ме сметаат за луд? Па можеби е и вистина?

Тој се насмевна сосила.

— Да, да... тоест, пих, не!... Но сè што зборував... (и за друго, исто така тогаш) сето тоа беше глупост искажана во пијанство.

— Ама зошто се извинуваш! Сето тоа многу ми здодеа! — викна Раскољников со претерана раздразнетост. Впрочем тој малку и се преправаше.

— Знам, знам, сфаќам. Верувај дека сфаќам. Ми е срам и да зборувам...

— Па ако ти е срам, немој да зборуваш!

И двајцата замолчија. Разумихин беше повеќе од одушевен, а Раскољников го чувствуваше тоа и му беше одвратно. Го бунеше и тоа што Разумихин го зборуваше за Порфириј.

„И пред тоа треба да се поплачувам — си мислеше, а побледнуваше и срцето му тупкаше посилно — и тоа што поприродно да се поплачувам. Најприродно ќе биде да не се поплачувам. Изнасилено да не се поплачувам. Не, изнасиленото не е природно... Но, како што ќе излезе таму... ќе видиме... веднаш... Дали е добро, или не е добро што одам? Пеперугата самата лета околу свеќата. Срцево ми тупка, тоа не чини!..“

— Во оваа сивава куќа — рече Разумихин.

„Најважно е тоа, дали Порфириј знае или не знае, дека вчера бев во станот на вештицата... и барав крв? Наеднаш морам да дознам сè, веднаш, штом ќе влезам, морам да му познам по лицето; и-на-ку... макар и да пропаднам, јас ќе дознам!“

— А знаеш ли што? — му се обрна на Разумихин со ѓаволеста насмевка. — Јас, брате, забележав денеска, дека ти од изутрина си некако необично возбуден. Вистина ли е тоа?

— Како возбуден? Напротив, не сум воопшто возбуден — се стресе Разумихин.

— Ама ти се забележува, брате. Пред малку седеше на столот, како што не седиш никогаш, сосем на крајот, и целиот трепереше, како на игли да седеше. Де се лутеше, де муцката ти стануваше, којзнае зошто, блага како шеќер. И црвенееше; особено тогаш кога те поканија на ручек; премногу поцрвени.

— Ама не поцрвенив! Лажеш... А за што зборуваш ти?

— А што туку се тресеш како ученичe? Пих по ѓаволите, пак се зацрвени?

— Ама ти навистина си свиња!

— А зошто се збунуваш? Ромео! Чекај, да видиш што ќе кажам денеска ха-ха-ха! Ќе ја насмеам мајка ми... и уште некого...

— Слушај, слушај, ама сериозно ли мислиш, ама тоа е... сериозно ли? што е тоа најпосле, по ѓаволите! — сосем се збуни Разумихин, треперејќи од ужас. — Што ќе им кажеш ним? Јас, брате... пих, каква свиња си ти!

— Вистинска пролетна ружа! И како ти прилега тоа, да знаеш! Ромео висок десетина вршки! А како си се измил денеска, и ноктите си ги исчистил? Кога ти се случувало тоа? Жими бога, и со помада си се намачкал! Ајде, наведни се!

— Свињо!!!

Раскољников толку се смееше, што изгледаше дека навистина не можеше да се воздржи, па така смеејќи се тие влегоа и во станот на Порфириј Петрович. На Раскољников тоа и му беше потребно: од собите можеше да се слушне дека влегоа со смеење и дека сè уште се кикотат во претсобјето.

— Ни збор да не спомнеш овде, зашто јас ќе те... здробам! — му шепна Разумихин, бесен, фаќајќи го Раскољникова за рамото.

V

Овој веќе влегуваше во собите. Влезе со такво лице, како со сета сила да се напрегнуваше да не избувне во смеа. По него влезе Разумихин, со збунета, бесна физиономија, црвен како божур, долг и несмасен. Лицето и целата негова фигура во тој миг навистина беа смешни и го оправдуваа смеењето на Раскољников. Раскољников кој уште не беше претставен, му се поклони на домаќинот, што стоеше среде собата и ги гледаше, како да ги прашува па, му ја подаде и му ја стисна раката сè уште со очигледен напор да го придуши своето весело расположение, да изговори барем два-три збора и да се претстави. Но, само што успеа да стане сериозен и нешто да промрмори — одеднаш, пак речиси несакајќи, го погледна Разумихина и веќе неможеше да се воздржи: придушената смеа избувна незадржливо иако досега силно се совладуваше. Необичното беснило на Разумихин поради тоа „срдечно“ смеење на целата сцена ѝ даваше изглед на најискрена веселба и, што е најважно, на природност. Разумихин како намерно помогна во тоа и самиот.

— Пих, по ѓаволите! — викна тој замавна со раката и удри со неа во малото, тркалесто масиче на кое стоеше празна чаша од чај.

Се сè разлета и заѕвечка.

— Ама зошто ги кршите масите, господа, ѝ правите штета на државата! — викна весело Порфириј Петрович.

Тоа беше ваква сцена: Раскољников ја заборави својата рака во раката на домаќинот, па се смееше, но очекуваше момент за што побрзо и што поприродно да заврши. Разумихин, кој докрај се збуни, кога се преврти масичето и се скрши чашата, мрачно погледна во парчињата, плукна и остро се сврти кон прозорецот, таму застана, се сврти со грб кон публиката со страшно намуртено лице, па гледаше низ про-

зорецот и ништо не забележуваше. Порфириј Петрович се смееше и сакаше да се смее, но очигледно му беше потребно разјаснување. Во аголот на стол седеше Замјотов, кој стана кога влегоа гостите, па сега стоеше и чекаше, со усни раширени во насмевка, но сценатa ја гледаше во недоумица, и дури со некаква недоверливост, а Раскољников дури и со некаква збунетост. Неочекуваната сериозност на Замјотов непријатно го изненади Раскољникова.

„Тоа морам да го земам во обзир!“ — си помисли тој.

— Извинете, молам — започна Раскољников, уште повеќе збунет.

— Молам, многу ми е пријатно, а и толку убаво влеговте... што, тој не сакаше ни да се поздрави? — климна Порфириј Петрович со главата, покажувајќи го Разумихина...

— Жими бога, не знам, што се разлути против мене. Јас патем само му реков дека прилега на Ромео и... му го докажав тоа и ништо повеќе, ми се чини, немаше.

— Свињо! — се одгласи Разумихин, без да се свртува.

— Значи, имал многу сериозни причини, кога за едно единствено зборче толку се налутил — се насмеа Порфириј.

— Их, ти иследнику!... па нека ве зема ѓаволот сите! — пресече Разумихин.

И наеднаш се насмеа, лицето му се развесели, како ништо да не станало, и тој му пристапи на Порфириј Петрович.

— Доста! Сите сме глупаци! Па, на работа: еве го пријателот, Родион Романович — Раскољников, прво, си слушал за него, сака да се запознае со тебе, а, второ, има една мала работа со тебе. Ха! Замјотов! Од каде ти овде? Зарем се познавате? Кога сте се запознале?

„Што е, пак, тоа!“ — помисли Раскољников вознемирен.

Замјотов некако се збуни, но не многу.

— Та вчера се запознавме кај тебе — рече тој неизнасилено.

— Значи, господ ме спаси од излишното: минатата недела ме молеше, секако, да ти го претставам, а вие сте се здушиле и без мене... Каде ти е тутунот?

Порфириј Петрович беше облечен како за дома, во домашен мантил, и во сосем чисти алишта, во изгазени влечки. Тој беше човек од триесет и пет години, со раст понизок од среден, полн и дури со мевче, избричен, без мустаќи и без зулуфи, со кратко потстрижена коса на големата, тркалеста глава, која некако посебно беше тркалеста и издадена на тилот. Полничкото, тркалесто лице, со малку тап нос, беше болежливо, со темно-жолта боја, но прилично живо и дури подбивно. Би било малку подобродушно, да не му пречеше изразот во очите, во кои имаше некаков лигав воден блесок, а беа покриени скоро со бели, треперливи трепки, како да му намигнуваат некому. Погледот на тие очи некако чудно се разликуваше од целата негова фигура, која е малку и женска, па ѝ придава многу повеќе сериозност отколку што би се очекувало, кога ќе ја погледнеш отпрвин.

Штом Порфириј слушна дека гостинот има работа со него, веднаш го покани да седне на диванот, седна и тој на другиот крај, па очекувајќи веднаш да му се објасни работата, го впери во гостинот погледот со она напнато и пресериозно внимание, кое отпрвин притиска и збунува, особено кога уште не си познат, а особено тогаш ако работата што ја објаснува, според твоето мислење ни малку не е во согласност со таквото необично големо внимание, што ѝ се придава. Но Раскољников му ја изнесе својата работа кратко и концизно, јасно и точно, па толку беше задоволен со себеси, што дури успеа прилично добро да го изгледа и Порфирија. Порфириј Петрович, исто така, целото време не ги тргнуваше од него очите. Разумихин, кој седеше спроти нив, на истата маса, се

запали и нестрпливо го следеше излагањето на работата, па постојано го пренесуваше погледот од едниот на другиот, така што тоа веќе беше и малку претерано.

„Глупак!“ — го опшу Раскољников во себе.

— Треба да пријавите во полицијата — одговори Порфириј со сосем деловно лице дека вие, бидејќи сте дознале за тој и тој настан, тоест за убиството, молите од своја страна да се извести иследникот, на кој му е доверено тоа дело, дека тие и тие предмети ви припаѓаат вам и дека вие сакате да ги откупите... или... впрочем, таму ќе ви напишат што.

— Лошото е во тоа — се потруди Раскољников уште полошо да се збуни, — што јас во овој момент и немам пари... па не можам ни таква ситница... јас, знаете, сега би сакал само да пријавам, дека тие предмети се мои, но кога ќе имам пари...

— Тоа е сеедно — одговори Порфириј Петрович, студено примајќи го објаснувањето за паричната ситуација; впрочем, ако сакате можете и мене да ми напишете во таа смисла: откако дознав за тоа и тоа ги пријавувам тие и тие предмети, и молам...

— И тоа на обична хартија? — го прекина брзо Раскољников, пак заинтересиран за паричната страна на работата.

— О, на најобична!

И одеднаш Порфириј Петрович го погледна очигледно подбивно, па подзамижа и некако намигна. Впрочем, на Раскољников можеби само така му се стори, зашто тоа траеше само еден момент. Во секој случај, имаше такво нешто. Раскољников беше готов да се збуни само ако му намигнеше, а ѓаволот знае зошто.

„Знае!“ — му светна во главата како молња.

— Извинете што ве вознемирив со вакви ситници — продолжи тој, малку збркан — моите предмети вредат само пет рубли, но мене ми се многу скапоцени како спомен на оние од кои сум ги добил, па признавам, кога дознав, многу се уплашив.

— Затоа ли така се растрепери вчера, кога му зборував на Зосимов дека Порфириј врши распит на оние што имаат залагано? — додаде Разумихин со очигледна намера.

Тоа веќе беше неподнесливо. Раскољников не издржа, ами злобно го стрелна со црните очи, во кои пламтеше гнев. Потоа веднаш пак се прибра.

— Ти, брате, чинам, ми се подбиваше? — му се обрна тој нему со извештачена раздразливост. — Признавам дека можеби премногу се грижам за тоа, што во твоите очи е ситница; но не треба да бидам сметан за егоист, ниту за лаком, зашто во моите очи тие два ништожни предмета можеби и не се ситници. Јас пред малку ти зборував, дека тој сребрен часовник што вреди еден грош, е единствен предмет што ми е останат од татко ми. Имаш желба да ми се смееш, но кај мене дојде мајка ми — му се сврти тој наеднаш на Порфириј — а ако дознае таа — пак брзо се сврти кон Разумихин, настојувајќи нарочно да му затрепери гласот — дека часовникот е изгубен, ви се колнам, таа ќе очајува! Жени!

— Ама не! Сосем не мислев вака! Јас мислев сосем поинаку! — викаше огорченият Разумихин.

„Добро ли е вака? Природно ли е? Да не сум претерал?“ — трепереше во себе Раскољников. „Зошто реков: жени?“

— А, ви дошла мајка ви? — праша којзнае зошто Порфириј Петрович.

— Да.

— А кога?

— Синоќа.

Порфириј замолчи, како да размислува.

— Вашите предмети во никој случај не може да пропаднат — продолжи тој спокојно и студено. — Та јас ве чекам веќе одамна!

И како да не било ништо, тој внимателно фати да му ја додава пепелницата на Разумихин, кој безмилосно ја тресеше пепелта на цигарата на килимот. Раскољников се стресе, но Порфириј, како да не го забележа тоа, сè уште ангажиран околу цигарата на Разумихин.

— Што-о! Го чекаш! А зарем знаеш дека и тој залагал *таму?* — викна Разумихин.

Порфириј Петрович му се обрна право на Раскољников.

— И двата ваши предмета, прстенот и часовникот беа кај *неа,* завиткани заедно во иста хартија, а на хартијата со молив читливо беше напишано вашето име, дури и денот и месецот кога ги примила од вас тие предмети...

— Колку многу умеете да забележувате вие?... — несмасно се насмеа Раскољников, грижејќи се нарочно да го гледа право во очите, но не можеше да издржи, па додаде: — Тоа го заклучив сега, зашто по сè изгледа, имало многу залагачи... така што морало да биде тешко да ги запаметите сите... А вие, напротив сосем јасно се сеќавате за сите, и... и...

„Глупаво! Лошо! Зошто го додадов тоа!"

— Речиси сите залагачи сега веќе се познати, само вие не повеливте да дојдете — одговори Порфириј со одвај забележлива нијасна на подбив.

— Не бев сосем здрав.

— И за тоа слушнав. Слушнав вистина, дека нешто многу ве измачило. И сега како да сте блед?

— Воопшто не сум блед... напротив, сосем сум здрав! — дофрли Раскољников грубо и бесно, менувајќи го ненадејно тонот. Во него зовре бесот и не можеше да го придуши. — „А во бесот ќе издрдорам сè!" — му дојде во главата. — „Но зашто ме мачат!..."

— Не е сосем здрав! — се надовржа Разумихин, — многу избрзува! До вчера бладаше речиси во несвестица... нема да веруваш, Порфириј: не можеше ни на нозете да стои, а штом излеговме јас и Зосимов, се облекол и тивко шмугнал, па некаде правел глупости, скоро до полноќ, и тоа ти велам, сосем во бунило, замисли си! Посебен случај!

— Зарем навистина *сосем во бунило?* Зарем навистина, ве молам! — некако женски занишка со главата Порфириј.

— Ех, глупости! Не верувајте! Впрочем вие и така не верувате! — рече Раскољников премногу лут.

Но Порфириј Петрович, како да не ги слушна неговите зборови.

— Па како би отишол инаку да не си бил во бунило? — се изнервира Разумихин. — Зошто излезе? Поради што?... И зошто пак кришум? И дали ти тогаш беше при здрава свест? Сега, кога мина сета опасност, ти зборувам искрено!

— Ми здодеаја тие вчера — му се обрна Раскољников на Порфириј со дрска, предизвикувачка насмевка — па им избегав за да најдам друг стан, каде што нема да ме пронајдат, а носев со мене еден куп пари. Ете, господин Замјотов ги виде парите. Кажете, господине Замјотов, дали вчера бев при свест, или во бунило, ајде разрешете го спорот.

Се чинеше дека во овој час, би сакал да го задави Замјотова. Неговиот поглед и неговото молчење ни малку не му се допаѓаа.

— Според моето мислење, вие зборувавте многу разумно и дури итро, само бевте премногу раздразнет, — изјави Замјотов суво.

— А денеска ми кажуваше Никодим Фомич — додаде Порфириј Петрович — дека ве сретнал вчера доцна, во станот на некој чиновник кого го прегазиле коњи...

— Добро, ете, да го земеме тоа кај чиновникот — се замеша Разумихин. — Зарем ти не беше луд кај тој чиновник? Последните пари си ѝ ги дал на вдовицата за закоп! Ако веќе си имал намера да помогнеш — да си дадел петнаесет или дваесет, па да си оставел за себе барем три, а ти си ѝ ги дал сите дваесет и пет!

— Можеби сум нашол закопано богатство, а ти не знаеш за тоа! Па, ете, затоа можеби вчера и сум се пуштил... ене, господин Замјотов знае, дека имам најдено богатство!... Ве молам, простете — му се обрна тој на Порфириј, а усните му трепереа — што веќе половина час додеваме со вакви глупави дрдорења. Ви здодеавме ли?

— Ве молам, напротив! На-про-тив! Не можете ни да си претпоставите, колку сте ми интересни. Интересно е и да се гледа и да се слуша... и признавам, се радувам што, најпосле, повеливте да дојдете...

— Па дај ни барем чај, грлото ни се исуши! — викна Разумихин.

— Прекрасна идеја! Можеби ќе се придружат и другите. А дали... нешто луто, пред чајот, можеби...

— Бегај!

Порфириј Петрович излезе, за да го стави чајникот.

На Раскољников му се меткаа мисли по главата како луња. Беше страшно возбуден.

„А најважно е што не се ни кријат, и не сакаат да се повторуваат! А зошто зборуваше со мене за Никодим Фомич, штом воопшто не ме познаваш? Значи, не сакаат ни да скријат, дека трагаат по мене, како глутница кучиња! Ми плукаат право во лицето“, — трепереше од бес. — „Па удирајте право, а не играјте си со мене, како мачка со глушец. Та тоа е непристојно, Порфириј Петрович, та тоа можеби јас уште нема ни да го дознам!... Ќе станам и на сите в лице ќе ви ја фрлам целата вистина и ќе видите, колку ве презирам!“, — со тешка мака здивна. — „Ами ако мене само така ми се чини? Што ќе биде, ако е тоа привидение, па ако јас се лажам во сè, се лутам поради своето неискуство, не можам да ја довршам својата подла улога? Можеби сето тоа е без некаква намера? Сите зборови им се обични, но во нив има нешто... сето тоа може секогаш да се каже, но има нешто. Зошто рече тој токму: „кај неа?“ Зошто Замјотов додаде дека сум зборувал *итро*? Зошто тие зборуваат со таков тон? Да... тон... и Разумихин седеше тука, а зошто нему ништо не му се присторува? На тој наивен трупец никогаш ништо не му се присторува! Пак треска!... Дали пред малку Порфириј ми намигна или не? Веројатно тоа е глупост; зошто да ми намигне? Или сакаат да ми ги раздразнат нервите, или ме подбуцнуваат? Или сè е привидување, или пак *знаат!* А Замјотов е дури и дрзок... Дрзок

ли е Замјотов? Замјотов размислувал ноќта. Јас и очекував, тој да размислува. Затоа тој овде е како дома. Порфириј не го смета ни за гостин, му го врти грбот. Се здушиле! Веројатно се здушиле *поради мене.* Веројатно разговарале за мене пред да дојдеме ние!... Го знаат ли тоа со станот? Нека биде само што побрзо! Кога кажав, како сум избегал за да најдам друг стан, тој пропушти, не се надоврза... а тоа за станот јас итро го уфрлив: подоцна ќе ми биде згодно!... Божем во бунило! Ха-ха-ха! Тој сè знае за синоќа! Не знаеше за доаѓањето на мајка ми! А вештицата со молив го запишала и датумот!... Се лажете, јас не се предавам! Уште тие нешта не се факти, тоа е само привидение! Покажете факти! Ни станот, ни факти, туку бунило; знам јас, што треба да им зборувам!... Дали знаат за станот? Нема да си одам, додека не дознам! Зошто дојдов јас? А сега, ете, се лутам, значи, тоа е факт! Пих, колку сум раздразлив денеска! Можеби е и добро: улога на болен... Тој ме пипа. Ќе сака да ме збуни. Зошто дојдов?"

Сето тоа му мина низ главата, како секавица.

Порфириј Петрович веднаш се врати. Тој наеднаш некако се развесели.

— Од она твоето вчерашното, брате, мене главата уште... целиот сум некако разнишан — му рече тој на Разумихин со сосем поинаков тон, смеејќи се.

— А, што, интересно ли беше? Јас ве оставив кај најинтересната точка. Кој победи?

— Па, никој, се разбира. Минавме на вечни прашања, летавме во воздухот.

— Да знаеш, Родја, за што расправавме вчера: дали постои злосторство, или не постои? Толку многу дробевме, да полудиш!

— Какво е тоа чудо? Обично социјално прашање — одговори Раскољников расеано.

— Прашањето не беше така формулирано, — забележа Порфириј.

— Не сосем така, вистина — се согласи веднаш Разумихин, одговарајќи брзо и со жар, по својот обичај. — Значи, слушај, Родионе, и кажи што мислиш! Јас сакам ти да кажеш. Вчера беснеев во нивното друштво и така чекав; им велев дека ти ќе дојдеш... Започнавме од социјалистичкото гледиште. Познато е мислењето: злосторството е протест, против ненормалноста на социјалниот поредок, единствено тоа, ништо повеќе, и никакви други причини не доаѓаат во обзир — ништо...

— Добро си измислил! — викна Порфириј Петрович.

Очигледно се занесуваше и постојано се смееше, гледајќи го Разумихина, па со тоа уште повеќе го распалуваше.

— Ништо друго не доаѓа во обзир! — го прекина Разумихин запалено — јас не измислувам... јас ќе ти ги покажам нивните книги: кај нив сè се случува затоа што „средината ги упропастила“ — и ништо повеќе. Сакана фраза. Оттука може да се заклучи директно: ако општеството е уредено на нормален начин, само посебе ќе исчезнат и сите злосторства, зашто не ќе има причина за некаков протест, па наеднаш сите ќе станат праведници. Карактерот не се зема во обзир, карактерот се исфрла, карактерите не доаѓаат во обзир! Според нивното мислење, човештвото, кое се развило по историски *жив* пат докрај, најпосле, нема само по себе да се преобрази во нормално општество, ами напротив социјалниот систем ќе излезе од некоја математичка глава, и веднаш ќе го уреди целото човештво и за еден миг ќе го направи праведно и безгрешно, побргу од секаков жив процес, без некаков историски и жив пат! Затоа тие толку инстинктивно не ја љубат историјата: „во неа сè е безобразност и глупост“ — и сè се објаснува само со глупоста! Затоа тие и не го сакат *живиот* процес на *животот*! Нема потреба од *жива душа!* Живата душа ќе посака живот, живата душа нема да ѝ се покори на механиката, живата душа знае да се сомнева, живата душа е назадна! А оваа овде, дури и да смрди малку на мрша, сепак можеш да ја направиш од кау-

чук, но затоа пак не е жива, ами е лишена од слободата, ропска е и нема да се спротиви. Од тоа произлегува дека тие сè сведуваат само на редење тули, и на распоредување на ходниците и собите во фаланстерот![1]) Фаланстерот е готов, но природата уште не е подготвена за фаланстерот, туку сака живот, уште не го завршила животниот процес, за неа е прерано да оди на гробишта! Само со логиката не можеш да ја прескокнеш природата! Логиката ќе погоди три случаја, а нив ги има милион! Да пресечеш цел таков милион и сè да сведеш само на прашањето за конфорот! Најлесно решение на задачата! Најважно е оти не треба да се размислува! Сета животна тајна може да се смести на два печатени табака!

— Ете, како фати да блада, да дроби! Треба да го држиме за рацете — се смееше Порфириј. — Замислете си — му се обрна тој на Раскољников — исто така беше вчеравечер во собата со шестмина, и уште однапред нè почести со пунч — можете ли да си замислите! — глупости измислуваш, брате: „Срединатa“ значи многу кај злосторството: јас ќе ти го докажам тоа.

— Знам и јас дека значи многу, но, ајде ти кажи ми: ако човек од четириесет години обесчести десетгодишно девојче, — дали средината го натерала на тоа?

— Па, ако сакаш по право, можеби и средината — забележа Порфириј со чудна сериозност. — Злосторството над девојчето може уште како да се објасни со „средината“.

Разумихин беше речиси бесен.

— Но, ако сакаш, јас веднаш ќе ти изведам *заклучок* — викна тој — дека твоите трепки се бели, затоа што Иван Велики е висок триесет и пет сажни, а ќе докажам јасно, точно, прогресивно и дури со либерална нијанса! Можам! А, сакаш ли да се обложиш?

— Се обложувам! Да чуеме, како ќе го изведе тоа!

---

[1]) Според општествениот систем на Фурие: голема куќа со многу станови; социјалистичка заедница.

— Ама секокаш тој се преправа, ѓавол да го земе — викна Разумихин, скокна и замавна со раката. — Воопшто не вреди да се зборува со него! Тој сето тоа го зборува намерно, ти уште не го знаеш него, Родионе! И вчера се согласи со нив, само за да си бие шега со сите. А што ли не зборуваше вчера, господи! А тие му се радуваа!... Тој вака може да издржи по две недели. Ланската година, којзнае зошто, нè увери дека ќе стане калуѓер: два месе̋ца го тврдеше тоа неуморно! Недамна си замислил, и фати да верува, дека ќе се ожени и дека веќе сè е готово за свадбата. Порачал да му направат и нова облека. Веќе сите фативме да му честитаме. А ниту имаше свршеница, ниту ништо, само се преправаше!

— Ама излажа! Облеката ја порачав порано. Поради новата облека и ми текна да ве насамарам.

— Зарем вие навистина сте таков преправачко? — праша Раскољников небрежно.

— А вие мислевте дека не сум? Почекајте, и вас ќе ве насадам, ха-ха-ха! Добро, еве, ќе ви ја кажам сета вистина. Сите тие прашања, злосторствата, средините, девојчињата сега ме потсетија на една ваша статијка, која, впрочем, секогаш ме интересирала. „За злосторството“ — како ли се вика, ѝ го заборавив насловот, не се сеќавам. Пред два месеца го имав задоволството да ја прочитам во „Периодична реч“.

— Моја статија? Во „Периодична реч“? — праша Раскољников зачуден. — Вистина пред половина година, кога го напуштив универзитетот, по повод на некоја книга, напишав една статија, но тогаш му ја однесов на весникот „Седмична реч“, а не на „Периодична“.

— Но, дошла во „Периодична“.

— Ама „Седмична реч“ престана да излегува, затоа тогаш не ти ја напечатиле...

— Вистина, но кога престана „Седмична реч“ таа се здружи со „Периодична реч“, па затоа вашата статијка пред два месеца е печатена во „Периодична реч“. А вие не знаевте, нели?

Раскољников навистина не знаеше ништо.

— Ама, ве молам, од нив можете да побарате хонорар за статијата? Навистина, вие имате чуден карактер! Се повлекувате во осаменост, и не знаете дури ни за вакви работи што се однесуваат токму на вас. Тоа е факт.

— Браво, Родја! Ни јас не знаев! — викна Разумихин. — денеска ќе одам во библиотеката и ќе го побарам тој број! Пред два месеца? Кој датум? Сеедно, ќе го најдам! Тој ништо не кажува!

— А како дознавте дека статијата е моја? Таа е потпишана со буква.

— Случајно, и тоа неодамна. Од уредникот; го познавам... многу се заинтересирав.

— Се сеќавам, ја анализирав психичката состојба на злосторникот во целиот тек на извршувањето на злосторството.

— Да, и вие тврдите, дека актот на злосторството секогаш го придружува болест. Многу, многу оригинално, но... мене не ме интересираше токму тој дел од вашата статијка, туку една мисла, што е спомната на крајот од статијата, но, за жал, само нејасно е нафрлена... Со еден збор, ако се сеќавате, таму има една алузија за тоа дека на светов има и такви луѓе, што можат... тоест не што можат, туку што имаат полно право, да вршат секакви недела и престапи, и дека за нив не постои закон.

Раскољников се насмевна на тоа намерно и наместено искривување на неговата идеја.

— Како? Што? Право на злосторство? Секако, не затоа што ги „упропастила средината?“ — праша Разумихин, некако уплашен.

— Не, не, воопшто не за тоа — одговори Порфириј. — сè е во тоа дека во неговата статија сите луѓе, некако се делат на „обични“ и „необични“. Обичните луѓе мораат да живеат во покорност, и немаат право да го кршат законот, зашто тие се, ете, обични. А необичните луѓе имаат право да извршуваат секакви злосторства и секако да го кршат зконот, токму затоа што се необични. Ми се чини, така пишувате вие, ако не се лажам?

— Ама како можело така? Тоа не е можно! — мрмореше Разумихин во недоумица.

Раскољников пак се насмевна. Во еден миг сфати, за што се работи и кон што сакаат да го натераат. Се сеќаваше за својата статија. Реши, да го прими предизвикот.

— Кај мене не е сосем така — започна тој просто и скромно. — Впрочем, признавам, вие речиси верно ја изнесовте, дури, ако сакате, и сосем верно... (како да му беше пријатно да застане зад тоа, дека е сосем верно). Разликата е само во тоа, што јас воопшто не тврдам дека необичните луѓе, секако, мораат и дека се должни секогаш да прават секакви недела, како што велите вие. Мене дури ми се чини дека таква статија не би ни пуштиле во печатот. Јас само навестив дека „необичниот" човек има право... тоест нема официјално право, туку има право самиот да ѝ дозволи на својата совест, да пречекори... некои пречки, а и тоа само тогаш, ако тоа го бара остварувањето на неговата идеја, која понекогаш е спасоносна за целото човештво. Вие повеливте да речете дека мојата статија е нејасна; јас ќе ви ја објаснам, колку што можам. Можеби не се лажам, што мислам дека вие веројатно и го сакате тоа. Значи повелете. Јас мислам дека: ако Кеплеровите и Њутновите откритија, поради некакви комбинации, не беше можно да му се објаснат на човештвото под некој друг услов, туку само ако биде жртвуван животот на еден, десетмина, стотици и тн. луѓе, што го попречуваат тоа откритие, и му стојат на патот и го сопираат, тогаш Њутн би имал право и дури би бил обврзан... да ги *отстрани* тие десет или сто луѓе, и своите откритија да му ги објави на целото човештво. Од тоа, впрочем, воопшто не следува заклучокот дека Њутн има право да убива секого, кого ќе помисли, кого ќе сретне или со кого ќе се судри, или да краде секој ден на пазарот. Понатаму, се сеќавам, во својата статија разработувам дека сите... па, на пример, и законодавците и основоположниците на човештвото, почнувајќи од најдревните, па продолжувајќи со ликурговците, солоновците, мухамедовците наполеновците итн.,

сите до еден би биле злосторници, поради тоа што давајќи нов закон, со самото тоа го кршеле стариот закон, свето почитуван од општеството, наследен од дедовците, и, најпосле, затоа што не се плашеле ни од пролевањето крв, само ако таа крв, понекогаш сосем невина и херојски пролеана за древниот закон, можела да им помогне. Вреди да се забележи дури дека повеќето од тие добротвори и основоположници на човештвото биле страшни крволоци. Со еден збор, јас заклучувам дека и сите луѓе, не само оние големите, туку и оние што макар малку се способни да кажат нешто ново, — по својата природа бездруго мора да бидат злосторници, повеќе или помалку, се разбира. Инаку, тешко можат да излезат од коловозот, а не можат ни да се согласат да останат во коловозот, се разбира, пак поради својата природа; а според мене, тие се и должни да не се согласуваат. Со еден збор вие гледате дека тука нема ништо особено ново. Тоа илјадници пати веќе е напишано и прочитано. Што се однесува, пак, до мојата поделба на луѓето на обични и необични, признавам дека таа поделба е малку самоволна, но јас и не настојувам тоа да го докажам со точни факти. Јас само верувам во својата главна мисла. А таа мисла е дека луѓето, според природниот закон, *воопшто* се делат на два вида: на нижи (обичен), тоест, така да се изразам, на материјал, кој служи само за раѓање на слични суштества, и на вистински луѓе, тоест на такви што имаат дарба и талент во својата средина да кажат *нов збор*. Тука има неброено подгрупи, но тие два вида се разликуваат прилично реско по своите црти: првиот вид, тоест материјалот, тоа се воопшто луѓе конзервативни по својата природа и пристојни, живеат во послушност и љубат да бидат послушни. Тие, според мојата оценка, и мораат да бидат послушни, зашто за тоа се определени и воопшто не ги понижува тоа. Вториот вид: сите го кршат законот, тие се разурнувачи или барем се склони кон тоа, судејќи според способностите. Злосторствата на тие луѓе, се разбира, се релативни и разновидни: повеќето од нив, во многу различни изјави бараат во името на подоброто да се разурне де-

нешното. Но, ако на некого од нив му е потребно, поради идејата да зачекори и преку леш, преку крв, тогаш тој може во себе, според моето мислење, да си дозволи, да зачекори преку крв, — што, впрочем, зависи од идејата и нејзината големина, запаметете го тоа! Само во таа смисла јас зборувам во својата статија за нивното право на злосторство. (Ако се сеќавате, ние и започнавме од правното прашање.) Впрочем, немојте многу да се возбудувате: масата речиси никогаш не им го признава ним тоа право, ами ги казнува и ги беси (повеќе или помалку), и со тоа праведно ја извршува својата конзервативна определеност; но таа маса, во своите идни поколенија, тие погубени луѓе ги издига на пиедестал и им се клања (повеќе или помалку). Првиот вид секогаш е господар на сегашноста, вториот вид — господар на идната. Првите го чуваат светов и го зголемуваат неговиот број; а вторите го движат светот и го водат кон целта. И едните и другите имаат сосем еднакво право да постојат. Со еден збор, кај мене сите имаат еднакво право, и vive la guerre éternelle[1]), се разбира до новиот Ерусалим!

— Вие, значи, сепак верувате во Новиот Ерусалим!

— Верувам — цврсто одговори Раскољников, а додека зборуваше, и сега, и кога ја кажуваше својата долга тирада, гледаше во земјата, во една одбрана точка на килимот.

— И-и-и во бога ли верувате? Извинете што сум толку љубопитен.

— Верувам, — повтори Раскољников, подигајќи си ги очите кон Порфириј.

— И-и во воскреснувањето на Лазар ли верувате?

— Верувам. Зошто ви е сето тоа?

— Буквално верувате?

— Буквално.

— Ете, така... бев љубопитен. Извинете! Но, ве молам, се враќам на преѓешното прашање — па сепак не ги казнуваат секогаш; некои напротив...

---

[1]) Да живее вечната војна — фр.

— Ја слават победата додека се живи? О, да, некои успеваат и додека се живи, тогаш...

— Самите почнуваат да се казнуваат?

— Ако треба, знајте: повеќето и се казнуваат. Вашата забелешка, воопшто, е остроумна.

— Благодарам. Но, кажете ми: по што се разликуваат тие необични луѓе од обичните? Дали имаат некакви знаци од раѓањето? Ова го велам, зашто тука би требало да има поголема точност, така да се изразам, поголеми надворешни обележја: извинете за моето природно неспокојство на практичен и добронамерен човек, но зарем не би можело тука да се воведе, на пример, посебна облека, или да носат некакви печати?... Зашто, признајте и самиот, ако дојде до збрка, да речеме, ако некој од првиот вид си вообрази, дека му припаѓа на вториот вид, и ако започне „да ги отстранува сите пречки", како што вие многу среќно се изразивте, тогаш тука ќе...

— О, тоа се случува многу често! Таа ваша забелешка е уште поостроумна од преѓешната...

— Благодарам...

— Нема зошто; но, знајте, дека збрката може да им се случи само на луѓето од првиот вид, тоест на „обичните" луѓе (како што ги нарекох јас, можеби многу незгодно). И покрај сета своја вродена склоност кон послушност, мнозина од нив, според некоја игривост на природата, што не ѝ е несвојствена ни на кравата, љубат да вообразуваат дека се напредни луѓе, „разурнувачи", па се нафрлуваат на „новиот збор" и тоа сосем искрено. Но воедно, тие многу често и не ги забележуваат вистинските *нови* луѓе, па дури и ги презираат, како заостанати луѓе со подли мисли. Но јас сметам, дека тука не може да има посебна опасност, па не треба навистина за ништо да се вознемирувате, зашто тие никогаш не зачекоруваат далеку. За тоа што се занесле, се разбира, понекогаш може да бидат истепани, за да запаметат, каде им е местото, но ништо повеќе; тука дури и не треба извршител; тие самите ќе се измаваат себеси, бидејќи се доброкарактерни: некои ќе си ја направат таа услуга заемно, а некои самите со своите раце... Притоа

тие самите си определуваат разновидни јавни прекори — тоа излегува убаво и поучно; со еден збор, нема поради што да се вознемирувате... Таков е законот.

— Да, од таа страна барем малку ме смиривте; но, еве, пак несреќа: кажете ми, ве молам, има ли многу такви „необични“ луѓе, што имаат право да ги колат другите? Се разбира, јас сум склон да се покорам, но признајте и самиот, непријатно е, ако нив ги има мошне многу, нели?

— Не грижете се ни за тоа — продолжи Раскољников со истиот тон. — Луѓето со нова мисла, што се макар малку способни да кажат нешто *ново*, воопшто се раѓаат во многу мал број, дури и чудно малку. Јасно е само едно: дека редот на раѓањето на луѓето од сите тие видови и подвидови постојано и точно е определен со некаков природен закон. Се разбира, тој закон денеска е непознат. Но јас верувам дека постои и дека подоцна ќе стане познат. Огромната маса луѓе, материјалот, постои на светов, за, најпосле, со некаков напор, со некаков досега таинствен процес, со некакво вкрстување на родовите и соевите, да се напрегне и да роди, најпосле, на илјада барем еден, макар малку самостоен човек. А на десет илјади, можеби, се раѓа еден, што би имал уште поголема самостојност (ова го кажувам како нагледен пример). На сто илјади еден е со уште поголема самостојност. Генијалните луѓе се јавуваат по еден на повеќе милиони, а за да се јават големи гении, усовршувачи на човештвото, можеби е потребно на земјата да минат многу илјадници милиони луѓе. Накратко, јас не сум гледал во ретортата во која се случува тоа. Но, секако, постои, определен закон, и мора да постои; тука не може да има никаков случај.

— Ама да не биете шега вие двајца? Што правите? — викна најпосле Разумихин. — Се правите будали еден со друг или што? Седат и си се подбиваат еден со друг! Сериозно ли го зборуваш тоа, Родја?

Раскољников молчејќи го дигна накај него своето бледо, скоро жално лице, но не му одговори... На

Разумихин, освен тивкото, жално лице на Раскољников, чудна му се стори и дрската, раздразлива и *непристојна* зајадливост на Порфирија.

— Да, брате, ако е тоа навистина сериозно, тогаш... ти имаш право, кога велиш дека тоа не е ново, ами дека прилега на она што сме го читале или слушале илјадници пати; но навистина *оригинално* и навистина само твое е тоа што ти дозволуваш *свесно* да се пролева крв, и тоа, прости ми, дури со таков фанатизам. Токму тоа мене ме исполнува со ужас... А во тоа, се чини, и се состои главната мисла на твојата статија. А токму тоа *свесно* дозволување да се пролева крв... според моето мислење, е пострашно, отколку официјалното, законитото дозволување да се пролева крв...

— Тоа е сосем точно, пострашно е — се јави Порфириј.

— Ти малку си се занесол! Тука има грешка. Јас ќе прочитам... ти си се занесол! Ти не можеш да мислиш така... Ќе прочитам.

— Во статијата го нема сето тоа. Таму има само алузии — рече Раскољников.

— Да, да, — се размрда Порфириј, — сега ми е речиси јасно како повелате да гледате на злосторството... Извинете што додевам и тоа премногу, дури и мене ми е одвратно... но гледате, вие пред малку ме смиривте во однос на случаите на грешки, во мешањето на двата вида, но... тука мене сепак ме вознемируваат разни практични случаи. Ако некој маж или момчак си вообрази дека е Ликург или Мухамед... иден, се разбира, — и земе да ги отстранува сите пречки... па ако си рече: ми претстои долг пат, а за патот се потребни пари... добро, ќе настојувам да дојдам до пари, заради походот... сфаќате ли?

Замјотов наеднаш свирна од својот агол. Раскољников не го ни погледна.

— Ви признавам, секако — одговори тој спокојно — дека такви случаи се можни. Глупавите и суетните луѓе се фаќаат токму на таа јадица; особено младите.

— Ете, гледате. Па што тогаш?

— Па, ете, така е — се поднасмевна Раскољников — јас не сум виновен за тоа. Така е, и така ќе биде секогаш. Еве, овој (тој покажа на Разумихина) пред малку велеше дека јас дозволувам пролевање на крв. Што од тоа? Па општеството премногу се има заштитено себеси со прогонства, затвори, иследници, робија — зошто да се возбудувате? Барајте го виновникот!...

— А ако го пронајдеме?

— Ете му го патот!

— Многу сте логичен. А што ќе правиме со неговата совест?

— А зошто ве интересува таа?

— Така, само поради човечноста.

— Тој што има совест нека страда, ако сфати дека згрешил. Тоа му е казна — покрај робијата.

— Да, а оние што се навистина генијални — праша Разумихин намуртен — оние на кои им е дадено право да колат, тие, значи, не мораат воопшто да страдаат, дури ни за пролеаната крв?...

— Зошто е потребен зборот: *мораат*? Тука нема ни дозвола, ни забрана. Нека страда ако ја жали жртвата... Страдањата и болката мора да ги има во широката свест и длабокото срце. Вистинските големи луѓе, чинам, бездруго се многу тажни — додаде наеднаш замислено, дури и со тон кој се разликуваше од тонот на разговорот.

Ги подигна очите, така замислен ги погледна сите, се насмевна и си ја зеде шапката. Беше премногу спокоен за разлика од расположението со кое влезе пред малку, и тоа го чувствуваше. Сите станаа.

— Но, без обзир дали ќе ме карате, дали ќе ми се лутите или нема да ми се лутите не можам да се воздржам — рече Порфириј Петрович — дозволете ми уште едно прашање (јас многу ви додевам), би сакал само да изнесам една мала идеја, само колку да не ја заборавам...

— Па добро, кажете ја вашата идеја! — рече Раскољников стоејќи пред него, сериозен и блед...

— Еве... навистина не знам, како би се искажал попогодно... идејата е многу палава... психолош-

ка... Па кога сте ја пишувале таа ваша статијка, секако не може, хе, хе, барем малку да не сте се сметале себеси за „необичен" човек, кој кажува *нов збор*, тоест во вашата смисла... Дали е тоа така?

— Можеби и е така — одговори Раскољников презирно.

Разумихин се помрдна.

— Е, ако е така, дали и вие самиот не би се решиле, да речеме, поради некакви неуспеси и тегобности во животот, или заради унапредување на целото човештво — да ја пречекорите таа пречка?... На пример, да убиете и да ограбите? — И тој наеднаш како да му намигна пак со левото око и тивко се засмеа, сосем исто како пред малку.

— Ако пречекорам, секако нема да ви кажам — одговори Раскољников со предизвикувачки, надмен презир.

— Ама немојте, јас се интересирам, всушност, само за да ја разберам вашата статија, само во литературна смисла...

„Пих, колку е очигледно и дрско!" — си помисли Раскољников со одвратност.

— Дозволете да ви соопштам — одговори тој сувo — јас не се сметам себеси ниту за Мухамед, ниту за Наполен... ниту за која и да е слична личност, а штом не сум тоа, значи, не можам ни доволно да ви објаснам како би постапил.

— Ама оставете, има ли во Русија некој што сега не се смета себеси за Наполен? — рече Парфириј со страшна фамилијарност. Дури и во интонацијата на неговиот глас сега имаше нешто посебно јасно.

— Можеби некој иден Наполен ја смачкал со секира и нашата Аљона Ивановна минатата недела? — одвали наеднаш од аголот Замјотов

Раскољников молчеше и упорно цврсто го гледаше Порфирија. Разумихин се намурти. Тој и порано почна нешто да насетува. Гневно се обврна. Поминаа неколку мига на мрачно молчење. Раскољников се сврти за да си оди.

— Вие, значи, си одите! — рече љубезно Порфириј, извонредно внимателно подавајќи му ја раката. — Многу, многу ми е мило, што се запознавме. А што се однесува до вашата молба, не грижете се! Само напишете така, како што ви реков. А најдобро ќе биде, самиот да наминете кај мене... деновиве... да речеме утре. Таму ќе бидам околу единаесет часот, сигурно. Сè ќе уредиме... ќе разговараме... а пак вие, како еден од последните што биле *таму* би можеле и да ни кажете нешто... — додаде тој на најдобродушен начин.

— Вие сакате службено да ме распитате, по сите прописи — праша Раскољников остро.

— Зошто? Засега воопшто не е потребно тоа. Не ме разбравте добро. Гледајте, јас не ја пропуштам можноста и... веќе разговарав со сите залагачи... од некои зедов искази... а вие, како последен... Но, навистина! — викна тој, зарадуван од нешто, — еве, сега се сетив дека јас!... — тој се сврти кон Разумихин, — е, тогаш ти ми ги наполни ушите за оној Николашка... а јас и самиот знам, и самиот знам — сега се сврти кон Раскољников, — дека момчето е невино, но што можев, морав да го вознемирувам и Миќка... еве, во што е работата, суштината на сè: кога сте поминувале по скалите тогаш... ве молам, вие таму сте биле во осум часот?

— Да, во осум часот — одговори Раскољников, а во истиот миг почувствува непријатност, зашто тоа можеше и да го премолчи.

— Е, па, кога поминавте по скалите во осум часот, дали видовте на вториот кат, во оној отворениот стан, — се сеќавате ли, дали видовте двајца работници или барем еден? Тие таму молираа дали ги забележавте? За нив тоа е многу, многу важно!...

— Молери? Не, не видов... — одговори Раскољников полека, како да копка по спомените, воедно со сето свое суштество напрегнувајќи се што подобро да погоди во што е всушност стапицата и да не превиди нешто. — Не, не видов. А не го ни забележав тој отворен стан... но на четвртиот кат (веќе сосем ја прозре стапицата и затриумфира), се сеќавам, некој

чиновник се селеше од станот, спроти Аљона Ивановна... се сеќавам... јасно се сеќавам... војници изнесуваа некаков диван и мене ме притиснаа до ѕидот... а за молерите не се сеќавам дали беа таму... а ни отворен стан немаше никаде, ми се чини. Да, немаше...

— Ама што зборуваш! — викна наеднаш Разумихин, како да се освести и сфати. — Молерите бојадисуваа на денот на убиството, а тој беше таму три дена пред тоа! Зошто прашуваш за тоа?

— Пих колку сум смешен! — Порфириј се удри по челото, — по ѓаволите, веќе ми се мати умов од овој предмет! — му се обрна на Раскољников, како да му се извинува. — Би ни било многу важно, да дознаеме, дали некој ги видел таму во станот во осум часот, па сега си мислев, дека и вие би можеле да кажете... сосем сум измешал!

— Значи, треба да се биде повнимателен — забележа Разумихин нерасположено.

Тие зборови ги рече веќе во претсобјето. Порфириј Петрович ги испрати изворедно љубезно, дури до вратата. Тие на улицата излегоа мрачни и намуртени и неколку чекори не проговорија ни збор. Раскољников здивна длабоко...

VI

— ...Не верувам! Не можам да верувам! — повторуваше вчудовидениот Разумихин, настојувајќи со сета сила да ги побие заклучоците на Раскољников.

Веќе се приближуваа до преноќиштето на Бакелеев, каде што одамна ги чекаа Пулхерја Александровна и Дуња. Разумихин постојано подзастануваше, збунет и возбуден, веќе со самото тоа, што тие првпат јасно фатија да зборуваат *за тоа*.

— Не верувај! — одговори Раскољников со студена, небрежна насмевка. — Ти, по својот обичај, ништо не забележа, а јас го мерев секој збор.

— Ти си сомнежлив, затоа си мерел... хм... навистина, признавам, тонот на Порфириј беше прилично чуден, а особено подлецот Замјотов!... Имаш право, имаше нешто во него — но зошто, зошто?

— Размислил ноќта.

— Обратно, обратно! Ако тие имаат таква луда мисла, со сета сила ќе се трудат да ја притаат и да си ги скријат картите, па да те фатат... но сега — тоа е дрско и непретпазливо!

— Да имаат факти, тоест вистински факти, или барем малку основани сомневања, тогаш тие навистина би се погрижиле, да ја скријат играта, со надеж, оти ќе спечалат уште повеќе, (впрочем, одамна ќе извршеа претрес!). Но тие немаат ни еден факт, кај нив сè е фантазија, сè има два краја, сè е само маглива идеја, па затоа и настојуваат да збунат со дрскост. Можеби разлоши, затоа што нема факти, па во лутината се расприкажа. А можеби има нешто намислено... се чини, дека е умен човек... можеби сакаше да ме заплаши со тоа што го знае... тука, брате, има посебна психологија... Впрочем, одвратно е да се објаснува сето тоа. Остави го!

— И навредливо, навредливо! Јас те сфаќам! Но... кога веќе започнавме да зборуваме отворено (а убаво е што најпосле фативме да зборуваме отворено, јас го сакам тоа!) — сега ќе ти признаам искрено дека одамна кај нив го забележував тоа, но само се шушкаше таа мисла, тивко, одвај забележливо се шепотеше, но зошто, зошто и да се шепоти! Како се осмелуваат! Каде се кријат корените на тоа? Да знаеш само колку се лутев јас! Како може тоа: само затоа што е беден студент, измачен од сиромаштијата и хипохондријата, спроти тешка болест и бунило, што можеби веќе се јавува во него (внимавај!), сомнежлив, самољубив човек, кој си ја знае вредноста, кој шест месеци седи во својата соба и не се среќава со никого, во партали, со чевли без ѓонови, — да стои пред некакви пандури и да ги трпи нивните подбивања; а тука пред носот има неочекуван долг, меница, што ја протестирал дворскиот советник

Чебаров, смрдлив лигавец, триесет степени Реомирови, запуровина, човечка мешаница, раскажување за убиството на човекот, кај кој бил вчера, и сето тоа — на празен стомак! Тогаш како да не се онесвестиш! И врз тоа го градат сето! По ѓаволите! Јас сфаќам дека тоа е гадно, но да сум на твое место, Родја, на сите би им се изнасмеал в лице, или подобро би им плук-нал во муцките, но силно, и на сите страни би исфрлил по дваесетина плуканки, умно, како што треба секогаш, па би завршил со тоа. Плукни! Ободри се! Срамота е!

„Навистина, овој добро го рече тоа“ — си помисли Раскољников.

— Плукни? А утре пак распит! — рече тој огорчено. — Јас ли да се објаснувам со нив? Ми се гади што вчера во гостилницата се понижив и разговарав со Замјотов...

— По ѓаволите! Јас самиот ќе одам кај Порфириј! Јас ќе го притиснам малку *роднински:* да ми објасни каде се корените. А Замјотов...

„Најпосле се сети!“ — си помисли Раскољников.

— Стој! — викна Разумихин, фаќајќи го за рамото. — Стој! ти лажеше! Се сетив: ти лажеше. Каква ти е таа измама? Ти велиш, дека прашањето за работниците било измама? Размисли: да го направеше *тоа* ти, зарем ќе можеше да кажеш дека си видел како го молираат станот... и дека си ги видел работниците. Напротив, ништо не видов, дури и да си видел! А кој ќе признае нешто против себеси?

— Да ја направев јас *таа работа,* секако ќе кажев дека сум ги видел и работниците и станот — одговараше понатаму Раскољников нерасположен и очигледно сосила.

— А зошто да зборуваш против себеси?

— Зашто само селаните, или најнеискусните новаци, упорно и сè по ред порекнуваат при сослушувањето. Но, ако човекот е малку образован и искусен, секако, се грижи, според можностите, да ги признае сите надворешни факти, што не може да ги от-

страни, само им прилепува други причини, замешува некаква посебна, ненадејна црта, што им дава сосем поинакво значење, и ги прикажува во поинаква светлина. Порфириј, веројатно и се надеваше дека јас, секако ќе речам дека сум видел, а дека, за да изгледа повистинито, ќе залепам и нешто заради објаснување...

— Ама тој веднаш ќе ти кажеше, дека по два дена не можеле да бидат таму работниците, а дека ти, значи, си бил токму на денот на убиството, во осум часот. Би те збунил со ситница.

– Да, тој така и се надеваше, дека јас не ќе можам да се снајдам, ами брзајќи да одговорам што поблиску до вистината, ќе заборавам дека по два дена не можело таму да има работници.

— А како би го заборавил тоа?

— Тоа е најлесно. Во таквите најситни работички најлесно се збуѓуваат итрите луѓе. Колку поитар е човек, толку помалку се надева дека ќе го збуниш со обична работа. Најитриот човек треба да го збуниш токму со најпроста работа. Порфириј воопшто не е толку глупав, како што си мислиш ти...

— По сево ова, тој е подлец.

Раскољников не можеше да не се засмее. Но воедно му се сторија чудни и одушевувањето и занесот со кои го изговори последното објаснување, бидејќи целиот разговор го поддржуваше со одвратност, очигледно поради определена цел, поради потреба.

„Во некои работи влегувам со уживање!“ — си помисли во себе.

Но речиси во истиот миг некако се вознемири, како да го вчудовиди неочекувана, возбудлива мисла. Неспокојството постојано му се зголемуваше. Веќе стигнаа до вратата на преноќиштето на Бакалеев.

— Оди сам — рече наеднаш Раскољников — јас ќе дојдам по малку.

— Каде ќе одиш? Па, еве, веќе пристигнавме?

— Морам, морам; имам работа... ќе дојдам по половина час... кажи им таму!

— Како што сакаш, но јас ќе дојдам по тебе.

— Што, зарем и ти сакаш да ме мачиш! — викна толку горчливо раздразнет, со таков очај во погледот, што Разумихин потклекна. Некое време стоеше на влезот и мрачно гледаше, како овој брзо чекори кон својата уличка. Најпосле, си ги стисна забите и тупаниците и тука веднаш се заколна дека уште денеска ќе го истиска целиот Порфириј како лимон. Потоа се качи горе за да ја успокојува Плухерја Александровна, која веќе беше возбудена, дека ги нема толку долго.

Кога Раскољников пристигна пред својата куќа челото му беше испотено и тешко дишеше. Брзо-брзо се искачи по скалите, влезе во својот незаклучен стан, и веднаш го стави резето на вратата. Потоа се спушти уплашен и како без глава во аголот, накај дупката, па неколку моменти детално пребаруваше во неа секое делче и секоја брчка на тапетот. Не најде ништо, па стана и длабоко издивна. Кога пред малку дојде до скалите на куќата на Бакелеев, одненадеш му текна дека може некој предмет, некое синџирче, брош или дури некоја од хартиите, во кои беа завиткани предметите, со белешка од старата, да му паднала тогаш некако и да се скрила во некоја пукнатина, а потоа ненадејно да излезе пред него како непобитен доказ.

Стоеше некако замислен, а на усните му трепереше чудна речиси бесмислена насмевка. Најпосле, ја зеде капата и тивко излезе од собата. Мислите му се плеткаа. Замислен слезе во тремот.

— А еве го него! — слушна некаков силен глас.

Тој ја дигна главата.

Чуварот на куќата стоеше на вратата од својата собичка, и го покажуваше на некој снизочок човек, кој изгледаше како граѓанин, а беше облечен во нешто слично на халат, со елек, и кој оддалеку прилегаше на жена. Главата, на која имаше маслосана капа, ја држеше обесена, а и целиот беше како подгрбавен. Неговото овенато и збрчкано лице покажуваше дека има преку педесет години, а неговите ситни, матни очи гледаа мрачно, остро и нерасположено.

— Што има? — праша Раскољников пристапувајќи му на чуварот.

Граѓанинот го погледна подоко, го разгледа упорно, подробно, без да брза, а потоа полека се сврти и без збор излезе од тремот на улица.

— Ама што има? — викна Раскољников.

— Ете, прашуваше дали овде живее некој си студент, го спомна вашето име, и кај кого сте. Притоа слеговте, јас ве покажав, а тој си отиде. Ете, тоа!

И чуварот беше некако зачуден, но не многу; поразмисли малку, а потоа се сврти и се врати во својата собичка.

Раскољников се спушти кон граѓанинот и веднаш го виде како оди по другата страна на улицата, со рамномерни бавни чекори, со очи спуштени кон земјата, и како да размислува нешто. Бргу го стигна, и некое време одеше по него; најпосле се израмни со него и го погледна отстрана во лицето. Овој веднаш го забележа, го изгледа набрзина, но пак ги спушти очите и така некое време продолжија да чекорат, еден до друг, без ниеден збор.

— Вие ли прашавте за мене... кај чуварот? — рече најпосле Раскољников, но не многу гласно.

Граѓанинот не му одговори, дури и не го погледна. Пак молчеа.

— А што сакате вие... доаѓате и прашувате... а потоа молчите... што може да ви биде тоа?

На Раскољников му се пресече гласот и не можеше јасно да ги изговара зборовите.

Граѓанинот сега ги подигна очите и го погледна Раскољникова со злокобен, мрачен поглед.

— Убиец! — проговори тој ненадејно со тивок, но јасен, разбирлив глас.

Раскољников чекореше покрај него. Одеднаш нозете ужасно му се потсекоа, по грбот му пролазија морници, за миг срцето му премре; потоа пак му затупка, како да се откочило. Така напоредно и молчејќи минаа стотина чекори.

Граѓанинот не го гледаше.

— Ама зошто... зошто... кој е убиец? — промрмори Раскољников, сосем тивко.

— *Ти* си убиец — изговори граѓанинот уште појасно, поостро и како со насмевка на омраза и триумф, па пак го погледна Раскољникова право во бледото лице и во замрзнатите очи.

И двајцата пристигнаа на раскрсницата. Граѓанинот скршна во улицата лево и продолжи без да се обзрне. Раскољников застана, и долго време гледаше по него. Овој одеше така педесетина чекори, потоа се обзрна и го погледна Раскољникова, кој сè уште стоеше неподвижен на истото место. Не можеше убаво да се види, но на Раскољников му се стори, дека овој и сега се насмевна со својата студена победничка насмевка, полна со омраза.

Со бавен, изнемоштен чекор, клинкајќи и некако ужасно изземнат, Раскољников се врати во својата собичка. Ја симна шапката, ја стави на маса и постоја покрај масата десетина минути без да се помрдне. Потоа исцрпен легна на диванот и како болен, со слабо јачкање, се протегна на него; очите му беа склопени. Така прележа едно половина час.

Не мислеше за ништо. Да, имаше некакви мисли или делови од мисли, некакви сеништа, без ред и без врска — лица на луѓе што ги видел уште во детството, или што некогаш ги сретнал само еднаш, и за кои не би се сетил никогаш; камбанаријата на В-ската црква, билијарот во некоја гостилница и покрај билијарот офицер, смрдеа на тутун во некоја бутка за цигари, крчма, заеднички скали, сосем мрачни, испопрскани со помија, со растурени лушпи од јајца, а однекаде се огласува неделна камбана... Работите се менуваа и се мешаа како виор. Некои дури му се допаѓаа, па ги фаќаше, но тие се губеа, а во внатрешноста нешто го задушуваше, но не многу. Понекогаш му беше сосем добро... Морниците по телото не му престануваа, а тоа му беше речиси и пријатно.

Наеднаш ги слушна брзите чекори на Разумихин и неговиот глас, па си ги затвори очите и се преправи дека спие. Разумихин ја отвори вратата, па некое

време постоја на прагот, како да се двоуми. Потоа зачекори тивко во собата и внимателно се доближи до диванот. Се слушна шепотот на Настасја.

— Не гибај го; нека се наспие; подоцна ќе јаде.

— Токму така — одговори Разумихин.

И двајцата излегоа внимателно и ја подзатворија вратата. Мина уште половина час. Раскољников ги отвори очите, се преврти ничкум и ги стави рацете под главата...

„Кој ли е тој? Кој е тој човек, што изникна од земја? Каде ли бил и што ли видел? Тој видел сè, тоа е несомнено. А каде стоел и од каде гледал? Зошто тој дури сега изникнува од земјата? И како видел — можно ли е тоа?... Хм!... — продолжи Раскољников, облеан во студена пот — а футролата, што ја нашол Николај зад вратата: можно ли е тоа? Докази! Ќе превидиш една безначајна ситница, па ете ти големи докази, како египетските пирамиди! Летала мува и видела! Може ли да биде така?“

И тој со одвратност наеднаш почувствува како премалува, физички изнемоштува.

„Морав да го знам тоа — си мислеше и горчливо се смешкаше. — А штом се знаев себеси, штом *претчувствував* каков ќе бидам, како смеев да се фатам за секирата и да се валкам со крв! Требаше однапред да знам... Ех, па и знаев однапред!...“ — прошепоти тој очаен.

Напати неподвижно се запираше на некоја мисла.

„Не, тие не се вакви луѓе; вистинскиот *владетел* на кој му е дозволено сè, го разурнува Тулон, прави колеж во Париз, ја *заборава* војската во Египет, *губи* половина милион луѓе во походот на Москва, а во Вилно се ослободува со досетка; нему по смртта му подигаат кумирски кипови, — значи нему му е дозволено *сè*. Не. Таквите луѓе, всушност, немаат тело, туку бронза!“

Ненадејна, необична мисла наеднаш речиси го насмеа.

„Наполен, пирамиди, Ватерло — и мршавата, гадна регистраторка, баба, лихварка, со црвено сандаче под креветот, та тоа не би го сварил ни Порфириј

Петрович!... А како и да го свари!... Ќе пречи естетиката: „зарем Наполен ќе се пикне под креветот на бабата!“ Ех, глупости!“

Вчас му се стори дека блада, запаѓаше во трескаво — занесно расположение.

„Бабата е глупост! — мислеше запалено. — Бабата е грешка, не е работата во тоа! Бабата беше само болест... јас сакав побрзо да пречекорам... јас не убив човек, ами убив принцип! Јас убив принцип, а не пречекорив, ами останав на својата страна. Успеав само да убијам. А и во тоа не успеав, како што се гледа... Принцип? Зошто глупавичкиот Разумихин пред малку се нафрли на социјалистите? Работлив свет, снаодлив, се занимава „со општата среќа“. Само еден единствен пат ми е даден животот, а веќе никогаш не ќе го имам: јас нема да ја чекам „општата среќа“. Јас и самиот сакам да живеам, зашто инаку подобро и да не живеам. А зошто? Јас само не сакав да минам покрај мојата гладна мајка, стискајќи ја во џебот својата рубља во очекување на „општата среќа“. Ќе речам: „Еве, принесувам една тула за општата среќа и затоа срцево ми е спокојно“. Ха-ха! А зошто ме пуштивте? Та само еднаш живеам, па и јас сакам... Ех, јас сум естетска вошка, ништо повеќе“ — додаде тој, па се насмевна, како да се мрднал од умот. — „Да, јас навистина сум вошка“, — продолжи злорадо фаќајќи се за таа мисла, копкајќи по неа, играјќи и забавувајќи се со неа — „и само поради тоа што прво, сега го разгледувам тоа дали сум вошка, второ, затоа што цел месец го вознемирував преблагото провидение, повикувајќи го за сведок, дека тоа не го презимам поради своето тело и поради својата жедост, ами затоа што имам на ум величествена, убава цел, ха-ха-ха! Трето, затоа што си мислев, дека во извршувањето ќе внимавам на можната праведност, на важноста, на мерата, и на аритметиката: од сите вошки ја одбрав најнекорисната, а кога ја убив, пак смислив, да земам од неа токму толку колку што ми е потребно за првиот чекор, ни повеќе ни помалку, (другото, значи, би отишло во манастир, според тестамент — ха-ха!)... Јас сум вошка најпосле — додаде тој чкри-

пејќи со забите — затоа што, затоа што можеби сум уште поодвратен и погаден од таа убиена вошка и затоа што однапред *чувствував* дека тоа ќе си го речам себеси *откако* ќе ја убијам! Зарем ништо не може да се спореди со тоа страшно нешто! Оф, каква нискост! Оф, каква подлост!... Оф, како го сфаќам јас „пророкот", со сабја, на коњ: Штом заповеда Алах, покори се „треперливо" суштество! Има право, има право „пророкот", кога ќе се испречи некаде на улицата со одбрана батерија, па пука и во правиот и во виновниот, а не дочекувајќи дури ни објаснување! Покори се, треперливо суштество и не *барај* бидејќи тоа не е твоја работа!... Оф, никако, никако нема да ѝ простам на бабата!"

Косата му се испоти, треперливите усни му се исушија, здрвениот поглед му беше управен во таванот.

„Мајка ми, сестра ми — колку ги сакав! Зошто сега ги мразам? Да, физички ги мразам; не можам да ги трпам покрај себе... Пред малку ѝ пријдов на мајка ми и ја бацив, се сеќавам... Да ја прегрнувам и да размислувам: дали да ѝ кажам, ако дознае? Мене тоа да ми се случи... Хм! таа, всушност, е иста како мене" — додаде тој, настојувајќи со сета сила, да мисли, како да се бори со бунилото, што го обземаше сиот — „оф, колку ја мразам сега бабата! А да се разбуди, веројатно би ја убил и по втор пат! Кутрата Лизавета! Зошто таа се најде тука!... Но чудно е што за неа речиси и не мислам, како да не сум ја убил!... Лизавета! Соња! Бедни, кротки, со кротки очи... Мили!... Зошто тие не плачат? Зошто тие не јачкаат?... Тие даваат сè.. гледаат кротко и тивко... Соња, Соња! Тивка Соња!..."

Тој се занесе. Му се стори чудно дека не се сеќава, како дошол на улица. Веќе беше доцна ноќ. Мракот се згуснуваше, полниот месец светеше сè појасно и појасно; но воздухот беше некако посебно задушен. По улицата минуваа групи луѓе; занаетчиите и работните луѓе си одеа дома, други шетаа; смрдеше на вар, прав, застојана вода. Раскољников одеше премален и загрижен: многу добро се сеќаваше,

дека од дома излезе со некаква намера, дека мораше нешто да сврши и да побрза, но што, имаше заборавено. Наеднаш се запре и забележа, дека на другата страна од улицата, на тротоарот, стои човек и му мавта со рака. Отиде преку улицата накај него, но човекот одненадеж се сврти и со наведната глава си замина, како да немало ништо, а не се обрнуваше и со ништо не покажуваше дека го повикува. „Ама дали ме викаше навистина?“ — си помисили Раскољников, и сепак продолжи по него. Кога беше на десетина чекори од него, наеднаш го позна и — се уплаши; тоа беше граѓанинот од пред малку, во истиот халат и, исто така, подгрбавен. Раскољников одеше по него претпазливо; срцето му тупкаше; и двајцата свртија во уличката — граѓанинот уште не се обрнуваше. „Дали знае дека одам по него?“ — си помисли Раскољников. Граѓанинот влезе во вратата на една голема куќа. Раскољников брзајќи се приближи до вратата и фати да гледа: дали ќе се обрне и дали ќе го викне? И навистина, откако го мина тремот и излезе во дворот, граѓанинот ненадејно се обрна и како пак да му мавна. Раскољников веднаш помина низ тремот, но во дворот веќе го немаше граѓанинот. Значи, влегол некаде тука на првите скали. Раскољников се спушти по него. И навистина, на две скали погоре, слушна некакви одмерени бавни чекори. Чудно, скалите му се чинеа познати. Еве го прозорецот на првиот кат; низ стаклата месечината влегуваше тажно и таинствено; еве го и вториот кат. Ха! Ама ова е станот, каде што бојадисуваа работниците... како да не го познае веднаш? Чекорењето на човекот, што одеше пред него стивна; „значи, застана, или се скри некаде“. Еве, го и третиот кат; дали да оди понатаму? И каква тишина е овде, дури и страшно... Но тој продолжи. Го плашеше и го збунуваше топотењето на сопствените чекори. Господи, каков мрак е овде! Граѓанинот веројатно, беше притаен некаде тука, во аголот. Ајде! — Станот до скалите беше широко отворен; поразмисли малку и влези. Претсобјето беше сосем мрачно и празно, ни жива душа; како сè да извадиле од него; тивко, тивкичко, на прсти влезе во

гостинската соба: целата соба е осветлена од јасната месечина; тука сè е како порано: столовите, огледалото, жолтиот диван и сликите во рамки. Огромната тркалеста месечина, црвена како бакар, гледаше право во прозорците. „Изгледа поради месечинава е ваква тишина“ — си помисли Раскољников — „тој сега, веројатно, смислува загатка“..Постоја и почека, долго време чекаше а колку потивка беше месечината, толку посилно му тупкаше срцето, дури и го здоболуваше. И постојано тишина. Наеднаш се слушна некакво суво крцкање, како да се скрши штичка, и пак стивна сè. Една мува се разбуди, летна и удри на стаклото, па зазуни жално. Притоа, погледна во аголот: помеѓу шкавчето и прозорецот, како да виси беше на ѕидот некакво палто. „Што бара овде палто?“ — си помисли. — „Порано го немаше . . .“ Му се приближи полека и му се стори дека зад палтото, всушност, некој се крие. Внимателно го потгрна со рака палтото и виде некаков стол, а на столот седи баба, сета се згрчила, а главата ја наведнала, така што не може да ѝ го познае лицето, но сепак таа е. Постоја малку покрај неа: „се плаши!“ — си помисли, тивко ја извлече секирата од јамката и ја удри бабата по темето, еднаш, двапати. Но чудно: од тие удари таа не се ни мрдна, како да е дрвена. Тој се уплаши, се наведна поблиску над неа и фати да ја разгледува; но и таа уште повеќе ја наведна главата. Тој тогаш сосем се спушти до подот и ѝ го погледна лицето одоздола, ѝ го погледна и истрпна: бабата седеше и се смееше — тоа беше тивка, безгласна смеа, зашто таа се напинаше да не пушти глас за да не ја слушне тој. Наеднаш му се стори дека вратата од спалната малку се подотвори и дека и таму некој се смее и шепоти. Целиот го исполни бес; со сета сила фати да ја удира бабата по глава, но со секој удар на неговата секира тој слушаше сè посилна и погласна смеа и шепот од спалната соба, а бабата сета трепереше од кикотење. Се фрли да бега, но претсобјето беше полно со народ, вратата пред скалите беше ширум отворена, а по ходникот, на скалите и таму долу вриеше од луѓе, глава до глава, сите гледаа, но сите беа при-

таени и чекаа, молчеа... Срцето му се стисна; нозете не му се мрдаа, му беа здрвени... сакаше да викне — и се разбуди.

Издивна тешко, — но чудно, како уште да сонуваше: вратата му беше ширум отворена, а на прагот стоеше сосем непознат човек и упорно го гледаше.

Раскољников уште не успеа сосем да ги отвори очите, веднаш ги затвори пак. Лежеше на грбот и не се ни мрдна.

„Дали сонот продолжува или не?“ — си помисли па малку, одвај забележливо пак ги подигна трепките: непознатиот сè уште стоеше на истото место и сè уште гледаше во него.

Наеднаш тој внимателно го пречекори прагот, тивко ја подзатвори вратата зад себе, се доближи до масата, малку причека — за сето време не ги тргнуваше очите од него — па потоа полека, тивко седна на столот до диванот; паларијата ја остави до себе на подот, со двете раце се потпре на стапот од трска, а на рацете си ја потпре брадата. Се гледаше дека беше подготвен многу да чека. Колку што можеше Раскољников да сфати од под трепките, кои му трепереа, тој човек веќе не беше млад, беше дебел, а брадата му беше густа, светла, речиси бела...

Минаа неколку минути. Сè уште гледаше, но веќе се стемнуваше. Во собата владееше мртва тишина. Ни откај скалите не допираше никаков звук. Само sунеше и се мачеше некаква голема мува, па летајќи удираше на стаклото. Раскољников не можеше повеќе да издржи, па наеднаш стана и седна на диванот.

— Па, кажете, што сакате?

— Еве, јас знаев дека не спиете, ами само се преправате, — чудно одговори непознатиот и спокојно се насмевна. — Дозволете, да се претставам: Аркадиј Иванович Свидригајлов.

ЧЕТВРТИ ДЕЛ

I

„Дали е тоа продолжување на сонот?“ — си помисли Раскољников уште еднаш.

Внимателно и недоверливо го разгледуваше неочекуваниот гостин.

— Свидригајлов? Глупости! Не е можно! — рече најпосле гласно, изненаден.

Гостинот како да не се зачуди од тој извик.

— Кај вас дојдов поради две причини, прво, сакав лично да се запознам со вас, а второ, се надевам, дека нема да ми ја одбиете помошта во една работа, што се однесува директно на вашата сестричка Авдотја Романовна и нејзиниот интерес. Мене сам, без препорака, таа можеби нема да ме пушти да влезам кај неа дома поради предрасуда, но со ваша помош, напротив, се надевам, ќе можам да одам кај неа . . .

— Напразно се надевате, — го прекина Раскољников.

— Тие пристигнаа синоќа, нели, дозволете да прашам?

Раскољников не одговори.

– Вчера, знам. А и јас дојдов, исто така, завчера. Значи, во врска со тоа ќе ви го кажам ова, Родионе Романович; сметам дека е излишно да се оправдувам себеси, но дозволете и јас да изјавам: навистина што згрешив посебно во сето тоа, тоест, ако сакаме без предрасуди, размислувајќи здраво?

Раскољников и понатаму го гледаше молчејќи.

— Тоа што во мојата куќа напаѓав незаштитена девојка и „ја навредував со гнасни предлози“, — нели? (И јас премногу избрзувам) — Па, сфатете дека и јас сум човек, et nihil humanum[1]) ... со еден збор дека и јас сум способен да се занесам и да се заљубам (што, се разбира, и не се случува според сопствената волја) и потоа сè се објаснува по најприроден начин. Тука се поставува едно прашање: дали сум чудовиште или сум жртва? Добро, а ако сум жртва? Кога ѝ предлагав да избега со мене во Америка или во Швајцарија, можеби, имав најчисти чувства и мислев да бидеме среќни и двајцата!... Та разумот ѝ служи на страста; можеби, повеќе се упропастував себеси, ве молам!...

— Воопшто не е важно тоа, — го прекина Раскољников со одвратност. — Вие просто сте одвратен, без обѕир дали имате право или немате, па не сакаат за вас ни да чујат ами ве тераат; тогаш одете си!

Свидригајлов силно се закикоти.

— Ама вас... вас не може никој да ве збуни... — рече тој смеејќи се отворено — јас имав намера со итрост да ги уредам работите, но вие ме пресековте на вистинското место!

— Вие продолжувате да се служите со итрост.

— А што од тоа? Што од тоа? — повторуваше Свидригајлов и срдечно се смееше. Та тоа е bone guere[2]), како што се вика, и најдозволена итрост!... Но вие сепак ме прекинавте; било вака било така, јас пак потврдувам: не ќе имаше никакви непријатности да не се случеше тоа во градината. Марфа Петровна...

— Велат, дека вие сте ја упропастиле и Марфа Петровна? — грубо го прекина Раскољников.

— И за тоа сте слушнале? Впрочем, како нема да слушнете... На тоа ваше прашање навистина не знам како да одговорам, иако мојата совест во оваа работа е сосем мирна. Тоест, немојте да мислите дека јас

---

[1]) И ништо човечко... – лат. Овие зборови ги изрекол Теренциј (II век пред н. е.) „Јас сум човек и ништо човечко не ми е туѓо“.

[2]) Чесна војна – фр.

тука се плашам од што и да е: сè е спроведено во полн ред и сосем точно: лекарскиот наод утврди апоплексија, што настапила поради капење веднаш по обилен ручек, по кој таа испила речиси цело шише вино, а и ништо друго не можеше да утврди... Но, еве, што си мислев некое време, особено патем, додека седев во вагонот: дали јас помогнав за сета таа... несреќа, некако морално, со возбудување или со нешто слично? Но заклучив, дека ни тоа не можело воопшто да биде.

Раскољников се насмеа.

— Секако, ви правело задоволство возбудувањето.

— А зошто се смеете? Замислете си, јас само двапати ја мавнав со корбачот, ни модрици немаше... Ве молам, немојте да ме сметате за циник; јас премногу добро знам, колку гадно е тоа од мене, итн., но, исто така, знам со сигурност, дека Марфа Петровна, ја сакаше, таа моја, така да се изразам, страсност. Случајот на вашата сестричка беше исцрпен до дно. Марфа Петровна веќе трет ден мораше да седи дома, немаше со што да се појави в град, а таму им беше здодеала на сите со своето писмо. (Сте слушнале ли за читањето на тоа писмо?) И одеднаш двата удара со корбачот паѓаат врз неа како од небо! Најпрвин таа наредува, да се впрегне кочијата!... Да не зборувам за тоа дека има жени на кои им е многу, многу пријатно да бидат навредени, без обзир на тоа што негодуваат на очигледен начин. Такво нешто се среќава кај секого; човекот, воопшто, многу, многу сака да биде навреден; дали сте го забележале тоа? А жените посебно. Може дури да се каже дека тие само со тоа и се задоволуваат.

Во еден миг Раскољников беше решил да стане и да си оди, и така да ја прекине средбата. Но некаква љубопитност, па дури и сметка вчас го задржа.

— Вие сакате да се тепате? — праша тој расеано.

— Не, не многу — одговори Свидригајлов спокојно. — А Марфа Петровна речиси никогаш не сум ја тепал. Толку сложно живеевме и таа секогаш беше задоволна со мене. Во сите наши седум години јас сум

се фатил за корбачот само двапати (ако не се смета уште еден трет случај, кој, впрочем, е многу двосмислен): еднаш, — два месеца по нашата свадба, веднаш по доаѓањето на село, и еве сега. А вие веќе мислевте, дека јас сум чудовиште, назаден човек, угнетувач! Хе-хе... А навистина, се сеќавате ли вие, Родионе Романович, како пред неколку години, уште во времето кога беше објавено добротворството, кај нас посрамија еден благородник пред целиот народ и во целата литература — му го заборавив презимето! — затоа што во вагонот натепал некоја Германка, се сеќавате ли? Потоа уште истата година, ми се чини, се појави и „Безобразната постапка на В е к о т", (се сеќавате ли за „Египетските ноќи", тоа јавно четиво? За црните очи? Их, каде си златно време на нашата младост!) Е па, значи, моето мислење е вакво: со господинот, што ја истепал Германката, воопшто не се согласувам, зашто, всушност... како би можел и да се согласам! Но сепак морам да изјавам, дека понекогаш се наоѓаат „Германки", кои многу раздразнуваат, па ми се чини, дека нема ни еден единствен прогресист, што би можел наполно да гарантира за себеси. Тогаш никој не го разгледа предметот од ова гледиште, а токму ова е вистински човечко гледиште, навистина е така!

Кога го изговори тоа, Свидригајлов пак се насмеа. На Раскољников му беше јасно, дека овој човек има во својот ум некакво цврсто решение.

— Вие, веројатно, неколку дена не сте зборувале со никого? — праша тој.

— Речиси, така е. А зошто: да не се чудите дека сум бистар човек.

— Не, ами се чудам поради тоа дека вие сте премногу бистар човек.

— Веројатно затоа што не ме навреди грубоста на вашите прашања? Нели? Па... зошто да бидам навреден? Како што ме прашавте така и ви одговарав — додаде тој со чудесна простодушност на лицето. — Та јас, всушност, речиси за ништо не се интересирам, жими бога — продолжи тој некако замислено. — Осо-

бено сега не се занимавам со ништо... Впрочем, ако сакате можете да мислите дека ви се умилкувам поради некакви намери, особено затоа што имам работа со вашата сестра, самиот ви го кажав тоа. Но јас ќе ви речам искрено: многу ми е здодевно! Особено овие три дена, така што многу се зарадував поради вас... Не лутете се, Родионе Романович, но и вие ми изгледате некако страшно чуден. Сакам да речам има нешто во вас токму сега, тоест: не во овој миг, туку воопшто сега... Добро, добро, нема да зборувам за тоа, немојте да се муртите! Та јас не сум таква мечка, како што мислите вие.

Раскољников го погледна мрачно.

— Можеби воопшто не сте мечка — рече тој. — Мене дури ми се чини дека вие сте од многу добро општество, или барем знаете во определени ситуации да бидете и пристоен човек.

— Ама мене ничие мислење не ме интересира посебно — одговори Свидригајлов, и дури со малку надуеност — зошто да не бидам и простак, кога е пријатно да се носи таква облека под нашето поднебје... и... и особено, ако се има вродена склоност за тоа, — додаде тој и пак се насмевна.

— Но јас сум слушнал, дека вие овде имате многу познати. Та вие сте човек, како што се вели „кој не е без врски". Тогаш зошто сум ви јас, ако немате некаква цел?

— Вистина е тоа што го рековте, јас имам познати — прифати Свидригајлов, не одговарајќи на главниот предмет — се најдов со некои; веќе три дена талкам; и јас ги наоѓам нив, и тие како да ме наоѓаат мене. Се разбира, јас сум пристојно облечен и не сум сиромав; нас не нè закачи селанската реформа; шумите и ливадите носат приходи но... јас не одам таму; уште порано ми здодеа; обиколувам веќе три дена, никому не му кажувам... И ова ми е град! Тоест, кажете ми, ве молам, како е настанат? Град на канцеларисги и на секакви семинаристи. Да, многу нешта овде не забележував порано, пред осум години, кога

безделничев овде... Сега верувам само во анатомијата, жими бога!

— Во каква анатомија? Што се однесува до клубовите, Дисотите, тие ваши пуанти, можеби значат напредок — но нека биде без нас — продолжи тој, како пак да не го забележа прашањето. — Какво задоволство е да лажеш во играта!

— А вие и сте лажеле во играта?

— Како може без тоа! Бевме цело друштво, најпристојни, пред осум години; го минувавме времето; а сите, знаете, бевме луѓе со манири, поети, капиталисти. Воопшто, кај нас, во руското општество, најдобри манири имаат оните што минале низ сито и решето, — дали сте го забележале тоа? И така, јас во селото се запустив. За малку ќе ме пикнеше в затвор, поради долгови, еден Грк од Нежин. Тогаш тука се најде Марфа Петровна се пазареше и ме откупи за триесет илјади сребреници. (Сите долгови ми беа седумдесет илјади.) Се венчав со неа по законски пат и веднаш ме одведе кај себе, во селото, како некакво богатство. А беше пет години постара од мене. Многу ме сакаше. Седум години не го напуштав селото. И, внимавајте, целото тоа време таа го чуваше документот против мене, на туѓо име, за тие триесет илјади, така што само да помислев да се спротивам, — веднаш ќе паднев во стапица! И таа ќе го стореше тоа! Та кај жените тоа оди едното со другото.

— А да не беше документот, дали ќе избегавте?

— Не знам, што да ви кажам. Тој документ речиси не ме ни измачуваше. Јас не сакав никаде ни да одам, а Марфа Петровна, кога виде дека ми е здодевно двапати ме убедуваше да заминам во странство. Но зошто! Во странство сум одел порано и секогаш таму ми се згадувало. Немајќи што да правиш само гледаш како осамнува, го гледаш Неаполскиот залив, морето, и некако си нерасположен. Најодвратно е што навистина тагуваш по нешто! Та поубаво е во татковината: тука барем за сè ги обвинуваш другите, а себеси се оправдуваш. Сега јас можеби би тргнал во експеди-

ција на северниот пол, зашто j'ai le vin mauvais[1]) нељубам ни да пијам, а освен вино не ми ни останува ништо друго. Сум се обидел. А што, велат, дека в недела во Јусуфовиот парк Берг ќе летнел со огромен балон и барал сопатници за некаква награда, вистина ли е тоа?

— А дали би летале вие?

— Јас, не... така... — промрмори Свидригајлов и како да се замисли.

— „Ама што сака тој всушност?“ — си помисли Раскољников.

— Не, мене не ми пречеше документот — продолжи Свидригајлов замислен, — јас самиот не сакав да го напуштам селото. А ќе има една година како Марфа Петровна на именден ми го врати документот, а притоа ми подари и прилична сума пари. Ама таа имаше цел капитал. „Гледате ли, колку верувам во вас, Аркадиј Иванович“, — да, токму така рече. Вие не верувате, дека рече така? А дали знаете: јас на село станав пристоен газда; ме познаваат во целата околија. И книги порачував. Отпрвин Марфа Петровна ми одобруваше; а потоа се плашеше да не ме занесат.

— Ми се чини дека многу ја жалите Марфа Петровна?

— Јас? Можеби. Навистина, можеби. А навистина, верувате ли вие во привиденија?

— Во какви привиденија?

— Во обични привиденија, ами во какви!

— А вие верувате?

— Па, можеби и не верувам, pour vous plair...[2]) тоест не дека...

— Ви се јавуваат ли?

Свидригајлов го погледна некако чудно.

— Марфа Петровна повели да ме посетува, — изговори тој, искривувајќи ја устата во некаква чудна насмевка.

— Како тоа: повели да ме посетува?

---

[1]) Јас сум лош во пиењето — фр.

[2]) За да ви направам задоволство — Фр.

— Па, веќе ми дојде трипати. Прв пат ја видов на денот на закопот, еден час по закопот. Тоа беше пред да тргнам за ваму. Вторпат, завчера, на пат, пред разденување, на станицата Мала—Вишера, а третпат, пред два часа, во станот каде што живеам, во собата; бев сам.

— Најаве ли?

— Да. Сите три пати најаве. Доаѓа, ќе поразговара малку и си оди низ врата; секогаш низ врата. Дури и како да ѝ го слушам гласот.

— Не знам зошто и јас си мислев, дека вам бездруго ви се случува нешто слично! — рече ненадејно Раскољников, и во истиот миг се зачуди, зошто го рече тоа. Беше силно возбуден.

— Ви-и-ди! Вие сте го помислиле тоа? — Праша Свидригајлов зачуден. — Вистина ли? Та нели реков дека меѓу нас има некаква допирна точка, нели?

— Вие никогаш не сте рекле такво нешто! — пресече Раскољников остро и силно.

— Не сум рекол?

— Не!

— Мене ми се стори, дека реков. Пред малку, кога влегов и видов дека лежите со затворени очи, и дека се преправате, веднаш си реков себеси: „ова е тој"!

— Што е тоа: тој? На што мислите? — викна Раскољников.

— На што? Навистина, не знам... — промрмори Свидригајлов искрено, и како да се сепна.

Некое време молчеа. Се гледаа со ококорени очи.

— Тоа се глупости! — викна Раскољников. — А што ви вели таа, кога доаѓа?

— Таа ли? Замислете, разни глупости; и ете каков е човекот: мене ме лути тоа. Првиот пат влезе (знаете, јас бев уморен: закопниот обред, со свјатими упокој, потоа задушната молитва, самата задуша; најпосле, останав во кабинетот, запалив цигара, се замислив), влезе низ вратата: „А вие, Аркадиј Иванович, поради многу работа денеска заборавивте да го навиете часовникот во трпезаријата." Тој часовник јас навистина сите седум години го навивав секоја седмица, а кога

ќе заборавев, таа секогаш ме потсетуваше. Утредента веќе патувам за ваму. Рано изутрината влегов во железничката станица, ноќта само малку дремнав, целиот бев скршен, очите ми мижеа, порачав кафе, гледам: наеднаш до мене седнува Марфа Петровна, а во рацете наместени карти за играње. „Сакаш ли да ти гледам пред да заминеш, Аркадиј Иванович?“ А таа беше многу вешта во гатањето. Штета што не ѝ дозволив, да ми гата. Јас се уплашив, побегнав, а тогаш заѕвони и ѕвончето. Денеска седам по ужината во гостилницата, желудникот ми е тежок, седам, пушам, одеднаш, пак, еве ја Марфа Петровна, влегува сета наконтена, во нов свилен зелен фустан, со многу долга опашка: „Здраво Аркадиј Иванович! Дали ви се допаѓа мојов фустан? Ањиска не би можела вака да го сошие.“ (Ањиска е шивачка кај нас в село, произлегува од поранешно кметско семејство, занает учела во Москва, убавичко девојче.) Стои така и се врти пред мене. Јас го разгледувам фустанот, потоа многу внимателно ја гледам во лицето: „Марфа Петровна, велам, зарем поради такви ситници имате желба да доаѓате кај мене, да ме вознемирувате?“ „Ах, господи, баќушка, веќе не смеам ни да те вознемирувам!“ За да ја раздразнам ѝ велам: „Сакам да се оженам, Марфа Петровна.“ „Од тебе може и тоа да се очекува Аркадиј Иванович; но не ви е за голема чест, — уште не сте ја закопале жената, а веќе сакате да се ожените. И барем да сте одбрале нешто добро, но јас знам тоа нема да биде добро, ни за неа ни за тебе, ами само ќе го насмеете чесниот свет.“ Потоа си отиде, шушкајќи со опашката од фустанот. Ете какви глупости!

— Но, вие, впрочем, можеби и лажете? — се јави Раскољников.

— Јас ретко лажам, — одговори Свидригајлов замислен и како да не ја забележа грубоста на прашањето.

— А порано, пред тоа, никогаш ли немате гледано привиденија.

— Н... не, имам, само еднаш во животот, пред шест години. Јас имав еден слуга Филка; само што

го закопавме, јас се збунив и викнав: „Филка, лулето!“ — а тој влезе и право отиде кон полицата, каде што ми се луливата. Седам и си размислувам: „Сега тој ми се одмаздува“, бидејќи токму пред да умре лошо се испокаравме: — „Како смееш да влегуваш кај мене со испокинати лакти — надвор, ништожество!“ — му реков јас. Тој се сврти, излезе и веќе не дојде. За тоа не ѝ кажав на Марфа Петровна. Сакав да му отслужам панахида, но ми беше срам.

— Одете на лекар.

— И без да ми кажете вие знам дека сум болен, само навистина не знам од што. Според моето мислење, јас сум поздрав од вас петпати. Јас не ве прашам дали верувате или не верувате оти ми се јавуваат привиденија. Јас ве прашав: дали верувате дека има привиденија.

— Не, воопшто не верувам! — викна Раскољников дури и со некаква злоба.

— А обично што кажуваат? — мрмореше Свидригајлов како да зборува сам со себе, гледајќи малку настрана и со малку наведната глава. — Велат: „Ти си болен, значи, тоа што ти се прикажува тебе е само бладање, кое не е вистинско.“ Ама во тоа нема строга логика. Признавам дека привиденијата се јавуваат само кај болните, но тоа докажува само дека привиденијата не можат да се јавуваат поинаку, ами само кај болните, но не докажува дека нив ги нема сами по себе.

— Се разбира, дека ги нема! — се надоврза Раскољников раздразнет.

— Ги нема? Вие така мислите? — продолжи Свидригајлов, откако го изгледа внимателно. — А што ќе стане ако размислиме вака (ајде помогнете): „Привиденијата, така да речеме, се делови и фрагменти од другите светови, нивни почеток. Здравиот човек, се разбира, нема зошто да ги види, бидејќи здравиот човек е најмногу земски човек, па значи, мора да живее само со овдешниот живот, заради целосноста и редот. Но штом тој ќе се разболи, штом ќе се измеша нормалниот земски ред во организмот, веднаш започнува да се јавува, можноста за постоење на друг свет, а

колку што е човекот поболен, до толку повеќе допири со другиот свет има во него, па кога ќе умре сосем, тогаш сосем преминува во другиот свет". Одамна сум размислувал за тоа. Ако верувате во идниот живот, тогаш можете да му верувате и на тоа мислење.

— Јас не верувам во идниот живот — рече Раскољников.

Свидригајлов седеше замислен.

— А што ќе биде ако таму има само пајаци или нешто слично — рече тој.

„Овој е луд" — си помисли Раскољников.

— Ете, вечноста нам секогаш ни се прикажува како идеја, што не може да се разбере, како нешто огромно, премногу огромно! А зошто толку огромно? И одеднаш, наместо сето тоа, замислете си, таму да има само една собичка, толкава, колку што е голема селската бања, зачадена, по сите агли пајаци, и, ете, тоа ти е сета вечност. Знаете, мене само такво нешто ми се присторува.

— Зарем, зарем ништо поутешно и поправедно не ви се присторува! — завика Раскољников со чувство на болен човек.

— Поправедно? А од каде да знаеме: можеби тоа е праведно, и да знаете, јас бездруго намерно би направил вака — одговори Свидригајлов, нејасно смешкајќи се.

Раскољникова го облеа студена пот, кога го слушна тој безобразен одговор. Свидригајлов ја дигна главата, се загледа во него и наеднаш се закикоти.

— Ама замислете си го еве ова — викна тој — пред половина час воопшто не се имавме ни видено, се сметаме за непријатели, меѓу нас има нерешена работа; ја отфрливме таа работа и, види, во каква литература завлеговме! Зарем не беше вистина, кога реков дека ние сме дренки од еден дол?

— Бидете толку добар — продолжи Раскољников раздразнет — дозволете да ве замолам што побрзо да ми објасните и соопштите, поради што ме почестивте со вашата посета... зашто... зашто... јас брзам, немам веќе време, сакам да излезам од дома...

— Повелете, повелете! Вашата сестричка, Авдотја Романовна, се мажи за Лужина, Петар Петрович?

— Дали може да се изостави секое прашање за мојата сестричка, а нејзиното име и да не се споменува! Јас дури и не разбирам како се осмелувате вие пред мене да го изговарате нејзиното име, ако сте навистина Свидригајлов.

— Па јас дојдов, за да зборувам за неа, како може да не ја спомену̀вам?

— Добро, кажувајте, но побрзо!

— Јас сум уверен, дека вие за тој господин Лужин мој роднина по женска линија, веќе имате создадено мислење, ако сте го гледале половина час или дека нешто сигурно и точно сте слушнале за него. Тој не е за Авдотја Романовна. Според моето мислење, Авдотја Романовна во таа работа многу великодушно и непромислено се жртвува себеси за... за своето семејство. По сето она што го слушнав за вас, ми се стори дека вие би биле многу задоволен, кога би можело да се расипе таа мажачка, без да се оштетат интересите. Сега, пак, откога ве запознав лично, јас сум и уверен во тоа.

— Од ваша страна тоа е многу наивно, извинете, сакав да кажам: безобразно — рече Раскољников.

– Тоест, вие со тоа велите, дека се грижам за својот џеб. Не беспокојте се, Родионе Романович, ако се грижев за својата корист, немаше олку искрено да зборувам, јас не сум сосем луд. Ќе ви откријам една психолошка необичност во таа смисла. Пред малку реков, правдајќи ја својата љубов спрема Авдотја Романовна, дека и јас бев жртва. Значи, знајте, дека сега не чувствувам никаква љубов, н-никаква, така што дури и мене ме чуди тоа зашто јас навистина чувствував нешто...

— Од безделничење и од расипаност — го прекина Раскољников.

— Навистина, јас сум расипан, и безработен човек. Впрочем, вашата сестричка има толку многу добри особини, што дури ни јас не би можел да се отргнам од некој впечаток. Но, сето тоа се глупости, како што гледам сега и самиот.

— Одамна ли сте го забележале тоа?

— Уште порано фатив да го забележувам, но конечно се уверив завчера, скоро во исто време, кога пристигнав во Петербург. Впрочем, уште во Москва си вообразував дека одам да ја освојам раката на Авдотја Романовна, и да му бидам соперник на господин Лужин.

— Извинете што ве прекинувам, но ве молам: дали можете да скратите и да се префрлите на она по ради што сте дошле. Јас брзам, морам да излезам од дома . . .

— Со најголемо задоволство. Кога пристигнав овде, и решив да преземам некој . . . вуајаж[1]), јас сакав, однапред да уредам нешто што е потребно. Моите деца останаа кај тетка им, богати се, јас лично не сум им потребен. А и каков татко сум јас! За себе го зедов само она што Марфа Петровна ми го подари пред една година. Доста ми е. Извинете, веднаш ќе минам на самиот предмет. Пред вуајажот до кој можеби ќе дојде, јас би сакал да завршам и со господин Лужин. Не, дека јас воопшто не можев да го трпам, но сепак, поради него настапи мојата расправија со Марфа Петровна, кога дознав, дека ја склепала таа свадба. Сега, со ваше посредување сакам да се состанам со Авдотја Романовна, па пред вас да ѝ објаснам, прво, дека од господин Лужин не само што не ќе има ни најмалку корист, ами дека ќе има дури и очигледна штета. Потоа би ја молел да ми прости за сите неодамнешни непријатности, и би побарал дозвола да ѝ го олеснам раскинувањето со господин Лужин, раскинување кое, уверен сум, не би ѝ било одвратно ни нејзе, само ако се укаже погодна можност.

— Ама вие навистина, навистина сте полуделе! — викна Раскољников, кој не се налути толку, колку што се вчудовиди. — Како смеете да зборувате вака!

— Јас знаев дека ќе се развикате; но, прво, иако не сум богат, тие десет илјади рубли ми се слободни, тоест, мене воопшто, воопшто не ми се потребни. Ако не ги прими Авдотја Романовна, јас ќе ги употребам,

---

[1]) Патешествие — Фр.

можеби, уште поглупаво. Тоа е прво. Второ: мојата совест е сосем мирна; јас тоа го давам без некаква премисла. Сакале верувале, сакале не верувале, но подоцна ќе разберете и вие и Авдотја Романовна. Сè е во тоа, дека јас навистина ѝ предизвикав малку неприлики и непријатности на вашата премногу почитувана сестричка; значи, искрено се каам и срдечно сакам, — не да се откупам, и не да платам за непријатностите ами просто да направам нешто корисно, затоа што јас, всушност, не сум добил повластица, да правам само зло. Ако во мојата понуда имаше макар милионит дел пресметана мисла, јас немаше да бидам олку отворен; а и немаше да нудам само десет илјади, штом само пред пет недели ѝ нудев повеќе. Освен тоа, можеби многу, многу брзо јас ќе земам една девојка, па со оглед на тоа би требало да исчезне секакво сомневање дека сум мислел нешто против Авдотја Романовна. Најпосле, велам, дека Авдотја Романовна, ако се омажи за Лужина ги прима истите пари, само од друга страна... Ама немојте да се лутите, Родионе Романович, размислете спокојно и ладнокрвно.

Кога го зборуваше тоа, самиот Свидригајлов беше извонредно ладнокрвен и спокоен.

— Ве молам, завршете, — рече Раскољников. — Тоа е секако непростиво дрско.

— Воопшто не. Ако е така, тогаш на овој свет човек на човека може да му прави само зло, а нема никакво право да му направи и малку добро, само поради пустите вообичаени формалности. Тоа е бесмислица. А ако умрам и таа сума со тестамент ѝ ја оставам на сестра ви, дали таа и тогаш би одбивала да ја прими?

— Лесно може да се случи!

— Не, не е така. Впрочем ако не сакате, немојте, па нека биде така. Но, десет илјади сепак се убава работа, во таков случај. Секако, молам, на Авдотја Романовна да ѝ го пренесете ова што го реков.

— Нема да ѝ го пренесам.

— Тогаш, Родионе Романович, јас ќе морам да настојувам да се состанам со неа, значи, ќе додевам.

— А ако ѝ го пренесам, нема ли да настојувате да се состанете лично?

— Не знам што да ви речам. Многу би сакал еднаш да се видам со неа.

— Не надевајте се!

— Жалам. Впрочем, вие не ме познавате мене. Ете, можеби и ќе се зближиме.

— Вие мислите, дека ќе се зближиме?

— А, зошто да не? — рече Свидригајлов, па се насмевна, стана и си ја зеде паларијата; — кога идев ваму не сметав дека многу ќе ве обеспокојам иако вашата физиономија изутринава, ме вчудовиди...

— А каде сте ме виделе изутринава? — праша Раскољников вознемирен.

— Случајно... Ми се чини дека во вас има нешто што прилега на она моето... Но не грижете се, јас не сум наметлив; и со коцкарските измамници се согласував, и не му додевав на кнезот Свирбеј, мојот далечен роднина и дворјанин, и за Рафаеловата Мадона, знаев да ѝ напишам во албумот на госпоѓата Прилукова, и со Мафра Петровна проживеав седум години, не одејќи никаде, и во куќата на Вјаземски, на Сенскиот плоштад сум ноќевал некогаш одамна, а можеби и ќе летнам во балонот на Берг.

— Е, па добро. Ве молам, скоро ли ќе го преземетe патешествието?

— Какво патешествие?

— Па тоа ваше „вуајаж“... ама самиот рековте.

— Вуајаж? Ах, да!... Навистина, спомнав за вуајаж... но тоа е опширно прашање... А да знаете само за што прашувате — додаде тој и наеднаш се насмеа гласно, но кратко. — Можеби наместо да заминам на воајаж, ќе се оженам; мене ми местат невеста.

— Овде ли?

— Да.

— Кога успеавте?

— Но многу би сакал еднаш да се сретнам со Авдотја Романовна. Сериозно молам. Е па, до гледање... Ах, да! види, што заборавив! Речете ѝ, Родионе Романович, на вашата сестричка, дека Марфа Петровна

во тестаментот ѝ остави три илјади. Тоа е цела вистина. Марфа Петровна една недела пред да умре се определи во мое присуство. По две, три недели Авдотја Романовна може да ги добие парите.

— Вистина ли е тоа што го зборувате?

— Вистина. Кажете ѝ! Е па, слуга сум ви! Ама јас сум овде, сосем близу до вас.

Кога излегуваше, Свидригајлов на вратата се судри со Разумихина.

II

Веќе беше речиси осум часот. И двајцата брзаа да одат во куќата на Бакелеев, за да стигнат таму пред Лужина.

— Кој беше овој — праша Разумихин, штом излегоа на улицата.

— Овој беше Свидригајлов, спахија што ја навреди сестра ми, кога беше гувернанта кај нив. Поради неговиот обид за силување таа си отиде откај нив, ја истера неговата жена, Марфа Петровна. Подоцна таа Марфа Петровна ја молеше Дуња за прошка, а сега ненадејно умре. Пред малку зборувавме за неа. Не знам зошто, јас многу се плашам од овој човек. Допатува веднаш по закопот на својата жена. Многу е чуден и се има решено на нешто... Како нешто да знае. Од него треба Дуња да се чува... Ете, тоа сакав да ти го кажам, слушаш ли?

— Да се чува! А што може да ѝ направи тој на Авдотја Романовна? Но, ти благодарам Родја, што ми кажуваш вака... ќе ја чуваме, ќе ја чуваме!... А каде живее тој?

— Не знам.

— Зошто не го праша? Ех, штета! Впрочем, ќе дознам!

— Го виде ли убаво? — праша Раскољников по кратко молчење.

— Да, да, го видов; убаво го видов.

— Добро ли го изгледа? Јасно ли го виде? — продолжи Раскољников.

— Да, да, јасно се сеќавам за него; ќе го познам помеѓу илјада, јас паметам лица.

Пак замолчија.

— Хм!... Така значи... — промрмори Раскољников. — Зашто да знаеш... јас си помислив... ми се стори... дека тоа е, можеби, фантазија.

— Ама, што зборуваш? Не те сфаќам добро.

— Ете, сите вие зборувате — продолжи Раскољников и ја искриви устата во насмевка — дека јас сум луд, па мене сега ми се стори дека можеби навистина сум луд, и дека видов само сениште.

— Ама што зборуваш?

— Којзнае! Можеби јас навистина сум луд и можеби сè што се случи деновиве, е само фантазија...

— Ех, Родја, пак те возбудија!... Што ти велеше, зошто дојде?

Раскољников не одговори, Разумихин малку поразмисли.

— Значи, слушни го мојов извештај, — започна тој — јас наминав кај тебе, ти спиеше, потоа ручавме, па отидов кај Порфириј. Замјотов постојано е кај него. Сакав да започнам но ништо не излезе. Никако не можев да го свртам разговорот. Тие како да не сфаќаат или не сакаат да сфатат, но ни најмалку не се бунат. Го одведов Порфириј до прозорецот и фатив да му зборувам, но пак не излезе како што треба: тој гледаше настрана, а и јас гледав, исто така, настрана. Најпосле, пред лицето му истопорив тупаница и му реков дека ќе го здробам, по роднински. Тој само ме погледна. Јас плукнав и си отидов, ете, тоа е сè. Премногу глупаво. Со Замјотов не проговорив ни збор. Само гледаш ли: си мислев, дека сè расипав, но кога слегував по скалите ми дојде една мисла и радосно ме возбуди: зошто се напрегнуваме јас и ти? Да постои опасност, или нешто друго, тогаш, ајде! А вака зошто? Ти тука немаш ништо, па плукни на нив; подоцна ќе ги исмееме, а да сум на твое место, уште и би ги мистифицирал. Потоа самите ќе се срамат. Плукни на нив; подоцна можеме и да ги истепаме, а сега ќе им се подбиваме.

— Па, се разбира! — одговори Раскољников. „А што ќе речеш утре?“ — си помисли во себе. Чудно, досега ни еднаш не му беше дошла во умот мислата: „Што ќе помисли Разумихин, кога ќе дознае?“ Кога си го помисли тоа, Раскољников го управи погледот во него. А извештајот на Разумихин за посетата кај Порфириј сега го интересираше многу малку: колку нешта исчезнале и колку други се појавиле оттогаш!...

Во ходникот го сретнаа Лужина; дошол точно во осум часот и ја барал собата, така што сите тројца влегоа заедно, но не се ни погледнаа, ниту се поздравија. Момчињата влегоа први, а Петар Петрович од пристојност се задржа малку во претсобјето, соблекувајќи си го палтото. Пулхерја Александровна веднаш излезе да го пречека на вратата. Дуња се поздравуваше со својот брат.

Петар Петрович влезе и прилично љубезно, но и претерано учтиво им се поклони на дамите. Впрочем, се чинеше како малу да беше збркан и уште не се имаше соземено. Пулхерја Александровна, исто така, малку се збуни, но потоа брзо ги седна сите тројца на тркалестата маса, на која вриеше самоварот. Дуња и Лужин седнаа еден спроти друг, од обете стани на масата. Разумихин и Раскољников седнаа спроти Пулхерја Александровна, Разумихин поблиску до Лужина, а Раскољников до сестра си.

Настапи кратко молчење. Петар Петрович, без некаква брзаница си го извади батистеното шамиче, од кое замириса парфем, и се исекна како чесен човек, со малку навредено достоинство, и кој цврсто решил да побара разјаснување. Уште во претсобјето му дојде на ум мислата, дури и да не го слекува палтото, ами да си оди, па строго и уверливо да ги казни обете дами така што тие веднаш сè да почувствуваат. Но не се реши. Притоа не љубеше неизвесност, а тука требаше да се разјасни: штом е толку очигледно прекршена неговата наредба, мора да има нешто, па најдобро е најпрвин да го дознае тоа; а секогаш ќе има време за казнување, освен тоа, таа е во неговите раце.

— Се надевам, среќно допатувавте — ѝ се обрна тој службено на Пулхерја Александровна.

— Фала му на бога, Петар Петрович.

— Многу пријатно. Ни Авдотја Романовна ли не се умори?

— Јас сум млада и издржлива, не се заморувам, а на мајка ми ѝ беше многу тешко — одговори Дуњечка.

— Што можеме; нашите национални патишта се многу долги. Голема е таканаречената „мајчичка Русија“ ... а јас, иако многу сакав, не можев вчера да дојдам и да ве пречекам. Но сепак мислам дека сè мина без некакви незгоди?

— Ах, не, Петар Петрович, ние бевме сосем обесхрабрени, — изјави брзо Пулхерја Александровна со посебна интонација — па ако вчера самиот господ не ни го испратеше Дмитриј Прокофјич — Разумихин, — додаде таа претставувајќи му го на Лужина.

— Ве молам, веќе го имав задоволството ... вчера — промрмори Лужин, и нељубезно погледна кон Разумихина, а потоа се намурти и замолчи.

Петар Петрович очигледно беше од оние луѓе, што се извонредно љубезни во друштво и многу бараат љубезност, но штом нешто не е по нивната волја, веднаш ги губат сите свои својства, па повеќе прилегаат на вреќи брашно, отколку на кавалери што го разведруваат друштвото. Пак сите замолчија: Раскољников молчеше, Авдотја Романовна не сакаше предвреме да го прекинува молчењето. Разумихин не знаеше што да каже, така што Пулхерја Александровна пак се растревожи.

— Марфа Петровна умре, дали слушнавте? — започна таа прифаќајќи се за своето главно средство.

— Да, да слушнав слушнав. Уште веднаш ме известија, а еве дојдов да ви јавам, дека Аркадиј Свидригајлов веднаш по закопот на жена си набрзина заминал за Петербург. Така е барем според најточните вести што ги добив.

— За Петербург? — праша Дуњечка возбудена и ја погледна мајка си.

— Да, и се разбира, не без цел, кога ќе се земе во обзир брзината на заминувањето и ситуацијата што му претходеше на тоа.

— Господи! Зарем тој ни овде нема да ја остави Дуњечка на мир? — викна Пулхерја Александровна.

— Мене ми се чини дека нема зошто да се вознемирувате ни вие, ни Авдотја Романовна, се разбира, ако самите не сакате да влегувате во некакви односи со него. Што се однесува до мене, јас внимавам, а сега барам каде живее...

— Ах, Петар Петрович, нема да поверувате, колку ме уплашивте сега! — продолжи Пулхерја Александровна. — Јас го имам видено само двапати и тој ми се стори ужасен, ужасен! Јас сум уверена дека тој е виновен за смртта на покојната Марфа Петровна.

— Што се однесува до тоа, не може да се донесе таков заклучок. Јас имам точни вести. Не порекнувам дека тој можеби помогнал да се забрза текот на работите, така да речам, со моралното влијание на навредата; но што се однесува до поведението и воопшто до моралните карактеристики на тоа лице, јас се согласувам со вас. Не знам, дали тој сега е богат и што му оставила, всушност, Марфа Петровна; тоа ќе го дознам во најкраток рок; но овде во Петербург, тој ќе си започне по старо, само ако има малку парични средства. Тој е поразвратен и повеќе потонат во пороци од сите луѓе од неговиот род! Имам прилична причина да сметам дека Марфа Петровна, која ја имаше несреќата толку да го засака и пред осум години го ослободи од долговите, му помогна и на друг начин: само со нејзиното настојување и жртви беше замачкан, во почетокот, еден криминален случај со примеси на sверско и, така да се рече, фантастично злосторство за кое многу лесно можеше да оди на прошетка во Сибир. Еве, каков е тој човек, ако сакате да знаете.

— Ах, господи! — викна Пулхерја Александровна.

Раскољников слушаше внимателно.

— Вистина ли е тоа што го кажувате дека сте веродостојно известен? — праша Дуња сериозно, па дури и строго.

— Јас ви го кажувам само она што ми го довери Марфа Петровна. Морам да забележам дека од правно гледиште таа работа е многу нејасна. Овде живееше, а се чини, дека и сега живее некојаси Реслих, туѓинка, а притоа и мала лихварка, која се занимава и со други работи. Со таа Реслих, господин Свидригајлов одамна е во некаква многу тесна и тајна врска. Кај неа живееше една далечна роднина, внука, ми се чини, глувонема девојка на петнаесет години, или можеби на четиринаесет, која Реслих многу ја мразеше и ѝ префрлаше за секој залак, па и нечовечно ја тепаше. Еден ден ја најдоа обесена на таванот. Сметаа дека е самоубиство. По обичните процедури работата заврши на тоа, но подоцна дојде пријава, дека детето... страшно било навредено од Свидригајлов. Сето тоа вистина беше нејасно, а пак пријавата ја поднесла друга Германка, злогласна жена, на која не ѝ верувале; најпосле, всушност, ја снема и пријавата, бидејќи за тоа се погрижи Марфа Петровна и нејзините пари; останаа само прераскажувањата. Но и прераскажувањата значеа многу. Се разбира, вие Авдотја Романовна, сте слушнале кај нив и за случајот со слугата Филип, што умрел од мачење, пред шест години, за време на кметството.

— Јас сум слушнала поинаку, дека Филип сам се обесил.

— Токму така, но на насилна смрт го присилил, или, подобро да речам, го натерал непрекинатиот систем на прогонување и малтретирање на господин Свидригајлов.

— Јас не знам за тоа — одговори Дуња суво — јас слушнав само една чудна приказна, дека тој Филип бил некаков хипохондар, некаков домашен филозоф, што бил „занесен од книги“, како што кажуваа луѓето, а се обесил повеќе поради тоа што господин Свидригајлов му се подбивал, отколку поради тоа што го тепал. Додека јас бев таму тој добро постапуваше со слугите, па го сакаа, иако навистина него го обвинуваа за смртта на Филипа.

— Гледам, Авдотја Романовна, вие наеднаш сакате да го оправдате — забележа Лужин и ја искриви ус-

тата во лицемерна насмевка. — Тој навистина е итар човек и прелажувач на дами, како што се гледа од тажниот пример на Марфа Петровна, која умре толку необично. Со обзир на неговите нови обиди, до кои, секако, ќе дојде, јас сакав само со совет да ви послужам вам и на вашата мајка. Што се однесува до мене, пак, јас сум цврсто уверен дека тој човек, секако, ќе исчезне пак в затвор поради долгови. Марфа Петровна поради тоа немаше намера нешто да му препише нему, имајќи ги предвид децата, така што и ако му оставила нешто, тоа ќе е само најпотребното, нешто со мала вредност, ништожно, што нема да му стаса ни една година на човек со негови навики.

— Ве молам Петар Петрович — рече Дуња — да престанеме за господин Свидригајлов. Мене ме растажува.

— Тој пред малку беше кај мене, — ненадејно проговори Раскољников, за првпат прекинувајќи го своето молчење.

Од сите страни се слушнаа извици. Сите се свртија кон него. Се возбуди и Петар Петрович.

— Пред половина час, кога спиев, тој влезе, ме разбуди и ми се претстави — продолжи Раскољников. — Беше прилично неизнасилен и весел, па со сигурност се надевам дека јас и тој ќе се зближиме. Меѓу другото, многу моли и бара, да се состане со тебе Дуња, а мене ме моли да му бидам посредник во таа средба. Тој тоа, со сигурност ме извести дека Марфа Петровна една недела пред својата смрт ти препишала тебе, Дуња, три илјади рубли, а тие пари можеш да ги добиеш многу брзо.

— Фала му на бога! — викна Пулхерја Александровна и се прекрсти. — Моли се за неа, Дуња, моли се!

— Сето тоа е вистина — му се испушти на Лужина.

— Добро, добро, а што понатаму? — викаше Дуњечка да продолжат.

— Потоа рече дека не е богат, дека сиот имот го добиваат децата, кои сега се кај тетка им. Потоа дека

живее некаде блиску до мене, но каде, не знам, не го прашав....

— Но што би можел, што би можел тој да предложи? — праша заплашената Пулхерја Александровна. — Ти кажа ли тебе?

— Да, ми кажа.

— Што има, значи?

— Ќе ви кажам после.

Раскољников замолчи и фати да си го пие чајот.

Петар Петрович го извади часовникот и го погледна.

— Морам да свршам една работа, па нема да ви пречам — додаде тој некако засегнат и почна да станува.

— Останете Петар Петрович, — рече Дуња — та вие имате намера овде да ја минете вечерта. Вие и самиот пишувате, дека сакате да разговарате за нешто со нас.

— Вистина е, Авдотја Романовна, — изговори Петар Петрович налутено, па пак седна за малку, но шапката не ја пушти од рацете — јас навистина сакав да се објаснам со вас и со вашата препочитувана мајка, и тоа за многу важни работи. Но, како што вашиот брат не може пред мене да зборува за предлозите на господин Свидригајлов, така и јас не сакам и не можам да објаснувам... пред други... поради некои многу и многу важни работи. Потоа не е исполнета мојата главна, најважна молба...

Лужин си го намести лицето така што да му изразува горчина и замолчи достоинствено.

— Вашата молба: брат ми да не биде на нашиот состанок, не е исполнета само поради тоа што јас сакав така — рече Дуња. — Вие пишувате дека брат ми ве навредил. Јас мислам дека тоа треба веднаш да се разјасни, и вие морате да се помирите. А ако Родја навистина ве навредил, тогаш тој м о р а и д а в е з а м о л и за прошка.

Петар Петрович веднаш се охрабри.

— Има некакви навреди, Авдотја Романовна, што не може да се забораваат и покрај сета добра волја. Сè има граница, што е опасно да се пречекорува, за-

што ако ја пречекориш веќе не можеш да се вратиш назад.

— Јас всушност не ви реков за тоа, Петар Петрович, — го прекина Дуња малку нестрпливо. — Сфатете, дека сета наша иднина сега зависи од тоа дали тоа ќе се разјасни и ќе се уреди што побрзо, или не. Јас искрено и отворено ви велам дека не можам поинаку да гледам на тоа, па ако ви е до мене макар малку, целата приказна може да се заврши макар и со тешка мака. И пак ви велам: ако е виновен брат ми, тој ќе ве замоли за прошка.

— Ви се чудам, Авдотја Романовна, дека поставувате вакво прашање — сè повеќе и повеќе се раздразнуваше Лужин. — Ако ве ценам, па така да речам, и ве обожувам, воедно јас можам и воопшто да не сакам некој од вашите роднини. Јас сакам да ме усреќите со вашата рака, но не можам да ги примам врз себе обврските што не се согласуваат...

— Ах, оставете ја сета таа чувствителност, Петар Петрович — го прекина Дуња жестоко — и бидете толку умен и благороден човек, каков што сум ве сметала секогаш и каков што сакам да ве сметам. Јас ветив, дека ќе се омажам за вас, јас сум ваша свршеница; за таа работа имајте доверба во мене и верувајте, јас ќе знам да оценам непристрасно. А тоа што јас сега преземам судска улога е изненадување, како за брат ми така и за вас. Кога го поканив денеска, по вашето писмо, секако да дојде на нашиот состанок, ништо не му кажав за тоа каква намера имам. Сфатете дека, ако не се помирите, јас морам да избирам меѓу вас двајца: или вие или тој. Така го поставувате прашањето и вие и тој. Јас нема и не смеам да се излажам во изборот. Заради вас морам да расчистам со брат ми; заради брат ми морам да расчистам со вас. Јас сакам и можам сега да дознам точно: дали тој ми е брат? А за вас: дали сум ви мила, дали ме цените, дали можете да ми бидете маж.

— Авдотја Романовна — рече Лужин и некако се почувствува незгодно — вашите зборови се премногу важни за мене, или, подобро да речам, дури и навре-

дуваат, кога ќе помислам, во каков однос спрема вас имам чест да се наоѓам. А и да не спомнувам, колку навредливо и чудно ме изедначувате, со... надуениот момчак, вие со вашите зборови дозволувате и можност да го прекршите вашето ветување. Вие велите: „или вие, или тој", со самото тоа, значи, кажувате колку малку значам за вас... Јас не можам да го дозволам тоа при ваквите односи и... обврски... што постојат меѓу нас.

— Како тоа! — пламна Дуња. — Јас вашиот интерес го изедначувам со сè што ми било скапоцено во животот, што претставувало досега ц е л и о т мој живот, а вие наеднаш се навредувате поради тоа што сум ве ценела м а л к у!

Раскољников се насмевна молчејќи и зајадливо, на Разумихин му пролазија морници, но на Петар Петрович не приговори; напротив од секој збор стануваше сè поналутен и пораздразлив, како да почнуваше да му годи тоа.

— Љубовта спрема идниот сопатник во животот, спрема мажот, треба да биде поголема од љубовта спрема братот — изговори тој поучно — а јас, секако, не можам да бидам спореден... иако пред малку решително изјавив дека пред вашиот брат не сакам и не можам да ви соопштам сè, поради што сум дојден, сепак склон сум сега да ѝ се обрнам на вашата почитувана мајка, да ѝ објаснам една многу важна и за мене многу чувствителна работа, зашто тоа е многу потребно. Вашиот син — ѝ се обрна тој на Пулхерја Александровна — вчера пред Расуткин (или... ми се чини дека е така, извинете го заборавив презимето, — тој љубезно му се поклони на Разумихина) ме навреди, изопачувајќи ја мојата мисла, што ви ја соопштив во приватен разговор кога пиевме кафе, тоест, дека според моето мислење повеќе му се исплатува на мажот да земе сиромашна девојка, што веќе искусила беда во животот, отколку таква што живеела во изобилство, зашто тоа му користи на моралот. Вашиот син намерно го зголеми значењето на моите зборови до несмасност, па ме обвини за пакосни намери,

а јас гледам, дека тој тоа го засновал врз вашата сопствена кореспонденција. Ќе бидам срекен, Пулхерја Александровна, ако можете да ме уверите во спротивното и со тоа значително да ме смирите. Кажете ми со кои зборови сте му го соопштиле во писмото на вашиот Родион Романович она што го реков?

— Не се сеќавам — се збуни Пулерја Алкесандровна — му јавив така, како што разбрав. Не знам како ви кажал Родја... Можеби тој малку претерал...

— Да не сте му го внушиле тоа, немаше да претера.

— Петар Петрович, — изговори Пулхерја Александровна достоинствено — дека не сме ги сфатиле лошо вашите зборови, докажува, еве, ова што се наоѓаме овде.

— Добро е, мамо! — ѝ одобри Дуња.

— Значи и за тоа сум виновен јас! — се навреди Лужин.

— Ете, вие, Петар Петрович, постојано го обвинувате Родиона, а и самиот пред малку во писмото за него напишавте невистина — додаде Пулхерја Александровна која се охрабри.

— Не се сеќавам, дека сум напишал некаква невистина.

— Вие напишавте — одговори остро Раскољников, не свртувајќи се кон Лужин — дека вчера парите не сум ѝ ги дал на вдовицата на прегазениот, како што беше всушност, туку на неговата ќерка, која до вчера јас не ја имав видено никогаш. Вие тоа го напишате, за да ме скарате со моите, и затоа додадовте уште неколку гадни зборови за поведението на таа девојка која не ја ни познавате. Сето тоа е сплетка и подлост.

— Извинете, господине — одговори Лужин, треперејќи од бес, — јас во моето писмо се занимавав со вашите својства и постапки, само затоа што сестра ви и мајка ви ме замолија да им опишам: каков ми изгледате и каков впечаток сте ми оставиле? Што се однесува до спомнатото во моето писмо, најдете ми макар еден невистинит ред, тоест, дека не сте ги фрлиле парите и дека во тоа семејство, вистина несреќно, нема нечесни лица?

— Според моето мислење, вие со вашите особини не вредите ни колку малиот прст на таа несреќна девојка, на која фрлате камења.

— Вие, значи, сте решиле и да ја воведете во друштво на мајка ви и сестра ви.

— Ако сакате да знаете, јас тоа веќе и го направив. Ја седнав денеска до мајка ми и до Дуња.

— Родја! — Викна Пулхерја Александровна.

Дуњечка поцрвени; Разумихин се намурти. Лужин се насмевна пакосно и презирно.

— Повелете самата да видите, Авдотја Романовна — рече тој, — дали може да има слога? Сега се надевам дека таа работа е свршена и разјаснета засекогаш. Јас си одам за да не го попречувам понатаму пријатниот семеен состанок и соопштувањето на тајните. Но на заминување слободен сум да забележам и да се надевам дека отсега сигурно ќе бидам ослободен од ваквите состаноци, и така да речам, компромиси. За ова ве молам особено вас, многупочитувана Пулхерја Александровна, особено затоа што моето писмо беше упатено до вас, а не до некој друг.

Пулхерја Александровна малку се навреди.

— Вие, Петар Петрович, некако веќе сосем нè поставувате под ваша власт. Дуња ви ја кажа причината, поради која не е исполнета вашата желба: таа имаше добри намери. А вие и ми пишувате мене, како да ми наредувате. Зарем ние секоја ваша желба мораме да ја сметаме за заповед? Јас, напротив, ви велам, вие токму сега би морале да бидете нежен и обзирен спрема нас, бидејќи оставивме сè и дојдовме ваму, надевајќи се во вас, значи, ние и така речиси веќе сме под ваша власат.

— Не е сосем така, Пулхерја Александровна, особено сега, штом ви е јавено дека Марфа Петровна оставила три илјади, кое, всушност, ви дојде во погоден момент, како што сметам според новиот тон, со кој започнавте да разговарате со мене, — додаде тој зајадливо.

— Од оваа забелешка може да се заклучи дека вие сте сметале со нашата беспомошност — се изнервира Дуња.

— Барем сега не можам да сметам со тоа, а и не сакам да го попречам соопштувањето на тајните предлози на Аркадиј Иванович Свридригајлов, за кои тој го овластил вашиот брат, и кои, како што гледам, за вас имаат големо, можеби и многу пријатно значење.

— Ах, господи! — викна Пулхерја Александровна.

Разумихин се размрда на столот.

— И ти не се срамиш, сестро? — праша Раскољников.

— Се срамам Родја, — одговори Дуња. — Петар Петрович одете си! — му се обрна таа нему, сета бледа од гнев.

Петар Петрович, како воопшто да не очекуваше таков крај. Премногу веруваше во себеси, во својата власт и во беспомошноста на своите жртви. Тој ни сега не поверува. Побледна, а усните му затреперија.

— Авдотја Романовна, ако излезам од оваа врата, со вакво испраќање, тогаш знајте, дека веќе никогаш нема да се вратам. Убаво размислете! Мојот збор е цврст.

— Каква е таа безобразност! — викна Дуња, станувајќи наеднаш. — Па јас и не сакам да се вратите!

— Што! Значи та-а-ка! — викна Лужин, кој сè до последниот момент воопшто не очекуваше ваков расплет, па затоа сосем се збуни. — Значи така! Но, знаете ли вие, Авдотја Романовна, дека јас би можел и да протестирам?

— Какво право имате вие, вака да зборувате со неа? — пламено фати да ја брани неа Пулхерја Александровна. — Што имате вие да протестирате? И какви се вашите права? Зарем вам, таков човек, ќе ви ја дадам мојата Дуња? Одете си, оставете нè сосем! Ние самите сме виновни што се согласивме со неправедна работа, а најмногу сум виновна јас...

— Но вие, Пулхерја Александровна — се лутеше и збеснуваше Лужин, — ме врзавте со зборот што го дадовте, а сега се откажувате од него... и, и најпосле, јас, така да речам, со тоа јас бев изложен на трошоци...

Последнава претензија толку се согласуваше со карактерот на Петар Петрович, што Раскољников кој бледнееше од гнев и од напор за да го додржи во се-

бе, не можеше повеќе да издржи, па наеднаш силно се засмеа. Но Пулхерја Александровна се разбесни.

— На трошоци? А на какви трошоци? Вие секако зборувате за нашиот сандак? Та него кондуктерот бесплатно ви го превезе. Господи, ние сме ве врзале! Ама сфатете, Петар Петрович, вие нам ни ги врзавте и рацете и нозете, а не ве врзуваме ние вас!

— Доста е, мамо, молам доста е! — молеше Авдотја Романовна. — Петар Петрович, бидете толку добар, и одете си!

— Ќе си одам, но уште еден, последен збор! — изговори тој, а веќе не можеше да се совладува. — Вашата мајка, ми се чини, сосем заборавила дека решив да ве земам, така да речам, по градското озборување во врска со вашата чест што се разнесе по целата околина. Јас не држев до јавното мислење за вас, ами го воспоставив вашиот добар глас, па поради тоа би можел, се разбира, да се надевам дека ќе ми вратите со добро и дека дури ќе ја имам вашата благодарност... Но дури сега ми се отворија очите! И самиот гледам дека можеби сум пребрзал, и сум претерал што не сум се обзирал на јавното мислење...

— Ама зарем две глави има овој човек! — викна Разумихин, скокнувајќи од столот и веќе готов да се пресмета со него.

— Вие сте подлец и злобен човек! — му рече Дуња.

— Ни збор! Не мрдајте! — викна Раскољников, задржувајќи го Разумихина, а потоа му пристапи на Лужин, сосем близу. — Повелете да си одите! — му рече тивко и сериозно — и повеќе ни збор, зашто инаку...

Петар Петрович со бледо лице неколку мига го гледаше целиот искривен од бес, а потоа се сврти и излезе; притоа тешко може да се најде човек што би носел во срцето толку омраза против некого колку што носеше овој против Раскољникова. Него, само него го обвини за сè. Чудно, и кога веќе слегуваше по скалите, си замислуваше дека работата можеби уште не е сосем изгубена, а што се однесува до самите дами „уште како“ би можела да се поправи.

III

Најважно беше што тој сè до последниот час не очекуваше ваков расплет. Се охрабруваше себеси до крајност и не ни мислеше дека тие две сиромашни и незаштитени жени би можеле да се спасат од неговата власт. Таа верба многу му ја поддржуваше суетата и оној степен на самоувереност, што може да се нарече заљубеност во себеси. Петар Петрович, кој беше се пробил од сиромаштија, имаше болна навика да ужива во себеси, па многу го ценеше својот ум и своите способности, а понекогаш не можеше насамо да си се нагледа на лицето во огледало. Но повеќе од сè на светот ги сакаше и ги ценеше своите пари, спечалени со труд и на разни начини: парите го изедначуваа со сè што беше над него.

Потсетувајќи ја сега Дуња со горчина како се беше решил, да ја земе и покрај лошиот глас што се ширеше за неа, Петар Петрович зборуваше сосем искрено, па дури и длабоко се згрозуваше над таквата „црна неблагодарност". А сепак тогаш, кога ја бараше Дуња за жена, беше наполно уверен дека тоа се гадни сплетки кои јавно ги поби самата Марфа Петровна, а и целиот град одамна ги напушти, па запалено ја бранеше Дуња. Ни сега тој немаше да порекне дека сето тоа го знаел уште тогаш. А сепак, и покрај сето тоа, многу ја ценеше својата решителност: Дуња да ја издигне на положба еднаква на себеси, па тоа го сметаше за големо дело. Кога пред малку ја прекори Дуња за тоа, ја прекори својата тајна, сакана мисла, во која веќе често уживаше, па не можеше ни да сфати, како не можат да уживаат и другите во неговото големо дело. Кога дента го посети Раскољникова, влезе со чувство на добротвор кој се готви да ги собере плодовите и да чуе слатки комплименти. А сега, слегувајќи по скалите, се разбира, се сметаше за до крајност навреден човек, спрема кој не е искажана нужната благодарност.

Дуња му беше многу потребна; не можеше ни да замисли дека е во состојба да се откаже од неа. Веќе одамна, веќе неколку години, со уживање мечтаеше за женачката, но само трупаше пари и чекаше. Сосем

потајно се занесуваше со мислата за крепосната, сиромашна девојка, (секако сиромашна) многу младичка, многу убавичка, благородна и образована, многу заплашена, што искусила многу несреќи, и која сосем би се сведнала пред него, за таква девојка, која целиот живот него би го сметала за свое спасување, и би се веднела пред него, би се покорувала, би му се восхитувала нему и само нему. Колку сцени, колку слатки ситуации си замислуваше за таа занесна, жива тема, кога се одмораше од работите сам! И, ете, соништа што ги кроеше толку години речиси му се остварија: и убавината и образованоста на Авдотја Романовна го вчудовидија, а нејзината безизлезна положба го распали до крајност. Тука се покажуваше и нешто повеќе, нешто за кое мечтаеше: се јавуваше горда девојка, важна, чесна, образована и попристојна од него (тој го чувствуваше тоа) и, ете, такво суштество ќе му биде ропски благодарно цел живот, поради неговото големо дело, и во почит ќе замира пред него, а тој ќе владее неограничено и целосно!... Токму тогаш по долго размислување и двоумење беше решил конечно да ја промени кариерата и да стапи во поширок круг на дејноста, а воедно малку по малку да мине во високото општество, за кое одамна размислуваше со занес... со еден збор, тој се реши, да се обиде во Петербург. Знаеше дека со помошта на жени „уште како" може многу да успее. Занесот на привлечната, чесна, образована жена можеше убаво да го украси неговиот пат, да привлече кон него, да му донесе ореол... и, ете, сè се разурнуваше! Тоа сегашно ненадејно, непријатно раскинување врз него дејствуваше како гром. Тоа беше некаква непријатна лакрдија, бесмислица! Само малку се охрабри, не стигна ни да се изјасни, само се пошегува, се занесе, а заврши олку сериозно! Најпосле, та тој на свој начин и ја љубеше Дуња, веќе владееше со неа во своите мечтаења, — и наеднаш!.. Не! утре, веднаш утре мора сето тоа да го воспостави, да го излекува, да го поправи, а што е најважно, — да го уништи горделивиот пилиштарец што беше причина за сè. Го исполни чувство на болка, кога, пак без да сака, се сети за Разумихина... Но во однос на него набргу

се смири: „Зарем него да го спореди со себеси!“ Но ако навистина се плашеше од некого, тоа беше — Свидригајлов. Со еден збор, му претстоеја големи грижи.

— — — — — — — — — — — — — — — — — —
— — — — — — — — — — — — — — — — — —

— Не, јас, јас сум најмногу виновна од сите — рече Дуњечка, — прегрнувајќи и бацувајќи ја мајка си. — Јас се полакомив по неговите пари, но ти се колнам, брате, — не ни сонував дека тој е олку безвреден човек. Да го прозрев порано, немаше да се полакомам по ништо! Не обвинувај ме мене, брате!

— Бог нè спаси! Бог нè спаси! — мрмореше Пулхерја Александровна, но некако несвесно, како да не сфаќаше уште сосем што се случи.

Сите се радуваа, а по пет минути веќе и се смееја. Само понекогаш Дуњечка, кога ќе се сетеше што се случи, бледнееше и се муртеше. Пулхерја Александровна не можеше ни да сонува дека и таа ќе се радува од ова: раскинот со Лужин изутрината ѝ се чинеше страшна несреќа. Но Разумихин беше одушевен. Уште не смееше сосем да го искаже своето одушевување, но целиот трепереше, како во треска, како од срцето да му паднал товар од пет пудови. Сега тој има право, ним да им го жртвува, целиот свој живот, да им служи... А малку ли можеше да им се најде! Впрочем, тој сега уште поплашливо ги растеруваше сите други мисли и се плашеше од својата фантазија. Само Раскољников сè уште седеше на своето место, речиси мрачен и дури расеан. Тој, што најмногу настојуваше да го одбијат Лужина, како најмалку од сите да се интересираше за тоа што се случи сега. Дуња и не сакајќи помисли дека тој сè уште многу ѝ се лути нејзе, а Пулхерја Александровна со страв погледнуваше во него.

— А што ти рече Свидригајлов? — му се приближи Дуња.

— Ах, да, да! — викна Пулхерја Александровна. Раскољников ја дигна главата.

— Сака по секоја цена да ти подари десет илјади рубли и воедно има желба еднаш да се состане со тебе, во мое присуство.

— Да се состане! По никоја цена! — викна Пулхерја Александровна. — А како смее да ѝ предлага пари.

Тогаш Раскољников го раскажа (прилично суво) својот разговор со Свидригајлов, но не го спомна она дека му се привидува Марфа Петровна, за да не го скршнува разговорот, а и затоа што му беше одвратно да води каков и да е разговор освен оној што беше потребно.

— А што му одговори? — праша Дуња.

— Најпрвин му реков дека не сакам ништо да пренесам. Потоа тој изјави оти сам ќе настојува, со сите средства, да се состане. Ме уверуваше дека неговата страст спрема тебе била лудост и дека тој сега не чувствува ништо спрема тебе... Тој не сака, ти да се омажиш за Лужин... Воопшто зборуваше збунето.

— За каков го сметаш ти, Родја? Каков ти се стори тој?

— Признавам, дека всушност не разбирам ништо. Ти предлага десет илјади, а самиот ми кажуваше дека не е богат. Изјавува дека има намера некаде да отпатува, а по десетина минути заборава оти зборувал за тоа. Одеднаш го кажува и тоа дека има намера да се ожени и дека веќе му местат невеста... Јасно е, дека има некаква цел, и, по сè изгледа, — лоша. Но, од друга страна, некако чудно е да се претпостави дека олку глупаво би се зафатил со работа, ако навистина има лоши намери спрема тебе... Јас, се разбира, во твое име ги одбив парите еднаш засекогаш. Воопшто ми се стори многу чуден и... дури... како да покажува знаци на лудило. Но можеби јас се излагав; можеби тоа е просто некаква посебна измама. Смртта на Марфа Петровна, како да го има длабоко трогнато...

— Господ да ѝ ја смири душата! — викна Пулхерја Александровна. — Цел живот, цел живот ќе му се молам на бога за неа! А што би било со нас сега, Дуња, да не се тие три илјади! Господи, како да паднаа од небото! Ах, Родја, та нам изутрината ни останаа само три рубли, па јас и Дуња размислувавме што побргу да го заложиме некаде часовникот, само да не земаме на заем од него додека не се сети самиот.

Дуња како да беше вчудовидена од предлогот на Свидригајлов. Сè уште стоеше замислена.

— Тој има замислено нешто ужасно! — изговори речиси со шепот сама за себе и како да истрпна.

Раскољников го забележа тој нејзин страв.

— Ми се чини дека јас ќе морам повеќепати да се сретнам со него — ѝ рече тој на Дуња.

— Ќе мораме да го побараме! Јас ќе го пронајдам — рече Разумихин гласно. — Око нема да склопам! Мене ми дозволи Родја. Тој пред малку ми рече: „Чувај ми ја сестрата!“ а вие ќе дозволите, Авдотја Романовна?

Дуња се поднасмевна и му ја подаде раката, но загриженоста не ѝ се тргна од лицето. Пулхерја Александровна срамежливо погледнуваше во неа; впрочем, трите илјади очигледно ја смируваа.

По четврт час сите беа во најжив разговор. И самиот Раскољников внимателно слушаше, но не разговараше. Зборуваше Разумихин.

— А зошто, зошто да си одите! — се занесе тој и држеше одушевен говор. — Што ќе правите во гратчето? Главно е дека овде сте сите заедно и сте си потребни еден на друг — уште како потребни, сфатете ме! Барем некое време... Мене пак примете ме за пријател, за другар, и јас ве уверувам дека ќе започнеме добра работа. Слушајте, јас подробно ќе ви го објаснам сето тоа — целиот проект! Уште изутрината, кога ништо не се имаше случено, мене веќе нешто ми се меткаше во главата... Еве што: јас имам стрико (ќе ве запознам со него: многу бистро и многу чесно старче!), тој мој стрико има капитал од илјада рубли, а живее од пензија, и ништо не му треба. Веќе две години тој настојува да му ги земам тие илјада рубли а нему да му плаќам шест проценти камата. Јас гледам што е: просто сака да ми помогне; но ланската година немав потреба, а летоска само чекав да дојде и решив да ги земам. Потоа вие ќе ја дадете втората илјада, од вашите три илјади, па тоа е доволно за почеток, ќе се здружиме. А што ќе правиме?

Разумихин сега почна да го развива својот проект и многу зборуваше за тоа дека речиси сите наши книжарници и издавачи слабо се разбираат од своите стоки, па затоа и се обично лоши издавачи, а сепак добрите изданија, општо земено, се исплатуваат и понекогаш даваат значителна добивка. За издавачка работа и мечтаеше Разумихин, веќе две години работејќи за други; освен тоа, добро владееше три европски јазика, иако пред шест дена му рече на Раскољников, дека во германскиот јазик е „швах", со цел да го наговори да го земе половината превод и три рубли капар; тогаш излажа, а и Раскољников знаеше дека лаже.

— Зошто, зошто да ја испуштиме приликата, кога во рацете имаме едно од најважните средства — сопствени пари? — се распали Разумихин. — Се разбира, потребен е многу труд, но ние ќе се трудиме, вие, Авдотја Романовна, јас, Родион... по некои изданија денеска носат убава добивка! А најважна е основата на претпријатието: ние ќе знаеме што треба, всушност, да се преведува. Ние и ќе преведуваме, и ќе издаваме, и ќе учиме, сè заедно. Сега јас можам да бидам од корист, зашто имам искуство. Еве веќе скоро две години трчам од издавач до издавач и им ги познавам душите: ни тие не ја испиле мудроста, верувајте! Зошто да не се лапне парчето штом дошло до уста? А јас знам и не кажувам две-три такви дела за кои само што би ги посочил за издавање би можел да добијам по сто рубли, а за едното од нив би можел да земам и повеќе од петстотини рубли. И што мислите: ако му соопштам некому, ќе почне да се двоуми, толку големи трупци се! А што се однесува, всушност, до грижата и трошокот околу печатењето, хартијата, продажбата, тоа вие оставете ми го мене! Јас ги знам сите закачки. Ќе започнеме од малку, ќе дојдеме до големо, барем ќе се прехраниме, а, секако, ќе ги извлечеме и нашите пари.

На Дуња ѝ засветеја очите.

— Многу ми се допаѓа тоа што го кажувате вие, Дмитриј Прокофјич, — рече таа.

— Јас не разбирам ништо од таа работа — проговори Пулхерја Александровна — можеби е добро, но пак, господ знае. Некако е ново, непознато. Ние, се разбира, мораме да останеме овде барем некое време...

Таа го погледна Родја.

— Што мислиш ти, брате? — рече Дуња.

— Јас мислам дека неговата мисла е многу добра — одговори тој. — Се разбира, не треба прерано да се мечтае за фирмата, но пет-шест книги сигурно може да бидат издадени. Јас и самиот знам едно дело, кое секако ќе има успех. Што се однесува пак до тоа дека тој ќе знае да ја води работата, во тоа нема сомневање; тој си ја знае работата... Впрочем, ќе имате време да се договорите...

— Да си жив! — викна Разумихин. — Сега чекајте. Овде има еден стан, во истава куќа, кај истиов газда. Посебен е, одвоен стан, не е поврзан со овие соби, наместен е, цената е умерена, три собички. Ете, за почеток изнајмете го тоа. Утре јас ќе ви го заложам часовникот и ќе ви ги донесам парите, а потоа сè ќе се уреди. А најважно е дека ќе можете да живеете сите тројца заедно, и Родја со вас. А каде ќе одиш ти?

— Родја, зарем си одиш? — праша Пулхерја Александровна, уплашена.

— Во ваков момент! — викна Разумихин.

Дуња го гледаше брата си со недоверба и со чудење. Во рацете му беше капата; се готвеше да си оди.

— Што сте такви, како да ме закопувате или како засекогаш да се простувате од мене, — рече тој некако необично.

Тој некако се насмевна, но како тоа да не беше насмевка.

— А кој знае, всушност, можеби и последен пат се гледаме — додаде тој ненадејно.

Тоа го имаше помислено во себе, но некако само од себе му излезе надвор.

— Ама што ти е тебе? — викна мајка му.

— Каде одиш, Родја? — праша Дуња со необичен глас.

— Никаде, морам да одам — одговори тој нејасно, како да се колеба, што да каже, но на неговото бледо лице имаше накаква остра решителност.

— Сакав да ви кажам... кога идев ваму... сакав да ви кажам, мамо... и тебе, Дуња, дека би ни било подобро да се разделиме за некое време. Мене ми е добро, немирен сум... после ќе дојдам, самиот ќе дојдам, кога... ќе можам. Јас мислам на вас и ве сакам... Оставете ме! Оставете ме насамо! Јас така решив, уште порано... Така решив... Без обзир што ќе биде со мене, дали ќе пропаднам или нема да пропаднам, јас сакам да бидам сам. Сосем заборавете ме мене. Тоа е најдобро... Не прашувајте за мене. Кога ќе треба, јас самиот ќе дојдам, или ќе ве... повикам. Можеби сè ќе воскресне!... А сега, ако ме сакате, откажете се... Инаку јас ќе ве замразам, го чувствувам тоа... Збогум!

— Господи! — викна Пулхерја Александровна.

И мајката и сестрата страшно се уплашија, Разумихин, исто така.

— Родја, Родја! Помири се со нас, за да биде како некогаш! — викна кутрата мајка.

Тој полека се сврти кон вратата и бавно тргна да излезе од собата. Дуња го настигна.

— Брате! Што правиш вака со мама! — зашепоти таа, а очите и гореа од прекор.

Тој ја погледна намуртено.

— Ништо, ќе доаѓам! — промрмори со половина глас, не знаејќи што да каже, па излезе од собата.

— Бесчувствен, злобен егоист! — викна Дуња.

— Тој е лу-у-луд, а не е бесчувствен! Тој е мрднат! Зарем не го гледате тоа? По ова вие сте бесчувствена... — зашепоти Разумихин токму над нејзиното уво, и цврсто ѝ ја стрегна раката.

— Веднаш ќе се вратам! — викна тој, обрнувајќи ѝ се на Пулхерја Александровна која замре, и истрча од собата.

Раскољников го чекаше на крајот од ходникот.

— Знаев дека ќе дотрчаш — рече тој. — Врати се кај нив и биди со нив... Утре биди кај нив... и секогаш. Јас... можеби ќе дојдам... ако можам.

И без да му ја подаде раката го напушти.

— Ама каде ќе одиш ти? Што мислиш да направиш? Што станува со тебе? Ама не чини така!... — мрмореше Разумихин, целиот збунет.

Раскољников пак застана.

— Да знаеш еднаш засекогаш. Никогаш не прашувај ме за ништо. Ништо не можам да ти одговорам... Не доаѓај кај мене. Можеби јас ќе дојдам вам у... Мене остави ме... но нив не оставај ги. Ме разбираш ли?

Во ходникот беше мрачно; стоеја до светилката. Неколку моменти молчејќи се гледаа еден со друг. Разумихин за цел живот ги запамети тие мигови. Упорниот поглед на Раскољников гореше и како да се распалуваше од миг во миг, проникнуваше во душата, во свеста. Одеднаш Разумихин се стресе. Како нешто необично да мина помеѓу нив... Како да профучи некоја идеја, само како алузија; нешто страшно, непријатно, што ненадејно го разбраа двајцата... Разумихин побледна како мртовец.

— Сфаќаш ли сега? — проговори Раскољников и лицето му се искриви од болка. — Врати се, оди кај нив — додаде тој, па брзо се сврти и излезе од куќата.

Нема сега да опишувам, што стана вечерта кај Пулхерја Александровна, кога се врати Разумихин, како ги смируваше, им се колнеше оти треба да го остават Родја да здивне по болеста, се колнеше дека Родја секако ќе дојде, дека ќе доаѓа секој ден, дека тој е болен и преболен и не смее да го дразнат, и дека тој, Разумихин ќе го чува него, и дека ќе му најде добар, најдобар лекар, цел конзилиум.... Со еден збор, од таа вечер Разумихин им стана син и брат.

IV

А Раскољников тргна право кон куќата на Каналот, каде што живееше Соња. Куќата беше трикатна, стара, со зелена боја. Го најде чуварот и тој некако нејасно го упати каде живее шивачот Капернаумов. Го пронајде во аголот на дворот влезот во тесните,

мрачни скали, и најпосле се искачи на вториот кат, па излезе на балконот, што го обиколуваше катот од дворната страна. Додека луташе по мракот и се прашуваше, каде ли е влезот на Капернаумов, наеднаш на три чекори од него се отвори една врата; тој махинално се фати за неа.

— Кој е? — праша срамежлив женски глас.

— Јас сум... доаѓам кај вас — одговори Раскољников и влезе во малото претсобје.

Тука на еден скршен стол стоеше свеќа во искривен свеќник.

— Вие сте! Господи! — тивко викна Соња и застана како здрвена.

— Како се влегува кај вас? Одовде ли?

Раскољников брзо влезе во собата, трудејќи се да не ја гледа.

По малку влезе со свеќа и Соња, ја остави свеќата и застана пред него, сета збунета, сета во неискажлива возбуда и очигледно заплашена од неговата ненадејна посета. Наеднаш образите ѝ ги покри црвенило, а на очите ѝ се појавија солзи... Ѝ беше тешко и се срамеше, а ѝ беше и мило... Раскољников наеднаш се сврти и седна на столот до масата. Бегло ја разгледа собата.

Тоа беше голема соба, но необично ниска, единствената соба што ја даваа под наем Капернаумови. Од левата страна во ѕидот имаше затворена врата што водеше кон нив. На спротивната страна во десниот ѕид — уште една врата, секогаш цврсто заклучена. Таму веќе беше друг, соседен стан, под друг број. Собата на Соња прилегаше на сушилница со форма на неправилен четириаголник, и поради тоа имаше малку грд изглед. Ѕид со три прозорца, што гледаа кон Каналот, ја сечеше собата косо, така што еден агол, многу остар, се губеше некаде во длабината, па поради слабо осветлување всушност не можеше ни да се види; другиот агол пак беше премногу несмасно тап. Во целата таа голема соба речиси немаше никаква покуќнина. Десно во аголот имаше кревет, веднаш до вратата за туѓиот стан стоеше проста маса, покриена со синкав

чаршав; крај масата имаше два плетени стола. А на спротивната страна пак, близу до шилестиот агол, имаше не голема комода од просто дрво, како изгубена во таа празнина. Тоа беше сè во собата. Жолтеникави, излижани и подискинати тапети, поцрнети по сите агли. Зимно време тука сигурно беше влажно и задушно. Очигледна беше сиромаштијата; ни пред креветот немаше завеса.

Соња молчејќи гледаше во својот гостин, кој вака внимателно и без стеснување ја разгледуваше нејзината соба, а најпосле затрепери од страв, како да стои пред судија кој ќе ѝ ја крои судбината.

— Доцна доаѓам... Има ли единаесет часот? — праша тој, сè уште не дигајќи го погледот кон неа.

— Има — промрмори Соња. — Ах, да, има! — забрза таа наеднаш, како во тоа да ѝ е целиот спас. — Пред малку кај газдите отчука часовникот... слушнав... има...

— Кај вас дојдов за последен пат, — продолжи Раскољников мрачно, иако ова му беше прво доаѓање, — можеби веќе нема никогаш да ве видам...

— Да не... патувате?

— Не знам... Утре ќе...

— Зарем нема утре да дојдете кај Катерина Ивановна? — затрепери гласот на Соња.

— Не знам. Утре изутрина сè ќе... не се работи за тоа: дојдов да ви кажам неколку збора...

Го подигна кон неа својот мрачен поглед и наеднаш забележа дека тој седи, а таа сè уште стои пред него.

— А зошто стоите вие? Седнете — изговори со глас, кој нагло се промени во тивок и љубезен.

Соња седна. Тој за миг се загледа во неа љубезно, како со некакво жалење.

— Многу сте слабичка! Видете каква ви е ракава! Сосем прозирна. Прстите ви се како на мртовец.

Ја фати за раката. Соња се насмевна.

— Јас секогаш сум била таква — рече таа.

— И кога живеевте дома ли?

— Да.

— Па се разбира! — изговори тој јасно, а изразот на лицето и звукот на гласот пак наеднаш му се променија.

Уште еднаш се обѕрна околу себе.

— Ова ли го земате под наем од Капернаумови?

— Да...

— Тие се онаму, зад вратана?

— Да... И тие имаат иста ваква соба.

— И сите се прибрани во една соба?

— Во една.

— Јас ноќе би се плашел во вашава соба — забележа тој мрачно.

— Газдата и газдарицата се многу пријатни — одговори Соња, но сè уште не се снаоѓаше и не можеше да се соземе — сета покуќнина и сè.. сè е нивно. Тие се многу добри, а и нивните деца често доаѓаат кај мене...

— Да не се пелтечави?

— Да... Тој пелтечи а и куца. И жена му, исто така... Не многу, не пелтечи многу, но не може да изговори сè. Таа е добра, многу. А тој служеше кај дворјанин. Имаат седум деца... и само најголемото пелтечи, а другите просто се болни... но не пелтечат... А од каде знаете за нив? — додаде таа некако зачудена.

— Сето тоа ми го раскажуваше тогаш татко ви. Тој за вас ми раскажа сè... И тоа, како сте отишле во шест часот, а сте се вратиле во девет, и тоа, како Катерина Ивановна клечела покрај вашата постела.

Соња се збуни.

— Како да го видов денеска — зашепоти таа нерешително.

— Кого?

— Татко ми. Одев по улицата, овде близу на аголов, во десет часот, а тој како да одеше пред мене. И како сосем да беше тој. Веќе сакав да се вратам кај Катерина Ивановна.

— Сте шетале?

— Да — прошепоти Соња, па пак се збуни и се наведна.

— Та, Катерина Ивановна само што не ве тепала, кога сте биле кај татко ви?

— Ах, не, зошто го велите тоа, не! — го погледна Соња, некако заплашена.

— Значи, вие ја сакате?

— Неа? Па, секако! — развлече Соња жално и болно, па ги прекрсти рацете. — Ах... само да ја знаете неа! Та таа е вистинско дете... Таа како да не е веќе со својот ум... од јадови. А колку беше умна... колку великодушна... колку добра! Вие ништо, ништо, ништо не знаете... Ах!

Соња тоа го изговори како во очај, во возбуда и болка, кршејќи си ги рацете. Бледите образи пак ѝ пламнаа, во очите ѝ се јави страдање. Се гледаше дека многу нешта се засегнати во неа и дека сака да изрази нешто, да каже, да брани. Некакво неисцрпно сочувство, ако може така да се рече, се јави во сите црти на нејзиното лице.

— Ме тепала! Ама што зборувате! Господи, како тоа ме тепала! Па дури и да ме тепала! Па што! Вие не знаете ништо. Ништо... Таа е толку несреќна! ах, толку несреќна! И болна... Таа бара правда... Таа е чиста. Таа толку верува дека во сè мора да има правда, и ја бара... Да ја ставите на маки, таа не би направила неправда. Таа гледа дека не е можно сè да биде праведно меѓу луѓето, и се возбудува... Како дете, како дете! Таа е праведница, праведница!

— А што ќе стане со вас?

Соња го погледна, како да прашува.

— Та тие останаа на вас. Вистина, и порано сè беше на вас, па дури и покојникот доаѓаше и ви се молеше да му дадете за пиење. А што ќе стане сега?

— Не знам — изговори Соња жалосно.

— Дали ќе останат таму?

— Не знам, таму се должни за станот; но слушам, газдарицата рекла денеска дека ќе им го откаже станот, а Катерина Ивановна вели дека нема да остане ни за момент.

— А како може да се прави таков херој? Да не се надева во вас?

— Ах, не, не зборувајте така!... Ние сме едно, заедно живееме — пак се возбуди Соња, и дури се раздразни, токму онака како што би се налутила канарката, или некаква друга мала птичка. — А што да прави таа? Да, што може, што може? — прашуваше Соња, и се нервираше, и се возбудуваше. — А колку колку се изнаплака денеска! Нејзе ѝ се мати умот, го забележавте ли тоа? Ѝ се мати; де се грижи како дете, за утре да биде пристојно, да има и мезиња и сè... де си ги крши рацете, плука крв, плаче, а наеднаш почнува да ја чука главата од ѕидот, како очаена. Потоа пак се смирува, и се надева во вас: вели, дека вие сега сте ѝ помошник, па дека таа од некаде ќе земе на заем малку пари, ќе оди во својот град, со мене, ќе основа институт за благороднички ќерки, мене ќе ме земе за надзорник, и ние ќе почнеме сосем нов, убав живот, па ме бацува, ме прегрнува, ме теши, и толку верува, толку верува во своите фантазии! Зарем може некој да ѝ се спротиви? А денеска цел ден пере, чисти, крпи, самата со своите слабички сили внесе во собата корито, се зазбива, па се струполи на креветот; а изутрината заедно отидовме да им купиме чевлички на Полечка и на Љона, зашто старите веќе им се распаднаа, само немавме доволно пари, ни треба уште многу пари, а таа одбра едни убави чевлички, зашто таа има вкус, вие го знаете тоа... потоа веднаш во дуќанот заплака пред трговците, затоа што ѝ недостигаа пари... Ах, колку беше жално да се гледа тоа.

— Добро, по ова разбирливо, е зашто... живеете вака — рече Раскољников со горчлива насмевка.

— А зарем вам не ви е жал? Зарем не ви е жал? — пак му се нафрли Соња. — Та вие, знам јас, го дадовте последното што го имавте, иако уште не го имавте видено сето тоа, ох, господи! А колку, колку пати ја имам расплакано неа! Ете, и минатата недела! Оф, кутрата јас! И тоа само една недела пред смртта на татко ми! Постапив свирепо! И колку, колку пати

правев така. Денеска цел ден се сеќавам за тоа, и колку ми беше тешко!

Сеќавањето толку ја измачуваше, што си ги кршеше рацете кога го зборуваше тоа.

— Вие ли сте толку свирепа?

— Да, да, јас! Тогаш дојдов — продолжи таа плачејќи — а покојникот ми вели: „Ајде Соња, читај ми; ме боли малку главата, читај ми... еве од книгава", имаше некаква книга, ја добил од Андреј Семјонич, од Лебезјатников, тој живее овде; постојано добиваше некакви смешни книги. А јас велам: „време ми е да си одам", па не сакав да читам, а бев наминала кај нив најмногу за да ѝ ги покажам јаките на Катерина Ивановна; тогаш Лизавета ветошарката ми донесе евтини јаки и наракавници, убави, нови, сосем нови, везени. Многу ѝ се допаднаа на Катерина Ивановна: ги стави на себе, се погледа во огледалото и многу, многу ѝ се допаднаа: „те молам, Соња, подари ми ги", вели. Те молам, така ме замоли, толку ги сакаше. А дали ќе ги носи? Ете, така само се сети за некогашните среќни времиња. Се гледа во огледалото, ужива, а нема никаква, никаква облека, никакви работи, еве, веќе со години! А таа никогаш и никого не би замолила за ништо; горделива е, повеќе љуби да го подари и последното што го има, а сега, еве, ме замоли — многу ѝ се допаднаа! А мене ми беше жал, да ги дадам. „Зошто ви се, Катерина Ивановна?" — велам. Така ѝ реков: зошто ви се. Но тоа не требаше да ѝ го речам! Така ме погледна, и толку ѝ беше тешко, претешко што ѝ ја одбив молбата, и толку ми беше жал кога ја гледав... а не ѝ беше тешко поради јаките, туку затоа што ја одбив, видов. Ах, сè би дала сега да го вратам тоа, сè да изменам; сите зборови што ги изреков тогаш... Оф, јас... ете, така ... а вам ви е сеедно.

— Вие ја познавате Лизавета ветошарката?

— Да... А и вие ли ја познававте? — му одговори Соња со прашање, некако зачудена.

— Катерина Ивановна има тешка туберкулоза, набргу ќе умре — рече Раскољников, по кратко молчење, без да ѝ одговори на прашањето.

— Ох, не, не!

И Соња со несвесно движење му ги фати обете раце, како да го моли, да не биде така.

— Всушност подобро ќе биде, ако умре.

— Не, не е подобро, не е подобро, воопшто не е подобро, — повторуваше таа заплашена и избезумена.

— А децата? Каде ќе одат тие, ако не кај вас?

— Ох, ни јас не знам! — викна Соња речиси во очај и се фати за главата.

Се виде дека таа мисла многу, многу пати затреперила во неа, а тој само повторно ја поттикна.

— А ако се разболите сега, уште дури е жива Катерина Ивановна, па ако ве одведат в болница, што ќе стане тогаш? — безмилосно продолжуваше тој.

— Ах, што зборувате, што зборувате вие! Не може да се случи тоа! — И лицето на Соња се искриви од страшен ужас.

— А зошто да не може да се случи? — продолжи Раскољников со жестока насмевка. — Да не сте осигурени против тоа? Што ќе стане тогаш со нив? Ќе се замешаат со толпата на улица, таа ќе кашла и ќе пита и ќе си ја чука некаде главата од sид како денеска, а децата ќе плачат... А кога ќе падне, ќе ја одведат во квартот, во болницата, ќе умре, а децата...

— О, не!... Тоа нема да го дозволи господ! — најпосле ѝ се истргна на Соња од стегнатите гради.

Таа го слушаше, го гледаше молбено и во нема молба му ги стискаше рацете, како сè да зависеше од него.

Раскољников стана и фати да шета по собата. Мина речиси една минута. Соња страшно јадосана си ги спушти рацете и ја наведна главата.

— А не можевте ли да собирате пари? Да ставате настрана за црни денови? — праша тој, запирајќи се наеднаш пред неа.

— Не можев — прошепоти Соња.

— Се разбира, не! А дали сте се обиделе? — додаде речиси со подбив.

— Да.

— И не успеа! Се разбира! Зошто прашувам!

И тој пак фати да шетка по собата. Пак мина приближно една минута.

— Не заработувате ли секој ден?

Соња се збуни повеќе отколку порано, и пак образите ѝ поцрвенија.

— Не — прошепоти со мачен напор.

— Со Полечка веројатно ќе се случи истото, — проговори тој наеднаш.

— Не! Нема! Тоа не е можно, не! — гласно викна Соња, сета очајна, како ненадејно да беше ранета со нож. — Господ, господ нема да дозволи толку страшно нешто!...

— А за другите дозволува.

— Не, нема! Неа ќе ја чува господ, господ!... — повторуваше избезумена.

— А можеби, господ воопшто не постои — одговори Раскољников некако злорадо, се насмевна и ја погледна.

Лицето на Соња наеднаш страшно се измени, по телото ѝ полазија морници. Таа го погледна со неискажан прекор, сакаше нешто да му рече, но не можеше ништо да изговори, ами само си го покри лицето со рацете и залипа горчливо, необично горчливо.

— Вие велите, дека на Катерина Ивановна ѝ се мати умот; а и вам ви се мати умот — рече тој по долготрајно молчење.

Минаа пет минути. Сè уште чекореше напред-назад, молчејќи и не гледајќи ја. Најпосле ѝ се доближи; очите му блестеа. Со обете раце ја фати за раменицте и ја погледна право во расплаканото лице. Погледот му беше строг, пламнат, остар, усните силно му трепереа... одеднаш се наведна, се спушти на подот, ѝ ја баци ногата. Соња се повлече преплашена, како пред лудак. А тој навистина и прилегаше на лудак.

— Што ви е, што правите? Пред мене! — промрмори таа и побледна, а срцето необично болно ѝ се стисна.

Раскољников веднаш стана.

— Не ти се поклонив тебе, им се поклонив на сите човечки страдања, — изговори тој некако необично и отиде до прозорецот. — Слушај — додаде тој кога се врати, по малку, — пред малку јас му реков, на еден навредувач дека не вреди ни колку твојот мал прст... и дека на сестра ми ѝ направив денеска чест, кога те седнав до неа.

— Ах, зошто сте го рекле тоа! И пред неа? — викна Соња уплашена. — Со мене да седи! Чест! Та јас... сум бесчесна... Ах, зошто сте го рекле тоа?

— Јас не го реков тоа за тебе поради бесчеста и гревовите, туку поради твоето големо страдање. А вистина е дека си голема грешница, — додаде тој речиси занесен. — Најмногу грешница си затоа што з а л у д н о се уништуваш и се жртвуваш себеси. Како да не е страшно тоа? Како да не е страшно што живееш во тој кал, кој толку го мразиш, а воедно знаеш и самата (треба само да ги отвориш очите) дека со тоа никому не му помагаш и дека никого од ништо не го спасуваш! Но кажи ми ти мене, најпосле — изговори тој речиси во занес — како е можно таква срамота и таква подлост да се наоѓаат во тебе, заедно со други, спротивни и свети чувства? Та би било поправедно, илјадапати поправедно и поразумно, да се фрлиш во вода и веднаш да си го завршиш животот.

— А што ќе стане со нив? — праша Соња тивко и го погледна страдалнички, но како да не се зачуди од неговиот предлог. Раскољников ја погледна чудно.

Тој сè прочита во тој еден нејзин поглед. Значи, и кај неа, навистина живеела таа мисла. Можеби често сериозно размислувала, очаена, наеднаш да си го заврши животот, и тоа толку сериозно размислувала, што сега речиси не се ни зачуди од неговиот предлог. Не ни забележа колку се сурови неговите зборови (а, се разбира, не ја сфати ни смислата на неговите прекори и неговиот посебен поглед врз нејзината срамота, и тоа тој јасно го виде). Но тој сосем разбра, со колку голема болка одамна ја измачила мислата за нејзината бесчесна и срамотна положба. А што, што ја задржувало досега да не си го заврши животот наеднаш? Сега

веќе сосем сфати што значат за неа тие бедни, ситни деца, сирачиња и таа кутра, наполу луда Катерина Ивановна, која е туберкулозна и си ја чука главата од ѕид.

Но нему исто така, сепак му беше јасно дека Соња со својот карактер и со какво-таквото образовние, сепак не може да остане во ваква состојба. Сепак го мачеше прашањето: како можела олку долго да остане во таа состојба, без да се мрдне од умот штом веќе немала сили да скокне во вода? Секако сфаќаше дека положбата на Соња е случајна појава во општеството, иако, за несреќа, воопшто не е осамена појава ниту исклучок. Но токму таа случајност, малото образование, и сиот нејзин поранешен живот, се чини, можеа веднаш да ја убијат, штом зачекори на тој одвратен пат. Значи, што ја одржуваше? Секако, не развратот? Сета таа срамота, очигледно, неа ја има трогнато само механички; вистинскиот разврат уште ни малку нема проникнато во нејзиното срце: тој го гледаше тоа; таа стоеше пред него...

„Таа има пред себе три пата — си помисли тој: — да се фрли во Каналот, да се најде во лудница, или ... или, најпосле, да му се предаде на развратот кој го заматува умот и го скаменува срцето".

Оваа последнава мисла му беше најнепријатна; но веќе беше скептик, беше млад, занесен, значи суров, па не можеше да се оттргне од верувањето, дека последниот излез, тоест развратот, е најверојатен.

„Ама зарем вистина е тоа — викна тој во себе — зарем и тоа суштество што уште ја има зачувано душевната чистота, најпосле, свесно ќе биде вовлечено во таа гадна, смрдлива дупка? Зарем тоа вовлекување веќе почнало и зарем таа можеше да трпи досега само затоа што срамотата веќе не ѝ се чини одвратна? Не, не, тоа не е можно!" — викна, како пред малку Соња. — „Не, досега не се фрли во каналот поради мислата за гревот и тие, тие... Ако досега не се мрднала од умот... а кој рекол, всушност, дека не е мрдната? Зарем таа има здрав ум? Зарем може некој да зборува како неа? Зарем може со здрав ум да се размислува како што размислува таа? Зарем може некој вака да

седи над бездна, токму над смрдливата дупка што веќе ја повлекува во себе, и да мавта со рацете и да си ги затина ушите, кога некој ќе ѝ ја спомне опасноста? Што прави таа, да не очекува некакво чудо! По сè изгледа така е. Зарем сите тие нешта не се вистински знаци на лудило?"

Цврсто остануваше при таа мисла. Таквиот излез дури му се допаѓаше повеќе од секој друг. Фати да ја гледа повнимателно.

— Значи, Соња, ти ревносно му се молиш на бога? — ја праша.

Соња молчеше, а тој стоеше до неа и го очекуваше одговорот.

— А што би била јас без бога? — зашепоти таа брзо и решително, го стрелна со очите што ѝ блеснаа и цврсто ја стисна неговата рака.

„Па, така и е!" — си помисли тој.

— А што ти дава господ за тоа? — продолжи да ја прашува тој.

Соња долго време молчеше, како да не може да одговори. Слабичките гради ѝ се разбрануваа од возбуденост.

— Молчете! Не прашувајте! вие не сте достоен... — викна таа наеднаш, остро и гневно гледајќи го.

„Така е! Да, така е!" — продолжи тој да си повторува во себе.

— Сè ми дава! — зашепоти таа наеднаш и пак се наведна.

„Токму тоа е излезот! Токму тоа го објаснува излезот!" — заклучи тој во себе, гледајќи ја со големо љубопитство.

Со ново, необично чувство, скоро како болен, сè гледаше во тоа бледо, слабичко, неправилно, аглесто лиценце, во тие кротки, сини очи, што можеа да светат со ваков пламен, со вакво сурово, енергично чувство, во тоа ситно тело што ушите трепереше од прекорите и од гневот, и сето тоа му се чинеше сè почудно и почудно, речиси невозможно. „Јуродива, јуродива!"[1]) — повторуваше тој во себе.

[1]) слабоумна; според народното верување — со пророчки способности.

На комодата лежеше некаква книга. Кога шеткаше ваму-таму ја забележуваше, а сега ја зеде да ја разгледа. Тоа беше Новиот завет во руски превод. Книгата беше стара, излижана, во кожна подврска.

— Од каде ти е ова? — ѝ рече од крајот на собата.

Соња сè уште стоеше на истото место, на три чекори од масата.

— Ми ја донесоа — одговори таа како сосила и не гледајќи го Раскољникова.

— Кој ти ја донесе?

— Лизавета ми ја донесе, јас ја замолив.

„Лизавета! Чудно!“ — си помисли тој.

Од момент во момент Соња му стануваше сè понеобична и понеобична. Ја однесе книгата до свеќата и почна да ја прелистува.

— Каде е тоа за Лазар? — праша.

Соња го управи погледот кон земјата и не одговараше. Стоеше свртена кон масата.

— Тоа за воскреснувањето на Лазар, каде е? Најди ми го, Соња!

Таа го погледна подоко.

— Не барајте таму... Во четвртото евангелие... — шепна таа жекаво, но не му се приближи.

— Најди го и прочитај ми — рече Раскољников, седна, се потпре на масата со лактите, ја наведна на рацете главата и мрачно се загледа настрана, готов да слуша.

„По три седмици на седмата врста, добредојдовте! Ми се чини, самиот ќе одам таму, ако не излезе уште полошо“ — си мрмореше во себе.

Соња со недоверба ја ислуша чудната желба на Раскољников и полека се доближи до масата. Но сепак ја зеде книгата.

— Зарем не сте го читале тоа? — го праша, па подоко го погледна преку масата.

Гласот ѝ стануваше сè поостар и поостар.

— Одамна... Кога одев на училиште. Читај!

— А вцрква не сте слушнале, ли?

— В црква... не сум бил. А ти сигурно одиш често?

— Н-не одам — прошепоти Соња.

Раскољников се насмевна.

— Разбирам... Значи, ни татко ти утре нема да го испратиш?

— Ќе го испратам. Бев в црква и минатата недела ... Имав задуша.

— За кого?

— За Лизавета. Ја убиле со секира.

Нервите му стануваа сè понапнати и понапнати. Умот почна да му се врти.

— Да не беше пријателка со Лизавета?

— Бев... Таа беше праведница... Доаѓаше кај мене... ретко... не можеше... заедно со неа читав... разговаравме. Таа ќе го види господа.

Чудно звучеа тие книшки зборови, и, ете, пак новост: некакви тајни состаноци со Лизавета, а и двете се јуродиви.

„Овде и самиот можеш да станеш јуродив! Тоа е заразно!“ — си помисли Раскољников.

— Читај! — викна тој наеднаш настојчиво и раздразнето.

Соња уште се колебаше. Срцето ѝ тупкаше. Не се решаваше да му чита. Речиси во мака ја гледаше таа „споулавена несреќница“.

— А зошто ви е тоа? Та вие не верувате?... — зашепоти таа тивко и како да ѝ подзапира здивот.

— Читај! Така сакам! — настојуваше тој. — И на Лизавета си ѝ читала.

Соња ја отвори книгата и го најде тоа место. Раце-те ѝ трепереа, гласот ѝ се губеше. Двапати започнуваше без да може да го изговори првиот слог.

„Си бил некојси болен Лазар од Бетанија“... изговори таа најпосле со тешка мака, но од третиот збор гласот ѝ зазвучи и се прекина како презатегната жица. Здивот ѝ се пресече, во градите почна да се гуши.

Раскољников донекаде сфаќаше зошто Соња не сака да му чита, и колку што појасно сфаќаше, до толку посурово и пораздразнето настојуваше да му чита. Предобро сфаќаше, колку ѝ е тешко сега да издава и да открива сè с в о е. Разбра дека тие чувства небаре

ја сочинуваа нејзината вистинска и можеби веќе одамнешна т а ј н а, можеби уште од детството, од семејниот живот, покрај несреќниот татко и маштеа, која од јадови се мрдна од умот, меѓу гладните деца, меѓу безобразни викања и прекори. Но воедно сега сфати, точно сфати, дека таа, иако кога почна да чита беше таговна и многу заплашена од нешто, сепак со сета душа и самата сакаше да му чита, и покрај сета своја тага и страв, и токму н е м у, за да чуе тој, и тоа секако с е г а — без обзир што ќе се случи подоцна! . . . Тоа ѝ го прочита во очите, го сфати од нејзината одушевена возбуденост! . . . Таа се напинаше со сета сила, го совлада грчот, што ѝ го стегаше грлото и ѝ го прекина гласот на почетокот од стихот, па го продолжи читањето на единаесеттата глава од Евангелието по Јован. Така читаше до деветнаесетиот стих.

„И мнозина Јудејци дојдоа кај Марта и Марија, за да ги тешат во тагата за братот. Марта кога слушна дека доаѓа Исус излезе пред него, а Марија седеше дома. Тогаш Марта му рече на Исуса: господе, да беше ти овде, брат ми немаше да умре. А и сега знам дека што ќе му побараш на бога, бог ќе ти даде".

Тука пак застана, срамежливо претчувствувајќи, дека гласот ќе ѝ затрепери и пак ќе ѝ се прекине . . .

„Исус ѝ рече: брат ти ќе воскресне. Марта му рече: знам дека ќе воскресне на Велигден, на последниот ден. А Исус ѝ рече: Ј а с с у м В е л и г д е н и ж и в о т; тој што верува во мене, ако умре, ќе оживи. И тој што живее и верува во мене, никогаш нема да умре. Веруваш ли во ова? Таа му рече:

(Соња здивна некако болно, а потоа јасно и силно прочита, како таа да се исповедува, за да слушнат сите):

„Да, господе! Јас верувам дека ти си Христос, синот божји, што доаѓа на светот."

Застана, наеднаш ги дигна очите на н е г о, но брзо се совлада и фати да чита понатаму. Раскољников седеше и слушаше неподвижен, не обрнувајќи се, потпрен со лактите на масата и загледан настрана. Дојдоа до триесет и вториот стих.

„И Марија, што дојде таму, каде што беше Исус, кога го виде, падна пред неговите нозе и му рече: Господе! да беше ти овде, брат ми немаше да умре. Тогаш Исус, кога го виде нејзиниот плач и плачот на Јудејците, што дојдоа со неа, се растажи и се возбуди и рече: Каде го имате положено? Му рекоа: Господе! Дојди да видиш. На Исуса му заѓекоа солзи. Тогаш Јудејците велеа: види, колку го сака. А некои од нив рекоа: не можеше ли овој, што му ги отвори очите на слепецот, да направи и тој да не умре?“

Раскољников се сврти кон неа и возбудено ја погледна: да, така е, навистина! Сета таа трепереше во вистинска, вистинска треска. Тоа го очекуваше. Се приближуваа зборовите за најголемото нечуено чудо, па ја имаше исполнето чувството на голем триумф. Гласот ѝ беше јасен како ѕвоно; триумфот и радоста ѕвонеа во него и го крепеа. Редовите ѝ се мешаа. Пред очите ѝ се стемнуваше, но таа го знаеше напамет тоа што го читаше. Читајќи го последниот стих: „не можеше ли овој, што му ги отвори очите на слепецот“.... — таа го спушти гласот, и запалено, страсно, го изрази сомневањето, прекорот и богохулството на неверните слепи Јудејци, кои веднаш како удрени од гром ќе паднат, ќе заплачат и ќе поверуваат... „И т о ј, т о ј, — кој исто така е заслепен и не верува, и тој ќе чуе веднаш, и тој ќе поверува, да, да, веднаш во овој миг“ — мечтаеше таа и трепереши од радосна надеж.

„А Исус, пак со внатрешен жал се доближи до гробот. Тоа беше пештера и камен лежеше на неа. Исус рече: Тргнете го каменов! Марта, сестрата на умрениот му рече: Господе! смрди зашто веќе ч е т и р и дена е во гробот.

Силно го нагласи зборот: ч е т и р и.

„Исус ѝ рече: Не ли ти реков: ако поверуваш, ќе ја видиш божјата победа? Го тргнаа каменот од пештерата, каде што лежеше мртовецот. А Исус ги крена очите кон небото и рече: Отец, ти благодарам, што ме послуша. Јас знаев дека секогаш ќе ме послушаш, но тоа го реков заради народов, што стои овде, за да поверува, дека ти ме имаш испратено. И откако го

рече ова, гласно викна: Лазаре! Излези! и мртовецот излезе“,

(гласно и одушевено прочита треперејќи и истрпнувајќи, како да го гледа тоа во овој момент):

„рацете и нозете му беа завиткани со мртовечки покров, а лицето му беше врзано со крпа. Исус им рече: Одврзете го и пуштете го да оди.“

„Тогаш мнозина од Јудејците, што беа дојдени кај Марија и видоа што направи Исус, поверуваа во него“.

Понатаму не читаше, а и не можеше да чита, ами ја затвори книгата и наеднаш стана од столот.

— Сè за воскреснувањето на Лазара — прошепоти таа испрекинато но остро и застана неподвижно, се подврати назад без да смее да ги дигне кон него очите, како да се срами. Сè уште ја тресеше треска. Догорената свеќа веќе се гаснеше во накривениот свеќник, матно осветлувајќи ги во таа питачка соба убиецот и блудницата, што се сретнаа на чуден начин, за да ја читаат вечната книга. Минаа пет или повеќе минути.

— Јас дојдов за да разговарам за една работа — рече Раскољников гласно, намуртен, па стана и ѝ пристапи на Соња.

Таа молчејќи ги дигна очите кон него. Погледот му беше чудно суров и некаква дива решителност се забележуваше во него.

— Јас денеска ги напуштив моите роднини — рече тој, — мајка ми и сестра ми. Веќе не одам кај нив. Таму раскинав сè.

— Зошто? — праша Соња сета вчудовидена.

Неодамнешниот состанок со мајка му и сестра му ѝ остави необичен, иако за неа нејасен впечаток. Гласот за раскинот го ислуша речиси со ужас.

— Сега ми остана само ти — додаде Раскољников. — Да одиме заедно... Јас дојдов кај тебе. Ние сме заедно проколнати, заедно и ќе одиме.

Очите му блестеа. „Како да е споулавен!“ — си помисли сега и Соња.

— Каде да одиме? — праша уплашена и не сакајќи се повлече назад.

— Не знам? Знам само, дека треба да одиме по ист пат, знам со сигурност — тоа е сè. Целта е иста!

Соња го гледаше и ништо не разбираше. Сфаќаше само дека тој е ужасно, бескрајно несреќен.

— Никој од нив ништо немаше да разбере, да им кажуваше ним — продолжи Раскољников — а јас разбрав. Ти мене си ми потребна, затоа дојдов кај тебе.

— Не разбирам... — прошепоти Соња.

— Ќе разбереш подоцна. Зарем ти не го направи истото? И ти направи злосторство... Беше во состојба да направиш злосторство. Ти се нафрли на себеси, ти си го уби животот... с в о ј о т (тоа е сеедно!). Ти би можела да живееш според духот и разумот, а ќе завршиш на Сенски... Но ти не можеш да издржиш, и ако останеш с а м а, ќе полудиш, како мене. Ти и сега си малку како споулавена; значи, треба да одиме заедно, по еден пат! Да одиме!

— Зошто? Зошто сето тоа? — рече Соња, чудно и силно возбудена од неговите зборови.

— Зошто? Затоа што не може да остане вака. — Ете, зошто! Па, најпосле, треба да се размисли сериозно и искрено, а не е добро детски да се плаче и да се вика дека нема да дозволи господ! Да, а што ќе стане, ако тебе утре навистина те одведат во болница? Таа не е со здрав ум и туберкулозна е, набргу ќе умре, а што ќе прават децата? Зарем нема да пропадне Полечка? Зарем не си видела овде деца, што ги испраќаат мајките да питаат? Јас се интересирав, каде живеат тие мајки и во какви услови. Таму децата не можат да останат деца. Таму детето од седум години е расипано и краде. А децата сепак се слика на Исус Христос: „Нивно е царството божје“. Тој нареди да ги цениме и да ги сакаме, тие се иднина на човештвото...

— Што да се прави, што да се прави? — повторуваше Соња, хистерично плачејќи и кршејќи си ги рацете.

— Што да се прави? Засекогаш треба да се скрши тоа што мора да се скрши, и готово: и страдањето да

се прими на себе! Што? Не сфаќаш? Ќе сфатиш подоцна... Слобода и власт, а најважно е власта! Над сите треперливи суштества и над целиот мравјалник!... Ете ја целта! Памети го ова! Тоа ти е мојата порака! Можеби јас сега последен пат зборувам со тебе. Ако не дојдам утре, и самата ќе чуеш сè и тогаш сети се за овие сегашни зборови. И еднаш, подоцна, по години и години, ако си жива, можеби ќе разбереш, што значеа тие зборови. Ако пак дојдам утре, ќе ти кажам кој ја уби Лизавета. Збогум!

Соња сета затрепери од вчудовиденост.

— А зарем вие знаете кој ја има убиено? — праша, истрпнувајќи од ужас и гледајќи го со страв.

— Знам и ќе ти кажам... Тебе, само тебе. Јас те одбрав тебе. Нема да дојдам за да те молам за прошка, туку просто ќе ти кажам. Одамна те имам одбрано тебе, за да ти го кажам тоа; уште тогаш кога татко ви зборуваше за тебе и додека беше жива Лизавета, јас го смислив тоа. Збогум! Не давај ми ја раката! Утре!

Излезе. Соња гледаше во него како во луд, но и таа беше како без ум и го чувствуваше тоа. Умот ѝ се вртеше. „Господи! Од каде знае тој, кој ја убил Лизавета? Што значеа тие негови зборови? Тоа е страшно!“ Но сепак таа м и с л а не ѝ доаѓаше во умот. Никако!... „Оф, тој, всушност, многу е несреќен!... Ги напуштил мајка си и сестра си. Зошто? Што станало? И што има решено? А што ѝ зборуваше? Ѝ ја баци ногата и ѝ рече, ѝ рече... (да, тоа го рече јасно) дека без неа не може веќе да живее... Оф, господи!“

Во треска и во бунило Соња ја помина целата ноќ. Стануваше, плачеше, си ги кршеше рацете, а потоа пак потонуваше во трескав сон, па ги гледаше на сон Полечка, Катерина Ивановна, Лизавета, читањето на евангелието и тој... тој, со бледо лице, со пламнати очи... ѝ ги бацува нозете, плаче... О, господе!

Зад вратата од десната страна, зад истата врата што го дели станот на Соња од станот на Гертруда Карловна Реслих, имаше уште една, средна соба, веќе одамна празна, што му припаѓаше на станот на госпоѓа

Реслих и која таа ја даваше под наем, за кое и беа наредени натписи на вратите и излепени книвчиња на прозорците, што гледаа кон Каналот. Соња одамна беше навикнала таа соба да ја смета за ненаселена. Меѓутоа, целото време крај вратата во таа празна соба стоеше господин Свидригајлов, се беше притаил и наслушнуваше. Кога си замина Раскољников, тој постоја уште малку, размисли, отиде на прсти во својата соба, до празната соба, зеде стол и тивко го донесе до вратата, што водеше кон собата на Соња. Разговорот му се стори интересен и важен и многу му се допадна — толку му се допадна што си донесе и стол, за да не мора отсега, на пример, утре, пак вака непријатно да стои цел час, ами да се смести поудобно, за да биде задоволен наполно во секој поглед.

V

Кога утредента Раскољников точно во единаесет часот влезе во зградата на — скиот кварт, во одделот на иследникот, и замоли да го најават кај Порфириј Петрович, дури и се зачуди, зошто чека толку многу: минаа барем десетина минути, додека го викнаа. Според неговото мислење, се чини, требаше веднаш да му се нафрлат. А ваму, ете, тој стоеше во чекалната, а крај него се движеа и поминуваа луѓе кои очигледно не беа заинтересирани за него. Во соседната соба што прилегаше на канцеларија, седеа и пишуваа неколку писари, а јасно беше дека никој од нив не знае: кој е и што е Раскољников? Со немирен, сомнежлив поглед се обрнуваше околу себе и гледаше: дали зад него нема барем некој стражар, некој таинствен поглед, определен да го чува него да не оди некаде? Но немаше ништо слично: тој гледаше само канцелариски лица, со ситни грижи, потоа некои луѓе а никој не се интересираше за него: можеше да оди каде што сака. Сè посилно и посилно се зацврстуваше во него мислата дека ако чудовиштето, вчерашниот загадочен човек навистина знаеше сè и имаше видено сè — зарем ќе го оставеа него, Раскољников, вака да стои сега и мирно да

чека? И зарем овде би го очекувале до единаесет часот, сам да повели да дојде? Или, значи, тој човек уште ништо нема пријавено, или... или просто ни тој не знае ништо, — ништо со свои очи нема видено (а и како би можел да има видено?) па изгледа тоа што му се случи вчера, нему, на Раскољников, сепак е привидение, зголемено од неговата раздразнета болна фантазија. Тоа претчувство почна да се зацврстува во него уште вчера, при најсилната возбуда и очај. А сега кога размисли за сето тоа, кога се подготвуваше за нова борба, одеднаш почувствува дека трепери — па гнев зовре во него од мислата дека трепери од страв пред омразениот Порфириј Петрович. Постра-шно до сè за него беше повторното среќавање со тој човек; го мразеше повеќе од сè, бескрајно, и се плашеше дека поради таа своја омраза некако ќе се издаде. И толку силна омраза го исполни, што веднаш му пролазија морници; се подготви да влезе ладнокрвен и со дрско лице, дури и се заколна дека ќе молчи, колку што ќе биде можно, ќе гледа и ќе слуша, и дека по секоја цена овој пат ќе ја совлада својата болно раздразнета природа. Токму во тој момент го повика Порфириј Петрович.

Порфириј Петрович тогаш беше сосем сам во кабинетот. Неговиот кабинет беше ни голема, ни мала соба, во неа имаше: голема маса за пишување пред диванот, кој беше покриен со мушама, биро, орман во аголот и неколку стола — стари мебели од жолто, полирано дрво. Во аголот, во задниот ѕид, или подобро речено во преграда, се наоѓаше затворена врата: таму, понатака, значи зад таа преграда, сигурно имаше уште некои соби. Штом влезе Раскољников, Порфириј Петрович веднаш ја подзатвори вратата, од која влезе, па остана насамо. Очигледно беше дека гостинот го прима со многу радосно и љубезно лице, и Раскољников дури по неколку мига, според некои знаци, забележа кај него некаква збунетост, како некој ненадејно да го збркал или го затекол при нешто скришно и тајно.

— А, најпочитуван! Ете, и вие... во нашиве краишта... — започна Порфириј и му ги подаде обете

раце. — Па, седнете, баќушка! Или можеби не љубите да ве викаат најпочитуван и... баќушка, — вака tout court?[1]) Немојте, ве молам, тоа да го сметате за фамилијарност... еве, ваму, на диванчево.

Раскољников седна, без да ги тргнува очите од него.

„Во нашиве краишта“, извинување поради фамилијарноста, францускиот израз „tout court“ итн., итн., тоа се важни знаци. — „Но тој ми ги подаде обете раце, а всушност не ми даде ни една, ги повлече навреме“ — му светна сомнителна мисла. И двајцата внимаваа еден на друг, но штом ќе им се сретнеа погледите, и двајцата пак ги тргнуваа еден од друг брзо, како секавица.

— Ви ја донесов пријавата... за часовникот, де... еве, повелете. Добро ли е напишана, или треба да ја препишам?

— Што? Која пријава? Да, да, не грижете се, сè е во ред — изговори Порфириј Петрович, како да брза за некаде, а кога веќе го имаше изговорено тоа, ја зеде хартијата и ја прегледа. — Добро е вака. Ништо друго не треба — потврди тој исто така брзо и ја остави изјавата на масата.

Потоа, по малку, кога веќе зборуваше за друга работа, пак ја зеде изјавата од масата и ја стави пред себе на бирото.

— Ми се чини, вие вчера ми кажувавте, дека би сакале да ме сослушате... формално... поради моето познанство со онаа... убиената? — пак започна Раскољников.

„А зошто додадов: м и с е ч и н и?“ — му светна во главата како секавица. — „А зошто се возбудувам поради тоа, што го реков тоа м и с е ч и н и?“ — веднаш му светна и друга мисла, како секавица.

И тој наеднаш почувствува дека неговата сомнежливост од средбата со Порфириј Петрович, само од два збора, само од два погледа, веќе за момент доби чудовишни размери... и дека е тоа страшно опасно:

---

[1]) Просто и кратко — фр.

нервите се раздразнуваат, возбудата расте. „Лошо е! Лошо е!... пак ќе издрдорам сè“.

— Да, да, да! Не грижете се! Има кога, има време — мрмореше Порфириј Петрович, гледајќи вамутаму по масата, но некако без некаква цел, или свртувајќи го својот поглед час кон прозорецот, час кон масата за пишување, час пак кон масата, или тргнувајќи се од сомнежливиот поглед на Раскољников, или ненадејно застанувајќи го погледот право во него.

Многу чудна му се чинеше притоа неговата малечкава, дебелкава, тркалеста фигурка како топка, што се тркала ваму таму и истовремено се одбива од сите ѕидови и агли.

— Ќе дојдеме, господине, ќе дојдеме до тоа!... Пушите ли? Или имате? Еве, повелете цигара — продолжи тој, давајќи му цигара на гостинот. — Знаете, јас ве примам овде, а мојот стан е ене онде зад преградана... всушност, тоа е канцеларија, но јас засега немам каде. Мораше да се извршат некои поправки. Сега е скоро готово... Државниот стан е, знаете ли, нешто чудесно? Што мислите вие?

— Да чудесно — одговори Раскољников, гледајќи го речиси подбивно.

— Чудесно, чудесно... — повтори Порфириј Петрович, како наеднаш да се задлабочи во нешто сосем друго. — Да, чудесно! — Речиси викна тој најпосле, и фрли поглед на Раскољников застанувајќи на два чекори од него.

И непрестајното глупаво повторување, дека државниот стан е нешто чудесно, по својата несмесност беше премногу спротивно на сериозниот, мисловниот, загадочен поглед, што го управи сега кон гостинот.

Но тоа уште повеќе ја распали омразата во Раскољников, па тој воопшто веќе не можеше да го прибере подбивното и прилично непретпазливо предизвикување:

— А знаете ли вие — праша тој ненадејно, гледајќи го скоро дрско Порфирија Петрович и како да чувствуваше некакво задоволство, што е толку дрзок — та постои, ми се чини, правничко правило, правнички манир — за сите иследници со ред — отпрвин да

започнуваат оддалеку, од ситница, или од сериозна работа, но таква, што да нема врска со предметот, за (така да се изразам) да го ободрат оној што го распитуваат или, уште подобро да се изразам, за да го забават, да му ја успијат претпазливоста, а потоа наеднаш, сосем ненадејно да треснат врз неговото теме најкобно и најопасно прашање. Така ли е? Ми се чини дека сето тоа до денеска како свето се споменува во сите правила и уредби?

— Да, да... Значи, вие мислите, дека јас ова со државниот стан... ова... нели?

Кога го рече тоа, Порфириј Петрович замижурка и му намигна; нешто весело, итро му мина по лицето, брчките на челото му се измазнија, очите му се стесниј а, цртите на лицето му се растегнаа и тој нервозно долготрајно се засмеа, нишкајќи се со целото тело и гледајќи го Раскољникова право во очите. Раскољников, исто така, се насмевна, донекаде сосила, но кога забележа Порфириј дека и овој, исто така, се смее, фати толку силно да се смее, што речиси потсине, одвратноста на Раскољников наеднаш ја надвлада сета претпазливост: тој престана да се смее, се намурти, па долго, со омраза го гледаше Порфирија, без да ги тргнува од него очите, за сето време на таа долга смеа, која како намерно да не се прекинуваше Непретпазливоста, впрочем, беше очигледна на двете страни, се чинеше дека Порфириј Петрович в лице му се смее на гостинот кој таа смеа ја примаше со омраза, но тоа малку го збунуваше Порфирија Петрович. Ова последново многу му беше важно на Раскољников: тој сфати дека Порфириј Петрович, по сè изгледа, ни пред малку воопшто не се збунуваше, ами дека самиот тој, Раскољников, веројатно попадна во стапица; дека тука очигледно има нешто, што не го знае тој, некаква цел; дека можеби сето тоа е подготвено, па дека веднаш, во овој миг ќе се открие и ќе се урне...

Тој веднаш мина на работата, стана и си ја зеде шапката.

— Порфириј Петрович, — започна тој решително, но со прилично голема возбуденост. — Вие вчера изразивте желба, да дојдам кај вас за некакво сослу-

шување. (Тој нарочно го нагласи зборот: с о с л у ш у в а њ е). Јас дојдов, па ако ви треба нешто прашајте? Ако не ви треба, дозволете ми да си одам. Немам време, ме чека работа... Морам да одам на закопот од чиновникот што го изгазија коњите, а и вие... го знаете него... — додаде, па наеднаш се налути, што го додате тоа, а потоа веднаш уште повеќе се изнервира. — Сето тоа ми е здодеано. Слушате ли, и тоа веќе одамна... Значи, јас боледував поради тоа... со еден збор — речиси викна откако почувствува дека зборот за болеста е уште понезгоден — со еден збор: или повелете да ме прашате или пуштете ме веднаш ... а ако сакате да ме сослушувате, не сакам инаку, туку формално! Поинаку не дозволувам; а, впрочем, збогум, зашто сега овде ние двајца немаме што да правиме.

— Господи! Ама што ви е вам! Ама за што да ве распитувам — се закикоти Порфириј Петрович и веднаш го промени и тонот и изразот во лицето, и вчас престана да се смее — ама ве молам, немојте да се возбудувате — велеше тој, де вртејќи на сите страни, де пак настојувајќи да го седне Раскољникова — има време, има време, сето тоа се ситници! Напротив, јас се радувам што дојдовте, најпосле, кај мене... Јас ве примам како гостин. А за таа проклета смеа простете ми, баќушка, Родионе Романович! Родион Романович? Така ми се чини се презиваше?... Јас сум нервозен човек, ме насмеавте многу со досетливата забелешка; понекогаш навистина се затресувам како ластик, па се тресам по половина час... Лесно се засмевам. Така сум создаден, дури и од парализа се плашам. Ама седнете, што правите?... Повелете, баќушка, ќе помислам дека сте се налутиле...

Раскољников молчеше, слушаше и внимаваше, сè уште гневен и намуртен. Вистина седна, но капата не ја испушташе од рацете.

— Јас, баќушка Родионе Романович, ќе ви кажам нешто за мене, така да речам, заради објаснување на карактеристиката, — продолжи Порфириј Петрович, шеткајќи по собата, а сè уште како и порано, настоју-

ваше да не го сретне погледот на својот гостин. Знаете, јас сум неженет, недруштвен и непознат, а покрај тоа и оформен човек, — здрвен човек, веќе сум презреал, и... и... дали сте забележале, Родион Романович, дека кај нас, тоест кај нас во Русија, ако се сретнат двајца умни луѓе, кои уште не се познаваат, но кои, така да речам, се почитуваат, еве како ние двајца сега, тогаш половина час не знаат воопшто да најдат тема за разговор — се кочат едниот пред другиот, седнуваат и заемно се збунуваат. Сите имаат теми за разговор, дамите, на пример... светските луѓе со повисок тон, на пример, секогаш имаат теми за разговор, c'est de riguer[1]), а луѓето од среден вид, како што сме ние, сите се збунливи и неразговорливи... тоест тие што мислат. Зошто е така, баќушка? Дали ние немаме интересирање за друштвото, или сме премногу чесни, па не сакаме да се лажеме еден со друг, не знам. А? Што мислите вие? Ама оставете ја шапката, што сте запнале да си одите, непријатно ми е и да ве гледам... јас напротив љубам...

Раскољников го остави каскетот, па и понатаму молчејќи, сериозен, намуртен, го слушаше бессодржајното, збркано зборување на Порфириј. „Ама навистина ли сака да ме деконцентрира со своето глупаво дрдорење?“

— Не ве понудувам со кафе, не е згодно на ова место, но зошто пет минути да не поседам со пријател, заради забава — истураше Порфириј без запирање, — а, знаете, сите тие службени должности... Но, баќушка, немојте да забележувате оти јас постојано шеткам ваму-таму, простете, баќушка, многу ми е страв да не ве навредам, но движењето ми е многу потребно. Секогаш седам, па уживам кога ќе можам да се размрдам пет-шест минути... хемороиди... постојано се готвам да ги лекувам со гимнастика; велат; дека сите: и државните, и вистинските државни, и тајните советници, скокаат со јаже; ете, што е науката во нашето време... ете, така... А што се однесува за овдешните должности, за сослушувањето и за сета таа формалис-

---

[1]) Тоа е задолжително — фр.

тика... баќушка, Родионе Романович, тие сослушувања, понекогаш повеќе го збунуваат оној што сослушува, отколку оној што е сослушуван... Пред малку, баќушка, вие повеливте да направите сосем умесна и остроумна забелешка во тој однос (Раскољников не направи никаква забелешка). Се збркува? Токму така, се збркува! И постојано само едно и исто, како да чукаш на тапан! Еве, во најскоро време ќе има реформа и ние, ако не друго, барем ќе бидеме преименувани. Хе-хе-хе! А што се однесува до нашите правни манири — како што повеливте остроумно да се изразите, — во тоа сосем се согласувам со вас. Ама кажете кој од обвинетите, дури и најзаостанатиот селанец, не знае, дека него, на пример, најпрвин ќе почнат да го успиваат (како што се изразивте вие многу згодно) со споредни прашања, а потоа наеднаш ќе го треснат со прашања по темето, хе-хе-хе, токму по темето, како што вие добро споредивте, хе-хе! Вие, значи, навистина си помисливте дека со станот јас... хе-хе! Вие сте подбивен човек. Добро, нема! Ах, да, навистина, еден збор вика друг, една мисла предизвикува друга — вие пред малку повеливте да ја споменете и формата во однос на распитот, де... А колку до формата: формалноста, знаете, во многу прилики е бесмислица. Понекогаш подобро е само така, пријателски да разговараш. Формалноста никогаш нема да избега, не грижете се за тоа; а што е, всушност, формалноста, ве прашувам јас. Формалноста не смее да му пречи на иследникот на секој чекор. Та работата на иследникот е, би рекол, слободна уметност од свој вид, или нешто слично... хе-хе!

Порфириј Петрович здивна еден момент. Тој неуморно истураше, де бесмислено празни фрази, де некои загадочни зборови и потоа пак скршнуваше кон бесмислицата. Речиси веќе трчкаше по собата, сè побрзо и побрзо сè движеше со своите дебели ноженца, постојано гледаше во земјата, десната рака си ја беше ставил на грбот, а со левата постојано мавташе и правеше празни гестови, кои, чудно, никогаш не се согласуваа со неговите зборови. Раскољников наеднаш забе-

лежа, дека тој при своето трчкање по собата, двапати подзастана покрај врата, како да наслушнува нешто ... „Да не чека нешто?“

— Навистина сосем имате право — продолжи Порфириј, гледајќи го Раскољникова весело, со необична простодушност, така што Раскољников од тој поглед затрепери и веднаш се приготви — навистина имавте право, што толку остроумно повеливте да ја исмеете правничката формалност, хе-хе! Тие наши (по некои, се разбира) длабокоумни и психолошки постапки навистина се смешни до крајност, па и бескорисни, ако нè ограничуваат во работата. Но... еве, јас пак сум за формалност: ако сметам, или да се изразам поточно, ако се сомневам, дека овој или некој друг, или трет, така да речам, е злосторник во некакво делце, што ми е доверено ... Па ете, вие се готвите за правник, Родионе Романович ... нели?

— Да, се готвев...

— Па, еве ви, значи, едно примерче за иднината, — тоест, немојте да мислите дека се осмелувам да ве учам вас: та вие печатите вакви статии за злосторствата! Не, ами сакав вака, како факт да ви покажам едно примерче, — ако јас значи, на пример, го сметам овој, друг, трет за злосторник, ве молам, да го вознемирувам предвреме, дури и ако имам докази што го обвинуваат? По некогаш јас сум должен да затворам веднаш, но другпат навистина нема потреба; зошто да не го пуштам, да прошета по градот, хе-хе! Гледам, дека вие не го разбирате тоа до крај, значи, јас ќе ви објаснам подробно: ако јас, на пример, прерано го пикнам в затвор, со тоа можеби ќе му овозможам, така да се изразам, морална потпора, хе-хе, вие се смеете? (На Раскољников воопшто не му беше до смеење: тој седеше, ги беше стиснал усните, и не го тргнуваше својот поглед од очите на Порфириј Петрович.) А сепак тоа е вака, особено со по некој субјект, зашто луѓето се различни и над сè стои единствено практиката. Вие сега повелите да кажете: докази што обвинуваат; но дури и да ги има тие докази, та повеќето од доказите, баќушка, имаат две лица, а јас сум само иследник, значи слаб човек, што да правам: би сакал, така да

изнесам математички јасно, би сакал да најдам таков доказ што да биде како два и два — се четири! Да биде вистински, непобитен доказ! А ако го пикнам в затвор во незгодно време, дури и ако сум уверен, дека е т о ј јас можеби ќе си го одземам средството, со кое би можел сосем да го демаскирам, а зошто? Затоа што, би рекол, ќе му дадам определена позиција, психолошки ќе го определам, и ќе го смирам, па тој кога ќе си оди откај мене ќе се вовлече во својата лушпа: ќе сфати, најпосле, дека е уапсен. Кажуваат дека, сега скоро, по Алма, умните луѓе во Севастопољ[1]) многу се плашеле дека, еве, непријателот ќе ги нападне веднаш и веднаш ќе го заземе Севастопољ; а кога виделе дека непријателот ја претпочита правилната опсада, и ги копа првите окопи, — кажуваат дека умните луѓе се зарадувале и се успокоиле: работата се одолжува барем за два месеца, зашто кога-тогаш, ќе го заземат со правилна опсада! Пак се смеете, и пак не верувате? Се разбира, и вие имате право. Имате, имате право! Сите тие случаи се посебни, се согласувам со вас; овој, спомнатиов случај навистина е посебен! Но, еве, на што треба да се внимава притоа, предобар мој Родион Романович: општ случај, таков, на кој би можеле да бидат применети сите правни форми и правила, и според кој тие форми и правила се направени и запишани во книгите, таков случај воопшто нема токму затоа што секое, дело, на пример, секое злосторство, штом ќе се случи веднаш се претвора во сосем посебен случај, а понекогаш дури и во таков случај, кој воопшто не прилега на некој од поранешните. Напати има извонредно комични случаи од ваков вид: јас сосем го оставам таквиот господин, и не го фаќам и не го вознемирувам, но тој знае, секој час и секој миг, или барем претчувствува, дека јас знам сè, и црното под ноктите, и дека и дење и ноќе го следам и будно го чувам, па кога е тој свесно под вечно сомневање и во вечен страв од мене, жими бога, ќе му се заврти умот и тој навистина ќе дојде самиот, и дури

[1]) Се работи за единаесетмесечната опсада на Севастопољ во 1854 г., и за борбите кај Алма.

ќе направи нешто што ќе биде слично на два и два — се четири, ќе биде, значи, така да се изразам, со математички лик — а токму тоа е пријатно. Тоа може да се случи и со недоделканиот селанец, а уште полесно со некој наш брат, сосем умен човек, образован во извесен правец! Затоа, гулапче, многу важно нешто е, да откриете во кој правец е образован човекот. А нервите, нервите, вие нив ги заборавивте! Та сега сето тоа е болно, лошо, раздразнето!... А лошотија, лошотија, колку лошотија има во сите нив! Сето тоа, велам јас, понекогаш е своевиден рудник! И зошто да ме вознемирува тоа оти тој слободно се движи по градот! Ама остави го, нека прошета, сега засега, остави го; јас си знам, дека е моја жртвичка и никаде не може да ми побегне! А и каде би побегнал, хе-хе! Во странство ли? Во странство ќе побегне Полјакот, а т о ј не, особено затоа што го следам, и сум ги презел сите мерки. Да избега некаде длабоко во татковината? Но таму живеат селани, вистински прости Руси, а современо образованиот човек повеќе ќе сака да е в затвор отколку да живее со такви туѓинци, какви што се нашите селани, хе-хе! Но сето тоа е глупаво и надворешно. Што е тоа: ќе побегне? Тоа е формалност, а не е главното нешто; од мене нема да побегне, не само поради тоа што нема каде да побегне: од мене нема да побегне п с и х о л о ш к и, хе-хе! Тоа ти е убаво зборче! Според законот на природата тој нема да побегне од мене, дури и да има каде. Дали сте ја гледале пеперугата покрај свеќата? Ете, и тој така вездеи, вездеи ќе биде покрај мене, како покрај свеќата, ќе лета; слободата ќе му биде немила, ќе фати да размислува, да се плетка, самиот себеси ќе се заплетка целиот како во мрежа, ќе се заплаши себеси, до смрт!... И нешто повеќе: самиот ќе ми намести некаква математичка мајсторија, како она два и два — се четири — само, за да му определам малку подолг антиракт. И постојано, постојано ќе прави кругови, околу мене сè повеќе стеснувајќи го радиусот, е токму тоа е пријатното, хе-хе-хе! Вие не верувате?

Раскољников не одговораше, ами седеше блед и неподвижен, сè така напрегнато гледајќи во лицето на Порфириј.

„Добра лекција ми одржа!“ — си помисли а морници му лазеа по снагата. „Ова веќе не е ни игра на мачка со глушец, како вчера. А не ми ја покажува... и не ја вперува во мене напразно својата моќ, тој е премногу умен... Тука има поинаква цел, но каква? Ех, брате, тоа се глупости, напразно ме плашиш и се правиш умен! Ти немаш докази и не постои вчерашниот човек! Ти просто сакаш да ме збуниш, претходно да ме изнервираш, па потоа да ме зграпчиш во таква состојба, но се лажеш, ќе се излажеш, ќе се излажеш! Но зошто, олку да ме „пее“?... Да не очекува нешто од моите болни нерви? Не, се лажеш, брате, ќе се излажеш, дури и ако имаш подготвено нешто... Па ќе видиме, што си подготвил.“

И тој со сета сила се прибра, готвејќи се за страшната, непозната катастрофа. Напати му доаѓаше желба, да му се нафрли на Порфириј и веднаш да го задуши. Уште кога влегуваше, се плашеше од таквото беснило. Чувствуваше, дека усните му се исушени, дека срцето му тупка, а во устата му беше запечена пена. Но сепак реши, да молчи, и да не изговори ни збор, сè додека не биде потребно. Сфати дека тоа му е најдобра тактика во оваа положба, бидејќи не само што нема да издрдори нешто, ами, напротив, со молчењето ќе го раздразни непријателот, па тогаш овој можеби ќе се испушти. Барем се надеваше на такво нешто.

— Гледам дека не верувате, си мислите дека ви кажувам невини шеги, — продолжи да зборува Порфириј, сè повеќе и повеќе расположен, постојано кикотејќи се од задоволство, и пак почна да шетка по собата. — А, да, се разбира, вие имате право; мене самиот господ ме создал со таква фигура, што кај светот буди само смешни мисли; како шут; но, еве, што ќе ви речам и ќе повторам уште еднаш, извинете, ме баќушка, Родионе Романович, мене стариот, но вие сте млад човек, така да се изразам, во првата младост, па затоа најмногу го цените човечкиот ум, како што прави и сета младина. Вас ве соблазнуваат живата

бистрост на умот и апстрактните заклучоци на разумот. Тоа ви е токму онака, како што правеше, на пример, некогашниот австриски хофкригсрат,[1]) колку што можам јас да судам за воените настани: тие на хартија и го победија Наполеона, и го заробија, и во својот кабинет на најостроумен начин пресметаа и испланираа сè, но, ете, генералот Мак се предаде со целата своја армија, хе-хе-хе! Гледам јас, гледам, баќушка Родионе Романович, вие ми се смеете, дека, ете, како цивил собирам примери од воената историја. Што можам, тоа ми е слабост, го сакам военото дело и многу љубам да ги читам сите тие воени извештаи... навистина, сум избрал погрешна кариера. Навистина требаше да служам во војската. Можеби не ќе станев Наполеон, но мајор, секако, хе-хе-хе! Но, сега, драги мој, подробно ќе ви ја изнесам целата вистина за овој посебен случај: реалноста и природата, господине, се важна работа, да видиш како понекогаш ја расипуваат и најчистата сметка! Ej, слушајте го вие старецов, јас ви зборувам сериозно, Родион Романович, (кога го зборуваше ова, Порфириј Петрович, кој имаше само триесет и пет години, навистина наеднаш некако целиот остари: и гласот му се измени, и целиот некако се подгрбави), — притоа јас сум и искрен човек... Дали сум искрен или не? Што мислите вие? Ми се чини дека сум: ви кажувам бесплатно такви нешта и не барам награди за тоа, хе-хе! Еве, продолжувам: според мене остроумноста е чудесна работа; таа, така да се изразам, е украс на природата и утеха на животот, и, се чини таа создава такви мајстории кои тешко би можел понекогаш да ги погоди некојси беден иследник, кој, покрај тоа, и се занесува со својата фантазија, како што се случува секогаш, зашто, најпосле, и тој е човек! Но природата го спасува кутриот иследник, ете, ти зло! А младешта не мисли на тоа, ами се занесува со остроумноста и „ги пречекорува сите пречки“, како што повеливте да речете вчера, остроумно и итро. Тој, да речеме, и ќе излаже, тоест човекот, посебниот случај, инкогнито, и прекрасно ќе изла-

[1]) Дворски воен совет.

же, на најитар начин; ете, ти се чини, ѓлави победа, ете ќе ги ужива плодовите на својата остроумност, но тогаш: лап! На најинтересното, на најскандалозното место се онесвестува! Да речеме, дека е од болест, а понекогаш во собите и е задушно, но сепак! Сепак си ја открива мислата! Излага беспримерно, но не умееше да смета со природата. Ете ти измама! Другпат ќе се занесе со својата жива остроумност, ќе фати да си игра со човекот, што се сомнева во него, па како намерно ќе побледни, како да глуми, но премногу природно ќе побледни, премногу слично на вистината, па, ете, ти пак си ја открил мислата! Дури и ако те наседне првиот пат, ноќта тој ќе се скине од размислување ако е од оние, што не можеш лесно да ги излажеш. Вака ви е на секој чекор! И што: сам ќе фати да истрчува; ќе фати да се сопина, ќе кажува за нешта за кои не го прашуваат, непрестајно ќе започнува разговор за тоа за кое би требало, всушност, да молчи, ќе земе да нафрла секакви алегории, хе-хе. Самиот ќе дојде и ќе фати да прашува: зошто уште не ме фаќаат, хе-хе-хе! А тоа може да му се случи на најблискиот човек, психологот, литератот! Природата е огледало, најверно огледало! Погледни во него и уживај, ете, така е, господине! Но зошто побледнавте толку, Родион Романович, да не ви е задушно, да го отворам малку прозорецон?

— Не, ве молам немојте, да се вознемирувате! — рече Раскољников и наеднаш се закикоти. — Ве молам, не вознемирувајте се!

Порфириј застана пред него, почека малку, а потоа и самиот фати да се смее. Раскољников стана од диванот и наеднаш престана да се смее.

— Порфирај Петрович! — проговори тој гласно и јасно, иако одвај стоеше на треперливите нозе — јас, најпосле, гледам, вие секако ме усомнувате за убиството на бабата и нејзината сестра Лизавета. Јас ви изјавувам дека тоа веќе одамна ми е здодеано. Ако мислите дека имате право да ме гоните според законот, гонете ме; ако е потребно да ме затворите, затворете ме. Но јас не дозволувам... да ми се смеете влице и да ме мачите....

Усните ненадејно му затреперија, очите му светнаа од беснило и досега стегнатиот глас силно екна.

— Не дозволувам! — викна тој и тупна со сета сила со тупаница на масата. — Слушате ли вие, Порфириј Петрович? Не дозволувам?

— Ајде, господи, што е сега ова! — викна Порфириј Петрович, очигледно целиот исплашен. — Баќушка, Родионе Романович! Роден мој! Ама што ви е?

— Не дозволувам! — викна Раскољников и по вторпат.

— Потивко, баќушка! Ама ќе слушнат, ќе дојдат, ќе дојдат! А што ќе им кажеме тогаш, помислете! — зашепоти преплашениот Порфириј Петрович, доближувајќи го своето лице до лицето на Раскољников.

— Не дозволувам, не дозволувам! — повтори Раскољников махинално, но и тој, исто така, сосем шепотејќи.

Порфириј брзо се сврти и се спушти да го отвори прозорецот.

— Да пуштам свеж воздух! И вода да се напиете, гулапче, ама вие добивте напад!

И тој отрча кон вратата, за да испрати по вода, но во аголот се најде некакво шише со вода.

— Напијте се, баќушка, — шепотеше, брзо подавајќи му го шишето — можеби ќе ви помогне.

Стравот и самото сожалување на Порфириј Петрович беа толку природни, што Раскољников замолчи и фати да го разгледува со срамежливо љубопитство. Но водата не ја зеде.

— Родионе Романович! Миличок! Та зошто на овој начин се терате себеси кон лудило, ве уверувам, у-ух! А-ах! Напијте се! Ама напијте се малку!

Сепак го натера, да ја земе во рацете чашата вода.

Раскољников махинално ја доближи водата до усните, но се освести и со гадење ја остави чашата на маса.

— Да, вие добивте мал напад! Гулапче, вака вие ќе си ја вратите поранешната болест, — се закикоти Порфириј Петрович, со пријателско сожалување, но сè уште со изглед на збунет. — Господи, зошто не се чувате? Ете, и Дмитриј Прокофјич вчера беше кај

мене — признавам, признавам, мојот карактер е гаден, зајадлив, а, ете, што извлекоа тие од тоа!... Господи! Дојде вчера по вас, ручавме, зборуваше, зборуваше, јас само рацете ги ширев од зачуденост: ех, си мислам... ех, господе! вие ли ми го пративте? Ама седнете, баќушка, седнете малку, живи Христоса!

— Не, не, јас не го пратив! Но јас знаев дека дојде кај вас и зошто дојде — одговори Раскољников.

— Знаевте?

— Да. Па што!

— Па тоа, баќушка, Родионе Романович, дека јас знам и други ваши подвизи; јас знам сè! Ете знам, дека отидовте да барате стан п о д н а е м, квечерината, кога се стемнуваше, па фативте да ѕвоните, и прашувавте за крвта, ги збунивте и работниците и чуварот на куќата. Јас го сфаќам вашето душевно расположение тогаш... Но вака вие сепак ќе останете без ум, жими бога! Ќе ви се завѕрти умот! Во вас веќе врие бес, благороден бес, поради неправдата, што сте ја претрпиле, најпрвин од судбината, а потоа од полицијата, па сега само се прпелкате де ваму де таму, за да ги присилите сите да кажуваат што побргу, па сè да заврши побрзо, зашто ви здодеале тие глупости и сите тие сомневања. Така ли е? Го погодив ли вашето расположение? Но вака и Разумихина ќе го натерате да се врти околу мене; а знаете и самиот дека тој е премногу д о б а р човек за тоа. Вие сте болен, а тој е полн со добродетел, па за него болеста е заразна... Ама седете, баќушка, живи Христоса! Одморете се, ве молам, да видите какво ви е лицето; седнете малку!

Раскољников седна, морници му лазеа по снагата, и оган почна да му гори по сето тело. Со голема избезуменост тој напрегнато го слушаше заплашениот Порфириј Петрович, кој пријателски се грижеше за него. Но не му веруваше ни малку, иако некако необично сакаше да му верува. Ненадејните зборови на Порфириј за станот сосем го вчудовидија: „Како, па тој, значи, знае за станот?“ — си помисли наеднаш — „и дури ми го кажува тоа!“

— Да, во нашата судска практика имаше еден ист ваков случај, психолошки, ваков случај со болен човек

— продолжи Порфириј зборувајќи забрзано. — Исто така, еден се обвини себеси за убиство и уште како се обвини: изведе цела халуцинација, покажа факти, ги објасни условите, ги збуни сите, а што беше, всушност? Тој, без секаква намера, донекаде беше причина за тоа убиство, но само донекаде, а кога дозна, дека тој им дал повод на убијците, му било жал, почнала да го гризе совеста, фатило сешто да му се приторува, сосем се мрднал, па се уверил себеси дека тој е убиецот! Но најпосле управниот сенат ја испита сета работа, па несреќниот човек беше ослободен и беше ставен под присмотра. Благодарение на управниот сенат! Ех, кутриот! Што ќе правиме вака, баќушка? Вака можете да добиете и температура, штом веќе кај вас се јавуваат обиди да си ги дразните нервите, па ноќе одите и звоните, и прашувате за крвта. Ама таа психологија јас сум ја проучил во практиката. Така напати му доаѓа на човека желба да скокне од прозорец, или од камбанарија, и тоа чувство е соблазнувачко. Па и звончињата... Тоа е болест, Родионе Романович, болест! Премногу сте почнале да не ѝ придавате важност на вашата болест. Би морале да се посоветувате со искусен лекар, а што може да ви каже оној дебелион... Вие сте во бунило! вие сето тоа го правите во бунило...

Наеднаш на Раскољников почна сè да му се врти.

„Зарем тој, зарем тој и сега лаже?“ — му се наметна треперлива мисла — „Невозможно, невозможно! — ја одбиваше од себе таа мисла, чувствувајќи однапред до каков степен на беснило и гнев би можела да го доведе таа мисла, чувствувајќи дека од беснилото би можел и да се мрдне од умот.

— Тоа не беше во бунило, тоа беше во свесна состојба! — викна тој, напрегнувајќи ги сите сили на својот разум, за да проникне во играта на Порфириј. — Во свесна, во свесна состојба! Слушате ли?

— Да, разбирам, и слушам! Вие и вчера велевте дека не било во бунило, дури посебно истакнувавте, дека не било во бунило! Јас сфаќам сè што можете да кажете! Е-ех!... Но слушајте, Родионе Романович, мој добротвору, слушнете ја барем оваа околност. Та кога вие би биле навистина злосторник, или кога би би-

ле некако замешан во тоа проклето дело, ве молам, зарем вие самиот би истакнувале дека сето тоа не сте го правеле во бунило, туку, напротив, во наполно свесна состојба? И зарем посебно би истакнувале, зарем би истакнувале со ваква посебна упорност? Дали е можно тоа, да, дали е можно тоа, ве молам? Напротив, јас мислам обратно. Та кога вие би чувствувале таква вина, вие, напротив, би морале да истакнувате, дека тоа, секако, било во бунило! Нели така? Зарем не е така?

Нешто итро се почувствува во тоа прашање? Раскољников се повлече од пред Порфириј, кој се беше наведнал над него на потпирачот од диванот, па почна да го гледа молчејќи, упорно и во недоумица.

— Или, еве, што се однесува до господин Разумихин, то-ест, дали вчера тој дојде на разговор по сопствена желба или по ваше барање. Па вие, напротив, би морале да велите, дека тој дојде по сопствена желба, вие би морале да криете, дека дошол по ваше барање! А вие, еве, не криете! Вие, напротив, нагласувате, дека дошол по ваше барање!

Раскољников никогаш не го насласуваше тоа. Морници му поминаа по грбот.

— Сето тоа е лага — рече тој полека, тивко, а усните му се искривија во болна насмевка — вие — пак сакате да ми покажете, оти ја знаете сета моја игра, оти однапред ги знаете сите мои одговори — велеше, а речиси и самиот чувствуваше дека не ги мери зборовите, како што би требало — сакате да ме заплашите... или просто ми се подбивате...

И понатаму го гледаше упорно, кога го зборуваше тоа, и наеднаш пак во очите му светна бескрајна омраза.

— Сето тоа е лага! — викна тој. Вие и самиот добро знаете, дека за злосторникот е најдобро ако ја кажува вистината, колку што може... колку што може, да не го крие она, што е можно да не се скрие! Јас не ви верувам!

— Каков акробат сте вие! — фати да се смее Порфириј — а кој би можел да се согласи со вас, баќушка! Во вас е вкоренета некаква мономанија. Зна-

чи, вие не ми верувате? А јас ви велам дека веќе верувате, дека веќе поверувавте колку четврт аршин, а јас ќе се трудам да ми поверувате и колку цел аршин, зашто искрено ве сакам и искрено ви сакам добро.

На Раскољников му затреперија усните.

— Да, ви сакам, ви велам најпосле — продолжи Порфириј, и пријателски му ја фати раката на Раскољников малку над лактот — најпосле ви велам: водете сметка за вашата болест! А покрај тоа, еве сега ви дошле и роднини; мислете и за нив. Треба да ги смирувате и да бидете нежен спрема нив, а вие само ги заплашувате...

— Што ви е грижа за тоа? Од каде го знаете тоа? Зошто толку се интересирате за тоа? Значи, вие ме следите, и сакате да ми укажете на тоа!

— Баќушка! Ама од вас, од самиот вас дознав за сè! Вие и не забележувате дека во вашата возбуденост сè однапред кажувате и пред мене и пред другите. И од господин Разумихин, Дмитриј Прокофјич вчера дознав многу интересни подробности. Ете, вие ме прекинавте, но јас ви велам, дека вие со вашата сомнежливост, и покрај вашата остроумност, го изгубивте дури и здравиот поглед на работите. Еве, значи, на пример, за истата тема, за ѕвончињата: ваква скапоценост, ваков факт (та цел факт!) јас ви кажав сосем сè, јас, иследник! И вие во тоа не гледате ништо? Ако јас макар малку се сомневав во вас, зарем вака треба ше да постапам? Напротив, требаше најпрвин да ги успијам вашите сомневања, па и да не ви кажувам дека веќе го знам тој факт; да ве одвлечам на спротивната страна, а наеднаш да ве треснам по темето, како што рековте самиот. „А што повелавте, господине, да ве прашам, да правите во станот на убиената во десет часот навечер, а, изгледа, имаше и единаесет? Зошто ѕвоневте? А зошто прашувавте за крвта? Зошто ги збунувавте чуварите и ги викавте во квартот, кај квартовскиот поручник?“ Ете, како трбаше да се постапи, ако кај мене имаше макар малку сомневање спрема вас. Би морал сосем формално да го земам вашиот исказ, да извршам претрес, а, можеби, и да ве

затворам... Значи, јас не се сомневам во вас, штом постапив поинаку! А вие сте го изгубиле здравиот поглед па не гледате ништо, ви велам пак!

На Раскољников му затрепери целото тело, и тоа премногу јасно го забележа Порфириј.

— Сето тоа е лага! — викна тој — јас не ги знам вашите цели, но сето тое е лага... Пред малку не зборувавте во таа смисла и јас воопшто не грешам... Вие лажете!

— Јас лажам? — се надоврза Порфириј, кој очигледно почна да се лути, но сè уште беше сосем весел, подбивен, како воопшто да не му е грижа тоа што мисли за него господин Раскољников. — Јас лажам? Да, а како постапив пред малку со вас (јас, иследник), кога ви ги кажував сите средства за одбрана, и самиот ве упатував во сета таа психологија: „Болест, ќе речеш, бунило, многу сум навреден; меланхолија, па овие од квартот," и сè друго! Нели? Хе-хе-хе! Иако, впрочем — патем да речам — сите тие психолошки средства за одбрана, изговори, закачки, се сосем лабави, па и со две острици: „Болест, велиш, бунило, привиденија, ми се сторило, не се сеќавам", сето тоа е така, но зошто, баќушка, во болест и во бунило се привидуваат само вакви сеништа, а не некакви други? Та, секако, би можело да има и други? Нели така? Хе-хе-хе!

Раскољников го погледна гордо и со презир.

— Со еден збор, — рече тој упорно и гласно, и стана, при кое малку го поттурна Порфирија — со еден збор, јас сакам да знам: дали конечно престанавте да се сомневате во мене или не? Кажете, Порфириј Петрович, кажете јасно и конечно, побрзо, веднаш!

— Тешко вас! Да тешко вас — викна Порфириј весело, со итро лице, на кое немаше ни најмала возбуда. — Па зошто сакате да знаете, зошто толку многу сакате да знаете штом никој не почнал да ве вознемирува? Вие сте како дете: дај ми, дај ми оган в раце! Зошто се возбудувате толку? Зошто толку ни се пикате, поради какви причини, а? Хе-хе-хе!

— Пак ви велам — викна Раскољников разбеснет — дека не можам повеќе да издржам!...

— Што? Неизвесноста? — го прекина Порфириј.

— Не бидете зајадлив! Јас не дозволувам!.. Ви велам дека не дозволувам!... Не можам да трпам и не дозволувам!... Слушате ли! Слушале ли! — викна и пак удри со тупаницата на масата.

— Потивко, ама потивко! Ќе чујат луѓено! Сериозно ве предупредувам: чувајте се! Јас не се шегувам — изговори Порфириј со шепот, но сега на неговото лице го немаше оној женски, добродушен и заплашен израз од пред малку, ами тој сега всушност з а п о в е д а ш е, строго, со намуртени веѓи, и како наеднаш да ги фрлил сите тајни и двосмисленост.

Но тоа беше само за малку. Раскољников се вчудовиди, а потоа наеднаш се разбесни, но, чудно: сепак ја послуша наредбата да зборува потивко, иако беше во најсилниот пароксизам на беснилото.

— Јас не дозволувам да ме мачите! — зашепоти тој како пред малку со болка и со омраза признавајќи си себеси дека не е способен да не се потчини на наредбата, и паѓајќи во уште поголемо беснило при таа мисла. — Затворете ме, претресувајте ме, но повелете постапувајте со мене според формалностите, а не играјте си со мене! Не смејте...

— Не грижете се за формалностите — го прекина Порфириј со поранешната итра насмевка, дури и како слатко да се забавува со Раскољников — јас, бакушка, денеска ве повикав фамилијарно, ете, така, сосем пријателски!

— Не ми треба вашето пријателство и си одам. Ајде: што ќе речеш сега, ако имаш намера да ме затвориш?

Тој си го грабна каскетот и тргна кон вратата.

— А дали сакате да видите едно мало изненадување? — почна да се смее Порфириј и пак го фати малку над лактот и го задржа пред вратата.

Очигледно стануваше сè по весел и попалав, колку што повеќе се распалуваше Раскољников.

— Какво изненадување? Што е тоа? — праша овој, застанувајќи и уплашено гледајќи го Порфирија.

— Мало изненадување, ене, онде, седи кај мене зад вратана, хе-хе-хе! — тој со прстот покажа кон вра-

тата во преградата, што водеше кон службениот стан. — Го заклучив за да не избега.

— Што е тоа? Каде е? Што?

Раскољников се доближи до вратата и сакаше да ја отвори, но таа беше заклучена.

— Заклучена е, еве го клучот!

И навистина од џебот извади клуч и му го покажа.

— Ти лажеш за сè! — викна Раскољников, веќе не стегајќи се, — лажеш, ти проклет шут! — и тој се спушти кон Порфириј кој, ни најмалку не плашејќи се, се повлекуваше кон вратата.

— Сè, сè разбирам! — рече Раскољников и се спушти тој кон него. — Ти лажеш и ме дразниш, за да се издадам самиот...

— Ама, баќушка, Родионе Романович, вие не можете повеќе да се издадете. Та вие побеснивте. Не викајте, зашто ќе викнам луѓе.

— Лажеш, ништо нема да се случи! Викни луѓе! Ти знаеше дека сум болен, па сакаше да ме раздразниш до беснило, за да се издадам, ете, каква ти беше целта. Но, ти дај факти! Јас сфатив сè! Ти немаш факти, ти имаш само глупави, ништожни претпоставки од Замјотов!... Ти го познаваше мојот карактер па реши да ме разбесниш, а потоа да ме треснеш со попови и пратеници... Ги очекуваш? Нели? Што чекаш? Каде се? Дај ги!

— Ама какви пратеници, баќушка? Му се присторува на човеков! Но така не се дејствува според формалностите, како што велите вие, вие не ги знаете тие работи, драги... А формалноста нема да избега, ќе видите и самиот!... — мрмореше Порфириј, наслушнувајќи на вратата.

И навистина тогаш од зад вратата во другата соба се слушна некаков шум.

— Еве, идат! — викна Раскољников. — Си испратил да ги викнат!... Си ги чекал!... Си пресметал... Добро, нека дојдат сите ваму: пратениците, сведоците, кој било... нека дојдат! Јас сум готов! Подготвен сум!

Но сега се случи необична сцена, нешто толку ненадејно, во инаку обичниот тек на настаните, што ни Раскољников, ни Порфириј Петрович, се разбира, не можеа да очекуваат таков расплет.

VI

Подоцна, кога се сеќаваше за овој момент, Раскољников вака го опишуваше:

Вревата што се слушна зад вратата, наеднаш нарасна и вратата малку се подотвори.

— Што е? — викна Порфириј налутено. — Ама јас предупредив...

Еден миг мина без одговор, но беше јасно, дека зад вратата има неколцина луѓе кои како да пребаруваа некого.

— Ама што е тоа? — повтори Порфириј Петрович возбуден.

— Го доведовме уапсениот, Николај — се јави нечиј глас.

— Не ми треба! Одете си! Чекајте!... А зошто доаѓа ваму! Каков неред! — викна Порфириј и се втурна кон вратата.

— Ама тој... — пак почна истиот глас, но наеднаш запре.

Оваа борба траеше само неколку мига; потоа како некој некого силно да оттурна и веднаш потоа некој многу блед човек влезе право во кабинетот на Порфириј Петрович.

Ликот на тој човек на прв поглед беше многу необичен. Тој гледаше право пред себе, но како да не забележуваше никого. Во очите му блестеше решителност, но во исто време лицето му беше покриено со смртно бледило, како да го беа довеле на губилиште. Усните му беа сосем побледени и малку му трепереа.

Тој беше уште сосем млад, во проста облека, со среден раст, прилично мршав, со кружно потстрижена коса, со фини, некако сувопарни црти. Човекот, кого тој го оттурна наеднаш, прв дотрча по него во со-

бата, и го фати за рамото: тоа беше спроводникот; но Николај ја повлече раката и пак му се оттргна.

На вратата се собраа неколку љубопитни луѓе. Некои од нив се туркаа да влезат. Сето тоа се случи во неколку мига.

— Оди си, уште е рано! Причекај, ќе бидеш повикан! ... Зошто сте го довеле порано? — мрмореше Порфириј, сосем бесен и некако збунет.

Но Николај наеднаш се спушти на колеици.

— Што ти е? — викна Порфириј зачудено.

— Виновен сум! Гревот е мој! Јас сум убиецот! — одговори Николај прилично гласно, и збивајќи.

Настапи тишина што траеше десетина секунди; сите стоеја како здрвени; дури и спроводникот се повлече, и веќе не му се доближуваше на Николај, ами стоеше скочанет до вратата.

— Што е? — викна Порфириј Петрович, откога се созеде од мигновеното вчудовидување.

— Јас сум... убиецот... — повтори Николај, по кратко молчење.

— Што... ти... што... Кого си го убил?

Порфириј Петрович очигледно се збуни. Николај пак молчеше некое време.

— Аљона Ивановна и нивната сестричка, Лизавета Ивановна, јас ги... убив... со секира. Така ми се штукна умот... — додаде тој и пак замолчи.

Сè уште клечеше.

Порфириј Петрович постоја неколку мига, како да размислува, но потоа наеднаш пак се стресе и замавта со рацете накај неповиканите сведоци. Тие веднаш исчезнаа и вратата беше затворена. Тогаш тој го погледна Раскољникова, кој стоеше во аголот и вчудовидено го гледаше Николаја; веќе појде кон него, но наеднаш застана, го погледна, потоа веднаш погледот го префрли на Николај, и пак го погледна Раскољникова, па наеднаш како избезумен му се нафрли на Николај.

— Ама зошто ти мене ми истрчуваш напред со твоето штукнување! — му викна нему речиси пакосно. — Јас уште не сум те ни прашал: дали си бил штукнат или не... Кажувај: ти ли ги уби?

— Јас сум убиецот... изјавувам... — изговори Николај.

— Е — ех! А со што ги уби?

— Со секира. Ја набавив.

— Е, ама брза! Сам ли?

Николај не го разбра прашањето.

— Сам ли го изврши убиството?

— Сам. А Миќка не е виновен и нема никаква врска со тоа.

— Не трчај пак напред со Миќка! Е-ех!... Тогаш како си истрчал по скалите? Та чуварите на куќата ве сретнале двајцата?

— Така направив, за да им ги замачкам очите... трчав со Миќка — одговори Николај бргу-бргу, како да беше однапред подготвен.

— Да, така е! — викна Порфириј бесно. — Овие зборови не се негови! — прошепоти тој за себе, а потоа наеднаш го забележа Раскољникова.

Очигледно толку беше занесен со Николај, што за миг и го заборави Раскољникова. Сега ненадејно се сети за него и дури и се збуни...

— Родионе Романович, баќушка! Извинете — брзо се упати кон него — не може вака; ве молам... вие немате овде работа... Јас и самиот... гледате ли, какви изненадувања!... Ве молам!...

Го фати за раката и му ја покажа вратата.

— Ми се чини дека не го очекувавте ова? — рече Раскољников, кој, се разбира, ништо јасно не сфаќаше, но веќе успеа многу да се охрабри.

— Па ни вие не очекувавте, баќушка. Види, колку ви трепери раката! Хе-хе!

— Па и вие треперите, Порфириј Петрович.

— И јас треперам; не се надевав!

Веќе стоеја на вратата. Порфириј нестрпливо чекаше да излезе Раскољников.

— Значи, нема да ми го покажете малото изненадување? — одеднаш рече Раскољников подбивно.

— Еве го, зборува а забите му штракаат во устата, хе-хе! Вие сте ироничен човек! Па до гледање!

— Јас би рекол: з б о г у м!

— Како што ќе даде господ, како што ќе даде господ! — промрмори Порфириј и лицето му се искриви во насмевка.

Кога минуваше низ канцеларијата, Раскољников забележа, дека мнозина го гледаат упорно. Во претсобјето меѓу луѓето ги позна двајцата чувари од о н а а куќа, што тогаш ги викаше да одат кај квартовскиот чиновник. Тие стоеја и нешто чекаа. Но само што излезе на скалите, ненадејно зад себе го слушна гласот на Порфириј Петрович. Се сврти и виде: тој целиот задишан трчаше по него.

— Еден збор, Родионе Романович; за она другото, како што ќе даде господ, но ќе морам да ве прашам за нешто, поради формалностите... Ние, значи, пак ќе се видиме, нели?

Порфириј застана пред него смешкајќи се.

— Нели? — додаде тој уште еднаш.

Се чинеше, дека сака уште нешто да каже, но некако не можеше да се изрази.

— А вие, Порфириј Петрович извинете ме. Поради она пред малку.. се налутив — започна Раскољников, кој беше сосем охрабрен, па сега го обземаше незадржлива желба да се прави важен.

— Ништо, ништо — рече Порфириј скоро радосно. — И јас исто така ... Таков ми е карактерот, се каам, што можам! Но ние ќе се видиме, ако даде господ, секако, секако!

— И ќе се запознаеме еден со друг докрај? — прифати Раскољников.

— И ќе се запознаеме еден со друг докрај — се согласи Порфириј Петрович, па го погледна многу сериозно со подзамижани очи. — А сега на именден ли ќе одите?

— На закоп.

— Да, навистина, на закоп! Чувајте си го здравјето! Здравјето...

— А јас не знам што да ви пожелам! — рече Раскољников и фати да слегува по скалите, но одеднаш се сврти кон Порфириј, — ви пожелувам поголеми успеси, зашто, еве, колку смешна ви е службава.

— Зошто смешна? — праша Порфириј Петрович, кој, исто така, се имаше свртено да си оди.

— Како зошто! Та тој кутар Миколка вие сигурно сте го кинеле и сте го мачеле психолошки, на свој начин, додека не признал! И дење и ноќе сигурно сте му докажувале: „ти си убиец, ти си убиец!...“ Да, а сега откако призна, пак ќе му ги кршите коските: „Лажеш! — ќе му викате — Ти не си убиецот! Не си ни можел да бидеш. Тоа не се твои зборови!“ Е, па, значи, како не ви била смешна службата?

— Хе-хе-хе! А сепак забележавте што му реков пред малку на Николај: дека тие зборови не се негови?

— Како да не забележам!

— Хе-хе! Остроумен сте, господине! Сè забележувате. Навистина, витален ум! И најсмешната жица знаете да ја допрете... хе-хе!.. Велат меѓу писателите, кај Гоголља, таа црта била најразвиена?

— Да кај Гоголља.

— Да кај Гоголља... до најпријатно видување.

— До најпријатно видување...

Раскољников се упати право накај дома. Беше толку збунет и збркан, што кога дојде дома се фрли на диванот, па четврт час седеше така, само одморајќи се и настојувајќи барем донекаде да си ги прибере мислите. Не се ни обидуваше да размислува за Николај: чувствуваше дека е поразен, и дека во признанието на Николај има нешто необјасниво, чудно, што тој сега воопшто не можеше да го сфати. Но признанието на Николај беше вистински факт. Последиците на тој факт веднаш беа јасни: лагата мора да се открие и потоа пак ќе го фатат него. Но барем дотогаш е слободен и, секако, мора да стори нешто во своја корист, зашто опасноста е неминовна.

Но сепак во колкава мера? Работата почна да се разјаснува. Кога се сети само приближно, воопштено, за целата сцена од пред малку со Порфириј, мораше пак да се тресе од ужас. Се разбира, не знаеше каква цел имаше Порфириј, и не може да открие што сакаше тој пред малку. Но еден дел од неговата игра беше откриен, па, се разбира, никој не можеше подобро да

сфати од него, колку страшен за него беше тој „потег“ во играта на Порфириј. Само уште малку, и тој можеше да се издаде сосем, фактички. Порфириј, кој ја познаваше болната страна на неговиот карактер, па на прв поглед добро го сфати и го prospe, вистина постапуваше премногу решително, но речиси сигурно. Раскољников, се разбира, и пред малку премногу се компромитира, но до откривање на факти сепак не дојде; сето тоа уште е само релативно. Но дали тој, сега сè проценува, како што треба? Дали се лаже? По каков резултат трагаше денеска Порфириј! Дали тој денеска навистина имаше подготвено нешто? А што? Дали тој навистина очекуваше нешто или не? Како ќе се разделеа денеска да не се случеше ненадејната катастрофа со Николај?

Порфириј ја покажа речиси целата своја игра, се разбира, рескираше, но сепак ја покажа, а да имаше кај него уште нешто, му се чинеше на Раскољников, тој ќе го покажеше и тоа. Какво ли е тоа „изненадување?“ Подбив ли е? Дали тоа значеше нешто? Дали под тоа се криеше нешто, што прилега на факт, на основано обвинување? Вчерашниот човек? А каде пропадна тој? Каде е тој денеска? Да ако кај Порфириј има нешто основано, тогаш, се разбира, тоа е во врска со вчерашниот човек...

Тој седеше на диванот со наведната глава, потпрен со лактите на колениците и со рацете си го беше покрил лицето. Од нервоза се тресеше целиот. Најпосле стана, ја зеде шапката, поразмисли и тргна кон вратата.

Некако претчувствуваше дека барем во денешниов ден може да се смета наполно сигурен од некаква опасност. Одеднаш во срцето почувствува речиси некаква радост, посака, што побрзо да оди кај Катерина Ивановна. За закопот, се разбира, задоцни, но за задушата ќе стигне и таму веднаш ќе ја види Соња.

Застана, поразмисли, и болна насмевка му се нацрта на усните.

— Денеска! Денеска! — повтори тој во себе. — Да, уште денеска! Мора да биде...

Сакаше да ја отвори вратата, но притоа вратата фати да се отвора сама. Тој затрепери и потскокна наназад. Вратата се отвораше полека, тивко, и наеднаш се појави една фигура — вчерашниот човек кој како да излезе од под земјата.

Човекот застана на прагот, го погледна Раскољникова молчејќи и зачекори во собата. Беше сосем ист како вчера, истата фигура, во истата облека, а лицето и погледот многу му беа изменети: сега изгледаше некако загрижен; постоја така малку, а потоа воздивна длабоко. Само уште да ја имаше дланката на образот, и да ја искривеше главата, сосем ќе прилегаше на жена.

— Што сакате? — праша Раскољников, кој беше вчудовиден.

Човекот молчеше некое време, а потоа длабоко се поклони, речиси до земјата. Барем со прстот од десната рака ја допре земјата.

— Што правите? — викна Раскољников.

— Виновен сум — изговори човекот тивко.

— Поради што?

— Поради лоши мисли.

И двајцата се загледаа.

— Ми беше криво. Кога повеливте да дојдете таму, можеби поднапиен, па ги викавте чуварите да одат во квартот, а прашувавте и за крвта, ми беше криво, дека ве пуштија така, и дека ве сметаа за пијан. Толку ми беше криво, што ми се расипа сонот. А ја запаметивме адресата, па вчера дојдовме ваму и прашувавме...

— Кој дошол? — го прекина Раскољников, сеќавајќи се веднаш.

— Јас, тоест, јас ви направив нешто лошо.

— Значи, вие сте од онаа куќа?

— Ама јас токму тогаш стоев таму заедно со нив на вратата, зарем сте заборавиле? Ние си имаме наш занает, отсекогаш. Ние сме кожувари, граѓани. Земаме работа дома... а потоа постојано ми беше криво...

На Раскољников му светна јасно во умот целата завчерашна сцена на вратата; насети дека освен чуварите таму имаше уште неколку луѓе, па и жени. Се сети

за еден глас, што предлагаше да го доведат право во квартот. Не можеше да се сети за лицето на човекот што го велеше тоа, па ни сега не го познаваше, но запамети дека тогаш дури и му одговори нешто, се сврти кон него...

Еве, значи, како се разреши вчерашната страшна сцена. Најстрашно му беше да си помисли, дека навистина за малку ќе загинеше, за малку ќе се погубеше себеси поради една ваква н и ш т о ж н а работа. Освен за изнајмувањето на станот и за разговорот околу крвта, значи, овој човек друго ништо не знаеше да каже. Значи, ништо нема ни Порфириј, ништо освен б у н и л о т о, никакви факти, освен п с и х о л о г и ј а т а, која има два краја, нема ништо основано. Значи, ако не се јават никакви други факти (а и не смеат да се јавуваат, не смеат, не смеат!) тогаш... што можат да му направат? Со што ќе можат да го откријат конечно дури и ако го затворат? Порфириј, значи, дури сега, дури пред малку го дозна тоа за станот, а дотогаш не го знаеше.

— Вие денеска ли му го кажавте тоа на Порфириј... дека јас дојдов таму?... – викна Раскољников, вчудовиден од ненадејната идеја.

— На кој Порфириј?

— На приставот-иследник.

— Јас му кажав. Чуварите тогаш не отидоа во квартот, но јас отидов.

— Денеска ли?

— Малку пред да дојдете вие. И сè слушав, сè како ве мачеше.

— Каде? Што? Кога?

— Па таму седев цело време, зад преградата кај него.

— Што? Значи, вие бевте изненадувањето? Како можело тоа да се случи? ве молам!

— Кога видов — започна граѓанинот — дека чуварите не сакаа да одат, како што им реков, зашто велеа дека е доцна, тој уште и ќе се налути, оти не сме дошле тогаш, мене ми стана криво, ми се расипа сонот и фатив да размислувам. Вчера решив, а денеска отидов. Отидов еднаш, го немаше тука, отидов

по еден час, не ме примија. Отидов по трет пат, ме пуштија. Фатив да му кажувам сè, како што беше, а тој постојано шеткаше по собата и со тупаница се маваше по градите: „Ама што правите со мене, вие разбојници?“ — велеше. „Да го знаев тоа ќе наредев да го приведат!“ Потоа отрча, повика некого и со него разговараше во аголот, а потоа дојде кај мене, па почна да прашува и да пцуе. Многу ме прекоруваше; а јас му кажав сè и му реков дека вие не сте се осмелиле да ми одговорите нешто на моите вчерашни зборови и дека не сте ме познале. И пак тој фати да трча, и да се тупа по градите, и се лутеше, и шеткаше, а кога ве најавија вас — „добро, рече, оди зад преградана, почекај засега, немој да мрдаш, слушни што ќе слушнеш“, и таму ми донесе и стол, и ме заклучи; ми рече дека можеби и мене ќе ме сослушува. А кога го доведоа Николај, тогаш, кога вие веќе не бевте тука, ме испрати; ми рече дека ќе ме повика и другпат за да ме праша.

— А дали Николај го сослушуваше пред тебе?

— Кога ве испрати вас, веднаш ме испрати и мене, а Николаја го задржа за да го сослушува.

Граѓанинот застана и пак наеднаш се поклони, ја допре со прст земјата.

— За навредата и за мојата злоба, простете ми!

— Господ ќе ви прости — одговори Раскољников.

Штом го изговори тоа, граѓанинот се поклони, но не се поклони пак до земјата, туку само до појасот, се сврти полека и излезе од собата. „Сè има два краја, сè има два краја“ — одговори Раскољников, па излезе од собата похрабар од секогаш.

„Сега уште ќе се бориме“ — изговори тој со гневна насмевка, кога слегуваше по скалите. А гневот се однесуваше на него самиот; со презир и со срам се сеќаваше за својата „малодушност“.

ПЕТТИ ДЕЛ

I

Утрото, по кобното објаснување со Дуњечка и Пулхерја Александровна, го истрезни и Петар Петрович. Му беше многу непријатно, но мораше полека-полека да го прифати како готов и непобитен факт она што до вчера му се изгледаше фантастичен настан, кој иако се одигра, сепак му се чинеше некако невозможен. Лутата змија на повредениот самољубие са ноќ му го пиеше срцето. Штом стана од креветот, се погледна во огледалото. Се плашеше да не му пукнала жолчката во текот на ноќта. Но што се однесува до тоа засега сè беше во ред. Го погледна својот отмен, бел лик, што во последно време малку беше здебелен, па за миг се утеши, наполно уверен, дека ќе најде невеста некаде на друго место, дури и почесна; но веднаш се стресе и енергично плукна настрана и со тоа предизвика молчалива, но саркастична насмевка кај својот млад пријател и состанар Андреј Семјонович Лебезјатников. Петар Петрович ја забележа таа насмевка и во себе му замери на младиот пријател. Во последно време тој му имаше замерено за многу нешта. Неговиот бес стана двојно поголем кога помисли, дека не било згодно вчера да го споменува пред Андреј Семјонович вчерашниот резултат. Тоа му беше втора вчерашна грешка, а ја направи во лутина, во претерана експанзивност, во раздразнета состојба... Потоа целото утро божем намерно фатија да се редат непријатности едноподруго. И во сенатот го очекуваше некаков неуспех во предметот над кој работеше.

Посебно го изнервира сопственикот на станот што го изнајми и почна да го уредува на свој трошок мислејќи дека набргу ќе се ожени: газдата, некојси германски занаетчија што се збогатил, никако не сака да се откаже од договорот, што го склучија пред малку време, ами бараше Петар Петрович да ја плати целата договорена глоба, иако му го враќаше станот речиси сосем обновен. Исто така, ни во продавницата за покуќнина воопшто не сакаа да му вратат ни една рубља од капарот за мебелот, кој навистина го купи, но уште не го имаше превезено во станот. „Секако, нема да се оженам туку-така, само поради покуќнината!“ — зачкрта со забите Петар Петрович, а воедно почувствува очајничка надеж: — „Ама зарем навистина вака заврши сè и пропадна во неврат? Зарем не може да се направи уште еден обид?“ Мислата за Дуњечка уште еднаш занесно го трогна во срцето. Со тешка мака го претрпи тој момент, и да можеше сега веднаш само со својата желба да го убие Раскољникова, се разбира, ќе ја изговореше таа желба.

„Грешка беше и во тоа, што воопшто не им давав пари“ — си мислеше, намуртен враќајќи се во собичката на Лебезјатников — па зошто сум станал толку голем скржавец? не беше добра таа сметка! Сакав да ги држам во немаштија и да ги натерам да ме сметаат за некакво провидение а тие избегаа!... Пхи!... Но да им дадев за тоа време, на пример, илјада и пол за опрема, за подароци, за некакви си кутичиња, несесери, карнеоли, ткаенини и за сите глупости од Кноп[1] и од англискиот магазин, ќе беше подобро... и посигурно! Сега немаше да ми откажат вака лесно! Тој свет е таков, па секако ќе сметаа дека се должни да ми ги вратат и подароците и парите, ако ме одбиеја, а тешко и жално ќе им беше да ми ги вратат! А и совеста ќе ги гризеше: па како вака наеднаш да го истераме човекот, што досега беше толку дарежлив и прилично нежен?... Хм! Направив пропуст!“

Уште еднаш зачкрта со забите Петар Петрович, и сега се нарече глупак — се разбира, во себе.

---

1) Моден магазин во Петербург

Кога дојде до тој заклучок, дома се врати двапати полут и пораздразнет, отколку што беше кога си оти-де. Приготвувањето за задуша во собата на Катерина Ивановна донекаде му ја ангажира љубопитноста. Уш-те вчера слушна за задушата; се сеќаваше некако дека и него го канеа; но имаше свои грижи, па не обрнуваше внимание на ништо друго. Праша набрзина кај госпоѓа Липевехзел, која се грижеше околу уре-дувањето на масата, зашто Катерина Ивановна ја не-маше тука (отишла на гробишта, па дозна, дека задуш-шата ќе биде свечена, дека се поканети речиси сите станари, меѓу нив и оние што покојникот не ги по-знаваше, дека е поканет и Андреј Семјонович Лебезјат-ников, и покрај неговата расправија со Катерина Ива-новна, и дека, најпосле, и тој, Петар Петрович, не само што е поканет, ами дека го очекуваат со голема не-стрпливост, бидејќи тој е речиси најважен гостин од сите станари. И самата Амалија Ивановна е поканета со голема чест, и покрај сите поранешни непријатнос-ти, затоа таа сега уредува и се грижи, па тоа дури и ѝ годи, а и таа е свечено облечена, вистина, во црно, но сепак сета наконтена и горда со тоа. Сево ова, што се случуваше и што го дозна, го натера Петар Петро-вич да размисли за нешто и тој малку замислен си отиде во својата соба, тоест во собата на Андреј Сем-јонович Лебезјатников. Работата беше во тоа, што тој дозна дека меѓу поканетите ќе биде и Раскољников.

Андреј Семјонович којзнае зошто целото утро го преседи дома. Со тој господин Петар Петрович имаше уредено некаков чуден, впрочем донекаде и природен однос: го презираше и го мразеше пред сè, речиси од денот кога се досели кај него, но во исто време се плашеше од него. Кога допатува во Петербург, не отсед-на кај него, не само поради својата скржавост и штед-ливост, иако тоа му беше главната причина, — постое-ше и друга причина за тоа. Уште во провинцијата има-ше чуено за Андреј Семјонович, својот бивш пито-мец, дека тој е еден од првите млади прогресисти, и дека дури игра значителна улога во некои многу инте-ресни, фантастични друштва. Тоа го изненади Петар Петрович. Тие силни друштва, сезнајковци, кои пре-

зираат и демаскираат секого одамна го заплашуваа Петар Петрович со некаков посебен страв, впрочем, сосем нејасен. Се разбира, тој не можеше, особено во провинцијата, за нешто т а к в о да создаде точно мислење, па дури ни приближно. Имаше слушнато, како и секој друг, дека особено во Петербург има некакви прогресисти, нихилисти, демаскиранти итн. итн., но, како и другиот свет, ја преценуваше и ја изопачуваше смислата и значењето на тие имиња до бесмисленост. Најмногу се плашеше, еве, веќе неколку години, од д е м а с к и р а њ е т о и тоа му беше главната причина за непрестајната претерана возбуденост, особено поради помислата да го пренесе своето дејствување во Петербург. Во тој поглед тој беше, како што се вели, з а п л а ш е н, како што се з а п л а ш е н и понекогаш малите деца. Во провинцијата пред неколку години, кога штотуку започна да ја создава својата кариера, имаше два случаја, при кои жестоко беа демаскирани две прилично важни губерниски личности, врз кои тој тогаш се потпираше и кои го заштитуваа. Едниот случај заврши некако посебно скандалозно за демаскираната личност, а другиот, за малку што не заврши многу мачно. Ете, затоа Петар Петрович реши веднаш штом ќе стигне во Петербург, да извиди за што се работи, всушност, па ако затреба веднаш однапред ќе побрза да му се умилкува на „нашето младо поколение.“ Веруваше дека во тоа ќе му помогне и Андреј Семјонович, па кога, на пример, отиде во посета кај Раскољников, веќе имаше научено некако да заокружува некои фрази, што ги имаше слушнато од други...

Се разбира, брзо сфати, дека Андреј Семјонович е извонредно безвреден и прост човек. Но тоа воопшто не го разубеди, ниту пак го охрабри Петар Петрович. Дури и да се увереше дека сите прогресисти се вакви празноглавци, ни тогаш немаше да му се смири неспокојството. Всушност, науката, мислата, системите (со кои веднаш го окупира Андреј Семјонович) не го интересираа. Тој имаше своја сопствена цел. Тој сакаше што побрзо, веднаш да открие: што и како се случило тука? Дали т и е л у ѓ е имаат некаква сила или немаат? Дали тој треба да се плаши од нешто или не

треба? Дали него ќе го демаскираат, ако се зафати со тоа, или нема да го демаскираат? А ако го демаскираат — поради што токму и зошто, всушност, демаскираат денеска? И уште: дали не би можел на некој начин да им се умилкува и воедно да ги залаже, ако се навистина толку силни? Дали е тоа потребно или не? Дали не би можело, на пример, да ја унапреди и својата кариера, да ја унапреди токму со нивна помош? Со еден збор, тука имаше илјадници прашања.

Андреј Семјонович беше малокрвен, скрофулозен човек, со низок раст, имаше некаква служба, беше необично рус, со зулуфи како шницли, со кои многу се гордееше. А покрај тоа везден го болеа очите. Имаше прилично благо срце, но зборувањето му беше премногу самоуверено, понекогаш и многу надмено, а тоа, споредено со неговата фигура, речиси секогаш беше смешно. Амалија Ивановна, впрочем, него го сметаше меѓу прилично угледните станари, тоесет тој не се пијанеше и навреме го плаќаше станот. И покрај сите тие својства, Андреј Семјонович навистина беше малку глупав. А кон прогресот и „кон нашето младо поколение“ се приклучил — од страст. Тој беше еден од онаа безбројна, разнородна чета ништожници, пометнати недоносчиња и недоучени вообразенковци, што се прилепуваат главно кон најпомодната идеја, што е во промет, за веднаш да ја загадат, и за вмиг да изложат на подбив сè, на кое понекогаш и тие самите најверно му служеле.

Впрочем и Лебезјатников, иако беше добродушен, веќе по малку не го поднесуваше својот состанар и некогашен хранител Петар Петрович. Тоа се случи од обете страни, некако ненадејно и заемно. Колку и да беше прост Андреј Семјонович, сепак тој почна по малку да сфаќа, дека Петар Петрович него го залажува и кришум го презира, и дека тој „воопшто не е онаков човек“. Се обиде да му го објасни системот на Фурие и теоријата на Дарвин, но Петар Петрович особено во последно време, слушаше некако премногу саркастично, а во најпоследно време — започна и да се кара. Работата беше во тоа што тој по инстинкт почна да

сфаќа дека Лебезјатников не само што беше ништожен и прилично глупав човек, туку можеби беше и лажго, и дека тој воопшто немаше некои поважни врски дури ни во своето друштво, ами дека слушал по нешто дури и од трета уста; нешто повеќе, ни својата пропагандна работа тој не ја знаеше како што треба, зашто некако премногу се бунеше, и дека не е дораснат да биде демаскирант! Патем да споменеме, за таа седмица и пол Петар Петрович со задоволство ги примаше (особено отпрвин) многу чудните пофалби од Андреј Симјонович, тоест не се противеше, ами молчеше, кога Андреј Семјонович му припишуваше готовност да го помага идното и брзо устројство на новата „комуна", таму некаде во Мешчанска улица; или дека, на пример, нема да ѝ пречи на Дуњечка, ако веднаш уште во првиот месец по женачката реши да си земе љубовник; или дека нема да ги крштева децата ако ги има, итн., итн., — и такви нешта. Петар Петрович по својот обичај воопшто не се противеше, кога му се припишуваа такви својства, и дозволуваше овој вака да го фали — толку му беше пријатно секое фалење.

Петар Петрович поради некоја причина изутрината имаше земено пари од банка, па сега седнат на масата ги броеше топчињата пари и вредносни хартии. Андреј Семјонович, кој речиси никогаш немаше пари, шеткаше по собата и се правеше дека сите тие топчиња ги гледа рамнодушно, дури и како да не му е грижа за нив. Петар Петрович сепак воопшто не веруваше, оти Андреј Семјонович може рамнодушно да гледа во толку пари. А пак Андреја Семјоновича, го разлутуваше мислата дека можеби Петар Петрович навистина е способен вака да мисли за него, и дека можеби и се радува поради укажаната можност да го нервира својот млад пријател, и да му напомне за сета негова ништожност и за сета разлика што постои меѓу нив.

Сега му изгледаше необично раздразлив и невнимателен, иако тој, Андреј Семјонович, фати да ја развива пред него својата љубима тема за основањето на новата, посебна „комуна". Кратките одговори и забелешки, што ги исфрлаше Петар Петрович во паузите,

кога не тропкаше со коскените топчиња на сметалката, го искажуваа неговото сосем јасно и намерно непристојно подбивање. Но „човечниот“ Андреј Семјонович расположението на Петар Петрович му го припишуваше на впечатокот од вчерашното раскинување со Дуњечка, па копнееше од желба што побрзо да проговори за тоа: тој сакаше за таа тема да каже нешто прогресивно и пропагандистичко, што би можело да го утеши неговиот почитуван пријател и „без сомневање“ да биде од корист за неговиот душевен развој.

— Каква задуша се приготвува кај... вдовицана? — праша Петар Петрович, прекинувајќи го Андреја Семјоновича на најинтересното место.

— Како да не знаете! А токму вчера зборував со вас за тоа и расправав за сите тие церемонии... Та таа и вас ве покани, слушнав. Вие вчера разговаравте со неа...

— Воопшто не очекував дека таа глупава питачка ќе ги истроши за задуша сите пари што ги доби од еден друг глупак... Раскољников. Дури и се зачудив пред малку кога поминував: какви подготовки прават, вина!... Поканети се неколку луѓе — ѓаволот знае, што е тоа! — продолжи Петар Петрович, испитувајќи и враќајќи се на тој разговор како да имаше некаква цел. — Како? Вие велите дека ме поканиле и мене? — додаде тој наеднаш, дигајќи ја главата. — А кога? — Не се сеќавам. Впрочем, нема да одам. Што барам таму? Вчера само така патем разговарав со неа за тоа дали ќе може, како сиромашна вдовица на чиновник да ја добие неговата годишна пензија како еднократна потпора. Да не ме вика поради тоа? Хе-хе-хе!

— И јас не мислам да одам — рече Лебезјатников.

— Се разбира! Сте ја натепале со сопствени раце. Секако, ви е срам, хе-хе!

— Кој ја натепал? Кога? — се вознемири Лебезјатников, и поцрвени.

— Па вие сте ја натепале Катерина Ивановна, пред еден месец, или така нешто. Вчера слушнав. Ете ви ги вашите начела!... А и женското прашање не ви успеа. Хе-хе-хе!

И Петар Петрович, откако се развесели, пак фати да тропка на сметалката.

— Сето тоа се бесмислици и клевети! — пламна Лебезјатников, кој постојано се плашеше да не му се спомне тој случај! — Тоа воопшто не беше така. Тоа беше поинаку... Вие не сте чуле точно; тоа е сплетка! Јас тогаш просто се бранев. Таа прва ми се нафрли со канците... Целиот зулуф ми го искуби... Мислам дека секој човек смее да се брани себеси. Освен тоа, јас никому не му дозволувам да врши насилство... од принцип. Бидејќи тоа е речиси деспотизам. А што можев: зарем да стојам пред неа? Јас само ја турнав.

— Хе-хе-хе! — злобно се смешкаше Лужин и понатаму.

— Вие боцкате бидејќи сте налутен и бесен... А тоа е бесмислица и воопшто, воопшто не се однесува на женското прашање! Вие всушност не го разбирате тоа; јас дури мислев, ако веќе се признава, дека жената е еднаква со мажот во сè, па и во силата (и тоа веќе го тврдат) тогаш и во тоа треба да постои еднаквост. Јас, се разбира, подоцна заклучив, дека такво прашање, всушност, не треба ни да постои, зашто не треба да постојат ни тепаници, и дека во идното општество воопшто не може ни да се замисли тепаница. Јас не сум толку глупав... Иако тепаницата, впрочем... тоест, ќе ја нема подоцна... но, ете, сега уште ја има... пих, да, по ѓаволите! Пред вас се буни човекот! Не, јас не го истакнувам како причина на моето неодење на задуша тоа дека се случи таа непријатност, туку напротив јас не одам од принцип, за да не учествувам во одвратната предрасуда на задушата, ете! Впрочем, би можел и да одам, само така, за да се насмеам... но штета, таму ќе нема попови. Инаку секако би отишол.

— Тоест, би отишле на таа гозба и таму би ја поплукале, а, исто така, и оние што ве поканиле. Нели така?

— Воопшто не би плукал, ами би протестирал. Јас имам корисна цел. Јас можам со тоа патем да му помогнам на напредокот и на неговата пропаганда. Се-

кој човек мора да го помага напредокот и да го пропагира, а колку поостро, можеби толку подобро. Можеби ќе посеам идеја, зрно... Од тоа зрно ќе порасне пченица, со што ги навредувам јас? Отпрвин ќе се навредат, а потоа и самите ќе сфатат, дека сум им донесол корист. Ете, кај нас ја обвинуваа Теребјова (онаа, што сега е во комуната), затоа што си отишла откај родителите и... се подала, па со писмо им јавила на мајка си и татко си, дека не сака да живее во предрасуди, ами дека стапува во граѓански брак — затоа што божем тоа било премногу грубо спрема родителите, и дека морала да има повеќе обзири и да им пише поблаго. Според моето мислење, сето тоа е бесмислица и воопшто не треба да биде поблаго, туку напротив, треба да се протестира. Ене, онаа Варенц седум години живееше со маж, па две деца остави и наеднаш на својот маж во писмо му пресече: „Јас сфатив, дека не можев да бидам среќна со вас. Никогаш нема да ви простам дека мене ме лажевте, дека ми криевте оти има и друг општествен поредок-комуна. Јас тоа неодамна го дознав од еден великодушен човек, на кого му се допаднав, па со него ќе уредам комуна. Ви зборувам отворено, зашто сметам дека е нечесно да ве лажам. Правете како што сакате. Не надевајте се дека мене ќе ме вратите, премногу сте задоцниле. Ви пожелувам да бидете среќен.“ Еве, како се пишуваат ваквите писма.

— А таа Теребјова е онаа истата, за која кажувавте тогаш дека живее во трет граѓански брак?

— Всушност, во втор, ако сакаме точно! Па дури и да е во четврти, па и во петнаесетти, сето тоа е бесмислица! А ако некогаш ми било жал, што ми умреа татко ми и мајка ми, секако, тоа е сега. Веќе неколку пати размислував за тоа, како ќе им се истопорев со протест, да беа живи! Сосем намерно ќе уредев така... Каков „отпадник“ е тој, пих! Јас би им покажал! Јас би ги вчудовидил! навистина, што немам никого!

— За да го вчудовидите? Хе-хе! па правете како што сакате — го прекина Петар Петрович, — но мене кажете ми го ова: ја познавате ли ќерката на покој-

никот, онаа запечената! Вистина ли е она што се зборува за неа?

— А што? Според моето мислење, тоест според моето лично уверување, тоа е најнормална состојба на жената. А зошто да не е? Тоест, distinguons[1]). Во денешното општество се разбира не е нормално, зашто е присилна, но во идното општество тоа ќе биде сосем нормална состојба, бидејќи ќе биде слободно. А и сега направи добро: страдаше, а тоа беше нејзин фонд, така да се изразам, капитал, со кој имаше полно право да располага. Се разбира дека во идното општество не ќе требаат фондови; но нејзината улога ќе биде уредена во поинаква смисла, уредена како што треба и рационално. Што се однесува пак до Софја Семјоновна лично, ова, што го прави таа јас го гледам како енергичен и отелотворен протест против општествениот поредок и многу ја ценам; дури ѝ се радувам гледајќи ја!

— А мене ми велевте, дека токму вие сте ја истиснале одовде, од станов!

Лебезјатников дури и се разбесни.

— Ете друга сплетка! — викна. — Не, воопшто не беше така! Воопшто! Сето тоа го изналага Катерина Ивановна, бидејќи ништо не разбираше. Јас воопшто не се врткав околу Софја Семјоновна! Јас просто ја посетував неа, сосем несебично, настојувајќи кај неа да разбудам протест... мене ми беше потребен само протест, а Софја Семјоновна и така не можеше да остане овде да живее!

— Ја поканивте ли во комуната, или не?

— Вие постојано се подбивате и тоа толку невешто, дозволете да забележам. Вие ништо не разбирате! Во комуната нема такви улоги. Комуните се грижат за тоа да нема такви улоги. Во комуната таа улога ќе ја измени целата своја сегашна форма. Така што она што е овде глупаво, таму ќе биде умно, она што е овде, во денешните услови неприродно, таму ќе биде сосем природно. Сè зависи од тоа во какви околности и во каква средина е човекот. Сè зависи од општеството, а самиот човек не е ништо. А со Софја

---

[1]) Треба да правиме разлика — фр.

Семјоновна јас и сега сум пријател, па тоа нека ви биде доказ дека таа мене никогаш не ме сметала за свој непријател и пакосник. Да! Јас сега ја залажувам неа да дојде во комуната, но сосем, врз сосем поинакви основи! Што ви е смешно? Ние сакаме да основаме сопствена комуна, посебна, но само врз пошироки основи, од досегашните. Ние напреднавме во принципите. Ние уште повеќе негираме! Да стане од гробот Доброљубов, јас би се фатил во костец со него, а Белински би го втерал во тиква. Јас и понатаму ја просветувам Софја Семјоновна. Таа има прекрасен, прекрасен карактер!

— Па потоа го користите тој прекрасен карактер, нели? Хе-хе-хе!

— Не, не! Воопшто не! Напротив!

— Па добро, напротив! Хе-хе-хе! Ама рече!

— Ама верувајте ми! А ве молам, зошто да кријам од вас? Напротив и мене ми е чудно: со мене таа е некако изнасилена, некако уплашено пристојна и срамежлива!

— А вие, се разбира, неа ја просветувате... Хе-хе! Ѝ докажувате, дека сета таа срамежливост е бесмислица?

— Не! Воопшто не! Оф, колку грубо, дури и колку глупаво — простете ми! — го сфаќате зборот просветување. Вие н-ништо не разбирате! Оф, господи, вие... уште не сте подготвен! Ние бараме слобода за жената, а вам во умот ви е само едно и исто... Не засегнувајќи го воопшто прашањето за чистотата и за женската срамежливост, како за работи што се сами по себе бескорисни и дури и предрасуди, јас наполно, наполно признавам, дека таа може да биде невина покрај мене, бидејќи е тоа сосем нејзина волја, сосем нејзино право. Се разбира, кога таа би ми рекла: „Јас сакам да те имам“, јас тоа би го сметал за голем успех, бидејќи девојката многу ми се допаѓа; но досега, барем досега никој никогаш не бил понежен и поучтив спрема неа од мене, ниту повеќе ја ценел нејзината вредност. Јас чекам и се надевам — тоа е сè.

— Подобро би било, да ѝ подарите нешто. Се обложувам дека за тоа не ви текнало.

— Н-ништо вие не разбирате, веќе ви реков! Вистина, нејзината положба е таква, но тоа е друго прашање! Сосем поинакво! Вие неа просто ја презирате. Гледајќи го фактот, што поради вашата заблуда го сметате достоен за презир, вие му го скратувате правото на човечкото битие да има човечен поглед на тоа. Вие и не знаете уште, каква природа е таа! Ме лути само што во последно време некако сосем престана да чита, па и не доаѓа да зема книги од мене. А порано земаше. Ми е жал и тоа што и покрај сета нејзина енергија и решителност за протестирање — што таа еднаш веќе ја докажа — сепак во неа има премалку самостојност, така да се изразам, независност, малку негирање, за да може сосем да се оттргне од некои предрасуди и . . . глупости. И покрај сето тоа таа прекрасно разбира некои прашања. Таа, на пример, убаво го сфати прашањето за бацување рака, тоест дека мажот ја навредува жената со тоа што ја истакнува нејзината нерамноправност, ако ѝ ја бацува раката. Ние расправавме за тоа прашање и јас веднаш ѝ го соопштив тоа. И за работничките задруги во Франција слушаше внимателно. Сега ѝ го објаснувам прашањето за слободното влегување во собата во идното општество.

— Што е тоа?

— Во последно време се дискутираше и за прашањето: дали членот на комуната има право, на друг член на комуната, маж или жена, да му влегува во собата во секое време . . . Па е решено дека има . . .

— А ако тој или таа во тој миг ги врши неопходните работи, хе-хе!

Андреј Семјонович се налути.

— Вие постојано зборувате за истото! Вие само за тоа би сакале да зборувате, за тие проклети „неопходни работи“! — викна тој со омраза. — Пих, се лутам затоа што тогаш, кога ви го објаснував системот, прерано ви ги спомнав тие проклети неопходни работи! По ѓаволите! На тој камен се сопинаат сите оние што прилегаат на вас, а згора на тоа и се подбиваат, додека не дознаат за што се работи всушност! И, ете, како да имаат право! Како да се гордеат со нешто! Пих!

Неколку пати веќе зборував дека тоа прашање на новаците може да им се толкува само на крајот, кога човекот верува во системот, кога е веќе просветен и упатен. А ве молам, кажете што наоѓате толку срамотно и презирно, да речеме дури и во геризите? Јас прв би се зафатил да чистам каков било гериз! Во тоа нема дури ни самопожртвување! Тоа е просто работа, благородна работа, корисна за општеството, која е повредна од секоја друга, многу повисока, на пример, од работата на некој си Рафаел или Пушкин, затоа што е покорисна.

— И поблагородна, поблагородна, хе-хе-хе!

— Што ви значи тоа: поблагородна? Јас не ги сфаќам ваквите изрази во смисла на одредување на човечкиот труд. „Поблагородна", „повеликодушна" — сето тоа се бесмислици, несмасности, стари зборови исполнети со предрасуда, кои јас ги негирам! Сè што е корисно за човештвото, тоа е и благородно. Јас разбирам само еден збор к о р и с н о! Смејте се вие колку што сакате, но тоа е така!

Петар Петрович силно се засмеа. Ги преброи парите и си ги скри. Впрочем, сепак којзнае зошто на масата имаше оставено малку пари. „Прашањето за геризите и покрај сета своја излитеност, веќе неколкупати беше повод за раскин и несогласија помеѓу Петар Петрович и неговиот млад пријател. Сета глупост беше во тоа што Андреј Семјонович навистина се лутеше. А пак Лужин притоа си ја празнеше лутината од своето срце, а овој пат посебно беше расположен да го разлути Лебезјатникова.

— Вие сте толку злобен поради вашиот вчерашен неуспех, затоа се подбивате, — рече најпосле Лебезјатников кој, всушност, и покрај сета своја „независност" и покрај сите „протести" некако не се осмелуваше да му опонира на Петар Петрович, па воопшто спрема него изразуваше некоја почит, на каква што се беше научил уште во поранешните години.

— Подобро би било вие да ми кажете — го прекина Петар Петрович надуено и луто — дали можете... или подобро да се изразам, дали вие сте толку интимен со горе споменатото младото лице, за веднаш да го

повикате за малку ваму во собава? Ми се чини дека тие таму веќе сите се вратени од гробишта... Слушам се раздвижиле... Би морал да се состанам со неа, со тоа лице.

— А поради што? — праша Лебезјатников зачудено.

— Па така, имам потреба. Денеска или утре јас ќе се иселам одовде, па поради тоа би сакал да ѝ соопштам... Впрочем, повелете да останете овде и за време на објаснувањето. Дури и подобро ќе биде. Бидејќи вие инаку ќе помислите сешто.

— Јас нема да си помислам ништо... Јас само така прашав, ако имате работа со неа, лесно ќе ја викнам. Веднаш ќе одам таму. А да знаете, јас нема да ви пречам.

И навистина, по неколку минути Лебезјатников се врати со Соњичка. Таа влезе сета зачудена и, како обично, заплашена. Секогаш се плашеше во ваквите случаи и многу ѝ беше страв од нови лица и од нови познајници; и порано се плашеше од такви, уште од детството, а сега, ете, повеќе... Петар Петрович ја пречека „љубезно и пристојно", впрочем со мала нијанса на некоја весела фамилијарност, каква што, впрочем, му прилега, според мислењето на Петар Петрович, на таков чесен и добар човек, каков што е тој, во општењето со вакво младо и донекаде интересно суштество, каква што е таа. Тој побрза да ја „охрабри", ѝ рече да седне на масата спроти него. Соња седна, се обѕрна наоколу, го погледна Лебезјатникова, парите што беа на масата, потоа пак Петар Петрович и сега веќе не ги тргнуваше очите од него, како да ѝ беа заковани за него. Лебезјатников веќе тргна кон вратата. Петар Петрович стана, ѝ мавна на Соња да седи, и го запре Лебезјатникова на вратата.

— Дали е таму Раскољников? Дали е дојден? — праша тој со шепот.

— Раскољников? Таму е! А зошто? Да, таму е. Штотуку дојде, го видов... А зошто?

— Добро, тогаш јас посебно ве молам да останете овде со нас и да не ме оставате насамо со... девојкава. Работата е безначајна, а светот ќе измисли се-

што. Јас не сакам за ова Раскољников да кажува т а м у . . . Сфаќате ли за што зборувам?

— А, разбирам, разбирам! — наеднаш се сети Лебезјатников. — Да, имате право . . . Според моето лично мислење, претерувате што се плашите толку, но . . . сепак имате право. Молам, останувам. Ќе застанам овде покрај прозорецот и нема да ви пречам... Според моето мислење, вие имате право . . .

Петар Петрович се врати на диванот, седна спрости Соња, внимателно ја погледна и потоа направи извонредно сериозен дури и малку строг израз на лицето, како да вели: „Немој ти да си помислиш којзнае што, госпоѓице!“ — Соња сосем се збуни.

— Најпрвин, ве молам, Соња Семјоновна, извинете ме кај вашата почитувана мајќа . . . така е, ми се чини? Катерина Ивановна ви е исто како мајка? — започна Петар Петрович многу сериозно, но сепак прилично љубезно.

Се гледаше дека тој има најпријателски намери.

— Да, така е, таа ми е како мајка — му одговори Соња наеднаш, заплашено.

— Тогаш, значи, извинете ме кај неа, бидејќи јас, од причини што не зависат од мене, не можам да се одзовам, одговорам на поканата па не ќе можам да дојдам на палачинки . . . тоест на задуша, и покрај љубезната покана од вашата мајка.

— Добро . . . ќе ѝ кажам . . . веднаш.

И Соња наеднаш скокна од столот.

— Ама тоа не е сè — ја задржа Петар Петрович и се насмевна поради тоа дека е проста и не знае да се владее — а вие, најљубезна Софја Семјоновна мене малку ме познавате, ако си помислите, дека јас поради толку ситна причина, што се однесува само до мене, би вознемирувал лично и би повикувал кај себе вакво лице какво што сте вие. Јас имам цел.

Соња брзо седна. Банкнотите и тие со сива и тие со боја на божилак што не ги имаше собрано од масата, пак ѝ затреперија пред очите, но таа бргу го сврти лицето откај нив и го дигна накај Петар Петрович; одеднаш ѝ се стори страшно непристојно тоа дека т а а посебно ги гледа туѓите пари. Погледот ѝ се запре

на златниот лорнет на Петар Петрович, што го држеше во левата рака, потоа на големиот, масивен, многу убав прстен со жолт камен, што го имаше на средниот прст од таа рака, но потоа наеднаш го тргна погледот и оттаму не знаејќи, каде да си ги сврти очите, најпосле пак ги впери право во очите на Петар Петрович. Тој молчеше уште посериозен, отколку пред малку, а потоа продолжи:

— Јас вчера случајно, патем проговорив два-три збора со несреќната Катерина Ивановна. Два-три збора ми беа доста за да дознам дека таа е во противприродна состојба — ако може така да се каже . . .

— Да . . . во противприродна — потврди набрзина Соња.

— Или да се каже уште појасно и поразбирливо — во болна состојба.

— Да, појасно и поразбирливо . . . болна е.

— Да. Јас, значи, еве, од чувството на човечност, и — и — и, така да се изразам, од сочувство, би сакал да ѝ помогнам, бидејќи гледам однапред, каква судбина ќе ја снајде. Ми се чини, сето тоа сиромашно семејство е останато само на вашата грижа.

— Дозволете да прашам — стана наеднаш Соња — што ѝ велевте вчера, дека би можело да дојде до пензија? Зашто таа вчера ми велеше дека вие сте се нафатиле, да ѝ издејствувате пензија. Вистина ли е тоа?

— Никако, а донекаде е дури и бесмислено. Јас само ѝ навестив за привремена помош како вдовица на чиновник што умрел на службена должност — само ако има протекција, но вашиот покоен татко, ми се чини, нема потребен стаж, а во последно време воопшто не беше во служба. Со еден збор, вистина би можело да има надеж, но сосем ефемерна, бидејќи во овој случај, всушност, нема никакво право за помош, туку дури напротив . . . а таа веќе си помислила и за пензија, хе-хе-хе! Многу побрзала!

— Да, за пензија . . . зашто таа е лесноверна и добра, и поради својата добрина верува во сè и . . . и... таа има таков ум . . . да . . . извинете — рече Соња и пак стана, да си оди.

— Ве молам, уште не сте слушнале сè.

— Да, не сум слушнала сè — промрмори Соња.

— Тогаш седнете!

Соња многу се збуни и седна пак, по трети пат.

— Гледам, во каква положба е, со кутрите ситни дечиња, па би сакал, како што веќе реков — според своите можности — да бидам од корист со нешто, тоест, како што веќе се вели, според своите можности, не повеќе. Би можел, на пример, во нејзина корист да уредам собирање или, така да речам, лотарија... или нешто такво, какво што секогаш во ваквите случаи уредуваат блиските луѓе, па и надворешни луѓе, што сакаат да помогнат. Ете, тоа сакав да ви го соопштам. Би можело.

— Да, добро е... господ за тоа... — промрмори Соња, вперувајќи го погледот во Петар Петрович.

— Би можело, но... за тоа подоцна... тоест, би можело да се започне и денеска. Вечер ќе се видиме, ќе се договориме и ќе ја поставиме, така да се изразам, основата. Дојдете овде кај мене некаде околу осум часот. Се надевам дека ќе ни се приклучи и Андреј Семјонович... но... има една работа што треба однапред и подробно да се каже. Затоа, Софја Семјоновна и ве вознемирив, со тоа што ве викнав овде. Моето мислење е, всушност, дека не е можно, и дека би било опасно, парите да ѝ се дадат на самата Катерина Ивановна; доказ за тоа, еве, оваа денешна задуша. Таа нема, така да се изразам, ни корка сув леб за утре па... ни чевли, ништо — а ваму купува денеска рум од Јамајка, ми се чини, и мадера и — и — и... кафе. Видов на минување. Утре пак ќе се натовари врз вас, до последното парче леб; та тоа не чини. Затоа, собирањето според моето лично мислење би морало да се уреди така, што несреќната вдовица и да не знае за парите, ами да знаете, на пример, само вие. Точно ли е ова што го велам?

— Јас не знам... таа само денеска, така... тоа е еден единствен пат во животот... многу сакаше, да го спомне, да му укаже чест, помен... а таа е многу умна. Впрочем, како што сакате, а јас многу, многу,

многу... Сите ние ќе ви... и вас господ ќе... и сирачињата...

Соња не доврши, туку заплака.

— Значи, така. Имајте го тоа на ум, а сега повелете да примите од мене лично, колку што можам, за прва потреба, во корист на вашата роднина. Многу, многу сакам, моето име да не се споменува притоа. Еве... и јас имам грижи, не можам повеќе...

И Петар Петрович ѝ подаде на Соња, убаво раздиплувајќи една банкнота од десет рубли. Соња ја прими, се вцрви, скокна, нешто промрмори и набрзина се поклони, простувајќи се. Петар Петрович свечено ја испрати до вратата. Најпосле, таа истрча од собата, сета збунета и измачена, и се врати кај Катерина Ивановна наполно збркна.

Во текот на целата таа сцена Андреј Семјонович или стоеше крај прозорецот, или шеткаше по собата. Не сакаше да го прекинува разговорот. Но кога си отиде Соња, тој му пристапи на Петар Петрович и свечено му ја подаде раката.

— Јас видов и чув сè — рече и особено го нагласи зборот видов. — Тоа е благородно, човечно, сакав да речам! Вие сакавте да ја избегнете благодарноста, видов! Од принцип, вистина, признавам, не сум пријател на приватното добродетелство, бидејќи тоа не само што не го искоренува злото радикално, ами уште и го поддржува, но пак, морам да признам, дека со задоволство ја следев вашата постапка — да, да, тоа ми се допаѓа.

— Ех, сето тоа е бесмислено! — промрмори Петар Петрович, малку возбуден и погледнувајќи го Лебезјатникова.

— Не, тоа не е бесмислено! Човекот што како вас е навреден и онерасположен од вчерашната случка, а воедно е способен да мисли за туѓата несреќа —таквиот човек... дури и ако со својата постапка паѓа во социјална грешка — сепак е достоен за почит! Не се ни надевав од вас, Петар Петрович, особено поради вашите начела! Ох, уште колку многу ви пречат тие ваши начела! На пример, колку ве возбудува сета таа вчерашна незгода — викна добричкиот Андреј Семјо-

нович, кој сега пак почуствуа поголема наклоност спрема Петар Петрович. — И зошто, зошто ви е неопходен тој брак, тој законски брак, најблагороден, најљубезен Петар Петрович? Зошто ви е неопходна таа законитост на бракот? Тепајте ме, ако сакате, но јас се радувам, се радувам што тој брак се изјалови и дека вие уште не сте сосем пропаднат за човештвото, се радувам... еве, гледате.. издрдорив сè.

— Затоа што јас во вашиот граѓански брак не сакам да носам рогови и да одгледувам туѓи деца, ете, затоа ми е потребен законскиот брак — рече Лужин, колку нешто да одговори.

Тој беше многу заинтересиран и замислен поради нешто.

— Децата? Вие ги засегнавте децата? — затрепери Андреј Симјонович, како борбен коњ, кога ќе слушне борбена труба. — Децата се социјално прашање и тоа, поважни од сè, признавам; но прашањето за децата ќе се реши поинаку. Некои дури ги негираат децата, како нешто што има каква било врска со семејството. За децата ќе зборуваме подоцна, а сега да се занимаваме со роговите! Признавам, тоа е моја слабост. Тој гаден, гусарски, пушкински израз, не може ни да се замисли во идниот лексикон. Па и што се роговите? Оф, каква заблуда е тоа! Какви рогови? Зошто рогови?... каква бесмислица е тоа! Ами сосем напротив, во граѓанскиот брак нив нема да ги има! Роговите се само природна последица на секој законит брак, така да се изразам, негова корекција, протест, па тие во таа смисла воопшто и не понижуваат... па ако јас — да кажам каква бесмисленост — некогаш бидам во законит брак, ќе ми бидат и мили вашите толку проколнувани рогови; јас тогаш ќе ѝ речам на мојата жена: „драга пријателко, досега јас само те љубев, а сега те ценам, бидејќи знаеше и да протестираш!" Вие се смеете! Тоа е затоа што кај вас нема сила, да се ослободите од предрасудите! По ѓаволите, јас разбирам во што е всушност непријатноста, кога ќе бидеш излажан во законитиот брак: но тоа е само подла последица на подал факт, каде што понижените се и едното и другото. Но кога роговите се стават јавно, како во граѓанскиот брак,

тогаш веќе и ги нема, не можат ни да се замислат и дури го губат назибот рогови. Напротив, вашата жена само ќе ви докаже колку ве цени, кога смета, дека вие не можете да ѝ се спротивставите на нејзината среќа, и кога ве смета за толку просветен, затоа што нема да ѝ се одмаздите поради новиот маж. По ѓаволите, јас понекогаш мечтаам дека кога би ме оженила мене, пих! кога би се оженил јас (на граѓански или на законит начин, сеедно), мислам, јас самиот би ѝ довел на мојата жена љубовник, ако таа во текот на подолго време не си најде самата. „Драга пријателко — би ѝ рекол — јас те сакам, но згора на тоа уште сакам ти и да ме цениш — еве ти!“ Имам ли право, имам ли право кога го велам ова?

Петар Петрович се кикотеше слушајќи го него, но не беше особено одушевен. А и не го слушаше многу. Си размислуваше навистина за нешто друго, па најпосле Лебезјатников го забележа тоа. Петар Петрович беше возбуден, си ги триеше рацете, потонуваше во мисли. Сето тоа Андреј Семјонович подоцна го сфати и се сети за сè...

II

Тешко би било да се посочат точните причини, поради кои во збрканата глава на Катерина Ивановна се роди мислата за таа бесмислена задуша. За таа задуша навистина потроши речиси десет рубли од оние дваесет и неколку рубли, што ги доби од Раскољников, всушност, за закоп на Мармеладова. Катерина Ивановна можеби сметаше дека е должна на покојникот да му искаже чест со помен „како што прилега“, па да знаат сите станари, а особено Амалија Ивановна, дека тој „не само што не беше многу полош од нив, туку дека можеби беше и многу подобар“, па дека никој од нив нема право пред неа да го „дига носот“. Можеби тука најмногу дејствуваше онаа посебна г о р д о с т н а б е д н и т е, поради која во некои општествени церемонии, што кај нас мораат да ги вршат сите, голем број бедници се расфрлаат, колку што можат, и ги

трошат и последните заштедени копејки, само за да не бидат „полоши од другите“ и да не можат тие другите да ги „покудат“. Многу е веројатно и тоа дека Катерина Ивановна токму во овој случај, токму во тој час, кога се чинеше дека ја оставиле сите на светов сакаше да им покаже на сите тие „одвратни и гадни станари“, дека таа не само што „умее да живее и умее да пречекува“, туку дека воопшто не е воспитана за ваков живот, ами дека е воспитана „во одлична, може дури и да се каже, во аристократска полковничка куќа“, и дека воопшто не се готвела за тоа самата да си го мете подот а ноќе да пере детски партали. Тие пароксизми на гордоста и на суетата понекогаш толку ги окупираат најсиромашните и најочаените луѓе, што напати се претвораат во голема потреба што ги распалува. А Катерина Ивановна притоа не беше од оние очаените: неа би можеле да ја убијат околностите, но ништо не би можело морално да ја очае, тоест да ја заплаши и да ја подложи на својата волја. Освен тоа, Соњичка сосем оправдано рече за неа, дека умот ѝ се мати. Вистина, тоа уште не можеше да се каже со сигурност и конечно, но во последно време, целата оваа година, кутрата глава премногу ѝ се намачи, и многу страдаше. Премногу развиената туберкулоза, исто така, припомогна, велат лекарите, за поматувањето на умствените способности.

Немаше многу пијачка, ниту различни видови, па ни мадера; тоа беше претерано, но сепак имаше за пиење. Имаше вотка, рум и лисабонско вино, од најлош вид, но од сè доволно. Од јадења, покрај пченица, имаше уште три-четири чинии (помеѓу другото и палачинки) — сè од кујната на Амалија Ивановна, а, освен тоа, веднаш беа приготвени два самовара за чај и за пунч по закуската. Сето тоа Катерина Ивановна го купи самата со помошта на еден станар, некој беден Полјак, кој не се знае зошто живееше кај госпоѓа Липевехзел; тој веднаш ѝ се придружи на Катерина Ивановна за трчкање ваму-таму и вчера цел ден а и денеска цело утро трчаше изморен со изваден јазик, настојувајќи, се чини, тоа да биде забележливо. За секоја ситница постојано дотрчуваше кај Катерина Ивановна, одеше по

неа и ја бараше по дуќаните, постојано велејќи ѝ: „пани Хорунжина“, најпосле ѝ здодеа, иако отпрвин велеше дека многу ќе се изнамачела без тој „услужен и великодушен човек“. На карактерот на Катерина Ивановна му беше својствено да почне да го издига до ѕвездите оној на кого ќе наиде, толку да го фали, што и на фалениот да му биде незгодно, да измислува за фалениот сешто, и што не било, да верува сосем искрено и невино дека сето тоа е вистина, а потоа наеднаш, вчас, да се разочара, да почне да се кара, да плука, да го навредува човекот, на кого само до пред неколку минути буквално му се клањала. По природа беше насмешлива, весела, со мирољубив ќуд, но поради непрестајните несреќи толку б е с н о фати да сака сите да живеат во мир и радост и д а н е с е о с м е л у в а а т да живеат поинаку, па и најмалата дисонанса во животот, најситната незгода, веднаш ја доведуваше скоро до беснило. И тогаш вчас, по најблескавите надежи и мечти, почнуваше да си ја колне судбината, да се тресе и да фрла сè што ќе ѝ дојдеше до рацете, и главата да си ја чука од ѕид. И Амалија Ивановна наеднаш се здоби со некакво значење и со некаква почит кај Катерина Ивановна, можеби само затоа што беше приредена задушата и затоа што Амалија Ивановна од сè срце се зафати да помага во работата: таа се нафати да ја намести масата, да набави чаршав, садови, и друго и во својата кујна да го приготви јадењето. Катерина Ивановна нејзе ѝ довери сè и ја остави дома кога отиде на гробиштата. И навистина сè беше приготвено чудесно: масата беше наместена дури и прилично чисто, садовите, виљушките, жевите, чашите — сето тоа се разбира, беше присобрано, од разни видови и големини, од разни станари, но сето тоа во овој случај беше добро, па Амалија Ивановна, чувствувајќи дека добро ја свршила работата, кога се вратија ги пречека, со некаква гордост, свечено облечена, со капче, со нови траурни ленти и во црн фустан. Таа гордост, иако заслужена, поради нешто не ѝ се допадна на Катерина Ивановна. „Навистина, како без Амалија Ивановна да не знаевме ни да ја наместиме масата!“ Не ѝ се допаѓаше ни капчето со

новите ленти: „таа глупава Германка веројатно дури и се гордее, оти е таа газдарица и дека од сожалување се согласи да им помогне на сиромашните станари! Од милост! Да, се разбира! Кај татко ѝ на Катерина Ивановна, кој беше полковник и речиси губернатор, понекогаш се местеше маса за четириесет лица, таму не би пуштиле некаква си Амалија Ивановна, или, всушност, Лудвиговна, ни во кујната . . .“ Впрочем, Катерина Ивановна реши сега да не ги искажува своите чувства, иако во себе намисли, денеска убаво да ѝ каже сè и да ја втера во рог, зашто инаку којзнае уште колку ќе се издигне — но засега само да се покаже студена спрема неа. Се случи уште една непријатност, што ја изнервира Катерина Ивановна: од станарите што ги покани на закопот, не дојде речиси никој освен Полјачето, што успеа да дотрча и на гробишта, а на задушата, тоест на закуската, дојдоа само најневажните и најсиромашните, секакви, и сите цган. Постарите и посериозните изостанаа, како намерно, како договорени. На пример, не дојде Петар Петрович — Лужин, за кого може да се каже дека е најугледен од сите станари, а ваму Катерина Ивановна уште синоќа им ги наполни ушите на сите на светов тоест на Амалија Ивановна, Пољечка, Соња и на Полјакот дека тој е најблагородниот, највеликодушниот човек, со големи врски и богат, бивш пријател на нејзиниот прв маж, што доаѓал во куќата на татко ѝ и кој сега ѝ ветил дека ќе ги употреби сите средства за да ѝ издејствува прилична пензија. Овде ќе забележиме дека Катерина Ивановна навистина се фалеше со секакви врски и со богатство, но без некаков интерес, без лична сметка, сосем несебично, поради преполно срце, само простото задоволство да фали и да му даде повисока цена на фалениот. По Лужина веројатно „се повел и оној најгадниот никаквец Лебезјатников“, па не дојде ни тој. А пак тој што си мисли за себе? Тој е поканет само од великодушност, и тоа зашто живее во една соба со Петар Петрович и е негов познат, па „беше незгодно да не биде поканет“. Не дојде ни фината дама со својата „презреана девојка“, ќерка, кои, да ги поживее господ, веќе две недели живеат кај Ама-

лија Ивановна, но веќе неколку пати се поплачувале поради тропање и врева, што доаѓаа од собата на Мармеладови, особено тогаш, кога покојникот пијан се враќаше дома, а тоа Катерина го дозна, се разбира, од самата Амалија Ивановна, кога таа карајќи се со Катерина Ивановна, и заканувајќи ѝ се дека ќе го истера целото семејство, силно викаше дека тие ги вознемируваат „благородните станари, на кои не се достојни ни да им ги бацат петиците". Катерина Ивановна намерно реши да ја покани таа дама и нејзината ќерка, на кои „таа божем не е достојна ни да им ги баци петиците", до толку повеќе, што таа дама надуено се тргнува настрана од неа, кога ќе ја сретне случајно, па нека дознае таа од неа, дека овде, „мислат и чувствуваат поблагородно, и дека канат заборавајќи ги навредите", и нека видат, дека Катерина Ивановна е научена и на поинаков живот. Секако тоа имаше намера да им го објасни на маса, а и за губернаторството на својот покоен татко, и заедно со тоа патем да спомне дека нема причини да се оттргнуваат од неа, кога ќе ја сретнат, и оти тоа е извонредно глупаво. Не дојде ни дебелиот потполковник (всушност, пензиониран капетан од втора класа), но се дозна, дека него „го изневериле нозете" уште вчера изутрината. Со еден збор, дојдоа само: Полјачето, потоа некој одвратен молчалив канцеларист, во извалкан фрак, влакнест и со гаден здив; потоа уште еден глув и речиси сосем слеп старец, кој некогаш бил службеник во некоја пошта, а веќе, којзнае од кога, некој го издржува и, којзнае зошто, кај Амалија Ивановна. Дојде и пијаниот пензиониран поручник, всушност, коморски чиновник, со многу непристојна, гласна смеа и „замислете си" без елек! Еден седна веднаш на маса, не ја ни поздрави Катерина Ивановна, а најпосле се појави некое лице во домашен мантил, бидејќи немал облека, но тоа веќе беше толку непристојно, што по настојување на Амалија Ивановна и Полјачето успеаја да го натераат да си оди. Полјачето, впрочем доведе уште две Полјачиња, кои воопшто никогаш не живееле кај Амалија Ивановна и никој досега не ги видел во тој стан. Сето тоа необично ја раздразни Катерина Ивановна. „Тогаш за

кого се приготви сево ова?“ За да има доволно место, дури ни децата не ги остави да седнат на маса, која и така ја исполнуваше сета соба, ами ним им намести-ја сосем во аголот, на сандакот, а двете помали деца ги седнаа на клупа, а Полечка пак, како најголема од сите, мораше да внимава и да ги смирува „како благородни деца“. Со еден збор, Катерина сосила мораше сите нив да ги пречека двојно посериозно, па и горделиво. Особено остро гледаше во некои и од високо ги покани да седнат на маса. Обвинувајќи ја Ивановна за сите оние што не дојдоа, спрема неа почна да се владее до крајност небрежно, такашто таа го забележа тоа и многу се навреди. Таквиот почеток не ветуваше добар крај. Најпосле испоседнаа. Раскољников влезе речиси во моментот, кога се вратија од гробишта. Катерина Ивановна многу се израдува поради него, зашто тој беше единствен „образован гостин“ меѓу сите, и „како што се знае, тој се готви, по две години да седне на професорски стол на овдешниот универзитет“, а второ затоа што веднаш учтиво ѝ се извини, дека и покрај својата голема желба не можел да дојде на закопот. Таа веднаш му се нафрли, го седна од левата страна до себе (од десната страна седеше Амалија Ивановна), па и покрај својата постојана брзаница и грижа, уредно да се носи јадењето и да го има за сите, и покрај сета своја тешка кашлица, што мигновено ја задржуваше и ја задушуваше и која посебно ѝ се беше закачила во овие два последни дена — постојано му се обрнуваше на Раскољников и со полушепот набрзина му ги искажуваше сите чувства, што беа натрупани во неа, и сето свое праведно лошо расположение, затоа што се изјалови задушата, но таа нерасположеност често ја заменуваше највесело, најнезауздано исмејување на собраните гости, а најмногу на самата газдарица.

— За сè е виновна оваа кукавица. Вие знаете за кого зборувам: за неа, за неа! — и Катерина Ивановна нишна со главата покажувајќи кон газдарицата. — Погледајте ја: ги ококорила очите, чувствува дека зборуваме за неа, но не може да сфати, па затоа ги ококорила очите. Пих, був, ниеден, ха-ха-ха!... Кхи-кхи-

кхи! И што прави таа со она свое капче. Забележавте ли: таа сака секогаш сите да мислат дека е моја заштитничка и дека ми искажува чест, што е овде. Јас ја замолив како чесна жена, да покани повеќе луѓе, и тоа познати на покојникот, но гледате, какви луѓе собрала: некакви шутови? немтурковци! Погледајте го оној со извалканото лице; некаков двоножен лигавичар! А пак оние Полјачињана... ха-ха-ха! Кхи-кхи-кхи! Досега никој не ги видел овде, не сум ги видела ни јас; тогаш зошто дошле, ве прашувам? Седат свечено еден до друг. — Пане, еј! — викна таа обрнувајќи му се на едниот од нив — повелете земете палачинка! Земете уште! Пијте пиво, пиво! Ако сакате и вотка! Гледајте го: стана се клања, гледајте, гледајте: сигурно се многу прегладнети кутрите! Добро, нека јадат! тие барем не прават многу врева, само... само јас навистина се плашам за сребрените лажици на газдарицата!... — Амалија Ивановна, ѝ се обрна таа нејзе, речиси гласно — ако се случи да ви ги украдат лажиците, јас не ви одговарам за нив, тоа ви го кажувам однапред! Хе-хе-хе — на челото ѝ се појавија капка пот. Таа пак нишна со главата покажувајќи му ја на Раскољников газдарицата и уживајќи во својата досетка. — Не сфати, пак не сфати! Зинала и седи, гледајте ја: був ниеден, вистински був, був со нови панделки, ха-ха-ха!

Сега пак смеата ѝ се претвори во неподнеслива кашлица — што траеше неколку минути. На шамичето ѝ остана малку крв, на челото ѝ се појавија капки пот. Молчејќи таа му ги покажа на Раскољников капките крв, но штом здивна, почна да му шепоти пак со извесна загреаност, и со црвени дамки по образите.

— Гледајте, јас, може да се каже, ѝ дадов најфино упатство, да ја покани онаа дама со ќерката; сфаќате ли за која зборувам? Тука е потребно најфино поведение, треба да се постапи на најфин начин, а таа тоа го направила така, што оваа глупава дошлачка, тоа надуено суштество, таа глупава провинцијалка, само затоа што е некаква вдовица на мајор, а дошла овде да се моли за пензија по канцелариите, која и покрај своите педесет и пет години се црни, се

бели, се црви (тоа се знае)... и таквото суштество не само што не повели да дојде, туку не се ни извини, ако веќе не можело да дојде, како што во ваквите случаи бара најобичната учтивост! Воопшто не сфаќам зошто не дошол Петар Петрович? Но каде е Соња? Каде отиде? А, еве ја најпосле и неа! Што е? Соња, каде беше? Чудно е зошто, си дури толку неточна на закопот од татко ти. Родионе Романович, пуштете ја да седне до вас. Ете ти место, Соњичка... земи што сакаш? Земи печено месо, тоа е најдобро. Веднаш ќе донесам палачинки. А дали добија децата? Полечка, имате ли вие таму сè? Кхи-кхи-кхи! Па, добро е. Љона, биди умна, а ти Коља не тропај со ножињата; седи, како што треба да седи благородно дете. Што велиш, Соњичка?

Соња брзо ѝ го предаде извинувањето на Петар Петрович, настојувајќи да зборува гласно, за да ја слушнат сите, употребувајќи најодбрани зборови, полни со почит, кои и самата од името на Петар Петрович ги измислуваше и ги украсуваше. Додаде уште дека Петар Петрович посебно ѝ порачал, дека веднаш ќе дојде и самиот тој, штом ќе може, па дека насамо ќе разговараат со неа за работите и насамо ќе се договорат за тоа што може да се направи и да се преземе во иднина, и така натаму и така натаму.

Соња знаеше дека тоа ќе ја смири Катерина Ивановна и ќе ѝ поласка, а што е најважно, ќе ја задоволи нејзината гордост. Седна до Раскољников, на кого малку му се поклони, и го погледна со љубопитност. Но понатаму, некако ѝ беше незгодно да го гледа и да разговара со него. Беше некако расеана иако постојано гледаше во лицето на Катерина Ивановна настојувајќи да ѝ угоди. Ни таа, ни Катерина Ивановна не беа во траур, бидејќи немаа црни фустани; Соња имаше кафен прилично темен, а Катерина Ивановна го имаше облечено нејзиниот единствен басмен фустан, темен, со риги. Извештајот за Петар Петрович мина како подмачкано. Катерина Ивановна ја ислуша Соња сериозно, а потоа ја праша, исто така, сериозно: какво е здравјето на Петар Петрович. Потоа пак веднаш и речиси гласно му шепна на Раскољников дека олку угле-

ден и сериозен човек, како што е Петар Петрович, навистина би се вчудовидел, да се најде во вакво „необично друштво", и покрај својата наклоност спрема нејзиното семејство и покрај сето старо пријателство со нејзиниот татко.

— Ете, затоа јас, Родион Романович, многу сум ви благодарна дека не го презревте моето гоштевање, во вакви околности — додаде таа речиси гласно. — Впрочем, јас сум уверена дека го одржавте зборот само поради посебното пријателство спрема мојот кутар покојник. Тогаш таа уште еднаш горделиво и достоинствено ги изгледа своите гости, па ненадејно многу грижливо и гласно го праша глувиот старец отспротива: „Дали сака печено месо и дали му дале лисабонско?" Старецот не одговори и долго време не можеше да разбере што го прашуваат, иако соседите фатија да го буцкаат смеејќи му се. Тој само зина, се обзрна околу себе, со кое уште повеќе ја распали веселбата.

— Каква тиква! Гледајте, Гледајте! Зошто го довеле него? Што се однесува, пак, до Петар Петрович, јас во него секогаш бев сигурна — продолжи Катерина Ивановна обрнувајќи му се на Раскољников, — и тој, се разбира, не е како... — сега таа ѝ се обрна остро и гласно со многу решително лице, на Амалија Ивановна, која од тоа дури и се уплаши — не прилега на овие ваши нагиздени влечиопашковци, кои татко ми не би ги примил ни во кујната за готвачи, а мојот покоен маж, се разбира, би им укажал чест и би ги примил, и тоа само поради својата неисцрпна добрина.

— Да, љубеше да се напие; сакаше, пиеше! — викна одеднаш бившиот коморски чиновник, „сушејќи" ја дванаесеттата чашка вотка.

— Навистина мојот покоен маж ја имаше таа слабост и сите го знаеја тоа — рече Катерина Ивановна за него — но тој беше добар и благороден човек, кој го љубеше и го ценеше своето семејство; единственото негово зло беше што поради својата добрина премногу им веруваше на разни расипани луѓе, а еден господ знае со кого не пиел — со луѓе што не се достојни ни да му ја бацат петицата! Замислете си Родионе Рома-

нович, во џебот му најдов петле — медено колаче: мртов пијан, а мислел за децата!

— Пе-тле? Вие повеливте да речете: пе-тле? — викна коморскиот господин.

Катерина Ивановна не го удостои со одговор. Нешто беше замислена и воздивна.

— Вие секако мислите, како сите, дека јас со него бев премногу строга — продолжи таа обрнувајќи му се на Раскољников. — Не, не е така! Тој мене ме ценеше, тој мене многу, многу ме ценеше! Беше човек со добра душа! И колку многу го жалев, често! Седи тој така, ме гледа од аголот и толку ми е жал за него, што посакувам да го погалам, но потоа си мислам во себеси: „ќе го погалам, а тој пак ќе се опие". Само со строгост донекаде можев да го додржам.

— Да, имаше скубење на косата, и тоа често — пак викна коморскиот чиновник и голтна уште една чашка вотка.

— Не само скубењето на косата, туку и пафкалото треба да се употреби за некои глупаци! Сега не зборувам за покојникот — пресече Катерина Ивановна обрнувајќи му се на коморскиот чиновник.

Црвените дамки на образите уште повеќе се вцрвуваа а градите ѝ се надуваа. Уште малку ѝ требаше за да започне караница. Мнозина се кикотеа, на мнозина, очигледно, тоа им беше пријатно. Почнаа да го подбуцнуваат коморскиот чиновник и нешто да му шепотат. Јасно беше, дека сакаат да ги раскарааат.

— А дозво-о-лете, да прашам, за што зборувате, — започна коморскиот чиновник — тоест на чија... благородна сметка... повеливте пред малку... Впрочем, не треба! Бесмислица! Вдовица! Простувам... Пас! — И пак голтна една чашка вотка...

Раскољников седеше и слушаше молчејќи и гадејќи се. А јадеше само од учтивост, по малку скубнувајќи од парчињата што Катерина Ивановна постојано му ги ставаше во чинијата, и тоа само колку да не ја навреди. Тој упорно ја гледаше Соња. Но Соња сè повеќе се возбудуваше и ја обземаше загриженост, како да претчувствуваше дека задушата нема да заврши

мирно, па уплашена ја следеше сè поголемата раздразнетост на Катерина Ивановна. Знаеше, меѓутоа, дека таа, Соња е главната причина поради која двете придојдени дами толку презирно ја примија поканата на Катерина Ивановна. Од самата Амалија Ивановна слушна дека мајката дури и била навредена од таа покана, па прашала: „како би можела таа да ја седне својата ќерка до таа девојка?“ Соња претчувствуваше дека Катерина Ивановна некако веќе го дознала тоа, а навредувањето на Соња, за Катерина Ивановна значеше повеќе од навредување на самата неа, на нејзините деца, нејзиниот татко, со еден збор беше смртна навреда, и Соња знаеше, дека Катерина Ивановна сега нема да се смири, „додека не им докаже на тие влечиопашки, дека тие двете“ итн. итн. И токму сега некој од другиот крај на масата ѝ испрати на Соња чинија со две срца, направени од црн леб и прободени со стрела. Катерина Ивановна пламна и веднаш гласно забележи дека оној што го испратил тоа е „пијано магаре“. Амалија Ивановна, која, исто така, претчувствуваше нешто непријатно, а и многу беше навредена од надуеноста на Катерина Ивановна, сакаше да го сврти непријатното расположение во друштвото кон друга работа и патем самата да се издигне во јавното мислење, па наеднаш, сосем ненадејно почна да раскажува, како некој нејзин познат „Карл од аптеката“, го возел ноќе кочијаш и „кочијашот сакала убие него, и Карл многу, многу го молела, да не убие него, и плачел, и рацете ги крстел, и уплашил, и со страв нему срцето му пукнал.“ Вистина, Катерина Ивановна се насмевна, но веднаш забележи, дека Амалија Ивановна не би смеела да кажува шеги на руски јазик. Таа сега уште полошо се навреди и одговори, дека нејзиниот „Фатер аус Берлин била многу, многу важна човек и постојано со раце во џебови одела“. Катерина Ивановна не можеше да ја задржи насмевката, туку силно се засмеа, така што Амалија Ивановна ја изневери стрпливоста и тоа одвај некако сосила се додржа.

— Каков був! — пак му зашепоти Катерина Ивановна на Раскољников и речиси ѝ беше мило. — Сакаше да рече: ги стави рацете во џебовите а, всушност,

излезе дека ги местел рацете по џебовите, кхи-кхи! И дали вие, Родион Романович веќе забележавте дека сите петербуршки странци, тоест Германци, што доаѓаат кај нас однекаде, сите со ред се поглупави од нас! Еве кажете, зарем е паметно ова раскажување дека „на Карл од аптеката со страв му пукнал срцето", и тоа што тој мрсулко!, наместо да го врзе кочијашот „ги крстел рацете и плачел и многу го молела". Ех, глупачка! И, ете, си мисли, дека сето тоа е многу трогателно, а не сфаќа колку е глупава! Според моето мислење, и пијаниов коморски чиновник е многу поумен од неа, барем се познава дека е никаквец, сиот ум си го испил, а сите тие се толку афектирани, сериозни... Гледај како седи, со ококорени очи. Се лути! Се лути! Ха-ха-ха! Кхи-кхи-кхи!

Кога Катерина Ивановна се смири, веднаш се заинтересира за разни ситници и фати да зборува за тоа како таа, кога ќе ѝ се издејствува пензија, во својот роден град Т... ќе основа пансион за благородни госпоѓици. За тоа уште не му соопштила на Раскољников, а веднаш се занесе во најинтересни ситници. Не се знае, од каде наеднаш се најде во нејзините раце онаа „пофалницата", што му ја спомна на Раскољников уште покојниот Мармеладов и за која му објасни во крчмата, дека неговата жена Катерина Ивановна, кога го напуштала институтот, танцувала со шал „пред губернаторот и други личности". Пофалницата сега очигледно требаше да послужи како потврда дека Катерина Ивановна има право да основа пансион, а ја донесе само за сосем да ги посрамоти „оние две нагиздени влечиопашки", ако дојдат на задуша и јасно да им докаже дека таа е од најодлична, „може да се каже и аристократска куќа, ќерка на полковник и, секако, подобра од некакви си авантуристи, што толку се намножиле во последно време". Пофалницата веднаш почна да шета од рака в рака кај пијаните гости, Катерина Ивановна не го попречуваше тоа, бидејќи во пофалницата навистина беше означено en toutes lettres[1]),

[1]) целосно, оѐ — фр.

дека таа е ќерка на дворски советник и кавалер, значи, и навистина речиси полковничка ќерка. Катерина Ивановна се распали и веднаш се расприкажа за сите ситници, дека таа ќе живее спокојно и прекрасно во Т... и за гимназиските наставници, што ќе ги земе, да предаваат во пансионот; и за некое чесно старче, французинот Манго кој уште самата Катерина Ивановна ја учел француски во институтот, а сега своите стари денови ги живее во Т... и сигурно ќе стапи во нејзиниот завод за мала плата. Тогаш таа и Соња, „која ќе оди заедно со неа во Т... и таму ќе ѝ помага во сè". Но сега наеднаш некој свирна на крајот на масата. Катерина Ивановна веднаш се обиде да покаже оти ја потценува и оти не ја забележува смеата, што се слушна на крајот на масата, но воедно намерно го подигна гласот и со одушевување почна да зборува за несомнените способности на Софја Семјоновна да биде нејзина помошничка, „за нејзината кроткост, стрпливост, пожртвуваност, благородност и образование", па благо ја плесна Соња по образот, потстана и пламено ја бакна двапати. Соња се вцрви, а Катерина Ивановна заплака и веднаш си рече во себе дека е „луда, со слаби нерви, премногу растроена, дека ова треба да се заврши, зашто закуската е завршена, дека треба, значи, да се послужи чај." Во истиот миг Амалија Ивановна, длабоко навредена дека во целиот разговор не учествуваше ни најмалку, и дека не ја слушаат, се осмели да го направи последниот обид, па реши со потајна зајадливост да ѝ соопшти на Катерина Ивановна една извонредна практична и длабокоумна забелешка, за тоа дека во идниот пансион треба посебно да се внимава на чистотата на долната облека (ди вéше) на девојките и дека „секако била потребна една добра дам (ди даме) добро да внимава на облеки", второ, „млади девојки ноќе кришум да не чита никаква роман". Катерина Ивановна, која навистина беше растроена и многу уморна и на која веќе ѝ здодеа задушата, веднаш ѝ „пресече" на Амалија Ивановна дека „дроби штогоде", а ништо не разбира, дека за „ди веше" ќе се грижи клучарката, а не управителката на отмениот пансион; што се однесува до читањето на романите, тоа е веќе

непристојност и таа ја моли, да молчи. Амалија Ивановна пламна, се налути и одговори дека таа „само добро мислело"; и дека „многу, многу добро сакало", а таа „за станот веќе дамна не платила гелд". Катерина Ивановна веднаш „додаде" и ѝ рече дека лаже, кога вели дека ѝ „сакало добро", бидејќи и вчера кога покојникот уште лежеше на масата, ја мачеше со неплатената кирија. Амалија Ивановна на тоа одговори сосем доследно дека „поканила оние дами, но дека тие дами не дошол, бидејќи тие дами отмени дами и не можела да дојдат кај дами, кои не отмени". Катерина Ивановна веднаш додаде, дека е гнасна и дека таа не може да суди за тоа што е вистинска отменост. Амалија Ивановна не го издржа тоа и веднаш изјави дека нејзиниот „фатер аус Берлин бил многу важно човек и обете раце во џеб шеткала и постојано правела така: пуф! пуф!" и за да го прикаже повистинито својот фатер Амалија Ивановна стана од столот си ги стави обете раце во џебовите, си ги наду образите и почна да истискува од устата некакви нејасни гласови, слично на пуф, пуф, што предизвика гласна смеа кај сите станари, кои нарочно ѝ одобруваа на Амалија Ивановна и ја дразнеа, зашто претчувствуваа дека двете ќе се фатат за коси. Но Катерина Ивановна не можеше повеќе да издржи, па веднаш, за да слушнат сите, „пресече" дека Амалија Ивановна можеби никогаш немала фатер, ами дека е петербуршка пијана Финкиња, и дека сигурно била некаде готвачка, а можеби и нешто подолно. Амалија Ивановна се вцрви како рак и врисна, велејќи дека можеби Катерина Ивановна „воопшто немало татко, а дека нејзин татко била аус Берлин, и толку долго палто носело и постојано правел: пуф, пуф!" Катерина Ивановна забележи со презир дека нејзиното потекло им е познато на сите и дека, еве, означено е на пофалницата со печатни букви, дека татко ѝ бил полковник, а дека татко ѝ на Амалија Ивановна (ако воопшто имала некаков татко!) сигурно бил некаков петербуршки Финец што продавал млеко; но, по сè изгледа, таа воопшто немала татко, бидејќи досега не се знае какво е татковото име на Амалија Ивановна: Ивановна или Лудвиговна? Сега Амалија Ива-

новна сосем се разбесни, почна да тупка со тупаница на масата, и врисна дека таа е Амаљ-Иван а не Лудвиговна, а дека нејзиниот фатер се „викал Јохан и била бург-мајстер“, а татко ѝ на Катерина Ивановна „никогаш, никогаш не била бург-мајстер“. Катерина Ивановна стана и ѝ одговори остро, но со спокоен глас (иако сета беше побледена и градите многу ѝ се бранувааа) дека ако само уште еден единствен пат се осмели „да го споредува нејзиното страшливо фатерче со нејзиното татенце, дека тогаш таа, Катерина Ивановна ќе ѝ ја грабна капата и ќе ѝ ја изгази под нозе“. Кога го слушна тоа, Амалија Ивановна се растрча по собата и силно фати да вика дека таа е газдарица, и дека Катерина „во овој час да се исели од станот“; потоа почна брзо да си ги собира сребрените лажици. Се слушна громогласна врева; децата се расплакаа, Соња се спушти да ја задржи Катерина Ивановна, но кога Амалија Ивановна одеднаш викна нешто за жолтата книшка, Катерина Ивановна ја турна Соња и ѝ се нафрли на Амалија Ивановна, со намера веднаш да го изврши своето заканување во однос на капчето. Во тој миг се отвори вратата и на прагот ненадејно се појави Петар Петрович — Лужин. Тој стоеше и со остар, внимателен поглед го гледаше целото друштво. Катерина Ивановна се спушти кон него.

III

— Петар Петрович — викна таа — заштитете ме барем вие! Кажете ѝ на оваа глупачка, да не се осмелува вака да постапува со отмена дама, во несреќа, зашто за тоа постои суд... јас ќе одам кај самиот генерал — губернатор... таа ќе одговара... сетете се за гостољубивоста на татко ми и заштитете ме мене сиротицата.

— Молам, госпоѓо... молам, молам, госпоѓо — се бранеше Петар Петрович — вашето татенце, како што знаете и самата, немав чест да го познавам... молам, госпоѓо! (некој гласно се закикоти), а во вашите непрестајни расправии со Амалија Ивановна, немам на-

мера да учествувам... Јас дојдов по своја работа... и сакам веднаш да разговарам со вашата паштерка Софја... Ивановна... ми се чини така се викаше? Дозволете да минам...

И Петар Петрович ја одмина Катерина Ивановна и се упати во спротивниот агол, каде што се наоѓаше Соња.

Катерина Ивановна остана таму каде што стоеше, како удрена од гром. Не сфаќаше, како можеше Петар Петрович да го негира гостоприемството на нејзиниот татко. Штом го измисли тоа гостоприемство веднаш си поверува во него. Ја вчудовиди и деловниот, студен тон на Петар Петрович, во кој имаше и некако презирно заканување. А и сите некако стивнаа малку по малку, кога се појави тој. Тој „деловен, сериозен" човек премногу се разликуваше од сево ова друштво, а и се гледаше дека е дојден заради нешто важно и дека веројатно во ова друштво го довела некаква необична причина, па дека веднаш нешто ќе се случи. Раскољников, кој стоеше до Соња, се тргна настрана за да му направи пат; Петар Петрович, како да не го забележа. Веднаш на прагот се појави и Лебезјатников, но тој не влезе во собата, ами застана на вратата, исто така, со некакво посебно љубопитство, речиси зачуден; почна да слуша, но како да не можеше ништо да сфати.

— Извинете, што ве прекинувам, можеби, но работата е прилично важна — рече Петар Петрович, како да им се обрнува на сите, а не некому посебно. — Мене ми е драго што е ова пред публика Амалија Ивановна, ве молам како газдарица да обрнете внимание на овој мој разговор со Софја Ивановна. Софја Ивановна — продолжи тој, обрнувајќи ѝ се сега на Соња, која беше многу зачудена и однапред веќе исплашена — по вашата посета исчезна од мојата маса во собата на мојот пријател Андреј Семјонович Лебезјатников една моја банкнота во вредност од сто рубли. Ако знаете и ако можете да ни соопштите, каде е таа банкнота сега, јас ви давам чесен збор и ви изјавувам пред сиве сведоци дека работата ќе заврши со тоа. Во противен

случај, јас ќе морам да употребам сериозни средства, а потоа... обвинувајте се себеси!

Мртва тишина завладеа во собата. Се смирија и расплаканите деца. Соња стоеше бледа како смрт, го гледаше Лужина и не можеше да одговори. Како уште да не го разбираше. Поминаа неколку мига.

— Па, што ќе речете? — праша Лужин, гледајќи ја упорно.

— Јас, не знам... јас ништо не знам... — проговори Соња најпосле со слаб глас.

— Не? Не знаете? — ѝ го врати прашањето Лужин и помолчи неколку мига. — Размислете, мадмазел — започна тој остро, но сè уште како да ја наговара — промислете, јас можам да ви оставам уште време, да размислите. Ве молам: ако јас не бев олку уверен, се разбира, со ова свое искуство, немаше да се осмелам да ве обвинам вака наеднаш, зашто штом ве обвинувам олку отворено и очигледно, ако се покаже дека е тоа лажна или само погрешна клетва, јас сум донекаде одговорен. Јас го знам тоа. Изутрина јас раситнив, бидејќи ми беа потребни неколку банкноти од по петстотини во номинален износ од три илјади рубли. Сметката ја имам запишано во портофелот. Кога дојдов дома, јас — сведок ми е Андреј Семјонович — зедов да ги бројам парите; пребројв две илјади и триста рубли и ги ставив во портофелот, а портофелот — во џебот од палтото. На масата останаа околу петстотини рубли во банкноти и меѓу нив три банкноти по сто рубли. Тогаш дојдовте вие (по моја покана), и целото време кај мене обично бевте збунета, такашто во разговорот трипати станавте и некако брзавте да си одите, иако нашиот разговор уште не беше завршен. Андреј Семјонович тоа може да го посведочи. Вие, мадмазел, секако нема да речете не, ами ќе потврдите и ќе изјавите, дека јас по Андреј Семјонович ве поканив само за да разговарам со вас за бедната и беспомошна состојба на вашата роднина, Катерина Ивановна, кај која јас не можев да дојдам на задуша, и за тоа дека би било добро да се уреди во нејзина корист некаква собирна акција, лотарија, или нешто слично. Вие ми се заблагодаривте и дури заплакавте. (Јас кажувам онака како

што беше, за да ве потсетам најпрвин, а потоа и за да покажам, дека кај мене не е заборавена ни најмалата ситница.) Потоа зедов од масата една банкнота од десет рубли и ви ја дадов, како мој подарок за вашата роднина за прва помош. Сетоа тоа го виде Андреј Семјонович. Потоа ве испратив до вратата — а вие постојано бевте збунета; потоа останав сам со Андреј Семјонович и со него разговарав десетина минути, а кога излезе Андреј Семјонович јас пак дојдов до масата на која се наоѓаа парите, за да ги пребројам и да ги ставам на посебно место, како што имав решено порано. Многу се зачудив кога видов дека нема една стотка. Значи, повелете да размислите: во Андреј Семјонович воопшто не можам да се посомневам; дури ми е срам од таа помисла. Во сметката, исто така, не сум можел да се збунам, бидејќи малку пред вашето доаѓање ја имав завршено сметката и конечната сума се согласуваше. Признајте и самата: кога се сетив за вашата збунетост, за вашето брзање да си одите, а потоа и за тоа дека некое време ги држевте рацете на масата, па кога, најпосле, ја забележав вашата општествена положба, и вашите навики, што настануваат во неа, јас м о р а в, би рекол, со ужас и дури и преку својата волја да се посомневам, иако, вистина, тоа е сурово — но е праведно. Додавам уште и повторувам: и покрај сета моја очигледна увереност јас сега во ова обвинување сепак ризикувам нешто. Но како што гледате, јас тоа не го оставив само така; јас станав да протестирам и ќе ви кажам зошто: единствено поради вашата црна неблагодарност, госпоѓице! Токму така! Јас самиот ве повикувам во интерес на вашата пресиромашка роднина, јас ви давам милостиња од десет рубли, според моите можности, а вие мене тука веднаш за сето тоа ми враќате со ваква постапка! Не, тоа не чини! Треба да добиете лекција! Размислете; нешто повеќе, јас ве молам како вистински пријател (бидејќи подобар пријател во овој момент не можете да имате), опаметете се! Инаку јас ќе бидам безмилосен! Па, значи?

— Јас ништо не ви зедов — прошепоти Соња преплашена — вие ми дадовте десет рубли, еве ви ги!

Соња го извади од џебот шамичето, го најде јазелот, го одврза, ја извади банкнотата од десет рубли и ја стави во раката на Лужин.

— А, значи, не ги признавате тие сто рубли? — изговори тој со прекор и упорно, не земајќи ја банкнотата.

Соња се обврна. Сите гледаа во неа со толку ужасни, остри, подбивни, непријателски лица. Го погледна Раскољников... тој стоеше до ѕидот, со скрстени раце и ја гледаше со пламенен поглед.

— Ох, господе боже! — ѝ се откина на Соња.

— Амалија Ивановна, треба да ѝ се јави на полицијата, ве молам најпокорно, викнете го засега барем чуварот — рече Лужин тивко и дури и љубезно.

— Гот дер бармхерциге![1]) Јас знаев, дека таа крадело! — плесна со раце Амалија Ивановна.

— Вие сте знаеле? — прифати Лужин. — Значи вие порано сте имале барем некоја причина да доаѓате до вакви заклучоци. Ве молам, препочитувана Амалија Ивановна, да ги запаметите вашите зборови, што ги рековте, впрочем, пред сведоци.

Од сите страни се слушна гласен разговор. Сите се размрдаа.

— Што — о — о! — наеднаш викна Катерина Ивановна, откако се созеде, и му се нафрли на Лужина, — што! Вие неа ја обвинувате за кражба? Зарем Соња? Ах, подлеци, подлеци!

Таа се спушти кон Соња и цврсто ја гушна со своите исушени раце.

— Соња! — како си смеела да ги примиш од него десетте рубли! Оф, будалинко! Дај ми го тоа! Дај ми ги веднаш тие десет рубли — еве!

И Катерина Ивановна ѝ ја истргна банкнотата на Соња, ја стутка во рацете и му ја фрли на Лужин право во лицето. Топчето го погоди во окото и отскокна на подот. Амалија Ивановна се спушти да ги дигне парите. Петар Петрович се разлути.

---

[1]) Милостив господе — герм.

— Држете ја лудата! — викна тој.

Тогаш на вратата до Лебезјатников се појавија уште неколку лица, меѓу кои зиркаа и двете новодојдени дами.

— Што? Луда? Зарем јас сум луда? Глупак? — врисна Катерина Ивановна. — Ти си глупак, судски неранимајко, подлец! Соња, Соња нему ќе му земела пари! Соња била крадачка! Таа уште тебе би ти дала, глупаку! — и Катерина Ивановна хистерично се закикоти. — Го видовте ли глупавиот? — се изврти таа на сите страни, покажувајќи им го на сите Лужина. — Што, зарем и ти? — наеднаш таа ја забележа газдарицата, — зарем и ти, колбасичарко, потврдуваш дека „крадело", ти подла пруска кокошкина ного во кринолин! Ах вие! Ах вие! Та таа не излезе од собава, а кога дојде откај тебе седна овде до мене; сите видоа. Еве, седна до Родион Романович!... Претресете ја Штом не отиде никаде, парите мора да се кај неа! Ајде, барај, барај, барај! Но, ако не најдеш, тогаш, прости гулапче, ќе одговараш! Ќе отрчам до царот, кај царот, кај самиот милосрден цар, ќе му се фрлам пред нозете, веднаш, уште денеска! Јас сум сиротица, мене ќе ме пуштат! Да не мислиш дека нема да ме пуштат? Не бладај, ќе одам кај него! Ќе одам! Ти си сметал со тоа дека таа е кротка! Со тоа си сметал! Но затоа јас сум воинствена! Ќе настрадаш! Ајде, барај! Барај, барај, барај, ајде барај!

И Катерина Ивановна сета бесна почна да го влече кон Соња.

— Добро, јас знам што правам и одговарам... но смирете се, госпоѓо, смирете се! Многу добро гледам дека сте воинствена!... Тоа ... тоа... како тоа? — промрмори Лужин — тоа треба да се изведе пред полиција... иако, впрочем, и сега има премногу сведоци... добро... но, во секој случај, незгодно е тоа да го прави маж... поради полот... ако сака да помогне Амалија Ивановна... но тоа не се прави така... ама како може така.

— Како што сакате! Нека претресува кој сака! — викна Катерина Ивановна — Соња преврти им ги џебовите! Еве, еве! гледај, идиоту, еве, празен е џебов,

тука беше шамичето, џебот е празен, гледаш ли! Еве и другиот џеб, еве, еве! гледаш ли, гледаш ли!

И Катерина Ивановна не само што ги преврти обата џеба, и ги извлече надвор. Но од другиот џеб, од десниот, наеднаш падна банкнота, се изврти во воздухот и падна пред нозете на Лужина. Сите го забележаа тоа, мнозина викнаа. Петар Петрович се наведна ја фати со два прсти банкнотата и ја дигна од подот за да ја видат сите, ја одвитка. Тоа беше банкнота од сто рубли, осумпати здиплена. Петар Петрович, замавта во воздухот покажувајќи ја пред сите банкнотата.

— Крадачка! Надвор од стан! Полиц, полиц! — зацимоли Амалија Ивановна — треба да се протера во Сибир. Надвор!

Од сите страни се слушнаа извици. Раскољников молчеше, не ги тргнуваше очите од Соња и само понекогаш брзо го погледнуваше Лужина. Соња стоеше на истото место како без свест; не изгледаше дури ни зачудена. Одеднаш црвенило ѝ го покри лицето; таа крикна и си го покри лицето со рацете.

— Не, јас не го сторив тоа. Јас не ги зедов! Јас не знам! — викна таа како да лелека, со сето свое растреперено срце, и се спушти кон Катерина Ивановна.

Катерина Ивановна ја фати и силно ја прегрна, како да сакаше со своите гради да ја заштити од сите.

— Соња! Соња! Јас не верувам! Гледаш ли, јас не верувам! — викаше (и покрај сета очигледност) Катерина Ивановна, тресејќи ја со рацете како дете, бацувајќи ја безбројпати, фаќајќи ја за рацете и впивајќи ги усните во нив. — Ти да украдеш! Ама овие се глупаци! Ох, господи! вие сте глупаци, вие сте глупаци — викаше таа, обрнувајќи им се на сите, — та вие не знаете, не знаете какво е тоа срце, каква девојка е таа. Зарем таа да земе, таа! Та, таа ќе го слече својот последен фустан и ќе го продаде, ќе оди боса, а ќе ви даде вам ако треба, таква е таа! Таа доби жолта книшка затоа што моите деца умираа од глад, се продаде себеси за нас!... Ах, покојнику, покојнику!

Ах, покојнику, покојнику! Гледаш ли? Гледаш ли? Еве ти задуша! Господи! Ама бранете ја, зошто сите стоите така! Родионе Романович! Зошто не се заземете? И вие ли верувате? Вие не сте достојни ни за нејзиниот мал прст, сите вие, сите, сите! Господи! Ама заштитете ја, најпосле! — плачот на бедната, офтичава, несреќна Катерина Ивановна, како да им остави силен впечаток на присутните. Толку јад и страдање имаше во тоа лице, искривено од болка, исушено, офтичаво, на тие суви усни, на кои имаше засирена крв, во тој зарипнат крескав глас, во тоа плачење, што прилегаше на, детски плач, во таа доверлива, детска и воедно очајна молба за заштита, така што се чинеше, дека сите ја жалеа несреќната. Барем Петар Петрович веднаш се с о ж а л и.

— Госпоѓо! Госпоѓо! — викна тој уверливо. Таа работа не се однесува на вас! Никој нема ни да се осмели, да ве навреди за таква намера, или за договор, особено затоа што ѝ го кажавте тоа, кога ѝ го превртивте цебот; значи, вие не сте ни очекувале. Јас сум готов да се сожалам, ако Софја Семјоновна на тоа била натерана од сиромаштијата, но зошто, мадмазел, не сакавте да признаете? Да не се плашевте од срамот? Да не ви е прв чекор? Или да не се збунивте? Тоа е разбирливо, многу разбирливо... Но зошто се оддавате на такви својства! Господа! — им се обрна тој на сите присутни, — господа! Јас жалам, и така да речам, сочувствувам, па сум готов да простам, дури и сега, и покрај сета лична навреда, што ја претрпив. А пак вам, мадмазел, денешнава срамота нека ви биде поука за во иднина — ѝ се обрна тој на Соња — а сето друго го бришам од умот и прекинувам, како да не се случило ништо. Доста е!

Петар Петрович го погледна подоко Раскољникова. Погледите им се сретнаа. Пламениот поглед на Раскољников беше готов да го изгори. Катерина Ивановна, меѓутоа, како да не слушаше повеќе ништо: како споулавена таа ја бацуваше и ја гушкаше Соња. И децата ја држеа со своите рачички Соња од сите страни. А Полечка, која не разбра добро што е тоа, силно се расплака, па се тресеше од плачење, убавичкото лице

ѝ се кривеше од плачење и таа го скри на рамото од Соња.

— Колку подло е тоа! — ненадејно проговори силен глас откај вратата.

Петар Петрович се обѕрна.

— Каква подлост? — повтори Лебезјатников, упорно гледајќи го во очите оној што го рече тоа.

Петар Петрович како да затрепери. Сите го забележаа тоа. (Подоцна се сеќаваа за тоа.) Лебезјатников влезе во собата.

— И вие се осмеливте да ме земете за сведок? — рече тој доближувајќи му се на Петар Петрович.

— Што значи ова, Андреј Семјонович? За што зборувате? — промрмори Лужин.

— Тоа, значи дека вие сте клеветник, ете, што значат моите зборови! — изговори Лебезјатников пламено, остро гледајќи го со своите кратковиди очи.

Тој ужасно се разлути. Раскољников ги впери во него очите, како да му го фаќа и мери секој збор. Пак настапи тишина. Петар Петрович дури и се збуни, особено во почетокот.

— Ако мислите мене... — почна тој пелтечејќи — што ви е вам? Да не сте мрднат?

— Јас не сум мрднат, а вие, еве вие сте — лажго! Ах, колку е подло тоа! Јас слушав сè, јас намерно чекав за да сфатам, зашто ни сега, признавам, уште не е сè сосем логично... Но зошто го сторивте вие сето тоа? Не сфаќам.

— Па што направив јас? Ќе престанете ли со тие ваши бесмислени загатки! Или можеби сте се опиле?

— Можеби вие пиете, подал човеку, но јас не! Јас никогаш не пијам ни вотка, зашто тоа не одговара на моите начела! Замислете си: тој, тој самиот со сопствени раце ѝ ја даде таа стотка на Софја Семјоновна — јас видов, јас сум сведок, јас ќе се заколнам! Тој, тој! — повторуваше Лебезјатников, обрнувајќи им се на сите.

— Ама да не сте се мрднале од умот, пилиштарец ниеден? — праша Лужин. — Еве ја неа пред вас цела-та; таа пред малку пред сите потврди, дека освен де-

сетте рубли друго ништо не добила од мене. Како сум можел јас да ѝ го дадам тоа?

— Јас видов, видов! — викаше и тврдеше Лебезјатников. — Иако е спротивно на моите начела да се колнам, јас сум готов во овој час да се заколнам пред судот со каква сакате заклетва, зашто јас видов, како вие ѝ го тутнавте тоа кришум! Само јас глупавиот си помислив дека вие ѝ го тутнавте тоа за да направите добро дело! На вратата, кога се збогувавте со неа, таа се сврти и вие со едната рака ја стиснавте нејзината рака, а со другата, со левата рака, кришум ѝ ја ставивте банкнотата во џебот. Јас видов! Видов!

Лужин пребледна.

— Зошто лажете! — викна дрско. — А и како сте можеле вие да ја видите банкнотата, кога стоевте крај прозорецот! Вам така ви се сторило... со кратковидите очи. Вие тресете глупости.

— Не, не ми се стори! Навистина јас стоев далеку, но сепак сè видов, па иако од прозорецот тешко можеше да се познае банкнотата — точно рековте — но јас поради нешто сепак знаев со сигурност дека тоа е токму стотка, бидејќи кога на Софја Семјоновна ѝ ја дававте банкнотата, јас видов — од масата ја зедовте стотката. (Тоа го видов зашто тогаш стоев близу, па бидејќи веднаш ми дојде во умот една мисла, не заборавив, дека во раката ја имате банкнотата.) Вие ја здипливте, ја стиснавте во раката и ја држевте сето време. Потоа јас пак заборавив, но кога станувавте, ја преместивте од десната во левата и за малку ќе ја испуштевте; сега пак се сетив, бидејќи пак ми дојде во умот истата мисла дека вие кришум од мене имате намера да ѝ направите добро дело. Ќе погодите и самиот, колку почнав да внимавам — па забележав, како успеавте да ѝ ја ставите во џебот. Јас видов, видов, јас ќе се заколнам.

На Лебезјатников речиси му запре здивот. Од сите страни се слушнаа секакви извици, најмногу на чудење, но се слушнаа и извици што имаа заканувачки тон. Сите се собраа околу Петар Петрович. Катерина Ивановна се спушти кон Лебезјатников.

— Андреј Семјонович, јас се излажав во вас. Одбранете ја! Таа е сиромашна, бог ве испратил вас! Андреј Семјонович, гулапче, баќушка!

И Катерина Ивановна, речиси и не знаејќи што прави, се фрли пред него на коленици.

— Глупости! — викна Лужин збеснет и разгневен. — Вие дробите глупости, господине... Заборавил, се сетил, се сетил, па заборавил, — што е тоа! Значи, јас намерно сум ѝ ја подметнал? Зошто? Со каква цел? Што имам јас со тоа...

— Зошто? Токму тоа и јас не го разбирам, но точно е, дека кажувам вистинит факт! Јас воопшто не се лажам, одвратен, наопачен човеку, па и се сеќавам, дека веднаш поради тоа ми се јави во умот прашањето, и тоа токму тогаш, кога ви благодарев и ви ја стиснав раката. Зошто кришум ѝ ја ставате во џебот. Тоест, зошто така кришум? Да не сакате да скриете од мене, — си мислев — знаејќи дека јас имам спротивни начела, па дека го осудувам приватното добротворство, кое не ветува ништо радикално. Значи, заклучив, дека ви е срам да давате пред мене толку пари, а, освен тоа, си помислив: можеби сака да ја изненади, вчудовиди, кога ќе најде во џебот цели сто рубли. (Зашто знам, дека по некои добротвори вака сакаат да се фалат со своите добри дела.) Затоа и си помислив, дека сакате да ја искушавате, дали ќе дојде да заблагодари, кога ќе ги најде. Потоа дека сакате да не ви се заблагодарува, дека сакате, како што се вели, да не знае десната што прави... со еден збор така некако... Но многу мисли ми дојдоа во умот па решив за сè да размислам подоцна, но сепак сметав дека е неделикатно да кажам дека ја знам вашата тајна. Но во истиот миг ми дојде во главата и прашањето: дали Софја Семјоновна нема да ги изгуби парите, уште пред да ги забележи, затоа решив да дојдам ваму па да ја повикам и да ја известам, дека во џебот има ставено стотка. Но патем влегов уште во собата на госпоѓите Кобиљатникови за да им го односам „Општиот заклучок на позитивниот метод“ и посебно да им ја препорачам статијата на Пидерит (впрочем и Вагнеровата), потоа дојдов овде,

а овде, еве ова! Но зарем би можеле, зарем би можеле во мене да се најдат сите тие мисли и такви заклучоци, ако јас немав навистина видено, како во џебот ѝ ја ставивте стотката?

Кога Андреј Семјонович, го заврши своето опширно објаснување создавајќи на крајот од говорот толку логичен заклучок, беше многу изнемоштен и пот му течеше од лицето. За жал, тој на руски не знаеше добро да го искаже тоа (впрочем, не знаеше ни еден друг јазик) така што наеднаш се исцрпи целиот и некако ослабна по тој свој адвокатски подвиг. Но сепак неговиот говор остави извонреден впечаток. Говореше толку запалено, со такво уверување, што очигледно му поверуваа. Петар Петрович почувствува дека му се пишува лошо.

— Што ме интересира мене, викна тој — оти вам ви дошле во умот секакви глупави прашања! Тоа не е доказ! Сето тоа вие можеби сте го виделе на сон, ете! А јас ви велам, господине, дека лажете! Лажете и клеветите поради некаква омраза спреме мене, дури поради пакост, затоа што не се согласив со вашите слободоумни и безбожни социјални погледи, ете во што е работата!

Но таа закачка не му користеше на Петар Петрович, па отсекаде се слушна мрморење.

— Ете каде ја сврти работата! — викна Лебезјатников. — Лажеш! Повикај полиција, јас ќе се заколнам! Само едно не можам да сфатам: зошто се осмели за вакво подло дело! Ех, кутар, подал човеку!

— Јас можам да објаснам зошто се осмелил за вакво дело, а ако треба, и јас ќе се заколнам! — со решителен глас изговори Раскољников и излезе напред.

Се гледаше дека е решителен и спокоен. На сите им стана јасно, штом го погледнаа, дека тој знае во што е работата, и дека доаѓа до расплет.

— Сега со̀сем јасно ми е сѐ — продолжи Раскољников обрнувајќи му се право на Лебезјатников. — Уште од почетокот на тој настан јас почнав да се сомневам дека се работи за некаква гадна измама: фатив да се сомневам поради посебни околности, што ги знам

само јас, а ќе ги објаснам веднаш: во нив лежи сè! А пак вие Андреј Семјонович, со вашиот скапоцен исказ конечно ми објаснивте сè. Молам, нека слушаат сите, сите! Господинов (тој го покажа Лужина) неодамна сакаше да земе една девојка, и тоа мојата сестра, Авдотја Романовна Раскољникова. Но кога допатува во Петербург, завчера, при првата наша средба, тој се скара со мене и јас го истерав; за тоа имам двајца сведоци. Овој човек е многу лош... Завчера уште не знаев дека живее во овој стан, кај вас, Андреј Семјонович, дека во ситиот ден, кога се скаравме, тоест завчера, видел оти јас, како пријател на покојниот господин Мармеладов ѝ дадов на неговата жена Катерина Ивановна малку пари за закоп. Веднаш ѝ напиша писмо на мајка ми и ѝ јави дека јас сум ги дал сите пари, но не на Катерина Ивановна, туку на Софја Семјоновна и притоа со најподли зборови го спомна... карактерот на Софја Семјоновна, тоест, спомна нешто за карактерот на мојот однос спрема Софја Семјоновна. Сето тоа, како што гледате, има за цел мене да ме скара со мајка ми и сестра ми, а нив да ги убеди дека јас парите, со кои ме помагаат, ги растурам за расипани цели. Синоќа пред мајка ми и сестра ми и во негово присуство ја изнесов вистината и докажав дека парите ѝ ги дадов на Катерина Ивановна за закоп, а дека не сум ѝ ги дал на Софја Семјоновна, и дека до завчера Софја Семјоновна не ја ни познавав и дека никогаш не ја имав видено. Притоа додадов, дека тој, Петар Петрович Лужин, со сите свои добродетели, не вреди ни колку малиот прст на Софја Семјоновна, која тој вака ја компромитира. А на неговото прашање: дали јас би ја ставил Софја Семјоновна до мојата сестра? — одговорив дека тоа го направив токму во тој ден. Тој се налути што мајка ми и сестра ми не сакаат да се караат со мене, поради неговите клевети, па почна да им реди непростливи дрскости. Дојде до конечен раскин и ние го истеравме од дома. Сетоа тоа се случи синоќа. Сега ве молам внимавајте добро: ако тој сега замислете си, успееше да докаже дека Софја Семјоновна е крадачка, тој во прв ред ќе им докажеше на сестра ми и на мајка ми, дека речиси имал право во

своите сомневања, дека праведно се разлутил, кога јас напоредно ја спомнав Софја Семјоновна со сестра ми, дека тој, значи, напаѓајќи ме мене, ја штител и ја бранел честа на мојата сестра, негова свршеница. Со еден збор, со сето тоа можеше да ме скара со моите, и се разбира, се надеваше дека со тоа пак ќе им се додворува. А не зборувам за тоа дека ми се одмаздуваше и мене лично, бидејќи имав причини да претпоставувам, оти за мене е необично вредна честа и срекáта на Софја Семјоновна. Ете ја сета негова сметка! Еве, вака јас ја сфатив таа работа. Единствено тоа е причината и не може да има друга причина!

Така или приближно така го заврши Раскољников својот говор, често прекинуван со извиците на присутните, кои, впрочем, внимателно го слушаа. Но и покрај сите прекини тоа го изговори остро, спокојно, точно, јасно, отворено. Неговиот остар глас, увереният тон и решителното лице им оставија необичен впечаток на сите.

— Да, да, така е! — потврдуваше Лебезјатников занесно. — Сосем така е, зашто штом Софја Семјоновна влезе кај нас во собата, тој веднаш праша „дали сте вие таму? дали сум ве видел меѓу гостите на Катерина Ивановна?“ Тој ме викна до прозорецот и таму ме праша. Значи, нему секако му било потребно вие да биде овде! Така е, токму така е сè.

Лужин молчеше и се смешкаше со презир. Меѓутоа, беше многу блед. Се чинеше дека размислува, како да се извлече. Можеби тој на драго срце би напуштил сè и би си отишол, но во овој час речиси и не можеше; тоа ќе значеше признание дека се вистинити сите навреди што се подигаат против него, и дека навистина ја наклеветил Софја Семјоновна. А покрај тоа премногу се размрдаа присутните и тоа така, поднапиени. Коморскиот чиновник, иако не разбра сè, викаше посилно од другите и почна да предлага некакви средства, многу непријатни за Лужина. Но имаше и такви, што не беа пијани; беа собрани од сите соби. Сите три Полјачиња многу се разлутија, па непрестајно му викаа: „пане лајдак!“ и притоа мрмореа на полски јазик уште некакви заканувања. Соња слушаше на-

прегнато, но како да не разбираше сè и како сега да се освестуваше. Само не си ги тргнуваше очите од Раскољников, чувствувајќи дека тој ѝ е сета заштита. Катерина Ивановна дишеше тешко и шиштеше, и, се чинеше, дека е сосем исцрпена. Најглупаво се држеше Амалија Ивановна; со зината уста, како ништо да не сфаќа. Виде само дека Петар Петрович некако паднал во стапица. Раскољников замоли пак да зборува, но не му дозволија да доврши; сите фатија да викаат и се насобраа околу Лужин карајќи го и заканувајќи му се. Но Петар Петрович не се уплаши. Штом виде дека навредата на Соња сосем се изјалови, тој фати да се извлекува со дрскост:

— Молам, господа, молам; не туркајте се, пуштете ме да минам! — велеше пробивајќи се низ толпата, — и ве молам немојте да се заканувате; ве уверувам, дека ништо не ќе има дека ништо нема да постигнете, јас не сум страшливец, ами напротив, господа, вие ќе одговарате, затоа што со насилство прикривте кривично дело. Крадачката навистана е фатена и јас ќе ја гонам. Во судот не се толку слепи и... не се пијани, и нема да им поверуваат на двајца познати безбожници, бунтари и слободни мислители, кои ме обвинуваат мене поради лична одмазда, а поради својата глупост тоа го признаваат и самите... Да, дозволете!

— Уште веднаш да не остане ни трага од вас во мојата соба! Селете се и сè е завршено меѓу нас! И хога ќе смислам, колку запнував и му толкував нему... цели две недели!

— Та јас вам, Андреј Семјонович, до пред малку, кога ме задржувавте, ви реков, дека се селам, а сега уште ќе додадам дека вие сте глупак. Сакам да си го излекувате умот и вашите болни очи. Молам господа!

Тој се истурка, но коморскиот чиновник не сакаше вака лесно да го пушти, само со пцости: значи ја зграпчи чашата од масата, замавна со неа и ја фрли на Петар Петрович; но чашата летна право во Амалија Ивановна. Таа врисна, а коморскиот чиновник ја загуби рамнотежата од замавнувањето и се бална под масата.

Петар Петрович си отиде во својата соба и по половина час веќе го немаше во таа куќа. Соња, како што беше срамежлива по природа, и порано знаеше дека таа може да биде упропастена полесно од секој друг и дека секој може да ја навредува речиси неказнето. Но сепак досега ѝ се чинеше дека може некако да ја избегне неволјата — со претпазливост, кроткост, покорност пред секого. Нејзиното разочарување беше премногу големо. Знаеше, се разбира, стрпливо и без мрморење да поднесува сè, па и тоа. Но отпрвин ѝ беше премногу тешко. И покрај својата победа и оправдување, сепак, кога ѝ помина првиот страв и првата згрозеност, па сфати сè, — чувството на беспомошност и потиштеност болно ѝ го стегна срцето. Падна во хистерија. Најпосле, не издржа, ами излезе од собата и отрча дома. Тоа беше речиси веднаш по заминувањето на Лужин. Ни Амалија Ивановна, кога ја погоди чашата, што предизвика гласно смеење на сите присутни, не сакаше да биде предмет за шегобиство. Врисна како побеснета и се нафрли врз Катерина Ивановна, сметајќи ја за виновна за сè.

— Надвор од стан! Веднаш! Марш!

И при тие зборови почна да ги граба пљачките на Катерина Ивановна што ќе ѝ дојдеа до рацете, и да ги фрла на подот. Катерина Ивановна, и така столчена, речиси онесвестена, без здив, бледа, скокна од постелата, на која беше истркалана поради изнемоштеност, ја нападна Амалија Ивановна. Но борбата беше премногу нерамноправна; Амалија Ивановна ја оттурна како пердув.

— Што! Малку ли е тоа што неа толку безбожно ја наклеветија, — оваа небидница сега ме јаде мене! Како може? На денот на закопот од мојот маж, откако ги нагостив сите, таа ме тера од станот на улица, со сирачињата! А каде да одам! — викаше кутрата, плачејќи и треперејќи. — Господи — викна наеднаш и очите ѝ блеснаа — зарем нема правда! кого ќе го заштитиш ти ако не нас, сиромасите? Но ќе видиме! На светов има суд и правда, има, јас ќе ги најдам! Веднаш, чекај, безбожен гаду! Полечка, остани со децава, јас

ќе се вратам. Почекајте ме, макар и на улица! Да видиме, дали има правда на светов!

Префрлајќи ја преку главата басмената зелена шамија, што ја спомнуваше покојниот Мармеладов во своето раскажување, се протурка низ раздвижената толпа пијани станари, кои уште се туркаа во собата, и истрча на улица викајќи и плачејќи — со нејасна цел, веднаш, каде и да било, во овој час и по секоја цена да ја пронајде правдата. Полечка исплашена се прибра со децата на крајот од сандакот, ги гушна двете мали и фати треперејќи да ја чека мајка си. Амалија Ивановна со брзи чекори шеткаше по собата, викаше, се жалеше, фрлаше на подот сè што ќе ѝ дојдеше до рацете, се дереше. Викаа и станарите. Секој на свој начин — некои го довршуваа она што го знаеја за случајот, други се караа и пцуеја, а некои пееја.

„Сега е време и јас да си одам!“ — си помисли Раскољников. — „Ајде, Софја Семјоновна, да видиме, што ќе речете сега!“

IV

Раскољников беше активен и бодар адвокат на Соња против Лужин, иако и самиот носеше во душата толкав сопствен ужас и страдања. Но бидејќи изутрината толку се измачи, сега го радуваше можноста да си ги измени впечатоците, што му станаа неподнесливи, без обѕир на тоа, толку лично и срдечно имаше во неговото настојување да ја одбрани Соња. Освен тоа, на ум го имаше и страшно го возбудуваше, особено на моменти, претстојниот состанок со Соња: тој мораше да ѝ соопшти, кој ја убил Лизавета, и го претчувствуваше страшното страдање, па се бранеше од него мавтајќи со рацете. И затоа, кога излегувајќи откај Катерина Ивановна викна: „Ајде, Софја Семјоновна, што ќе речете сега?“ — очигледно уште беше во некаква надворешно-возбудена состојба на бодрост, поради предизвикот и неодамнешната победа над Лужин. Но му се случи нешто чудно. Кога дојде до станот на Капернаумови, во себе почувствува ненадејна немоќ и страв. За-

стана во недоумица пред вратата со чудното прашање: „Дали треба да ѝ се каже, кој ја убил Лизавета?“ Прашањето беше чудно, зашто во исто време почувствува дека не само што не може да не каже, ами, дека не може дури ни малку да го одложи моментот. Уште не знаеше, зошто не може; тој само го почувствува тоа — а таа болна свест за својата немоќ пред неопходноста го измачуваше. За да не размислува понатаму и да не се мачи, наеднаш ја отвори вратата и уште од прагот ја виде Соња. Таа седеше потпрена со лактите на масичката и со дланките си го беше покрила лицето, но кога го забележа Раскољникова набрзина стана и му појде во пресрет, како да го очекуваше.

— Што ќе станеше со мене, да не бевте вие! — проговори таа брзо, кога се сретнаа среде собата. Очигледно беше дека што побргу сакала да му го каже ова, затоа и чекала.

Раскољников дојде до масата и седна на столот, од кој штотуку беше станала таа. Соња застана на два чекора пред него исто како вчера.

— Што е, Соња? — рече и наеднаш почувствува, дека му трепери гласот. — Та оваа работа се засновуваше „врз општествената положба и врз навиките што ја следат“. Го сфативте ли тоа пред малку?

На нејзиното лице се јави болка.

— Само, немојте со мене да зборувате како вчера! — го прекина таа. — Ве молам, немојте да започнувате! И така имам доста маки...

Потоа се уплаши дека можеби нема да му се допадне тој прекор и бргу-бргу се насмевна.

— Лудо постапив, што си отидов оттаму. Што станува сега таму? Сега сакав да одам, но сè си мислев дека вие... ќе дојдете веднаш.

Раскољников ѝ кажа дека Амалија Ивановна ги тера од станот и дека Катерина Ивановна отрчала некаде, за да „бара правда“.

— Ах, господи! — скокна Соња. — Да одиме побрзо... — и таа го грабна своето палто.

— Постојано едно и исто! — викна Раскољников раздразнет. — Во вашиот ум се само тие! Останете со мене!

— А . . . Катерина Ивановна?

— Катерина Ивановна нема да ви побегне, самата ќе дојде кај вас, штом веќе излезе од дома — додаде тој зајадливо. — Ако не ве затече, вие ќе бидете виновна. . .

Соња седна на столот во тешка недоумица. Раскољников молчеше, гледаше вземи и нешто размислуваше.

— Да речеме, Лужин сега не сакаше — започна тој не гледајќи ја Соња. — Но да сакаше, или некако да му одеше во сметка, тој ќе ве ставеше в затвор, ако не се најдевме таму јас и Лебезјатников. Нели?

— Да — одговори Соња со слаб глас. — Да! — повтори таа раздразнето и возбудено.

— А навистина можеше да се случи, да не се најдам таму! И Лебезјатников сосем случајно се најде таму!

Соња молчеше.

— А да ве пикнеше в затвор, што ќе правевте? Се сеќавате ли што ви велев вчера?

Соња пак не му одговори. Раскољников причека.

— А јас мислев, пак ќе викнете: „Ах, не зборувајте, престанете!“ — се насмевна Раскољников, но некако сосила. — Што е, зарем пак молчиш? — праша по малку. — Та треба да разговараме за нешто. Ете, мене ме интересираше да дознам, како сега би решиле едно „прашање“, како што вели Лебезјатников. Како да започна да се збунува. Не, јас ова го велам навистина сериозно. Замислете си Соња, однапред да ги знаевте сите намери на Лужин, ќе знаевте, и тоа со сигурност, дека поради нив докрај ќе пропаднеше Катерина Ивановна, па и децата, а и вие заедно со нив, зашто вие не се ни сметате нешто друго, освен нивни додаток. Полечка исто така. . . Зашто и таа ќе го фати истиот пат. Е, па, значи: кога би ви дале да решите, кој треба да живее на светов, тоест, дали треба да живее Лужин и да прави зло, или да умре Катерина

Ивановна — што би решиле вие: кој да умре од нив? не прашувам.

Соња го погледна вознемирено: таа насети нешто особено во тој нерешителен говор што се приближуваше кон нешто оддалеку.

— Јас веќе претчувствував дека ќе ме прашате вака — рече гледајќи го љубопитно.

— Добро, добро; но што би решиле вие?

— Зошто ме прашувате за она што е невозможно? — одговори Соња нерасположена.

— Подобро е, значи Лужин да живее и да прави зло! Вие не се осмеливте, ни тоа да го решите?

— Та јас не можам да го знам божјето провидение... И зошто ме прашувате за нешто што не смее да се праша? Зошто вакви празни прашања? Како би можело да се случи тоа да зависи од моето решение? И зарем смеам јас да оценам; кој да живее, а кој да не живее?

— Па ако се замешаат прстите на бога, не можеш ништо — промрмори мрачно Раскољников.

— Подобро е отворено да кажете што сакате! — Викна Соња со болка. — Пак имате некаква цел... зарем само за да ме мачите дојдовте овде!

Не можеше да истрпи, ами горчливо заплака. Раскољников ја гледаше мрачен и налутен. Минаа пет минути.

— Имаш право Соња — рече тој најпосле. Наеднаш се измени; му исчезна наместено-дрскиот и немоќно-предизвикувачкиот тон. И гласот наеднаш му ослабна. — Вчера јас ти реков дека нема да дојдам за да молам за прошка, а, еве, речиси започнав со тоа, започнав да молам за прошка.... Јас зборував нешто за себе, за Лужин и за провидението... Јас молев за прошка.... Соња...

Сакаше да се насмевне, но на бледото лице му се појави нешто немоќно, нешто недовршено. Ја спушти главата и си го покри лицето со рацете.

Необично, неочекувано чувство на голема омраза спрема Соња му мина во срцето. Зачуден и заплашен од тоа чувство, ја дигна главата и го сврти погледот кон неа но го сретна нејзиниот неспокоен и до мачи-

телност загрижен поглед; тука имаше љубов; омразата му се изгуби како привидение. Тоа не беше она што си го замислуваше; погрешно го оцени чувството. Тоа значеше само дека дошол ч а с о т.

Пак си го покри лицето со раце и ја наведна главата. Но по малку стана, ја погледна Соња и без да рече збор махинално седна на нејзиниот кревет.

Тој момент, според неговото сеќавање, многу прилегаше на оној, кога стоеше зад бабата, со веќе извлечена секира и кога почувствува дека веќе „ни момент не смее да губи".

— Ама што ви е? — праша Соња сета уплашена.

Раскољников не можеше да прозбори ни збор. Нешто, сосем, нешто сосем друго мислеше дека ќе с о о п ш т и, па ни самиот сега не сфаќаше што му е. Соња му пристапи тивко, седна до него на креветот, и почека, не спуштајќи ги очите од него. Срцето ѝ тупкаше и ѝ замираше. Веќе беше неподнесливо; Раскољников го сврти кон неа своето лице, бледо како на мртовец; усните немоќно му беа искривени мачејќи се да изговорат нешто. Страв мина низ срцето на Соња.

— Што ви е? — повтори таа, повлекувајќи се малку назад.

— Не ми е ништо, Соња. Не плаши се... Глупости! Ако размислам добро глупости — мрмореше, како да е во бунило. — Зошто дојдов да те мачам? — додаде тој гледајќи ја. — Зошто навистина? Тоа прашање си го поставувам себеси, Соња...

Можеби пред четврт час само си го поставуваше тоа прашање, но сега го изговараше сосем немоќен, речиси избезумен и постојано треперејќи.

— Ох, колку се мачите! — изговори таа со болка, вперувајќи го погледот во него.

— Сето тоа се глупости!... Знаеш ли што Соња, (тој малку се насмевна, некако бледо и немоќно) дали се сеќаваш што сакав да ти кажам вчера.

Соња чекаше мирно.

— На заминување ти реков дека можеби засекогаш се простувам со тебе, но дека ако дојдам денеска, ќе ти кажам... кој ја убил Лизавета.

На Соња ѝ затрепери целото тело.

— Па, еве, значи, дојдов, да ти кажам.

— Вие вчера навистина... — одвај сосила прошепоти таа. — Од каде го знаете тоа? — праша набрзина, како наеднаш да се созела.

Соња фати тешко да дише. Лицето ѝ стануваше сè побледо.

— Знам.

Таа молчеше некое време.

— Зарем г о нашле? — праша срамежливо.

— Не, не го имаат најдено.

— А од каде го знаете вие т о а? — пак праша Соња, одвај чујно, и пак по кратко молчење.

Раскољников се сврти кон неа и ја погледна.

— Погоди! — изговори тој со таа искривена, немоќна насмевка, како пред малку.

Како да му се грчеше целото тело.

— Ама вие... мене... а зашто ме плашите така?... — рече таа смешкајќи се како детенце.

— Бездуго сум м у добар пријател... штом знам, — продолжи Раскољников, сè уште гледајќи ѝ во лицето, и како веќе да не може да ги одвои очите од неа. — Тој не сакаше да ја убие ... неа, Лизавета... Неа... ја уби случајно... Старицата сакаше да ја убие... кога беше сама... и дојде... а притоа влезе Лизавета... па ја уби и неа.

Мина уште еден ужасен момент. Непрестајно се гледаа.

— Значи, не можеш да погодиш? — праша тој со чувство, како да паѓа прудолу од камбанарија.

— Н-не можам — прошепоти Соња толку гласно колку да се чуе.

— Ајде, види подобро!

Штом го рече тоа, пак му ја исполни душата она преѓешното чувство: ја гледаше, а наеднаш како во нејзиното лице да го забележа лицето на Лизавета. Јасно го запамети изразот на лицето од Лизавета кога ѝ се приближуваше со секирата, а таа се повлекуваше назад кон ѕидот, со сосем детска вчудовиденост на лицето, токму така, како кога малите деца се плашат од нешто па неподвижно и неспокојно гледаат во тоа што

ги заплашува, се повлекуваат, ги протегаат пред себе рачичките и се готови да заплачат. Речиси истото се случи и сега со Соња: исто така немоќна, со иста таква вчудовиденост го гледаше таа некое време, а потоа брзо ја протегна белата рака, сосем лесно му ги допре градите со прстите и полека фати да станува од креветот, сè повеќе и повеќе повлекувајќи се од него и постојано гледајќи го со здрвениот поглед. Нејзиниот ужас се пренесе и врз него: иста таква вчудовиденост се јави и на неговото лице, исто така фати и тој да ја гледа неа, и тоа речиси со иста таква д е т с к а насмевка.

— Погоди ли? — прошепоти тој.

— Оф, господи! — ужасен лелек ѝ се истргна од градите.

Изнемоштена се спушти на постелата со лицето кон перницата. Но наеднаш брзо стана, му се доближи, му ги фати обете раце, цврсто му ги стисна со своите танки прсти и пак почна неподвижно, како здрвена да му гледа во лицето. Со тој последен, очаен поглед сакаше да види и да улови барем некаква последна надеж. Но немаше надеж; не остануваше никакво сомневање; сè беше т а к а! Подоцна, кога се сеќаваше за овој миг, ѝ беше необично и чудно: зошто н а е д н а ш тогаш увиде дека веќе нема никакво сомневање. Та не можеше да каже, на пример, дека претчувствувала нешто такво. А сепак сега, штом ѝ го кажа тоа, ѝ се стори д е к а навистина г о претчувствувала.

— Немој, Соња, остави! Не мачи ме! — замоли Раскољников страдалнички.

Воопшто не мислеше вака да ѝ открие, но т а к а излезе.

Соња скокна, како избезумена, почна да си ги крши рацете и дојде до средината на собата, но наеднаш се врати и пак седна до него, речиси допирајќи го неговото рамо со своето. И како прободена, наеднаш се стресе, викна, па, и самата не знаејќи зошто, се фрли пред него на колеици.

— Ама што, што правите со себеси! — проговори таа во очај.

Потоа скокна од подот, му се фрли и го прегрна стегнувајќи го со рацете со сета сила.

Раскољников се повлече и ја погледна со тажна насмевка.

— Колку си чудна Соња — ме прегрнуваш и ме бацуваш, откако ти кажав за т о а. Ти си сета избезумена.

— Никој, сега никој на светов не е понесреќен од тебе! — викна таа сета надвор од себеси, без да ја слушне неговата забелешка, па заплака како во хистерија.

Веќе одамна непознато чувство му јурна во душата како бран и наеднаш ја смекна. Не му се спротивставуваше: две солзи му излегоа од очите и застанаа на трепките.

— Значи, Соња, ти нема да ме оставиш? — праша Раскољников, погледнувајќи ја речиси со надеж.

— Не, не; никогаш и никаде! — викна Соња. — Јас ќе одам по тебе, секаде по тебе! Ох, господи!... Оф, јас несреќницата!... И зошто, зошто не те запознав порано! Зошто не доаѓаше порано? Оф, господи!

— Па, еве, дојдов.

— Сега! Оф, што ќе правиме сега?... Заедно, заедно! — промрмори како онесвестена и пак го гушкаше... Ќе дојдам на робија со тебе. — Раскољников се стресе, и поранешната непријателска, речиси надмена насмевка пак му се намести на усните:

— Соња, јас можеби уште нема да одам на робија — рече тој.

Соња брзо го погледна.

По првото, страсно и мачно сочувствување со несреќниот пак ја вчудовиди страшната мисла за убиството. Во изменетиот тон на неговите зборови наеднаш се почувствува убиец. Соња го гледаше стаписано. Уште не знаеше ништо, ни зошто, ни како беше тоа. Сега наеднаш во свеста ѝ се јавија тие прашања. И пак не поверува: „тој, тој убиец! та можно ли е тоа?“

— Ама што е тоа? Ама каде сум јас? — проговори Соња во длабока недоумица, како уште да не беше освестена. — Ама како можевте вие в а к о в... како можевте да се решите за тоа?... Ама што е ова?

— Па, за да ограбам! Престани, Соња! — одговори Раскољников некако уморен и нерасположен.

Соња стоеше како занесена, но потоа ненадејно викна:

— Ти си бил гладен! Со тоа си сакал... да ѝ помогнеш на мајка ти? Нели?

— Не, Соња, не — промрмори Раскољников, па се сврти и ја наведна главата — не бев толку гладен... вистина, сакав да ѝ помогнам на мајка ми, но... ни тоа не е сосем точно... немој да ме мачиш, Соња.

Соња плесна со рацете.

— Вистина ли е, вистина ли е тоа? Господи, каква вистина е тоа! Кој ќе поверува во тоа? ... И како можело вие да давате сè што имате кај вас, а ваму да убиете, да ограбите!.. Ах!... — писна таа наеднаш. — Парите што ѝ ги дадовте на Катерина Ивановна... тие пари господи, и тие пари да не се ...

— Не, Соња — брзо ја прекина Раскољников — тие пари не беа од оние, смири се! Тие пари ми ги испрати мајка ми по еден трговец, а јас ги добив кога бев болен, дента кога ги дадов... Разумихин виде... Тој и ги прими наместо мене... Тие пари се мои, сопствени, навистина мои.

Соња го слушаше во недоумица и со сета сила настојуваше да сфати нешто.

— А о н и е пари... јас, впрочем, и не знам, дали таму имаше некакви пари — додаде тој тивко и како да се колеба, — тогаш јас ѝ го симнав од вратот кожното ќесе... полно, преполно, ќесе... Но не ни sирнав во него; дури и не успеав... Да, а предметите, некакви брошеви и синџирчиња, — тие предмети и ќесето ги скрив утредента под еден камен во нечиј двор на В-скиот проспект... И денеска сè се наоѓа таму.

Соња го слушаше напрегнато.

— Па, зошто не сте зеле ништо... кога рековте: за да ја ограбите? — праша таа набрзина, фаќајќи се за сламка.

— Не знам... Уште немам решено, дали ќе ги земам или нема да ги земам тие пари — одговори Рас-

кольников пак како да се колеба, а потоа се созеде, па брзо и кратко се насмевна. — Ех, каква глупост истресов сега, нели?

На Соња ѝ светна мислата: „да нѐ е луд?“ Но веднаш ја остави таа мисла: „не, тука има нешто друго“. Таа, не сфаќаше ништо!

— Знаеш, Соња — проговори Раскољников во некаков занес — знаеш ли што ќе ти кажам: ако ги убиев само затоа што бев гладен — продолжи тој, нагласувајќи го секој збор и гледајќи ја загадночно, но искрено, — јас сега ќе... бев с р е ќ е н! Тоа да го знаеш! А зошто, зошто се интересираш за тоа — викна тој по малку некако очаен, — да, зошто држиш до тоа сега веднаш да ти признам дека сум направил зло! Зошто држиш до таа глупава победа над мене? Ах, Соња, зарем затоа дојдов кај тебе!

Соња сакаше нешто да каже, но замолчи.

— Вчера те викав да дојдеш со мене, зашто само ти си ми останата.

— Каде ме викаше? — праша Соња.

— Не те викав за да крадеш и да убиваш, не плаши се, не те викав за тоа — се насмевна зајадливо, — ние сме различни луѓе... И знаеш ли, Соња, јас дури сега, дури во овој час сфатив, к а д е те викав вчера! А вчера, кога те викав дури и не знаев за каде те викам. Поради нешто те викав, поради нешто дојдов: да не ме оставиш. Нема ли да ме оставиш, Соња?

Таа му ја стисна раката.

— О зошто, зошто ѝ кажав, зошто ѝ го открив тоа! — викна тој по малку, очаен, гледајќи ја со бескрајна болка. — Соња, еве ти очекуваш од мене објаснување, седиш и чекаш, гледам; но што да ти кажам? Та ништо нема да сфатиш, само ќе се измачиш... поради мене! Еве, плачеш и пак ме гушкаш — а зошто ме гушкаш? Затоа што не можев да го носам тоа сам, дојдов и сѐ натоварив на друг: „страдај и ти, полесно ќе ми биде“! Како можеш да сакаш таков подлец?

— Зарем ти не се мачиш? — викна Соња.

Пак истото чувство му јурна во душата како бран и пак наеднаш ја смекна.

— Соња, јас имам лошо срце, запомни: со тоа многу може да се објасни. Дојдов затоа што знаев. Има и такви што не би дошле. А јас сум страшливец и... подлец! Па... добро! Сето тоа не е она... Сега треба да се зборува, а јас не знам како да почнам...

Застана и се замисли.

— Е-ех, ние сме различни луѓе! — викна тој пак. — Не сме еден за друг. И зошто, и зошто дојдов овде! Никогаш нема да си го простам тоа!

— Не, не, добро е што дојде! — фати да вика Соња — подобро е да знам! Многу е подобро!

Тој ја погледна со болка.

— Не знам, всушност! — рече тој како да размислува — не, ете така стана! Еве што: сакав да станам Наполеон, затоа го извршив убиството... Па, разбираш ли сега?

— Н-не разбирам — прошепоти Соња наивно и срамежливо, — зборувај... само зборувај! Јас ќе сфатам, јас во с е б е ќе разберам сè! — го молеше.

— Ќе разбереш? Е, па добро, ќе видиме.

Тој замолчи и долго време размислуваше.

— Еве, во што е работата: еднаш јас си поставив вакво прашање: ако, на пример, на моето место се најдеше Наполеон и ако во почетокот на неговата кариера ги немаше ни Тулон, ни Египет, ни преминувањето преку Монтблан, ами наместо сите тие убави монументални работи пред него стоеше некакво смешно бабиште, регистраторка, која треба да биде убиена, за да може од нејзиниот сандак да украде (заради кариерата, сфаќаш ли?), дали тој ќе се решеше за тоа, ако немаше друг излез? Дали ќе го расколебаше тоа оти ова не е ниту малку монументално и... и оти е грешно? Јас, значи, ти велам, ова „прашање“ долго време ме мачеше, така што ми падна многу срам, кога најпосле се сетив (некако ненадејно) дека тој воопшто не би бил расколебан од тоа, и дека дури не би му ни текнало оти ова не е монументално... дури не би ни сфатил: од што треба тука да биде расколебан? Па, немајќи друг излез, би ја задушил, без да ѝ даде да писне, без воопшто да размислува! Ете, и јас го изоставив размислувањето ... ја задушив... по углед на тие авто-

ритети. Токму така беше! Тебе ти е смешно? Да, Соња, најсмешно ти е тоа што беше токму така...

На Соња тоа воопшто не ѝ беше смешно.

— Подобро е да ми кажувате отворено и без примери— замоли таа тивко.

Раскољников се сврти кон неа, тажно ја погледна и ја фати за раката.

— Пак имаш право, Соња. Сето тоа е бесмислено, речиси обично дрдорење! Гледај: ти знаеш, дека мајка ми е скоро без ништо. Сестра ми случајно има добиено образование, па судбината ѝ определила да талка по светот како гувернанта. Сета надеж им бев јас. Јас учев, но не можев да се издржувам на универзитетот, ами морав да се испишам за некое време. Но дури и да продолжев така, јас по десетина-дванаесет години (кога ќе ми се поправеа условите) сè уште можев да се надевам дека ќе бидам некаков учител или чиновник, со плата од илјада рубли... (Тоа го кажуваше како да го знае напамет.) А дотогаш мајка ми би се исушила од грижи и јад, и јас пак не би можел да ја смирам, а сестра ми... на сестра ми би можело да ѝ се случи и нешто полошо!... и какво е тоа уживање цел живот да минуваш покрај сè и да се оттргнуваш од сè, да ја заборавиш мајка си, а да трпиш ако сестра ти е, на пример, посрамена? Зошто? За откако ќе ги закопам да си најдам нови —е жена и деца, и пак да ги оставам без скршена пара и без парче леб? Е, па, значи, ... јас решив, да дојдам до парите на бабата и со нив, без маката на мајка ми, да си ги обезбедам првите години на универзитетот, првите чекори по универзитетските студии — и сето тоа да го направам опстојно, темелно, така што да си создадам нова кариера и да излезам на нов, самостоен пат... Ете... ете, тоа е сè... Навистина јас ја убив бабата — го направив тоа зло... но, доста!

Сосем исцрпен се довлечка до крајот на својата приказна и легна ничкум.

— Ах, не е така, не — викаше тажната Соња — можно ли е тоа... не, не е така!

— Ти велиш дека не е така... А јас искрено ти ја кажав вистината!

— Каква е таа вистина! Оф, господи!

— Ама Соња, јас убив само вошка, бескорисна, гадна, штетна.

— Ама таа вошка е човечко суштество!

— И јас знам дека не е вошка — одговори Раскољников, чудно гледајќи ја. — Впрочем, јас веќе одамна тресам сенешто, Соња, — додаде тој — веќе одамна бладам... Тоа не е исто, ти имаш право. Навистина тука има сосем поинакви, сосем поинакви причини... Веќе одамна не сум разговарал со никого Соња... Сега многу ме боли главата.

Очите му гореа како во треска. Почна речиси да се цари и неспокојна насмевка му трепереше на усните. Низ душевната возбуденост веќе се насетуваше страшна немоќ. Соња сфати колку се мачи. И нејзе ѝ се заврти умот. Колку чудно зборува тој: небаре нешто разбирливо, но... „ама како! Како! Ох, господи!“ и таа фати да си ги крши рацете, во очај.

— Не, Соња, не е така! — започна Раскољников пак и ја крена главата, како повторно да се стаписа и возбуди од тој нов пресврт во мислите — не е така! Подобро е да си помислиш (да, така е навистина подобро!), да си помислиш, дека јас сум самољубив, завидлив, лош, одвратен, одмаздлив, па... дури и склон кон лудило. (Сè нека биде одеднаш! порано зборуваа за лудило, забележав!) Значи, јас пред малку ти реков дека не можев да се издржувам на универзитетот. А знаеш ли, можеби можев. Мајка ми ќе ми испрати, колку за да уплатам, а за чевли, за облека и за леб бездруго ќе заработев и самиот! Ќе држев часови; ќе ми даваа по половина рубља. Ете, Разумихин работи! А јас станав лош и не сакав да прифатам. Да, с т а н а в л о ш! (Погоден е тој збор!) Тогаш јас како пајак се вовлеков во својот агол. Па ти беше во мојата дупка, виде... А знаеш ли, Соња, ниските тавани и тесните соби го задушуваат умот и душата! Ох, колку ја мразев таа дупка! Па сепак не сакав да излезам од неа. Навистина, не сакав! По цел ден и по цела ноќ

не излегував и не сакав да работам, а не сакав ни да јадам, постојано лежев. Ако ми донесеше Настасја — ќе каснев; ако не ми донесеше — поминував и така; поради лошотијата дури и не барав! Ноќе немам светлина, лежам по темница, а не сакам да заработам за свеќа. Требаше да учам, а јас ги распродадов книгите; на масата кај мене, врз белешките, врз тетратките, и сега се има напластено еден прст прашина. Љубев да лежам и да размислувам. И постојано размислував. А постојано сонував такви соништа, чудни, секакви соништа, не можам ни да ти кажам какви! А потоа почнав да гледам привиденија, да... Не, не е така! Пак не ти кажувам како што треба! Гледаш ли, тогаш јас постојано се прашував себеси: зошто сум толку глупав, па ако се другите глупави, а јас со сигурност знам дека се глупави, зошто не сакам јас да бидам поумен? Тогаш сфатив, Соња, дека нема да дочекам, ако чекам сите да станат умни... Тогаш сфатив уште дека тоа нема да се случи никогаш, зашто луѓето никогаш нема да се изменат и никој не може да ги преобрази, па дека не вреди ни да се троши труд за тоа! Да, така е тоа!... Таков е нивниот закон... Законот, Соња! Така е тоа! И јас сега знам, Соња, дека нивни господар е оној што има силен и голем ум и дух! Оној што се осмелува многу, според нивното мислење, тој има право. Оној што може на многу нешта да плукне, тој им е законодавец, а оној што ќе биде најсмел тој има најмногу право. Така било досега, па така ќе биде довек! Само слепиот не го забележува тоа.

Додека го зборуваше ова, Раскољников ја гледаше Соња, но сеедно му беше дали таа ќе го сфати или не. Почна да го тресе треска. Се наоѓаше како во некаков мрачен занес. (Навистина, одамна немаше разговарано со никого!) Соња сфати дека тој мрачен катехизис станал негова вера и закон.

— Потоа Соња, сфатив — продолжи тој со восхит — дека власта ја добива оној што ќе се осмели да се наведне и да ја земе. Се работи само за едно: треба само да се осмелиш! Тогаш кај мене првпат во животов се појави една мисла, а таа мисла не ја измислил

никој пред мене! Никој! Наеднаш ми светна како јасно сонце дека досега никој не се осмелил и не се осмелува поминувајќи покрај сета таа бесмислица просто да го фати сето тоа за опашка и да го фрли кај ѓаволот! Јас... јас сакав да се о с м е л а м, и убив... Јас само сакав да се осмелам, Соња, тоа е причината за сè!

— Ох, молчете, молчете! — писна Соња и плесна со рацете. — Вие сте се откажале од бога и бог ве победил и ве предал на ѓаволот!

— Навистина, Соња, кога лежев по темница ми се приспоруваше дека ѓаволот ме беспокои.

— Молчете! не смејте се, богохулник, вие не разбравте ништо, ништо! Ох, господи! Тој ништо, ништо не разбира!

— Молчи Соња, јас не се подбивам, и јас знам, дека ме влечеше ѓаволот. Молчи, Соња, молчи! — повтори тој мрачно и енергично — Знам сè. За сето тоа размислував и си шепотев себеси, кога лежев по темница... Сетоа тоа го разјаснив во себе до последната цртичка, и знам сè, сè! И колку ми здодеа, колку ми здодеа тогаш сето тоа дрдорење! Соња, јас сакав сè да заборавам и да започнам одново, па да престанам да дрдорам! Да не мислиш дека јас потамина тргнав како лудак? Јас тргнав како умен човек, и токму тоа ме запусти! И да не мислиш дека не го знаев барем, на пример, ова: што започнав да прашувам и да се испитувам себеси, дали имам право да владеам, — тоа веќе значеше дека немам право да владеам. Или штом се прашувам: дали човекот е вошка? — тоа значи дека човекот з а м е н е веќе не е вошка, ами дека е вошка за оној, на кој не му доаѓа во умот таква мисла и кој чекори право, без да си го постави тоа прашање... Во тие толку денови кога се мачев со прашањето: дали Наполеон би се решил за тоа или не? — тогаш веќе јасно чувствував, дека јас не сум Наполеон... Сепак, ја истрадав сета мака на целото тоа бладање, Соња, па посакав, сета да ја симнам од грбот: посакав, Соња, да убијам без казуистика да убијам заради себе, заради себе самиот! Во тоа не сакав да се лажам ни себеси!

Не го извршив убиството за да ѝ помогнам на мајка ми, — тоа се глупости! Не убив за да се здобијам со средства и власт, за да му бидам добротвор на човештвото. Глупости! Јас просто убив; заради себеси убив, само заради себеси, а дали просто ќе станам нечиј добротвор, или додека живеам, како пајак сите ќе ги фаќам во својата пајажина и од сите ќе ги цицам животните сокови, во тој миг, се разбира, ми беше сеедно!... И што е најважно, Соња, мене не ми беа потребни пари, кога го извршив убиството; не ми беа толку потребни пари, колку што ми беше потребно нешто друго... јас сега знам сè... Разбери ме: да тргнам пак по истиот пат, јас можеби никогаш нема да го повторам убиството. Мене ми беше потребно да дознам друго, нешто друго ме туркаше напред; тогаш морав да дознам, и тоа да дознам што побргу, дали сум вошка, како сите, или сум човек? Дали ќе бидам способен да извршам злосторство или нема да бидам способен? Дали ќе се осмелам да се наведнам и да земам или не? Дали сум треперливо животно или имам п р а в о...

— Да убивате? Имате ли право да убивате? — плесна со рацете Соња.

— Е-ех Соња! — Викна тој нервозно и сакаше нешто да ѝ одговори, но презирно замолчи. — Не прекинувај ме Соња! Само едно сакав да ти докажам: дека тогаш ѓаволот ме натера, а дури потоа ми објасни, дека сум немал право да одам таму бидејќи и јас сум исто таква вошка, како сите други. Тој си биеше шега со мене па затоа сега дојдов кај тебе! Прими го гостинот! Да не мислиш дека ќе дојдев кај тебе да не сум вошка? Слушај: кога отидов кај бабата, јас сакав само да извршам п р о б а... Тоа да го знаеш!

— И ја убивте, ја убивте!

— А како ја убив? Така ли се убива? Така ли се оди за да се изврши убиство, како што отидов јас? Некогаш ќе ти раскажам како тргнав! Та јас не ја убив бабата? Себеси се убив, а не бабата! Веднаш тука се здробив себеси за веки вековв!... А бабата ја уби ѓаволот, не јас... Остави ме, Соња, остави ме! Оста-

ви ме! — викна тој наеднаш грчејќи се од мака, — остави ме!

Се потпре со лактите на колениците и си ја стисна главата со дланките како со клешти.

— Ех, колку голема мака! — испушти Соња, нешто како лелек од болка.

— И, што да правам сега, кажи! — праша Раскољников, гледајќи сè во Соња, со лице искривено од очаеност.

— Што да се прави! — викна таа, станувајќи од своето место, а очите, досега полни со солзи, наеднаш ѝ блеснаа. — Стани! (Таа го фати за рамото, тој стана, гледајќи ја вчудовиден.) — Оди веднаш, во овој миг, застани на раскрсница, поклони се, најпрвин баци ја земјата, што си ја оскврнавил, а потоа поклони му се на целиот свет, на сите четири страни, и речи им на сите гласно: „јас убив“ тогаш бог пак ќе ти испрати живот. Ќе одиш ли? Дали ќе одиш? — го препрашуваше таа сета треперејќи, како да има треска; обете раце цврсто му ги стискаше и со огнен поглед сè гледаше во него.

Раскољников беше вчудовиден, дури и поразен од нејзиниот ненадеен занес.

— Соња, ти веќе зборуваш за робијата, нели? Дали да се пријавам? — праша тој мрачно.

— Да го примиш врз себе страдањето, за да се откупиш со него, ете, тоа треба.

— Не, нема да одам кај нив, Соња.

— А како ќе живееш, како ќе живееш! и со што ќе живееш? — викна Соња. — Зарем можеш и вака? Та како ќе зборуваш сега со мајка ти? (Оф, што ќе стане сега, што ќе стане сега со нив!) Но, што ми е! Та ти веќе си ги напуштил мајка ти и сестра ти. Веќе си ги напуштил, си ги напуштил. Ох, господи! — викна таа. — Сето тоа тој и самиот го знае. Но, како ќе живееш без човекот? Што ќе стане сега со тебе?

— Не биди дете, Соња — проговори Раскољников тивко. — Во што сум виновен пред нив? Зошто да одам! Што да им кажам? Тоа е само привидение... Тие и самите уништуваат милиони луѓе и тоа уште

го сметаат за добродетел! Тие се лажговци и подлеци, Соња!... Нема да одам. И зарем да им кажам дека сум убил, а дека не сум се осмелил да ги земам парите, ами дека сум ги скрил под камен? — додаде тој со зајадлива подбивност. — Па тие ќе ме исмеваат и ќе речат: глупак си, зошто не си ги зел. Страшливец и глупак! Тие нема да разберат ништо Соња, ништо и не се ни достојни да разберат. Зошто да одам? Нема да одам! Не станувај дете, Соња...

— Ќе се измориш, ќе се измориш — повторуваше Соња, пламено заколнувајќи го и протегајќи ги рацете кон него.

— Можеби јас сум се навредил себеси — забележа Раскољников мрачно, како да размислува, — можеби сум у ш т е човек, а не вошка, па пребрзо сум се осудил себеси. Јас у ш т е ќе се борам.

Горделива насмевка му се нацрта на усните.

— Толку многу да се мачиш! Целиот живот, целиот живот...

— Ќе се навикнам... — одговори Раскољников мрачно, очајно. — Слушај, — започна тој по малку, — немој да плачеш, сега треба да се работи: дојдов да ти кажам; сега мене ме бараат, ме ловат...

— Ах! — врисна Соња уплашена.

— Ама зошто врискаш. Самата сакаш да одам на робија, а сега се уплаши? Меѓутоа, јас не им се давам. Јас уште ќе се борам со нив и не ми можат ништо. Немаат со што да ме демаскираат, навистина. Вчера бев во голема опасност и си мислев дека сум веќе изгубен, но денеска работата се поправи. Сето нивно разобличување има два краја, тоест, јас можам да ги превртам нивните обиди, зашто сега научив... но в затвор секако ќе ме пикнат. Да не дојдеше до еден случај, можеби ќе ме пикнеа и денеска, а можеби ќе ме пикнат у ш т е денеска... Но сеедно, Соња, ќе седам таму, а потоа ќе ме пуштат, зашто немаат ни еден вистински доказ, а нема ни да имаат, чесен збор. А со ова што го имаат, не можат да пратат човек на робија. Но ако... Само да знаеш... Со сестра ми и со мајка ми ќе настојувам да постапам така некако за да ги

разубедам и да не ги уплашам... Сестра ми сега, впрочем, се чини, е обезбедена... А тоа значи и мајка ми... Ете, тоа ти е сè. Но биди внимателна! Ќе доаѓаш ли кај мене в затвор, кога ќе бидам таму?

— О, ќе доаѓам, ќе доаѓам!

Седнаа еден до друг, тажни и очаени, како да се исфрлени сосем сами на брег по бура. Раскољников ја гледаше Соња и чувствуваше, колкава е нејзината љубов спрема него, и чудно, одеднаш му стана многу тешко, што има некој вака да го љуби. Да, чудно и ужасно беше тоа чувство! Кога одеше кај Соња, чувствуваше дека во неа се наоѓа сета негова надеж и сиот спас; мислише дека ќе симне од себе барем еден дел од своите маки, а сега, кога целото нејзино срце се сврти кон него, наеднаш почувствува и дозна, дека е многу понесреќен, отколку што беше порано.

— Соња — ѝ рече — немој да доаѓаш, кога ќе бидам в затвор.

Соња не одговори, плачеше. Минаа неколку мига.

— Имаш ли на себе крст? — праша таа ненадејно, како да се сети наеднаш.

Тој отпрвин не го разбра прашањето.

— Немаш, значи, немаш! На, еве ти го овој од кипарис. Јас имам еден друг, бакарен, од Лизавета. Јас и Лизавета си ги заменивме крстовите: таа ми го даде својот крст а јас нејзе, моето иконче. Сега јас ќе го носам крстот на Лизавета, а еве ти го овој тебе. Земи го... Та тој е мој! — го молеше. — Та заедно ќе страдаме, и заедно ќе го носиме крстот!

— Дај! — рече Раскољников.

Не сакаше да ја огорчи. Но пак веднаш си ја повлече раката што ја имаше пуштено по крстот.

— Не сакам сега, Соња. Подобро ќе биде подоцна — додаде, за да ја смири.

— Да, да, подобро, подобро — прифати Соња со занес. — Кога ќе започне твоето страдање, тогаш ќе си го обесиш. Ќе дојдеш кај мене, јас ќе ти го обесам. ќе се помолиме и ќе тргнеме.

Тогаш некој чукна трипати на вратата.

— Софја Семјоновна, слободно ли е? — се слушна нечиј многу познат, пристоен глас.

Соња се спушти уплашена кон вратата. Во собата се потпокажа белото лице на господин Лебезјатников.

V

Се чинеше дека Лебезјатников е возбуден од страв.

— Дојдов кај вас, Софја Семјоновна... Извинете, јас мислев, дека ќе ве затечам, — му се обрна тој на Раскољников, — тоест, ништо не мислев... Ништо такво. . ами, всушност, мислев... таму ни полуди Катерина Ивановна — и пресече тој на Соња, оставајќи го Раскољникова.

Соња врисна.

— Тоест, барем така се чини. Впрочем... Ние таму не знаеме што да правиме, ете, таква е работата. Таа се врати, се чини, ја истерале од некаде, а можеби и ја натепале... Така брем се чини... Стрчала кај старешината Семјон Захарич, но не го затекла дома: бил на ручек кај некојси генерал... Замислете си, таа отрчала таму, на ручекот... кај тој генералот — и замислете си — најстојувала, го повикала старешината Семјон Захарич, и уште од ручек, се чини. Замислете си сега што се случило. Се разбира, ја истерале, а таа кажува, дека го прекорувала и нешто фрлила по него. Во тоа верувам... Но не сфаќам како уште не ја затвориле! Сега на сите им кажува, и на Амалија Ивановна, само тешко може човек да ја разбере, вика и се прпелка... Ах, да: зборува и вика дека сега сите ја оставиле, па дека таа ќе ги земела децата и ќе одела на улица сосе пљачки, и со органон, децата ќе пееле, ќе играле, а таа, исто така па дека ќе собирале пари и секој ден ќе одела кај генералот под прозорецот... „Нека види светот — вели таа — како благородните деца од татко чиновник шетаат по улиците и питаат!“ Децата ги тепа, сите со ред, а тие плачат. Љоња ја учи

да ја пее „хуторок“, малечкиот да игра, Полина Михајловна исто така; ги кине сите фустани; им прави некакви капчиња, како на артисти; а таа ќе носи леген и ќе тропа на него, наместо музика... Ништо не сака да слушне... претставете си: можно ли е тоа? Тоа воопшто не чини! — Лебезјатников ќе зборуваше уште, но Соња, која го слушаше без здив, го зграпчи своето палто и шапката и стрча од собата, облекувајќи се патем. Раскољников веднаш тргна по Соња, а по него отиде и Лебезјатников. — Секако, полудела! — му велеше на Раскољников, излегувајќи со него на улицата. — Само не сакав да ја уплашам Соња Семјоновна, па затоа реков: „Се чини“, а, всушност, нема сомневање. Велат, дека на туберкулозните им се јавуваат некакви чирчиња на мозокот; ми е жал, што не се разбирам од медицина. Впрочем, јас настојував да ја уверам, но таа воопшто не слушаше.

— Ѝ кажувавте ли за чирчињата?

— Тоест, не за чирчињата. Всушност, ништо немаше да разбере. Но јас велам: ако човека го увериш логички дека, всушност, нема зошто да плаче, нема ни да плаче. Тоа е јасно. А какво е вашето мислење: дека нема да престане?

— Тогаш би било премногу лесно живеењето — одговори Раскољников.

— Молам, молам; на Катерина Ивановна, се разбира, ѝ е прилично тешко да го сфати тоа; но дали знаете, дека во Париз веќе се извршени сериозни обиди за тоа: дали лудилото може да се лекува само со логичното уверување? Таму еден професор, што умре неодамна, сериозен научник, си замислил, дека може да се лекува вака. Основната идеја му е, дека кај лудакот, всушност, нема растројство во организмот, ами дека лудилото, така да се изразам, е логична заблуда, заблуда во заклучоците, неправилен поглед за работите. Тој постепено го побивал болниот, и, замислете си, велат дека постигнувал успех! Но бидејќи притоа употребувал и туш, неговите резултати во лекувањето, се разбира, се сомнителни... Така барем се чини...

Раскољников веќе одамна не го слушаше. Кога дојде до својата куќа му мавна со глава на Лебезјат-

ников и влезе во дворот. Лебезјатников се стресе, се обзрна и продолжи понатаму.

Раскољников влезе во својата собичка и застана на средина. „Зошто се врати овде?“ Ги разгледа жолтеникавите, излитени тапети, прашината, своето легло... ... Откај дворот се слушаше некакво остро, непрестајно тропање: како да коваат некаде нешто, некаков клинец... Дојде до прозорецот, се подигна напрсти, па долго време и извонредно внимателно гледаше во дворот. Но дворот беше празен и не виде кој чукаше. Лево на куќното крило се гледаа отворени прозорци, а на штиците стоеја саксии со засушени герании. На прозорците имаше прострено долни алишта... Сето тоа го знаеше напамет. Се тргна оттука и седна на диванот.

Никогаш, досега никогаш не чувствувал дека е олку сам, сосем сам!

Да, повторно почувствува, дека можеби навистина ќе ја замрази Соња, и токму сега, откако ја унесреќи, за да биде уште понесреќна. „Зошто отиде кај неа и зошто ги бараше нејзините солзи? Зошто му беше толку потребно да ѝ го јадоса животот? Ох, каква подлост!“

— Јас ќе останам сам! — изговори решително — и таа нема да доаѓа кај мене в затвор!

По неколку мига ја крена главата и необично се насмевна. Тоа беше необична мисла. „Можеби на робија е навистена подобро“ — си помисли ненадејно.

Не се сеќаваше колку време седеше дома, со такви неопределени мисли, што му се роеја во главата. Наеднаш се отвори вратата и влезе Авдотја Романовна. Отпрвин застана и го погледна од прагот, како тој пред малку Соња, а потоа влезе и седна спроти него на столот, каде што седеше вчера. Тој ја погледна молчејќи и некако без мисли.

— Не лути се, брате, дојдов само за малку, — рече Дуња.

Лицето ѝ беше исцрпено, но не беше мрачно. Погледот ѝ беше јасен и мирен. Тој виде, дека и таа е дојдена кај него со љубов.

— Брате, јас сега знам сè, сè. Дмитриј Прокофјич ми обајсни и ми кажа сè. Тебе те гонат и те мачат поради глупаво и гнасно сомневање... Дмитриј Прокофјич ми рече, дека нема никаква опасност и дека ти не би смеел да се плашиш толку. Јас не мислам така и наполно сфаќам, дека во тебе е разбунтувано сè и дека тоа огорчување може да остави во тебе вечни траги. Од тоа ми е страв. Јас не ти судам, поради тоа што се отуѓи од нас, а и не смеам да ти судам, и прости ми, што те прекорив порано. И јас чувствувам исто така и јас да имав толкав јад, и јас ќе ги избегнував сите. Јас на мама ништо нема да ѝ кажам за тоа, но секогаш ќе ѝ зборувам за тебе и ќе ѝ ја пренесам твојата порака, дека ќе дојдеш многу брзо, нека не те мачи грижа за неа, јас ќе ја смирам; но не мачи ја ни ти, ами дојде барем еднаш; сети се дека ти е мајка. А сега дојдов, да ти кажам (Дуња почна да станува) ако случајно ти бидам потребна поради нешто, или ако ти биде потребен... целиот мој живот или нешто ... викни ме, јас ќе дојдам. Збогум!

Се сврти енергично и тргна кон вратата.

— Дуња! — ја запре Раскољников, стана и ѝ приј-де! — Разумихин, Дмитриј Прокофјич, е многу добар човек.

Дуња поради нешто се вцрви.

— Па! — праша таа и малку почека.

— Тој е работник, грижлив, чесен човек и е способен силно да сака... Збогум, Дуња.

Дуња целата пламна, а потоа наеднаш се возбуди.

— Ама, брате, што значи ова, да не се разделуваме навистина засекогаш, штом ти... ми спомнуваш вакви завештанија?

— Сеедно... збогум...

Раскољников се сврти и отиде кон прозорецот. Таа постоја малку, го погледна неспокојно и излезе вознемирена. Не, тој не беше студен спрема неа. Во еден момент (последниот) му дојде страшна желба да ја прегрне и да се прости со неа, па и да ѝ каже, но не се реши ни да ѝ ја подаде раката.

„Подоцна можеби и ќе истрпиме, кога ќе се сети дека ја прегрнував сега, и ќе рече дека сум ѝ украл бакнеж!“

„А дали т а а ќе издржи?“ — додаде тој во себе по малку. — „Не, нема да издржи, т а к в и т е не можат да издржат! Таквите никогаш не издржуваат.“

И тој помисли на Соња.

Од прозорецот влезе свежина. Надвор веќе се стемнуваше. Раскољников си ја зеде шапката и излезе.

Се разбира, не можеше, а и не сакаше да води сметка за состојбата на своето здравје. Но сета таа непрестајна возбуда и сиот тој душевен ужас не можеа да минат без последици. А сега можеби уште не лежеше во вистинска температура, токму затоа што внатрешната, непрестајна возбуда уште го одржуваше на нозе и во свесна состојба, но некако вештачки, привремено.

Скиташе без цел. Сонцето фати да заоѓа. Некаква посебна тага почна да му се јавува во последно време. Во неа немаше ништо посебно зајадливо, тешко; но од неа избиваше нешто постојано, вечно, ги навестуваше годините на тој студен јад што убива, навестуваше некаква вечност на „аршин простор“. Вечерно време тоа чувство обично го измачуваше посилно.

— Еве, поради вакви преглупави, сосем физички болештини, што зависат од некакво зајдисонце, не можеш да се воздржиш да не направиш глупост! Нема да одиш само кај Соња, туку и кај Дуња! — промрмори тој со омраза.

Некој го викна. Раскољников се обѕирна; накај него идеше Лебезјатников, задишен.

— Замислете си, јас бев кај вас, ве барав. Замислете си, го изврши она што го имаше замислено, ги одведе децата! Јас и Софја Семјоновна одвај ја најдовме. Тропаше леген, а децата мораа да играат. Децата плачеа. Стоеја на раскрсниците и пред дуќаните. По нив се движеа глупави луѓе. Да одиме!

— А, Соња! — праша возбуден Раскољников, брзајќи заедно со Лебезјатников.

— Избезумена е сосем. Тоесет, не е избезумена Софја Семјоновна, туку Катерина Ивановна; впро-

чем, и Софја Семјоновна е надвор од себеси. А Катерина Ивановна е сета избезумена. Ви велам сосем е полудена. Ќе ги одведат в полицијата. Знаете и самиот како ќе дејствува тоа... сега се на Каналот кај ... скиот мост, во непосредна близина на Софја Семјоновна. Близу.

На Каналот, недалеку од мостот и за две куќи подалеку од куќата во која живее Соња, се беа собрале многу луѓе. Особено деца и девојчиња. Зарипнатиот, испрекинат глас на Катерина Ивановна се слушаше уште од мостот. И навистина глетката беше необична, и можеше да биде интересна за уличната публика. Катерина Ивановна беше облечена во својот прилично стар фустан, на главата ја имаше басмената шамија и искршена сламена шапка, што ѝ стоеше накриво, — навистина беше надвор од себеси. Беше уморна и задишена. Нејзиното изморено офтичаво лице беше поболно од порано) покрај тоа офтичавите на улица, на сонце, секогаш изгледаат поболни и поизобличени отколку дома), но нејзината возбуда не престануваше и сè посилно се раздразнуваше. Се спушташе кон децата, им викаше, ги подбуцнуваше, ги учеше тука пред луѓето како да играат и што да пеат, почна да им објаснува зошто е тоа потребно, очајуваше дека децата не сфаќаа, ги тепаше... И без да го заврши, тоа се спушташе кон публиката: ако забележеше макар малку подобро облечен човек, што застанал да гледа, веднаш почнуваше да му објаснува: еве до што се доведени децата „од благородна, може дури да се каже, аристократска куќа". Ако слушнеше смеа од толпата или некаков навредлив збор, веднаш се нафрлаше врз безобразниците и почнуваше да се кара со нив. Некои навистина се смееја, други ги нишкаа главите, а на сите со ред им беше интересно да ја гледаат лудата жена со заплашените деца. Легенот, за кој зборуваше Лебезјатников не беше тука, Раскољников барем не го забележа, но наместо да тропа на леген Катерина Ивановна тактираше чукајќи со своите суви дланки, и ја тераше Полечка да пее, а Љоња и Коља, да играат, а, покрај тоа, сакаше да запее и самата, но ја мачеше кашлицата, запнуваше уште при вториот глас; поради

тоа беше многу очаена, ја колнеше секоја своја кашлица, и плачеше. Најмногу ја лутеше плачот и стравот на Коља и Љоња. Навистина, настојувала децата да ги облече како што се облекуваат уличните пејачи и пејачки. На малиот на главата му натнала црвено-бел турбан, за да прилега на Турчин, за Љоња немаше костим, ами ѝ натнала црвена, плетена волнена капа, всушност, капата за спиење на покојниот Семјон Захарич, а на капата закачила парче од бел ноев пердув, што го имала уште баба ѝ на Катерина Ивановна, а беше чуван досега во сандакот, како семејна реткост. Полечка беше во своето обично фустанче. Ја гледаше мајка си со страв и збунета, не се оддалечуваше од неа, си ги криеше солзите, се секаваше, дека мајка ѝ е мрдната, и неспокојно гледаше наоколу. Улицата и толпата ужасно ја заплашија. Соња не се тргаше од Катерина Ивановна, одеше по неа, плачеше и постојано ја молеше да се врати дома. Но Катерина Ивановна беше неумолива.

— Остави, Соња, остави! — викаше таа зборувајќи брзо, одвај дишејќи и кашлајќи. — Ти не знаеш, зошто молиш, како да си дете! Ти реков, веќе дека не се враќам кај пијаната Германка. Нека видат сите, целиот Петербург, како питаат децата на татко благородник, кој целиот живот верно и вистински, па дури може да се каже дека и умре на служба. (Катерина Ивановна веќе успеа да ја измисли таа приказна и слепо да поверува во неа.) Нека види, нека види тоа ништожно генералче! А и ти си глупава, Соња; што да јадеме сега? Доста те цицавме тебе, не сакам понатаму! Ах, Родионе Романович, вие ли сте! — викна таа кога го забележа Раскољникова, па се спушти кон него. — Ве молам, објаснете ѝ на будалинкава, дека не може да се направи ништо поумно! И верглашите заработуваат, а нас сите веднаш ќе нè познаат, ќе дознаат дека сме сиромашко, благородно, сирото семејство, кое дошло до питачки стап, а генералчето ќе си го изгуби местото, ќе видите! Ние секој ден ќе одиме под неговиот прозорец, а ако помине царот, јас ќе клекнам, сите нив ќе ги ставам пред мене и ќе му ги

покажам: „Заштити ги, татко!“ Тој им е татко на сиромашните, тој е милосрден, ќе нè заштити, ќе видите, а генералчето... Љоња! tenez vous droite[1])! Ти, Коља, веднаш ќе играш пак. Зошто цимолиш? Тој пак цимоли! Ама од што се плашиш, глупаче! Господи, што ќе правам со нив, Родионе Романович? Да знаете, колку се невешти! Што можеш да правиш со нив!...

И самата речиси плаче (но тоа не ѝ пречи непрестајно, непресушно да зборува), а покажува на децата што цимолкаат. Раскољников се обиде да ја убеди да се врати и дури рече, за да го предизвика нејзиното самољубие, дека не ѝ прилега да оди по улиците, како што одат верглашите, штом се подготвува, да биде управителка на пансион за благороднички ќерки...

— Пансион, ха-ха-ха! На врба грозје! — викна Катерина Ивановна, а веднаш по смеата се раскашла. — Не, Родион Романович, исчезнаа фантазирањата! Сите нè напуштија! А генералчето... Знаете ли, Родионе Романовнич, јас фрлив по него мастилница — таму ја најдов во лакејската соба, до хартијата на која се потпишуваат, и јас се потпишав, ја фрлив и избегав. Ех, подлеци, подлеци! Но плукам јас, сега самата ќе ги хранам овие, никому нѐма да му се помолам. Доста ја мачевме неа. (Таа ја покажа Соња.) Полечка, колку имате собрано, покажи! Што? Само две копејки. Ох, гадови! Ништо не даваат, само трчаат по нас и се лигаваат со јазиците! А зошто се смее овој трупец? (Таа покажа еден од толпата.) Вака е, зашто Колька ништо не сфаќа, тешко е со него! Што правиш ти, Полечка? Зборувај со мене по француски, parlez moi français.[2]) Па јас те учев, ти знаеш неколку фрази!... Инаку по што ќе забележат ваквите дека сте од благороден род, образовани деца и дека воопшто не сте такви, какви што се сите верглаши; вие не прикажувате по улиците некаков „Петрушка“, ами ќе отпееме отмена романса... Ах, да! Зошто да пееме? Постојано ме прекинувате, а ние ... гледате ли, Родионе Романович, ние застанавме овде, за да одбереме, што да пееме — па што да

---

[1]) Оди подесно — Фр.

[2]) Зборувај ми на француски — фр.

одигра Коља... бидејќи и самиот знаете, сево ова е без подготвување; мораме да се договориме, сè убаво да извежбаме, а потоа ќе одиме на Невски проспект, каде што има многу повеќе луѓе од високото општество, па веднаш ќе нè забележат. Љоња го знае „Хуторок"... Но сите „Хуторок", па „Хуторок", сите го пеат! Ние мораме да испееме нешто многу поотмено... Па, Коља, што измисли? Ајде, барем ти помогни ѝ на мајка ти! Само да не го изгубев паметењето, да не го изгубев паметењето јас ќе се сетев! Секако, нема да пееме: „Потпирајќи се врз гусарска сабја!" Ах, ајде да испееме на француски: „Cinq sous!"[1]) Та јас ве учев, ве учев. А што е најважно, тоа е на француски, па веднаш ќе видат, дека вие сте благороднички деца и тоа ќе биде многу потрогателно... Би можеле и: „Malborough s'en va-t-en guerre!"[2]) — зашто тоа е вистинска детска песничка и во сите аристократски куќи ја пеат кога ги заспиваат децата:

Malborough s'en va-t-en guerre
Ne sait quand raviendera...[3])

— запеа таа. — Но не, подобро е „Cing sous"! Ајде, Коља, стави си ги рацете на половината, побрзо, ти Љоња, врти се на спротивната страна, а јас и Полечка ќе го пееме припевот и ќе плескаме!

Cinq sous, cinq sous
Pour monter notre ménage...[4])

Кхи-кхи-кхи! (Пак целата се затресе од кашлица.) Полечка, намести си го фустанчето, рамениците ти се спуштиле — забележа таа кашлајќи, и одвај прибирајќи здив. — Сега, особено сега, морате да се владеете пристојно и фино, нека видат сите, дека сте благород-

---

[1]) Пет суа — фр.
[2]) Малбург тргна во поход — фр.
[3]) Малбург тргна во поход, не се знае кога ќе се врати... — фр.
[4]) Пет суа, пет суа. За да го уредиме нашето домаќинство... — фр.

нички деца. Тогаш јас велев, дека треба да се скрои со подолга половина и притоа од две парчиња. Соња. ти велеше дека треба да биде вака. „Пократко, па пократко“, па еве што излезе, сега детето изгледа сосем грдо... А, пак ли плачете сите? Ама што ви е, будалчиња! Ајде, Коља започни побрзо, побрзо, побрзо — их, колку неподнесливо дете си ти!...

Cinq sous, cinq, sous —

пак војник! А, што сакаш пак ти?

И навистина низ толпата се пробиваше полицаец. Но притоа пристапи некаков господин во вицмундир, и со шинела, сериозен чиновник на педесетина години, со орден на вратот (последново на Катерина Ивановна ѝ беше многу пријатно, а му остави впечаток и на полицаецот), па молчејќи ѝ даде на Катерина Ивановна зеленикава банкнота од три рубли. На лицето му се читаше искрено сожалување. Катерина Ивановна ја зеде и му се поклони пристојно, дури и свечено.

— Ви благодарам, милостив господине — започна таа со занес — причините што нè натераа... земи ги париве, Полечка, гледаш ли. Има благородни, великодушни луѓе, што сакаат веднаш да ѝ помогнат на бедната благородничка во несреќата. Еве, вие гледате, милостив господине, сиромаси благородници, со аристократски врски, може дури да се каже... а генералчето седеше и јадеше печено месо... тупкаше со нозете, затоа што го збунив... „ваше превосходство, велам — заштитете ги сирачињата, зашто вие го познавате велам, — покојниот Семјон Захарич, кој како најподал од сите подлеци на самиот ден на неговата смрт ја наклевети својата сопствена ќерка...“ Пак тој војник! Заштитете! — му викна таа на чиновникот. — Што сака војников? Од Мешчанска улица веќе побегнавме од еден... па, што сакаш, глупаку!

— Затоа што е забрането по улици. Не правете безобразни работи!

— Ти си безобразен! Јас како да одам со органон, а што ти е тебе грижа?

— Што се однесува до органонот, за тоа е потребна дозвола. А вие, еве, веќе и вака им пречите на луѓето. Каде живеете?

— Што, дозвола? — викна Катерина Ивановна. — Денеска си го закопав мажот, каква дозвола!

— Госпоѓо, госпоѓо, смирете се, — започна чиновникот — ајде, јас ќе ве одведам... не прилега овде меѓу луѓево... вие сте болна...

— Милостив господине, милостив господине вие ништо не знаете! — викна Катерина Ивановна. — Ние ќе одиме на Невски проспект... Соња, Соња! Ах каде е таа? И таа плаче? Ама што ви е на сите?... Коља, Љоња, каде одите? — праша наеднаш исплашено. — Оф, глупави деца! Коља, Љоња, каде одат тие!

Се случи така што Коља и Љоња сосем се уплашија од уличната толпа и од постапките на мрднатата мајка, а кога најпосле го видоа војникот кој сакаше да ги одведе некаде, се фатија за рацете како договорени и фатија да трчаат. Катерина Ивановна се спушти по нив лелекајќи и плачејќи. Лошо и жално беше да ја гледаш неа, како трчаше и плачеше гушејќи се. Соња и Полечка дотрчаа по неа.

— Врати ги, Соња, врати ги! — Ех, глупави, неблагодарни деца! Поља! Фатете ги... Та за вас јас...

Трчајќи таа се сопна и падна.

— Се раскрвави! Ох, господи! — лелекна Соња наведнувајќи се над неа.

Сите дотрчаа и се насобраа околу неа. Раскољников и Лебезјатников беа меѓу првите; брзо дојде и чиновникот, а по него и полицаецот кој промрмори: „Ех ти!“ и мавна со раката, претчувствувајќи дека ќе се роди некаква незгода.

— Растурете се! Одете си! — ги растураше тој луѓето, што беа нагрвалиле.

— Умира! — викна некој.

— Полудена! — проговори втор.

— Господи, чувај! — рече некоја жена крстејќи се. — Ги фатија ли девојчето и момчето? А, ене, ги водат, постарата сестра ги стаса... Немаат ум, ете!

Но кога добро ја погледнаа Катерина Ивановна, сфатија дека таа воопшто не се има удрено на камен, како што си помисли Соња, ами во грлото ѝ бликнала крв од градите, и од таа крв беше окрвавена калдрмата.

— Го знам тоа, имам гледано — промрмори чиновникот обрнувајќи им се на Раскољников и на Лебезјатников — тоа е туберкулоза: така бликнува крв и задушува. Еден мој роднина, неодамна видов, исто така, чаша и пол... наеднаш... Што се може, веднаш ќе умре.

— Ваму, ваму, кај мене! — фати да се моли Соња. — Еве, јас живеам овде!... Ене, онаа куќа, онаму... Кај мене, побрзо, побрзо!... — им се молеше таа на сите. — Одете по лекар... Ох, господи!

Чиновникот се погрижи и уреди сè, дури и полицаецот помогна да ја однесат Катерина Ивановна. Кај Соња ја внесоа речиси мртва и ја наместија на креветот. Сè уште ѝ течеше крв, но како да ѝ се враќаше свеста. Во собата, покрај Соња, во исто време влегоа и Раскољников и Лебезјатников, чиновникот и полицаецот, откако најпрвин ја растури толпата, од која одделни луѓе ги придружуваа до самата врата. Полечка ги водеше за рака Коља и Љоња, кои трепереа и плачеа. Надојдоа и Капернаумови: тој, куц и крив човек, со чуден лик, со козинеста, наежавена коса и зулуфи, жена му, со некаков секогаш заплашен израз, и неколкуте нивни деца, со здрвени лица од непрестајно чудење и со отворени усти. Во таа публика ненадејно се јави и Свидригајлов. Раскољников го погледна зачудено, не сфаќајќи од каде излезе тој, зашто не го виде во толпата.

Спомнаа за доктор и свештеник. Вистина, чиновникот му шепна на Раскољников, дека веројатно не ќе треба доктор, но сепак испрати по него. Отрча Капернаумов.

Дотогаш Катерина Ивановна се пододмори и малку попрестана да ѝ тече крв. Гледаше со тежок, но упорен, прониклив поглед во растреперената Соња, која со шамиче ѝ ја бришеше потта од челото; најпосле, замоли да ја подигнат малку. Ја наместија на постелата и ја држеа од обете страни.

— Каде се децата? — праша со слаб глас. — Ги доведе ли, Поља? Оф, будалинки... Ама зошто отрчавте... Ох!

Уште имаше крв на нејзините исушени усни. Таа ја разгледа собата.

— Значи, овде живееш, Соња? Ни еден единствен пат не сум била кај тебе... Ете, сега се случи!...

Ја погледна со болка.

— Ние, Соња, те исцицавме... Поља, Љоња, Коља, дојдете... Еве ги сите, Соња, земи ги... Од рака в рака... А мене ми е дојден крајот!.. Играта заврши! Ха!... Спуштете ме, барем да умрам спокојно...

Пак ја спуштија на перницата.

— Што? Свештеник?.. Не треба... Зарем вие имате некоја излишна рубља?... Јас немам грев!... Господ и без тоа мора да ми прости... И самиот знае, колку страдав!... А ако не ми прости, па и не треба!...

Неспокојно бунило ја обземаше сè посилно и посилно. Вчас се стреснуваше, погледнуваше наоколу, ги познаваше сите наеднаш, но веднаш бунилото ѝ ја заменуваше свеста. Дишеше шиштејќи, тешко, како нешто да ѝ клокоти во грлото.

— Јас му велам: „ваше превосходство!“ — викаше и се засркнуваше по секој збор. — Та Амалија Лудвигова... Ах! Љоња, Коља! Ставете ги рачињата на слабините, брзо, брзо, глисе, глисе, па-де-баск![1]) Тропкај со ножињата... Биди грациозно дете!

Du hast Diamanten und Perlen...[2])

Како е понатаму? Да запееме...

Du hast die schönsten Augen.

Mädchen, was willst du mehr?...[3])

Но, се разбира, was willst du mehr, ѓаволот ќе се сети! ... Ах, да, еве уште:

Во пладневна жештина, во долината на Дагестан... Ах, колку ја сакав... Ја сакав и ја обожував таа романса, Полечка!... Знаеш, ја пееше татко ти... кога

---

[1]) Играјте, играјте го танцот на баските — фр.

[2]) „Ти имаш дијаманти и бисери“ — (герм.) — почеток на стихотворба на Хајне.

[3]) Ти имаш прекрасни очи. Девојко, што да ти пожелам? — герм.

ми беше свршеник. . . . Ех, тие денови! . . . Да запееме, да запееме! Но како беше, како беше. . . заборавив. . . потсетете ме, како беше.

Беше необично возбудена и сосила сакаше да постане. Најпосле запеа со страшен, зарипнат, испрекинат глас, викајќи и губејќи го здивот по секој збор, како да ја фатиле по долго бркање.

Во пладневна жештита! . . . во долината! . . . на Дагестан!

Со куршум во градите! . . .

– Ваше превосходство! – пак таа фати да вика со продорна молбеност, и гргна во плач. — Заштитете ги сирачињата! Сетете се за гостољубивоста на покојниот Семјон Захарич! . . . Може дури да се каже, аристократски! . . . Ха! — се стресе, а потоа откако се прибра, вџашено ги изгледа сите со ред, и ја позна Соња — Соња, Соња! — проговори таа кротко, милно, како да се зачудила што ја гледа пред себе. — Соња, мила, и ти ли си овде?

Пак ја поткренаа.

— Доста е! Време е! . . Збогум, ох, ти кутра! . . . Дооди магарето! . . . Го преморија-а-а! — викна таа очајно и бесно, и тресна со глава на перницата.

Пак се онесвести, но таа несвестица не траеше долго време. Нејзиното бледо-жолто лице се заврти назад, устата ѝ се отвори широм, нозете грчевито ѝ се оптегнаа. Таа воздивна длабоко, длабоко и умре.

Соња се фрли над нејзиниот труп, ја опфати со рацете, се прилепи со главата до исушените гради на покојната и така се онесвести. Полечка се одвали покрај нозете на мајка си, бацувајќи ги и плачејќи. Коља и Љоња, кои уште не сфаќаа што се случило, ами само претчувствуваа дека тоа е нешто страшно, се беа фатиле еден со друг со раце за рамениците, се погледнаа, па и двајцата истовремено, наеднаш зинаа и фатија да викаат. И двајцата уште беа во костимите: едното со турбан на главата, а другото со капче, на кое имаше забуцано ноев пердув.

Но како можеше наеднаш да се најде на постелата на Катерина Ивановна нејзината „пофалница“? Таа се наоѓаше на перницата до неа; Раскољников ја виде.

Тој отиде до прозорецот. Нему му се доближи Лебезјатников.

— Умре! — му рече Лебезјатников.

— Родионе Романович да ви кажам два многу важни збора — му пријде и Свидригајлов.

Лебезјатников веднаш му го отстапи местото и учтиво се тргна настрана. Свидригајлов го одведе зачуденият Раскољников уште подалеку во аголот.

— Сета оваа грижа, тоест закопот и друго, ги примам врз себе. Знаете, парите се тука, а јас ви реков дека имам премногу. Овие, двајцава малечки и Полечка ќе ги сместам во некој дом за сирачиња, и за секое ќе вложам, до полнолетството, по илјада и пол, за да биде без грижа Софја Семјоновна. А и неа ќе ја извлечам од бездната, зашто таа е добра девојка, нели така? Но, кажете ѝ на Авдотја Романовна дека, еве, вака ги употребив нејзините десет илјади.

— Какви цели ве натерале да правите вакво добродетелство?

— Е-ех! недоверлив човеку! — се насмевна Свидригајлов. — Та јас реков дека тие пари ми се излишни. Па зарем не дозволувате дека тоа можам да го направам просто од човечност? Секако, оваа не беше „вошка“ (тој покажа со прст во аголот, каде што лежеше покојната), како некојаси баба лихварка. Па, кажете и самиот, „дали Лужин да живее и да прави гнасни работи, или таа да умре?“ А ако не помогнам јас „Полечка, на пример, ќе тргне по истиот пат...“

Тие зборови ги изговори, како да намигнува некако весело, обесенички, без да ги тргнува очите од Раскољникова. Раскољников побледна, и истрпна, кога ги слушна своите сопствени зборови, што ѝ ги кажа на Соња. Наеднаш се потргна назад и диво го погледна Свидригајлова:

— О-откаде знаете вие? — праша тој одвај дишејќи.

— Па јас живеам тука кај мадам Реслих, само еден ѕид нè дели. Овде е Капернаумов, а ваму мадам Реслих, стара, верна пријателка. Јас сум сосед.

— Вие?

— Јас — продолжи Свидригајлов, тресејќи се од смеа — и ви се колнам во својата чест, премил Родион Романович, дека многу ме заинтересиравте. Та јас ви реков дека ќе се зближиме, тоа ви го претскажав — па, ете, и се зближивме. И ќе видите, колку погоден човек сум јас. Ќе видите, дека со мене уште може да се живее...

ШЕСТИ ДЕЛ

I

За Раскољникова настапија необични денови: како наеднаш пред него да се спушти магла и го затвори во безизлезна, тешка самотија. Сеќавајќи се подоцна за тоа време, по подолг период, се досетуваше дека понекогаш му се замрачувала свеста и дека тоа, со некакви прекини траело, сè до конечната катастрофа. Беше уверен дека тогаш имал погрешна претстава, на пример, за текот и за времето на некои настани. Најпосле, кога се сеќаваше и настојуваше да си го објасни тоа, на кое се сеќаваше, многу дозна за себе и од информациите што ги добиваше од други лица. Тој, на пример, еден настан го мешал со друг, а трет пак го сметал за последица на некој настан, што постоел само во неговата фантазија. Напати го исполнувала тешка и мачна возбуда, која се претворала дури и во паничен страв. Но се сеќаваше, исто така дека имало часови, па можеби и денови, полни со апатија, што го исполнувала како спротивност на поранешниот страв — апатија, слична на состојбата на болест и рамнодушност што се јавува кај по некои луѓе пред умирање. Воопшто во тие последни денови и самиот како да настојувал да избегне јасно и наполно да ја сфати својата состојба; некои секојдневни факти, што бараа да бидат веднаш објаснети, посебно го измачуваа; многу сакаше да се ослободи и да избега од некои грижи, што ако ги заборавеше, во положбата во која се наоѓаше, ќе му се заканеа со целосна, неминовна пропаст.

Особено го вознемируваше Свидригајлов: би можело дури и да се каже, дека некако се запре на Свидригајлов. Откако Свидригајлов во собата на Соња, во претсмртниот час на Катерина Ивановна, му ги кажа тие премногу грозни и премногу јасни зборови, како да се прекина вообичаениот тек на неговите мисли. Но иако извонредно го вознемири тој нов факт, сепак не брзаше да ја разјасни работата. Напати, кога ќе се најдеше понекогаш во некој далечен, зафрлен градски крај, во некоја бедна гостилница, сам на маса, замислен, без да знае како дошол таму, ненадејно се сеќаваше за Свидригајлов: и премногу јасно и неспокојно, ненадејно му се јавуваше во свеста дека ќе мора што побрзо да се договори со тој човек и конечно да реши сè што е можно да се реши. Еднаш отиде некаде зад царинарницата вообразувајќи си дека тука го очекува Свидригајлова и дека за тука си закажале состанок. Другпат пак, некаде пред мугрите, се разбуди легнат наземи, меѓу грмушки, и не можеше да се сети, како попаднал таму. Впрочем, два-три дена по смртта на Катерина Ивановна веќе двапати се сретна со Свидригајлов и тоа во станот на Соња, каде што доаѓаше некако без цел, но секогаш само за малку. Ќе прозбореа по некој збор, но ни еднаш не рекоа ништо за главната работа, како немо да се имаа договорено дека привремено ќе молчат за тоа. Телото на Катерина Ивановна уште лежеше во сандакот. Свидригајлов се грижеше околу закопот. И Соња беше многу зафатена. На последната средба Свидригајлов му соопшти на Раскољников дека сè уредил за децата на Катерина Ивановна и тоа добро; преку некои свои врски, нашол некои личности, со чија помош успеал сите три сирачиња веднаш да ги смести во домови, многу погодни за нив; за тоа многу помогнале и парите што ги вложил, зашто многу било полесно да се сместат сирачиња со капитал, отколку сиромашни сирачиња. Рече нешто и за Соња, потоа вети дека некогаш ќе намине кај Раскољникова, и спомна, дека би сакал „да се посоветува, дека би морал да поразговара со него, дека има некои работи...“ Разговорот се водеше во тремот, до скалите. Свидригајлов го впери погледот во очите на Рас-

кољников, и по кратко молчење, со потивок глас го праша:

— А зошто сте толку расеан, Родион Романович? Навистина! Слушате и гледате а како да не сфаќате. Приберете се! Ајде да поразговараме; штета само, што имам многу работа, и туѓа и своја.... Ех, Родионе Романович — додаде тој — на секој човек му е потребен воздух, воздух... пред сè!

Наеднаш се потргна настрана за да им направи пат на свештеникот и ѓаконот, што се качуваа по скалите. Тие одеа да служат панихида. Свидригајлов имаше уредено панихида да се служи по двапати на ден. Свидригајлов си отиде да врши работа. Раскољников постоја, размисли, а потоа по свештеникот се упати во станот на Соња.

Застана на вратата. Службата започна, тивко, свечено, жално. Во свеста за смртта и во чувствувањето на присутноста на смртта за него секогаш имаше нешто тешко, мистички ужасно, уште од детството; а и одамна веќе не слушал помен. Но тука имаше и нешто друго, премногу страшно и возбудливо. Ги гледаше децата; сите тие клечеа покрај одарот, Полечка плачеше. Зад нив се молеше Соња, плачејќи тивко. „А, еве, во текот на овие денови таа не ме погледнала ни еднаш, и не ми рекла ни збор“ — наеднаш си помисли Раскољников. Сонцето јасно ја осветлуваше собата; од кадилницата се издигаше густ чад; свештеникот молеше: „Упокој господи!“ Раскољников ја престоја целата служба. Свештеникот кога благословуваше и се збогуваше, некако чудно се загледуваше во сите. По службата, Раскољников ѝ пристапи на Соња. Таа ненадејно му ги фати обете раце и си ја наведна главата на неговото рамо. Тој брз пријателски гест го фрли Раскољникова во размислување; му беше чудно: што? таа не чувствува спрема него ни најмала омраза, ни најмало гадење, раката ни најмалку не ѝ трепери! Тоа веќе беше некакво безгранично сопствено понижување. Така барем тој сфати. Соња ништо не зборуваше. Раскољников ѝ ја стисна раката и излезе. Му беше страшно тешко. Да можеше тогаш да отиде некаде и да остане сосем, макар и целиот живот, ќе се сметаше за среќен.

Но, работата е во тоа што тој во последно време, иако секогаш беше сам, воопшто не можеше да почувствува дека е сам. Понекогаш излегуваше од градот, одеше на главниот пат, еднаш отиде дури и во некаква градина; но, колку позафрлено беше местото, толку посилно чувствуваше нечија блиска, возбудлива присутност, нешто што не беше толку страшно, но што многу го нервираше, па брзо се враќаше во градот, се замешуваше меѓу другите луѓе, влегуваше во гостилници, во крчми, одеше на Толкучија, на Сенски плоштад. Тука му беше некако полесно и помирно. Во една ашчилница квечерина, пееја песни; таму преседи цел час слушајќи, а потоа почувствува дека му е многу пријатно. Но на крајот пак почна да се возбудува, како да фати да го гризе совеста: „Еве, седам, слушам песни, а тоа ли е она што треба да го правам!“ — си помисли тој. Впрочем, тука тој откри дека не го вознемирува само тоа; имаше нешто, што бараше веднаш да биде решено, но не можеше ниту јасно да се сфати, ниту да се искаже со зборови. Сè како да се собрало во клопче. „Не, подобро, да има каква било борба! Подобро е, макар Порфириј... или Свидригајлов... Побргу да се појави некаков предизвик, некаков напад... Да! Да,“ — си мислеше. Излезе од ашчилницата и речиси почна да трча. Мислата за Дуња и за мајка му којзнае зошто го натера, да почувствува паничен страв. И утредента, рано во мугрите пак се разбуди легнат помеѓу грмушки, на Крестовски Остров, сиот изземнат, во треска; тргна да си оди дома и таму стаса пред разденување. По неколку часа сон му мина треската, но кога се разбуди беше многу доцна: два часот попладне.

Се сети дека за тој ден беше определен закопот на Катерина Ивановна, па се зарадува дека не ќе присуствува. Настасја му донесе јадење, па јадеше и пиеше со голем апетит, речиси занесено. Главата му беше поведра и воопшто беше поспокоен, отколку во последните три дена. Дури и малку му беше чудно зошто го обземаше паничен страв. Вратата се отвори и влезе Разумихин.

— Ах! Јаде, значи не е болен! — рече Разумихин, зеде стол и седна на масата спроти Раскољников. Беше возбуден и не настојуваше да го скрие тоа. Зборуваше очигледно нерасположен, но не брзаше и не го дигаше многу гласот. Би можело да се помисли дека во себе имаше создадено некаква посебна, дури единствена намера. — Слушај! — започна тој решително; одете по ѓаволите сите заедно. Но од ова што го гледам сега ми станува јасно дека ништо не можам да разберам; да не мислиш дека сакам да те испитувам? Плукам на тоа! Нема да го прават тоа! Дури и самиот да почнеш сега да ми ги откриваш вашите тајни, можеби нема ни да слушам, ами ќе плукнам и ќе си одам. Јас дојдов за лично и конечно да дознам: вистина ли е, најпрвин, дека ти си луд? За тебе, гледаш, постои уверување (таму некаде) дека си луд или дека си многу склон кон тоа. Признавам, и јас многу сакав да го поткрепам тоа мислење, зашто оценував прво по твоите глупави и донекаде гнасни дела, што не можат да се објаснат со ништо, а, второ, по твоето неодамнешно држење спрема мајка ти и сестра ти. Само неранимајко и подлец, ако не е луд, може да постапува со нив вака, како што постапи ти; значи ти си... луд...

— Кога беше кај нив?

— Пред малку. А ти не си ги видел оттогаш? Те молам, кажи ми каде скиташ, јас веќе трипати наминав кај тебе. Мајка ти од вчера е многу болна. Сакала да дојде кај тебе; Авдотја Романовна ја задржувала; но таа не сака ни да слуша: „Ако е тој болен", — вели — „ако му се мати умот, кој ќе му помогне, ако не мајка му?" Сите дојдовме овде, зашто неа сама не можевме да ја оставиме. Сè до твојата врата ја молевме да се смири. Влеговме, но тебе те немаше; еве, овде седеше таа. Преседи десетина минути, а ние стоевме до неа и молчевме. Потоа стана и рече: „Штом излегува надвор, значи здрав е, па ја заборавил мајка си; тогаш не ѝ прилега на мајката и срамно е за неа да стои на неговиот праг и да се моли за неговата нежност, како да бара милостиња". Се врати дома и легна в постела; сега има оган: „Гледам" — вели — „тој има време за с в о ј а т а". Тој мисли, дека таа, с в о ј а т а

— Софја Семјоновна, ти е свршеница, љубовница, и не знам уште што. Јас веднаш отидов кај Софја Семјоновна, зашто, брате, сакав да дознам, — дојдов, и гледам: таму сандак, и децата плачат. Софја Семјоновна им ги дотерува траурните облеки. Тебе те нема. Погледав малку, се извинив и си отидов, па за тоа ѝ јавив на Авдотја Романовна. Сето тоа, значи, е бесмислица и тука нема никаква с в о ј а ами, по сè изгледа, ти си луд. Но, еве, ти седиш и лапаш варено говедско, како да не си јал три дена. Вистина, и лудаците јадат, но иако не ми рече ни збор, ти... не си луд! Можам да се заколнам дека е така. Воопшто не си луд. Значи, одете по ѓаволите сите вие, зашто тука има некаква тајна, нешто што се премолчува, а јас немам намера да си ја кршам главата со вашите тајни. Дојдов само да те испцујам — заврши тој станувајќи — да си го испразнам срцето, а јас знам што да правам сега!

— А што ќе правиш?

— А што ти е тебе грижа што ќе правам?

— Внимавај, да не се оддадеш на пиење!

— Како... како се сети за тоа?

— Не беше тешко!

Разумихин помолчи малку.

— Секогаш си бил многу способен да размислуваш и никогаш не си бил луд — забележа тој ненадејно и запалено. — Вистина е: ќе се оддадам на пиење! Збогум!

И тој стана за да си оди.

— Завчера, ми се чини, разговарав со сестра ми за тебе, Разумихине.

— За мене... А како си можел да се видиш со неа завчера? — наеднаш застана Разумихин и малку побледна.

Можеше да се погоди дека срцето полека и со напор му затупка во градите.

— Самата дојде овде, овде седеше, разговараше со мене.

— Таа!

— Да, таа!

— А што си ѝ зборувал... мислам, за мене?

— Ѝ реков дека ти си многу добар, чесен и работлив човек. Не ѝ кажав дека ја сакаш, зошто тоа го знае и самата.

— Знае и самата?

— Да, знае! Каде и да одам јас, што и да се случи со мене, ти остануваш како нивни заштитник. Јас, така да се изразам, ти ги предавам тебе, Разумихине. Ти го велам ова, зашто добро знам дека ти неа ја сакаш, и зашто сум уверен за чистотата на твоето срце. Знам, исто така, дека и таа тебе може да те сака, а можеби веќе и те сака. Сега реши самиот, како што ти се чини дека е најдобро, дали треба или не треба, да се оддадеш на пиење?

— Родја... Гледаш ли... Но... Ах, по ѓаволите! А каде мислиш да одиш ти? Знаеш: ако е тајна, тогаш ништо! Но јас... јас ќе ја разберам тајната... И уверен сум, дека бездруго тоа е некаква глупост и дека сето тоа самиот си го заплеткал. Впрочем, ти си прекрасен човек! Прекрасен човек...

— Сега сакав да додадам, но ти ме прекина: многу добро го забележа она неодамна дека не треба да се откриваат скриените тајни. Остави го тоа привремено, не беспокој се. Сè ќе дознаеш кога ќе му дојде времето, тогаш, кога ќе биде потребно. Вчера еден човек ми рече дека на човека му е потребен воздух, воздух, воздух, воздух! Имам намера да одам кај него и да разберам што подразбира под тоа.

Разумихин стоеше замислен и возбуден и донесуваше некаков заклучок.

„Овој е политички заговорник! Најверојатно! Сега се наоѓа пред некој решавачки чекор — бездруго! Поинаку не може ни да биде и... и Дуња знае...“ — си помисли тој наеднаш во себе.

— Значи, Авдотја Романовна иде кај тебе — рече Разумихин скандирајќи ги зборовите, — а ти би сакал да се состанеш со човекот, што велел дека е потребен воздух, воздух и... значи и писмото... е во врска со тоа, заврши тој, како да зборува сам со себе.

— Кое писмо?

— Таа доби некакво писмо, денеска, многу ја возбуди. Многу. Премногу. Јас фатив да зборувам за тебе, а таа ме замоли да молчам. Потоа... потоа ми рече, дека можеби набргу ќе се разделиме, потоа фати поради нешто многу да ми заблагодарува; потоа отиде во својата соба и се заклучи.

— Добила писмо? — повторно праша Раскољников.

— Да, писмо; а ти не знаеше? Хм...

И двајцата замолчија.

— Збогум, Родионе. Јас, брате... некое време... впрочем збогум, гледај, некое... време... јас. Но збогум! И јас морам да си одам. Нема да пијам. Сега не е ни потребно... Зборуваш штогоде!

Брзаше, но излегувајќи, кога веќе речиси ја затвори вратата зад себе, пак ја отвори и повторно рече, гледајќи некаде настрана:

— Навистина! Се сеќаваш ли за убиството, да, за Порфириј; за бабата, де? Знај, значи, пронајден е убиецот, самиот признал и ги дал сите докази. Тој е еден од работниците-молерите; замисли си, се сеќаваш ли, јас ги бранев? Дали можеш да поверуваш, тој, само за да му ги замачка очите на светот, намерно ја направил сцената, тепачката и смеењето со својот другар на скалите, кога се качувале чуварот и двајцата сведоци. Толкава итрост, толку прибран дух во вакво куче! Тешко може да се поверува, но самиот објаснил, самиот признал сè! А јас се излажав! Што можеш, според моето мислење, тој е гениј за преправање и снаодливост, гениј за правничко замачкување на очите, — а би рекол човек и нема ништо чудно во тоа! Не може ли да има такви? А тоа што имал премногу слаб карактер, не можел да издржи, па признал, ме тера да му верувам уште повеќе. Поверојатно е!... Но, ете, јас тогаш се излажав! Јас имав запнато да ги бранам со сета сила!

— Кажи ми, те молам, од каде го дозна тоа и зошто се интересираш олку? — праша Раскољников очигледно возбуден.

— Ете ти сега! Зошто ме интересира! Прашуваш? Дознав од Порфириј, а и од други. Впрочем, од него дознав речиси сè...

— Од Порфириј?

— Од Порфириј.

— А што... што вели тој? — праша Раскољников уплашено.

— Тој прекрасно ми го разјасни тоа. Психолошки ми го разјасни, на свој начин.

— Ти го разјасни? Тој ти го разјаснуваше?

— Тој самиот; збогум! Подоцна ќе ти кажам уште нешто, а сега имам работа. А..., некое време и јас си мислев... но за тоа подоцна!... А зошто сега да се опивам? Ти ме опи и без вино. Та јас сум пијан, Родја! Сега сум пијан без вино, збогум. Ќе наминам кај тебе; набргу.

Тој си отиде.

„Да, сигурно тој е политички заговорник, бездруго, бездруго!“ — заклучи конечно Разумихин во себе, слегувајќи полека по скалите. — „И сестра си ја вовлекол; многу, многу му е блиско тоа на карактерот на Авдотја Романовна. Би започнале со состаноци!... А и таа ми спомна... Според многу нејзини зборови... и зборчиња... и алузии излегува токму вака! А како би можел инаку да го објаснам овој заплеткан јазол! Ах! А јас си мислев... Оф, господи, што си мислев јас. Да, ми беше заматен умот и јас сум виновен пред него! Тој ми го замати умот тогаш кај светилката во ходникот. Пих! Колку гадна, подла мисла ми се роди во главата! Јуначиште е Миколка, што призна... И, ете, сега се објаснува сè поранешно! Неговата тогашна болест, сите негови чудни постапки, дури и порано, порано, уште на универзитетот, колку мрачен, колку намуртен беше постојано... Но, што може да значи сега писмово? Тука, веројатно, има нешто. Од кого ли е писмото? Јас се сомневам! Хм! Не, сè ќе откријам.“

Тој се сети и го сфати сето тоа за Дуњечка и срцето му премре. Се стресе и фати да трча.

Кога си отиде Разумихин, Раскољников стана, се сврти кон прозорецот, отиде во едниот агол, потоа во

другиот, како да имаше заборавено колку тесна му е дупката, и . . . пак седна на диванот. Како целиот да се прероди; пак борба — значи, се најде излез.

„Да, значи, се најде излез! Всушност премногу се беше собрало и задушило сè, беше почнало да ме мачи до болка, ме обвиваше некаква магла. Уште од сцената со Миколка кај Порфириј почна да се задушува без излез, во теснотија. По таа со Миколка, уште истиот ден дојде до сцената кај Соња. А воопшто не ја одигра ниту ја заврши онака, како што си замислуваше порано . . . Значи, наеднаш потклекна и тоа сосем! Наеднаш! И тогаш се согласи со Соња, се согласи; со срцето се согласи дека не може да живее вака сосем сам, со такво дело во душата! А Свидригајлов: Свидригајлов е загатка . . . Свидригајлов, вистина, го вознемирува, но некако поинаку. Можеби ќе се бори и со Свидригајлов. Свидригајлов можеби е излезот, но Порфириј е нешто друго."

„Значи, Порфириј самиот му објаснувал на Разумихин, п с и х о л о ш к и му објаснувал! Пак започнал да ја спроведува својата проклета психологија. Токму Порфириј! Зарем Порфириј макар за малку поверувал дека е Миколка виновен, по она што се случи меѓу нив, по сцената во четири очи пред да дојде Миколка, за кое нема никакво правилно објаснување, освен е д н о? (На Раскољников, во тие денови, неколку пати му поминаа низ главата, делови од сцената со Порфириј; не можеше да издржи да се сети за целата.) Тогаш меѓу нив беа разменети такви зборови, дојде до такви движења и гестови, беа разменети такви погледи, многу работи беа речени со таков глас, и доаѓаше до такви граници, што по тоа не можеше Миколка (кого Порфириј уште од првиот збор и од првото движење сосем го прозре) не можеше Миколка да го разниша темелот на неговото уверување."

„Тогаш што! Дури и Разумихин почна да се сомнева! Значи сцената во ходникот покрај светилката не мина напразно. Ете, тој отишол кај Порфириј . . . Но зошто овој започнал вака да го лаже? Каква цел може да има во тоа што Разумихина го свртува кон Миколка? Не, секако, тој има нешто замислено; тука има

некакви намери, но какви? Од тоа утро, вистина, има поминато многу време, — премногу, а од Порфириј нема ни трага ни глас. Всушност, тоа е и полошо . . .“ Раскољников си ја зеде шапката и замислен излезе од собата. Ова беше прв ден во целото тоа време, како чувствуваше дека барем е со здрава свест. „Морам да завршам со Свидригајлов — си мислеше — по секоја цена, што побргу; и тој, ми се чини, чека, јас да одам кај него“. И во тој миг од уморното срце му се рашири по телото толкава омраза, што беше готов дури и да убие еден од двајцата: Свидригајлова или Порфирија. Барем почувствува дека би бил во состојба да го стори тоа, ако не сега, барем подоцна. „Ќе видиме, ќе видиме!“ — повтори тој во себе.

Но само што ја отвори вратата во ходникот се судри со Порфириј. Тој влегуваше кај него. Раскољников се здрви и стоеше така еден момент, но само еден момент. Чудно, не го изненади доаѓањето на Порфириј, а речиси не го ни уплаши. Се стресе, но брзо, во еден миг се созеде. „Можеби ова е расплетот! Но како дошол кришум како мачка, па не слушнав ништо? Да не наслушнувал?“

— Не очекувавте гостин, Родионе Романович — викна Порфириј смеејќи се. — Одамна имав намера да наминам; проаѓав, па си мислам: зошто да не наминам и да ве посетам за пет минути. Каде сте тргнале? Нема да ве задржувам. Само едно цигарче, ако дозволите.

— Ама седнете, Порфириј Петрович, седнете — Раскољников му предложи на гостинот да седне, толку очигледно задоволно и пријателски што и самиот би се зачудил кога би можел да се погледне себеси. Тоа беа последните остатоци. Кога ќе се најде пред разбојник човекот може да издржи половина час смртен страв, но кога конечно ќе му го стават ножот под грлото, тогаш му минува стравот. Тој седна сосем до Порфириј, се загледа во него и не трепна со окото. Порфириј замижа и си ја запали цигарата.

„Па, ајде зборувај, ајде зборувај!“ — како да сакаше да му излезе на Раскољников од срцето. — „Но зошто, зошто не зборуваш?“

II

— Ех, овие цигари! — проговори најпосле Порфириј, откако повлече од цигарата и го издува чадот. — Вистинска штета, вистинска штета имам од нив, но не можам да ги оставам! Кашлам, почна да ме гребе грлото, и тешко дишам. Знаете, јас сум страшлив; некни отидов кај Б-н; секој болен тој го прегледува minimum половина час; дури и се насмевна кога ме прегледуваше: и чукаше, и слушаше — вам, вели, меѓу другото, тутунот ви прави штета; дробовите ви се раширипе. Но, како можам да го оставам? Со што да го заменам? Не пијам, ете, тоа е незгодата, хе-хе-хе! не е добро што не пијам! Сè е релативно, Родионе Романович, сè е релативно!

„Што сака овој, пак ли службено доаѓа како тогаш, има нешто друго!“ — си помисли Раскољников со одвратност. Сета неодамнешна сцена од последниот состанок со него ненадејно му мина низ умот и тогашното чувство му го плисна срцето како бран.

— Кај вас дојдов и некнивечер; не знаете ли? — продолжи Порфириј, разгледувајќи ја собата. — Влегов токму во оваа соба. Исто како денеска поминував, па си реков: ајде да го посетам. Дојдов, а собата — ширум отворена; се обрнав, почекав, не ѝ се јавив ни на вашата слугинка, туку си отидов. Зарем не заклучувате?

Лицето на Раскољников стануваше сè помрачно и помрачно. Порфириј, како да му ги погоди мислите.

— Дојдов да се објаснам, гулабе Родион Романович, да се објаснам! Должен сум и морам да ви дадам објаснување — продолжи тој со насмевка, и лесно го тупна Раскољникова со дланка по коленото: но, речиси токму во тој миг лицето му стана сериозно и загрижено; како да го обзеде тага, што го зачуди Раскољникова. Никогаш досега на лицето на овој човек не видел ваква тага и дури не претпоставувал, дека можело да ја има.

— Последниот пат меѓу нас се одигра необична сцена, Родионе Романович. И кога се сретнавме прв-

пат, исто така, имаше необична сцена; но тогаш... Но сега е сеедно! Еве, јас сум можеби виновен пред вас; го чувствувам тоа. Се сеќавате ли, како се разделивме: вам ви трепереа нервите а колениците ви се тресеа, и мене ми трепереа нервите и колениците ми се тресеа. И знаете ли, тогаш тоа заврши незгодно, не беше џентлеменски. А ние сепак сме џентлемени, тоест, секако, пред сè џентлемени; тоа треба да се знае. Се сеќавате ли, до каде дојде... воопшто не беше пристојно.

„Што сака со ова, за каков ме смета“ — се прашуваше Раскољников зачуден, со дигната глава и со вџашен поглед вперен во Порфириј.

— Јас мислев, дека е подобро сега да постапиме отворено — продолжи Порфириј, со малку наведната глава и спуштени очи, како да не сака веќе да ја буни со погледот својата поранешна жртва и како да не му е грижа за своите поранешни итрости и закачки. — Да, таквите сомневања и таквите сцени не можат многу да траат. Тогаш нас нè раздвои Миколка, инаку не знам до каде ќе одевме. Тој проклет граѓанин тогаш седеше кај мене зад преградата — можете ли да си го замислите тоа? Се разбира, вие веќе го знаете тоа; јас знам дека тој потоа дојде кај вас; но не беше во прашање она што си го претпоставувавте тогаш; јас не испратив по никого и тогаш уште немав ништо определено. Ќе прашате зошто немав определено? А како да ви кажам: и мене тоа некако ме занесе. Одвај наредив, да ги доведат чуварите. (Чуварите, секако, ги забележавте, кога минувавте.) Една мисла ми светна како секавица; тогаш веќе јас бев цврсто уверен, гледате ли, Родионе Романович. Па добро, си мислам, вистина, едно ќе пропуштам за некое време, но затоа пак, друго ќе фатам за опашка — својот барем нема да го пуштам. Вие сте многу раздразлив, Родионе Романович; дури премногу, и покрај сите основни својства на вашиот карактер и вашето срце, што ги насетив јас, како што се надевам и си ласкам себеси. Но јас уште тогаш, се разбира, можев да заклучам дека не се случува секогаш да дојде човек и сè што било тајна да истресе пред вас. Вистина, се случува и тоа, особено тогаш кога ќе го извадиш човека од границите на трпението, но, се-

како, ретко. И јас можев да го сфатам тоа. Не, си велев, да имам барем некаква цртичка, макар најмала цртичка, само една, но таква што да можам да ја фатам со раце, како предмет, за да не останам само со психологијата. Затоа што, ако е човек виновен, тогаш, се разбира, во секој случај, од него можеш да очекуваш нешто суштествено; дозволено е дури да сметаш и со најнеочекуван резултат. Јас тогаш Родионе Романович, сметав со вашиот карактер, најмногу со карактерот! Тогаш многу се надевав во вас.

— Ама... зошто ми го зборувате ова? — промрмори најпосле Раскољников, без да успее да си го оформи прашањето.

„За што ми зборува тој — се прашуваше во себеси — навистина ли ме смета за невин?“

— Зошто го зборувам ова? Па дојдов да објаснам, тоа го сметам, така да се изразам, за света должност. Сакам сè темелно да ви објаснам како беше, целата приказна од моментот, така да речам, на помрачувањето на умот. Многу ве натерав да страдате, Родионе Романович. Но јас не сум изрод. Па и јас сфаќам колку му тежи тоа на човекот, пригмечен но горд, свој и чувствителен, особено чувствителен! Всушност, јас ве сметам за најблагороден човек, дури и со елементи на великодушност, иако не се согласувам со вас, во сите ваши начела, и сметам дека ми е должност, да ви го соопштам тоа однапред, отворено и сосем искрено, бидејќи, пред сè, не сакам да ве лажам. Кога ве запознав, почувствував наклоност спрема вас. Можеби ќе се насмеете поради овие мои зборови? Имате право. Знам дека вие уште од првиот поглед не ме засакавте, зашто, всушност, зошто да ме засакате? Но мислете си што сакате, сега јас сакам со сите средства да го избришам впечатокот, што го произведов, и да докажам, дека и јас сум човек со срце и совест. Ова ви го велам искрено.

Порфириј Петрович подзапре достоинствено. Раскољников почувствува, дека пак го исполнува некаков нов страв. Мислата дека Порфириј го смета за невин, наеднаш почна да го плаши.

— Којзнае, дали е потребно да кажувам сè по ред, како што почна ненадејно — продолжи Порфириј Петрович, — јас мислам дека е непотребно. А не верувам дека би можел. Зашто како да го објаснам тоа подробно? Најпрвин се пронесоа гласови. Какви беа тие гласови, кој ги пушти и кога... и по кој повод работата всушност дојде до вас — и тоа е излишно, мислам. Кај мене лично започна со еден случај, со еден наполно случаен случај, кој многу лесно можеше и да се случи и да не се случи. А кој? Хм! Мислам дека и за тоа, исто така, не треба да се зборува. Сето тоа, и гласовите и случаите, тогаш во мене создаде една мисла. Признавам отворено, зашто ако веќе признавам, тогаш признавам сè — тогаш јас прв ве нападнав вас. Разните белешки на предметите, да речеме, итн. итн. — сето тоа се глупости. Вакви работи можат да се набројат со стотици. Тогаш ми се укажа можност во подробности да дознам за сцената во полицијата, и тоа случајно, но не површно, туку од еден посебен раскажувач, кој, без да е свесен за тоа, прекрасно ја изнесе целата работа. Сето тоа води само кон едно, само кон едно, Родионе Романович, гулабе! Тогаш како да не скршнам на извесна страна? Од сто зајаци никогаш не може да се создаде коњ, од сто сомневања никогаш не ќе се создаде доказ, како што вели англиската поговорка; но тоа е само според здравиот разум, а со страстите, обидете се да излезете на крај со страстите, бидејќи и иследникот е човек. Тука се сетив и за вашата статија во списанието, се сеќавате, разговаравме за неа, кога ме посетивте првпат. Тогаш јас глумев, но за да ве предизвикам уште повеќе. Пак ви велам, вие сте чувствителен и многу болен, Родионе Романич. Дека сте смел, горд, сериозен и дека сте чувствувале, дека веќе многу сте чувствувале, сето тоа го знаев одамна. Сите тие чувства ми се познати и вашата статија ја прочитав како нешто познато. Сте ја смислувале во бесони ноќи, во занес, кога срцето ви скокало и ви тупкало со придушено одушевување. А опасно е тоа придушено, гордо одушевување во младоста! Јас тогаш глумев, а сега ќе ви кажам, дека воопшто многу

го сакам, тоест како љубител, тој прв, млад, пламенен обид на перото. Чад, магла, бенгалски оган во маглата. Вашата статија е противречна и фантастична, но во неа трепери голема искреност, во неа има млада, непоткуплива гордост, во неа има смелост на очајот; статијата е мрачна, но тоа е и добро. Вашата статија тогаш ја прочитав и ја оставив, а кога ја оставив си помислив: „Не, овој човек нема да мине само така!“ Кажете ми, значи, и самиот, како да не се занесам по таквиот почеток! Ах, господи, кажувам ли нешто? Тврдам ли нешто? Јас тогаш само забележав. Мислам, што има тука? Ништо, тоест, сосем ништо, можеби сосем ништо. Значи, воопшто не ми прилега мене, да се занесувам вака: еве, мене ми е в раце Миколка, и тоа со факти, како и да е, сепак се факти! И тој ја излага својата спихологија; треба да се позанимавам со него, зашто тука се работи за живот и за смрт. А зошто сега ви го објаснувам тоа. Па за да знаете и со вашиот ум и со вашето срце да не ме обвинувате за моето тогашно злобно држење. Не беше злобно. Ви велам искрено, хе-хе! Што мислите... зарем тогаш кај вас не бев заради претрес? Бев, бев, хе-хе! Бев кога лежевте болен, овде, на постела. Не службено и не лично, но бев. Сè е прегледано кај вас во станов, до последното влакненце, веднаш по првите траги, но — unsonst![1] Си мислев: сега ќе дојде човекот, самиот ќе дојде, и тоа многу брзо; ако е виновен, секако ќе дојде. Да е друг нема да дојде, но тој ќе дојде. А се сеќавате ли што ви издрдори господин Разумихин? Тоа го уредивме за да ве возбудиме, зашто ние намерно разгласивме, за да може тој да ви каже сè, а господин Разумихин е таков човек, што не може да не си го искаже негодувањето. На господин Замјотов му падна в очи најпрвин вашиот гнев и вашата отворена смелост; секако, во крчмата нема да се испуштите: „Јас ја убив!“ тоа е премногу смело, премногу дрско; а си мислев, ако е виновен, тој е страшен борец! Така си помислив тогаш. Чекав! Ве чекав желно, а вие тогаш Замјотова просто сте го задавиле и... ете зошто се вели дека проклетата пси-

[1]) Напразно, залудно — герм.

хологија има два краја! Значи, јас ве чекам, ве посматрам, а господ ве испраќа — доаѓате! Ми затупка срцето. Ех! а зошто моравте да дојдете тогаш? Вашата смеа, таа ваша смеа, кога влеговте, се сеќавате ли, сѐ видов, како низ стакло, а да не ве очекував на ваков посебен начин, ништо немаше да забележам ни во вашата смеа. Ете, колку вреди да бидеш расположен. А господин Разумихин тогаш — ах! каменот, се сеќавате, каменот, под кој се скриени предметите? Како да го гледам таму во градината — во градината, така сте му кажувале на Замјотов, а потоа кај мене по второпат? А кога фативме да ја анализираме вашата статија и кога почнавте вие да ја објаснувате — секој ваш збор изгледаше двоен, како под едниот да има и друг! Ете, Родионе Романич, на ваков начин јас дојдов до последните скали, а кога удрив со челото во нив, се осветив. Што ми е, сѝ велам. Та ако сакаш, си реков, сето тоа, до последната цртичка, може да се објасни и на спротивен начин, па ќе биде дури и поприродно. Еве, самиот признавам, дека ќе биде поприродно. Голема мака! „Не, — си велам — подобро ќе ми е да имам некаква цртичка...“ Но кога слушнав за ѕвончињата, целиот премрев и се растреперив. Си мислам, еве ти ја цртичката! Всушност, понатаму и не размислував, просто не сакав. Во тој миг бев готов да дадам илјада рубли, свои сопствени, само да можев да ве видам со с в о и т е о ч и како сте минале сто чекори напоредно со граѓанинот, кога в очи ви рекол: „убиец“, а вие цели сто чекори не сте се осмелиле да го прашате ништо!... Да, а стравот во малиот мозок? А ѕвончињата кога бевте болен, и во полусвест? Зошто се чудите, по сето тоа, Родионе Романич, што јас си правев вакви шеги со вас? И зошто дојдовте тогаш самиот? И вас како некој да ве туркаше, жими бога; ако не нѐ раздвоеше Миколка, тогаш... а се сеќавате за Миколка тогаш? Добро ли го запаметивте? Та тоа беше гром! Тој како гром тресна од облаците, како громовна стрела! А како го пречекав јас? На таа стрела не ѝ поверував ни толкуцка, и самиот видовте! Не можев! Подоцна, кога бевте отиден, тој на некои работи почна

да одговара многу, многу средено, така што се зачудив дури и јас, но ни тогаш не му поверував, во ниеден момент! Значи, бев цврст како дијамант. Не си мислев, морген фри! Каков ти Миколка!

— Пред малку ми кажуваше Разумихин дека вие и сега го обвинувате Николај, па дека и самиот сте го уверувале Разумихина за тоа . . .

Му се прекина здивот и не заврши. Со неискажлива возбуда, слушаше како се откажува од себеси човекот што го имаше распарчено. Се плашеше да поверува и не веруваше. Во тие уште двосмислени зборови внимателно бараше и фаќаше нешто поопределено и поконечно.

— Господин Разумихин! — викна Порфириј Петрович, како да го зарадува прашањето на Раскољников, кој постојано молчеше. — Хе-хе-хе! Господин Разумихин морав да го тргнам настрана: кога на двајца им е добро, третиот е непотребен. Господин Разумихин не е за таква работа, не го интересира тоа, а дотрча кај мене толку блед . . . господ да му помогне, зошто да го мешаме во ова! А што се однесува до Миколка, дали сакате да знаете каков е тој, тоест, како го сфаќам јас? Прво и прво, тој уште е малолетник, дете, не е многу страшлив, но е нешто како уметник. Навистина, немојте да се смеете дека го опишувам вака. Невин е и сè прифаќа. Во него има срце; тој е фантаст. И пее, и игра, знае да раскажува приказни, па велат дека и од други места доаѓаат да го слушаат. И на училиште оди, и се раскинува од смеа, штом ќе му го покажеш прстот, и пие до бесвест, но не е пијаница по занает, туку пие одвреме навреме, кога ќе го опијат, уште детски. Ете, така тогаш украл, а не знае ни самиот, зашто „ако дигнал од земјата, зарем украл?“ А знаете ли вие дека тој е расколник, и не само што е расколник, туку секташ; во неговото семејство имало бегуни[1]), па и тој до неодамна поминал цели две години в село, под духовната контрола на некој старец. Сето тоа го дознав од Миколка и од неговите зарајски селани. Нешто повеќе, просто сакал да избега в пустина!

[1]) Религиозна секта.

Го опфатила пламена ревност, му се молел на бога ноќе, читал и препрочитувал стари „вистински“ книги. Петербург му оставил силен впечаток, особено жените, па и виното. Брзо восприема, па го заборавил и старецот и сè друго. Знам, еден уметник овде го засака, фати да оди кај него, а тогаш се случи тоа. Но, се уплашил, — па ајде да се беси! Да побегне! Што да прави, кога народот има вакво мислење за нашето судство. На по некој му изгледа страшен и самиот збор: „ќе го судат!“ Кој е виновен за тоа? Да видиме, што ќе речат новите судови! Оф, да даде господ! Но сега в затвор пак му дошол во умот чесниот старец; и библијата пак се јавила кај него. Знаете ли вие, Родионе Романич, што значи кај некој од нив да „страдаш“? Не значи, да страдаш поради некого, туку просто „треба да страдаш“; значи, страдањето мораш да го примиш, а особено од властите. Во мое време во затворот цела година лежеше еден многу умен човек, ноќе на печката непрестајно ја читаше библијата, читал, знаете, читал сосем, па ни пет — ни шест откорнал една тула и ја фрлил по старешината, кој не му имал направено ништо лошо. А и како ја фрлил: намерно промашил еден аршин, за да не го повреди! Сè знае што ќе го снајде затвореникот, кој со оружје станува против старешината: „значи, го примил „страдањето“. Јас, значи, и сега претпоставувам дека Миколка сака да го „прими страдањето“, или нешто слично. Во тоа ме убедуваат и фактите. Само тој не е свесен дека јас знам. Зарем вие не признавате дека од таквиот народ излегуваат фантастични луѓе? Излегуваат. Сега пак почна да му дејствува старецот, особено му дошол во умот поради некаква алка. Впрочем, самиот ќе ми раскаже, сè, ќе дојде. Да не мислите дека ќе издржи? Почекајте, тој ќе каже сè. Постојано чекам да дојде, и да почне да го порекнува исказот. Јас го засакав тој Миколка и темелно го проучувам. И што мислите! Хе-хе, на по некои работи ми одговараше многу средено, очигледно ги набавил потребните информации, вешто се подготвил, но за други работи не знае ни да бекне, ниту нешто знае ниту сфаќа, а и не е свесен, дека не знае ништо! Не, баќушка, Родионе Ро-

манич, тука не е замешан Миколка! Тука се работи за фантастично дело, мрачно, современо, случај на нашето време, кога човечкото срце е изматено, кога се цитира фразата дека крвта „освежува", кога се проповеда за конфор во животот. Тука се работи за литературни фантазирања, тука е теоретски раздразнетото срце; тука се гледа решителноста, да се направи првиот чекор, но решителност од посебен вид — се решил, но како да паднал од гората или од камбанарија, а како да не дошол со свои нозе да изврши злосторство. Заборавил да ја затвори вратата зад себе, а ги убил, ги убил двете, според теоријата, а ни пари не умеел да украде, ами само што можел да дофати, и сето тоа го скрил под камен. Малку му било што ја претрпел маката, кога седел на вратата, а тие тропале на вратата и звонеле на звончето — и пак тој се враќа во празниот стан во полусвест, за да се сети за звончето, пак би сакал да почувствува морници по грбот... Да речеме, тоа е во состојба на болест, но еве уште убил, а себеси се смета за чесен човек, ги презира луѓето, се држи како да е ангел, — ама каков Миколка, гулабе, Родион Романич, тука не се работи за Миколка!

Последниве зборови по сето што го рече и што прилегаше на откажување, беа премногу ненадејни. Раскољников целиот се растрепери, како да беше прободен.

— Ами кој... кој... ги убил? — не издржа тој, и праша, со придушен глас.

Порфириј Петрович се повлече на потпирачот од столот, како и него исто така да го изненади и вчудовиди прашањето.

— Како, кој ги убил?... — повтори тој, како да не им верува на своите уши. — Па в и е ги убивте, Родион Романич! Вие ги убивте... — додаде тој скоро шепотејќи, со глас полн со увереност.

Раскољников скокна од диванот, постоја неколку мига и пак седна без да каже ни еден збор. Мали грчеви му го размрдаа целото лице.

— Пак усната ви трепери, како тогаш — промрмори Порфириј Петрович, како да го сожалува. — Ми се чини, Родион Романич, дека вие не ме разбравте

добро — додаде тој, по кратко молчење, — затоа така се вчудовидовте. Токму затоа и дојдов да ви кажам сè и да ја отворам работата.

— Јас не ги убив — прошепоти Раскољников како уплашено мало дете, кога ќе биде затечено таму, каде што направило некаква грешка.

— Не, вие ги убивте, Родионе Романич, вие и никој друг, — остро и уверено прошепоти Порфириј.

И двајцата замолчија и молчењето им траеше необично долго време, десетина минути. Раскољников се опре со лактите на столот и молчејќи со прстите си ја бушавеше косата. Порфириј Петрович мирно седеше и чекаше. Одеднаш Раскољников со презир го погледна Порфирија.

— Вие пак за старото, Порфириј Петрович. Вие пак со вашите закачки! Навистина, како не ви здодева?

— Не, не... зошто ми се сега закачки! Поинаку би било да има овде сведок, но ние еве шепотиме насамо. И самиот гледате, дека не сум дојден кај вас за да ве ловам и да ве гонам како зајак. Без обзир дали ќе признаете или нема да признаете во овој миг, мене ми е сè едно. Колку' до мене, јас сум уверен, и без вашето признание.

— Ако е така, зошто дојдовте? — праша Раскољников раздразнет. — Јас ви го поставувам преѓешното прашање: ако ме сметате за виновен, зошто не ме затворате?

— Тоа е прашање наместо! Ќе ви одговорам по ред, по точки: прво, немам сметка вака веднаш да ве затворам.

— Зошто немате сметка? Ако сте уверен, тогаш морате.

— Ех, што од тоа ако сум уверен? Засега сето тоа се само мои претпоставки. Зарем вас да ве сместам таму во с п о к о ј с т в о. Вие го знаете тоа штом барате. Ќе ви го доведам на пример оној граѓанин, за да ве препознае, а вие ќе му речете: „да не си пијан? Кој ме видел мене со тебе? Јас тебе просто те сметав за пијан, а и беше пијан". Е, што ќе ви одговорам јас на тоа, особено затоа што вашиот исказ е поверојатен

од неговиот, зашто во неговиот исказ има само психологија — не му прилега на неговата муцка — а вие погодувате токму во жилката, зашто тој и е голем пијаница, и тоа премногу познат. А јас и самиот веќе неколку пати ви признав отворено дека психологијата има два краја и дека другиот крај ќе биде поголем и многу поверојатен, а, освен тоа, засега кај мене нема ништо против вас. Вистина, јас пак ќе ве затворам, па, еве, дојдов (тоа воопшто не е човечки) сето тоа да ви го соопштам однапред, но повторно ви велам в очи (пак тоа не е човечки) дека од тоа немам многу сметка. Но, јас дојдов кај вас за . . .

— Да, да, друго? (Раскољников сè уште не можеше да подземе здив.)

— Како што веќе реков пред малку, јас дојдов кај вас зашто мислам дека сум должен да ви објаснам. Јас не сакам вие да ме сметате за изрод, особено кога сум ви искрено наклонет, без обзир дали вие верувате или не верувате во тоа. Трето, кај вас дојдов со отворена и еднаква понуда — вие да се пријавите како виновник. Тоа ќе ви биде извонредно покорисно, а и за мене е покорисно, — зашто ќе го симнам товарот од себе. Па кажи: дали е искрено од моја страна или не?

Раскољников малку помисли.

— Слушајте, Порфириј Петрович, вие самиот велите, дека тоа е само психологија, а, еве, сега завлеговте во математика. А што ќе стане, ако се лажете?

— Не, не се лажам, Родионе Романич. Јас ја имам цртичката. Цртичката ја најдов уште тогаш; ми ја испрати господ.

— Која цртичка?

— Нема да кажам која, Родионе Романич, а во секој случај немам ни право понатаму да одлагам: ќе ве затворам. Значи, размислете, с е г а мене ми е сеедно, според тоа јас зборувам во ваша корист. Жими бога, подобро ќе биде Родионе Романич.

Раскољников се насмевна зајадливо.

— Ама ова не е смешно, ова е веќе бесрамно. Дури и да сум јас виновен (кое јас воопшто не го велам), зошто би се пријавил кај вас, кога и самиот велите, дека јас таму ќе бидам во с п о к о ј с т в о?

— Ех, Родионе Романич, немојте сосем да им верувате на зборовите; тоа можеби и нема да биде чисто спокојство! Тоа е само теорија, и тоа моја, а каков авторитет сум јас? Јас сега можеби и кријам нешто од вас. Секако јас нема сè да зграпчам и да прострам сè пред вас. Хе-хе-хе! Второ, каква е користа? Знаете ли вие колку ќе ви се намали казната со тоа? Значи, кога ќе се јавите, во кое време? За тоа ќе решите самиот! Сега, кога веќе друг го прими злосторството на себе и ја заплетка целата работа. А, еве, јас ви се колнам во бога, така ќе наместам и ќе уредам „таму“ што вашата пријава ќе излезе сосем ненадејна. Сета психологија ќе ја уништиме сосем, сите сомневања во вас ќе ги претворам во ништо, така што вашето злосторство ќе се прикаже како некакво лудило, зашто, раката на срце, но тоа и е лудило. Јас сум чесен човек, Родионе Романич, и ќе си стојам на зборот.

Раскољников молчеше тажен и со наведната глава; долго време расмислуваше и, најпосле, пак се насмевна, но смеата веќе му беше кратка и тажна.

— Ех, не треба! — проговори, како веќе воопшто да не крие пред Порфириј — не вреди, не ми треба никакво ваше попуштање!

— Ете, и јас се плашев од тоа! — викна Порфириј запалено. — Од тоа се плашев, дека можеби не ќе ви треба нашето попуштање.

Раскољников го погледна уморно, но строго.

— Еј, не играјте си со животот! — продолжи Порфириј. — Ќе имате уште многу живот. Како да не ви е потребно попуштање, како може да не ви е потребно! Вие сте нечувствителен човек!

— Како тоа, ќе има уште многу живот?

— Па, живот! Каков пророк сте вие, зарем толку многу знаете? Барајте и ќе најдете. Господ можеби тука ве чекал. А и не се вечни тие, оковите...

— Ќе ми попуштите... — се насмевна Раскољников.

— Ама што, да не сте се уплашиле од граѓанскиот срам? Можеби и сте се уплашиле, а не знаете ни самиот, зашто сте млад! А сепак не треба да се плашите, ни да се срамите од пријавувањето.

— Е, ех, плукам јас! — прошепоти Раскољников со презир и со одвратност, како да не сака да зборува. Пак беше станал, како да сака да оди некаде, но повторно седна, очигледно очаен.

— Ете, плукате! Сте ја изгубиле довербата, па мислите дека јас грубо ви се умилкувам; па вие и немате живеано многу. Си измислил човекот теорија, па му е срам дека не му успеала и дека не излегло воопшто оригинално! Излезе подло, вистина, но вие не сте безнадежен подлец. Воопшто не сте таков подлец! Барем не се лажеше долго време себеси, ами веднаш дојде до крај. За каков ве сметам јас? Јас ве сметам за еден од оние на кои можеш да им ги сечеш и цревата, а тие ќе стојат и со насмевка ќе ги гледаат мачителите — само ако најдат вера или господ. Да, најдете, па ќе живеете. Вие најпрвин моравте одамна да го промените воздухот. Што се може, и страдањето е добро. Страдајте! Миколка можеби има право што сака да страда. Знам дека не верувате; но немојте итро да мудрувате; сосем предајте му се на животот; без да размислувате; не вознемирувајте се — ќе ве исфрли право на брегот и ќе ве исправи на нозе. На каков брег? Од каде да знам јас? Јас само верувам, дека вие уште многу ќе живеете. Знам дека сиве мои зборови сега ги слушате како проповед, што јас сум ја научил напамет, но можеби подоцна ќе се сетите за нив, и дека еднаш ќе ви се најдат; ете, затоа ви зборувам. Добро е, што ја убивте само бабата. Но ако замислевте друга теорија, ќе направевте можеби и сто милиони пати подрско дело! Можеби треба уште и да го фалите господа; од каде знаете; можеби господ ве чува за нешто. Имајте големо срце, па нема да се плашите толку! Дали се уплашивте од она што ви претстои да го сторите? Срамота е да се плашите. Штом сте зачекориле, издржете! Ете, таква е праведноста. Ете, извршете го она што го бара праведноста. Знам, вие не верувате, но, жими бога, животот ќе ве изнесе. И самиот ќе го засакате подоцна. Сега вам ви треба само воздух, воздух, воздух!

Раскољников истрпна.

— Па кој сте вие' — викна — каков пророк сте вие? Од висината на каква величествена смиреност ми ги изречувате тие премудри пророштва?

— Кој сум јас? Јас сум човек што си го извршил своето. Човек што можеби чувствува и сочувствува, но веќе си го извршил своето. А вие сте нешто друго; господ вам ви приготвил живот (кој знае, можеби и вам ќе ви мине како чад, па нема да го сетите). А што ќе стане ако минете во втората човечка класа?... Вие со вашето срце сигурно нема да жалите за удобноста. Што ви е грижа, оти долго, предолго време никој нема да ве види. Не се работи за времето, туку за вас самиот. Бидете сонце, и сите ќе ве видат. Сонцето, пред сè, треба да биде сонце. Зошто се смеете пак: затоа што сега сум како некаков Шилер, ли? Се обложувам, вие мислите дека ви се умилкувам! А можеби и ви се умилкувам, хе-хе-хе! Родионе Романич, не морате да им верувате на моите зборови, и ако сакате никогаш и не верувајте им — таква е мојата нарав, признавам; само, еве, јас додавам уште: колку лош и колку чесен човек сум јас, бездруго и самиот можете да оцените.

— Кога мислите да ме затворите?

— Па ден и пол или два дена уште можам да ве пуштам да се прошетате. Ајде, размислете, гулабе, помолете му се на бога! И покорисно е, жими бога, покорисно.

— А ако избегам? — праша Раскољников смеејќи се некако необично.

— Не, нема да побегнете. Селанецот би избегал, би избегал и помодниот секташ — лакејот на туѓите мисли, — зашто нему само врвот од прстот да му го покажат, како на поморскиот заставник Дирка, тој ќе поверува за цел живот во што сакате. А вие веќе не верувате ни во вашата теорија — значи, со што ќе избегате? А и зошто да бегате? Бегањето е гадно и тешко. А пак вам најпрвин ви е потребен живот и определена положба, соодветен воздух, а таму воздухот не е ваш! Ќе избегате и самиот ќе се вратите. Вие не можете без нас. А ако ве ставам в затвор, ќе

поседите еден, два, па и три месеци па наеднаш ќе се сетите за моите зборови и ќе се јавите, можеби ненадејно и за себеси. Еден час пред тоа ни самиот нема да знаете дека ќе ја признаете вината. Јас сум дури уверен дека вие „ќе се решите да го примите страдањето врз себе“; не верувајте сега во моите зборови, но самиот ќе се запрете на тоа. Зашто страдањето е големо нешто, Родионе Романич; не гледајте дека јас сум здебелен, сеедно, знам; не смејте се поради тоа, во страдањето има идеи. Миколка има право. Не, вие нема да избегате, Родионе Романич.

Раскољников стана и си ја зеде шапката. Стана и Порфириј Петрович.

— Сакате да прошетате? Ноќта ќе биде убава, само да не фати невреме. Впрочем, и подобро ќе биде малку да разлади . . .

И тој си ја зеде шапката.

— Порфириј Петрович, немојте да си втерате во главата — изговори Раскољников продолжувајќи го разговорот сурово — дека јас денеска сум ви признал нешто. Вие сте чуден човек, јас ве слушав само од љубопитност. А ништо не ви признав . . . Запаметете го тоа!

— Да, веќе знам, ќе запаметам — види, дури и трепери. Не возбудувајте се, гулабе, ќе биде така како што сакате вие. Разонодете се малку, но не смеете премногу да се разонодувате. За секој случај, би сакал да ве замолам уште нешто — додаде тој со потивок глас, — непријатно е, но е важно: ако, тоест случајно (во кое, впрочем, не верувам и ве сметам за неспособен за тоа), ако случајно — да, така, случајно — ви дојде желба, во тие четириесет — педесет часови работата да ја завршите некако поинаку, на некој фантастичен начин — да кренете рака врз себе (несмасна мисла, но извинете ме!) тогаш — оставете кратка, но јасна белешка! Така едно два реда, само две ретчиња и спомнете го каменот; ќе биде поблагородно. Е, па, догледање . . . Умот в глава, па правете што сакате!

Порфириј излезе некако подведен, а избегнуваше да го погледне Раскољникова. Раскољников дојде до

прозорецот, па раздразнет, и нестрплив почека колку што беше потребно Порфириј да излезе на улица и да се оддалечи. Потоа и самиот брзајќи излезе од собата.

III

Брзаше да оди кај Свидригајлов. Не знаеше ни самиот што очекува од тој човек. Тој човек имаше некаква таинствена моќ врз него. Штом го сфати тоа, веќе не можеше да се смири, а, освен тоа, сега и беше време.

Патем многу го мачеше едно прашање: дали Свидригајлов бил кај Порфириј?

Колку што можеше да оцени, а и би се заколнал — не бил, не! Промисли повеќепати, се сети за целата посета на Порфириј и заклучи: не, не бил, се разбира дека не бил!

Но ако уште не бил, дали ќе оди или нема да оди кај Порфириј?

Но засега му се чини дека нема да оди. Зошто? Не би можел да го објасни тоа, а дури и да може, сега не би фатил да си ја чука главата со тоа. Го мачи сето тоа, а воедно и не му е до тоа. Можеби никој не би поверувал, но тој, чудно, некако слабо и расеано се грижеше за својата судбина, што ќе ја доживее сега набргу. Него го мачеше нешто друго, многу поважно, извонредно, — што се однесуваше само на него а не на некој друг, нешто друго, нешто суштествено. Притоа чувствуваше бескраен морален замор, иако разумот изутринава му работеше подобро, отколку во последните денови.

А и дали сега, по сето што се случи, вреди да се грижи, да ги совлада сите тие бедни пречки? Дали, на пример, вреди и да се сплеткари, за Свидригајлов да не оди кај Порфириј; да се проучува, да се шпионира, да се губи време за некојси Свидригајлов!

О, колку му здодеа сето тоа!

А сепак брзаше да оди кај Свидригајлов како да очекуваше од него нешто н о в о, упатство, спас? Па, се фаќаат и за сламка! Изгледаше како да ги здру-

жува судбината или некаков инстинкт! Можеби тоа е само од уморот, од очајот; можеби и не му е потребен Свидригајлов, туку некој друг, а Свидригајлов тука дошол случајно. Соња? А зошто сега да оди кај Соња? Пак да ужива во нејзините солзи? А и страшна му беше Соња. Соња за него претставуваше неумолива осуда, непроменливо решение. Тука требаше да се реши или нејзиниот или неговиот пат. Зарем не е подобро да се испита Свидригајлов: за што се работи? И мораше да си признае, дека тој човек веќе одамна некако му беше потребен.

Но, сепак, што им е заедничко? Ни злосторството кај нив не би можело да биде исто. Притоа тој човек е непријатен, очигледно е извонредно расипан, секако е итар и измамник, можеби и многу злобен. За него се кажуваат секакви работи. Донекаде се зазеде за децата на Катерина Ивановна, но којзнае зошто и што му значи тоа? Во тој човек секогаш има некакви намери и планови.

Сите тие денови во главата на Раскољников трепереше една мисла и многу го вознемируваше, иако настојуваше да ја истера — толку му беше тешка! Понекогаш си мислеше: Свидригајлов вездеи се вртеше околу него, па и сега се врти; Свидригајлов ја дозна неговата тајна; Свидригајлов имаше некаква намера против Дуња. А дали таа намера и сега постои кај него? Речиси со сигурност можеше да се каже да, п о с т о и. А ако тој сега, откако ја дозна неговата тајна и така доби власт над него, посака да се послужи со таа власт како со оружје против Дуња?

Таа мисла напати го мачеше дури и на сон, но уште првиот пат таа му се јави вака свесно и јасно, како сега, кога одеше кај Свидригајлов. Таа мисла го исполнуваше со гнев. Зашто таа менуваше сè, дури и неговата состојба: значи веднаш мора на Дуња да ѝ ја открие тајната. Можеби ќе мора да се жртвува себеси, за да ја одврати неа од невнимателен чекор. Писмото? Изутрината Дуња добила некакво писмо! Од кого во Петербург би можела да добие писмо? (да не е од Лужин?) Можеби треба да му се признае и на Ра-

зумихин. Раскољников со одвратност си го помисли и тоа.

Секако најпрвин мора да се сретне со Свидригајлов, најпосле реши во себе. Фала му на бога, тука не се толку потребни подробности, туку само суштината на работата; но ако е тој способен, ако Свидригајлов прави некакви сплетки против Дуња, — тогаш . . .

Раскољников толку беше уморен во тоа време, во тој еден месец што ваквите прашања веќе не можеше да ги решава поинаку ами со еден единствен заклучок: „тогаш ќе го убијам", — си помисли тој во студена очаеност. Срцето му го притискаше тешко чувство; застана среде улица, и се обрна за да види по кој пат оди и каде дошол? Се наоѓаше на — скиот проспект, триесетина чекори од Сенскиот плоштад, што го мина. Во куќата од левата страна целиот втор кат го заземаше една гостилница. Сите прозорци беа ширум отворени; по ликовите, што се движеа покрај прозорците можеше да се заклучи дека гостилницата е преполна. Во салата ечеа песни, свиреа кларинет и гусле, думкаше турски тапан. Се слушаше женско пискање. Сакаше да се врати незнаејќи зошто скршнал на — скиот проспект, кога наеднаш на еден од крајните отворени прозорци го забележа Свидригајлова, како седи до прозорецот на маса за чај, со луле во забите. Тоа го вчудовиди, и во него предизвика ужас. Свидригајлов молчејќи го гледаше и како да сакаше да стане и полека да се скрие додека овој уште не го имаше забележано. Тоа уште повеќе го вчудовиди Раскољникова. На Раскољников веднаш му се стори дека ни тој таму не го забележал, ами дека е замислен и гледа настрана, но, всушност, тој и понатаму го гледаше подоко. Срцето немирно му тупкаше. Навистина: Свидригајлов очигледно не сакаше да биде забележан од Раскољников. Го извади лулето од устата и сакаше да се скрие; но кога стана и го мрдна столот, веројатно забележа дека Раскољников го гледа. Меѓу нив се случи нешто што прилегаше на сцената од нивната прва средба кај Раскољников, кога овој спиеше. Обесеничка насмевка се јави на лицето од Свидригајлов и сè по-

веќе се прошируваше. И едниот и другиот знаеја дека се гледаат. Најпосле, Свидригајлов силно се засмеа.

— Добро, добро! Влезете ако сакате; јас сум овде! — викна тој низ прозорецот.

Раскољников се качи во гостилницата.

Свидригајлова го најде во малечката крајна соба со еден прозорец, до големата сала, кадешто на дваесет мали масички, при бесните извици на еден див пејачки хор, пиеја чај трговци, чиновници и голем број секакви луѓе. Однекаде допираше чукање на топки на билијар. На масичето пред Свидригајлов стоеше штотуку започнато шише шампањско и чаша до половина наполнета со вино. Во собата имаше и еден верглаш со мал рачен вергл и една крупна девојка, на осумнаесет години, со румени образи, со подигнато, пругесто долниште и со тиролска шапка со лента. Не обрнувајќи внимание на пеењето на хорот во другата соба пејачката пееше, со прилично зарипнат контраалт, некаква простачка песна, а верглот ја придружуваше.

— Е, па, доста! — ја прекина Свидригајлов, кога влезе Раскољников.

Девојката веднаш престана и остана во покорно очекување. Своите простачки стихови, исто така, ги пееше со некаква сериозност и покорност на лицето.

— Еј, Филипе, донеси една чаша! — викна Свидригајлов.

— Не сакам да пијам вино — рече Раскољников.

— Како што сакате; не побарав за вас. Пиј, Катја! За денеска нема да требаш повеќе, оди си!

И ја наполни чашата со вино и извади една жолта банкнота. Катја ја испи чашата наеднаш, како што пијат вино жените, тоест без да ја тргнува чашата од уста, во дваесет голтки, ја зеде банкнотата, му баци рака на Свидригајлов, раката што тој сосем сериозно ја протегна да му ја бацат, и излезе од собата, а по неа се одвлече и момчето со верглот. И двајцата беа повикани од улица. Свидригајлов не се наоѓа во Петербург ни една недела, а околу него сè е некако патријархално. Келнерот Филип веќе му е „познат“ и умира пред него од покорност. Вратата во салата се затвора; Свидригајлов во таа соба е како дома и во

неа поминува скоро цели денови. Гостилницата е нечиста, бедна, дури ни од средна класа.

— Бев тргнал за кај вас, и ве барав — проговори Раскољников, — но сега некако скршнав од Сенскиот плоштад на — скиот проспект! Никогаш не скршнувам и не наминувам ваму. Од Сенскиот плоштад јас одам вдесно. А за кај вас и не се оди одовде. Само што свртив, и, ете, ве вас! Тоа е необично!

— Зошто не кажете отворено: тоа е чудо.

— Затоа што можеби е само случај.

— Ете, како се сковани сите тие луѓе! — се закикоти Свидригајлов. — Тој не признава, дури и ако во себе верува во чудо! Та и самиот велите дека е „можеби“ само случај. Родионе Романович, не можете ни да си замислите, колку страшливци има овде; јас не зборувам за вас. Вие си имате сопствено мислење и не се плашите да го имате. Вие со тоа и ја ангажиравте мојата љубопитност.

— И со ништо повеќе?

— Па тоа е доволно.

Свидригајлов очигледно беше возбуден но малку, имаше испиено само половина чаша вино.

— Ми се чини, вие кај мене дојдовте порано, уште пред да дознаете дека јас би можел да го имам тоа што вие го наречувате сопствено мислење — забележа Раскољников.

— Да, тоа беше друга работа. Секој оди по својот пат. А колку до чудото, ќе ви кажам, дека вие, ми се чини, ги преспавте тие два-три последни дена. Јас самиот ви ја посочив оваа гостилница и тука нема никакво чудо, што дојдовте право ваму; самиот ви го објаснив целиот пат, ви кажав каде е, и ви го определив часот кога ќе ме затечете. Се сеќавате ли?

— Сум заборавил — одговори Раскољников зачуден.

— Верувам. Двапати ви го кажував тоа. Адресата механички ви се врежала во умот. Вие ваму сте скршнале механички, но сосем според адресата; а ни самиот не знаете за тоа. И кога ви реков, не се надевав дека сте ме разбрале. Многу се издавате, Родионе Романич. Уште нешто: јас сум уверен дека во Петербург има

многу луѓе, што во движење разговараат сами со себе. Тоа е град на полулуд свет. Кога би имало кај нас наука, лекарите, правниците и филозофите би можеле да вршат на Петербург различни испитувања, секој во својата специјалност. Тешко да можат на друго место да се најдат толку мрачни, остри и необични влијанија врз човечката душа, колку во Петербург. Што вредат самите климатски влијанија! Меѓутоа, тоа е управен центар на цела Русија и неговиот карактер мора да се одрази врз сè. Но сега не се работи за тоа, ами за тоа дека јас веќе неколку пати ве посматрав отстрана. Кога излегувате од дома, главата уште ја држите исправено, кога ќе минете дваесетина чекори, веќе ја спуштате, а рацете ги скрстувате на грбот. Вие гледате, а очигледно не забележувате, ни што има пред вас, ни што се наоѓа до вас. Најпосле, почнувате да ги мрдате усните и да разговарате сам со себе, а потоа ви се случува да ја протегнете раката и да рецитирате, и, најпосле, застанувате среде патот и долго време стоите тука. Тоа воопшто не чини. Можеби уште некој ве посматра како мене, а тоа не е во ваша корист. Всушност, мене ми е сеедно. Јас нема да ве излекувам; вие, секако, ме разбирате.

— А знаете ли дека ме следат? — праша Раскољников, испитувајќи го со погледот.

— Не, не знам ништо — одговори Свидригајлов небаре зачуден.

— Значи, оставете ме на мир! — промрмори Раскољников намуртено.

— Добро, ќе ве оставиме на мир!

— Подобро кажете ми: штом доаѓате овде да пиете, а самиот двапати ми рековте да дојдам овде, зошто се криевте и сакавте да избегате, кога јас од улицата гледав во прозорецот? Јас многу добро го забележав тоа.

— Хе-хе-хе! А зошто вие тогаш, кога стоев кај вас на прагот, лежевте на диванот со затворени очи, и се преправавте дека спиете, а воопшто не спиевте? Јас многу добро го забележав тоа.

— Можеби имав... причини... вие и самиот го знаете тоа.

— Можеби и јас имав причини, иако вие нема да ги дознаете.

Раскољников го спушти десниот лакот на масата, ја потпре со прстите на десната рака својата брада и го впери погледот во Свидригајлов. Некое време му гледаше во лицето, кое и порано го интересираше. Тоа беше некакво необично лице, како маска: бело, румено, со румени, црвени усни, со беловласа брада и со уште прилично густа светла коса. Очите му беа премногу добри, а нивниот поглед беше претежок и здрвен. Имаше нешто ужасно непријатно на тоа убаво лице, необично младо, ако се суди според годините. Облеката на Свидригајлов беше помодна, летна, лесна, а особено убава му беше кошулата. На прстот имаше голем прстен со скапоцен камен.

— Зарем и со вас да се пазарам! — проговори Раскољников отворено но со грчеви на нестрпливост; — вие сте можеби најопасниот човек, ако сакате да направите штета, но јас нема многу да се натегам. Веднаш ќе ви покажам дека не ми е толку до себеси, како што веројатно си мислите. Значи, знајте, јас дојдов за да ви речам отворено: ако ја имате вашата поранешна намера во однос на сестра ми и ако за тоа мислите да користите што било од она што е откриено во последно време, тогаш јас ќе ве убијам, пред да ме ставите в затвор. Мојот збор е решителен: вие знаете дека ќе можам да го одржам. Второ, ако сакате да ми соопштите нешто, — зашто ми се чини дека сакате нешто да ми кажете, кажувајте побрзо, бидејќи времето лета и можеби веќе набргу ќе биде премногу доцна.

— А каде брзате толку? — праша Свидригајлов, љубопитно гледајќи го.

— Секој оди по свој пат — рече Раскољников, мрачно и нестрпливо.

— Вие пред малку самиот повикувавте на искреност, а на првото прашање не сакате да одговорите — забележа Свидригајлов и се насмевна. — Вам сè ви се чини дека јас имам некакви намери, па затоа и ме гледате сомнежливо. Што се може, тоа е сосем разбирливо во вашата состојба. Но иако да сакам да се збли-

жам со вас, сепак нема да се трудам, да ве разуверам во спротивното. Жими бога, не вреди а немав ни намера со вас за нешто особено.

— Тогаш зошто сум ви толку потребен? Та вие постојано ми одите по трагата!

— Просто како интересно лице за посматрање. Ми се допаднавте со фантастичноста на состојбата, во која се наоѓате, — ете зошто! Освен тоа, вие сте му брат на лицето што ме интересираше многу, а најпосле, јас од тоа лице, во свое време многу и често слушав за вас, па по тоа заклучив дека вие имате големо влијание врз неа; малку ли е тоа! Хе-хе-хе! Впрочем, признавам дека вашето прашање за мене е многу сложено, па тешко можам да одговорам на него. Еве, на пример, вие кај мене најмалку дојдовте поради работа, туку поради нешто ново. Така ли е? Така ли е? — почна Свидригајлов настојчиво да прашува, смешкајќи се обесенички. — Потоа, кога патував за ваму, во вагонот, сметав токму на вас дека и вие мене ќе ми кажете нешто н о в о, и дека од вас ќе можам да зајмам нешто! Ете, такви сме ние богатите.

— А што да позајмите?

— Што да ви кажам? Та и јас не знам што? Еве, гледате, во каква бедна гостилница седам секогаш и тоа ми прави задоволство, тоест всушност не задоволство, туку, ете така, некаде морам да седам: макар и со кутрата Катја — ја видовте ли? . . . И барем да сум злојасен, клупски гастроном, а, еве што можам да изедам! (Тој покажа со прстот кон аголот, каде што на мало масиче, на лимена чинија се наоѓаа остатоците од еден бивтек со компири.) Навистина, дали сте ручале? Јас малку каснав и не сакам повеќе. Вино, на пример, воопшто не пијам. Никакво освен шампањско, а и шампањско само една чаша цела вечер, па и тогаш ме боли главата. Ова сега јас го порачав за да се поткрепам, зашто имам намера да одам некаде, и вие гледате дека сум посебно расположен. Ете, и пред малку се скрив како ученичe, зашто мислев дека ќе ми пречите, но, ми се чини, (тој го извади часовникот) дека со вас можам да останам еден час, а сега е четири и половина. Дали верувате дека би сакал да бидам што

било: макар спахија, или, татко, макар копјаник, фотограф, новинар... а јас н-ништо, немам никаква специјална струка! Понекогаш ми е здодевно. Навистина мислев, дека ќе ми кажете некаква новост.

— Па кој сте вие и зошто допатувавте ваму!

— Кој сум јас? Вие знаете: дворјанин, две години служев во коњаницата, потоа овде се меткав низ Петербург, потоа се оженив со Марфа Петровна и живеев на својот имот. Ете, ви ја мојата биографија.

— Ми се чини, вие сте коцкар?

— Не, каков коцкар! Коцкарски лажго, а не коцкар.

— А и сте лажеле на коцка?

— Да, и сум лажел на коцка.

— И како, ве тепаа ли?

— Се случувало и тоа. А зошто?

— Сте можеле да предизвикате на двобој... а тоа воопшто развеселува.

— Не се противам на тоа, а не сум вешт во филозофирањето. Ви признавам дека брзав да дојдам ваму заради жени.

— Само што ја закрпавте Марфа Петровна?

— Да, да — се насмевна Свидригајлов, со победничка искреност. — А што од тоа? Вие мислите дека е лошо што зборувам вака за жените?

— Тоест дали сметам дека е развратот лош?

— Развратот! Ама за што зборувате? Впрочем, јас редум ќе одговарам, најпрвин за жената воопшто; знаете, јас сум расположен да дрдорам. Ајде кажете, зошто да се стегам? Зошто да ги оставам жените, штом ги сакам само нив? Барем тоа ми е некакво занимање.

— Значи, вие овде само разврат сакате?

— Ама зошто зборувате за разврат? Само за разврат. Но јас сепак ги сакам отворените прашања. Во тој разврат, во најлош случај, има нешто постојано, што е засновано дури врз природата, и не е подложено на фантазијата, нешто што како жар секогаш жежи во крвта, секогаш пали, што не ќе можеш да го угаснеш уште многу време, можеби ни по многу години. Признајте и самиот: не е ли тоа некакво занимање?

— Зошто се радувате со тоа? Тоа е болест и тоа опасна болест.

— Ама што зборувате! Јас се согласувам дека е болест, како и сè друго што е претерано — а тука секако мора да се претера — но тоа е прво, кај овој вака, кај оној онака, а второ, во сè држи се за мерката, за сметката, макар и подла, но што може да се прави? Да го нема тоа, ти веројатно би морал да се убиеш. Признавам, дека на чесниот човек мора да му е здодевно, но сепак . . .

— А дали би можеле вие да се убиете?

— Ете ти сега! — рече Свидригајлов со одвратност. — Ве молам, немојте да зборувате за тоа — додаде брзо и дури без никакво фалбаџиство, што избиваше од сите негови зборови. И лицето како да му се измени. — Признавам дека тоа ми е непростива слабост, но што можам: се плашам од смртта и не љубам да се зборува за неа. Дали знаете дека јас сум донекаде мистик?

— А, привиденијата на Марфа Петровна! Сè уште ли ви се јавуваат?

— Оставите ги нив, не спомнувајте ги; во Петербург уште ги немало; а и нека ги земе ѓаволот! — викна тој некако раздразнето. Подобро е за тоа да . . . Но, впрочем . . . хм! Ех, малку време имам, не можам многу да останам со вас, а штета! Би имал нешто да ви соопштам!

— А што е тоа, за некоја жена ли?

— Да, за жена, една ненадејна случајност . . . не, не зборував за тоа.

— А зарем не дејствува на вас одвратноста, одвратноста на сите тие прилики? Веќе сте ја изгубиле силата, и не можете да се запрете!

— А да не претендирате вие на сила? Хе-хе-хе! Еве, сега ме вчудовидовте, Родион Романович, иако знаев и порано дека ќе биде вака. Значи, вие мене ми проповедате за разврат и за естетиката! Вие сте Шилер, вие сте идеалист! Сето тоа, се разбира, мора и да биде така, и би било чудо, да е поинаку, но, во стварноста некако е чудно... Ах, ми е жал, што имам малку

време, зашто вие сте многу интересно суштество! А навистина ли го сакате Шилера? Јас многу го сакам.

— Колку голем фалбација сте вие! — изговори Раскољников со одвратност.

— Не сум фалбација, жими бога! одговори Свидригајлов кикотејќи се; — впрочем, не се противам, нека сум фалбација; а зошто да не се фалиш, штом тоа не му прави штета никому. Седум години проживеав кај Марфа Петровна на имотот, па затоа сега, кога најдов умен човек, како вас — умен и, пред сè, интересен човек, уживам да разговарам, а воедно испив трипати по половина чаша вино и веќе ми удри во главата. А што е најважно, има една работа која многу ме возбуди, но за неа ќе... молчам. Каде ќе одите вие? — наеднаш праша Свидригајлов.

Раскољников почна да станува. Му беше тешко и задушно, и некако незгодно се чувствуваше, затоа што дојде овде.

Тој заклучи дека Свидригајлов е најплиткиот и најништожен злосторник на светот.

— Ех! Седнете, останете — молеше Свидригајлов — и порачајте барем чај. Добро, седнете, добро јас нема да дрдорам бесмислици, тоест за себе. Притоа, ќе ви раскажувам нешто. Ако сакате ќе ви раскажувам како жена ми, да го употребам вашиот стил, „ме спасуваше“? Тоа ќе биде и одговор на вашето прво прашање, бидејќи тоа лице е вашата сестра. Дали смеам да раскажувам? А и времето ќе ни помине побрзо.

— Кажувајте, но јас се надевам дека вие...

— О, не грижете се! Освен тоа, Авдотја Романовна, дури и во ваков расипан, ништожен човек, како мене, може да предизвика само најдлабока почит.

IV

— Вие можеби знаете (а, впрочем, ви кажав) — започна Свидригајлов, — дека овде лежев в затвор поради огромна сума долг, а немав ни мајмали средства да го платам. Нема да ви кажувам подробности за тоа како тогаш ме откупи Марфа Петровна; знаете ли, знаете ли колку може да се занесе жената, штом ќе

засака некого? Таа беше чесна и многу разумна жена, иако без никакво образование. Значи, замислете си, истата таа љубоморна и чесна жена, по многу ужасни испади и прекорувања се реши да се понижи и да се согласи да направи некаков договор со мене, а на тој договор се држеше за сето време на нашиот брак. Таа, имено, беше прилично постара од мене. А, освен тоа, постојано имаше во устата по некое каранфилче. Јас толку свинштина имав во душата и своевидна чесност, што в лице ѝ соопштив дека не можам да ѝ бидам сосем верен. Тоа признание ја разбесни, но мојата груба искреност на некој начин ѝ се допадна: „значи, нема намера да ме лаже, си мислеше, штом однапред кажува вака“ — а тоа е најважно за љубоморната жена. По многу солзи, направивме ваков усен договор: прво, јас никогаш нема да ја оставам Марфа Петровна и постојано ќе ѝ бидам маж, второ, без нејзина дозвола нема да одам никаде; трето, никогаш нема да земам постојана љубовница; четврто, затоа Марфа Петровна ми дозволува понекогаш да погледам по некоја слугинка, но само со нејзино премолчено одобрување: петто, бог да чува, ако засакам некоја жена од нашиот сталеж, шесто, ако мене, да не даде бог, ме опфати некаква голема и сериозна страст, јас сум должен тоа да ѝ го соопштам на Марфа Петровна. Што се однесува до последнава точка, Марфа Петровна, целото време беше спокојна; таа беше умна жена. Значи, не можеше ни да ме смета за нешто друго, освен за разуздан и авантурист, кој не е во состојба да засака некого сериозно. Но, умната жена и љубоморната жена се две различни работи, а токму тука и е неволјата. Впрочем, тој што сака непристрасно да суди за некои луѓе, однапред мора да се откаже од некои предрасуди во мислењето и од секојдневните навици на луѓето и на работите, што се околу нас. Во вашиот суд имам право да верувам повеќе отколку во нечиј друг. Можеби сте слушале разни озборувања, дури и смешни, за Марфа Петровна. Вистина, таа имаше некои смешни навици, но ви велам изречно дека јас искрено жалам, што ѝ ги зададов тие неброени јадови. Но тоа веројатно е до-

волно за многу пристоен oraison funebre[1]) на најнежната жена на најнежниот маж. Во нашите расправии, во најголем број случаи, молчев и не се возбудував, и таа џентлеменска постапка речиси секогаш ја постигнуваше целта; нејзе ѝ оставаше добар впечаток и сигурно ѝ се допаѓаше; имаше случаи и кога се гордееше со мене. Но не можеше да ја поднесе вашата сестричка. Ете се случи да се осмели да земе дома за гувернанта ваква чудесна убавица! Ова го објаснувам со тоа што Марфа Петровна беше пламена и чувствена жена, па просто и самата се заљуби — буквално се заљуби во вашата сестричка. Ете, така со Авдотја Романовна! Јас многу добро сфатив дека работата не чини, и што мислите? Решив, дури ни око да не фрлам на неа. Но Марфа Петровна самата го направи првиот чекор — којзнае дали ми верувате? Дали верувате исто така дека отпрвин ми се лутеше поради моето постојано молчење за вашата сестра и поради мојата рамнодушност спрема нејзините постојано топли зборови за Авдотја Романовна. Ни самиот не сфаќам што сакаше! Се разбира, Марфа Петровна ѝ раскажа за мене на Авдотја Романовна сè. Таа имаше несреќна навика, на секого да му кажува за нашите семејни тајни и на секого да му се поплачува поради мене; тогаш како да пропушти ваква нова и убава пријателка? Мислам дека кај нив немаше друг разговор, освен за мене, така што Авдотја Романовна без сомневање ги дозна сите тие мрачни, таинствени приказни што ми се припишуваа мене... Се обложувам, дека и вие сте слушнале по нешто од тоа?

— Сум слушнал. Лужин ве обвинувал, дека сте виновен, за смртта на некое дете. Вистина ли е тоа?

— Ве молам, оставете ги тие гадости — се одбрани Свидригајлов со гадење. — Ако сакате секако да ја дознаете сета таа бесмислица, јас некогаш посебно ќе ви раскажам, а сега...

— Се зборувало и за некојси лакеј на имотот, па дека и тука вие сте биле малку виновен.

---

[1]) Надгробна реч — фр.

— Ве молам, оставете! — пак го прекина Свидригајлов со очигледна нестрпливост.

— Не е ли тоа лакејот што ви доаѓал по смртта и ви го полнел лулето.. вие ми кажувавте? — сè повеќе се палеше Раскољников...

Свидригајлов внимателно го погледна Раскољникова и на овој му се стори, дека во тој поглед за миг како секавица блесна злобен подбив, но Свидригајлов се прибра и одговори многу пристојно:

— Да тој е. Гледам, дека и вас ве интересира сето тоа, значи, ќе го сметам за своја должност, при прва можност да ја задоволам вашата љубопитност во секој поглед. По ѓаволите! Гледам дека некој навистина би можел да ме смета за лице од роман. Е, тогаш размислите колку многу, треба да ѝ се заблагодарам на покојната Марфа Петровна, што ѝ наприкажа на вашата сестричка толку тајни, интересни работи. Не смеам да судам за впечатокот; но сигурно тоа било во моја корист. И покрај тоа што Авдотја Романовна, се разбира, се гадеше од мене, и покрај мојот секогаш мрачен лик што одбиваше од себе, — сепак, најпосле, ѝ стана жал за мене, за пропаднат човек. А најопасно за девојката е кога ќе почне да ж а л и нејзиното срце. Тогаш таа секако, ќе посака да „спаси“ и да воскресне, и да наведе кон поблагородни цели, и да преобразат за нов живот и работа — но, се знае, какви мечти можат да се родат кај нив. Јас веднаш открив, дека птичката самата лета кон мрежата, па и јас се преправив. Вие како да се муртите, Родионе Романович? Ништо, работата заврши со глупости, како што знаете. (По ѓаволите, колку вино пијам!) Знаете ли, јас постојано жалев, уште од почетокот, што судбината не ѝ дозволила на вашата сестра да се роди во вториот или во третиот век на нашата ера, како ќерка на некое владетелче, или на некој кнез, или проконзул во Мала Азија. Без сомневање, тогаш таа би била една од оние, што претрпија маченишство, и сигурно би се смешкала, кога градите би ѝ ги гореле со вжештено железо. Таа и самата намерно би отишла кон тоа, а во четвртиот и во петтиот век би отишла во Египетската пустина и таму би преживеала триесет години, хранејќи се со коре-

ни, со занес и со привиденија. Таа само по тоа копнее и тоа го бара, што побрзо да претрпи некаква мака за некого, а ако ѝ ја одземете таа мака, таа ќе скокне низ прозорец. Слушнав нешто за некојси господин Разумихин. Велат, тој бил разумен човек (тоа го кажува и неговото презиме, веројатно е семинарист), па тој нека ја чува вашата сестра. Со еден збор, јас мислам, ја разбрав, и тоа го сметам за чест. Но тогаш, во почетокот на познанството, и самиот знаете, човек е некако полекомислен и поглупав; погрешно гледаш и поинаку забележуваш отколку што треба. По ѓаволите, зошто е толку убава? Јас не сум виновен за тоа? Со еден збор, кај мене тоа започна со незадржлива желба. Авдотја Романовна е ужасно, нечуено и невидено цврста. (Запаметете, ова за вашата сестра ви го кажувам како вистина. Таа е дури можеби и болно цврста, и покрај сиот свој силен ум, и тоа ќе ѝ направи штета.) Кај нас имаше некаква девојка, Параша, црноока Параша, која штотуку ја имаа доведено од друго село, слугинка, и која дотогаш не ја имав видено, — многу убавка, но глупава, дури и да не поверуваш: фати да плаче, да лелека, сета куќа ечеше, настана скандал. Еднаш по ручек Авдотја Романовна нарочно дојде по мене во алејата на градината и со пламнати очи п о б а р а од мене да ја оставам бедната Параша. Тоа беше, така да се каже, и наш прв разговор во четири очи. Јас, се разбира, го сметав за чест тоа да ѝ ја задоволам нејзината желба, настојував да се направам разочаран, збунет, и, со еден збор, убаво ја одиграв улогата. Започнаа односи, тајни разговори, морализирање, поуки, молби, заколнување, дури и солзи — верувате ли, дури и солзи! Ете, до колкава сила расте кај некои девојки страста да вршат пропаганда! Се разбира, јас сè натоварив врз својата судбина, се преправив дека загинувам и дека сум жеден за светлост, а, најпосле, го употребив најсилното и несовладливо средство за освојување на женското срце, средство, кое никогаш и никого не го изневерува, ами дејствува сосем на секоја жена, без секаков исклучок. Тоа е познатото средство — ласкање. Ништо на светов не е потешко од

искреноста и нема ништо полесно од ласкањето. Ако во искреноста е фалшив макар и стоти дел од нотата, веднаш настапува дисонанса, а по неа и скандал. Но, во ласкањето дури и последната нота ако е погрешна, и тогаш таа е пријатна и не се слуша без задоволство; макар и со грубо задоволство, но сепак со задоволство. Колку и да е грубо ласкањето, во него, секако, барем половината се чини дека е вистина. И тоа за луѓе со секакво образование и од секој сталеж. Дури и весталка можеш да соблазниш со ласкање. А за обичните луѓе не вреди ни да се зборува. Морам да се насмеам кога ќе се сетам како еднаш соблазнував една госпоѓа, верна на својот маж, на своите деца и својата добродетел. Колку забавно беше тоа и колку малку работа имаше! А госпоѓата навистина беше цврста, барем на свој начин. Сега мојата тактика се состоеше во тоа, што постојано паѓав како пресечен ничкум пред нејзината цврстина. Ѝ ласкав безмилосно, а штом ќе постигнев да ми ја стисне раката, да ме погледа, веднаш се прекорував себеси дека тоа сум ѝ го грабнал со сила, дека се бранела, дека толку се бранела, што сигурно никогаш ништо не би постигнал, да не сум толку расипан; но таа беше невина и не ја претчувствуваше итроста, ами се подаде не сакајќи, и не знаејќи, и така натаму, и така натаму. Со еден збор, постигнав сè, а мојата госпоѓа наполно беше уверена дека е невина и цврста и дека ги извршува сите должности и обврски, а настрада сосем ненадејно. И колку ми се налути, кога на крајот на краиштата, ѝ изјавив дека според моето искрено уверување таа исто така одеше по наслада како мене! И бедната Марфа Петровна, исто така, имаше слабост спрема ласкањето, па само ако сакав, можев уште дури беше жива целиот имот да го препишам на мое име. (Меѓутоа јас многу пијам вино и дрдорам.) Се надевам, дека нема да се налутите, ако спомнам сега дека истото се случуваше и со Авдотја Романовна. Но јас самиот бев глупав и нестрплив и сè расипав. На Авдотја Романовна неколку пати, уште порано, (а еден пат особено) воопшто порано не ѝ се допаѓаше изразот на моите очи, дали верувате? Накратко, во очите сè посилно и поне-

претпазливо се запалуваше некаков оган, што неа ја плашеше и, најпосле, го замрази. Не треба да кажувам подробности; но ние се разидовме. Тука јас пак направив глупост. На најпрост начин фатив да им се подбивам на сите тие пропаганди и преправања; пак излезе на сцената, Параша, а не беше само таа единствена, накратко настапи Содома. Ох, барем еднаш во животот да ги видите очичките на вашата сестричка, како знаат да блеснат понекогаш, Родионе Романович! Нема врска тоа што сум сега пијан и еве веќе испив цела чаша вино, јас ја кажувам вистината. Ве уверувам дека тој поглед го сонувам; а шушкањето на нејзината облека веќе воопшто не можев да го поднесувам. Навистина, си мислев дека ќе добијам епилепсија, никогаш и не сум сонувал дека ќе можам олку да се возбудам. Накратко, секако морав да се помирам, но тоа веќе не беше возможно. И, замислете си, тогаш што направив! Како може да го затапи човекот беснилото! Никогаш не преземајте ништо кога сте бесен, Родионе Романович. Јас си мислев дека Авдотја Романовна е гола сиромашка (но, извинете, не сакав да... но не е ли сеедно, ако со тоа се искажува ист поим?) Накратко живее од заработувачката на своите раце — ја издржува мајка си а и вас (ах, по ѓаволите, пак бладам за вас...) значи решив да ѝ ги понудам сите мои пари (триесет илјади можев да соберам и тогаш) па таа да избега со мене, макар ваму во Петербург. Се разбира, јас би ѝ се заколнал за вечна љубов, блаженство и така натаму, и така натаму. Верувате ли, толку бев зацапан, што да ми речеше: заколи ја или отруј ја Марфа Петровна и земи ме за жена — веднаш ќе го направев тоа! Но сè заврши со катастрофа, која веќе ја знаете, па и самиот можете да оцените, колку се разбеснив, кога дознав дека Марфа Петровна го измолкнала од некаде преподлото судско писариште Лужин и бргу-бргу ја смајсторисала свадбата; — а тоа, всушност, би било истото што би ѝ го понудил и јас. Така ли е? Така ли е? Така е, нели? Забележувам, дека некако многу внимателно фативте да слушате... интересно момче....

Свидригајлов од нетрпеливост тресна со тупаница по масата. Се вцрви. Раскољников јасно виде дека таа чаша или чаша и пол шампањско што ги испи, сркајќи по малку, голтка по голтка, дејствуваа на него нездраво — и реши да го искористи случајот. Свидригајлов му беше многу сомнителен.

— Да, по ова, јас сум наполно уверен дека овде сте допатувале поради мојата сестра — му рече тој на Свидригајлов в лице, и без да се мрда, за да го разлути уште повеќе.

— Ех, оставете го тоа! — некако се стресе Свидригајлов, — па јас реков... а, освен тоа, сестра ви не ме поднесува.

— И јас сум уверен дека не ве поднесува, но сега не се работи за тоа.

— Значи, вие сте уверен дека не ме поднесува? — (Свидригајлов замижи и подбивно се насмевна.) — Имате право, таа не ме сака; но никогаш немојте да гарантирате за она што се случува помеѓу мажот и жената, или помеѓу љубовникот и љубовницата. Секогаш има по некое катче, што секогаш останува непознато за целиот свет а го знаат само тие двајца. Гарантирате ли дека Авдотја Романовна ме гледаше со одвратност?

— Од некои ваши зборови и реченици во овој наш разговор забележувам дека вие ни сега не се откажувате од некои намери и замисли, се разбира подли, во врска со Дуња.

— Што! Зарем сум изговорил такви зборови и реченици? — многу наивно се стресе Свидригајлов, воопшто не грижејќи се за епитетот што им беше залепен на неговите намери.

— Па и сега изговоривте. Зошто, на пример, толку се плашите? Зошто сега се уплашивте наеднаш?

— Јас сум се плашел? Од вас да се плашам? Побргу вие можете да се плашите од мене, cher ami.[1]) Каква чудна збрка е тоа... Впрочем, јас се напив, гледам; за малку пак ќе издрдорев нешто. По ѓаволите и виното! Еј, вода!

---

[1]) Драги пријателе — фр.

Го грабна шишето и ни пет ни шест го фрли низ прозорецот. Филип донесе вода.

— Сето тоа се глупости — рече Свидригајлов, откако ја натопи салветата и си ја стави на главата — а јас можам да ве покријам со еден збор и сите ваши сомневања да ги претворам во прав. Знаете ли вие, на пример, дека јас се женам?

— Тоа ми го кажувавте и порано.

— Сум ви го кажувал? Сум заборавил за тоа. Но тогаш не можев да зборувам со сигурност, бидејќи уште не ја имав видено младата; имав само намера. А сега веќе ја имам и младата, и работата е готова, и да немав некои неодложни работи, всушност, ќе ве одведев кај нив — зошто сакам да ве прашам за совет. Ех, по ѓаволите! Имам уште десет минути. Еве, погледнете во часовников; но јас ќе ви раскажам, зашто тоа е интересна работа мислам, мојата женачка, тоест, на свој начин — каде ќе одите вие? Пак сакате да си одите?

— Но, јас не си одам сега.

— Воопшто нема да си одите? Ќе видиме! Јас ќе ве одведам таму, навистина, ќе ви ја покажам младата, но не сега, сега и вам ви е доцна. Вие ќе одите на десната страна, јас на левата. Ја познавате ли онаа Реслих? Онаа Реслих, кај која живеам сега — дали ја познавате? Слушате ли? А што мислите, тоа е истата за која велат, дека девојчето ѝ се фрлило во вода, зиме, — слушате ли? Слушате ли? Да, ете, таа сѐ ми уреди; тебе ти е здодевно, вели, забавувај се некое време! А јас сум мрачен, здодевен човек. Но не мислите дека сум весел? Не, јас сум мрачен: на никого не му правам зло, си седам настрана; понекогаш не можат да ме натераат на разговор по три дена. А таа, обесеничката Реслих, ви велам, еве, што си замислила: мене жената ќе ми здодее, ќе ја оставам и ќе си одам, а жената ќе ѝ остане нејзе, и таа ќе ја пушти во промет; тоест во нашиот општествен слој и во вишиот. Има, вели, еден будалест татко, бивш чиновник, се вози на количка, веќе три години не може да ги мрдне нозете. Има, вели, и мајка, разумна дама е мајка

ѝ. Синот служи некаде во губернијата, не им помага. Едната ќерка им се омажила и не ги посетува, на нивна грижа биле оставени две мали внучиња (како да се малку самите тие) а помалото девојче го извадиле од гимназија, пред да заврши; тоа значи им е најмлада ќерка, која по еден месец ќе наполни шеснаесет години, што значи, по еден месец ќе можат и да ја омажат. Значи, за мене. Отидовме таму; кај нив е смешно; се претставувам: спахија, вдовец, познато име, со такви и такви врски, со капитал — каква врска има тоа што имам педесет години, а таа нема ни шеснаесет? Кој гледа на тоа? А примамливо е, нели. Навистина е примамливо, ха-ха! Да видевте, како разговарав со таткото и со мајката! Вредеше да платиш, за да ме видиш во тоа време. Излегува таа, се клања; можете да си претставите, во кратко фустанче, неразвиена пупка, се вцрвува, пламти како зора. (Ѝ кажаа, се разбира.) Не знам, како ги цените вие женските лица, но според моето мислење, тие шеснаесет години, тие очички, уште детски, таа срамежливост и срамежливите солзи — според мојот суд, тоа е подобро од убавината, а таа, покрај тоа, и сама посебе е убава, како да е нацртана. Руса косичка, малечкави локни, што се извиткуваат во кадрици, полнички румени уснички, ноженца — чудесно!... Значи, се запознавме, јас соопштив дека ми е итно поради домашни причини, а утредента, тоесет завчера, нѐ благословија. Оттогаш, штом ќе дојдам, веднаш ќе ја седнам на скут, и не ја пуштам... Таа се вцрвува како сонце во зори, а јас ја бацувам; се разбира, мајка ѝ ѝ вели дека овој (за мене) е твојот маж, и дека така мора да биде; накратко, уживање! И, можеби, таквата состојба на свршеник е навистина подобра од брачната. Тоа е, како што се вели, la nature et la vérité[1]). Ха-ха! Двапати разговарав со неа, воопшто не е глупаво девојче, понекогаш ме погледнуваше кришум и сосем ме изгоруваше. А знаете ли, дека таа има лице како Рафаеловата Мадона. Сикстинската Мадона има фантастично лице, лице на тажна јуродива жена, зарем тоа не ви паднало в очи?

---

[1]) Природа и вистина — фр.

Ова е нешто слично. Штом нѐ благословија, јас уште утредента потрошив илјада и петстотини и ѝ донесов: еден накит од брилјанти, еден гердан од бисери, сребрено тоалетно кутиче за дами, со секакви нешта, така што нејзе, на Мадоната, ѝ се зарумени лиценцето. Вчера ја седнав на скут, но тоа ѝ се виде премногу безобразно, па сета се вцрви и солзички ѝ потекоа од очите, но не сакаше да се издаде, иако сета гореше. По малку си отидоа сите, јас останав сам со неа, наеднаш таа ми се обеси на вратот (првпат самата), ме прегрна со обете рачички, ме бацуваше и ми се колнеше дека ќе ми биде послушна, верна, добра жена, дека ќе ме усреќи, дека ќе настојува целиот свој живот, секој момент, сѐ да жртвува, а дека за сето тоа сака с а м о д а ј а п о ч и т у в а м, и ми рече: „мене не ми треба ништо, ништо, никакви подароци!“ Кажете ми, ве молам: да чуеш вакво признание насамо од ангелче од шеснаесет години, во фустанче од тил, со кадрави локни, со црвенило од девојчински срам и со солзички од занес во очите — кажете ми вие: не е ли тоа прилично интересно? Не е ли интересно? Вреди нешто, нели? Да, вреди ли? Па... па, слушајте... па, да одиме кај мојата свршеница... само не веднаш!

— Накратко, големата разлика во годините и во образованието го распалуваат вашето сладострастие! И навистина ли ќе се ожените?

— Ами како? Се разбира дека ќе се оженам. Секој си се грижи за себе, а највесело живее оној кој знае најдобро да се излаже себеси. Ха-ха! А зошто вие толку инсистирате на чесност? Поштедете ме од тоа, баќушка, јас сум грешник. Хе-хе-хе!

— Но вие сепак ги сместивте децата на Катерина Ивановна. Впрочем... впрочем, вие имавте причини за тоа... јас сега сфаќам сѐ.

— Општо земено, јас сакам деца, јас многу сакам деца — со закикоти Свидригајлов. — Можам да ви кажам интересна приказна за тоа која, всушност, сѐ уште трае. Уште првиот ден по доаѓањето, јас тргнав по разни клоаки, но, по седум години се откажав од сето тоа. Вие секако забележувате дека јас не брзам да се состанам со моето поранешно друштво, со некогашните

пријатели и другари. Па, колку што можам, ќе гледам да останам без нив. Да ви кажам: на село кај Марфа Петровна жив ме изедоа спомените за сите тие тајни места и местенца, по кои тој што знае, многу може да најде. По ѓаволите! Народот се пијани, образованата младоста безделничи и скапува во неостварените соништа и во мечтаење, во изопачените теории; однекаде надошле Евреи и трупаат пари, а сè друго се оддало на разврат. Значи, во овој град уште во првите часови по пристигањето го почувствував познатиот здив. Така се најдов во еден локал со танчарска програма — страшна клоака (а јас баш ги сакам клоаките со нечистотија), и, се разбира, канкан, каков што немало во моето време. Да, во тоа е напредокот. Наеднаш гледам девојче од тринаесет години, многу убаво облечено, танцува со еден виртуоз; другиот ѝ е отспротива, а до ѕидот на стол седи мајка ѝ. Па можете да си замислите, каков канкан беше тоа! Девојченцето се збунува, црвенее, најпосле се навредува и фаќа да плаче. Виртуозот ја зграпчува, почнува да ја врти и да изведува нешто пред неа, сите наоколу се кикотат, — а јас во таквите часови ја љубам нашата публика, па и канканската, се кикотат и викаат: „Токму така треба! Зошто доведуваат деца!“ Мене ми иде да плукнам на тоа, зашто сфатив дека тие се сами и дека нема кој да ги одбрани. Го напуштив моето место, па седнав покрај мајката и почнав да ѝ кажувам дека и јас сум скоро дојден овде, а дека сите овие се простаци и дека не знаат да ја ценат и почитуваат вистинската чесност; ѝ соопштив дека имам многу пари; ѝ понудив да ги одвезам во мојата кочија; ги одвезов дома и се запознав (живееја во некоја собичка заедно со други, и скоро допатувале). Ми рекоа дека познанството со мене им прави чест: и нејзе и на ќерката; дознав дека немаат ни куќа ни колиба, дека дошле да се молат во некоја канцеларија; им ги понудив моите услуги и пари; дознав дека во локалот дошле мислејќи оти тука сериозно ќе учат да танцуваат; се понудив да ѝ помогнам на младата девојка во учењето на францускиот јазик и во танцувањето. Тоа го примија со одушевува-

ње, го сметаа за чест, и, еве, сега сме познајници... Сакате ли да ве одведам кај нив — само не веднаш.

— Оставете ги, оставете ги вашите подли, одвратни приказни, развратен, гаден сладострасникуу!

— Еве го Шилер, нашиот Шилер Ou va-t-elle la vertu se nischer?[1]) Знаете ли дека јас сосем намерно ви раскажувам вакви работи, за да ги слушам вашите извици! Уживање!

— Значи, јас сум толку смешен — промрмори Раскољников полн со злоба.

Свидригајлов силно се кикотеше; најпосле, го повика Филипа, плати, и почна да станува.

— Да, навистина сум пијан, assez causè! — рече — уживање!

— А зошто да не уживате! — викна Раскољников станувајќи и самиот. — Зошто да не му претставува уживање на еден стар развратник, особено штом има на ум ваква одвратна намера, — да раскажува за такви авантури, и уште, во такви околности и пред ваков човек, каков што сум јас... Тоа возбудува!

— Добро, ако е така — одговори Свидригајлов, некако зачуден, гледајќи го Раскољникова — ако е така, тогаш и вие сте вистински циник. Барем многу таков материјал има во вас. Многу можевте да спознавате, многу... но многу можете и да работите. Но доста е, доста! Искрено жалам што само малку разговарав со вас, но вие нема да ми избегате. Само причекајте...

Свидригајлов излезе од гостилницата. Раскољников по него. Но Свидригајлов сепак не беше многу пијан; виното му беше удрило во главата, но сè повеќе се трезнеше. Тој беше многу загрижен поради нешто, нешто извонредно важно и се муртеше. Некакво очекување очигледно го возбудуваше и вознемируваше. Во последниве моменти тој некако наеднаш го измени својот однос спрема Раскољников, и со секој миг стануваше сè погруб и поподбивен. Раскољников го забележа тоа, и самиот се возбуди. Свидригајлов му стана многу сомнителен; тој реши да оди по него.

---

[1]) Ете, каде се притаила добродетелта — фр.

Излегоа на тротоарот.

— Вие ќе одите вдесно, а јас влево, или пак обратно, само — adieu mon plaisir,[1]) до радосно видување!

И тој сврти вдесно накај Сенскиот плоштад.

V

Раскољников тргна по него.

— Што значи ова? — викна Свидригајлов обрнувајќи му се. — Та јас, ми се чини, реков...

— Тоа значи дека сега нема да ве напуштам.

— Што-о-о?

И двајцата застанаа и загледаа еден во друг како да се мерат.

— Од целото ваше полупијано раскажување — остро пресече Раскољников јас п о з и т и в н о заклучив дека вие не само што не сте ги напуштиле вашите преподли намери во однос на мојата сестра, ами дека сега сте ангажиран со нив повеќе од секогаш порано. Јас знам дека изутрина сестра ми добила некакво писмо. Вие целото време се мрдавте на столот... Вие можеби патем сте набарале некаква жена; но тоа не значи ништо. Јас сакам лично да се уверам...

Раскољников тешко можеше самиот да утврди, што сакаше сега всушност и за што сакаше да се увери лично.

— Значи, така! А дали сакате веднаш да викнам полиција?

— Викни!

Пак застанаа еден спроти друг. Најпосле, на Свидригајлов му се измени лицето. Кога се увери дека Раскољников не се уплаши од заканувањето, лицето веднаш му стана повесело и попријатно.

— Каков сте! Намерно не започнував разговор за вашиот предмет, иако, се разбира, ме мачи љубопитноста. Работата е фантастична. Тоа го одложив за другпат, но вие навистина сте способен да раздразните и мртовец... Добро, ајде, но однапред ви велам: јас

---

[1]) Збогум, моја радост — фр.

ќе наминам дома, за да земам пари; потоа го затворам станот, се качувам во кочија, и целата вечер ќе ја минам на островите. Е, тогаш како ќе идете по мене?

— Сега јас ќе дојдам во станот, но не кај вас, туку кај Софја Семјоновна, за да ѝ се извинам дека не бев на закопот.

— Како што сакате, но Софја Семјоновна не е дома. Ги одведе децата кај една дама, кај една одлична стара дама — една моја некогашна познајница, која е управителка на некакви домови за сирачиња. Јас ја одушевив таа дама, зашто уплатив пари за сите три малечки на Катерина Ивановна, а освен тоа им подарив пари и на домовите; најпосле, ѝ ја кажав историјата на Софја Семјоновна, сè подробно, без да скријам нешто. Тоа предизвика извонреден ефект. Затоа на Софја Семјоновна ѝ беше речено; уште денеска да дојде во — скиот хотел, каде што за некое време е отседната таа госпоѓа.

— Сеедно, сепак ќе наминам.

— Како што сакате, само не одете со мене; па, најпосле, што ми е грижа! Еве, веќе стигнавме. Вие изгледа, се сомневате во мене затоа што бев толку деликатен и досега не ви здодевав со испитување... разбирате ли? Вам тоа ви се стори необично; се обложувам дека е така! Ајде после биди деликатен!

— А прислушнувате зад врата!

— А, вие зборувате за она! — се насмевна Свидригајлов. — Да, и ќе ми беше чудно ако по сето тоа останевте без забелешка. Ха-ха! Разбрав нешто за тоа што сте го ... направиле... вие таму и за кое ѝ раскажавте на Софја Семјоновна, но што е тоа, всушност? Можеби сум сосем заостанат човек и веќе не сфаќам ништо. Објаснете ми, живи бога, гулабе! Просветете ме со најновите идеи!

— Ништо не сте можеле да слушнете, вие лажете!

— Ама јас не зборувам за тоа, не зборувам за тоа (иако слушнав многу нешта), не, јас зборувам за тоа дека вие еве постојано стенкате и стенкате! Шилер во вас се буни секој миг. Ајде после не прислушнувај

зад врата! Ако е така, одете и пријавете ѝ на власта: речете, ете, така и така, ми се случи вакво нешто: во теоријата се јави мала грешка. Ако пак сте уверен дека не чини да се прислушнува на вратата, а дека бабите слободно може да се отепуваат со тоа што ќе ти дојде до раката, заради сопствено задоволство, тогаш побргу отпатувајте некаде во Америка! Бегајте, момче! Можеби уште имате време. Јас ви зборувам искрено. Можеби немате пари? Јас ќе ви дадам за пат.

— Јас не мислам за тоа — го прекина Раскољников со гадење.

— Разбирам (впрочем, не загрижувајте се премногу: ако сакате, немојте многу ни да зборувате), разбирам, какви прашања ве окупирале; морални, нели? Прашања на граѓанин и човек? Ослободете се од нив; зошто ви се сега? Хе-хе! Зарем затоа што сè уште сте и граѓанин и човек? Ако е така, не требаше да се плеткате со тоа, ниту да се зафаќате со она што не е за вас. Тогаш, убијте се; што, зарем не ви се сака?

— Како да сакате намерно де ме изнервирате, за да ве оставам сега...

— Види каков чудак! Еве, ве молам, веќе сме на скалите. Гледајте, одовде се влегува кај Софја Семјоновна; гледајте, нема никого! Не верувате ли? Прашајте ја Капернаумова; ним им го остави клучот. Еве ја и неа, madam de Капернаумов, нели? Што? (Таа е глува.) Си отишла? Каде? Да, слушнавте ли сега? Ја нема и нема да дојде до доцна ноќеска. Да одиме сега кај мене! Та вие сакавте да дојдете кај мене? Еве нè во мојот стан. Мадам Реслих не е дома. Таа жена постојано нешто работи, но е добра, ве уверувам... можеби би ви користела и вам, да сте малку поразумен. Но, еве, повелете да видите; ја земам од бирото оваа хартија од педесет проценти (еве, уште колку имам!) и таа денеска ќе оди во менувачницата. Е, видовте ли? Понатаму не смеам да губам време. Масата се заклучува, станот се заклучува, и ние пак сме на скалите. Сакате ли да се качиме на кочија? Јас ќе одам на островите. Сакате ли да се провозите? Еве, јас ја земам оваа кочија за во Елагин, што? Не сакате? Не

можете да издржите? Ајде да се провозиме, секако. Како да се готви да заврне, секако, ќе го пуштиме покривот...

Свидригајлов веќе седеше во кочијата. Раскољников заклучи дека сомневањата му се неосновани барем за сега. Не рече ни збор, ами се сврти и се врати назад во правец на Сенскиот плоштад. Барем еднаш да се обрнеше патем, ќе видеше дека Свидригајлов не се возеше ни сто чекори, па му плати на кочијашот и слезе на тротоарот. Но тој веќе не можеше никого да види и веќе имаше свртено зад аголот. Голема одвратност го одбиваше од Свидригајлова. „Зарем можев нешто да очекувам макар еден момент, од тој груб злосторник, од тој женкар, развратник и подлец!“ — викна тој не сакајќи. Всушност, Раскољников пребрзо и лесномислено го донесе својот заклучок. Имаше нешто во целата таа појава на Свидригајлов, што му даваше барем некаква оригиналност, ако не дури и таинственост. Што се однесува пак до сестрата, Раскољников сепак и понатаму беше толку цврсто уверен дека Свидригајлов нема да ја остави на мир. Но му беше премногу тешко и неподнесливо да мисли и да размислува за сето тоа!

Кога остана сам, по дваесетина чекори, по својот обичај, потона во длабока замисленост. Се качи на мостот, застана до оградата и се загледа во водата. Меѓутоа, над него стоеше Авдотја Романовна.

Тој се размина со неа, кога се качуваше по мостот, но не ја забележа, ами мина покрај неа. Дуњечка досега не го сретнала на улица во ваква состојба и остана вчудовидена. Запре и не знаеше дали да го викне или не? Одеднаш забележа како откај Сенскиот плоштад брзо ѝ се приближува Свидригајлов.

Но тој како да се приближуваше скришум и претпазливо. Не се качи на мостот, ами запре отстрана, на тротоарот, настојувајќи на секој начин, да не го забележи Раскољников. Дуња одамна веќе ја имаше видено, и фати да ѝ мавта. Нејзе ѝ се стори дека со тие знаци ја моли да не го вика братот, ами да го остави на мир, и дека ја вика иакај себе.

Дуња постапи така. Тивко го одмина својот брат и му пристапи на Свидригајлов.

— Да одиме побрзо! — ѝ шепна Свидригајлов. — Јас не би сакал Родион Романович, да знае за нашава средба. Ве предупредувам дека со него седев овде некаде близу во една гостилница, каде што ме најде тој, и одвај се ослободив од него. Тој однекаде знае за моето писмо до вас, и во нешто се сомнева. Секако, не сте му кажале вие? А ако не сте му кажале вие, тогаш кој?

— Еве, веќе свртивме зад аголот — го прекина Дуња, па брат ми нема да ме забележи. Изјавувам дека не идам со вас понатаму. Сè кажете ми овде; сето тоа можевте да го кажете и на улица.

— Прво, тоа воопшто не може да се каже на улица, второ, треба да ја чуете и Софја Семјоновна; трето, јас ќе ви покажам некои документи... Но ако вие најпосле не сакате да дојдете кај мене, јас се откажувам од секакво објаснување и си одам веднаш. Притоа ве молам, немојте да заборавите, дека многу интересната тајна на вашиот сакан брат сосем е во моите раце.

Дуња застана нерешително и се загледа во Свидригајлов со прониклив поглед.

— Зошто се плашите? — забележа тој спокојно. — Градов не е село. И на село повеќе штета ми направивте вие мене, отколку јас вам, а овде...

— Известена ли е Софја Семјоновна?

— Не, не ѝ кажав ни збор, а и не знам сигурно, дали е сега дома. Впрочем, веројатно е дома. Денеска ја закопа својата роднина; секако нема да оди на гости на ваков ден. Засега никому нема да му зборувам за тоа, па донекаде и се каам, што ви соопштив и вам. Тука и најмалата непретпазливост е исто како пријава. Јас живеам, еве, овде, во куќава до која се доближивме. Еве го чуварот на нашата куќа, чуварот многу добро ме познава; еве, поздравува; гледа дека идам со дама, а сигурно веќе го забележал и вашето лице, а тоа добро ќе ви дојде, ако се плашите многу и ако се сомневате во мене. Извинете што зборувам вака просто. Јас живеам сам во станот. Софја Семјоновна живее веднаш до мене. Исто така сама. Целиот кат е

издаден под наем. Зошто се плашите како деѓе? Толку ли сум страшен?

На Свидригајлов лицето му се искриви од снисходлива насмевка; но нему веќе не му беше до насмевка. Срцето му тупкаше и здивот му се запираше во градите. Намерно зборуваше гласно, за да ја прикрие сѐ посилната возбуда; но Дуња не го забележа тоа посебно возбудување; премногу ја изнервира забелешката дека таа како дете се плаши од него, и дека тој ѝ изгледа толку страшен.

— Иако знам дека сте човек... без чест, ни малку не се плашам од вас. Одете напред — рече, навидум мирно, но лицето ѝ беше многу бледо.

Свидригајлов застана пред станот на Соња.

— Дозволете да дознам дали е дома... Не. Незгода! Но знам дека ќе дојде брзо. Ако веќе отишла, таа можела да оди само кај една дама, поради своите сирачиња. Им умре мајката... И јас тука се замешав, и нешто средив. Ако Софја Семјоновна не се врати за десетина минути, јас неа ќе ја испратам кај вас, ако сакате, уште денеска; но, еве го мојот стан. Еве ги моите две соби. Овде, зад оваа врата, живее мојата газдарица, госпоѓата Реслих. Сега вирнете ваму, ќе ви ги покажам главните документи! Оваа врата од мојата спална соба води во две сосем празни соби, што се издаваат под наем. Еве ги... Тоа треба да го погледате малку повнимателно...

Свидригајлов живееше во две прилично широки, наместени соби. Дуњечка се загледуваше недоверливо, но не забележа ништо особено ни на покуќнината, ни на положбата на тие соби, иако можеше да се забележи, на пример, дека станот на Свидригајлов е некако помеѓу два, речиси, ненаселени стана. Во него не се влегуваше направо од ходникот, ами низ двете соби на газдарицата кои беа речиси празни. Свидригајлов ја отклучи заклучената врата од спалната па ѝ ја покажа на Дуњечка празната соба што сега се издаваше под наем. Дуњечка застана на прагот, не сфаќајќи зошто ја вика, да ја разгледа собата, но Свидригајлов побрза да ѝ објасни.

— Еве, погледнете ваму во другава голема соба. Гледате, вратата е заклучена. До вратава — стол, само тој единствен стол во обете соби. Јас го донесов од мојот стан, за да слушам поудобно. Онаму веднаш зад вратана, стои масичето на Софја Семјоновна: таму седеше таа кога разговараше со Родион Романович. А јас седев овде на стол и прислушнував две ноќи еднопо-друго, секојпат по два часа, — па, се разбира, имав можност да дознам нешто; што мислите за тоа?

— Значи вие сте прислушнувале?

— Да, прислушнував; да одиме сега во моите соби; овде немаме ни на што да седнеме.

Ја доведе Авдотја Романовна во својата прва соба, што му служеше како салон, и ѝ понуди да седне. Тој седна на другиот крај од масата, барем два чекора далеку од неа, но во очите веројатно му блесна истиот пламен што ја заплаши некогаш Дуњечка. Таа се стресе и пак се обзрна со недоверба. Тоа го направи не сакајќи; очигледно не сакаше да ја покаже својата недоверба. Но осаменоста на станот на Свидригајлов најпосле ја порази. Сакаше да праша, дали е дома барем неговата газдарица, но сепак не праша... од гордост. Покрај тоа во срцето носеше и една друга, многу поголема мака, отколку стравот за себеси. Ја притискаше неподнослива мака.

— Еве го вашето писмо — започна Дуња и го стави писмото на маса. — Можно ли е ова, што го пишувате вие? Вие споменувате злосторство, кое божем го извршил брат ми. Знајте дека јас побргу од вас слушнав за тоа глупаво озборување и не поверував ни малку. Тоа е одвратно и смешно сомневање. Ја знам таа приказна, како и зошто е измислена. Вие не можете да имате никакви докази. Вие ветивте дека ќе докажете; значи, кажувајте! Но знајте однапред дека не ви верувам! Не ви верувам...

Дуњечка тоа му го рече зборувајќи многу брзо, и наеднаш црвенило ѝ го прелеа лицето.

— Ако не верувавте, како можеше да се случи, да се осмелите да дојдете сама кај мене? Значи, зошто дојдовте? Дали само од љубопитност?

— Не мачете ме, кажувајте, кажувајте!

— Треба да се признае дека сте храбра девојка! Жими бога, јас мислев дека ќе го замолите господин Разумихин да ве придружува. Но тој не беше ни со вас ниту во ваша близина; јас гледав; тоа е смело; значи сакавте да го поштедите Родион Романович. Впрочем, во вас сè е божествено... Што се однесува пак до вашиот брат, што да ви кажам? Пред малку го видовте. Каков ви изгледа?

— Да не засновувате сè само врз тоа?

— Не, не засновувам врз тоа, ами врз неговите сопствени зборови. Еве, две ноќи едноподруго тој идеше овде, кај Софја Семјоновна. Ви покажав каде седеа. Тој сосем ѝ се исповеда. Тој е убиец. Тој ја убил вдовицата на чиновникот, лихварката, кај која ги залагал своите предмети; ја убил и нејзината сестра, ветошарката што се вика Лизавета, а која влегла ненадејно, кога ја убивал нејзината сестра. И двете ги убил со секира, што ја донесол со себе. Ги убил за да ги ограби, па и ги ограбил, зел пари и секакви предмети... ... Сето тоа буквално тој самиот ѝ го кажуваше на Софја Семјоновна, која единствено и ја знае тајната, но во убиството не учествувала ни со збор ни со дело, ами се уплаши, исто така, како што сте уплашена сега вие. Не вознемирувајте се, таа нема да го издаде.

— Тоа е невозможно! — промрмори Дуњечка со бледи, премрени усни; здивот ѝ се запре. — Тоа е невозможно, тој немаше никаква, ни најмала причина за тоа, никаков повод... Тоа е лага, лага!

— Ја ограбил, тоа е причината. Ѝ ги зел парите и предметите. Вистина, тој според своето сопствено признание не ги искористил парите и предметите, ами ги оставил некаде под некој камен, каде што се наоѓаат и сега. Тоа го направил затоа што не се осмелил да ги користи.

— Но возможно ли е, да украде, да ограби! Дури и да помисли на тоа! — викна Дуња и скокна од столот. — Та вие го познавате него, сте го виделе! Може ли тој да биде крадец?

Дуња како да го молеше Свидригајлова; заборави за секаков страв.

— Авдотја Романовна, тука има илјадници и милиони комбинаци и можности. Крадецот краде, иако знае дека е подлец; а јас слушнав како еден чесен човек ја ограбил поштата; којзнае, можеби навистина си мислел дека прави добро дело! Се разбира, јас не би верувал, а ни вие, некој друг да ми го кажувал тоа. Но, им поверував на моите сопствени уши. Тој на Софја Семјоновна ѝ ги изнесуваше и сите причини; а таа отпрвин не им веруваше на своите уши, но најпосле на своите сопствени очи им поверува. Та тој лично ѝ кажуваше!

— Значи, кои се... причините.

— Тоа е долга приказна, Авдотја Романовна. Тука има, како да ви кажам, некаква своевидна теорија, исто како што ми се чини мене на пример дека одделното злосторство е дозволено, ако конечната цел е добра. Едно зло а сто добри дела! И навистина тешко и навредливо е за младиот човек, кој има способности и претерано самољубие, ако знае дека кога би имал, на пример, само три илјади, сета кариера, сета иднина во неговата животна цел би се преобразила, а, ете, ги нема тие три илјади. Додајте ја кон тоа раздразнетоста од гладување, од тесниот стан, од парталите, од јасната свест за убавината на својата социјална положба, а воедно и положбата на сестра си и на мајка си. А најмногу суетата, гордоста и суетата, впрочем, господ знае, можеби и со добри наклоности... Ама јас не го обвинувам, немојте да мислите, ве молам; а и не ме интересира. Тука има и една сопствена теориичка, теорија — според која, гледајте, луѓето се делат на материјал и на особени луѓе, тоест на такви луѓе што се на извесна височина, па за нив нема закон, ами тие им ги прават законите на луѓето, на материјалот, на џанот. Ништо, само теориичка: Une théorie comme une autre.[1]) Наполеон многу го занесол, тоест, всушност, го занесло тоа дека многу генијални луѓе, не воделе сметка за поединечното зло, ами без размислување преминувале преку него. Ми се чини дека тој си има вообразено оти и самиот е генијален човек, тоест некое време

[1]) Теорија, како секоја теорија — фр.

бил уверен во тоа. Многу го мачела и сега го мачи мислата, дека успеал да создаде теорија, но не бил во состојба да пречекори преку злосторството без размислување, значи, не е генијален човек. А тоа го понижува младиот човек, во кој има самољубие, особено во наше време...

— А гризењето на совеста? Значи, вие му порекнувате секакво морално чувство. Таков ли е тој?

— Ах, Авдотја Романовна, сега сè се замати, тоест впрочем, никогаш и немало посебен ред. Авдотја Романовна, Русите воопшто се широки луѓе, како што им е широка земјата, и извонредно се склони кон она, што е фантастично, неуредно; но не е добро да се биде широк без посебна генијалност. Се сеќавате ли колку многу разговаравме вака и за оваа тема во четири очи седејќи навечер по вечерата на тарасата во градината. Вие ме прекорувавте токму поради таа широкост. Којзнае, можеби ние, всушност, зборувавме тогаш кога тој лежејќи овде размислувал за својата теорија. Та кај нас, во образованото општество, Авдотја Романовна, и нема особено свети традиции: единствено ако некој си создаде од книгите... или ако ги изведе од летописите. А повеќето такви се учени луѓе, и тоа сите некакви штракаталци, така што и не му прилега на светскиот човек. Впрочем, вие го знаете моето мислење; јас не го обвинувам никого. И јас сум безделничар, и се придржувам кон тоа. Но за тоа веќе често сме разговарале. Ја имав среќата да ве заинтересирам за моите судови... Вие сте многу бледа, Авдотја Романовна!

— Ја знам таа негова теорија. Ја прочитав во списанието неговата статија за луѓето, на кои им е дозволено сè... Ми ја донесе Разумихин.

— Господин Разумихин? Статија на вашиот брат? Во списание? Има таква статија. Не знаев. Веројатно е интересно! Но, каде одите вие Авдотја Романовна?

— Сакам да одам кај Софја Семјоновна — рече Дуњечка со слаб глас. — Како се влегува кај неа? Можеби е дојдена; сакам секако веднаш да се видам со неа. Таа да...

Авдотја Романовна не можеше да доврши: здивот буквално ѝ се пресече.

— Софја Семјоновна нема да се врати до стемнување. Досега требаше да дојде, но штом не дојде, ќе се врати доцна...

— А, значи ти лажеш! Јас гледам... ти лажеше... сето тоа е лага!... Не ти верувам! Не ти верувам! Не ти верувам! — викаше Дуњечка сета бесна и сосем избезумена.

Речиси онесвестена падна на столот, што набрзина ѝ го додаде Свидригајлов.

— Авдотја Романовна, што ви е, освестете се! Еве ви вода. Голтнете малку...

Тој ја попрска со водата. Дуњечка се стресе и се разбуди.

— Силно дејствуваше!.. — промрмори Свидригајлов во себе и се намурти. — Авдотја Романовна, приберете се! Знајте, дека тој има пријатели. Ќе го спасиме, ќе го спасиме. Сакате ли да го одведам во странство? Јас имам пари; за три дена ќе набавам пасош. А колку до тоа дека извршил убиство, тој ќе направи уште многу добри дела, така што сето тоа ќе се збрише: смирете се! Уште може да стане и голем човек. Па, како ви е? Како сте?

— Лош човек! Уште и си бие шега. Оставете ме...

— Каде одите? Ама каде одите?

— Кај него. Каде е тој? Вие знаете! Зошто е заклучена вратава? Од оваа врата влеговме, а сега е заклучена. Кога успеавте да ја заклучите?

— Не смее да се вика низ сиве соби за ова што го рековме овде. Јас воопшто не се подбивам; само ми здодеа да зборувам со онаков јазик. Ама, каде ќе одите ваква? Да не сакате да го пријавите? Вие ќе го разбесните и тој самиот ќе се пријави. Знајте дека веќе го следат, веќе му одат по трагата. Вие само ќе го издадете. Почекајте: јас бев пред малку со него и разговарав; тој уште може да се спаси. Почекајте, седнете, заедно ќе размислиме. Ве викнав, за да разговараме насамо за тоа и добро да размислиме. Ама седнете!

— Како можете да го спасите вие? Зарем може да се спаси?

Дуња седна. Свидригајлов седна до неа.

— Сето тоа зависи од вас, од вас, само од вас — започна тој да шепоти со зацрвенети очи, подзапирајќи и од возбуда не довршувајќи некои зборови.

Дуња се уплаши и се повлече малку назад. И тој трепереше целиот.

— Вие... еден ваш збор и тој е спасен. Јас... јас ќе го спасам. Јас имам пари и пријатели. Веднаш ќе го испратам, а јас ќе извадам пасош, два пасоша. Еден за мене, еден за него. Јас имам пријатели: имам луѓе, вешти за тоа... Сакате ли? И за вас ќе извадам пасош... ... За мајка ви... Зошто ви е вам Разумихин? И јас ве сакам... Јас ве сакам бескрајно. Дајте, да го бацам крајот од вашиот фустан, дајте! дајте! Не можам да слушам, како шушка. Речете ми: направи го ова и јас ќе го направам! Сè ќе направам. Ќе направам и нешто што не може да се направи. Она во кое верувате вие, во тоа ќе верувам и јас. Јас ќе направам сè, сè! Немојте, немојте да ме гледате вака! Зарем не знаете, дека ме убивате...

Тој зборуваше како да блада. Наеднаш стана таков, како да му се заматил умот. Дуња скокна и се спушти кон вратата.

— Отворете! Отворете! — се дереше таа пред вратата, како да вика некого, и ја тресеше со рацете. — Ама отворете! зарем нема никого?

Свидригајлов стана и се созеде. Злобна, подбивна насмевка полека му се оцртуваше на усните кои уште му трепереа.

— Никого, никого нема дома — изговори тој тивко и со прекини; — газдарицата отиде и залудно е таквото викање; само напразно се возбудувате.

— Каде е клучот? Веднаш отворај ја вратава, веднаш подал човеку!

— Го изгубив клучот и не можам да го најдам.

— А! Значи ова е насилство! — викна Дуња, побледна како смрт, отрча во аголот и таму се загради со масичето, што ѝ дојде до рацете.

Не викаше, но погледот го имаше впиено во својот мачител и будно внимаваше на секое негово движење. Ни Свидригајлов не се мрдаше од местото, ами стоеше спроти неа на другиот крај од собата. Тој дури почна да владее со себеси, барем навидум. Но лицето му беше бледо, како порано. Подбивната насмевка не му го напушташе лицето.

— Вие пред малку рековте „насилство", Авдотја Романовна. Ако е насилство и самата можевте да заклучите дека имам преземено мерки. Софја Семјоновна не е дома, до Капернаумови е многу далеку, пет затворени соби. Најпосле, јас сум барем двапати посилен од вас, а освен тоа, нема од што да се плашам, бидејќи потоа вие не ќе можете да се жалите: секако не сакате навистина да го предадете брат ви? А никој нема и да ви поверува: па, како можела девојка сама да дојде во станот на човек-самец? Значи, и ако го жртвувате брат ви, ни тогаш нема да докажете ништо: многу тешко се докажува насилството, Авдотја Романовна.

— Подлец! — прошепоти Дуња бесно.

— Како што сакате, но да знаете, јас тоа го реков како претпоставка. Според моето лично уверување сосем имате право: насилството е гадно. Јас зборував само за тоа дека вие нема, да направите ништо против вашата совест, дури и кога... дури и кога би решиле да го спасите вашиот брат доброволно, онака, како што ви предлагам. Вие, значи, просто би им се покориле на околностите, па најпосле и на силата, ако веќе не може да биде без тој збор. Размислете за тоа: судбината на вашиот брат и на мајка ви е во ваши раце. А јас ќе ви бидам роб... дури сум жив... Еве, јас ќе чекам овде... — Свидригајлов седна на диванот, на приближно осум чекори од Дуња. Таа веќе ни најмалку не се сомневаше во неговата непоколеблива решителност, зашто го познаваше.

Ненадејно, таа извлече од џебот револвер, го запна и раката со револверот ја спушти на масичето. Свидригајлов скокна од местото.

— А! Значи, така! — викна тој зачуден, но злобно смешкајќи се. — Е, тоа сосем го менува текот на работите! Вие, Авдотја Романовна многу ми ја олеснувате

работата! Како сте го набавиле револверот? Да не сте го зеле од господин Разумихин? Ха! Та тоа е мојот револвер! Стариот, го познавам! А колку го барав јас тогаш!... Сепак не пропаднале напразно часовите по стрелање што имав чест да ви ги давам на село.

— Револверот не е твој, ами од Марфа Петровна, која ти ја уби, злосторнику! Ти во нејзината куќа немаше ништо свое. Јас го зедов, кога почнав да претчувствувам, што можеш да направиш. Не мрдај, зашто ти се колнам, ќе те убијам!

Дуња се разбесни. Револверот го држеше управен во него.

— Добро, а брати ти? Прашувам само од љубопитност? — праша Свидригајлов, сè уште стоејќи на исто место.

— Пријави ако сакаш! Не мрдај! Не мрдај! Ќе пукнам! Ти ја отру жена си, јас знам, ти си убиец!...

— Многу ли верувате во тоа дека јас сум ја отрул Марфа Петровна?

— Да! Ти ми спомнуваше; ти ми кажуваше за отровот... Јас знам дека отиде да набавиш отров... Сè имаше подготвено ... Тоа го направи ти... Да ти! Подлецу!...

— Дури и да е вистина тоа, поради тебе... пак ти би била причината.

— Лажеш! Јас тебе секогаш те мразев, секогаш, секогаш....

— Ех, Авдотја Романовна! Очигледно сте заборавиле дека во состојба на загреаност веќе попуштавте и замиравте... Тоа ви го читав во очичките; се сеќавате ли: навечер, на месечина, пееше славејче?

— Лажеш — на Дуња ѝ светна беснило во очите — лажеш, клеветнику!

— Лажам? Па добро, можеби и лажам! Излажав. На жените не смеат да им се споменуваат тие работи. (Тој се насмевна.) Знам дека ќе пукнеш, убава sверко. Па, ајде, пукај!

Дуња го дигна револверот, бледа како смрт, долната усна и затрепери, крупните црни очи ѝ блеснаа како оган; се загледа во Свидригајлов, бестрашно мер-

кајќи го и очекувајќи тој само да се наведне. Никогаш не ја имаше видено олку убава. Огнот, што ѝ светна во очите во моментот кога го дигаше револверот како да го изгори и срцето му се стегна од болка. Тој зачекори, — и се слушна истрел. Куршумот му се лизна по косата и удри одзади во ѕидот. Тој застана и тивко се насмевна.

— Осата боцна! Право во главата нишани... Што е ова? Крв!

Го извади шамичето, за да ја избрише крвта, што му течеше како танка шурка од над десната слепоочница; зрното веројатно му ја изгребало малку кожата на темето Дуња го спушти револверот и се загледа во Свидригајлов, но не од страв, туку поради некаква недоумица. Како веќе да не разбираше ни самата што направи и што се случува.

— Па, што се може, не погодивте! Пукнете пак, чекам — проговори тивко Свидригајлов, сè уште смешкајќи се, но некако мрачно. — Инаку пак ќе ве зграпчам, пред да успеете да го запнете пиштолот!

Дуњечка се стресе, брзо го запна револверот и пак го дигна.

— Оставете ме! — изговори таа во очај. — Ви се колнам, пак ќе пукнам.'.. Ќе ве убијам...

— Па добро... На три чекори и не можете да не ме убиете...

Во очите му светнаа искри и тој направи уште два чекора.

Дуњечка чкрапна, но револверот не пукна!

— Не сте го наполниле добро. Сеедно! Капислата уште стои. Поправете го јас ќе чекам.

Стоеше на два чекори пред неа, чекаше и гледаше во неа со пламнат страстен, тежок поглед, со сурова бестрашност. Дуња сфати дека помило му е да умре, отколку да ја пушти неа. „И.. и таа веројатно ќе го убие сега, на два чекора!...“

Одеднаш таа го фрли револверот.

— Го фрли! — изговори Свидригајлов вчудовиден и длабоко воздивна.

Наеднаш му спадна нешто од срцето, а тоа не беше тежина од смртниот страв; во тој момент којзнае дали

чувствуваше такво нешто. Тоа беше спасување од едно друго, поболно и помрачно чувство, кое ни самиот не можеше наполно да го определи.

Ѝ пристапи на Дуња и без збор ја фати за половината. Таа не се бранеше, ами трепереше како лист и го гледаше со молбен поглед. Свидригајлов сакаше да ѝ каже нешто, но усните само му се искривуваа и не можеше ништо да изговори.

— Пушти ме! — рече Дуња молејќи.

Свидригајлов се стресе; ова веќе не беше изречено како пред малку.

— Значи, не ме сакаш? — праша тој тивко.

Дуња одречно нишна со главата.

— А . . . не можеш ли? . . . Никогаш? — прошепоти тој очајно.

— Никогаш! — прошепоти Дуња.

Помина една минута ужасна, нема борба во душата на Свидригајлов. Тој ја погледна Дуња со необичен поглед. Потоа ја тргна раката, се сврти, отиде брзо до прозорецот и застана пред него.

Минаа уште неколку мига.

— Еви ти го клучот, — тој го извади клучот од левиот џеб на палтото и го остави на масата зад себе, без да се свртува кон Дуња. — Земете го; одете си побрзо! . . .

Упорно гледаше низ прозорецот.

Дуња пристапи до масата, за да го земе клучот.

— Побрзо! Побрзо! — повтори Свидригајлов, сè уште не мрдајќи се и не свртувајќи се.

Но во тоа „побрзо“ се слушна некаков страшен тон.

Дуња го сфати, го грабна клучот, се спушти кон вратата, ја отклучи набрзина и истрча од собата. Како споулавена, и избезумена, за миг се најде на Каналот, и се упати кон — скиот мост.

Свидригајлов постоја уште три минути крај прозорецот, најпосле полека се сврти, се обрна околу себе и тивко мина со дланката преку своето чело. Необична насмевка му го искриви лицето, тоа беше тажна, слаба насмевка, насмевка на очај. Дланката му беше окрвавена а крвта веќе беше почнала да се суши; тој

налутено се загледа во крвта; потоа го накваси пешкирот и си го избриша челото. Притоа го виде револверот, што го фрли Дуња и кој се беше истркалал до вратата. Го дигна и го разгледа. Тоа беше мал, џебен револвер, од стара конструкција, со три куршума; во него имаше уште две полнења и една каписла. Можеше да се пукне уште еднаш. Свидригајлов поразмисли, го стави револверот во џебот, ја зеде шапката и излезе.

VI

Таа ноќ, до десет часот, ја мина по разни крчми и клоаки, преминувајќи од една во друга. На едно место ја најде и Катја, која му испеа една простачка песна за тоа како некојси „подлец и тиранин“,

„Фатил да ја бацува Катја“.

Свидригајлов ѝ даваше пијачка и на Катја, а и на верглашот, и на пејачите, и на слугите, и на некои двајца писарчиња. Со тие писарчиња се здружи затоа што и двајцата имаа криви носови: на едниот носот му беше искривен вдесно, а на другиот влево. Тоа го изненади Свидригајлова. Најпосле, тие го одвлекоа во некој забавен парк, каде што за нив плати и влезница. Во тој забавен парк имаше една тригодишна елка и три грмушки. Тука имаше изградено и „железничка станица“, всушност, бифе во кое можеше да се добие и чај, а тука имаше и неколку зелени масички и столови. Хор на некакви сиромашни пејачи и некој пијан минхенски Германец, што прилегаше на палјачо, со црвен нос, но некако извонредно уморен, ја забавуваа публиката. Писарчињата се скараа со некакви други писарчиња и фатија да се тепаат. Свидригајлова го зедоа да им биде судија. Тој им судеше веќе четврт час но тие толку викаа, што воопшто ништо не можеше да се разбере. Најверојатно, едниот од нив украл нешто и веднаш успеал да му го продаде на некој Евреин што се нашол таму, но откако го продал тоа не сакал парите да ги подели со другиот. Најпосле, се дозна, дека

продадениот предмет била лажица за чај, сопственост на „Железничката станица“. Во бифето откриј дека е нивна и работата почна да добива непријатни размери. Свидригајлов ја плати лажицата, стана и си отиде од паркот. Беше околу десет часот, дотогаш не се беше напил ни капка вино, ами само во бифето во паркот порача чај, па и тоа повеќе заради ред. Вечерта беше запурничава и мрачна. Околу десет часот од сите страни се насобраа страшни облачишта; удри гром и дожд се истури како од крбла. Водата не паѓаше во вид на капки туку во вид на шурки се истураше на земјата. Постојано секаа секавици и при секоја секавица можеше да изброиш до пет. Свидригајлов накисна до кожа, дојде дома, се заклучи, ја отвори масата, ги извади сите свои пари и искина две хартии. Потоа ги стави парите в џеб и сакаше да се преслече, но погледна низ прозорецот, го слушна шумот на луњата и дождот, одмавна со раката, си ја зеде шапката и излезе, без да го заклучи станот. Отиде право кај Соња. Ја најде дома.

Не беше сама: околу неа беа четирите мали деца на Капернаумов. Софја Семјоновна им даваше да пијат чај. Таа го пречека Свидригајлова молчејќи и мирно; зачудено ја изгледа неговата накисната облека, но не рече ни збор, а децата веднаш се исплашија и избегаа.

Свидригајлов седна на масата, а Соња ја замоли, да седне до него. Таа уплашена се приготви да слуша.

— Софја Семјоновна, јас можеби ќе отпатувам во Америка, — рече Свидригајлов, — па бидејќи веројатно се гледаме последен пат, дојдов да уредам нешто. Па, вие денеска ја видовте дамата? Знам што ви рекла, не треба да ми кажувате. (Соња се помрдна и се зацрвени.) Кај тие луѓе сè е некако средено. Што се однесува пак до вашите сестрички и братот, тие навистина се прибрани, а парите што им припаѓаат ги уплатив за секое дете, со потврда, таму каде што треба, во сигурни раце. Впрочем, вие земете ги потврдиве, така, за секој случај. Еве, земете ги! Да, а сега е свршено сè. Еве три хартии од по пет проценти, вкупно три илјади. Тоа задржете го вие, лично вие и нека

остане меѓу нас, никој да не знае, без обѕир што ќе слушнете. Ќе ви требаат, Софја Семјоновна, зашто животов што го живеете вие е гаден, па не ќе морате веќе да живеете вака.

— Вие толку добрини ми направивте мене, како и на сирачињата, и на покојната — брзо проговори Соња — а досега толку малку сум ви се заблагодарила; но тоа . . . не сметајте го . . .

— Не, оставете го тоа, оставете го тоа!

— А за париве, Аркадиј Иванович, многу ви благодарам, сега мене не ми се потребни. Јас секогаш можам да се прехранам себеси, немојте тоа да го сметате за неблагодарност; штом сте толку голем добротвор, париве . . .

— Не, не, Софја Семјоновна, оставете го тоа, ве молам, не зборувајте, зашто немам време. А вам ќе ви требаат. Родион Романович има два пата: или куршум во челото, или на Владимирка. (Соња го погледна вознемирено и затрепери.) Не возбудувајте се, сè дознав од него самиот, а јас не сум дрдорлив; никому нема да му кажам. Вие добро го советувавте тогаш: да оди и да признае. Тоа ќе му биде многу покорисно. Но кога ќе се појави Владимирка, тој ќе оди таму, а вие веројатно по него? Така ли е? А ако е така, значи, ќе ви требаат пари. За него, ќе ви требаат, разбирате ли? Кога ви давам вам тоа е исто како да му давам нему. Покрај тоа, вие ветивте дека ќе ѝ го платите долгот на Амалија Ивановна, така слушнав. Зошто вие, Софја Семјоновна, толку непромислено ги примате врз себе сите тие долгови и обврски? Та на Германката ѝ остана должна Катерина Ивановна, а не вие, па зошто се грижите за Германката. Вака не може да се живее на светов. А, ако ве праша некој за мене, да, утре или задутре, немојте да споменувате дека сум дошол кај вас, парите воопшто не покажувајте ги и никому не кажувајте му дека сум ви ги дал. Да, а сега до гледање! (Тој стана од столот.) Поздравете го Родион Романович! Навистина; парите засега држете ги макар кај господин Разумихин. Вие го познавате господин Разумихин. Се разбира, го познавате. Тој е многу згоден човек.

Однесете му ги утре, или... кога ќе биде време. А дотогаш скријте ги добро.

И Соња скокна од столот, и уплашено се загледа во него. Сакаше да му каже нешто, да го праша за нешто, но не смееше, а и не знаеше како да започне.

— Како ќе... како ќе одите сега по ваков дожд?

— Ех, да се готвиш за во Америка, а да се плашиш од дожд, хе-хе! Збогум, гулабе, Софја Семјоновна! Живејте, ќе им требате на другите. Навистина... кажете му на господин Разумихин дека го поздравувам. Речете му вака: Аркадиј Иванович Свидригајлов, речете, ве поздравува, но бездруго.

Тој си замина, а Соња остана вчудовидена, уплашена и во некакво нејасно, тешко сомневање.

Подоцна се виде, дека Свидригајлов истата вечер пред дванаесет часот направи уште една, ексцентрична, ненадејна посета. Дождот воопшто не престануваше. Во единаесет часот и дваесет минути тој влезе целиот искиснат кај родителите на својата свршеница, во нивното тесно станче на Василевски остров, на третата линија, на Малиот проспект. Се изнатропа, додека му отворија, и отпрвин предизвика голема збрка; но Аркадиј Иванович, кога сакаше, беше човек со многу убави манири, така што веднаш се скрши првото (впрочем, многу разумно) претчувство на родителите од свршеницата дека Аркадиј Иванович веројатно некаде се натрескал, па не знае за себеси. Фатениот татко го дотурка на количка до Аркадиј Иванович милосрдната и разумна мајка на свршеницата, па по својот обичај веднаш почна со некои споредни прашања. (Таа жена никогаш не прашуваше отворено, ами најпрвин започнуваше да се смешка и да си ги трие рацете, а потоа, ако беше потребно да дознае нешто по секоја цена и со сигурност, на пример: кога сака Аркадиј Иванович да ја определи свадбата, започнуваше од сосем љубопитни и речиси страсни прашања за Париз и за тамошниот дворски жиот, а дури потоа доаѓаше и до третата линија на Василевскиот остров.) Другпат сето тоа, се разбира, можеше да предизвика големо почитување, но сега Аркадиј Иванович беше некако посебно нестрплив, па брзо посака, веднаш да ја види

свршеницата, иако уште во почетокот рекоа дека е веќе легната. Свршеницата, се разбира, дојде. Аркадиј Иванович отворено ѝ кажа дека поради многу важна работа мора за некое време да го напушти Петербург, па дека поради тоа ѝ донесол петнаесет илјади рубли во сребро, во разни хартии, и ја молеше, да повели тоа да го прими како подарок, бидејќи тој и така веќе решил одамна да ѝ подари пред свадбата таква ситница. Тоа објаснување вистина воопшто не можеше да се доведе во особена логична врска со подарокот и неодложното заминување и со итната потреба, поради тоа да дојде кај нив по дожд и на полноќ, но работата сепак заврши многу мирно. Дури и најнужното жалење и поплачување, распрашување и чудење наеднаш стана необично умерено и воздржано; но затоа пак му беше изразена најтопла благодарност, поткрепена дури и со солзите на преразумната мајка. Аркадиј Иванович стана, се насмевна, ја баци свршеницата, ја шлакна неколку пати сосем лесно по образот и ѝ соопшти дека ќе дојде бргу, а кога во очите ѝ забележа детска љубопитност, а воедно и некакво многу сериозно, немо прашање, поразмисли, ја баци по второпат и веднаш искрено му се налути душата, што подарокот ќе остане на чување и под клучот на таа најразумна мајка. Си отиде, а сите тие останаа необично возбудени. Но милосрдната мајка, зборувајќи со полушепот и брзо веднаш реши некои најважни дилеми, тоест дека Аркадиј Иванович е голем човек, деловен со врски, богаташ, кој, господ знае, што има решено; решил и отпатувал, решил и ги дал парите, значи, не треба да се чудат. Се разбира, чудно беше што дојде целиот влажен, но Англичаните, на пример, се уште поексцентрични, а и сите тие луѓе на повисоките слоеви не се грижат за тоа што се зборува за нив, па од ништо и не се стеснуваат. Можеби тој и намерно си одеше вака, за да покаже, дека од никого не се плаши. А најважно беше дека никому не треба да му кажуваат ни збор, зашто господ знае, што може да излезе од ова; затоа имено и парите треба да одат под клуч; сепак, се разбира, во сето тоа најдобро беше тоа што Федосја целото време седеше во кујната, а најважно

беше: воопшто, воопшто ништо да не ѝ се кажува на онаа небидница Реслих итн., итн., Така седеа и шепотеа два часа. Но свршеницата отиде да спие многу порано, зачудена и по малку ужалена.

А Свидригајлов дотогаш, во ноќта, го минуваше, — скиот мост, во правец на Петербуршката страна. Дождот беше престанал, но дуваше ветар. Свидригајлов затрепери и за миг со некаква посебна љубопитност и дури прашално се загледа во црната вода на Мала Нева. Но набргу стоејќи така над водата му стана премногу студено; се сврти и отиде на — скиот проспект. По бескрајниот — ски проспект чекореше долго време, речиси половина час; често се сопинаше на дрвената калдрма и постојано љубопитно бараше нешто на десната страна од проспектот. Некаде при крајот на проспектот кога поминуваше неодамна забележа дрвена но широка гостилница; колку што се сеќаваше, таа се викаше Адрианополи. Не се излажа во сметката; гостилницата во тој оддалечен крај беше толку видлива точка, што не можеше да не ја забележиш ни по темница. Тоа беше долга, дрвена, поцрнета барака, во која и во ова доцна време светеше светлост и се забележуваше некаков живот. Свидригајлов влезе, во ходникот сретна некој парталко и побара соба. Парталкото го стрелна со погледот, се стресе и веднаш го одведе во една оддалечена соба, задушна и тесна, некаде на самоти крај на ходникот, во аголот под скалите. Но друга соба немаше; сите беа зафатени. Парталкото гледаше, како да прашува.

— Има ли чај? — праша Свидригајлов.

— Можете да добиете.

— Што има друго?

— Телешко, вотка, мезе.

— Донеси телешко и чај.

— А друго ништо не заповедате? — праша парталкото малку зачуден.

— Ништо, ништо!

Парталкото си отиде сосем разочаран.

„Изгледа местово е добро — си помисли Свидригајлов; — како да не го знам? И јас веројатно прилегам на човек што се враќа однекаде од кафе-шантан, а

кој доживеал нешто интересно. Само да можам да дознам, кој отседнува и преноќува овде?“

Запали свеќа и подробно ја разгледа собата. Тоа беше малечка собичка, речиси прениска за Свидригајлова, со еден прозорец; многу нечистата постела, просто бојадисаната маса и стол го зафаќаа речиси сиот простор. Ѕидовите како да беа набрзина испозаковани од штици, а на нив имаше излижани тапети, толку прашливи и испокинати, што бојата (жолта) уште можеше и да им се погоди, но цртежот на нив воопшто не се познаваше. Едниот дел од ѕидот и таванот беа коси, како обично во мансардите, а на таа косина имаше скали. Свидригајлов ја намести свеќата, седна на креветот и се замисли. Но необичниот, непрестаен шепот во соседната собичка, кој понекогаш прилегаше на викотница, најпосле го ангажира, неговото внимание. Тоа шепотење не престануваше од моментот кога влезе. Прислушна: некој некого караше и скоро со солзи го прекоруваше; се слушаше само еден глас. Свидригајлов стана, ја засолни свеќата со рака и на ѕидот веднаш блесна пукнатина; тој пријде и фати да гледа. Во собата, малку поголема од неговата, имаше двајца гости. Едниот беше без палто со многу кадрава коса, со црвено, пламнато лице, стоеше во говорничка поза, со раскречени нозе, за да зачува рамнотежа, и мавајќи се со рака во градите патетички го караше другиот дека е питач, никој и ништо, дека тој го извлекол од калта, па дека може да го истера кога сака, и дека сето тоа го гледа само прстот на севишниот. Караниот пријател седеше на стол и прилегаше на човек, кој многу сака да кивне, но никако не успева. Од време на време тој го свртуваше својот овнешки, матен поглед кон говорникот, но јасно беше дека нема поим за што станува збор, а којзнае и дали слушаше. На масата догоруваше, свеќа, и имаше едно речиси празно шише со вотка, чашки, леб, краставици и сад, од кој одамна беше испиен чајот. Свидригајлов внимателно ја изгледа оваа слика, рамнодушно се повлече откај пукнатината и пак седна на креветот.

Парталкото се врати со чајот и телешкото, и не можеше да се воздржи да не праша уште еднаш: „да

не треба уште нешто.“ А кога повторно го слушна од говорот дека не треба, најпосле си отиде. Свидригајлов му се наврти на чајот, за да се згрее, и ја испи чашата, но бидејќи сосем го имаше изгубено апетитот не стави в уста ни залак. Очигледно го фаќаше треска. Го слече палтото, па потоа и елекот, легна во креветот и се завитка со покривачот. Се лутеше: „Сепак би било подобро да сум здрав“, — си помисли и се насмевна.

Во собата беше задушно, свеќата слабо осветлуваше, надвор дуваше ветар, некаде во аголот грицкаше глушец, а сета соба смрдеше на глувци и на некакви кожи. Лежеше и како нетокму: една мисла му ја заменуваше друга. Како да сакаше со сета сила со фантазијата да се доближи до нешто. „Веројатно под прозорецот има некаква градина — си помисли тој — дрвјата шушкаа; не љубам, дрвјата да шушкаат ноќе, при луња и во мрак, тоа чувство е гадно!“ И тој се сети, како пред малку поминуваше покрај Петровскиот парк, дури и со гадење помисли на тоа. Потоа веднаш се сети и за — виот мост, и за Мала Нева и пак му пролазија морници, како пред малку, кога стоеше над водата. „Никогаш во животов, не сум ја љубел водата, дури ни на пејзажите — си помисли одново и пак се насмевна поради една чудна мисла: па сега барем би требало да ми биде сеедно, во поглед на сета таа естетика и удобност, а јас станав пребирлив, како ѕвер, кој секако си го одбира местото... во слични случај. Што ми требаше пред малку да свратувам во Петровски парк! Како да ми беа потребни пријатни чувства!... Навистина, зошто не ја гаснам свеќава? (Ја изгасна.) Соседите си легнаа — помисли тој, кога веќе немаше светлина во пукнатината. — Еве, сега повелете да дојдете, Марфа Петровна; сега е темница, погодно е местото, а моментот е оригинален. А токму сега нема да дојдете“ ...

Наеднаш се сети како неодамна, еден час пред да ја изврши својата замисла со Дуњечка, го посоветува Раскољникова, да му препорача на Разумихин да ја штити. „Тоа го велев можеби најмногу од пркос, како што, впрочем, погоди Раскољников. Но Раскољников е навистина неранимајко! Многу има претргано. Но

може да стане уште поголем неранимајко, кога ќе му изветреат глупостите, а сега сè уште има премногу желба да живее. Во таа работа таквите луѓе се подлеци. Да, ѓаволот да го земе, нека прави што сака, што ми е грижа мене".

Воопшто не му се спиеше. По малку почна да му се јавува ликот на Дуњечка од пред малку и по целото тело му минаа морници. „Морам сега да се ослободам од сето тоа" — си помисли, откако се созеде — „треба да мислам за нешто друго. Чудно е и смешно: јас никого никогаш не сум го мразел толку, а и никогаш не сум сакал посебно да се одмаздам, а, ете, токму тоа е лош знак, лош знак. Не сум сакал ни да се карам и не сум се лутел — и тоа е лош знак! А колку многу нешта пред малку ѝ ветив — по ѓаволите! А таа некако ќе ме суредеше. — Пак замолкна и си ги стисна забите: пак му се јави ликот на Дуњечка, сосем таков каков што беше кога пукна првиот пат, кога се плашеше многу, и го испушти револверот, се здрви како мртовец и се загледа во него, така што можеше и двапати да ја фати, а таа немаше ни рака да крене за да се брани, ако не ѝ споменеше самиот тој. Се сети, дека во тој миг речиси и му стана жал за неа, и во срцето му легна некаква тежина... „Ех, по ѓаволите. Пак тие мисли, од сето тоа треба да се ослободам, да се ослободам!..."

Фати да дреме, трескави морници му лазеа по телото; одеднаш под покривачот нешто му протрча по раката и ногата. Се стресе: „Пих, по ѓаволите, да не е глушец? — си помисли. — „Телешкото го оставив на масата..." Воопшто не му се стануваше не сакаше ни да се отскрие, да се излади, но наеднаш пак нешто непријатно почна да му ја чепка ногата; го отфрли од себе покривачот и ја запали свеќата. Треперејќи од треска тој се наведна за да го прегледа креветот — немаше ништо; го истресе покривачот и одеднаш на килимчето скокна глушец. Тој се спушти да го фати, но глушецот не бегаше од постелата, туку само трчаше ваму таму, му се извлекуваше од под прстите, му трчаше по раката, а потоа се шмугнуваше под перни-

цата; ја фрли перницата, но наеднаш почувствува како нешто му скокна во пазувите, го чепна по телото, и веќе му дојде на грбот, под кошулата. Нервозно затрепери и се разбуди. Во собата беше мрачно, тој лежеше на постелата, сиот завиткан во покривачот, како пред малку, а под прозорецот дуваше ветар. „Голема гадост!“ Си помисли нерасположено.

Стана и седна на крајот од постелата, со грб свртен кон прозорецот. „Подобро е воопшто да не спијам“, — реши. Но откај прозорецот биеше студенило и влага; без да станува, го префрли преку себе покривачот и се завитка со него. Свеќата не ја запали. За ништо не размислуваше, а не сакаше ни да размислува, но привиденијата му изникнуваа пред него едноподруго, му трепереа испрекинати мисли без почеток и без крај и без врска. Како да го опфаќаше дремка. Студот, мракот, влагата, ветрот што фучеше под прозорецот и ги нишаше дрвјата, — сето тоа во него предизвика некаква упорна фантастична склоност и желба, — но нему почнаа да му се привидуваат само цвеќиња. Гледаше прекрасен цветен крај: светол, топол, речиси жежок ден, празник, Дуовден. Богат, раскошен селски котеж, во англиски стил, целиот обраснат во миризливи цвеќиња посадени во леи кои ја опкружуваат целата куќа; надворешните скали се обвиткани во лијани, обградени со леи со ружи; внатрешните скали светат, покриени се со раскошен килим, а околу нив ретки цвеќиња во кинески вазни. Во вазните со вода на прозорците, забележа букети бели, нежни нарциси, со нијанса на светло зелена боја, со дебели, долги дршки, со силен ароматски мирис. Оттука, не му се напушта тоа место, но пак се качува по скалите и влегува во една висока сала, а и тука пак само цвеќиња, по прозорците до отворените врати, што водат кон терасата, на самата тераса. Подот е посипан со свежо искосена миризлива трева, прозорците се отворени, свеж, лесен, ладен воздух навлегува во собата, птичките црцорат под прозорците, а среде салата има маса, покриена со бел чаршав од атлас, а на масата има мртовечки сандак. Сандакот е обложен со крута бела свила, и порабен со бело густо рише. Венци од

цвеќиња го обиколуваат од сите страни. Во него, сето во цвеќиња лежи девојченце во бел фустан од тил, а си ги прекрстило и си ги притиснало рацете на градите, како да се изделкани од мермер. Но нејзината разбушавена руса коса е влажна; околу главата има венец од ружи. И крутиот, веќе здрвен профил на нејзиното лице, како да е изделкан од мермер, но насмевката на бледите усни е полна со некаква бескрајна мака и голема тага, што не е детска. Свидригајлов го познава тоа девојче, ни икони, ни запалени свеќи нема покрај одарот и не се слушаат молитви. Тоа девојченце е самоубиец, удавеница. Имаше само четиринаесет години, но срцето веќе прерано ѝ беше исцрпено, па се уби, измачено од навредата што ја вчудовиди и ја порази нејзината ангелски чиста душа и го истргна од неа последниот очаен крик, кој дрско разголен замре во темната ноќ, во темницата и во студот, во влажната југовина, кога фучеше ветрот . . .

Свидригајлов се разбуди, стана од постелата и отиде до прозорецот. Го набара резето и го отвори прозорецот. Ветрот бесно навлезе во тесната собичка, па како со скреж да му го посипа лицето и градите, покриени само со кошула. Под прозорецот навистина, изгледа, имаше некаква градина, а се чини, дека и кафеана со музика, каде што веројатно денски пеат пејачи а на масичките се служи чај. Но сега од дрвјата и грмушките струеја кон прозорецот студени бликови, а беше мрачно како во визба, така што одвај се распознаваа некакви темни дамки, што требаше да се предмети. Свидригајлов се наведна, се потпре со лактите на штицата од касата на прозорецот и така гледаше во маглата пет минути, без да се тргне. Во мракот и во ноќта одекна истрел од пушка, по него втор.

„А, сигнал! Надоаѓа вода! — си помисли тој. — Изутрина таму каде што е местото пониско ќе ги поплави улиците, ќе запловат становите и визбите, ќе испловат стаорците од визбите, а луѓето по дождот и по ветрот, пцуејќи влажни, ќе ја молкнат својата сиромашка покуќнина во погорните катови . . . А колку е сега часот?“ И само што си го помисли тоа, некаде во близината, некаков ѕиден часовник отчука три ча-

сот, брзајќи при тоа како да го брка некој. „Хе, по малку веќе ќе се раздени! Зошто да чекам? Веднаш ќе одам во Петровски парк: таму ќе најдам некаква голема грмушка, многу наквасена со дожд, така што штом ќе се доберам до неа со грбот, милиони шурки да ми ја натопат главата“... Се тргна од над прозорецот, го затвори, запали свеќа, го облече елекот, палтото, ја стави шапката и излезе со свеќата во ходникот, за да го најде парталкото, кој сигурно спиеше некаде во некоја собичка, меѓу некаква стара покуќнина и меѓу догорени свеќи, па да му плати за собата и да си оди од гостилницата. — „Најпогоден момент, и не можев да одберам!“

Многу време одеше по долгиот, тесен ходник, но не најде никого. А кога сакаше гласно да викне, во темниот агол помеѓу еден стар орман и вратата забележа некаков необичен предмет, нешто живо. Се наведна со свеќата, и виде дете: тоа беше девојче со најмногу пет години, со фустанче влажно како мивка, треперливо и расплакано. И како да не се уплаши од Свидригајлова, некако тапо зачудено го гледаше со крупните, црни очиња и одвреме навреме јачкајќи, како што прават децата што се изнаплакале, па престанале, зашто се утешиле. Лицето на девојчето беше бледо, испиено; тоа беше здрвено од студ, но „како дошло ваму? Се скрило овде и цела ноќ не спиело“. Почна да го прашува. Девојчето наеднаш живна и бргу-бргу му зазборува нешто со својот детски јазик. Тука имаше нешто за „мамичка“ и дека „мамичка ќе тепа“, па за некоја чаша што ја „склшила“. Девојчето постојано зборуваше; од целото тоа зборување можеше да се разбере дека е тоа дете што не го сака мајка му, некоја секогаш пијана готвачка, веројатно во оваа гостилница, па детето од тепање станало тапо и заплашено; девојчето скршило чаша и толку се исплашило од мајката, што уште синоќа избегало и долго време се криело веројатно некаде во дворот, на дождот; најпосле се промолкнало ваму, се скрило зад орманот и седнало тука во аголот, останувајќи цела ноќ, плачејќи, треперејќи од студот и влагата, од мракот и од стравот дека сега многу ќе ја тепаат поради сето тоа.

Свидригајлов ја крена на рацете, отиде во собата, ја стави на креветот и фати да ја слекува. Испокинатите чевлички на босите нозе беа толку влажни, како цела ноќ да стоеле во бара. Откако ја слече, ја легна во креветот, и покривачот ѝ го префрли преку глава. Таа веднаш заспа. Кога го сврши тоа, пак мрачно се замисли.

„Пак решив да се врзам!“ — заклучи тој најпосле со тешко, злобно чувство. — „Глупости!“ Нерасположен ја зеде свеќата, за да оди и по секоја цена да го најде парталкото и што побрзо да замине одовде. „Ех, девојченце!“ — си помисли со клетва, веќе отворајќи ја вратата, но се врати уште еднаш, за да види дали спие девојчето и како спие. Внимателно го подигна покривачот. Девојчето спиеше со тврд, блажен сон. Се беше стоплила под покривачот и бледите обравчиња ѝ беа поцрвенети. Но чудно: таа боја беше појарка и посилна од обичното детско црвенило. „Ова црвенило е од треска“ — си помисли Свидригајлов, тоа е како црвенило од вино, како да ѝ дале да испие цела чаша. Црвените усни, како да ѝ горат, пламтат, — но што е ова? Наеднаш му се стори дека долгите, црни трепки ѝ треперат, се подигаат, а таа гледа под нив итро, со остри очи, што намигнуваат детски, како девојчето да не спие, ами така се преправа. Да, така е: усните ѝ се развлекуваат во насмевка, а на краиштата ѝ треперат, како уште да се воздржуваат. Но еве веќе не се воздржува; тоа веќе е насмевка, очигледна насмевка, нешто безобразно, предизвикувачко свети на тоа сосем недетско лице; тоа е разврат, тоа е лице на камелија[1]), безобразно лице на камелија — Францускинка, што се продава. И еве веќе не се кријат, ами се отвораат обете очи: го стрелнуваат со огнен, бесрамен поглед, го повикуваат, му се смеат... Има нешто бескрајно несмасно и навредливо во таа смеа, во тие очи, во сета таа одвратност на детското лице. „Што! петго-

---

[1]) По појавата на романот „Дама со камелии“ од А. Дима (1843), а особено по неговата преработка во опера („Травијата“ — 1853), зборот „камелија“ долго време се употребувал со значење на жена со лесно поведение.

дишно“ — прошепоти Свидригајлов навистина вџашен — „што... што е тоа?“ Но, еве, таа сосем му се обрнува со сето пламнато лице, ги подава рацете... „Ах, проклетнице!“ — викна Свидригајлов вџашен, мавтајќи над неа со раката... Но во тој миг се разбуди.

Тој беше во истата постела, и лежеше сè уште така завиткан во покривачот; свеќата не беше запалена, а низ прозорецот светеше бел ден.

„Значи, цела ноќ сум бил во кошмар!“ Стана бесен, чувствувајќи дека целиот е здробен; го болеа коските. Надвор имаше сосем густа магла, ништо не се распознаваше. Сега беше скоро шест часот; спиел! Стана и ги облече елекот и палтото кои уште беа влажни. Во џебот го најде револверот, го извади и намести каписла; потоа седна, извади од џебот нотес, и со крупни букви напиша неколку реда, на првиот, највидливиот лист. Ги прочита, се потпре со лактите на масата, и се замисли. Револверот и нотесот му стоеја покрај лактот. Мувите беа разбудени и го напаѓаа негибнатото телешко месо, кое исто така стоеше на масата. Долго време ги гледаше, па најпосле замавна со слободната десна рака сакајќи да фати една мува. Долго се мачеше напразно, никако не можеше да ја фати. Најпосле, увиде каква работа врши, се стресе, како да се разбуди, стана и храбро излезе од собата. За миг се најде на улица.

Густа магла како млеко лежеше над градот. Свидригајлов зачекори по лизгавата, нечиста дрвена калдрма, и се упати кон Мала Нева... Му се приторуваше водата во Мала Нева, надојдена ноќта, Петровскиот остров, влажните врвици, мократа трева, накиснатите дрвја и грмушки и најпосле таа грмушка... Налутено почна да ги гледа куќите, за да мисли на нешто друго. Ни минувач, ни кочијаш не сретна на Проспектот. Гледаше само изморени и гнасни, светложолти, дрвени куќички со затворени капаци. Студенилото и влагата му проникнуваа во сето тело и тој семнеше. Одвреме навреме ќе забележеше по некоја фирма на продавница и ја читаше внимателно. Еве, заврши дрвената калдрма. Дојде пред една голема камена

куќа. Извалкано, измрзнато куче со свиткана опашка го претрча патот пред него. Некој човек пијан како земја, во зимско палто, лежеше попречно на тротоарот, со лице кон земјата. Го погледна и продолжи. Од левата страна се појави висока стражарница. „Ха!“ — си помисли — „еве, место за мене; зошто да одам на Петровскиот остров? Барем ќе биде пред службен сведок . . .“ Малку се поднасмевна поради таа нова мисла. Сврти кон — ска улица. Таму имаше една голема куќа со стражарница. Пред големата затворена врата стоеше потпрено на неа со грбот мало човече, завиткано во сива војничка шинела и со бакарен ахиловски шлем. Со сонлив поглед тој студено подоко го погледна Свидригајлова кој му пристапи. На лицето му се читаше вечна, тешка мака, што толку кисело е втисната на сите лица од еврејското племе, без исклучок. И двајцата, Свидригајлов и Ахил, некое време молкома се гледаа. На Ахил, најпосле, му се стори дека не е во ред што човеков не е пијан а стои на три чекори пред него, упорно го гледа и не зборува ништо.

— А сто балате овде? — проговори тој, сè уште не мрдајќи и не менувајќи ја својата положба.

— Па ништо, брате, здраво! — одговори Свидригајлов.

— Овде не мешто.

— Јас, брате ќе одам во туѓина.

— Во туѓина?

— Во Америка.

— Во Америка?

Свидригајлов го извади револверот и го запна.

— А зосто се сегува, тука не мешто!

— А зошто овде да не е место?

— Затоа сто овде не мешто!

— Добро, брате, сеедно е. Местото е добро; ако те прашаат, одговори им, дека сум отпатувал во Америка, така речи.

Тој го сврти револверот кон десната слепоочница.

— Не мозе овде, нема мешто овде! — се вчудовиди Ахил, сè повеќе и повеќе ококорувајќи ги очите.

Свидригајлов го чкрапна револверот . . .

VII

Вечерта во седум часот Раскољников се приближуваше кон станот на мајка си и сестра си, — во станот во куќата на Бакелеев, каде што ги смести Разумихин. Се влегуваше директно од улица. Раскољников пристапува, но сè уште го здржува чекорот и се колеба: да оди или да не оди? Но не сакаше да се врати; цврсто реши.

„А и сеедно е, тие уште не знаат ништо“ — си мислеше — „а веќе се навикнати да ме сметаат за чудак...“

Облеката му беше ужасна: сосем извалкана, бидејќи цел ден стоеше на дождот, испокината и излитена. Лицето му беше речиси изобличено од умор, од невремето, од физичката исцрпеност и од речиси дваесет и четиричасовната борба со себеси. Сета таа ноќ ја мина сам, господ знае каде. Но барем се реши.

Тропна на вратата, му отвори мајка му. Дуњечка не беше дома. Ни слугинката тогаш не се погоди дома. Пулхерја Александровна отпрвин се вчудовиди од радост, а потоа го фати за раката и го повлече во собата.

— Најпосле, дојде! — започна, пелтечејќи од радост. — Не лути ми се мене, Родја дека те очекувам вака глупаво, во солзи; јас, всушност, се смеам, не плачам. Да не мислиш дека плачам? Не, јас се радувам, а, ете, имам глупав обичај — ми течат солзи. Тоа ми е останато од времето кога умре татко ти, за сè плачам. Седни, гулабе, веројатно си уморен, гледам. Ах, колку си извалкан!

— Вчера ме фати дожд, мамо... — започна Раскољников.

— Немој, немој! — се возбуди Пулхерја Александровна и го прекина. — Ти мислеше, дека веднаш ќе започнам да те прашувам, по поранешниот женски обичај; не плаши се! Та разбирам, разбирам сè; сега веќе се научив на ова овдешново па и самата гледам дека овде е поумно. Сега научив еднаш засекогаш: како да ги сфатам твоите мисли и како да барам од тебе одговор! Можеби во твојата глава има којзнае какви

работи и планови или можеби таму се раѓаат некакви мисли; па постојано ли да те прашувам: за што мислиш? Јас, еве... Ах, господи! ама што се развртказ како споулавена... Твојата статија во списанието, Родја, ја читам, еве, веќе по третпат. Ми ја донесе Дмитриј Прокофјич. „Ах“ — реков кога ја видов статијата; види, лудата јас, си мислам во себе, еве, со што се занимава тој, токму тоа одгатнува сè! Научниците секогаш се такви. Нему сега можеби му се ројат нови мисли во главата; размислува за нив, а јас го мачам и го збунувам. Читам, пријателу, се разбира, не сфаќам многу, но така мора да биде: како можам јас!

— Покажи ми го весникот, мамо!

Раскољников го зеде весникот и бегло ја прегледа својата статија. Колку ѝ да беше тоа противречно со неговата положба и состојба, сепак почувствува необично, зајадливо-слатко чувство, какво што го исполнува авторот, кога првпат го гледа печатен својот труд; притоа проговорија и неговите дваесет и три години. Тоа траеше некое време. Прочита неколку реда и се намурти — голема мака му го здожежа срцето. Наеднаш во умот му се јави сета душевна борба на последниве месеци. Со гадење и нерасположен ја фрли статијата на маса.

— Да, колку и да сум глупава, Родја, сепак можам да оценам, дека ти набрзо ќе станеш еден од првите луѓе, а можеби и прв во нашиот учен свет. Како емееја да мислат дека си полудел! Ха-ха-ха! Ти не знаеш — тие мислеа така! Ах, бедни црви, од каде да знаат тие што е тоа ум! А и Дуњечка речиси поверува — ами како! Твојот татко двапати испрати по весниците — најпрвин песни (имам зачувано едно тетратче, ќе ти го покажам некогаш), а потоа и цел расказ (јас го молев да ми даде да ги препишам) и молевме-колевме двајцата — не го примија! Родја, јас пред шестседум дена жива умирав, гледајќи ја твојата облека, гледајќи како живееш, што јадеш и во што одиш! А сега гледам, дека сепак сум била глупава, зашто ако посакаш, сè ќе постигнеш со умот и со талентот. Зна-

чи, ти сега немаш таква желба, ами се занимаваш со многу поважни работи . . .

— Мамо, дали е Дуња дома?

— Не, Родја. Многу често излегува од дома, мене ме остава сама. Дмитриј Прокофјич, фала му, доаѓа да седи со мене, и постојано зборува за тебе. Тој те сака и те почитува, мил мој. А за твојата сестра не велам дека не ме почитува. Јас не се поплачувам. Таа има свој карактер, а јас свој; кај неа се појавија некои тајни, а јас немам никакви тајни пред вас. Се разбира, јас сум цврсто уверена, дека Дуња е премногу умна, а, освен тоа, ме сака и мене и тебе . . . Значи, не знам до што ќе доведе тоа. Ме возбуди, Родја, со тоа што намина кај мене, а таа, ете, отиде на прошетка; ќе ѝ речам кога ќе дојде: додека ти не беше тука, тука беше брат ти, а каде повели да го поминеш времето ти? Ти, Родја, немој премногу да ми угодуваш: кога ќе можеш, намини, ако не можеш, сеедно, ќе чекам. Та јас пак ќе знам дека ме сакаш, а мене и тоа ми е доста. Еве, ќе ги читам твоите состави, од сите ќе слушам за тебе, а понекогаш за малку ќе наминеш за да дознаеш нешто, а и каде да одам на друго место. Еве, и сега намина, за да ја зарадуваш мајка си, та јас гледам . . .

Пулхерја Александровна сега заплака.

— Пак јас! Не обрнувај ми внимание мене лудата! Ах, господи, зошто седам — викна скокнувајќи од местото — имам кафе, но не те служам! Ете, што значи бабешка себичност. Веднаш, веднаш!

— Оставете, мамичке, веднаш ќе си одам. Не сум дојден за тоа. Ве молам, слушајте ме!

Пулхерја Александровна му се доближи со стегнато срце.

— Мамичке, ако се случи нешто, ако слушнете нешто за мене, ако ви кажат нешто за мене — дали ќе ме сакате исто како сега? — праша тој искрено, небаре не мислејќи за своите зборови и не мерејќи ги.

— Родја, Родја, што ти е? Како можеш да прашаш такво нешто! Кој ќе ми рече мене нешто за тебе? А никому нема да му поверувам, без обзир кој ќе дојде, просто ќе го истерам.

— Дојдов и ве уверувам, дека секогаш сум ве сакал, а и сега се радувам што сме сами, што ја нема Дуњечка — продолжи Раскољников со истиот жар — дојдов да ви речам: и ако бидете несреќна, сепак знајте, дека синот сега ве љуби посилно од себеси и дека е невистина тоа што сте го мислеле за мене дека сум груб и дека не ве љубам. Никогаш нема да престанам да ве љубам... Па, доста е; си мислев, дека така морам да направам, и да започнам со тоа...

Пулхерија Александровна молчејќи го гушкаше, го притискаше на градите и тивко плачеше.

— Не знам, Родја, што ти е тебе — рече таа најпосле. — За сето време си мислев, дека ние ти додеваме, а сега гледам дека те очекува голема мака, па затоа си тажен. Одамна го претчувствувам тоа, Родја. Прости ми, што проговорив за тоа; само за тоа мислам, и ноќе не спијам. И сестра ти синоќа постојано бладаше и само тебе те спомнуваше. Нешто разбрав, но ништо не сфатив. Целото утро ми беше такво, како да ме чека смртна казна, постојано очекував нешто, претчувствував, и еве дочекав! Родја, Родја, ама каде ќе одиш? Ќе отпатуваш ли некаде?

— Ќе отпатувам.

— Така и си мислев! И јас ќе дојдам со тебе, ако затреба, ќе дојде и Дуња; таа те сака, таа тебе многу те сака, па нека дојде со нас и Софја Семјоновна, ако треба; ете, гледаш, јас на драго срце ќе дојдам наместо ќерката. Ќе ни помогне Дмитриј Прокофјич, за да тргнеме заедно... Па... каде... каде ќе отпатуваш?

— Збогум, мамичке!

— Што! Уште денеска! — викна таа, како да го изгуби за цел живот.

— Не можам, време е, секако е потребно...

— А можам ли јас да дојдам со тебе?

— Не можете; туку клекнете и помолете му се на бога за мене. Вашата молитва можеби ќе стигне до бога.

— Ајде да те прекрстам, да те благословам! Еве, вака, еве вака! О, господи, што правиме ние!

Му беше мило, многу мило дека тука немаше никого дека беше сам со мајка си. Како во сето тоа ужас-

но време ненадејно да му омекна срцето. Падна пред мајка си, ѝ ги бацѝ нозете, а потоа се прегрнаа и заплакаа. Сега мајка му не се чудеше и не го испитуваше. Веќе одамна таа сфати дека со синот се случува нешто страшно, а сега му чукнал некој ужасен час.

— Родја, мил мој, првенецу мој, — велеше мајка му, липајќи — еве, сега си онаков, каков што беше како мал; исто така доаѓаше кај мене, ме гушкаше и ме бацуваше, уште кога беше жив татко ти, кога живеевме во беда, ти ме тешеше со тоа што беше со нас, а кога го закопав татко ти — неколку пати се прегрнавме вака на татковиот гроб и плачевме. А јас веќе одамна плачам, затоа што мајчинското срце во мене ја насети несреќата. Штом те видов тогаш вечерта, првиот пат, се сеќаваш ли, кога допатувавме овде, уште по твојот поглед погодив сè, па срцето ми истрпна, а кога ти отворив денеска и те погледнав, си помислив: еве, настапил кобниот час. Родја, Родја, секако не заминуваш веднаш?

— Не заминувам.

— Ќе дојдеш ли пак?

— Ќе дојдам... ќе дојдам.

— Родја, не лути се, не смеам ни да те прашувам. Знам дека не смеам. Но кажи ми само два збора: далеку ли ќе заминеш?

— Многу далеку.

— А што бараш таму, некаква служба, кариера?

— Што ќе рече господ... Само помолете се за мене...

Раскољников отиде кон вратата, но мајка му се фати за него и со очаен поглед му се загледа во очите. Лицето ѝ се изобличи од ужас,

— Немојте, мамичке — рече Раскољников, длабоко каејќи се што се решил да дојде кај неа.

— Ова не е засекогаш! Та нели не е засекогаш? Та ти ќе дојдеш утре, нели?

— Ќе дојдам, ќе дојдам, збогум.

Најпосле ѝ се истргна.

Ноќта беше свежа, топла, ведра, времето беше разубавено уште од изутрината. Раскољников тргна

кон својот стан: брзаше, сакаше сè да заврши до зајдисонце. Дотогаш не сакаше да се сретне со никого. Кога се качуваше кон својот стан, забележа дека Настасја го остави самоварот, па упорно го следеше со очите. „Да нè има некого кај мене?“ — си рече. Со гадење си помисли за Порфириј. Но, кога дојде до својата соба и ја отвори, ја виде Дуњечка. Таа седеше сосем сама, длабоко замислена и како да го чекаше одамна. Раскољников застана на прагот. Дуњечка заплашена стана од диванот и се исправи пред него. Нејзиниот поглед неподвижно управен во него, искажуваше ужас и нескротлива мака. Дури и по тој нејзин поглед Раскољников веднаш сфати дека таа знае сè.

— Да влезам или да си одам? — праша тој со недоверба.

— Цел ден седев кај Софја Семјоновна, двете те чекавме. Си мислевме, дека секако ќе наминеш таму.

Раскољников влезе во собата и седна изнемоштен на столот.

— Некако сум исцрпен, Дуња; многу сум уморен; а јас би сакал, барем во овој момент наполно да владеам со себе.

Пак со недоверба ја стрелна со очите.

— А каде беше цела ноќ?

— Не се сеќавам точно; гледај, сестро, сакав конечно да се решам и многупати минував покрај Нева; се сеќавам за тоа. Таму сакав и да завршам... не се решив... — прошепоти пак погледнувајќи ја Дуња со недоверба.

— Фала му на бога! А ние двете многу се плашевме токму поради тоа, јас и Софја Семјоновна! Значи, ти уште веруваш во животот; фала му на бога, фала му на бога.

Раскољников горчливо се насмевна.

— Не верував, а пред малку мама и јас се прегрнавме и заплакавме; јас не верувам, а ја замолив мама, таа да се моли за мене. Господ знае, Дуња, како се прави тоа, јас не се разбирам од тоа.

— Беше кај мама? Да не си ѝ кажал? — викна Дуња во ужас. — Зарем си се решил да ѝ кажеш?

— Не, не ѝ кажав... со зборови, но таа многу разбра. Ноќе слушала, како бладаш. Јас сум уверен дека таа половината работа веќе ја сфаќа. Можеби направив лошо, што наминав кај неа. А не знам ни зошто отидов таму. Јас сум подлец, Дуња.

— Подлец, а готов си да одиш на страдање! Одиш ли веќе?

— Одам. Веднаш. Да, за да ја избегнам таа срамота сакав да се удавам, Дуња, но кога веќе стоев покрај водата, си помислив: штом досега се сметав себеси силен, сега не се плашам ни од срамот — рече Раскољников. — Тоа е гордост, Дуња.

— Гордост, Родја.

Како оган да му светна во згаснатите очи. — Како да му годеше, што сè уште е горд.

— Сестро, да не мислиш дека просто се уплашив од водата? — праша тој со дрска насмевка, загледувајќи се во нејзиното лице.

— Ох, Родја, немој! — горчливо викна Дуња.

Две минути минаа во молчење. Раскољников седеше подведен и гледаше во земјата; Дуњечка стоеше на другиот крај од масата и со болка го посматраше. Потоа стана.

— Доцна е, време е! Одам веднаш да се пријавам. Но не знам, зошто да се пријавувам.

Крупни солзи ѝ затекоа по образите.

— Ти плачеш, сестро, а можеш ли да ми подадеш рака?

— И ти се сомневаш во тоа?

Таа силно го прегрна.

— Та ти, со тоа што одиш на страдање, веќе го миеш половината злосторство! — викна Дуњечка, стискајќи го во прегратката и бацувајќи го.

— Злосторство? Какво злосторство? — викна тој наеднаш во некакво ненадејно беснило. — Затоа што ја убив гадната, штетна вошка, бабата-лихварка, која не му беше потребна никому, која ако ја убиеш, ќе ти бидат простени четириесет гревови, која на сиромасите им ја цицаше крвта, злосторство ли е тоа? Јас не мислам за неа, и немам намера да го измивам. И зошто од сите страни ми се нафрлаат: „злосторство,

злосторство!“ Дури сега ја гледам јасно сета несмасност на својата малодушност, сега кога веќе се решив, да го поднесам тој непотребен срам! Се решавам просто поради својата нискост и плиткост, и уште поради корист, како што предлагаше... оној... Порфириј!...

— Брате, брате, што зборуваш! Та ти си пролеал крв! — викна Дуња во очај.

— Што ја пролеваат сите — продолжи тој скоро во бес — која се лее и секогаш се леела на светот како водопад, која ја леат како шампањско и поради која венчаат на Капитол и подоцна ја викаат добротвор на човештвото. Види и гледај внимателно! повнимателно! Јас им сакав добро на луѓето и ќе направев илјадници добри дела, наместо таа една глупост, која и не е глупост, ами просто невештост, бидејќи таа мисла воопшто не беше толку глупава, како што се чини сега, по неуспехот... (по неуспехот сè се чини глупаво!) Со таа глупост сакав само да добијам независна положба; да го направам првиот чекор, да дојдам до средства, а потоа сето тоа ќе се збришеше од многу поголемата корист... Но јас, јас не го издржав ни почетокот, бидејќи сум — подлец! Ете, тоа ти е сè! Па сепак не сакам да гледам со вашите очи: ако успеев мене ќе ме овенчаа, а вака во стапица!

— Тоа не чини, тоа воопшто не чини! Зошто зборуваш така, брате?

— А! Не чини формата, не е естетски убава формата! Но јас воопшто не сфаќам: зошто е почитувана форма, фрлањето бомби по луѓето, со правилна опсада? Стравот од естетиката е прв знак на немоќ!... Никогаш, никогаш појасно не го сознавав тоа отколку сега, па јас сега помалку отколку некогаш сметам дека тоа е злосторство! Никогаш, никогаш не сум бил посилен и поуверен одошто сега!

Црвенило му го покри бледото, испиено лице. Но кога го заврши последниот извик, ненадејно неговиот поглед се сретна со очите од Дуња, а во тој нејзин поглед сретна толку, толку страдање, што и не сакајќи се освести. Почувствува, дека сепак ги унесреќил двете бедни жени. Сепак причината е тој...

— Дуња, мила! Ако сум виновен, прости ми! (Иако мене не може да ми се прости, ако сум виновен.) Збогум! Нема да се расправаме! Време е, крајно време. Немој да одиш по мене, те молам, морам да наминам уште... туку ти сега оди и веднаш седни покрај мама. Те молам за ова! Тоа е мојата последна и најголема молба до тебе. Не оставај ја целото време: јас ја оставив онеспокоена и тешко ќе може да го поднесе тоа неспокојство: или ќе умре или ќе полуди. Значи, биди покрај неа! Разумихин ќе биде со вас; јас му кажав... не плачи поради мене! Јас ќе настојувам да бидам и храбар, и чесен, дури сум жив, иако сум убиец. Можеби некогаш ќе слушнеш за моето име. Нема да ве посрамам, ќе видиш; ќе докажам уште... а засега догледање, — побрза да заврши Раскољников, зашто при тие свои последни зборови и ветувања пак забележа во очите на Дуња некаков чуден израз. — А зошто плачеш така? Не плачи, не плачи; та не се разделуваме сосем! — Ах! Да! Чекај, заборавив!...

Дојде до масата, зеде една дебела, испрашена книга, ја отвори и извади едно мало портретче сместено меѓу листовите, акварел на слонова коска. Тоа беше слика на ќерката од газдарицата, неговата бивша свршеница, која умре од туберкулоза, на онаа чудна девојка, што сакала да оди во манастир. Неколку мига гледаше во тоа изразито и болно лице, го баци портретот и ѝ го предаде на Дуњечка.

— Со неа јас многу разговарав и з а т о а, само со неа, — изговори тој замислен. — На нејзиното срце му соопштив многу нешта од она што се случи после толку несмасно. Не вознемирувај се — ѝ се обрна на Дуња — таа не се согласуваше со тоа, како што не се согласуваше ни ти, и добро е што ја нема неа сега. Сега е важно, сега е најважно тоа дека сè ќе тргне по нов пат, ќе се скрши надве, — викна тој наеднаш, пак враќајќи се кон својата мака, — сè сè, а дали сум приготвен за тоа? Го сакам ли тоа? Велат, тоа е потребно заради моето проверување! Зошто, зошто се потребни тие бесмислени проверувања? Зошто — зарем подобро ќе сознавам тогаш кога, ќе бидам раскинат од маки, од идиотство, старечки немоќен, по дваесетгодиш-

ната робија отколку што сознавам сега, а, освен тоа и зошто би живеел тогаш? Зошто сега се согласувам да живеам вака? О, јас знаев, дека сум подлец, кога изутрина, во зорите стоев над Нева.

Напојсле и двајцата излегоа од станот. Тешко ѝ беше на Дуња, но го сакаше! Таа тргна, но откако направи педесетина чекори, се сврти уште еднаш, за да го види. Сè уште можеше да го види. А кога дојде до аголот, и тој се сврти, па последен пат им се сретнаа погледите; но кога Раскољников виде дека Дуњечка го гледа, нестрпливо, па и нерасположено ѝ мавна со раката давајќи ѝ знак да си оди, а тој наеднаш скршна зад аголот.

„Јас сум лош, го гледам тоа" — си мислеше во себе по малку срамејќи се поради тоа што така налутено ѝ мавна со рака на Дуња.

— Но зошто ме сакаат толку, кога не сум го заслужил тоа! Ох, да сум сам и никој, никој да не ме љуби, ни јас никого не би го љубел! Не би го имало сево ова! А би сакал да знам, дали во тие идни петнаесет-дваесет години душата моја толку ќе се смири, што покорно ќе плаче пред луѓето и при секој збор ќе се вика себеси разбојник? Да, токму тоа, токму тоа! Тие затоа сега ме праќаат во прогонство, тоа им е потребно. . . Ене, тие се сноваат по улиците ваму-таму, а секој од нив е подлец и разбојник по својата природа; и уште полошо, — идиот! А ако, да речеме, ме одмине прогонството, сите тие ќе побеснат од благородно негодување! Ох, колку ги мразам сите нив!"

Длабоко се замисли над ова: „Каков процес може да предизвика, најпосле, тој да се смири пред сите нив без размислување, да му се смири уверувањето! Па што, зошто да не? Најпосле, така мора да биде. Зарем може дваесет години непрекинат притисок да не ме убијат конечно? Водата длаби камен. И зошто, зошто да живеам потоа, зошто одам сега, кога и самиот знам, дека сето тоа ќе биде токму така, како што пишува во книгата, и никако поинаку!"

Можеби веќе по стотти пат од синоќа си го поставуваше тоа прашање, но сепак одеше.

VIII

Кога влезе кај Соња, веќе беше стемнето. Соња возбудено го чекала цел ден. Го чекала заедно со Дуња. Дуња дошла кај неа уште изутрината зашто се сетила за вчерашните зборови на Свидригајлов дека Соња „знае за тоа". Нема подробно да раскажуваме за разговорот и за солзите на тие две жени, ни за тоа колку се зближија. Дуња на тој состанок доби барем утеха дека брат ѝ не ќе биде сам; кај неа, кај Соња тој дојде со првата своја исповед; во неа бараше човек, кога почувствува потреба од човек; а таа ќе тргне по него, без обѕир, каде ќе го фрли судбината. Таа не прашуваше, но знаеше дека ќе биде така. Таа ја гледаше Соња дури со некакво покорно почитување и отпрвин и ја збунуваше со чувството на покорност, со кое се однесуваше спрема неа. Соња за малку ќе заплачеше зашто таа напротив, себеси се сметаше за недостојна дури и да јапогледне Дуња. Откако при првиот состанок кај Раскољников Дуња ѝ се поклони со толкаво внимание и почит, нејзиниот убав лик засекогаш остана во душата на Соња, како едно од најубавите, најнедостижните привиденија во животот.

Дуњечка најпосле не издржа, ами ја напушти Соња, за да отиде да го чека брата си во неговиот стан; сега ѝ се чинеше дека тој најпрвин ќе дојде таму. Откако остана сама, Соња, веднаш почна да ја мачи стравот од помислата дека тој можеби ќе се убие. Од тоа се плашеше и Дуња. Но цел ден се натпреварувaа уверувајќи се една со друга и докажувајќи си дека тоа не може да се случи, па беа поспокојни, дури беа заедно. Но сега, кога се разделија, и едната и другата фатија да мислат само за тоа. Соња се сеќаваше, за вчерашните зборови на Свидригајлов дека пред Раскољников стојат два пата: Владимирка или... притоа ја знаеше и неговата суета, горделивоста, самољубието и безбожноста. „Зарем само малодушноста и стравот од смртта можат да го присилат, да живее?" — си помисли таа најпосле во очај.

Сонцето веќе заоѓаше. Соња тажно стоеше до прозорецот и упорно гледаше низ него, но низ прозоре-

цот се гледаше само главниот неваросан ѕид на соседната куќа. Најпосле, кога Соња веќе сосем беше уверена дека се има убиено — во собата влезе Раскољников.

Извик на радост ѝ се истргна од градите. Но кога му го виде лицето малку побледна.

— Па, да! — рече Раскољников смешкајќи се. — Соња, јас дојдов по твоите крстови. Ти и самата ме испрати на раскрсница; што ти е, зарем си уплашена сега, кога дојде до реалноста?

Соња го гледаше зачудено. Тој тон ѝ се стори необичен; ладни морници ѝ пролазија по телото, но веднаш се сети дека сè му е наместено, и тонот, и зборовите. Кога зборуваше со неа гледаше во аголот, како да избегнуваше да ја погледне право во лицето.

— Гледаш ли, Соња, јас заклучив, дека вака најверојатно ќе биде покорисно. Тука има една околност... Но, многу би требало да ти раскажувам, а зошто! Знаеш само што ме лути мене! Одвратно ми е што веднаш ќе ме опколат, и ќе зјапаат во мене, ќе ми поставуваат глупави прашања на кои морам да одговорам, и со прст ќе покажуваат во мене... Пхи! Знаеш, јас не одам кај Порфириј. Ми здодеа. Подобро е да одам кај мојот пријател Барут, па ќе го зачудам, ќе постигнам некаков ефект. А треба да бидам што поладнокрвен; сум станал премногу жолчен во последно време. Веруваш ли, пред малку ѝ се заканив на сестра ми со тупаница, само затоа што се сврти, за да ме погледне за последен пат. Одвратна е таа состојба! Ех, до каде стасав! Но, што е, каде се крстовите?

Како да не беше при себе. Не можеше ни еден миг да стои на местото, ниту вниманието да го сврти кон една работа; мислите му прескокнуваа и зборувањето му се мешаше; рацете му трепереа.

Молчејќи Соња извади од фиоката два крста, од кипарис и од бакар, се прекрсти, го прекрсти и него, и му го обеси на градите кипарисовото крвче.

— Значи, ова е симболот на тоа, што го земам врз себе, крстов, хе-хе! Како малку да сум страдал досега! Кипарисовиот крст е народски; бакарниот е од

Лизавета, него го земаш ти — покажи ми го! Значи, на неа бил... во оној час? И јас познавам два вакви крста, еден сребрен и едно иконче. Тогаш ѝ ги фрлив на градите. Добро би ми дошле сега да си ги обесам... Впрочем, јас дрдорам штогодности, некако сум расеан! ... Знаеш ли, Соња, јас всушност дојдов за да знаеш однапред... Е па тоа ти е сè... Само поради тоа дојдов. (Хм! Впрочем, јас си мислев, дека ќе кажам нешто повеќе.) Ти и самата сакаше да дојдам, па, еве, ќе седам в затвор и желбата ќе ти биде исполнета, а зошто плачеш? И ти ли? престани, немој; о колку ми е тешко сето тоа!

Сепак во него се возбуди чувство, срцето го заболе, гледајќи ја неа: „Зошто, зошто и таа?“ — си мислеше во себе. — „Што сум ѝ јас нејзе? — зошто плаче, зошто ме подготвува како мајка ми или како Дуња? Ќе ми биде гледачка!“

— Прекрсти се, барем еднаш помоли се — го замоли Соња со треперлив, страмежлив глас.

— О, на драго срце, колку што сакаш! И од сè срце....

Но, имаше намера да каже нешто друго.

Се прекрсти неколку пати. Соња ја зеде својата шамија и ја префрли преку главата. Тоа беше зелена платнена шамија веројатно онаа што ја споменуваше тогаш Мармеладов, „семејната“. На Раскољников му дојде во умот таа мисла, но не праша. Навистина и самиот фати да чувствува, дека е многу расеан и некако несмасно возбуден. Тоа го уплаши. Го вчудовиди и тоа дека Соња сакаше да оди со него.

— Што ќе правиш ти? Каде ќе одиш? Остани, остани! Јас ќе одам сам! — викна тој налутен и омалодушен, а потоа речиси се разбесни и се упати кон вратата. — Зошто ми е цела придружба! — мрмореше излегувајќи.

Соња остана среде собата. Раскољников не се ни прости со неа, веќе ја имаше заборавено неа; во душата му зовре раздразнувачко и бунтовно сомневање:

„Значи, сè е така, токму така!“ — пак си помисли тој, кога слегуваше по скалите. — „Зарем не можам да запрам и пак да изменам сè... И да не одам?“

Но сепак одеше напред. Во еден момент конечно почувствува дека нема зошто да си поставува прашања. Кога излезе на улица, се сети, дека не се простил со Соња, дека таа останала среде собата, со својата зелена шамија на главата, не осмелувајќи се да се мрдне, поради неговото викање, па малку подзастана. Во тој миг јасно му светна друга мисла — како да чекала сосем да го порази.

„Добро, а зошто отидов сега кај неа? Јас ѝ реков: по работа; но по каква работа? Немаше никаква работа! Да ѝ соопштам дека о д а м; па што од тоа? сигурно многу беше потребно! Дали јас ја сакам неа, дали ја сакам? Та веројатно не ја сакам? Еве, сега ја истерав како куче. Зарем навистина ми беа потребни нејзините крстови? Ех, колку ниско паднав! Не мене ми беа потребни нејзините солзи, ми беше потребно да ја видам нејзината вчудовиденост, да видам како ја боли и ѝ се кине срцето! Морав за што било да се фатам, да одолжам, да видам човечко суштество! И јас се осмелував толку да верувам во себе, толку да мечтаам за себе, јас питач, јас ништожество, подлец подлец!“

Одеше по брегот на Каналот и немаше уште многу да оди. Но кога дојде до мостот, запре, наеднаш сврти кон мостот, настрана, и отиде на Сенскиот плоштад.

Како улав се обѕираше и десно и лево, внимателно се загледуваше во секое нешто и на ништо не можеше да си го запре вниманието. „Еве по една недела, по еден месец, ќе ме провозат со затворска кола овде некаде по мостов, и тогаш како ќе го гледам Каналов, — да го запаметам тоа?“ — му светна во главата. „Еве оваа фирма; како ќе ги прочитам буквите на неа? Овде пишува: Т а в а р и ш е с т в о;[1]) ајде да го запаметам тоа а, букавата а, па да ја погледам по еден месец, истата буква а, како ќе ја гледам тогаш? Што ќе чувствувам и што ќе мислам тогаш?... Господи, колку ниско е сето тоа, сите мои сегашни... грижи! Се раз-

[1]) Другарство — руски

бира, сето тоа треба да е интересно, на свој начин... (ха-ха-ха! за што размислувам!). Јас подетинувам, самиот си се фалам; да, а од што се срамам? Пих, колку се туркаат! Еве овој дебелиов што ме турна, (веројатно е Германец), дали знае, тој кого турнал? Жена со дете моли за милостиња; интересено, таа ме смета за посреќен од себеси. А зошто да не дадам, поради куриозитет, Види, види, во џебов ми останал еден петак, од каде? На, на... земи, мајчичке."

— Господ те чувал! — се слушна плачниот глас на питачката.

Дојде на Сенски плоштад. Му беше непријатно, многу непријатно да се турка меѓу луѓето, но одеше токму таму, каде што ќе видеше дека има повеќе луѓе. Сè би дал на светов, само да биде сам, но чувствуваше, дека во ниеден момент нема да остане сам. Во толпата се распашал некојси пијаница; сакаше да игра, но постојано паѓаше настрана. Го опколија. Раскољников се истурка низ толпата, погледа неколку мига во пијаницата и наеднаш се закикоти кратко, остро. По една минута го заборави пијаницата, не го ни виде, иако го гледаше. Најпосле си замина, без да знае каде се наоѓа; но кога дојде до средината на плоштадот, го исполни некаква желба, го совлада некакво чувство и го окупира целиот, и телото и мислата.

Се сети за зборовите на Соња: „Оди на раскрсница, поклони му се на народот, бакни ја земјата, зашто и пред неа си згрешил, и на целиот свет речи му гласно: јас сум убиец!" Целиот затрепери, кога се сети за тоа. И веќе толку го беше измачил бескрајниот јад и неспокојството, целото време, а особено во последниве часови, што тој просто потона во можноста што му ја даваше тоа целосно, ново, целосно чувство. Му дојде како што даоѓа напад на некоја болест: му се запали во душата, како искра и наеднаш, како оган го опфати целиот. За миг во него сè се разблажи и очите му се исполнија со солзи. Како што стоеше простум, се фрли на коленишти на земјата...

Стоеше на коленишти среде плоштад, се поклони до земјата, и со уживање и среќен ја бакна таа нечиста земај. Потстана и се поклони по вторпат.

— Их, се натрескал! — забележа едно момче до него.

Се слушна смеење.

— Тој оди во Ерусалим, браќа, се простува од децата и од родниот крај, му се клања на целиот свет, на престолнината Санкт Петербург и неговата земја ја целива! — додаде некој поднапиен граѓанин.

— Уште е младо момче! — додаде трет.

— Тој е од отмениот свет! — забележа некој со сериозен глас.

— Сега не можеш да знаеш кој е отмен а кој не е.

Сите тие извици и разговори го задржаа Раскољников, па во него замреа зборовите: „јас убив“, кои беа готови да му летнат од јазикот. Но сепак тој мирно ги издржа звуците и без да се обрнува тргна право по улицата кон квартот. Потем пред него се мерна некакво привидение, но тој не се зачуди од тоа; веќе претчувствуваше дека така мора да биде. Во моментот, кога на Сенскиот плоштад се поклони по втор пат и се сврти на левата страна, на педесеттина чекори од себе ја забележа Соња. Се имаше скриено зад една од бараките на плоштадот, значи го следела на целиот тажен пат! Раскољников почувствува и сфати во тој момент дека Соња сега оди по него засекогаш и дека ќе продолжи да оди по него и на крајот од светот, каде што ќе го прати судбината. Сето срце му се разбранува... но, — притоа дојде до определеното место....

Прилично бодро влезе во дворот. Требаше да се качи на вториот кат. „Засега уште се качувам“ — си помисли. Воопшто му се чинеше дека уште е далеку од судбоносниот час, дека има уште многу време, уште многу може да размислува.

Пак истите ѓубриња. Истите лушпи на спиралните скали, пак ширум испоотворени врати на становите, пак истите кујни, од кои излева чад и смрдеа. Раскољников оттогаш не беше дојден овде. Нозете му се потсечуваа и му клинкаа, но одеа. Малку подзастана, подзеде воздух и се закрепна, за да влезе како човек. „А зошто? Зошто?“ — си помисли кога сфати што прави. — „Ако веќе морам да ја испијам таа чаша, зарем не е сеедно? Колку погадно, толку подобро“.

Во тој момент му дојде во умот ликот на Иља Петрович Барут. Зарем навистина да оди кај него? А не би можело ли кај некој друг? Не би можело ли кај Никодим Томич? Не е ли подобро веднаш да се врати да оди во станот кај самиот квартски надзорник! Барем сè ќе излезе според домашниот обичај... Не, не! кај Барут, кај Барут! Ако мора да пие, сè ќе испие наеднаш..."

Истрпнат и одвај знаејќи за себе ја отвори вратата на канцеларијата. Сега тука имаше многу малку луѓе, седеше некојси служител и уште некој обичен човек. Служителот не ни sирна од зад својата преграда. Раскољников отиде во другата соба. „Можеби ќе можам и да не зборувам" — му светна во умот. Тука некаков писар во цивилно палто, се готвеше нешто да пишува на масата за пишување. Во аголот седеше уште еден писар. Замјотов не беше тука. Никодим Томич, се разбира, исто така не беше тука.

— Зарем нема никого? — праша Раскољников обрнувајќи му се на лицето покрај масата.

— А кого го барате?

— А-а-а! Со уши не слуша, со очи не гледа, а руски дух.... како она во приказната... како беше, заборавив! М-моето п-по-читување! — викна наеднаш еден познат глас.

Раскољников затрепери. Пред него стоеше Барут; излезе одненадеж од третата соба. „Така било пишано" — си помисли Раскољников — „зошто е овде?"

— Кај нас ли идеш? За каква работа? — викна Иља Петрович. (Очигледно тој беше многу добро расположен и малку возбуден.) — Ако е работа сте дошле рано. И јас овде сум само случајно... Впрочем, сè што можам. Ви признавам ... како беше? како беше? Извинете...

— Раскољников.

— Па да, Раскољников! Да не мислите дека сум заборавил! Немојте, ве молам, да ме сметате за таков... Родион Ро.... Ро... Родионович, така беше, ми се чини.

— Родион Романич.

— Да, да, да! Родион Романич, Родион Романич, Така и си мислев. Често прашував. Ви признавам, ис-

крено ми беше жал тогаш, што со вас... така... подоцна ми соопштија, дознав, дека вие сте млад литерат, дури и научник... И така да се каже, првите чекори... О, господи! Ама кој литерат и научник во почетокот не зачекорил оригинално! Јас и жена ми, — и двајцата ј а цениме литературата, а жена ми страсно!... Литературата и уметноста! Само ако си благороден, сè друго можеш да стекнеш со талентот, со знаењето, со разумноста, со генијалноста. Шапката, на пример, што значи шапката? Шапката е ситница, јас ќе ја купам кај Цимерман; но јас не можам да го купам она што се чува под шапката и што се покрива со шапката!... Признавам, сакав да дојдам кај вас, да ви објаснам, но си мислев дека можеби вие... Па, ете, не ве прашав, дали навистина сакате нешто. Велат, ви дошле роднини?

— Да, мајка ми и сестра ми.

— Имав дури и чест и среќа, да се запознам со вашата сестра — образована и миловидна личност. Признавам, ми беше жал, што тогаш така се распаливме со вас. Случај! А тоа што тогаш, поради вашата несвест, ве стрелнав со некаков поглед, — тоа подоцна се објасни на блескав начин! Занесеност и фанатизам! Го разбирам вашето згрозување. Да не сакате да го мените станот, бидејќи ви дојдоа роднините?

— Н-не, јас само вака... Дојдов, да прашам... си мислев, дека овде ќе го затекнам Замјотова.

— Ах, да! Вие сте се спријателиле, слушнав. Но Замјотов не е кај нас — не го затекнавте. Да, го изгубивме Александар Григорјевич! Од вчера тој веќе не е кај нас; мина... а кога минуваше, со сите се испокара... дури и непристојно... Млад ветрогон, ништо повеќе; дури можеше да даде надеж; но, ете, така ви е с о нашите прекрасни млади луѓе! Ќе сака да положи некој испит, па ајде само дрдори и фали се, и испитот ќе заврши. Тоа не е она, што сте, на пример, вие или господин Разумихин, вашиот пријател! Вашата кариера е научна, вас нема да ве уништат незгодите! Може да се каже дека за вас сите овие убавини во

животот, — nihil est[1]), аскет, монах, пустиник. За вас е книгата, перо на увото, научни испитувања — ете накаде лета вашиот дух! Јас и самиот донекаде... сте повелиле да ги читате записките на Ливингстон?

— Не.

— Јас сум ги читал. Впрочем, денеска многу се имаат раширено нихилистите; а и разбирливо е; какви се времињава, ве прашувам? Впрочем, јас и вие... вие, се разбира не сте нихилист! Одговорете искрено, искрено!

— Не.

— Знаете, бидете отворен со мене, не стеснувајте се, како да сте сам со себеси! Службата е нешто друго, нешто друго... Вие си мислевте дека сакам да речам: д р у ж б а т а, но не, не погодивте! Не пријателство, туку чувство на граѓанин и човек, чувство на човечност и љубов спрема севишниот. Јас можам да бидам службена личност и во служба, но сепак сум должен секогаш во себе да се чувствувам граѓанин и човек и да полагам сметка... Вие повеливте да завршете разговор за Замјотов. Замјотов знае да ви предизвика скандал на француски начин во непристоен локал, со чаша шампањско или донско вино — ете, каков е вашиот Замјотов! А јас, можеби, така да се изразам, горам од верност и високи чувства, а, освен тоа, нешто значам, имам чин, заземам место! Оженет сум и имам деца. Вршам граѓанска и човечка должност, а кој е тој, дозволете да прашам? Ви зборувам како на човек, облагороден со образование. А пак тие бабици премногу се намножија.

Раскољников ги дигна веѓите како да прашува. Зборовите на Иља Петрович, кој пред малку стана од масата, му звучеа и паѓаа пред него најмногу како празни звуци. Но сепак разбра еден дел од нив; гледаше прашално и не знаеше како ќе заврши сето тоа.

— Јас зборувам за оние истрижените девојки — продолжи зборлестиот Иља Петрович — јас ги нарекув бабици и мислам дека тоа име е сосем погодно. Хе-хе! Одат во академијата, учат анатомија; но, ка-

[1]) Тоа е ништо — лат.

жете, ако се разболам, ќе викнам ли девојка, да ме лекува? Хе-хе!

Иља Петрович се кикотеше, сосем задоволен од своите досетки.

— Да претпоставиме дека тоа е голема жед за просвета; но штом си се просветил, доста ти е. Зошто да ја злоупотребуваш? Зошто да навредуваш чесни личности. Како што прави небидникот Замјотов? Зошто ме навреди мене, ве прашувам? . . . Еве колку се раширија самоубиствата — вие не можете ни да си претставите. Сите тие ги трошат последните пари и се убиваат. Девојчишта, дечишта, старци . . . Еве, изутрина е јавено за некојси господин, што допатувал неодамна. Нил Павлич, еј, Нил Павлич! како се вика џентлменот, за кој јавија пред малку дека се убил на Петербуршка страна?

— Свидригајлов — одговори некој од другата соба со зарипнат, рамнодушен глас.

Раскољников се стресе.

— Свидригајлов? Свидригајлов се убил? — викна.

— Што! Да не го познававте Свидригајлова?

— Да . . . го познавав . . . неодамна допатува . . .

— Да, да, неодамна допатувал, жената му умрела, бил разуздан, па наеднаш се убил, и тоа толку скандалозно, што не може ни да се замисли . . . Оставил неколку збора во својот нотес: дека умира при сосем здрав ум, и моли, никого да не го обвинуваат за неговата смрт. Велат, тој имал пари. Од каде го познавате вие?

— Јас сум му . . . познат . . . сестра ми беше гувернанта во нивната куќа . . .

— Ех-ех-ех! Значи, вие можете да нè известите за него? А не очекувавте такво нешто?

— Вчера го видов . . . тој . . . пиеше вино . . . јас не знаев ништо.

Раскољников чувствуваше, како да паднало нешто врз него и го пригмечило.

— Вие пак како да побледнавте. Кај нас овде воздухот е многу задушен . . .

— Да, време е да си одам — промрмори Раскољников — извинете што ве вознемирив . . .

— Ама, ве молам, само повелете! Ми направивте задоволство, и мило ми е што можам да ви кажам...

Иља Петрович му ја подаде раката.

— Јас сакав само... кај Замјотов...

— Разбирам, разбирам и ми беше мило.

— Многу ми е мило... догледање... — се насмевна Раскољников.

Тој излезе тетеравејќи се. Му се вртеше умот. Не чувствуваше дали стои на нозете. По скалите слегуваше потпирајќи се со десната рака на ѕидот. Му се стори дека некој службеник, со книга во раката, го турна кога се качуваше кон канцеларијата, дека некое кученце некаде во долниот кат лае многу гласно, и дека некаква жена фрли по него сукало и фати да вика. Тој слезе долу и излезе во дворот. Таму во дворот, близу до влезот, стоеше Соња, бледа, сета здрвена и вознемирена, и срамежливо го гледаше. Застана пред неа. Некаква болка, некаква мака се јави на нејзиното лице, некаков очај. Таа плесна со рацете. Несмасна, безнадежна насмевка се нацрта на неговите усни. Тој подзастана се насмевна и пак се врати горе во канцеларијата.

Иља Петрович беше седнал и веќе чепкаше низ некои хартии. Пред него стоеше човекот што пред малку го турна Раскољникова, качувајќи се по скалите.

— А-а-а! Пак вие! Да не ви останало нешто овде?... Ама што ви е вам?

Раскољников се приближи до него со бледи усни, со здрвен поглед, пристапи до масата, се потпре со рака на неа и сакаше нешто да каже, но не можеше; од него излегуваа само некакви испрекинати гласови.

— Вам ви е неарно, стол! Еве, седнете на столов, седнете! Вода!

Раскољников се спушти на столот, но не ги тргаше очите од лицето на Иља Петрович, кој беше непријатно зачуден. Неколку мига се гледаа еден со друг и чекаа. Водата беше донесена.

— Јас... — започна Раскољников.

— Напијте се вода!

Раскољников ја тргна со рака водата и изговори тивко, со прекини, но јасно и разбирливо:

— *Јас ја убив со секира старицата, вдовицата на чиновникот, и нејзината сестра Лизавета, и ја ограбив.*

Иља Петрович зина. Надојдоа луѓе од сите страни.

Раскољников го повтори својот исказ —

ЕПИЛОГ

I

Сибир. На брегот на широката, пустинска река лежи град, еден од административните центри на Русија. Во градот има тврдина. Во тврдината затвор. Во затворот веќе девет месеци се наоѓа прогнатиот робијаш од втор ред Родион Раскољников. Од денот на неговото злосторство поминаа речиси година и пол.

Неговото судење мина без големи тешкотии. Злосторникот решително точно и јасно се држеше на својот исказ, не ги мешаше околностите, не ги ублажуваше во своја корист, не ги искривуваше фактите. Не заборавше ни најситна подробност. До ситница го раскажа целиот тек на убиството, ја објасни тајната на з а л о г о т (дрвена штичка со метална плочка), што беше најден во раката на убиената баба; подробно опиша, како ѝ ги зел клучевите на убиената, и ги опиша клучевите, го опиша сандакот и со што беше наполнет; наведе дури и одделни предмети, што ги имаше во сандакот; ја објасни загатката за убиството на Лизавета и кажа, дека дошол и тропал Кох, а по него студентот; соопшти сѐ што разговарале тие; како тој тогаш, злосторник, истрчал по скалите и го слушнал смеењето и викањето на Миколка и Мивка; дека се скрил во празниот стан па потоа си отишол дома; најпосле го покажа и каменот во дворот, на Вознесенскиот проспект, покрај вратата, а под тој камен беа најдени предметите и портмонето. Накратко, работата се разјасни. Истражителите и судиите помеѓу другото многу се чудеа зошто портмонето и предметите ги скрил под каменот а не

се користел со нив, а најмногу се чудеа, поради тоа што не само што не знаеше да ги наброи сите предмети, што ги ограбил, туку не го знаеше точно ни нивниот број. Токму тоа, што ни еднаш не го отворил портмонето, и што не знаеше, исто така, колку пари има во него, им изгледаше неверојатно (во портмонето беа најдени триста седумнаесет рубли во сребро и три парчиња од по дваесет копејки; од долгото лежење под каменот многу беа расипани некои горни банкноти, токму најкрупните). Долго време се мачеа да дознаат: зошто обвинетиот лаже само за тоа, кога сè друго признава доброволно и искрено? Најпосле некои (особено психолозите) се согласија дека е можно да било и така: дека тој не sирнал во портмонето, па дека значи, и не знаел што има во него, и дека без да знае за тоа го ставил под каменот, но веднаш од тоа заклучија дека злосторството не можело поинаку ни да се случи, туку во момент на привремено лудило, тоест во момент на болна мономанија на убиство и грабеж, без конечна цел и желба за корист. Токму тука добро дојде најновата помодна теорија за привременото лудило, што во наше време толку често настојуваат да ја применат врз некои злосторници. Покрај тоа, одамнешната хипохондриска состојба на Раскољников точно ја потврдија мнозина сведоци, доктор Зосимов, поранешните негови другари, газдарицата, слугинката. Сето тоа многу помогна да се изведе заклучокот дека Раскољников не прилега сосем на обичен убиец, разбојник и ограбувач, ами дека тука има нешто сосем друго. Тие што го бранеа ова мислење најмногу ги нервираше тоа што самиот злосторник не се обидуваше да се брани; на конечните прашања: што го натерало да изврши убиство и што го поттикнало да изврши ограбување, одговори многу јасно, со најгруба точност, дека причина за сè била состојбата на страв, сиромаштвото и неволата, желбата да си го осигури првиот почеток во животната кариера, барем со тие три илјади рубли, што мислел дека ќе ги најде кај убиената. За убиство пак се решил со оглед на својата лесномислена и слабодушна нарав, уште и раздразнета со немаштијата и бедата. А на прашањето: што го натерало да се пријави, одговори отво-

рено дека го натерало искреното каење. Сето тоа беше дури и грубо . . .

Пресудата сепак беше поблага, отколку што можеше да се очекува, кога ќе се земе во обзир извршеното злосторство, а можеби беше поблага токму затоа што злосторникот не само што не настојуваше да се оправда себеси, ами некако и самиот изразуваше желба да се обвини уште повеќе. Сите необични и посебни околности во таа работа беа земени предвид. За болната и бедна состојба на злосторникот пред да го изврши злосторството немаше ни најмало сомневање. Тоа што не го користел грабежот, му беше припишано донекаде на разбуденото каење, а донекаде пак на недоволно здравата состојба на умствените способности за време на извршувањето на делото. Ненадејното убиство на Лизавета послужи дури и како пример што го потврдуваше тој суд: човекот извршува две убиства, а ваму заборава дека е отворена вратата! Најпосле, неговата пријава дека тој е виновникот, во моментот, кога работата необично се заплетка со тоа што фанатикот Николај духовно попушти и лажно се обвини себеси додека за вистинскиот злосторник не само што немаше јасни докази, ами во него никој дури не се ни сомневаше (Порфириј Петрович си достоја на зборот) — сето тоа конечно помогна да му се ублажи судбината на виновникот.

Освен тоа, сосем ненадејно се појавија и други околности, многу поволни за обвинетиот. Бившиот студент Разумихин ископа однекаде податоци и изнесе докази дека злосторникот Раскољников, додека бил на универзитетот, со своите последни средства помагал еден свој сиромашен, туберкулозен универзитетски другар и речиси го издржувал половина година. А кога умрел тој, Раскољников водел грижа за стариот фатен татко на неговиот покоен другар (кој речиси од тринаесеттата година го издржувал и го хранел татка си), најпосле го сместил старецот во болница и го закопал кога умрел. Сите тие податоци донекаде поволно дејствуваа врз решението за судбината на Раскољников. И неговата бивша газдарица, мајката на покојната свршеница на Раскољников, вдовицата Зарницина, исто така, посведочи дека Раскољников уште кога живееле

во друга куќа, кај Пет-агли, кога избувнал пожар во ноќта спасил од станот, што веќе бил во пламен, две мали деца, при кое добил изгоретини и самиот тој. Тој факт беше детално испитан, и него го потврдија мнозина сведоци. Накратко, завршн со тоа, што злосторникот беше осуден на робија од втор ред, само на осум години, при што беше земено во обзир дека се пријавил самиот, како и некои други олеснителни околности.

Уште во почетокот на процесот на Раскољников мајка му се разболи. Дуња и Разумихин ја одведоа од Петербург за време на судењето. Разумихин одбра еден град на железничката пруга близу Петербург, за да може редовно да ги следи сите настани на процесот, а и што почесто да се состанува со Авдотја Романовна. Болеста на Пулхерја Александровна беше необична, нервна, а и некако ѝ се помати умот, иако не сосем. Кога Дуња се врати од последната средба со брата си, мајка ѝ ја затекна веќе сосем болна, во оган и во бунило. Уште вечерта се договори со Разумихин, што ќе ѝ одговори на мајка си на прашањата за својот брат, па заедно со Разумихин измислија цела приказна дека Раскољников отпатувал некаде далеку, на границата на Русија, по некаква приватна работа, со која најпосле ќе спечали и пари и глас. Но беа вчудовидени што Пулхерја Александровна ни тогаш ни подоцна воопшто не прашуваше за тоа. Напротив, и таа самата создаде цела приказна за ненадејното заминување на својот син; со солзи на очите кажуваше како дошол кај неа за да се прости; притоа спомнуваше дека само таа знае голем број многу важни и тајни околности, а дека Родја има многу големи непријатели, па дека мора и да се крие. Колку пак за неговата идна кариера, и таа ѝ се чинеше сигурна и блескава, само да минат некои неповолни околности! Го уверуваше Разумихина дека син ѝ со време ќе стане државник, зашто тоа го докажувала неговата статија и блескавата литературна дарба. Таа статија ја читаше непрестајно, напати ја читаше и на глас, речиси спиеше со неа, па сепак одвај и да праша, каде е сега Родја, иако внимаваа, да не зборуваат со неа за тоа, па тоа можеше да предизвика

сомневање кај неа. Најпосле, фатија да се плашат поради тоа што Пулхерја Александровна многу необично молчеше за некои работи. На пример, не се жалеше, што од него не добива писмо, а порано, кога живееше во своето гратче, целиот живот ѝ го исполнуваше само надежта и верувањето, дали наскоро ќе добие писмо од саканиот Родја. Тоа веќе беше премногу необјасниво и многу ја вознемируваше Дуња; ја исполнуваше мислата, дека мајка ѝ можеби претчувствува нешто страшно за судбината на својот син, но дека се плаши да праша за да не дознае нешто пострашно. Како и да е, Дуња јасно гледаше дека Пулхерја Александровна не е при здрав ум.

Впрочем, двапати се случи, таа самата да заврзе таков разговор, па не можеа да избегнат, да не спомнат, каде се наоѓа сега Родја; бидејќи одговорите се разбира, беа недоволни и сомнителни, таа наеднаш стана тажна, се намурти и замолчи, и така тоа траеше долго време. Најпосле, Дуња увиде дека е тешко да се лаже и да се измислува, па конечно заклучи дека е подобро сосем да се молчи за некои работи; но стануваше сè појасно и поочигледно дека кутрата мајка, претчувствува нешто ужасно. Дуња се сети и за зборовите на брат ѝ дека мајка ѝ го слушала бладањето во онаа ноќ од последниот кобен ден, по нејзината сцена со Свидригајлов; да не разбрала нешто тогаш? Често, одвреме навреме, по неколку дена и дури недели на мрачно, намуртено молчење и тивки солзи, болната оживуваше како во хистерија и одеднаш започнуваше да зборува на глас, речиси без престанок, за својот син, за своите надежи, за иднината. Фантазирањата понекогаш ѝ беа многу необични. Ја тешеа, ја охрабрува (таа можеби самата виде сосем јасно дека ѝ попуштаат и само ја тешат) но сепак зборуваше...

Пет месеци по пријавувањето, на злосторникот му беше изречена пресуда. Разумихин се состануваше со него во затворот, секогаш кога ќе можеше. И Соња, исто така. Најпосле, дојде и разделбата. Дуња му се заколна на братот, дека ова не е разделба засекогаш, а и Разумихин, исто така. Во младата пламена глава на Разумихин се беше загнездила намера во идните три

до четири години, според можностите, да ја постави основата на својот иден имот, да скрпи барем малку пари и да се пресели во Сибир, каде што земјата е богата во секој поглед, а малку има работна сила, луѓе и капитал; таму ќе се насели во истиот град во кој ќе биде Родја, и... сите заедно ќе започнат нов живот. Кога се разделуваа сите плачеа. Раскољников во последните денови беше многу исцрпен, многу прашуваше за мајка си, непрестајно се грижеше за неа. Толку копнееше по неа, што Дуња се вознемири. Кога разбра сè за болеста на мајка си стана многу мрачен. Со Соња, целото тоа време беше некако многу неразговорлив, Соња со парите што ѝ ги остави Свидригајлов, веќе одамна се имаше подготвено, да тргне по групата затвореници, со која ќе биде упатен тој. За тоа никогаш ни збор не беше изречен помеѓу неа и Раскољников, но и давајцата знаеја дека ќе биде така. На последната разделба чудно се смешкаше поради пламеното уверување од страна на сестра му и Разумихин за нивната среќна иднина, кога тој ќе излезе од затворот, па претскажа, дека болеста на мајка му набргу ќе заврши со несреќа. Најпосле, тој и Соња тргнаа.

Два месеца по тоа Дуња се омажи за Разумихина. Свадбата беше жална и тивка. Меѓу поканетите гости беа Порфириј Петрович и Зосимов. Во последно време Разумихин оставаше впечаток на човек што има донесено некакво цврсто решение. Дуња слепо веруваше дека тој ќе изврши сè што има замислено, а и како да не верува; во тој човек можеше да се забележи железна волја. Помеѓу другото, тој фати да слуша предавања на универзитетот, за да ги заврши студиите. Тие двајца постојано правеа планови за иднината; и двајцата цврсто веруваа дека по пет години сосем ќе се селат во Сибир. А дотогаш се надеваа во Соња...

Пулхерја Александровна со радост ја благослови мажачката на ќерка ѝ за Разумихина; но по таа мажачка, како да потона во уште полоша тага и грижа. За да ја разведри малку, Разумихин, помеѓу другото ѝ раскажуваше за студентот и неговиот немоќен татко, потоа за тоа како Родја се фрлил во огнот, минатата година за да спаси од смрт две малечки деца. Тие две

вести ја доведоа Пулхерја Александровна, на која и така разумот ѝ беше поматен, до вистински занес. Непрестајно зборуваше за тоа, дури и на улица започнуваше разговор, иако со неа секогаш одеше и Дуњa. Но кога, на улица, по дуќаните, секаде каде што ќе најдеше слушател, разговорот го свртуваше на својот син, на неговата статија, на тоа како тој им помагал на студентите, како се изгорел во пожарот итн. Дуњечка не знаеше како да ја спречи да не го зборува тоа. Освен опасноста, поради тоа возбудливо, болно расположение се закануваше и опасност од тоа дека некој би можел да се сети за кривичното дело по презимето на Раскољников и да проговори за него. Пулхерја Александровна ја дозна дури и адресата на мајката од тие две малечки деца, што ги спаси Раскољников од пожарот, па сакаше сосила да оди кај неа. Најпосле, нејзиниот немир порасна до крајност. Знаеше наеднаш да се расплаче, а често се разболуваше и бладаше во треска. Таа еднаш изутрината изјави отворено дека според неа Родја мора наскоро да пристигне, зашто таа божем се сеќава како тој самиот рекол, кога се простувал, да го очекуваат по девет месеци. Почна да го уредува станот, да се подготвува за пречекот, да ја дотерува собата што ја определи за него (својата сопствена) да ја чисти покуќнината, да ги пере старите и да стави нови завеси итн. Дуња се вознемири, но молчеше, и ѝ помагаше, да ја уреди собата за пречек на брат ѝ. По бурниот ден, поминат во непрестајно мечтаење, во радосни мечти и солзи, ноќта таа се разболи, а изутрината веќе беше во треска и бладаше. По две недели умре. Во бладањето ѝ се испуштија некои зборови од кои можеше да се разбере дека таа многу повеќе претчувствувала за ужасната судбина на својот син, отколку што си мислеа тие.

Раскољников долго време не знаеше за смртта на мајка си, иако допишувањето со Петербург беше воспоставено штом тој се насели во Сибир. Тоа го уреди Соња, која точно секој месец пишуваше во Петербург на адреса на Разумихин, и точно секој месец од Петербург добиваше одговор. Писмата на Соња до Дуња и Разумихин отпрвин се чинеа некако студени и недоречени, но на крајот тие заклучија, дека и не може да се

пишува подобро, бидејќи од тие писма најпосле се добива најцелосен и најточен приказ за судбината на нивниот несреќен брат. Писмата на Соња беа полни со најобични секојдневности, со најпросто и најјасно опишување на сиот робијашки живот на Раскољников. Тука немаше ништо за сопствените надежи, ниту претпоставки за иднината, ниту пак беа опишувани сопствените чувства. Наместо да настојува да го објаснува душевното расположение и воопшто целиот негов внатрешен живот, таа соопштуваше само факти, тоест сопствените негови зборови, детални известувања за неговото здравје, за тоа каква желба изразил кога се сретнале, за што ја молел, што ѝ наредил итн. Сите тие известувања беа многу детални. Ликот на несреќниот брат најпосле се појави сам по себе и се оцрта точно и јасно; тука не можеше да има грешки; зашто сите тие факти беа веродостојни.

Но малку утеха можеа да извлечат од тие вести Дуња и нејзиниот маж, особено во почетокот. Соња постојано јавуваше, дека тој непрестајно е намуртен, молчалив, и дека скоро ѝ не се интересира за вестите, што му ги соопштува секојпат кога ќе добие писмо; дека понекогаш прашува за мајка си; а кога видела дека веќе ја насетува вистината, и најпосле му соопштила дека мајка му е умрена, многу се зачудила оти ни гласот за смртта на мајка си не го трогнал многу, барем така ѝ се сторило на видум. Помеѓу другото, јавуваше дека вистина очигледно е задлабочен во себеси и некако се затворил пред сите, но дека својот нов живот сепак го гледа право и отворено; јасно си ја сфаќа положбата, не очекува наскоро ништо подобро, нема никакви лесномислени надежи (што е обично за ваквата состојба), и дека не му е ништо чудно во тие свои прилики, кои сосем малку прилегаат на поранешните. Јави, дека здравјето му е прилично добро. Оди на работа, не бега од работа но не ја ни бара. Спрема јадењето е речиси рамнодушен, но тоа јадење, освен во неделите и на празниците, е толку лошо, што најпосле со задоволство зел од неа, Соња, малку пари, за да си вари чај секој ден; што се однесува пак на сѐ друго, ја молел да не се вознемирува за ништо, зашто сета

таа грижа само го лути. Соња понатаму јавуваше, дека во затворот живее во заедничка соба со други; не ја видела внатрешноста на нивните згради, но мисли дека таму е тесно, гадно и нездраво; тој спие на штици, под себе си простира ќебе, а друго ништо не сака да уреди. Но вака просто и бедно тој не живее според некој определен план или намерно, ами просто поради небрежност, и поради надворешна рамнодушност спрема својата судбина. Соња пишуваше искрено, дека тој, особено отпрвин, не се интересирал за нејзините посети, па дека дури и се лутел, и бил молчалив и речиси груб спрема неа, но најпосле, тие состаноци му станале навика а речиси и потреба, па дека многу му било тешко, кога таа боледувала неколку дена и не можела да го посетува. Со него се состанувала во празници на вратата од затворот или во стражарницата, каде што му дозволувале да дојде и да поседи неколку минути; а во работните денови на работа, каде што оди таа, или во работилниците, или на туланите, или во сушилниците на брегот на Иртиш. За себе Соња јавуваше дека успеала во градот да склопи неколку познанства и да ја придобие наклоноста на познатите, дека се занимава со шиење, па бидејќи во целиот град речиси и нема шивачка, во многу куќи не можат без неа; не спомнуваше само дека поради неа и Раскољников ја придобил наклоноста на управата, па дека поради тоа му се олеснува работата и сл. Најпосле, дојде вест (Дуња дури и забележа некаква посебна возбуденост и вознемиреност во нејзините последни писма), дека тој се трга настрана од сите и дека затворениците во затворот не го засакале, поради што по цел ден молчи и бледнее. Потоа Соња јави во последното писмо дека е многу болен и лежи в болница, во одделот за затвореници . . .

II

Веќе одамна боледуваше; но него не го скршија стравотиите на робијашкиот живот, ни храната, ни избричената глава, ни парталавата облека: ох, ни малку не му беше до сите тие маки и страдања! Напротив,

тој уште и ја сакаше работата... кога ќе се измачеше физички од работата, барем ќе можеше да има по неколку часа спокоен сон. И зошто му беше таа храна — тие празни чорби — шчи со лебарки? Порано, кога беше студент често не го имаше ни тоа. Облеката му беше топла и погодна за ваков живот. Оковите речиси и не ги чувствуваше на себе. Зарем да се срами од својата избричена глава и од палтото со две различни поли? Од кого? Од Соња ли? Соња се плашеше од него, па зарем тој да се срами од неа?

А што од тоа? Се срами и од Соња, па затоа ја мачи со своето презирно, просто поведение. Но не му е срам поради избричената глава и поради синџирите: гордоста му беше повредена, тој и се разболи поради повредената гордост. Ох, колку среќен би бил, да може да се обвини себеси! Тогаш би претрпил сè, дури и срам. Но тој строго си судеше себеси и неговата лута совест во минатото не пронаоѓаше никаква посебно страшна вина, туку само еден обичен п р е в и д, што може да му се случи секому. Се срамеше токму поради тоа што тој, Раскољников, пропадна вака слепо, без надеж, напуштено и глупаво, според некаква пресуда на слепата судбина, поради кое мораше да се понижи и да се покори пред „бесмисленоста", на некаква пресуда, ако сакаше макар малку да се смири себеси.

Неспокојството беше без причина и без цел во сегашноста, а за во иднина му остануваше непрестајното жртвување, со кое ништо не се добива — ете, што го очекуваше на светов. И што му е грижа за тоа оти по осум години ќе има веќе триесет и две години, па ќе може одново да го започнува животот! Зошто да живее? Со што би можел да смета? Кон што да се стреми? Зарем да живее, само колку да постои? Но тој и порано илјадапати посакувал да го жртвува своето постоење за идејата, за надежта, па и за мечтата. Секогаш му беше премалку само да постои: секогаш сакаше повеќе. Можеби само по силата на своите желби, тогаш се сметаше себеси за човек, на кој му е дозволено повеќе, отколку на другите.

И барем судбината да му дадеше каење, горчливо каење, што го раскинува срцето, го расипува сонот, такво каење, што во ужасните страдања да сонува за бесилката и за бездната! Ох, многу би го радувало тоа! Маки и солзи, па и тоа е живот. Но за своето злосторство не се каеше.

Мораше барем да се лути поради својата глупост, како што се лутеше порано поради своите дрски и премногу глупави дела, што го доведоа до затворот. Но сега, кога веќе се наоѓаше во затворот, а беше с л о б о д е н, ги оцени и размисли за сите свои поранешни постапки и воопшто не ги сметаше толку глупави и несмасни, како што му се чинеа во кобното време, некогаш.

„По што — си мислеше тој — по што мојата мисла беше поглупава од другите мисли и теории, што се појат на светов и се судираат една со друга, откако постои овој свет? Само, треба работата да се погледне со својот независен, широк поглед, ослободен од секојдневните влијанија, па потоа мојата мисла, се разбира, воопшто нема да изгледа толку... чудна. Еј, вие негатори и петпаречки мудреци, зошто застанувате на половина пат!

„Па, зошто моето дело им изгледа толку дрско?“ — си велеше во себе. — „Зарем затоа што е зло дело? Што значи тоа: зло дело? Мојата совест е мирна. Вистина извршено е криминално злосторство; вистина нарушена е буквата на законот и е пролеана крв, но тогаш земете ја заради буквата на законот мојава глава... Доста е веќе! Штом е така, тогаш, се разбира, мнозина добротвори на човештвото, што не ја добиле власта со наследство, ами самите ја грабнале, би морале да бидат испофаќани, уште на своите први чекори. Но тие луѓе издржаа при своите чекори и затоа тие имаат п р а в о, а јас не издржав, значи, немав право, да си дозволам таков чекор.“

Само во ова го признаваше своето злосторство; само во тоа, дека не издржал и дека се пријавил.

Исто така, го измачуваше мислата: зошто тогаш не се убил? Зошто тогаш стоел крај реката, а сепак

отишол да се пријави? Зарем толкава сила има во желбата да се живее, и зарем толку тешко може да биде совладана? А ја совлада Свидригајлов, кој се плашеше од смртта.

Измачувајќи се си го поставуваше себеси ова прашање и не можеше да сфати дека уште тогаш, кога стоеше крај реката, можеби насетуваше во себе и во своите уверувања длабока лага. Не сфати дека тоа насетување можеби беше гласник на идниот пресврт во неговиот живот, на идното воскреснување, идниот нов поглед на животот.

Побргу дозволуваше дека тоа е глупаво бреме на инстинктот, кое тој не можеше да го отстрани и не беше во состојба да го пречекори, бидејќи беше слабак и ништожен. Ги гледаше своите другари затвореници и се чудеше: сите тие исто така си го сакаа животот и многу го ценеа! Му се стори дека во затворот повеќе се сака и се цени животот отколку на слобода. Колку страшни маки и страдања претрпиле некои од нив, на пример, скитниците! Зарем толку може да значи за нив каков било сончев зрак, густа шума, некаде во пусто место студен извор, што го забележал скитникот пред две години, па мечтае за средбата со него, како за средба со љубовницата, го гледа на сон, и тревата околу него, и птичката како пее во грмушката? Загледувајќи се понатаму откриваше уште понеобјасниви примери.

Во затворот, во средината што го опкружуваше, се разбира, тој не забележуваше многу а и воопшто не сакаше да забележува. Живееше некако со сведнати очи; одвратно и неподнесливо му беше да гледа. Но најпосле некои работи почнаа да го зачудуваат и тој фати некако не сакајќи, да забележува нешта кои порано не можел ни да си ги претстави. Воопшто најмногу се чудеше поради страшната, непреодна бездна, што беше зинала помеѓу него и целиот тој свет. Му се чинеше дека тој и тие се од различни народи. Се гледаа недоверливо и нељубезно. Ги знаеше и ги сфаќаше општите причини на тоа отуѓување; но никогаш порано не размислуваше, дека тие причини биле навистина олку длабоки и силни. Во затворот имаше и

заточеници Полјаци, политички злосторници. Тие просто смета дека сиов свет е составен од простаци и селани и горделиво го презираа; но Раскољников не можеше така да гледа: јасно забележуваше, дека тие простаци во многу нешта се каде-каде поумни од истите тие Полјаци. Тука имаше и Руси, кои, исто така, премногу ги презираа овие луѓе — еден бивш офицер и двајца семинаристи. Раскољников јасно ја забележуваше и нивната заблуда.

И него не го сакаа и сите го чувствуваа како туѓ. Најпосле фатија и да го мразат — зошто? Не знаеше. Го презираа, му се подбиваа, се смееја на сметка на неговото злосторство — тие што беа многу поголеми злосторници од него.

— Ти си господин! — му велеа. — Зарем ти да одиш со секира! Тоа воопшто не е господска работа.

Во втората седмица на велики пости и нему му дојде редот да пости заедно со сите од затворот. Отиде в црква и се молеше заедно со другите. Ни самиот не знаеше, зошто наеднаш дојде до каранице; наеднаш сите му се нафрлија како бесни:

— Ти си безбожник! Ти не веруваш во бога! — му викаа. — Тебе треба да те убиеме.

Со нив тој никогаш не зборувал за господа и за верата, но тие сакаа да го убијат како безбожник; молчеше и не им одвраќаше. Еден затвореник сиот бесен му се нафрли; Раскољников беше спокоен и молчеше; ни веѓата не му се помрдна, не му затрепери ни една црта на лицето. Стражарот навреме скокна помеѓу него и убиецот — инаку ќе се пролееше крв.

Не можеше да си објасни уште едно прашање: зошто сите таму ја сакаа Соња. Не им се умилкуваше: ретко се состануваа, само понекогаш на работа, кога доаѓаше за малку, за да го види. А сепак сите ја знаеја, го знаеја и тоа дека е дојдена по н е г о, знаеја како ж и в е е и каде живее таа. Не им даваше пари, ниту пак им правеше некакви услуги. Само еднаш на божик на целиот затвор му донесе подарок: пирошки и колачи. Но малку — по малку помеѓу нив и Соња се создаде потесна врска: таа им пишуваше писма за роднините и ги испраќаше на пошта. Нивните роднини кога ќе

допатуваа во градот, добиваа препорака предметите и парите за нив да ги остават кај Соња. Нивните жени и љубовници ја познаваа неа и ја посетуваа. И кога таа ќе дојдеше кај нив на работа, за да го посети Раскољникова, или кога ќе се сретнеше со трупа затвореници што одеше на работа, сите си ги симнуваа капите, сите ја поздравуваа: „Мајчичке, Софија Семјоновна, мајко наша, блага и мислостива!“ — му велеа тие груби, жигосани затвореници, на тоа мало мршаво суштество. Таа им се смешкаше и им се клањаше, а тие пак уживаа дека им се смешка. Го сака дури и нејзиниот од, па се вртеа по неа, гледаа како оди, и ја фалеа; ја фалеа и затоа што беше толку мала, веќе дури и не знаеја за што да ја фалат. Кај неа одеа и да се лекуваат.

Раскољников го прележа во болницата целиот крај на постите и Велика недела. Кога веќе оздравуваше, се сети за своите соништа уште од времето кога лежеше во треска и во несвест. Кога беше болен имено сонуваше дека целиот свет е осуден да ѝ биде жртвуван на некаква страшна, невидена и нечуена чума, што доаѓа од крилото на Азија во Европа. Сите мораа да паднат освен неколкумина, многу ретки, одбрани. Се јавија некакви нови трихини, микроскопски суштества, што се населуваа во човечкото тело. Но тие суштества беа духови, надарени со ум и волја. Луѓето, што ги примија во себе, веднаш станаа безмилосни и луди. Но никогаш, никогаш луѓето не се сметале себеси толку умни и непоколебливи во вистината, како што се сметаат себеси овие заразени луѓе. Никогаш не ги сметаа понепоколебливи своите пресуди, своите научни заклучоци, своите морални начела и верувања. Цели села, цели градови и народи се заразуваа и побудалуваа. Сите беа збркани и не се разбираа еден со друг, секој мислеше дека само тој ја знае вистината, па му беше тешко да ги гледа другите, се тупаше по градите, плачеше и си ги кршеше рацете. Не знаеја, кого и како да го судат, не можеа да се согласат, што да сметаат за зло, а што за добро. Не знаеја, кого да го обвинат, а кого да го оправдаат. Луѓето убиваа луѓе во некаква бесмислена омраза. Стануваа луѓе против луѓе, цели

војски, но војските уште при походот почнуваа да се распаѓаат, редовите се растураа, војниците се нафрлаа еден на друг, се бодеа и се сечаа, се гризеа и се јадеа. По градовите по цел ден биеја тапани во знак на тревога: ги повикуваа сите, но кој викаше и зошто викаше, никој не знаеше и сите беа вознемирени и исплашени. Ги оставиле најобичните занаети, бидејќи секој нудеше свои мисли, свои исправки, и не можеа да се согласат; престанаа да ја обработуваат земјата. Понекаде се собираа луѓе, се договараат за нешто, се колнеа дека нема да се разотидат — но веднаш почнуваа нешто сосем друго, од она што го мислеле пред малку, почнуваа да се обвинуваат еден со друг, се тепаа и се колеа. Настануваа пожари, настапи глад. Гинеа сите и сè. Чумата напредуваше и сè повеќе се шириле. На целиов свет успеаја да се спасат само неколку луѓе; тие беа чисти и одбрани, определени да го започнат новиот човечки род и нов живот, да ја обноват и исчистат земјата, но никој никогаш не ги видел тие луѓе, никој не го слушнал нивниот збор и глас.

Раскољников се мачеше поради тоа што бесмисленото бунило толку жално и толку болно му се одзиваше во спомените, што толку долго време не минуваше трагата на тие трескави соништа. Веќе беше втора седмица по Великата недела; деновите беа топли, ведри, пролетни; во затвореничкиот оддел ги отворија прозорците со решетки, под кои се движеше стража. Соња, додека беше болен, само двапати можеше да го посети; секојпат мораше да моли да ѝ дозволат, а тоа беше тешко. Но често доаѓаше во болничкиот двор, под прозорците, особено квечерина, а по некогаш само така, за во дворот да постои некоја минута и барем оддалеку да погледа во прозорците на неговата соба. Еднаш квечерина Раскољников кој веќе беше речиси сосем оздравен, заспа; кога се разбуди, случајно се доближи до прозорецот и во далечината, покрај болничката врата, ја виде Соња. Таа стоеше небаре нешто чека. Како во тој миг нешто да му го боцна срцето; се стресе и набрзина се оддалечи од прозорецот; утредента Соња не дојде, а ни задутредента; тој сфати, дека неспокојно ја очекува. Најпосле, го пуштија од болницата. Кога

дојде во затворот, од затворениците дозна, дека Софија Семјоновна била болна, дека лежела дома и дека не одела никаде.

Многу се вознемири, па испраќаше да се распрашаат за неа. Набргу дозна, дека не е тешко болна. А кога Соња дозна дека тој тагувал по неа и дека бил загрижен поради неа, му испрати белевче, напишано со молив, и му јави дека ѝ е многу полесно, дека само малку настинала. Кога го читаше белевчето, срцето му чукаше силно до болка.

Пак настапи топол, ведар ден. Рано изутрината, во шест часот, тој отиде на работа, на брегот на реката, каде што во сушилницата, имаше ѕидана печка за печење и толчење на алабастер. Таму отидоа само тројца работници. Еден затвореник заедно со стражарот отиде во тврдината по некаков алат; другиот почна да подготвува дрва и да ги реди во печката. Раскољников излезе од сушилницита на брегот, седна на трупците наредени пред сушилницата, и се загледа во широката, пустинска река. Од високиот брег на реката се откриваше широк пејзаж. Откај далечниот спротивен брег се слушаа некакви песни. Таму на недогледната степа, осветлена со сонце, се црнееја номадски шатори, како точки што одвај можеа да се забележат. Таму беше слободата, таму живееја поинакви луѓе, кои воопшто не прилегаа на овдешниве, како таму да запрело и самото време, како уште да не минал векот на Аврам и неговите стада. Раскољников седеше, гледаше и не ги тргнуваше очите; мислата му преминуваше во фантазија; не мислеше за ништо, но го возбудуваше и го мачеше некаква тага.

Наеднаш покрај него се најде Соња. Му пристапи така што не ја слушна, и седна до него. Уште беше многу рано; утринскиот студ уште не беше попуштил. Соња на себе имаше сиромашко старо палтенце и зелена шамија. На лицето уште ѝ се гледаа траги од болеста, тоа беше исушено, бледо, мршаво. Таа му се насмевна љубезно и радосно, и по обичај срамежливо му ја подаде раката.

Таа секогаш срамежливо му ја подаваше раката, а понекогаш и не му ја подаваше, како да се плашеше

дека ќе ја одбие. Раскољников секогаш раката ѝ ја земаше со некакво гадење а напати упорно молчеше сè додека таа беше покрај него. Таа пак понекогаш трепереше пред него и си заминуваше јадосана. Но сега рацете не им се разделуваа; Раскољников бегло ја погледна; ништо не рече и ги спушти очите кон земјата. Беа сами, не ги гледаше никој. Во тоа време стражарот беше вратен.

Раскољников ни самиот не знаеше како се случи, но како нешто наеднаш да го подигна и го фрли пред нозете на Соња. Заплака и почна да ѝ ги гушка колениците. Отпрвин Соња ужасно се уплаши и сето лице ѝ доби мртовечко бледило. Скокна, се растрепери, и се загледа во него. Но веднаш, во истиот миг сфати сè. Во очите ѝ блесна бескрајна среќа; разбра и веќе не се сомневаше дека тој ја сака, бескрајно ја сака и дека најпосле чукнал тој час...

Сакаа да зборуваат, но не можеа. Солзи им светнаа во очите. И двајцата беа бледи и исцрпени, но на тие болни, бледи лица веќе блестеше муграта на обновената иднина, на целосното воскреснување на новиот живот. Ги воскресна љубовта, срцето на едниот содржеше неисцрпни извори на живот за срцето на другиот.

Решија да чекаат и да трпат. Им остануваа уште седум години, а уште колку неподнесливи маки и исто толку бескрајна среќа ќе имаат! Но тој воскресна и го знаеше тоа, го чувствуваше наполно, со сето свое обновено битие, а таа — та таа и живееше само со неговиот живот!

Вечерта кога го заклучија затворот, Раскољников лежеше на штиците и размислуваше за неа. Тој ден дури му се стори дека поинаку го гледаа и сите затвореници, неговите поранешни непријатели. И самиот фати да разговара со нив, а тие му одговараа љубезно. Се сети за тоа, но така требаше и да биде: та нели сега мора да се измени сè?

Размислуваше за неа. Се сети како ја мачеше и ѝ го кинеше срцето постојано; се сети за нејзиното бледо мршаво лиценце; но тие спомени сега речиси и не го мачеа: тој знаеше, со каква бескрајна љубов сега ќе ги откупи сите нејзини страдања.

А и што беа сите тие, с и т е маки на минатото! Сѐ, дури и неговото злосторство, па и осудувањето и прогонството, сега во првиот занес, му изгледаа како некаков надворешен, чуден факт, кој како да не му се случил нему. Впрочем, таа вечер тој не можеше долго и непрестајно да мисли само за едно, да ја концентрира мислата на нешто; всушност, сега не би ни решил нешто свесно; тој само чувствуваше. Наместо дијалектиката дојде животот и во неговата свест мораше да се создаде нешто сосем друго.

Под перницата му лежеше евангелието. Тој го зеде махинално. Таа книга беше нејзина, тоа беше истата книга од која му читаше за воскреснувањето на Лазара. Во почетокот на робијата тој си мислеше дека Соња ќе го измачува со религијата, дека постојано ќе му зборува за евангелието и ќе му носи книги. Но, за големо чудо, таа ни еднаш не прозборува за тоа, ни еднаш не му го понуди евангелието. Тој самиот го побара од неа, кратко време пред да се разболи, и таа молчејќи му ја донесе книгата. Досега не ја имаше ни отворено.

Не ја отвори ни сега, но една мисла му светна во главата: „Зарем може сега нејзините уверувања да не бидат и мои уверувања? Нејзините чувства, нејзините стремежи барем. . . “

И Соња целиот ден беше возбудена, а ноќта пак се разболи. Но толку беше среќна, толку неочекувано среќна, што речиси се уплаши од својата среќа. Седум години, с а м о седум години! На почетокот од својата среќа ним тие седум години им се чинеа како седум дена. Тој и не знаеше дека новиот живот не му се подарува, ами дека мора скапо да го плати, дека мора да го плати со големиот иден подвиг. . .

Но тука веќе започнува нова историја — историјата на постепеното човеково обновување, историјата на неговата постепена преродба, на постепениот премин од еден свет во друг, на запознавање на нова, досега сосем непозната реалност. Тоа би можело да послужи како тема за нов расказ, — а нашиот сегашен расказ е завршен.